СТОЈАНЧЕ АНДОВ

ІС ХС
NI KA



ТИ СИ МИ СЄ

СТОЈАНЧЕ АНДОВ

ТИ СИ МИ СЁ

Скопје, 2022

СО БЛАГОСЛОВ
НА НЕГОВОТО БЛАЖЕНСТВО
АРХИЕПИСКОП ОХРИДСКИ И МАКЕДОНСКИ И НА ЈУСТИНИЈАНА ПРВА
Г.Г СТЕФАН
И
НА НЕГОВОТО ВИСОКОПРЕОСВЕШТЕНСТВО
МИТРОПОЛИТ ПОВАРДАРСКИ **Г. АГАТАНГЕЛ**

ТИ СИ МИ СЕ

ИЗДАВАЧ:
„СВ. ЃОРЃИ ПОЛОШКИ“
ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ
ПРИ ПОВАРДАРСКАТА ЕПАРХИЈА

ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК:
МИТРОПОЛИТ ПОВАРДАРСКИ Г. АГАТАНГЕЛ

АВТОР:
СТОЈАНЧЕ АНДОВ

ЛЕКТОР:
СЛАВЧЕ ПЕЕВ

ДИЗАЈН И КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА:
НИКОЛА ЦИЛАКОВ

НАСЛОВНА КОРИЦА:
Протоереј Петар Перекрестов
(на планината Гарапата, Калифорнија)

ПЕЧАТИ:
„ЕВРОПА`92“ - КОЧАНИ

ТИРАЖ:
1000 ПРИМЕРОЦИ

СТОЈАНЧЕ АНДОВ

ТИ СИ МИ СЁ



СО ЉУБОВ НЕИСКАЖАНА, НО СИЛНО ПОЧУВСТВУВАНА
НА МОЈАТА ВОЗЉУБЕНА СОПРУГА ТЕРЕЗА,
КОЈА МЕ НАУЧИ ШТО Е ЉУБОВ; КОЈА МЕ ТУРКА КОН ХРИСТОС
КАТАДНЕВНО СО НЕЈЗИНОТО НАЈГОЛЕМО ЖЕЛАНИЕ
„ВОДИ МЕ ВО ЦАРСТВОТО НЕБЕСНО".
ИСТО ТАКА И НА НОВОРОДЕНОТО И ЧУДЕСНО
БОЖЈО СОЗДАНИЕ, НАШИОТ СИН ЈОВАН И ЗА НАШИОТ
ПОЧЕТОК НА СОЗДАВАЊЕ СЕМЕЈСТВО КОЕ ШТО ГО НЕМАВ.

†

ОД СРЦЕ ГИ ЉУБАМ, ЗАШТО СЛАТКИОТ ХРИСТОС
ДО ОВОЈ ДЕЛ ОД ЖИВОТОТ МЕ УЧЕШЕ И МЕ ПОДГОТВУВАШЕ
НА ОВАА ЖИВОТНА СЛУЖБА.

Кои се навистина важните прашања во животот...и каде да се обратиме за да ги најдеме одговорите на тие прашања? Дали од тензијата која ја создаваат спротивностите? Или пак, дали ќе добиеме животна лекција од нештата и луѓето кои ни создаваат болка... исто толку силно колку што нè сакаат? Некои луѓе не сакаат да зборуваат за чувствата на другите само за да не ги повредат и да ги поштедат другите. Исто така луѓето не сакаат да зборуваат и да ги споделат и своите чувства, па како би можеле да ги поштедите чувствата на другите со тоа што ќе ги негирате и своите? Сеуште немам одговор на овие прашања. Вистината во оваа мудра мисла е следната: Кога знаеш дека ќе умреш, мора да знаеш и како да живееш.

Ова не е ништо ново за она што Светите отци на црквата го пишуваат во однос на смртта. Знам кој е одговорот на прашањето кои произлегува од сите други прашања. Постојат многу патишта по кои може да се бараме вистината. Јас, одам кај мојот Господ, во Неговата Света Соборна и Апостолска црква, кај Небесната Царица и Неговите избраници, Светиите меѓу кои е и Свети Јован Шангајски и Сан Францискиски.

Знам и дека без Голгота ќе нема Воскресение. Ова е патот што го избрав и го молам Бога да ме уподоби да останам до крај на него бидејќи е вистинскиот. Најпрво и основно е да се простува на сите, потполно сè. Уште веднаш, во овој миг! Немој да чекаш за подоцна да го сториш тоа.

Стојанче Андов се етаблираше во македонската книжевност на многу млада возраст. Имено, своите три поетски збирки: Ќе те славам вечно Господи (2007), Му верувам (2008) и Реки Вавилонски (2010, 2013), тој ги објави уште како ученик во Македонската православна богословија „Свети Климент Охридски“. И иако беше на млада возраст, се покажа дека неговата поезија е многу позрела од неговата кревка младост, па збирките добија позитивен отклик и доживеаја похвална критика од некои од еминентните македонски поети.

Потоа животниот пат го однесе Стојанче на далечниот Северноамерикански континент, за таму да го продолжи своето богословско образование и таму да продолжи да расте во мерата на растот Христов. Затоа тој подолг период не беше објавил ново пишано дело. Но, еве, по подолга пауза, сега веќе зрел и по години и по животен опит, тој повторно ѝ се претставува на нашата читателска публика.

Овој пат, неговото дело не е поетско, туку е прозно. Но, иако тој го менува книжевниот жанр на својот опус, сепак, не го менува она што го вдахновува. Имено, секој што го имал задоволството да се запознае со неговата поезија ќе знае дека Стојанчевата песна е исцело посветена на Бога и на молитвата. Така, оној што ги читал поетските творби на нашиот автор не ќе се изненади дека, еве, и неговиов прозен, или, поскоро, есеистички првенец, насловен Ти си ми сè е исцело посветен на неговиот живот во Црквата Христова, односно на животот за Црквата Христова.

Инаку, книгава по својата содржина е еклектичка. Стојанче во неа нè запознава и со тешкотиите на неговото детство, и со влегувањето во Црквата, и со запишувањето во Богословијата, и со заминувањето на студии во САД, и со

бројните личности коишто одиграле суштинско влијание во неговиот раст, и со бројните посети на православни светилишта, и со неговиот особен молитвен однос кон светиот Јован Шангајски... а ни претставува и негови духовни созерцанија за соочувањето со болката, за нејзиното преобразување во радост, за животот во САД.

Но иако еклектичка по стил и содржина, книгава е исклучително монолитна по својата мисла и смисла. Имено, мислата којашто го води нашиот богослов и поет, односно смислата преку којашто тој живее, се љубовта кон Бога и чувствувањето на изобилието на сеприсутната Божја љубов кон него и кон сиот свет. Знаеме дека во сеќавањето, волно или неволно, ги запазуваме сите наши најголеми стравови и надежи, желби и емоции. И како што вели еден црковен писател, преку меморијата нашето минато и иднина се појавуваат во нашата сегашност! Од книгава на Стојанче гледаме дека сето она на што тој се сеќава во својот млад, но со настани исполнет живот – сè е сврзано со Бога, односно дека минатото на Стојанче е животот во бедрото на Црквата. А знаејќи ја неговата сегашност, пак, знаеме дека и неговата иднина ќе продолжи да биде постојано продлабочување по патот на богољубието, црквољубието и молитвољубието.

Затоа, благословувајќи го издавањето на ова убаво дело, на авторот му посакуваме да продолжи во својата љубов кон пишаното слово и во своето сведочење за Словото, за радост на книгољупците и во слава на Бога.

Скопје, 13.7.2022,

Собор на 12-те апостоли

АРХИЕПИСКОП
ОХРИДСКИ И МАКЕДОНСКИ
СТЕФАН

Секој човек е Божјо создание и како таков порано или подоцна во животот ќе има можност да го спознае својот Творец, да ја види сета Негова убавина, добрина и кротост. А кога вистински ќе го спознае и ќе го прими во срцето свое, таа врска и таа љубов останува за навек, како темел на сето битисување во земниот живот, како прибежиште во неволјата, како насмевка во радоста, како утеха во тагата, како разговор во тишината, како вдахновена насока кон богоугоден живот и како надеж за вечноста.

А кога човекот ќе ја има таа можност уште во своето детство да го запознае и возљуби Христа, неретки се оние случаи тој да тргне по Неговиот пат, та како богослов целиот свој живот да му го посвети Нему, и со мисла, и со знаење и со дела.

А како богослов, кој е длабоко соединет со Христа, тој ќе може да го проповеда Евангелието насекаде и да стане орудие на Божјата милост, и засекогаш ќе се храни со личната молитва и размислувањето за Божјото слово. Тој е повикан пред сè на она основно човечко и духовно смирение, кое ќе му овозможи да биде човек на заедништвото, мисионерското дејствување и дијалогот, способен да троши великодушно и пожртвувано за Божјиот народ, размислувајќи за Господа, Кој го нуди својот живот за другите.

Токму ваквите чувства се тема на ова богоугодно и срдечно раскажување на еден богослов и теолог, кој го всели Бог и Божјата љубов во своето срце уште од своето детство, та во секој момент оттогаш го слави и го шири Словото на Живиот Бог.

Стојанче Андов е човек кого го познавам уште од неговите први чекори во Богословијата во Драчево. Ведар и насмеан лик, непрестајно жеден за нови сознанија за неговата најголема љубов – Бог и целата небесна ерархија, неуморно истражувајќи ја сета Божествена твар, непрестајно пиејќи од животворниот извор на спасоносната наука.

Во книгата „Ти си ми сè", која е негово автобиографско раскажување на досегашниот негов живот, тој во неколку поглавја, и тоа: I дел - Житејское море, II дел - Пресветата Мајка наша Богородица, III дел - Свети Јован Шангајски и Сан-Франциски, IV дел – Образот на мојата душа и V дел – Лични записи и дневник на случувања, зборува и опишува многу настани, личности, места, животни предизвици и животни премрежја кои ги преживеал првенствено и единствено гледајќи го Бога во сите нив и неколебливо потпирајќи се на Неговата света промисла.

Топло Ви ја препорачувам да ја прочитате оваа книга, а истовремено ги повикувам и сите теолози и богослови при читањето на оваа книга да размислат и за своите лични духовни предизвици и поуките кои тие ги доживеале или извлекле од истите да пробаат на ваков или сличен начин да ги остават како поука и наследство на идните генерации македонски богослови, теолози, клирици и мирјани.

МИТРОПОЛИТ ПОВАРДАРСКИ
Г. АГАТАНГЕЛ

ПРЕДГОВОР НА АВТОРОТ

22 Април, Велики Петок,
2002 Лето Господово

Исусе мој сладок и Светлино спасителна,
како во темен гроб се сокри?
О, неискажливо и неизречено трпение.

На овој голем ден кажано е: „молчи устата на Спасителот". Се молчи па дури и природата занемува од страшното событие, од тоа што Синот Божји вчера беше прикован на крстот, а денес оплакуван од својата Света Мајка и погребан од рацете на Јосиф и Никодим. Тоа Негово доброволно понижување, насликан на таа Икона - екстремно смирение уште од дамнина продолжува да ми биде пример за кон што треба да се стремам. Затоа, катадневно легнувајќи и будејќи се од постела, таа икона стои од спротивната страна на креветот за првиот поглед да биде кон Него - црковниот младоженец, Смирениот, Оној кој устата не ја отвори да се брани. Свети Исак Сирин, во својата од векови напишана книга, а многу возљубена во православната црква, во една од своите беседи, вака поучува: „ликот на скромниот и побожен човек, всушност го следи смирението на Возљубениот". И уште повеќе да се разбере ова, светиот отец продолжува: „труди се, тогаш, да го имаш смирението Христово, за да може огнот што Тој го испраќа од Небесата над тебе, уште повеќе да се разгорува".

Уште од рани години, од своите први почетоци во Црквата, една од најомилените теми ми беше, а и ми остана, Страдањата Христови и сè она кое Тој го стори заради нас и нашето спасение. Интересно е да спомнам дека денес немав никаков план да го пишувам ова предговорно слово, но читајќи по една проповед од книгата на св. Исак Сирин секој ден, токму денес темата беше за страданија Христови, а и денот е голем, Велики Петок.

Ете зошто оваа книга ја насловив „Ти си ми сè!" Ако со едно нешто ќе се осмелам да се пофалам, тоа е со можноста и слободната волја да го имам Бога пред себе. Далеку сум од зборот „заслужено", но само преку Неговата милост и благодат сум тој што сум, зашто живееме ли, умираме ли, Господови сме (Рим. 17.8).

Еднаш, господинот Михаил Ренџов ми рече дека „тајни книга еднаш се пишуваат во животот.„ Не е само да се седни и да се пишува, туку да му дадеме место и на срцето да ги излие своите животни тежненија и воскресенија. Оваа Богољубна книга е плодот на мојот живот во Бога. Само заради љубовта кон Него, е осмелувам да бидам храбар за говорам за тој плод зашто не нас, Господи, не нам, туку на Твоето име дај му слава (Пс. 113.9).

Истата е пишувана десет години, од вториот почеток на мојот нов животен чаптер, кога дојдов во САД. Некои текстови се повторуваат од причини што текстовите се пишувани низ време од 10 години. Тешко е да се зборува за себе си, да бидеш автобиограф, мораш да имаш цел, а мојата не е ништо друго освен Бог - Троица Света и Неразделна. Целта во оваа книга е најмалку да ја барам својата слава, туку да го споделам својот живот и живото сведоштво за она кое што Бог го промисли. Тој промислува за секоја индивидуа. Се што треба да сториме е да му веруваме и да оставиме Тој да не води. Како што растам гледам дека, кога својата волја ќе му ја довериме Нему, тогаш чуда се случуваат. За тие чуда ќе прочитате во книгата. Почетокот, првиот дел, го започнав со моите први годони како и овие последниве. Ова да не Ве збунува. Истото го сторив заради следната причина: За да ја разберете во потполност книгата, сите делови во неа, важно да го запознаете мојот живот, од каде дојдов, кој бев, низ што поминав и кој сум денес. Како што спомнав погоре, сета книга е за слава на Бога а мојата единствена цел - за духовна поткрепа на секој оној ко ќе ја чита.

Не можев, а да не сочинам поглавје за Пресветата Богородица, таа чудесна наша Мајка. Често им говорам во своите предавања на американските катехумени: „ако некој знае што е човечка болка, тоа е Богородица". Таа себе си се предаде на служење на Бога; го роди Богочовекот и по нејзиното Успение пак не не остави, туку повеќе време поминува на земјата помагајќи ни. Неколкуте страници во оваа книга сведочат. Има исто така голем дел за св. Јован Шангајски и Сан Франциски. Му благодарам на Бога за Неговите светии, за тие садови Божји кои се застапуваат за нас. За да не повторувам исти нешта, во делот за него ќе прочитате повеќе. Она кое овде ќе го спомнам за него е токму тоа дека јас и предложив брак на мојата мила сопруга пред неговите мошти. Му ветивме ако Бог ни даде син, ќе го крстиме Јован, зашто уверени сме дека малото ќе биде под силно застапништво.

Од срце му благодарам на новоракоположениот отец Емилијан за неговиот труд да се среди оваа книга. Двајцата учевме пет години Богословија во Скопје, а една година бевме и цимери. Кој би помислил после толку години, дека тој ќе ја средува книгата од црковно-теолошка перспектива. Отец Емилијан работеше на истата шест месеци. Во една прилика тој ми тече: „толку ми влезе во умот што со тебе легнувам и со тебе се будам".

Исто така, д.р Катерина Тодоровска многу се потруди за оваа книга да се среди. Неа ја познавам уште од годините во домот. Често ја посетував во нејзината канцеларија во институтот за национална историја. Таа несебично го отвори своето срце за мене и уште од тогаш, кога виде дека уживав во пишувањето, ме поттикнуваше да творам.

Господинот Михаил Ренџов низ годините ме водеше низ реките на поезијата. Често ми велеше: „поезијата не се чита, таа се препрочитува". И уште: "Книгата не се пишува, книгата се издишува." До ден денес силно ги помнам неговите зборови. И откако заминав за САД, тој со неговата сопруга продолжи да прашува за мене и се слушавме преку Скајп. Она што сакам да го споделам овде во врска со оваа книга е следново: кога го прашав дали ќе може да ја види оваа книга и да даде своја критика, Ренџов во тој период не можеше повеќе да чита зашто видот бедно го служеше и чекаше термин за операција. Без размислување се согласи, со тоа што неговата сопруга му ја читаше оваа голема книга. Ова е подвиг и љубов.

Неговото Високопреосвештенство, Митрополитот Повардарски г. Агатангел потврдно и со широко срце во една прилика ми рече: „ајде, јас преку мојата епархија ќе ја издадеме". И не само тоа, туку електронски му ја пратив книгата и за брзо време ја прочита. Тој исто така, ми беше ректор во Богословијата. За оваа неговата пожртвуваност и сите инволвирани во епархијата - Бог да ги спомне.

Понатаму, должност ми е да ги спомнам сите од Бога испратени богоугодни пријатели, духовни мајки, браќа и сестри кои секогаш беа покрај мене, и во добро и во лошо. Таквите се многу. Бог, низ времето на мојот живот додека бев во домот а и денес, ми даде многу несебични срца. Могумина од Вас кои го читате ова, ќе се пронајдете. Таквите, од Бога ми дадени, никогаш нема да ги заборавам и до Второто Доаѓање Христово ќе ги носам во срцето.

Најнапред, со голема почит, сакам да напишам длабоко од своето срце Благодарам на архиепископот на Македонската Православна Црква,

г.г. Стефан. Тој татковски го отвори своето срце за мене уште од моите дванаесет години. Од него научив многу нешта кои се лични, една од најголемите кое што сакам да ги споделам е: „што е тоа безусловна љубов". Само Бог ја знае мојата љубов кон него. Го молам Бога истата да продолжи.

Му благодарам на Бога и го молам за нивно здравје и спасение за неколкуте индивидуи, мои блиски браќа во Христа од САД кои финансиски го подржаа печатењето на оваа книга. Ним, на многаја лета!

Најпосле, сакам да ја спомнам мојата мила, секогаш-насмеана и полна со љубов сопруга Тереза. Таа е врвот на сите чуда, на Божјиот план за мене. Исто така и малото Божјо создание, нашиот син Јован. Пред свадбата, мојот отец ми рече: „создај семејство кое што го немаше." Затоа оваа книга ним им ја посветувам и доживотно и благодарам за љубовта на мојата сопруга зашто овие се нејзините слова: „те сакам толку многу што боли." Нејзината единствена желба е „води ме во Царството Божјо." Ова е љубов од која јас учам. Во книгата пишувам до моментот пред запознавањето на мојата сопруга, периодот кога пловев низ житејското море сам.

И така Господи, денес додека ти како човек лежиш во гробот заради мене, сè е тивко, јас се осмелив да сочинам неколку слова за Тебе, зашто без Тебе јас сум туѓинец на сè што е добро.

Ти благодарам за сè!



СТОЈАНЧЕ АНДОВ

I ДЕЛ
ЖИТЕЙСКОЕ МОРЕ

А родословот на божјиот слуга е голем.

Од Христа, од возљубениот Израил – Јакова,

од Исака преку гората Морија,

и од Авраама и пред потопот од Ное

и пред него сите, назад до Адама од Едем.

Тоа во почетокот беше... Сè стана преку Него

и без Него ништо не стана, што стана (Јован 1,2-3).

ОД УСТАТА НА МЛАДЕНЦИТЕ СИ ПРИМИЛ ПОФАЛБА, ГОСПОДИ!

Меморијата на вековите, втисната во древните селски ѕидови, во ѕидовите на мојата душа и срце, и ете ти куќа – ѕид понекогаш осамен и испустен, ама секој камен досега има сведоштво! Еднаш, една личност, која искрено ме љуби, на роденденот по тело ме поздрави вака: „Убаво го паметам денот кога се роди, бидејќи тој ден беше важен и за мене. Тогаш и јас добив улога во твојот живот. Затоа никогаш нема да го заборавам твојот роденден. Биди ми секогаш среќен!“

Нема поубаво нешто од тоа да се подари топла насмевка, убав збор, трошка љубов, сè со цел да се внесе љубов во човековото срце. Тоа е сушна потреба. Колку и да сум уморен од животот, немам причина, а да не се насмевнувам. Кога го имам Бога – имам сè. Точка. Од моето животно искуство знам дека насмевнувајќи се, дарувајќи љубов, убави зборови, гледаме дека не само што ги исполнуваме другите туку, пред сè, се радуваме и самите себе. Да! Вистина е! Во тој правец го насочувам својот живот и убаво ми е.

Од животот нема да дезертирам како од војна. Нема потреба. Оружјето на верата го имам. Каков сум, таков сум – ќе истраам. Милоста Божја покрива. Не смеам да се плашам, зашто животот е краток за страв, а долг за љубов и храброст. Кој бев тогаш, а кој сум сега? Па добро, промени мора да има. Сè во овој свет тече и сè се менува. Зборувам за материјата, за душата, се разбираме, нели? Најдобро е кога си посветен на себе, во смисла да стануваш подобар, отколку да губиш време со другите и нивните грешки. Тоа не е потребно, а и времето е кратко. Апостолот вели: „Ползувајте го времето оти дните се лукави!“ Кога бев дете, зборував како дете и размислував како дете. Ете, годините го оставија детското, но во душата сум и сакам да останам дете. Сега, на крајот на своите дваесетти години, имам одговор на едно од многуте неодговорени прашања што ги имав. И што? Да, потребно е време за да одговорите. Детето кое од мали нозе ја раскреваше постелнината и ги тресеше ќебињата од тераса. Детето кое не ја знаеше таблицата со множење и делење и често добиваше ќотек за тоа. Тоа исто дете кое не порасна со љубовта на родителите и кое до доцна во животот патеше по таа љубов. Точно е! Тоа бев јас.

Пред некоја година зборував со кумата и ја прашував да ми каже што се случуваше со мене додека бев мал. Во моите детски години, таа ме земаше кај неа на викенд, а јас кутриот бев пресреќен. Таму, баба Нада ќе

ме искапеше, ќе ме облечеше во нови алишта... Еден викенд додека бев кај нив, требаше за на училиште да научам една стихотворба напамет, па ја учев заедно со неа. Таа ми помагаше и за домашни задачи. Неколкупати татко ми ќе дојдеше навечер пијан и сакаше да ме носи дома, а мајка ѝ го бркаше, не му дозволуваше да ме земе.... Ја прашав да ми каже повеќе за она на кое се сеќава за мене и за моето детство додека живеев во Кочани. Таа ми рече:

„Ако сакаш, ќе ти кажам – но, ќе се расплачам."

„Кажи ми, те молам, сакам да знам сè што се случуваше", ѝ реков.

Таа ми кажа еден настан поврзан со мојот 3 или 4 роденден. Кај нив во селото ја подготвувале прославата и сакале да одиме во мојата куќа за да дојдат и другите таму, па да го прослават мојот роденден. Тогаш татко ми бил на пат. Јас сум се фатил за оградата кај нив и сум велел: „Не сакам да ме носите дома, по тоа сам ќе останам таму." Таа, исто така, ми кажа:

„Кога беше мал, не можеше да си го запалиш светлото дома или огнот да си го запалиш, па некако ќе успееше да ни се јавиш. Ние веднаш ги известувавме соседите, или некогаш ќе дојдевме за да ти помогнеме. Исто така, се сеќавам дека плачеше зашто кога имало родителска на училиште, на сите ќе им дошле родителите, а за тебе немало кој да дојде. Еднаш ме замоли јас да дојдам во училиштето и да разговарам со твојата учителка."

„За што разговаравте?", ја прашав?

„Па, таа ми кажа дека си жеден за внимание, љубов... а исто така, како мал на многумина им велеше: 'Ајде биди ми мајка'."

„Навистина така сум говорел?"

„Да, да, говореше."

Кога размислувам на минатото, гледам дека секој настан има своја причина, зошто тоа се случило... Јас растев без љубов од моите родители. Не сум ја почувствувал во голема мера за да ја давам на тој начин, но сепак научив да љубам. Не растев во нормално семејство кое може да им подари љубов на своите деца. Ете, тоа не се случи со мене. Не верувам во судбина. Ако постоеше судбина, тогаш зошто би живеел? Ако судбината ми го формираше животот, зар тогаш треба да имам надеж за нешто? Не, би немал надеж. Зошто би живеел, кога по смртта нема да има ништо? Ете, „судбината" ги тера луѓето да размислуваат во тој правец. Јас верувам во Божјата волја. Во тие години не можев, а и не бев толку умен за да размислувам зошто ми се случуваше сето тоа. Но, морам да кажам дека Бог постојано ме чуваше. Моите се разведоа кога бев мал. Многу добро се сеќавам на некои нешта. Во нашиот крај луѓето велеа дека некој фрлил магија, па затоа целото семејство се растури. Луѓето се преплавени и опседнати со тие окултистички методи на живеење и нормално е дека така и размислуваат. Како и да е, да не „застранувам" од започнатото.

Денеска размислував како, всушност, бев неискажливо малтретиран. Сè започна со разводот на моите родители. Јас имав две и пол години. Мајка ми немаше избор. И таа страдаше од татко ми. Според нејзините сведоштва, еднаш ја малтретирал, ѝ ги слекол сите алишта и ја избркал на улица. Таа се засолнила кај соседите. Се сеќавам дека една вечер тој доведе друга жена, а мене и мајка ми нè избрка на вториот кат. Во врска со разводот, додека уште живеев со него, тој гордо зборуваше како го поткупил судијата за да пресуди да му бидам даден нему. Технички, јас и брат ми, кој сè уште беше бебе, требаше законски да бидеме со мајка ми, ама ете, со таа корупција кај нас, се случи обратното: брат ми кај мајка ми, а јас кај татко ми. Моето детство беше вистински пекол. Многупати пред да си дојдам од училиште, пред да влезам дома, се крстев по патот и го молев Бога татко ми да не ме тепа. Да, токму тоа го правев. Еднаш кога спиев со брат ми, му реков да се заврти на другата страна за да не ме види дека се крстам. Обично се крстев пред да си легнам. Толку знаев. Во тој момент татко ми влезе во собата, ме виде и ми удри шлаканица поради тоа што се прекрстив. И така, по добиената шлаканица, си легнав до брат ми.

Во училиште бев многу слаб ученик. Дома немаше кој да ми покаже како да учам и немав навика за учење. Поради тоа ништо не знаев – бев „смотан". А на сметка на тоа што бев „смотан", добивав и ќотек. Татко ми ќе ми речеше да пресметам колку се 20 + 35, и јас ќе му кажев 60, и така добивав 60 шлаканици. По тоа, ако не знаев, му кажував помалку за да добијам помалку шлаканици. Просто, знаев што ме чекаше. Често добивав ќотек поради неучење, но немаше кој да ми помогне – затоа не учев. Одвреме-навреме мојата кума доаѓаше да ме посети, а понекогаш ме земаше кај неа на викенд. Е... тоа беше празник за мене. Многу се радував. Само дома да не бев. Еднаш додека се возевме во комбе со кумата, ѝ раскажував некои вакви работи, и кутрата почна да плаче. Но, што можеше таа да направи? Ништо. Таа беше тогаш една млада средношколка.

Бев многу немирно дете. Често, повеќе деца си игравме на улица, а мене постојано ми доаѓаа во главата некои идеи. Крадев цреши од соседите, ѕвонев на вратите и бегав, се однесував како типично разгалено дете. Брат ми беше избавен од ова страдание. Тој живееше со баба ми. Се радувам за него што растеше неколку години со мајка ми, а потоа со баба ми. Тој виде што е семејство, додека јас бев оставен на Бога и на себе.

Многупати бегав од дома и спиев во влезови од згради. Се жалев неколкупати во Центарот за социјални работи во Кочани. Тие беа многу корумпирани. До денес, таа правда не излезе на виделина, ама има Господ за сите. Шест-седум пати кога бегав од дома, одев кај нив да се жалам и да барам засолниште. Колку повеќе барав, толку повеќе штета си правев

зашто ќе го викнеа татко ми во канцеларија, а тој ветуваше пред мене и пред социјалниот работник дека нема да ме тепа, но се случуваше обратното. Никогаш не ми излегоа во пресрет. Корумпирани до гуша. На крајот повторно ме враќаа дома. Ме гледаа како да сум едно „детиште" и за нив бев „лажго", и како што реков, ќе го викнеа татко ми и на крај – пак дома. А дома веќе знаев што ме чека. Жестоко тепање и потоа во кревет. Се сеќавам еднаш татко ми буквално ми ги врза рацете горе за корнизот, и пеколот почна. Е тоа беше навистина страшно. Со шипка по „гол газ". Та не да скокав... го премолував и го преколнував да престане... Токму во тоа време, не знам како, но Господ ја испрати мајка ми. Таа дојде и заѕвони на ѕвончето и му рече: „Дај ми го Стојанче", но тој не сакаше и така, ѝ ја затвори вратата, а мене ме стави во кревет да спијам. Колку само солзи тогаш пролеав! Честопати кога ме тепаше, моите извици ги слушаа и соседите, па така една сосетка доаѓаше и го молеше татко ми да не ме тепа. Неколкупати некој од нив викаше полиција. Еднаш, во полиција ми ги сликаа раните од толку што ме гореше со жешка маша, па бев една недела во болница. Сакаа да ме вратат назад и ми рекоа дека ќе испратат полицаец под прозор за да не ме тепа татко ми. Како вчера да беше кога ја слушнав нивната идеја, па почнав да плачам на глас, сиот со страв, и ги молев да не ме враќаат дома. Тогаш две недели ме дадоа во едно семејство над автобуската станица кај баба Блага. Таа ми покажа многу љубов, а кога почнав пак да одам на училиште, доаѓаше со мене зашто се плашев да не наидам на татко ми. По тие две недели, Центарот за социјални работи пак ме врати кај татко ми. Ете, тие и полицијата многу добро знаеја сè што ми правеше татко ми. Колку пати само соседите викаа полиција. Сите беа запознаени со мојот случај, и никој ништо не направи.

Пред некој ден слушнав многу длабоки слова од една жена психолог која работи со Центарот за социјални работи во Лос Анџелес. Зборуваше за невниманието на некои вработени во Центарот при што заради таа нивна негрижа, неколку дечиња беа жртви на насилни родители, и некои од тие чисти души биле претепани, а од тие рани и од тој стрес, се упокоиле. Еве ги нејзините зборови: *„The ultimate evil in this world is knowing what's wrong, seeing what's wrong and looking away when you have power to make difference, is pure evil."*[1] Овие нејзини зборови кристално ја опишуваат „грижата" на Центарот за социјални работи во Кочани.

Татко ми често беше пијан. Едно утро, неколку часа пред да заминам на училиште, тој штотуку заспан и неотрезнет, се разбуди одеднаш и почна да ме тепа, при што ми го помодри окото. Таков заминав на училиште и таму морав да лажам дека сум паднал и сум се повредил, а сите знаеја дека не е

1 Најголемото зло во овој свет е да знаеме што е погрешно, да гледаме што е погрешно и да не направиме апсолутно ништо, иако имаме моќ да смениме сè.

од паѓање, туку од тепање. Во една друга прилика, кога пак планираше да ме гори со маша, додека таа беше во шпоретот за да се загрее, успеав да му избегам пред да почне да ме гори, па трчајќи бос отидов кај мама во селото. Не знам тогаш како издржав да стигнам до неа. Бев сиот задишан, бос низ снегот, плачев и ги молев да не ме враќаат дома. Но, се случи спротивното. Мислам дека дедо ми или мајка ми разговараа со татко ми, а тој пак вети дека сè ќе биде во ред со мене. Така, за да немаат проблеми со него, повторно ме вратија назад со такси. Горе на улицата, пред да заврти на другата улица каде што беше нашата куќа, ми реков на таксистот да запре. Излегов од колата и почнав да трчам на другата страна и спиев каде што ќе најдев место низ градот.

Мојата баба се упокои многу рано, кога јас имав нецели две години, а по разводот на родителите, живеев со татко ми и дедо ми. Дедо ми ги гледаше некои од овие работи, но не можеше ништо да направи. Кутриот, и тој си имаше проблеми со татко ми. Поради тоа, замина во старечки дом, а јас останав сам да живеам со татко ми. Често кога ме тепаше, не беше пијан. Всушност, кога беше пијан, се веселеше, сакаше гласна музика и ме тераше да играме. Па донекаде повеќе сакав да биде пијан – барем немаше да ме тепа. Секогаш знаев: кога беше пијан, за мене нема спиење до рани зори.

Денес, и самиот се прашувам како издржав. Мислам дека ако останев да живеам со него, досега можеби ќе бев жив „уличар", необразован талкач. Еднаш додека учев во основно училиште, добив петка и се радував како мало дете.

Куса дигресија.

Дниве, некаде прочитав: *One of the most important aspects in recovering from trauma, that's abuse trauma, is moving outside of yourself. That is, it's not something about you, it's not something you did. It's something that happened to you.*[2] Ова за мене беше воскресение на моето минато – друг свет кон кој нема потреба и не треба да ја вртам главата. Минатото ќе продолжи да биде дел од мојот живот. Не се бега од сопствената сенка. Тој живот во тие рани години ми ја отвори раната, а што е уште поинтересно, кога бев помал, не ја чувствував. Кога ги навршив своите 27 – 28 години, некако одеднаш и неочекувано за мене, ме удри тој бран, тие рани почнаа да стануваат видливи. Она што не ми даваше да тонам во нив беше тоа што кога ќе дознаеме дека нешто се случува со нас, тогаш препознавајќи, почнуваме да работиме на лекување на тие рани. Лошото е кога ќе нè удри тој бран, а не сме ни свесни од каде дошол и зошто. Јас го имав Бога. Борбата беше тешка и сè уште е, ама ако не беше

2 Еден од најважните аспекти во закрепнувањето од траумата на злоупотреба е, всушност, „да се излезе од сопствената кожа". Тоа не е нешто што ти си го направил или, пак, нешто кое не си можел да го промениш. Траумата е нешто што ти се случило без твоја вина.

верата, длабоко ќе паднев во таа бездна. До ден-денес говорев и ќе говорам дека душата ме боли кога гледам разведени и растурени семејства. Немаат поим колкава рана им нанесуваат на своите деца. Децата многу подоцна ќе почнат да го чувствуваат тоа.

Имам нешто многу длабоко и скриено во себе кое не ми дава да чекорам напред. Простувањето не е вистинско доколку не е сторено од истите длабочини. Многу страдам од таа болка што не пораснав со мајка. Денес, како што напишав погоре, во овие години таа болка како да воскреснува во мене и многу пече. Измешана е со гнев, повреда, изгубена врска, љубов...

Зошто кога зборувам со неа, бргу се лутам? Доаѓам во ситуација во која дури и разговорот со неа ми пречи. Ми пречи тоа што во речиси секоја реченица спомнува „сине". Не ја мразам – далеку од тоа. Но лут сум ѝ поради тоа што не бев во нејзините прегратки како мал. Секојдневно се молам за неа и ја љубам, но никако не можам да го урнам тој ѕид на изгубеното. Ми се чини како сега, на овие години, да почнувам да имам мајка. Нејзиниот мајчински пристап кон мене наидува на отпор. Таа ме знае како мал, додека бев во својот роден крај, а мајка се однесува со мало дете со милување, прегратки и сл. Сега, кога сум возрасен и повторно доаѓаме до врска на мајка и син, таа, знаејќи ме како мал, ме третира на истиот тој начин. Нормално, како и кај сите мајки, јас секогаш за неа ќе бидам „нејзиното малечко".

Ми пречи кога постојано ми вели „сине", а јас не паметам кога последен пат сум ѝ се обратил со зборот „мамо". Едноставно не ми излегува од уста, немам ниту желание за тоа. Стигнав до тој степен да немам чувства кон неа како кон мајка, иако многу ми е тешко во борбата со тие чувства. Не сакам да бидам таков. Многу го молам Бога да го тргне ова од мене. Кога зборувам со неа, бргу се лутам. Пред една недела, се договоривме заедно да го читаме Молебниот канон на Богородица преку телефон. Речиси на секоја грешка ѝ замерував и ѝ се лутев. Немав трпение да го читам и акатистот со неа и ѝ реков дека веќе неможам.

Длабоко во себе имам гнев кон неа за тоа што не пораснав со неа, но во исто време и љубовта, која е посилна од гневот, стои уште подлабоко. Низ сите овие години многу се трудам да ја изнесам надвор, за да ја манифестирам со своите постапки, ама ете, сè уште не можам. Еднаш се допишувавме или разговаравме, не паметам точно. Малку се раскаравме и мајка ми ми напиша: „Знам дека сум кучка голема. Не мораш да ми кажуваш. Ништо немам направено за тебе. Сакам да ти купам нешто за кога ќе ме нема, да речеш дека барем едно нешто имаш од мене. Ако не сум ти дала љубов, барем на нешто да се сеќаваш на мене. Сè што ќе наумиш и помислиш, сè да ти се оствари. Ти си ми најважен. Откако отиде во домот, молам се на Господа најмногу за тебе. За другите овде не толку, зашто се со мене, ама за тебе..."

Искрено, ме нажалија нејзините зборови зашто знам дека не можам да ја обвинувам. А на крајот на краиштата, кој сум, пак, јас да се ставам на местото на Бога и да судам.

Минатата недела многу се мачев. Тоа беше внатрешна борба која секојпат кога ќе започнам да ја водам – губам. Многупати барам одговор за сето ова. Виновен сум јас, никој друг. За што да ја обвинувам неа: за тоа што замина од татко ми, за малтретирањето? За тоа што судот во мојот град ме додели кај него, а пак, татко ми гордо говореше како го потплатил судијата за да живеам со него? Сето ова го знам и не се осмелувам да ја обвинувам, но како телесно битие, уште страдам по изгубениот мајчински збор. Тоа е она кое до денес сè уште ме опседнува. Силно го молам Бог да го тргне тоа од мене, а да ме научи повеќе да љубам. Ако љубовта нема сила да простува, тогаш каква љубов е тоа? Ова ќе го кажам: Потребно е време, за да излечи времето рана. Потребно е време за да реши времето проблем. Љубов на далечина не се гради. Разговорите преку телефон немаат телесни допири, ниту, пак, личен контакт. Да се живее со личноста – тогаш започнуваат уривањето на ѕидот и воскреснувањето на притаената љубов.

Сега, кога сум повозрасен, немам толку гнев како додека бев мал, кога имав лутина, раните не ги гледав. Сега, при крајот на моите дваесетти години, вистината неочекувано ме удри. Сега уште повидливо и појасно ги гледам раните кои мислев дека зараснале. Емоционалноста излезе на површината, фактот што не пораснав со мајка во животот ме направи малку позатворен кон женскиот пол... едноставно почнав во себе да гледам слабости кои требаше уште многу одамна да ги надминам.

Ми остана и старата рана од дамнина до ден-денес: кога ќе видам како некој се тепа со некого и сл., не можам, а да не се вмешам. Добро е тоа што кога си ги знаеме слабостите, можеме да работиме на нив и да ги средиме. Како велат, „секоја дестинација започнува со првиот чекор“, па и „проблемот се решава кога ќе бидеме свесни дека постои проблем“.

Што ги мачи луѓето денес? „Бескрајни се маките на светот“ – рекол еден старец. Сведоци сме на еден сеопшт распад на цели семејства... и возрасни, па и деца. Секој ден моето срце крвави. Повеќето домови се полни со несреќа, неизвесност и напнатост. Според мене, само во семејствата во кои се живее според Бога луѓето се добро. А во другите: едни се разведуваат, втори се во долгови, трети се болни, четврти се несреќни... Народот рекол: „Секоја планина со својата тежина.“

Јас верувам во Божјата волја. Во тие години не можев, а и не бев толку умен за да разберам зошто ми се случуваше сето тоа. Но морам да проговорам дека Бог непрестајно ме чуваше. Денес го знам значењето на зборовите кои народот ги нанижал: „Без татко и мајка ќе проживееш некако,

но без Бога – никако." Сега, од преполнето срце, устата ми зборува. Некои луѓе мислат дека светот е премногу скршен и паднат за да се поправи. Не, не е така. Ако го кршиме, тоа е кршење на индивидуален начин и затоа секогаш се почнува од себеси, а не од другите. На секој од нас нешто му недостига. Јас бев од оние кои трагаа по љубовта, односно, сакав да бидам љубен од своите. Не го добив тоа колку што ми бараше човечкото во мене, па затоа моето срце почна да се умилкува околу другите мајки и татковци во светот. Живото човечко битие копнее да љуби или да биде љубено. Ако крвта го топли телото, тогаш љубовта ги топли срцата човечки.

Понекогаш зад превезот на напишаното се крие вистината. Точно ли е тоа? Ќе речам „да", зашто пишувањето за одредени маки, кои ме мачат, ми носи ослободување. Знам и да бидам неразбран во некои текстови, барем така ми рече една моја драга пријателка кога ми ги прегледуваше текстовите. Кога омарнина ќе го опфати моето тело, односно, повеќе недопирливото – душата – тогаш знам да бидам таков и барам начин да се плиснам.

Јас ја гледам разделбата од овој свет како општа чаша која мора да се испие, па и доколку би бил против тоа. Дали течноста во неа ќе биде горчлива или, пак, блага зависи од мојата животна река. Секој човек си има по некој демон, и никој не може да биде одминат од него. Може кај некого има еден, ама кај други сигурно се во легиони. Сепак, не е мое да осудувам зашто знам дека јас сигурно имам барем еден зад себе. Често знам да бидам брзоплет во своите постапки. Тоа ти е кога старите ни велеа: „Не скокај како прле пред магаре."

Веќе го поминав патот на детството и на прагот сум да го поминам патот како маж. Каков ли е патот на маж во младоста своја без самоувереност во себе, сè уште со остатоци од она детското, понекогаш неодговорен? Затоа молам, Ти крени ме мене неподвижниот од гревови и со молењата на старец Софроније, *и до последното издихание мое не оставај ме да заскитам од светлината на Твоите повеланија.* Според словата на црквоградителот Павле, *сигурно знам дека ни смртта, ни животот, ни ангелите, ни властите, ни сегашноста, ни иднината, ни височината, ни длабочината, ниту, пак, кое било друго создание нема да може да нè оддели од љубовта Божја во Христос Исус, нашиот Господ.* Длабоки, ако не и суштински, се изречените, а сега и запишаните зборови на Кори тен Бом: „Никогаш нема да разбереш дека Христос е сè што ти треба сè додека Христос не ти стане сè што имаш."

Ми се чини дека сè почнува од смирението. А, што е смирението? Се запознаваш кој си. Едноставно е, ама некако тешко ми оди на дело; ако не сакам да се запознаам, тогаш животот, милум или силум, ќе го стори тоа за мене. Назад не се враќаме, туку одиме напред. Тој сопствен живот на

себезапознавање треба да биде проследен со вистинското Богопознание за мене, и самото тоа да претставува „кулминација“ на спознанието. Моите духовни борби и грижи не можат да ме одвојат од Божјата љубов. Може да застранам, но нема одвојување. Тоа би било страшен пад. Да чува Господ од тоа! Убаво рекле старите: „Не слушај гаталец, слушај паталец“. Тогаш личноста најмногу се спознава – преку искуството на падовите. Кој може да ни гарантира какви ќе бидеме до крајот на животот? Затоа, да уживаме во секој миг на мака и радост. Да, тоа е блаженство. Тоа е реалноста на животот.

До овде ги раскажувам овие животни дејствија. Продолжението го знае само Бог. Само Тој, Севишниот, знае какви новости и препреки ќе испрати додека чекорам по скалилото на животот. И силата моја, борбата со лукавиот – повторно само Тој ги знае. Го молам Бога да продолжи да гори огнот на таа божествена љубов всадена и излиена од Него која ќе го осветлува патот. А јас... кога би знаел колку Ти ме љубиш!

ДЕЦА НА БОГА – ДОМСКИ ДЕЦА

Јде уште нешто да дополнам, да си ја отворам душичката зашто тоа ѝ е потребно. Тоа се годините поминати во дом. Детскиот дом „11 Октомври“ се наоѓаше во населбата Капиштец во Скопје. Веднаш зад оваа населба е Водно, елитно место со богати луѓе и деца за кои подоцна ќе зборувам.

Бројот дванаесет има едно длабоко значење за мене. Христос на Неговата дванаесетгодишна возраст остана во храмот и беседеше. Никако не сакам да бидам погрешно разбран дека се споредувам со Него, но Он ни е совршениот образец на кој треба да се огледуваме ние несовршените. Она што сакам да го кажам е дека на дванаесет години отидов во дом и на дванаесет години го запознав Бога, односно, почнав да се црквувам. Јасно се сеќавам – како вчера да се случи – кога од Центарот за социјални работи во Кочани ги комплетираа документите за мене, а во меѓувреме ме дадоа кај една жена да ме причува една недела. Таа жена беше Снежана, истата жена од пред една година кога избегав од дома, од кај татко ми, и спиев на прагот пред еден стан во зградите. Ја запознав една вечер додека таа слегуваше надолу да ја фрли ќесата со ѓубре во контејнер. Тогаш имав единаесет години, а таа ме викна и започна разговор со мене. Откако ѝ раскажав накратко, ме прими во својот стан ме засолни. Утредента, таа се подготвуваше да отиде во едно село за да однесе црвени пиперки и требаше со колата да ме однесе до Центарот за социјални работи. Само што излеговме од станбените згради и тргнавме, колата застана на патот. Како да се расипа. И... не знам од каде и како, ама како што седев на задните седишта, го здогледав татко ми како оди по улицата во наш правец. Ме фати паника и почнав да се тресам. Веднаш ѝ кажав на тетка Снежана дека тој е татко ми. Таа ми рече да легнам и ме покри со пиперките, и така, тој нѐ одмина. Некако фиќото (застава фиќо – стара југословенска кола) пак почна да работи, а таа ме однесе до Центарот. Кај оваа тетка Снежана живеев една недела, пред да ме однесат во дом. Жената ми подари љубов за тоа време. Таа недела бев возбуден знаејќи дека ќе ме однесат во дом. И тетка Снежана се радуваше со мене зашто знаеше низ што поминував. Дојде и тој ден. Прво, немав земено ништо со себе – ни алишта од дома. Кога од Центарот му се јавиле на татко ми, тој не им дал ништо, па така, тетка Снежана ми даде неколку парчиња облека од син ѝ Влатко. Ме испрати со солзи и ми рече дека ќе се видиме во иднина. Патем, тетка Снежана е жената која ми го даде Новиот завет, кој го криев од татко ми. За ова, малку подоцна.

Ме однесоа во домот „11 Октомври“ во Скопје. Бев многу возбуден, но кога стапнав на прагот, се случи пресвртница. Само што влеговме низ вратите, некако ми се стемни предочи. Не знам зошто и како се случи тоа. До денес го паметам. Можеби зашто заминав во друга средина, голем град. Тогаш, таму сè беше големо за мене. Видов како дечиња трчаа наоколу, други сакаа од љубопитност да видат кој сум. Тогашната директорка, Галаба Златкова Гареска, ме пречека и ме однесе во 9-от стан каде што ме запозна со воспитувачката Ирена. Оттогаш започна мојот нов живот. Дотогаш бев сам, но и сега бев оставен на себе и под надзор на Домот. Се случуваа интересни работи.

Беше ноември 2003 година. Уште оттогаш имав некоја животна енергија во себе. Ме запишаа шесто одделение во основното училиште „Кочо Рацин“ во населбата Водно. За кратко време почнав да покажувам одличен успех. Дотогаш не знаев што се петки, а исто така, почнав и сериозно да учам. Мојот интерес за образованието се искачи на повисок степен. Мислам дека уште како мал си ги сфаќав работите сериозно. Никогаш не сакав да се мајтапам или да изигрувам некого. Во тоа основно училиште се школуваа деца на богати родители. Кога живееш на Водно и наоколу, знаеш како е, мора да се биде од „големото добро утро.“ И покрај нив, еве нè и нас, децата од Домот, а за нив бевме „домци“. Често слушав како на некои од децата од Домот им се потсмеваа и им велеа „домци“, „смрдливи“ и сл. Гледаа на нас од високо, и тоа лично мене ме направи малку позатворен за дружба. Некои од нашите деца ќе се степаа со нив, но јас не се тепав. Подобро ми беше да бидам тивок и да си ја гледам работата. Никогаш не изградив другарство таму. Едноставно беше невозможно. Додуша, децата од моето одделение имаа почит кон мене и не ме задеваа толку, освен ако не се скаравме со некои, па ќе ми речеа „домец“. Тоа беше нивното оружје против нас.

Друга пресвртница за мене беше верата во Бога. Ова подетално го опишав во еден од другите текстови. Овде ќе кажам дека таа вера ме носеше на правиот пат и не ми дозволи да застранам. Во Домот имавме облека, топло јадење и сл. Но, едно нешто ми недостасуваше, а ми се чини и на другите. Тоа беше родителската љубов. Можеш да имаш сè, но ако таа љубов не ти е дадена, тогаш на некој начин си надвор од стадото, оставен сам на себе како битие. Во секој стан имавме воспитувачи, но тие дефинитивно не нè гледаа како свои, ниту, пак, ни ја даваа нивната љубов. Јас не паметам дали некогаш мојата воспитувачка ме прегрнала, а кога ќе направев некоја глупост, таму беа да нè искараат и да нè казнуваат. И така, откако почнав да се црквувам, почнав поинаку да ги гледам работите во животот. Еднаш неколку жени од црква се собраа и ми купија Свето писмо, Молитвеник, крст и сребрено ланче со крст, а баба Ангелина ми направи мало кадифено платно како оние кои

се ставаат на престолот во олтар. Нашите шкафчиња имаа пет дела. Едниот од нив го направив како црква, полна си сите работи кои ги добив и неколку икончиња. Покрај тоа, имавме сини коцки, слични на лего-коцки, и од нив го направив Милениумскиот крст во Скопје. Не знам како – сега некој да ме натера, не можам да го направам – ама тогаш идентично го направив и го ставив во мојата мала црква. Од мојот 9-ти стан на крајот од ходникот од бањата се гледаше крстот и често, а особено навечер, оттаму го гледав и му се восхитував. Во Молитвеникот, во вечерните и утринските молитви, има две молитви кон ангелот чувар, и секоја вечер ги читав и обете, не знаејќи дека едната од нив е во утринските молитви.

Додека бев во Домот, почнав да одам на литургија секоја недела. Литургијата во Соборната црква „Св. Климент Охридски" во Скопје започнуваше во осум наутро – што значи, станував рано. Вратите беа заклучени и морав да ги замолувам дежурните воспитувачи да ми отворат. Едно време почнаа да ми прават проблеми. Во неколку наврати, за да отидам во црква, ќе скокнев од втори кат преку покривот. Еднаш, моето одење во црква во неделите стана тема на педагошкиот состанок во Домот. Во емисијата „Тивкиот", која беше снимена пред неколку години, директорката Галаба сподели нешто за кое не знаев детали. „На педагошки, кога разговаравме и ги анализиравме потребите на децата во слободното време и нивните таленти, како што правевме за сите новопримени деца, се утврди дека за детето се грижела некоја тетка во близина каде што живеело во Кочани, а неговото време го поминувало повеќе во црква отколку на кое било друго место. Ние се договоривме како стручен тим да продолжи така. Сите негови желби и потреби во однос на негувањето на она духовното што постои во душата на детето да се исполнуваат. Тоа создаде еден добар однос со тетките во црквата, во Соборниот храм, во црквата 'Света Петка', потоа во 'Свети Јован' каде што е Теолошкиот факултет. Така што тоа тука почна да го шета тој триаголник и создаде добри односи и добри врски. По некое време, се сеќавам беше среда, на педагошки совет, неговото одење во црква беше издигнато на толку високо ниво што и децата малку ги збунија и како точка број еден на педагошки го ставија верувањето на Стојанче во Бога кое негативно се одразувало во самата институција. Јас реков: 'Чекај да видиме, чекор по чекор: детето дојде со такви навики, ние ги негувавме... во што е проблемот?' Проблемот било во тоа што детето имало свој личен олтар изработен од тетките од Соборниот храм и кој секое утро и секоја вечер му служел за читање на своите личи молитви. Тоа не беше проблем; но проблемот беше потребата на самото дете да се изолира, да ги чита молитвите во своето шкафче, да му се обезбеди клуч и сето она што му беше потребно за неговото верување и молење, а сето тоа да не се одразува во самата соба. Ние треба да бидеме среќни кога нашите деца одат во црква

и Му се молат на Бога, а не завршуваат на улица и се дружат со дрога."

Тогаш ми се најде многу директорката која застана на моја страна и некако работите стивнаа. Во деветтиот стан во втората соба по мене донесоа едно дете, домче од Охрид. Се викаше Ахмет и многу сакаше да пее. Такво беше малечко и слатко. Ме гледаше како се молам. Не паметам дали сум го учел или не, но минатата година кога разговаравме и се присетувавме на спомените, тој ми рече вака: „Тогаш бев мал, ама се сеќавам дека ме чуваше од поголемите... и се сеќавам секоја вечер кога ќе ја отвореше Библијата или друга книга за молитви, палеше свеќа, ќе клекневме на колена и ме учеше како да се молам и се молеше за мене. Тоа ми се едни од најубавите спомени. И ден-денес кога не сум на работа, во недела одам на богослужби. Тоа ме смирува однатре и ме прави посреќен, и фала ти на тие убави моменти." Инаку, години подоцна, ова детенце Ахмет стана православен со името Антонио. Душичка дете.

Бевме оставени сами на себе, ама не застранивме од Бога. Не знам како да ја опишам таа преживувачка. Едноставно бевме некако заштитени. Деца како деца, правевме бељи, и тоа е дел од детството. Мене лично, тие бељи ме научија на нешто повозвишено, поисконско.

Еве еден настан кој не се заборава. Имав скоро тринаесет години кога со двајца мои другари од Домот отидовме до една трафика на улицата Партизанска, недалеку од установата. Беше веќе ноќ. Не знам кој ѓавол нè натера, но се договоривме да украдеме чипсови. Тие беа на полица надвор, а продавачот беше внатре. Минувајќи покрај нив, грабнавме по еден и почнавме да бегаме. Додека човекот да излезе од внатре, ние бевме далеку. Тогаш, уште мал, не ја чувствував вината, но тоа ми се врежа во главата и не ме напушташе. По многу години, кога дојдов во САД да студирам, пак се сетив на тоа. Бев втора година на факултет и тоа лето се вратив во Македонија на одмор. Решив да отидам пак до трафиката и да се оддолжам, но трикратно. И така, засрамен отидов таму и од надвор ѝ реков на продавачката:

„Здраво, дали оваа трафика е истата од 2004 година?"

На потврдниот одговор, ја замолив продавачката да излезе надвор и ѝ реков:

„Не знам како да ви кажам, многу ми е срам... пред неколку години јас, со двајца мои другари, од овде украдов чипсови. Многу се извинувам! Еве, земете ги овие петстотини денари за тоа и уште еднаш, извинете", зборував со голем срам.

Жената, не верувајќи што слуша, ми рече:

„Вакво нешто досега не сум ни видела, ни чула. Земи си ги парите. Ти со твојата постапка веќе плати."

А ние, деца како деца, ете и поткраднувавме. Згора на тоа, кога месечно чекавме џепарлак од 365 денари, што попрво да купиме? Не стигаа за ништо. Тоа малку ме направи и позатворен за да имам девојка. Со 365 денари дали попрво да си купам работи за себе или да почестам девојка штогоде во кафе-бар. Тоа ми стана како фрустрација. Јас, слава Му и милост на Бога, одвреме-навреме имав парички, тетките од Соборна ќе ме почестеа, и тоа за мене беше празник.

Една од многуте интересни, но и малку „зелени“ или детски работи беше кога се качувавме по дрвата со цреши на соседите и јадевме колку што ни собираше стомакот. Така, еден ден, јас и Костанда решивме да појдеме сами поканети кај соседите на цреши. Костанда ја донесоа во Домот една година по мене, со помалиот брат и сестра од с. Миравци, Валандовско. Таа беше во мојот стан и во истото одделение. Беше многу повлечена, но кон мене беше отворена и создадовме другарство. Понекогаш, бевме соучесници во „криминал“, како во случајот со „кражбата“ на цреши, па заедно и нè казнуваа.



МАМА ВЕЛИКА

Колку е денес тешко да најдеш пријател, личност која ќе биде секогаш присутна за тебе, ќе те љуби, ќе те разбере во твоето страдање, нема да ти ласка, ќе се радува на твоите успеси како на свое родено чедо. Кога ќе најдеш таква личност, односно, кога милиот и човекољубив Бог ќе ти испрати таква личност, таа ќе ти биде сè во животот, и тогаш треба да се радуваш и да пееш од радост и среќа.

Со сите биди добар, а оној вистинскиот чувај го.

За оваа чудесна, благочестива и жена со кадифена душа има многу да се раскажува, но потребно е да се знае за нејзините богоугодни дела и за нејзината љубов. Нема поголема љубов од онаа да се жртвуваш за својот ближен. Оваа жена ми го даде своето срце и дваесет и четири часа беше достапна за мене. Во неа продолжив да го гледам Христос катадневно. Неговите слова *сврти го срцето кон Мене, а Јас ќе ти дадам сè што ти треба* беа вистинити и се исполнуваа во лицето на мама Велика и нејзиното благословено семејство. До ден-денес, кога ми е тешко, се присетувам на нејзините зборови: „Ќе наврати Господ". Често, многу често ми го велеше тоа, и денес со таа надеж патувам низ бурите на *житејското море*.

Сè започна вака. Кога се запишав во Богословијата, морав од Домот да се преселам во Богословскиот интернат. Такви беа правилата. Во Домот сè уште бев на списокот од децата, зашто во Богословијата само учев, а за време на распустите, каде на друго место да одев ако не во Домот. Друго засолниште немав. Бев тинејџер на 14 години. Пред да завршам III година во Богословијата, имав 17 години. Во четврток, кога имавме излез од Богословскиот интернат, отидов во Домот и што да слушнам, ми се стемни пред очи. Новата директорка, која не беше баш најдобрата и не работеше за интересите на децата, ме извести дека од Центарот за социјални работи им стигнало решение за мене дека морам да излезам од Домот. Наводно, причината била што јас сум живеел во Богословскиот интернат, а не во Домот, па за мене тука напразно се плаќало.

„Но, јас морам да сум таму, зашто такви се правилата. Ако излезам од Домот, нема каде да одам и како да се издржувам", очајно им објаснував. Ништо, сè попусто. Не наидов на никакво разбирање, и длабоко во себе бев растревожен. Патем, обично кога децата излегуваа од Домот по нивното полнолетство, добиваа околу 30.000 денари, за да *застанат на свое нозе*, како што се вели. Мене ни тоа не ми следуваше. Едноставно, целата ситуација беше „мрш оттука да те нема". Истата година, во храмот „Вознесение Христово" во скопско Драчево, каде што ние богословите одевме секоја

недела на литургија, запознав многу верници таму. Бев дружељубив. Еден од тие верници беше баба Слободанка или како што мама Велика ја викаше, баба Ботка, една смирена жена во постари години која секогаш беше меѓу првите во црквата. Се зближивме. Покрај неа, во една прилика, ја запознав мама Велика. Се поздравувавме во неделите по литургијата, но не ја знаев повеќе, додека таа повеќе ме знаеше од кажувањата на баба Ботка. Околу периодот кога требаше да излезам од Домот, мама Велика и чичко Јове се подготвуваа за свадбата на нивниот син Мирко. Еден месец пред свадбата таа ме покани кај нив дома на ручек. Така, формално ги запознав чичко Јове, Мирко, Кате и идната снаа Марија. Не знам од каде и како се случи, но мама Велика, освен на баба Ботка, и мене ми даде покана за свадбата. И двајцата седевме на иста маса. Свадбата заврши и бидејќи беше доцна, на одење таа ми рече: „Ќе останеш кај мене вечерва." Истата вечер останавме до доцна и разговаравме долго. Баба Ботка веќе одамна знаеше дека јас сум од Домот. Тоа беше период кога јас бев загрижен, сè ѝ кажував на баба Ботка која смирено ме слушаше. Утредента, додека спиев, таа ѝ се јавила на мама Велика (двете беа блиски), при што ѝ раскажала сè за мојата ситуација. Буквално сè. Јас станав од кревет, појадував, и баба Ботка ми рече: „Оди веднаш кај Величе, сака да те види." Тоа беше сè. Стигнав кај нив. Чичко Јове работеше во дуќанот, а мама Велика беше дома. Тие живеат во куќа барака, имаат дневна соба и уште две соби: едната за нив и едната за Кате, ќерка им. Мирко живееше од задната страна, одделно. Таа ми рече дека знае сè за мене, дека разговарала со нејзините и едногласно се договориле да ме примат во нивното семејство. По разговорот, мама Велика ми рече да појдам кај чичко Јове до дуќанот. Таму пак, тој ми даде педесет долари да се почестам. Тоа семејство одлучи, без да размислува, да прими дете кое неодамна го запознаа и пак не го знаат доволно. Згора на тоа, немаа вишок соба. Сите мои работи беа во собата на Кате, а јас спиев во дневната. Пред летото, ми стигна решение од Државниот дом да се иселам, но се најдов во домот на мама Велика, по чудесната Божја интервенција и благодарение на баба Ботка. Оттогаш започна мојот живот кај мама Велика и нејзиното семејство. На седумнаесет години почнав да учам што е семејство – тогаш научив дека во семејството се смееме, се караме, се дружиме итн.

Кога се снимаше емисијата „Тивкиот", и таа беше повикана да биде дел од неа. Се сеќавам дојде од работа во Градскиот парк во Скопје. Пред да започне да зборува, заминав подалеку зашто знаев дека ќе почне да плаче – и токму тоа и се случи. Еве ги нејзините искрени и чисти зборови, изговорени длабоко од нејзиното срце:

Јас го запознав Стојанче во нашата црква во Драчево, која е посветена на „Свети Спас (Вознесение Христово)“, како еден од учениците од Богословијата. Верничките, кои постојано доаѓаат во црквата, го имаа веќе запознаено како дете кое живее во Домот за деца без родители и кое учи во Средното богословско уличиште. Ми кажаа дека имал промоција на книга, па дури бев и поканета да одам заедно со нив. Меѓутоа имав некои неодложни обврски и навистина не стигнав да отидам. До денеска жалам што не успеав да отидам на таа промоција, на неговата прва книга. Потоа го запознав, разговарав кратко со него и го прашав дали има семејство, родители, зошто не живее со родителите и зошто е во Домот за деца без родители. Накратко го запознав неговиот живот. Ме изненади со каква зрелост ги кажува работите и уште повеќе ме изненади што не беше гневен на неговите родители. Напротив, се чувствуваше виновен, грешен во однос на нив дека не работи доволно на нивното просветлување и затоа што не се семејство. Кога дојдов дома, им кажав на моите со какво дете сум се запознала. Сите беа трогнати. Им реков дека сакам да го повикам на ручек кај нас да нѐ запознае сите. Сите се согласија едногласно: и синот, и ќерката, и мојот сопруг. Го викнавме кај нас на ручек. Знам дека беше посно и имавме некое посно јадење. За него тоа не е спорно бидејќи тој учи во Богословија, ја сака верата и пости редовно. Се запознавме и сите го прифативме. Потоа имавме свадба на синот и го поканивме. Дојде, беше многу среќен. И се шегувавме на таа тема. Му рековме кога ќе се жени, и за него истото ќе го направиме. Потоа почна да доаѓа почесто кај нас во деновите кога имаше излез, а кога ја заврши третата година, дојде и ги донесе сите работи кај нас зашто во тоа време Домот му откажа престој и му рекоа дека може да се врати назад во семејството кај неговите родители, односно, кај татко му. Тој, се разбира, не можеше да се врати таму бидејќи врската била прекината подолго време, без разлика што постојано ги бараше. Не можам, а да не ви кажам дека постојано ги бара. Практично се грижи за нив, како тој да е повозрасен од нив. Сака да знае како се, се моли за нив постојано и, исто така, комуницира со брат му. Го помага кога може. А ние живееме во една мала барака која е presидана. Има шеесет квадрати. Го примивме кај нас бидејќи немаше каде да оди. Штом ќе се распуштеа, не можеше веќе да биде во Интернатот. Отидов со колата, ги собравме сите негови работи и дојдовме дома. Направивме малку ред, направивме уште еден орман и ги собравме сите работи. Целото лето го помина кај нас. Малку по манастирите, малку со другарите, во Охрид и така. Во еден период кога требаше да се врати назад во училиште, најчудно од сѐ му беше дека нема да мора да ги носи сите работи со него назад. Дури ме праша зачудено:

„Мама Велика, дали јас навистина не треба да ги носам сите работи со мене?“ Му реков: „Не, Стојанче. Остави ги тука и можеш да дојдеш кога сакаш. Тука ти е дома. Можеш да си ги вршиш сите работи и сè што е потребно. Ние сме тука за тебе.“ И беше среќен во нашето семејство. Тогаш, всушност, почна да го учи редот како се живее во семејство. Дека понекогаш семејството е поттик, понекогаш е пречка, понекогаш... сите работи што го следат семејството. Мислам дека колку што ние му се најдовме на Стојанче, толку и тој нам ни се најде. Затоа што едноставно тој е пример како може да се живее со Божјата благодат и љубов. Честопати сум размислувала, а размислуваше и тој: „Како се случи да дојдам во вашето семејство?“ Не знам, мислам дека тоа е пак со Божја помош затоа што патиштата на Господ се чудни, непредвидливи.

Кога ја запознав во Драчево мама Велика, таа душа жена, ја почувствував таа нејзина љубов, како вистинска мајка. Тешко ми е да ја опишам таа љубов во тие три години. Едноставно, Бог ми ја прати. Не знам како и зошто, но мама Велика ми ја даде својата целосна љубов. Немаше ден пред да излезам од дома да отидам некаде, а таа да не ме прашаше: „Имаш ли доволна пари?“ Едноставно, не ме оставаше без ништо. Веќе бев голем за да се разгалувам со таква љубов, но мама Велика ми даде друга и поважна љубов. Втората и третата книга ја издадов со нејзина помош, и таа ми бараше донации за нив. Во IV година ме фати вирус и се разболев. Таа во десет навечер отиде да ми купи лекови и ми ги донесе во училишниот интернат. Кога ја завршив Богословијата, таа ми приреди матурска прослава со гости и подготви најубави јадења, а пред да заминам за САД, чичко Јове ми даде пари за авионскиот билет. И уште нешто... Летото кога бев во САД, се вратив една седмица по започнувањето на училишната година. Тогаш требаше да бидам V година – последна. Поради тоа, ректорот ме избрка од Богословијата. Се вратив назад во Македонија, знаејќи дека таа година нема да учам. Во меѓувреме, мама Велика била во Архиепископијата за да разговара со архиепископот за мојата ситуација. Се сретнала со секретарот на Кабинетот на архиепископот и во плач го молела да ме вратат. Една недела подоцна, на синодска седница се зборувало за мене, при што се одлучило да го продолжам школувањето.

Кате, нејзината ќерка, замина за САД по една година. Всушност неа повеќе ја запознав лично кога и јас дојдов во САД. Откако таа замина, јас ја наследив нејзината соба и стана моја, а една година подоцна и јас заминав за САД. До ден-денес сите дома се шегуваме вака: *„Ако некој сака да отиде за САД, нека поживее во собата на Кате, и ќе замине.“* Таа соба беше како благослов. Подоцна, таа се омажи во Чикаго за наш иселеник, Драган – и двајцата се знаеле уште од средно училиште. Денес имаат две златни дечиња. Кога првпат ги посетив, што сè не направија за мене: ме изнашетаа,

ме носеа во луксузни ресторани, ми купија патики *најк* кои со години ги имав и што уште не. Секогаш кога одам натаму, останувам кај нив. Кате некогаш ми вели: „Столе, ти си наш и знаеш дека вратата секогаш ти е отворена." До денес како сестра ќе ме искара, ќе ме поучи, ме сака и ми дава поддршка. Во една прилика Кате му покажувала на својот син Стефан каде живеам во Калифорнија и му раскажувала за мојот живот, велејќи му:

„Еве, гледај на какво место живее Столе во Калифорнија: на сонце, крај океан, планини...не е како кај нас ладно и зима."

А Стефан, уште детенце на осум години, вака ѝ рекол:

„Мамо, целиот негов живот бил тежок, ама затоа сега му е убаво. Господ му дал."

Децата честопати изненадуваат со нивните набљудувања и изјави.

Гаго, нејзиниот сопруг, исто така, целосно ме прифати и е многу добар со мене. И тој се грижи секогаш да сум „стокмен" и да имам сè кога сум кај нив.

Да се вратам на Мама Велика.

Во 2015, кога завршив факултетот во Њујорк, морав да се отселам од таму, а како и секогаш, имав купишта работи. Беше невозможно сè да однесам со мене во Калифорнија, а и не ми требаше сè, особено зимските алишта, зашто овде нема зима. Речиси сите работи ги оставив во Чикаго кај Кате, каде што се и до ден-денес. И така, без некој план, како што кај мама Велика ми стоеја работите, сега во САД ми стојат кај Кате. Сега, кога сум во САД, ми пишува: „Како си? Дали се среќен? Ти треба ли нешто? Многу ми недостасуваш. Ми фали да муабетиме, да се молиме заедно. Се надевам дека Господ ќе ти ги отвори сите патишта."

Ах, што да кажам. Постојано те носам во срцето и еден ден ќе умрам со тоа. Ти имаш посебно место во него. Тоа Бог го знае.

Според една македонска приказна, таткото му рекол на својот син: *„Слушај, синко! Многу е убаво каде и да одиш, да имаш по една куќа." Синот се замислил. „Што ми зборуваш, бре, татко, имам ли јас толку пари да купувам куќи секаде каде што ќе појдам?" Таткото му одговорил: „Ќе имаш, ќе ти даде Господ, само биди кроток, мудар... биди богољубец и човекољубец и ќе имаш сè." Таткото се упокоил, синот се оженил, создал семејство, пријатели насекаде и пред крајот на својот живот им рекол на своите деца: „Деца мои, јас сум богат човек. Секаде имам куќи, секаде имам пријатели. Кога ми зборуваше мојот татко, не сфатив што значи да имаш секаде куќи, а тоа ти било секаде да имаш искрени пријатели, каде што ќе можеш да појдеш, и секаде да се чувствуваш како дома."*

Наравоучение: Богат е оној што го има Бога. Штом го имаш Бога, имаш сè! А како ќе го имаш Бога ако ги немаш ближните? Ближен, ближен, ближен до Бога. Тој е патот.

ОТЕЦ ТАДЕЈ

Чудесно одлетува времето. Ние одиме напред, иако знаеме дека и таму мора да има крај. Сѐ во овој свет има свој почеток и крај. Ние луѓето сме родени, живееме и ќе умреме во времето, за идниот живот.

Попладнево работев максимално за да си заработам некоја паричка, зашто овде ако сам не си работиш, некој нема да ти отвори врата. Згора на тоа, апостол Павле напиша: *Кој не сака да работи, и нека не јаде.* Најмногу знаеме да цениме кога лебот го заработуваме со сопствен труд. Тогаш ни е најсладок – барем мене ми е.

Ете, и оваа 2020 година дојде празникот роденденот на Христовата Црква. Утре е Педесетница, голем празник, голем ден. Денеска одлучив да одам на вечерна служба во црква. На полуостровот Монтере никогаш не е жешко бидејќи океанскиот ветар носи свежина. Храмот се наоѓа во долината каде што е малото калифорниско гратче Фелтон, во планините Санта Круз, северно од Кармел каде што живеам. Истиот храм одамна бил голема штала, а денес е голем прекрасен храм, а до храмот возам од педесет минути до еден час. Храмот е посветен на свети Лаврентиј, светител кој бил ѓакон и маченички пострадал во Рим за Христа. Кога жив го запалиле, тој говорел: *„Ништо не може да ме оддели од Христовата љубов.“*

Некако неописливо чувство негувам во себе кога сум таму. Прво, ме потсетува на нашите домашни цркви, на оние во кои јас се воцрковував пред да дојдам во САД. Се гледа и се чувствува православниот дух, дури и помеѓу верниците. А тие, речиси осумдесет проценти се новопокрстени (converts). Искрени и гостољубиви верници, сами ми приоѓаа да се запознаеме, а веќе следната недела се прегрнувавме. Ах, колку ли ми недостигаше тој православен дух. Секој храм Божји за мене е посебен, но во неколку од нив се чувствувам како во свој дом.

Првиот е Катедралниот храм во Сан Франциско, посветен на чудотворната икона на Пресвета Богородица – Радост на сите нажалени, а сега и овој во Фелтон, „Свети Лаврентиј“. Бог им дал прекрасен свештеник, отец Тадеј, кој е на средината од своите четириесетти години, со светло лице и брада речиси до половината. Благопријатен, смирен и традиционален. Кога станува збор за за верата, не прави компромис, а неговите проповеди се посебни. Кога проповеда, едноставен е, се спушта на ниво на верниците, а знае и да нѐ насмее.

Имав домашна црква во Монтере, но во последните три месеци откако се појави вирусот Ковид 19, речиси сите храмови ги затворија, односно,

служеа зад затворени врати. Многу се разочарав од одлуката на архиереите овде и бев лут бидејќи литургијата ја чувствувам како духовна храна. Кога веќе сè почнаа да затвораат, една верничка ми кажа дека во „Свети Лаврентиј" сè уште служат литургии, па следната недела заминав таму. Таа недела отец Тадеј рече во проповедта дека ќе продолжат да служат сè додека не дојде наредба од локалните власти да ги затворат вратите на храмот. За несреќа, се случи токму тоа. Сето тоа беше за време на Великиот пост. По таа недела, во четвртокот беше Благовештение, и јас, следејќи го нивниот календар со богослужби, планирав да возам до таму и да одам на литургија, која требаше да се служи во седум навечер. Требаше да биде вечерна со литургијата на свети Јован Златоуст. Но, мојата пријателка верничка ми пиша дека дошла полиција во храмот и му рекле на отецот дека не смеат веќе да пуштаат луѓе. Но, знаејќи го времето кога ќе почне литургијата, влегов во автомобилот и возев до Фелтон. Претходниот ден му пишав на отец Тадеј, но тој не ја видел пораката. Стигнав до храмот, и портата беше затворена, ја паркирав колата и гледав на сите страни, некој однадвор да не ме види, а потоа се прекачив преку портата и отидов до храмот. Вратите беа заклучени, и отидов од десната страна, покрај прозорецот каде што беше хорот. Прозорецот беше отворен и одлично се слушаше литургијата. Така однадвор ја ислушав литургијата. Тагував за тоа до каде стигнавме да не можеме да одиме во црква, но во исто време се радував што и таа литургија не ја пропуштив. По нејзиното завршување, пак прескокнав преку капијата, се влегов во колата и се вратив дома. Истата вечер, околу единаесет на полноќ, отец Тадеј ми одговори на пораката:

„Стојан, јави се во канцеларија, каде што ќе се запишеш, да те стават на списокот за следење на службите преку интернет. За жал, од канцеларијата на локалниот полициски шериф ни рекоа дека мораме само вака – преку интернет. Се надеваме дека ова ќе се смени наскоро."

„Отец", почнав да му пишувам. „Има ли некаква можност да дојдам в недела и за време на страсната седмица? Сакам нешто да ти исповедам. Денес бев таму под прозорецот, на колена, и ја следев службата. Прости ми, но морав да го направам тоа."

„Господ да те благослови!"

„Отец, не знаете колку ми е тешко."

„Стојан, ако знаев дека си бил овде, ќе ти ја отворевме вратата."

„Отец, не сакав да бидам товар или, пак, да ви наштетам. Навистина се чувствувам убаво кога сум таму, во црквата. За следната недела планирам пак да дојдам под прозорот."

„Потсети ме еден ден претходно и ќе ти отворам."

„Од срце ти благодарам, отец. Не морам да ти кажам колку сум радосен за оваа можност. Јас не пропуштам неделни литургии."

„Ти си добар човек. Ќе бидеме во контакт", ми одговори.

И така, мојата мала исповед на отец Тадеј ми ги отвори вратите да можам секоја недела да одам таму на литургија. Од сите негови парохјани, тој се жртвуваше за мене и ми даде можност да не ги пропуштам неделните литургии.

Во почетокот бевме околу дваесетмина, со хорот и во олтарот. Додека храмовите во Америка без затворени, Бог не ме лиши од мојата духовна храна и вода – литургијата. Како што минуваше времето, почнаа повеќе верници да доаѓаат на литургија. Еднаш отец Тадеј ми рече во врска со ова:

„Јас нема да им кажувам на парохјаните да доаѓаат, но исто така, ако дојдат, немам право да им ги затворам црковните врати. Зошто да се плашите од властите? Во краен случај, можат да нè казнат со паричка казна од 1000 долари. Ќе им платиме и готово."

Така, секоја недела учев по нешто од неговите проповеди. Секогаш ги поврзуваше беседите со актуелните случувања во светот. Често говореше да не се плашиме, зашто стравот е од лукавиот. Секако, треба да ги почитуваме властите, но никој не смее да ни го забрани она што ни е свето, и за тоа ќе се бориме. Во третата недела по Пасха, посветена на Мироносците, отец Тадеј рече:

Денеска, толку многу информации на интернет ни ги бомбардираат мозоците. Се плашите? Од што? Сега, во ова време, многумина од христијаните се храбрат и ревнуваат во верата до тој степен што ако христијанството го направат нелегално, ќе излезат на улица да протестираат, дури и ако треба да бидат убиени или затворени во затвор поради верата, а од друга страна се плашат да дојдат во црква на богослужба зашто ќе добијат казна ако ги фати полицијата. Кој парадокс! Ете каде е проблемот. Да се поучиме од жените мироносици чиј спомен денеска го славиме. Тие рано наутро понесоа мириси и отидоа на гробот, не знаејќи како ќе реагираат чуварите, ниту, пак, како ќе го одвалат огромниот камен на гробот. Храбро заминаа без да мислат дали ќе бидат убиени или како ќе бидат пресретнати таму од стражарите. Треба да го сакаме повеќе Бога отколку што се плашиме од надлежните. Домот е онаму каде што е срцето. Кога го имаме Христа во себе, имаме мир. Како што рече Тој: „Јас ви давам мир не како што ви дава светот."

Како човек да не се насладува кога го слуша ова? Толку просто раскажува и поучува што не можеш, а да не разбереш, освен ако со сила не си ги затвораш ушите. За време на оваа пандемија, многу нешта научив од отец Тадеј. Разбрав колку само стравот може да нè зароби и да нè турне

во зандани. Понекогаш своеволно одлучуваме да ги затвориме очите зашто така ни е подобро и поубаво.

Да ги исклучиме нашите мозоци од дневните информации кои нè полудуваат, проповедаше отец Тадеј. *Самите си дозволуваме тие луѓе да влезат во нашите животи, со тие ијладници информации, и потоа се прашуваме зошто сме се растроиле и сме под стрес. Е па, ќе бидеме. Тоа се искушенијата на мисловниот живот. Треба да ги тргнеме тие облаци далеку од нас. Друга работа: Кога одиме во духовна битка, чудно ни е зошто има битка. Зошто сме изненадени? Секогаш има духовна битка и треба да ја очекуваме. Свети Никодим Атонски пишува дека христијанскиот повик е да се биде војник. Во листата на нашите секојдневни задолженија и обврски прво треба да му дадеме приоритет на Христа, како прво нешто во сè што чиниме. За сè треба да имаме христоцентричен пристап. Само така ќе имаме соодветно расудување. Христос дојде на свет да донесе мир и Тој знаеше дека мирот ќе создаде поделби, затоа што многу луѓе не можат да ја поднесат вистината. Мораме да одлучиме на чија страна ќе застанеме. Не можеме да бидеме на двете, зашто тоа ќе нè уништи. За доброто да биде перфектно, тоа треба да биде пронајдено и прифатено. Сè што е добро прво треба да биде пронајдено, да биде добро и потоа перфектно.*

Секој празник носи радост. Благодатта е една, но ми се чини дека радоста на секој празник е уникатна. Така и вечерва. Таква радост ми го згреа срцето. Кога сум на богослужба, се чувствувам како да сум слободен и заштитен. Чудесни се тие доживувања. Секој чин на она што се случува на богослужбите има свое значење и ти ја доближува душата до Бога. Седнав на своето место од десната страна. Со старообредната бројаница во левата рака, се стуткав до столбот и се насладував на вечерната богослужба. По завршувањето, сите ги целивавме светите икони, некои се поздравуваа, си разговараа и полека си заминуваа. Јас останав докрај зашто го чекав отецот за да го прашам нешто.

„Отец Тадеј, отсекогаш сакав да најдам некој кој ќе ме разбере, почнувајќи од моето минато, од каде доаѓам, низ што поминав и кој сум денес со своите слабости и гревови. Овде во САД досега, исповедај се кај овој отец, кај оној... и не најдов некој кој ќе ме ислуша, ќе ме разбере и кај кого секогаш ќе можам да плачам и да се потпрам на нечие рамо. Не дека тие се лоши свештеници, туку секој од нас има некој со кој слободно може да разговара. Сакам да те прашам дали ќе имате време за мене наскоро да седнеме и да разговараме?“

„Знам, Стојан, те разбирам. Кога бев помлад, и јас, исто така, не можев со секого да разговарам. Убаво е да најдеме некој на кој ќе се навикнеме и целосно ќе му се отвориме. Јас сум овде за тебе. Ајде да договориме ден и време и да го сториме тоа!“

ПЕДЕСЕТНИЦА

Не е достојно да се говори за празничната вечерна, а да не се спомне литургијата. Потребно е да се нанижат слова и за неа. Среќен роденден, Црквo Христова! Колку чудесен ден. Каква тивка радост, кога пред две илјади години стана најголема во светот зашто семето беше посеано на плодна почва. Христос ја исполни Својата мисија, Својот Домострој, а Светиот Дух слезе меѓу Апостолите. Таа тишина не можела да остане тивка, бидејќи луѓето, кои биле околу, виделе и чуле дека нешто необично се случува. Тоа било способност да се зборува и да се биде разбран на својот јазик.

Во однос на тоа, се сетив на случајот со свети Порфириј и жената од Франција. Таа дошла да разговара со него за одредени духовни прашања. Арно ама, свети Порфириј не зборувал француски, ниту, пак, жената грчки. Посредник им бил една калуѓерка која зборувала француски. По некое време зборување и преведување, светиот старец ѝ рекол на монахињата:

„Доста е. Ја разбирам што говори."

„Ја разбираш неа!?", зачудено го прашала. „Старче, вие зборувате француски."

„Не, не зборувам."

Тогаш монахињата ја прашала жената:

„Вие зборувате грчки?"

„Не", ѝ одговорила таа. „Но, го разбирам кога ми зборува."

Тогаш монахињата се свртила кон свети Порфириј и почнала да му зборува:

„Но отец..."

„Шшшшш...", ѝ вратил тој.

Ете уште една Педесетница. Бог убаво ни вели: „Сврти го срцето кон Мене, а Јас ќе ти дадам сè што ти треба", ама ајде, де, кој да слуша. Кога сиот наш живот Нему би му го предале, тогаш ќе ја почувствуваме таа радост на излевањето на Светиот Дух. Нормално, не како што тоа го примија Апостолите, зашто за нив уште од Стариот завет се пророкуваше, за излевањето на Светиот Дух. Како што свеќата не може да гори без оган, ни човекот не може да живее без благодатта на Светиот Дух. Убаво напишал Ф. М. Достоевски: „... И ако би ми докажале дека вистината е надвор од Христа, јас би останал со Христа надвор од вистината". Не попусто е наречен Тринаесетти Апостол од светската книжевност.

Да грешиш значи да ја промашиш целта, да излезеш надвор од патот, да скршнеш, да се оскверниш, да погрешиш... без разлика на тоа дали дејството си го избрал свесно или волно или си дејствувал со некоја цел, и без разлика дали личноста слободно или целосно погрешила. Која е разликата меѓу покајание и раскајание? Покајанието доаѓа искрено од себе, од душата и срцето, а раскајанието е само обично „извини" (sorry) – без искрено покајание. Интересно, зар не?

А, верата? Верата е дар Божји, дело на Светиот Дух, Духот на Вистината кој е насекаде и се исполнува. Верата не може да се научи, ниту да се стекне од книги. Мораме да ги убедиме маловерните да се молат со зборовите: „Подари ми вера."

И така, како и секоја недела, станав рано за да се подготвам, зашто имав еден час возење. Последните неколку недели одев заедно со Мич, младо момче Американец од државата Орегон. Тој е во војска, а овде во Монтере има голема база со едукативен центар за разни јазици, и го пратиле овде да учи еврејски. Кутриот, не го слушнал алармот и се успал, а јас чекај, чекај, му звонам, не се јавува, и сам се качив во колата и почнав да возам. Овој пат имав време и не возев осумдесет како вчера. Кога стигнав во црквата, утрената беше при крај, се пееја Хвалитните стихири. На средината на храмот беше поставен крштален куполник, голем колку да собере цел човек да се потопи од глава до петици. Така прават овде кога крштеваат – те потопуваат цел, што го симболизира Христос во гробот, како и тоа дека ги оставаш старите гревови и излегуваш жив, новоизмиен. Се чувствуваше таа празнична радост. Како по обичај, се поклонив и ги целивав иконите. По великото славословие, отец Тадеј, заедно до отците, ѓаконите и прислужниците излегоа на средината на храмот, пред крштелниот куполник со Светото Евангелие и започна светата литургија. Ѓаконот почна:

„Благослови, Владико!"

Отец Тадеј:

„Благословено е Царството на Отецот и Синот и Светиот Дух, сега и секогаш и во сите векови."

Долго *амин* испеа хорот, и почна земната литургија. Крштевката се случи за време на литургијата, на почетокот. Тоа е ранохристијанска традиција каде што Светите Тајни се служеле за време на литургијата. Дури и јас, како семинарист, досега немав можност да го видам и доживеам тоа, сè до тоа утро на Педесетница. Крстија новороденче, жена Американка, која била протестант, а нејзиниот сопруг беше само миропомазан зашто тој бил крстен во православна црква, но низ годините заминал од неа во протестантска и сега пак се враќа во лоното на Христовата Црква. Во овој храм „Свети Лаврентиј", осумдесет проценти од мирјаните имаат протестантско потекло. Упокоениот

татко на отец Тадеј, кој бил свештеник во овој храм, во осумдесеттите бил евангелски бискуп, и целата неговата заедница, до две илјади христијани, го примаат православието. Интересно, нели?

И така, отец Тадеј ги покрсти и ги миропомаза со печатот од *Дарот на Светиот Дух*. Кога тој го изговараше овој возглас, народот одговараше: *Печатот*. Понекогаш ми се чини дека во неправославна земја видов суштинско православие, во смисла на детали кои во православните земји не се практикуваат.

„Како досега го немав видено ова и не го знаев?", се прашував.

Секоја молитва се читаше до последната буква и до секој детал. Е па, алал да им е на трудот и ревноста која ја имаат. Понатаму, кога дојде време да се пее *Вие кои во Христа се крстивте, во Христа се облековте*, новокрстените со кумовите почнаа да кружат трипати околу купелот на чело со отец Тадеј, кој високо го држеше бронзениот голем крст. Колку прекрасен момент. Стануваш дел од литургијата каде што не само што стоиш и се молиш, туку видливо учествуваш во неа. Тоа е благослов. По кружењето, отците заминаа во олтарот, а литургијата продолжи. Се прочита Апостолот и дојде редот за Евангелието.

„Ќе се чита од Светото Евангелие според Јован, возгласи ѓаконот и почна: 'А во последниот голем ден од празникот застана Исус и извика: *Кој е жеден нека дојде кај Мене да пие! Кој верува во Мене, како што е речено во Писмото, од неговата утроба ќе потечат реки од жива вода.* А ова Тој го рече за Духот Кого ќе Го примат оние кои веруваат во Него...'"

Некако овие поучни евангелски слова така ми се вградија во главата што ми доаѓаше да извикам на силен глас: „Те сакам, Господи, многу Те сакам!" Едноставно така ми доаѓаше од душата и ме обзеде необично чувство – чувство на надеж, на нешто кое ќе дојде по овој живот. Тој е оној вечниот кон кој сите копнееме. По завршувањето на евангелското чтение, дојде време за проповед. Сите, како што стоеја, седнаа на тепихот како да се во свој дом, раслабнати и релаксирани, а отец Тадеј започна:

„Во името на Отецот и Синот и Светиот Дух! Среќен роденден", со насмевка почна отецот да говори. „Како православни христијани, повикани сме да бидеме светлина во светот. Ова не е вера на умот, туку вера на срцето. Да не ја забораваме молитвата. Јас како јас, сум зборлив", се потсмевнуваше отецот. „И еднаш на исповед кај еден атонски отец, зборував и зборував. Тој ме потчукна по рамото и ми рече: 'Ти само моли се повеќе.' Отпрво некако се разочарав од неговиот одговор, но потоа согледав дека навистина треба повеќе да се молам. Ние ја разбираме важноста на молитвата зашто знаеме колку е тешко таа да се постигне."

Нормално, ова не е целата проповед зашто не сум толку паметен да запомнам сè, но знам дека пред крајот го рече ова:

„Христос рече: 'Не ве нарекувам слуги, зашто сте мои пријатели'. Ние, исто така, знаеме кои се нашите пријатели. Често или многупати им се јавуваме кога ни треба нешто. За жал, само тогаш ги бараме. Исто чиниме и со Бога. Не треба да го бараме само кога ни треба нешто. Христос рече: 'Јас Сум Светлината на светот', и кога светот ќе го обзеде мрак, ние одиме кај Христа. Амин.

Светата литургија продолжи. Уште нешто, кое некако длабоко и духовно ме погоди, овој пат беше Симболот на Верата. Честопати кога го слушам на литургии и го потпевнувам заедно со хорот, некако ми се топи срцето од неговите едноставни дванаесет догматски дела. Тие слова, запечатени на Првиот и на Вториот вселенски собор, ми кажуваат колку е чиста и торжествена мојата православна вера, верата во мојот Бог. Според преданието, на Страшниот суд, Бог ќе нè праша сите поединечно во што веруваме, а ние треба да го знаеме Симболот на Верата. Треба секогаш да ни биде пред усните, и кога ќе нè разбудат, веднаш да го знаеме. Кога веќе сме кај *Симболот на Верата*, прочитав или некој ми кажа (сега не паметам) нешто интересно во врска со верата. Денес, особено овде во САД, каде што има илјадници христијански доминации, многумина се повикуваат на името Христово и привлекуваат многу приврзаници. Нели Христос рекол: *Многу лажни пророци ќе се појават и ќе прелажат мнозина и бидејќи беззаконијата ќе се умножат, кај мнозина љубовта ќе се олади. Тогаш, ако ви каже некој: „Еве, овде е Христос, или таму е", не верувајте му! Оти ќе се појават лажни христоси и лажни пророци, и ќе покажат големи знаци и чуда, за да ги прелажат, ако е можно, избраните. Ете, однапред ви кажав. И така, ако ви речат: „Ете, во пустината е Он" – не излегувајте; „Ете, во тајната соба е" – не верувајте! Зашто, како молњата што излегува од исток и се гледа дури до запад, така ќе биде доаѓањето на Синот Човечки. Оти, каде што е трупот, таму се собираат и орлите.*

Каква е таа волја? Целта на она што сакам да кажам овде е кога зборуваме со некого, и кога таа личност ќе ни каже дека е христијанин, како ќе го знаеме тоа? Треба да му поставиме три основни и фундаментални прашања:

– Веруваш ли во Бог Света Троица: Отец, Син и Дух Свет?

– Исповедаш ли дека Христос е Богочовек – Бог и Човек во исто време кој се овоплоти заради нашето спасение?

– Исповедаш ли дека Богородица го роди Христа нетлено и остана нетлена по раѓањето?

Ако некој себенаречен христијанин не верува во овие три или пак едно од нив го негира, тогаш тој за мене не е христијанин. И така, кога го слушам *Симболот на Верата*, се сеќавам на овие три фундаментални догматски исповедании.

Причестуваа од четири путири. Не е некоја голема црква, ниту, пак, соборен храм. Одамнам храмот бил штала, а во неделите е полн со верници и речиси сите се причестуваат. Јас не се удостоив да се причестам и гледајќи како скоро сите, баш сите, пристапуваат, некако се почувствував како црна овца. Но тоа е, нека ми биде за памет и мотивација. По литургијата, заедно со Димитри и Антониј, зборувавме околу половина час и повеќе со отец Тадеј надвор во дворот на храмот. Димитриј и Антониј, пак, возеле од Сан Франциско до овде за да присуствуваат на литургијата. За жал, таму црквите сè уште се затворени, а ним кутрите им требаше литургија. Димитриј ми кажа дека и покрај тоа што претседателот на САД дал указ да се отворат црквите, односно дека тие се насушна потреба, исто како и гувернерот на Калифорнија, градоначалникот на Сан Франциско сепак наредил сè уште да не се отвораат. Кој крст е тоа за луѓето таму, но ајде, тоа е тема за другпат.

Го прашувавме отец Тадеј за сегашните случувања и како да го задржиме мирот во себе и црквите отворени. Димитриј го праша:

„Отец, како успеавте вашиот храм да остане отворен, а насекаде другите ги затворија?“

Тој многу мудро одговараше и патем рече:

„Знаеш, прво сè се случи по милоста Божја. Понатаму, кога епархијата одлучи да затвори, нам не ни стигна никакво писмо од нив, и решивме да одиме докрај. Разбирам колкава е потребата на луѓето од црквата. Во овие три месеци, кога одат во продавница, се под стрес, ќе појдат во друга установа, пак стрес, читаат новости – стрес, а ќе дојдат овде во црква на служба и мир, ги чувствуваат тој мир и тишина и им олеснува. Згора на тоа, јас ги истражував како и локалните и бев во контакт во властите, при што им изложував факти, и тоа помогна, а и четворица од нашите парохјани се полицајци.“

„Димитриј“, се вмешав јас, „ако веруваш, на Пасха имавме околу седумдесет луѓе. Веројатно ние имавме најмногу од сите други во Калифорнија.“

„Навистина неверојатно.“

На крајот, отецот му се обрати на Антониј, кој наскоро ќе се жени, а неговата идна сопруга е новопокрстена Американка. Разговарајќи на таа тема, отец Тадеј рече:

„If you want to be romantic, be orthodox.“[3]

„Леле, отец, добар си“ се вмешав јас.

3 Ако сакаш да си романтичен, биди православен христијанин.

Со ова тој сакаше да каже дека кога еден младич се држи до своите православни стандарди и не се дава така лесно, девојката ќе се замисли и ќе си рече „Овде има нешто значајно. Штом тој сега е таков, тогаш знае да биде верен."

Не знам како отворивме муабет, но зборувавме за родендени, и отецот рече дека е роден во март, а јас го прашав:

„На кој датум точно, отец?"

„Шести март."

„Аха, колку интересно. Јас сум на четврти. Затоа мене и тебе ни оди муабетот."

Отец Тадеј се насмеа.

ИСПОВЕД

„Отец, кога се обидувам, дали свесно или несвесно, да бидам нешто повеќе од другите, сфаќам колку ништо не знам. А гледам дека и гордоста големи корени пуштила, само што коренот под земја расте, и не можам да го видам или, пак, се правам дека не го гледам. И тоа може да е вистина. Како да се научам да се фалам со ништо друго, освен со своите слабости? Со тоа што се обидувам да бидам нешто повеќе, не знам како, не гледам дека можам да ги соблазнам другите. А, соблазната? Колку, пак, е страшна таа. Но и свесен сум дека морам да го избегнам тој воденички камен кој може да ме погуби. Доколку сетило за телото е окото, тогаш го молам Бога да постави стража."

„Дете мое", проговори отецот, „молитвата е можно оружје". Привлечноста на гревот го повлекува умот кон злото. Но, кога умот ќе ја грабне секирата на молитвата, ќе ја подигне и ќе почне да удира, ќе ги искорени дури и најтврдокорните помисли. Доволно е човек само цврсто да ја фати секирата и вешто да ја употреби и навистина ќе постигне чудесни работи. Бидејќи оној лошиот, лукавиот, го знае сето ова, нè спречува да ја кажуваме молитвата за да нè зароби полесно. Но тој носи грижи, носи илјада и една пречка, само со една цел – да ја попречува молитвата. Немој да бидеш малодушен ако Бог не те услиши кога се молиш; ќе ти помогне во твојата борба со духот. Он знае подобро што е за тебе корисно. Молејќи го Бога, немој да говориш:

'Земи го од мене тоа и тоа, и дај ми го тоа и тоа.'

Туку вака кажувај:

'Господи Исусе Христе, помогни ми и не допуштај да грешам пред Тебе, бидејќи се заблудив.

Немој да ми допуштиш да одам по својата волја.

Немој да ме пуштиш да погинам во своите гревови.

Помилуј го своето создание.

Немој да ме презреш, зашто сум немоќен.

Немој да ме оставиш, зашто крај тебе прибегнувам.

Исцели ја душата моја, зашто ти згрешив.

Со мене се сите кои ме притиснуваат и немам прибежиште друго, освен Тебе, Господи.

Господи, спаси ме заради милоста Твоја.

Нека се посрамотат сите кои сакаат да ја истребат душата моја.

Зашто Ти, Господи, силен си во сè, и преку Тебе ги славиме Отецот и Светиот Дух, во вечни векови. Амин.'"

„Ах, отец, колку е добар Господ. Тешко мене без Него."

„Точно. И никој нека не те залажува: како што земјата не може да донесе плод сама од себе, без семе и влага, така ниту човекот не може да донесе добар плод без трпење од зло и смиреноумие."

„Длабоко во себе знам дека големината на човекот не е во тоа кој колку знае, умее и може... туку кој колку е подготвен да даде на оние што немаат, оние кои не знаат и не можат."

„Стојан, додека срцето не заболи, окото не може да заплаче. Не натпреварувај се со другите. Натпреварувај се со самиот себе. Да немаш време да ги подобриш своите мисли е исто како и да кажеш дека немаш време да застанеш да наполниш бензин бидејќи премногу си зафатен со возењето."

„Зошто е толку тешко да ги контролираме помислите? Понекогаш таа расеаност ќе ме убие."

„Умот е прекрасен слуга, но ужасен господар."

„Сега ме замолчи. Не знам што да кажам."

„Не секирај се. Таков е животот. Упорноста е основа на личната промена."

„Отец, паметам една поговорка која вели дека оптимистот ја гледа чашата како полуполна, а не како полупразна."

„А Јапонците велат *сатори* – моментално будење.

„Држи вода. И од нив може да учиме и да имплементираме по нешто во нашиот духовен живот."

„Секоја стрела, која ќе ја погоди целта, е резултат на стотина стрели кои ја промашиле таа цел. Основен природен закон: се добива преку загубата. Да вдишуваш правилно значи да живееш правилно. Во оваа насока гради го животот. Дете мое, раскажи ми повеќе за твоето детство. Го гледам твоето срце дека носи во себе тежина на детството, но и радост која Бог ја посеал, и таа те носела низ бурите низ кои си поминувал."

Што е болката во овој свет? Дали боли повеќе телесната или болката на срцето? Ми се чини дека втората е поболна зашто првата боли и зацелува, но втората останува сè додека го носиме телото. Речено е дека не е полезно да живееме од спомените од минатото, и точно е. Истото тоа нè учи да видиме кои и каде бевме и да не ги повторуваме истите работи, но речиси во сите ситуации постои она „но". Во овој случај постои и кај мене и морам реченицата да ја продолжам со „но". Тие мои спомени или, со други зборови, настани од моето детство, направија еден бунар кој е толку проширен низ годините наназад што за неговото затворање потребно е голема посветеност.[4]

4 Остатокот од исповедта е приватен.

ОД ОКЕАНСКИОТ КАРМЕЛ ВО ПЛАНИНСКИОТ ФЕЛТОН

Не се надевав дека ќе дојде толку брзо времето за да го напишам и ова, но грев ќе си ставам на душата ако не го сторам тоа. На почетокот, прво сакам да кажам дека кога го имаме Бога, имаме сè. Тој Бог, благ и полн со љубов, нема момент да нè оставил и нема да нè остави. Честопати, кога грешиме, мислиме дека Тој нè оставил. Ах, каква глупост од нас луѓето. Ако не ни е сè по ќеиф, тогаш лелекаме и друг ни е виновен. А, зошто го правиме ова? Затоа што, како што еднаш, во еден краток разговор, брат Симеон од нашиот храм ми рече: „Ние се ставаме себеси (нашиот интелект) на пиедесталот и го обожаваме нашето рационално размислување, нашиот интелект.“ Ете зошто. Скоро секојпат кога ќе појдам во канцеларија во црквата, прво наидувам на него, седнат на столче пред црковната продавница, чита книга и се грее на сончевите зраци. Ќе го поздравам и ќе го прашам како е – а тој секогаш вака ми одговара: „По благодатта и милоста на Бога, добар сум. Како да не бидам добар на ваков сончев ден кој Тој ни го дава.“ Во една друга прилика зборувавме за други работи поврзани со Светите отци и како ние христијаните треба да почнеме да дејствуваме, а не само да читаме. Брат Симеон, без да помисли, рече: „Памтењето е она што ќе го прочитаме и ќе го примениме, а не зборови што сме ги научиле напамет.“

Да не ја пропуштаме вистината во животот. Погледни наоколу и научи да се радуваш на природата која ја создаде Бог. Каква вистина е тоа? Чудата се насекаде околу нас! Господ нè дарува со многу различни таленти. Вистината на Божјата љубов не е во тоа што Тој овозможува лоши работи да ни се случат, туку во Своето ветување дека ќе стои веднаш до нас додека чекориме низ искушенијата. Без разлика на тоа колку нештата се тешки, Тој нè љуби. Мора да одбереме една страна. На двајца господари во исто време не се служи. Стави ги луѓето на една страна, а Христос на друга, и ќе ја видиш разликата. Ќе гледаш секој ден како ти вртат грб. Ќе ги видиш луѓето. Како и да е, јас треба да чекорам напред.

Ако Господ не е со нас, сè ќе биде ветар и магла. И едно нешто за кое се држам секогаш како давеник за сламка е дека заради Христос и Царството Небесно, ќе истрпам сè. Бог ќе ни помогне кога лелекаме, но мораме да бидеме подготвени и на нападите од кнезот на овој свет. Секогаш, скоро секогаш, кога нешто добро ќе ми се случи или работите се одвиваат во блага хармонија, некое искушение ќе дојде од немајкаде. Веќе научив да не се плашам. Знам дека нема да престанат, но барем сега веќе ги очекувам и некако, со Божјата

благодат, ќе туркам. Лошото, односно, најлошото е стапицата на очајанието. Не знам како поинаку да го опишам отколку со зборот „најлошото." Еднаш, зборував со еден мој брат кој беше огласен (сè уште некрстен), по наше, т. е. учи за верата пред да биде крстен. Честопати кога ќе беше во искушение, почнуваше да очајува. Од личното искуство со сопствените искушенија, му реков дека очајанието е полошо од првороденият грев. Тоа нè оддалечува од Бога. Нè прави да се чувствуваме толку лошо што не сакаме да се молиме, туку само да се криеме.

Ние се свртуваме и се држиме настрана од Бога. Ми се случувало да згрешам со нешто и толку ми е срам од Бога, што не ги кажувам утринските и вечерните молитви и дури ми е срам да погледнам кон мојот домашен иконостас. Ќе поминеа два-три дена, и на четвртиот наеднаш ќе почнам да плачам силно. Едноставно душата знае кому му припаѓа, па ќе паднам на колена и ќе велам: „Господи, не можам повеќе, ми требаш!" Старецот Јустин Парву, вака поучувал: „Искушенијата се големи! Меѓутоа, со одржување на нашата вера, нашите убедувања и планот (за нашите животи) што мора да го следиме, можеме да се сретнеме и да се обединиме со Христа." Единствената објективна вистина на овој свет е Црквата. Сè што е надвор од Црквата е субјективно. Борбата продолжува: поробениот за слобода, а слободниот за совршенство. Според чистотата на срцето, духот се вселува во срцето и од срцето управува со човекот. Поради тоа, Црквата Христова, а и ние во своите секојдневни молитви, често ја изустуваме молитвата: „Цару Небесен, Утешителу, Духу на Вистината Кој си насекаде и се исполнуваш. Ризницо на добрини, дојди и всели се во нас, и очисти нè од секаква нечистотија и спаси ги Благи душите наши."

На вчерашната неделна проповед, отец Тадеј говореше колку ни е потребно единство во верата – вистината на која ќе ѝ се потчиниме. И други две работи меѓу редови: кога го љубиме Христа, учиме како да ги сакаме другите. „Како нација, станавме зависни на угодување на другите. Повеќе сме фокусирани на тоа што мислат соседите за нас. Ако на сите им се допаѓате, тогаш правите нешто погрешно. Во животот нема секој да нè љуби – и тоа е во ред. Ние да продолжиме да Му благодариме на Бога за сè!"

Ова ме потсети на една моја духовна мајка, Русинка од Торонто, Канада. Се вика Нина. Се запознавме уште во 2011 кога таа го посети Џорданвил и некако налетавме еден на друг во трпезаријата, а јас ѝ го позајмив мојот телефон за да се јави во Њу Џерси кај нејзиниот духовник, сега упокоениот митроносен отец Валериј Лукијанов. Се спријателивме и дури ми дојде на дипломирањето од Канада. Секогаш кога ќе се слушнеме или кога ќе ми пише, ќе рече: „Радость моя, как твои дела?"[5] Вчера, додека се враќав од

5 Радост моја, како си ти?

работа, мајка Нина ми напиша вака: „Слава Богу за всё. Не будем жаловаться будем благодарить Богу за всё. Как говорят Господь никогда не опаздывает и не спешит, И у тебя тоже так. Поэтому надо спокойно жить и Богу благодарит. Бог устроит как надо.“ Секогаш кога ќе завршиме со разговор, нема, а да не заврши со „Я тебя люблю.“

Во нас, како православни христијани, големи срца чукаат. Има ревност која Бог ја разгорел, и е под будното око на Пресвета Богородица. Тоа не смееме да го заборавиме, ниту, пак, да го злоупотребиме. Што е милосрдие? Милосрдие не е да дадеш од она што ти е вишок. Милосрдие е да издвоиш од своето и да го поделиш со некого. Тоа е љубов и милосрдие.

Дефинитивно сè се случува по Божја промисла. Тешко е нашата надеж да се положи на Бога, поради тоа што многу сме наклонети кон земното и сакаме сè да е по наше. Понекогаш наликуваме на трговци со Бога кога се молиме и бараме одредени работи од Него. Моите чекори на прагот во православното семејство при храмот „Св. Лаврентиј“ се случија кога најмалку очекував. Кармел беше прекрасен, ама додека живеев таму, не ја гледав иднината, не знаев на каде да го насочам својот живот. Дојдов до степен кога си реков: „Доста ми е од сè. Каде сакаш, Господи, натаму носи ме. Јас веќе не знам.“

Кога Ковид-пандемијата ја зацрни Америка, световните власти, а и црковните, затворија сè и сешто, овој храм остава отворен. Мене лично потребно ми е учество на литургии. Земи сè од мене, но без литургија е како да сум сам во пустина, без вода, без храна, без себе. Затоа решив дека нема да ја послушам одлуката на оние што решија да затворат сè, туку намислив да барам храм. Така, дознав дека црквата во Фелтон сè уште е отворена. Додуша, до нив не стигна никакво писмо од црковните власти дека треба да затворат. Се сеќавам, беше крајот на март, недела, кога возев до Фелтон за на литургија. Следниот четврток беше празникот Благовештение и требаше да има литургија навечер во седум. Знаејќи го ова, имав предвид да одам на литургија на овој празник. Во вторникот, една пријателка ми напиша дека по литургијата (веќе бев заминал назад во Кармел) дошла полиција и им рекле дека треба да затворат. Кога дознав за ова, многу се загрижив. Како нешто да ми го стегна срцето. Во средата му напишав порака на отец Тадеј, прашувајќи го дали ќе може да дојдам в четврток на литургија. Тој не ја отворил пораката до четвртокот доцна навечер. Не знаејќи што да чинам си реков: „Ќе одам, па што сака нека е.“ Во тоа исто време имав час по шпански преку Зум. Се вклучив на час, ги исклучив камерата и микрофонот и почнав да возам од Кармел за Фелтон. Паркирав недалеку од црквата. Цел паркинг беше празен, и капијата беше затворена. Не мислејќи се, скокнав преку металната ограда и отидов под прозорот каде што беше хорот. Клекнав на колена, а од едната

страна ми беше мојот час на Зум, а од другата ја следев литургијата. Откако заврши, се прекачив по истиот пат, се качив во кола и се вратив во Кармел. Истата вечер, пред полноќ, отец Тадеј ми одговори, извинувајќи се што доцна ја прочитал пораката. Му пишав: „Отец, имам нешто да ти се исповедам. Дојдов на литургија преку оградата, под прозорот, на колена. Прости за тоа." Тој ми одговори: „Бог да те благослови! Зошто не ми кажа порано, ќе ти ја отворевме вратата." Од тој ден, па до Пасха, бевме само јас и уште четворица. Од сите негови парохјани, мене ми ги отвори вратите за служби. Всушност, служеа зад затворени врати само три недели. Луѓето не можеа да издржат седејќи дома без служби. Така, на Пасха, среде пандемија, кога сè беше затворено, имавме над седумдесет луѓе – ми се чини најмногу по број во Калифорнија за Пасха. Во Страсната седмица од Велика Среда, до Пасха, секој ден возев од Кармел до Фелтон, а на Велика Сабота, двапати. Каков само благослов беше тоа!

Вака започна моето одење во Фелтон. Не можев да се замислам на литургија со маска. Или ќе одам како што треба или нема никако да одам. Си реков дека нема никој да осудувам од другите храмови, но затоа ќе барам храм каде што вратите ќе бидат отворени и ќе се фокусирам на тоа. Оттогаш, секоја недела почнав да возам во овој храм на литургија. Кога отец Тадеј ширум ми ги отвори црковните врати, како би можел да престанам да одам таму?

Таа иста година мојата виза истекуваше. Во октомври, зборував со отецот за моето истекување на визата. Го замолив дали ќе може црквата да ме спонзорира за религиска виза и дека ќе платам за сите трошоци, само тие да ме спонзорираат. По две недели, добив потврден одговор. Патем, без никаков план, во почетокот на ноември добив порака од него во која ме прашуваше дали ќе сакам да почнам да предавам катихизис секој четврток. Отец Силоан веќе не можел, па тој ме предложил мене. Верниците во „Св. Лаврентиј" се новокрстени Американци. Овде секогаш има нови кандидати за да го примат православието. До тој ден, секој четврток имаше часови по катихизис за нив. Со радост ја прифатив понудата. Ова дојде како одличен плус за мојата виза. Почнав да предавам. Кога ги собравме сите документи, црквата ме удостои со титула ипоѓакон и професор по катихисис. Работите тргнаа уште понапред. Одлучив да се преселам некаде блиску до Фелтон, но не се брзав. Си дадов време да видам дали некој изнајмува соба или сл. На крајот се случи ова: излезе понуда за куќа на два блока од храмот. Мене ни на крај памет не ми дојде да изнајмам куќа. Не доаѓаше предвид со оглед на тоа колку е скапо сè наоколу. Отец Тадеј ми рече да ја прифатам понудата и да не се секирам. Така, се преселив во куќа во Фелтон, на два блока од црквата; мојата плата од предавањето одеше за тоа, а згора на сè, добивав

дополнителна месечна плата од црквата. Таа литургија, на колена, под прозор, ме донесе во семејството на овој храм – ми плаќаат куќа и ми даваат дополнителна месечна плата. Ништо од ова не побарав, ниту, пак, очекував дека ќе се случи. Само го замолив отец Тадеј да ми излезе во пресрет за визата, а јас сè ќе си платам, но се случи спротивното. Најмалку очекував дека ќе завршам во храм каде што се сите Американци, и дека ќе предавам катихизис на англиски на Американци кои учат за православието. Ете ги Божјата волја и промисла. Сè се случи кога најмалку очекував. Отец Тадеј ми ги отвори вратите од овој храм со широко срце, без големи очекувања. Често ми велеше: „Не секирај се. Немаме големи очекување од тебе. Среди се и полека, штом ќе ни е потребна помош, ќе те вклучуваме."

Во меѓувреме, достојно е да го спомнам семејството Саралиев. Пењо по потекло е Бугарин, но имигрирал во САД во неговите рани дваесетти години со еден долар во паричникот. Работејќи напорно во текот на својот живот, основал своја компанија. Тој бил крстен како мал, но ја занемарил верата и својот живот, па поминал во протестантска црква. Пред неколку години, неговиот најмал син, а денес мој брат во Христа, Павел, го примил православието и ги покрстил свите родители, Пењо и Марлин. Другиот брат и сестрата доаѓаат на литургија, но во свое време Бог ќе ги соедини во нашето православно семејство. Пењо го запознав во август по литургијата. Всушност, отец Тадеј нè запозна. На почетокот, си помислив: „Ах, пак ли ќе треба да имам главоболки од Бугари и Балканци со провокации за Македонија." Се случи обратното, и нека ми прости Бог за моите помисленија. Две недели откако го запознав Пењо, имав некои искушенија. Научен сум да си молчам и да трпам. Секогаш Бог ми давал доволно и никогаш не сум се довел со ситуација да бидам без леб и без покрив над глава, ниту, пак, да се задолжувам. Тогаш, за време на литургиите, стоев малку понапред од Пењо. Од немајкаде, пред крајот на литургијата, Пењо ми пристапи и ми рече: „Сакам да ти помогнам. Бог ми даде доволно во мојот живот и сакам да ти помогнам." Најмалку го очекував ова. Само што го запознав, ми го рече ова. Од срце му се заблагодарив и му реков: „Слава на Бога, имам што ми е потребно. Греота е да се жалам." Сè уште не знам зошто ми го рече тоа. Еднаш, неговата сопруга ми рече дека сум го потсетувал на него. По сето ова, го запознав целото негово семејство кое живее на еден голем имот. Станав дел од него. Во неколку прилики бев со нив и кога се радуваа и кога минуваа низ искушенија – до тој степен ми ги отвори своите срца. На некој начин, станав како нивно дете. Бог му даде многу на Пењо, но до денес не можам да се восхитам доволно на неговата скромност. Вози нормална кола, не нова, скромно се облекува... Едноставно скромен човек или како би се рекло на англиски, down to earth. Во неколку прилики, наеднаш ќе ми пристапеше и ќе ми кажеше: „Стојане, Бог тебе те сака."

Пењо ги знаеше мојата ситуација и моите патешествија. Кога дојде време да се преселам во Фелтон, на почетокот не бев сигурен зашто сè беше премногу скапо. Тој и неговото семејство постојано ме поттикнуваа: „Земи ја куќата, земи ја.“ Што се случи на крајот? Пењо зборувал со отец Тадеј и ми рекол дека тој ќе придонесува финансиски секој месец за да добивам дополнителна плата за да се издржувам и да работам во црквата. Така, отец Тадеј формирал пастирски фонд. Сето ова го дознав подоцна. Едноставно, Бог, по Неговата неискажлива милост и добрина кон нас, ме пресели во Фелтон во право време со прави луѓе.

Во една прилика, по вечерната, разговарав со отец Тадеј на неколку теми за себе. Тој неколку пати ми говореше: „Златна средина за да имаш сè.“ Тој веќе ги знаеше мојот живот и некои од моите слабости кои ги носам со својата паднатa природа, па барав од него да ме поучи како да го надминам емоционалниот дел од себе и да ги намалам своите високи очекувања од луѓето. Често имам навика да одам од една крајност до друга. Еднаш го прочитав во Охридскиот пролог следново: „Единствено Господ Исус им ја кажал сега вистина на своите следбеници, и горката и слатката страна на вистината. Он не ветувал плодови без служба, ниту слава без страдање, ниту краен одмор без трнлив пат, ниту победа без борба, ниту сласт без горчина, ниту царство без солзи и самоодрекување.“ Често, ние ги криеме слабостите на другите луѓе, т. е. не им ги кажуваме за да не ги навредиме, а со тоа, ми се чини, повеќе рани им нанесуваме. Еден од најефикасните начини човек да расте и да учи е кога некој ќе му укаже на сопствените грешки. Зборувам за себе. Горд сум, но отворен сум за критики, не од сите, туку од оние кои ме љубат и се грижат за мене, зашто само така ќе растам во животот. Слушајќи ме што имав да кажам, отец Тадеј почна да говори:

„Треба да се стремиме да го правиме она што е исправно, но мора да бидеме подготвени да поминеме низ непријатности зашто е природно да се згреши. За ова, треба смирение. Да не ги славиме своите грешки. Да се покаеме наместо да се запрашуваме: 'Зошто го сторив тоа?' Знаеш, Стојан, гордоста дојде пред падот. Имај го тоа на ум. Концептот на живеење христијански живот е да се трансформираме. Трансформацијата значи дека постојано се менуваме. Ако сум во искушение да се лутам, морам да запомнам дека Бог е трпелив со мене, па затоа морам да бидам трпелив со таа личност.

Во однос на луѓето и како честопати нè повредуваат, дел од мудроста што треба да ја имаш е дека Бог ќе те повика да бидеш пријател со некоја личност, духовно да го водиш, да го љубиш, а тој нема да ти биде пријател. Нема да биде заемна врска. Особено како свештеник, звучи жално, но борбата или предизвикот во свештенството е да им дадеме на сите, да ги прашуваме сите како се, а воопшто многу малку нè прашуваат како сме ние.

Ако така се размислува и во пастирскиот живот: јас им давам ним, тие не ми даваат мене, тоа ќе биде постојано разочарување. Затоа, во таа смисла сме сами на начинот на кој Христос беше сам. Им даде сè на сите. Никој не стори ништо за да му го подобри животот. Тој се предаде за нив. Свештеникот треба да биде подготвен да го стори истото. Не жали што луѓето не го ценат она за што правиш, туку учи од нив.

Драго ми е што си тука. Јас ти ветив: те сакам и понекогаш може да бидам малку строг кон тебе. Едно нешто што ќе научиш тука е дека сите заедно ќе поминуваме низ искушенија и радости. Како црква, како пријател, и ако е Божја волја, како иден свештеник, да бидеш дел од заедницата, со нас ќе ги споделуваш своите бремиња. Исто како и во бракот: има и добри времиња и има лоши периоди, но ако останеш во него, сето тоа те води кон рајот.

Сакај се на вистинскиот начин. Најтешките работи за нас, ако сме излегле од семејството каде што нè изневериле родителите, е наоѓање соодветна љубов кон себе. Ние го имаме Бог и го сакаме ближниот како себеси. Мора да откриеме што е вистинска љубов кон себе. Не е гордост или его. А тоа значи да се сакаме себеси затоа што Бог нè љуби. Затоа што ние сме Божјо создание и слика. Во однос на тоа што си строг кон себеси, дел од нас работи секогаш за да докаже дека сме сакани, но тогаш дел од нас се плаши да не повреди. Не сака да прифати кога сме сакани. Значи, работиме многу напорно овде и потоа го криеме другиот дел од нас. Кога ќе стапиш во брак и ќе го примиш тоа таинството што Бог го востанови, тогаш тоа што требаше да бидеш татко што го немаше, или мајка што ти ја немаше, тоа ќе се излечи. Лечи сè што е внатре. Зошто си толку добар со деца? Се грижиш за нив и ги заштитуваш затоа што ги немаше таа грижа и заштита. Но, кога се грижам, можам да бидам она што не го добив, а кога примам љубов од моите врсници, тогаш станувам како тоа скршено дете. Добрата вест е дека ти си овде и растеш со нас. Не дека ние сме посебни. Туку дека кога сме заедно, учиме; одиме заедно низ искушенијата и простуваме. Страдаме заедно и имаме тешки и убави периоди. Само продолжуваме да го правиме тоа постојано. Кога правам работи во кои правам грешки, барам прошка. Но, понатаму како што минува времето, знам дека сум сакан затоа што кога правам работи во кои сум добар, тие ми дозволуваат да го сторам тоа. Кога ќе признаам дека не сум добар во други работи, тие велат. 'Да, во право си, не си добар во тоа, но сепак те сакаме.' Затоа, не обидувај се да бидеш добар во тие области. Ние сме многу реални. Само остани овде и ќе ги излекуваш тие рани. Само затоа што си оној којшто си, си љубен. Ако не сме во здрава заедница, кога сме оние коишто сме, луѓето ќе нè критикуваат за нашите слабости. Треба само да живееме околу нормални луѓе за да бидеме нормални. Среќни сме што си тука со нас и те сакаме!

ПРЕОБРАЖЕНИЕ ВО ГОСПОДА

(Раните и први почетоци во Црквата)

Отецот ме праша: „Како Го спознa Бога? Претпоставувам си пораснал во православно семејство како мал."

„Отец, кај нас, во православните земји, можеш да претпоставиш, има два вида православни: традиционални: оние кои се крстени во црква, но одат ретко, колку да си го направат редот и верујушти; и оние кои се воцрковуваат и се трудат да живеат Христов живот."

„Да, познато ми е тоа многу добро."

„До својата дванаесетта година бев во првата категорија. Моите беа православни, но онака колку да го направат адетот. Згора на тоа, кај нас, во источниот дел на Македонија, каде што се родив, има доста суеверија. И не само тоа, ако некоја стара баба каже нешто во врска во црковни работи, сите ја слушаат неа. Поважно е што ќе каже таа, отколку свештеникот. Подоцна, кога почнав да се воцрковувам, почнав повеќе да ги разбирам работите – колку само ми сметаше ова претходново. Да не претерам, како војна да водев кога разговарав со баба ми и со други пријатели кога од Скопје го посетував родниот крај.

Како и да е, и пред дванаесет години, пред да отидам во дом и да се воцрковувам, длабоко во срцето го барав Бога. Всушност, Тој беше Оној кој ме чуваше. Како? Честопати кога се враќав дома од училиште, знаев што ме чека од татко ми. Враќајќи се накај дома, пред да свртам лево на улицата, ќе се прекрстев и ќе речев: 'Господи, те молам, не дозволувај тато да ме тепа.' Во друга прилика, запознав една жена која ми даде Нов завет и ми рече да читам секој ден по една глава и да се прекрстувам пред да си легнам. Новиот завет го криев во една фиока за да не го види татко ми. Една вечер брат ми беше кај нас на неколку дена и заедно си легнувавме. Му реков да си го покрие лицето со ќебе зашто требаше да се прекрстам, а не сакав тој да ме види, за да не ме каже на татко ми. Не знам од каде и како, токму во тој момент наеднаш ја отвори вратата и само што ме виде како се крстам, ми удри шлаканица и си легнав. А еден Велидген, сè уште бев буден по полноќ. Ми беше тешко што немав можност да одам во црква. И така, стоев на вратата од балконот на вториот кат и ги гледав луѓето како се враќаат дома со запалени свеќи од црква. Таква беше традицијата кај нас. Од црква се враќаа дома со свеќите, за да ја донесат во домот пасхалната радост. Прекрасна македонска традиција. Не знам, но сега како возрасен кога размислувам, Бог не ме оставаше, иако тогаш не го знаев тоа, а времето откри сè.

Ако животот ни беше без искушенија, ништо немаше да научиме. Пред неколку години, во една книга го прочитав следново: *Јас Тебе многу те сакам. Често те гневам, не сум послушен, но на крај како малото дете кое бара засолниште кај својата мајка, така и јас прибегнувам кај Тебе. Јас сум оној кој има нужда од Тебе, не Ти од мене. И покрај тоа, љубовта Твоја надминува сè! Буквално сè! Таа му прости на разбојникот во последниот час, не гледајќи на неговиот грешен живот, туку на покајанието. Му простува на оној кој седумпати ќе падне во грев и седумпати ќе стане и ќе го призове името Твое. Таа љубов исконска и мене ми простува, кога на гревот ќе се оддадам. По таа оддаденост, се плашам да Ти пристапам зашто знам дека сум виновен, но Ти пак секогаш сторуваш чудно за мене дејствие во кое ми покажуваш дека Ти си Бог кој љуби и простува. Ами ако не ни простуваше по Твојата голема милост, сите како 'риби' ќе испопаѓавме во адот. Колку само се восхитувам на таа Твоја љубов! Во неа има место за секоја душа, зашто душата ѝ припаѓа на љубовта. Љубовта Ти ја изли во човекот за и тој да умее да љуби.*

Во нашите души навистина има место за Бога, ама ние... ах колку само не сме свесни за Божјата љубов, за тоа дека Он многупати тропа на вратата на нашето срце, но ние ја затвораме. Денес, кога се навраќам на минатото, на оние детски години, гледам колку само Бог беше со мене и ме чуваше. Неговата промисла не ја знаеме, а и не треба, зашто тој е Бог и знае што е најдобро за нас.

Уште при првиот ден од моето доаѓање во домот, многу сакав да одам да ја видам 'големата црква'. Тогаш така ја викав соборната црква Св. Климент Охридски. Уште додека живеев во својот роден град Кочани, неколкупати ја имав гледано на телевизија и многу сакав да ја видам со свои очи. Прашав неколку воспитувачи и деца дали ќе може да ме однесат во 'големата црква', но тие некако го одложуваа тоа. Ако не се лажам, уште на третиот ден, си реков: 'Сега нема никој да прашувам, ниту пак ќе барам дозвола. Ќе излезам од домот, ќе фатам еден правец и ќе одам натаму, па со прашување ќе стигнам некако до црквата.' Така и сторив. Беше работен ден. Излегов од домот и со распрашување: 'Извинете, како да стигнам до Соборната црква?', стигнав до местото кое одамна сакав да го видам. Во еден момент, одејќи, се покажа големата купола на Соборниот храм. Влегов во него. Бев воодушевен од сè што видов внатре. Понатаму, во неделите почнав да одам на божествената литургија. Бев многу пргав. Не знаев ништо за верата и сè ме интересираше. Во црквата запознав многу тетки, баби и духовни мајки кои духовно и материјално ми помагаа. Со нив сум во контакт до денес и многу Му благодарам на Бога што ми ги прати. Денес, кога ќе се видам со некои од нив, ќе ми речат: 'Е... Стојанче, не си веќе она мало

дванаесетгодишно дете кои само трчаше низ храмот. Сега си веќе маж.' Најубаво нешто во животот е кога ќе видиш дека една мало дете, кое нема никого покрај себе, тргнало на училиште, и сфаќаш колку брзо пораснало. На лицето негово се гледаат радоста и надежта за подобро утре. Јас навистина имам една биолошка мајка, но стотици духовни мајки. Што друго ќе нè соедини ако не заедничката љубов, која со некого со години ја носиме? И до денес ја носам во своето срце. Често кога се молам, Го молам Бога да не ги заборавам оние кои најмногу ми се најдоа во тие години и воопшто во моите тешкотии. Ние луѓето сме такви: ќе потпораснеме, или ќе дојдеме на некаква власт, и ги забораваме оние кои ни помогнале во нашите нужности на почетокот. Овде не можам да ги кажувам по име зашто се многу, но затоа само ќе речам: Господ да им даде долгоденствие во овој живот, а живот вечен и спасение во идниот!

Знаеш, отец, растењето во црквата, во заедницата со Бога ме направи вистински зрела личност. Денес се враќам наназад и размислувам: 'Што би бил денес ако Бог не беше со мене?' Ништо. Ќе бев еден уличар, а можеби и ќе завршев на место за кое не сакам да мислам, а најмалку да го спомнам. Просто ќе завршев во ќор-сокак од каде што се сомневам дека би излегол. Почетоците во црквата за мене беа вистинско доживување. Сакав да знам сè што се случуваше на литургијата, бев љубопитен. Толку бев темпераментен што не се срамев да прашувам. Тогаш, се сеќавам, за време на литургијата додека се пееше Херувимската песна, како мал одев лево-десно и сакав нешто да ја прашам баба Ангелина, а таа стоеше со наведната глава и ми рече: 'Сега не се зборува, ниту се шета, затоа што за време на овој момент ангелите слегуваат од небото и ги благословуваат сите луѓе.' Како касетофон кој снима, го запамтив тоа, па на идните литургии бев многу внимателен, а кога ќе се пееше Херувимската песна, знаев дека ангелите доаѓаа за да нè благословат зашто таа е химна на ангелите. Овде ќе откријам уште нешто за кое досега сум им кажал само на неколкумина свои. Не знам како, од каде, но за време на осветувањето на даровите, кога се изговара: 'Амин; амин; амин, амин, амин', јас почнував да се наежувам, односно морници го полазуваа телото одгоре додолу. Тоа се случуваше токму кога ѕвонеа ѕвончињата за време на изговарањето на овие 'амин'. Немој да разберете погрешно или, пак, да мислите дека се правам продуховен. Тоа никако. Благодатта кај секој еден од нас се јавува на свој начин. Тие морници и денес честопати ги доживувам, но не секогаш. Ќе речам, сега сум повозрасен, чинам многу гревови, и многупати Бог ја скрива таа радост за мене за да ме потсети дека треба да ја чистам душата. Кога се претвораа од леб и вино, во Тело и Крв Христови. Во тие години тоа беше таква благодат за мене што не се опишува. И денес го доживувам тоа на ист начин, но сега знам да го чувам

во срцето. Тогаш не знаев, зашто сè уште бев дете. Целата литургија, она што се случуваше во нејзиниот тек, буквално ме исполнуваше. А бидејќи тогаш не знаев како да го искажам тоа, ниту, пак, да го чувам во себе, се радував и го споделував со другите. Не знаев да го чувам она што го чувствував. Со радост чекав да дојде недела за да одам на литургија. На почетокот, од Домот не го разбираа мојот стремеж и потреба да одам на литургија, но подоцна разбраа. И така, во недела, додека сите деца спиеја, јас ќе станев, ќе се подготвев, ќе ми ја отклучеа вратата и ќе си го фатев патот за Соборна. Посебно ме исполнуваше звукот на камбаните. Ах, тие звуци на звоната! Кога ќе слушнам биење на камбани, срцето ми се радува. Особено на Пасха, кога сите камбани бијат и отсекаде се слуша 'Христос воскресна', тој радосен поздрав. Пред две години, во една книга го прочитав следното за звоната: *Зошто бијат камбаните? Му се радуваат на животот. Зошто тогаш ги нема постојано, а само некогаш се јавуваат? Ако бијат без престан, ние ќе престанеме да ги слушаме. Ете, затоа само понекогаш се огласуваат, за да нè потсетат дека треба да се радуваме.* Верувајте, како мало дете се радувам на нивниот звук. А додека сè уште бев во родниот крај, кога бев мал, многу сакав да се качам на врвот на камбанаријата во градската црква Св. Георги во Кочани и да ги видам камбаните. Тогаш, ми се чини, само еднаш татко ми ме однесе. Разговараше со клисарот, и тој нè качи горе. Отсекогаш сум ја сакал таа радост, звукот на камбаните. Некаква необична радост ми носи. Таков сум, отец, понекогаш како дете кое на мали работи се радува. Еве, и овде, кај вас во храмот, кога ќе ги слушнам камбаните... ах, некако како да сакам да летнам во звукот."

„Ех, дете мое", со насмевка проговори отецот, „таа е блажена радост. Раскажувај понатаму."

„Друга работа на која се сеќавам е олтарот. Детето кое сака да влезе во олтарот. Тоа бев јас. Многу сакав да влегувам во олтарот и да видам што има внатре. Просто, многу сакав олтари. Кога прв пат отидов на поклоничко патување во Охрид, прво нешто што сакав да видам во црква беше олтарот. И речиси во секоја црква прашував: 'Може ли да го видам олтарот?' Така, во една од многуте цркви во Охрид, по Божја промисла добив една икона од свети Наум која изгледаше доста стара. Со Божја помош, живеејќи во домот, успеав да ја задржам. Денес, таа за мене е една од многуте важни икони од милиот свети Наум, кого многу го љубам. Уште од самите почетоци, најмногу ги сакав звукот на камбаните, олтарот и неделните утра, кога ќе ми ја отклучеа вратата на Домот и јас пешки ќе тргнев кон Соборна.

Првиот духовник ми беше еден свештеник од Соборниот храм, но по неколку години го сменив. Знаеш зошто? Кога бев осмо одделение, помагав во Соборна за Велипеток на плаштаницата да ги прскаме верниците, да ги

собираме вапсаните јајца и парите кои ги оставаа и ги стававме во каса. Не знам како и зошто, но некој од вработените таму наводно ме видел како сум крадел пари и ме кажал на свештеникот, токму оној кој ми беше духовник. И тогаш тој, пред сите таму, ми рече вака: 'Штом сите рекоа дека си зел пари, признај си, врати ги и исповедај се.' Јас му реков: 'Како да ги вратам и од каде, кога ништо не сум зел?' А знаеш каков сум. Премногу емоционално си ги земам работите и тогаш многу плачев. На тој Велигден требаше да прислужувам со архиепископот, а јас од страв дека тој веќе знае, не влегов во олтарот, туку стоев во црквата. За време на литургијата, архиепископот прати еден од прислужниците да ме најде за да влезам во олтарот и да прислужувам. Кога влегов во олтарот, тој ме погледна така некако сериозно што јас готово, се скаменив. Ми го дадоа да ги држам архиерејскиот жезол и буквално цела литургија не се помрднав. Чекав само да заврши и да му ја летнам. Дури по неколку години му кажав за ова на Неговото Блаженство, и тој ми одговори дека ништо не знаел за тоа, а јас, пак, за сето време си мислев дека знае и си велев: 'Сега тој ќе мисли дека сум крадец.' Вториот духовник ми беше монах, архимандрит. Златен човек, срце. Неговото Блаженство и овој мој духовник одиграа голема и главна улога во мојот живот.

Сега слушни една друга случка од мојот црковен живот од самите почетоци. Кога првпат отидов во манастир на неколку недели, тоа беа манастирите: 'Свети Гаврил Лесновски' и 'Свети Јован Бигорски'. Тогаш сè уште бев во Детскиот дом '11 Октомври' и ми дозволија за време на мојот летен распуст да престојувам во некој од нашите манастири најмногу три недели. Тогаш работите беа комплицирани. Мораше да се бара дозвола од Центарот за социјални работи од Кочани, па тие писмено да одобрат. Воопшто не ги сакав, си играа со нас, но за тоа ќе раскажам во друга прилика. Одбрав да одам во овие два манастира. Манастирот 'Свети Гаврил Лесновски' ми беше прв манастир во кој отидов и останав таму една недела. Тој манастир е во источниот дел од Македонија и не е многу далеку од мојот роден град – Кочани. Монасите во овој манастир се занимаваат со земјоделие и сточарство. Многу се зафатени. Чуваат цело стадо овци, крави, имаат многу ниви, сливи од кои прават ракија и сл. Утрената богослужба и литургијата ќе завршат, и веднаш почнуваат да работат. Тогаш имав тринаесет години. Во тие години сè сакав да знам. Бев немирен. Во периодот кога бев во манастирот, беше сезона на берење сливи. Еден монах ќе се качи на дрвото и ќе ги чука одозгора, а ние одоздола ги собиравме, буквално слива по слива. Како што не бев научен на таква физичка работа, постојано се жалев или наоѓав некое оправдување за да одморам. Денес се потсетувам на тоа и си велам што значи монах! Често, кога собиравме сливи, игуменот на манастирот, отец Иларион, сега митрополит, ќе дојдеше кај нас и самиот ќе почнеше да собира со нас сливи. Во тоа време

толку многу не ги разбирав работите, но сега размислувам какво смирение покажуваше. И покрај сите обврски како игумен, тој собираше сливи со нас. Денес тој е митрополит на таа епархија, и според кажувањата на верниците, а малку и јас самиот имам видено, до ден-денес работи физичка работа. Доаѓаш во манастирот и го гледаш митрополитот кај овците или пак, качен на некој трактор и работи.

Се сеќавам и никогаш нема да заборавам каков аманет ми даде истиот игумен, денес архиереј. Додека собиравме сливи, надвор од манастирот ми рече: 'Ако некогаш станеш свештеник, ти давам аманет, кога ќе се упокојам, да отслужиш за мене панихида.' Од сето ова размислувам колкава е големината на монахот! Тие се навистина ангели во тело, кои освен за Единиот Бог, не знаат за ништо друго.

Исто така, додека бев во манастирот запознав еден монах, отец Исак, кого многу го засакав. Неговата смиреност немаше граници. Беревме заедно сливи и имавме неколку други заеднички послушанија. Постојано ми зборуваше за Светите Отци, поточно, ми раскажуваше за нивните животи и за нивните чуда. Од него научив многу. За чудото на свети Спиридон со крадците, кои наутро ги нашол во своето трло, првпат слушнав од него. Многу ми раскажуваше за чудата на свети Гаврил Лесновски и за неговите подвизи, како и за светиот епископ Гаврил Светогорец. Ми објаснуваше за монасите и за нивниот живот. Таму имаше и еден друг монах, многу едноставен, отец Герасим. Тој постојано ми велеше: 'Јас сум обичен прост монах.' Многу им се восхитував на смиреноста и на послушноста, кои ги носат во себе, и Му благодарам на Бога што ми даде можност да се поучувам од овие смирени монаси. Додека бев таму, многу го сакав нивното манастирско млеко. Овој отец го знаеше тоа и секој ден ќе ме прашаше: 'Ќе пиеме ли матеница?' Тогаш не ја разбирав нивната смиреност затоа што бев немирен. Денес размислувам за мојата несмиреност пред нивната смиреност. Тие никогаш не ме разобличуваа, туку со љубов ме поучуваа и ми објаснуваа дека ова е манастир и дека не треба многу да зборувам. И уште нешто: благата насмевка на отец Дамаскин го белеше и сè уште го бели мојот ум кој одвреме-навреме се помрачува од лоши помисли. Секогаш кога ќе му пристапев за благослов, тој ме благословуваше и одговараше со монашка насмевка, и понекогаш ме задеваше. Беше прекрасен! Што е уште поинтересно, по неколку години, Светиот синод на Македонската православна црква го избра игуменот Иларион за епископ. Неговото наречение и хиротонија се одржаа во соборниот храм 'Свети Никола Мирликијски' во Штип. Уште кога го избраа, му реков: 'Отец, многу сакам да бидам присутен на твојата хиротонија.' Тогаш се качив во автобус од Скопје до Штип за наречението. За да не се враќам назад, завршив во Лесновскиот манастир каде што преспав. Утредента,

кога игуменот Иларион требаше да биде хиротонисан за епископ, од толку обврски и задолженија, пред да замине од манастирот за Штип, ме качи со него во кола и така, тој, отец Дамаскин, кој возеше, и јас патувавме за Штип на неговиот ден. Од толку луѓе, јас се најдов со него во колата. Ете ти љубов и грижа! Неколку години подоцна, кога дојдов да студирам во САД, преку едно лето одев за Македонија. Еднаш, беше зима, а јас отидов во Штип на литургија каде што тој служеше и на крајот на истата му рекол на благајникот да ми даде неколку парички и така ме почести ем духовно со литургија, ем и материјално. Бог знае колку ми е драг како и браќата во Лесново.

По мојот престој во Лесново, го фатив патот за манастирот 'Свети Јован Бигорски' кој се наоѓа во западниот дел на Македонија. И овде Бог ме донесе за прв пат. Пред да почнам да раскажувам за моите искуства во овој манастир, сакам да спомнам нешто што се случи две години пред да дојдам во Бигорскиот манастир во периодот додека сè уште бев во домот.

Уште додека учев основно, во црквата запознав едно семејство, каде што често одев на гости. Тие многу ми раскажуваа за отец Партениј, за неговиот манастир и за него како личност. Покрај нив, почнав да горам од желба да отидам во тој манастир и да го запознам тој игумен. Секоја година, неколкупати манастирот прави светогорски бденија. Заради тоа од Скопје се организира автобус со верници кои одат од вечерта, а утредента по литургијата се враќаат назад. Тогаш бев шесто одделение и како што кажав, многу слушав за Бигорски, особено за делата на отец Партениј и за неговата љубов кон манастирот и кон својата паства. Тогаш некои верници му кажале на отецот дека не ме зеле со нив, а тој им рекол: 'Кога ќе ми го доведете тоа дете овде?' И тоа се случи. Тој период одев на часови по Веронаука во Катедралниот храм во Скопје. Вероучителката организираше автобус за бдение во Бигорски. Тогаш си реков дека сега имам прилика да одам и ќе се запишам на списокот. Но лукавиот тогаш направи сè за да не одам. Јас како штитеник требало да имам потврда од Домот, а тогаш немав, па вероучителката не ме прими во автобусот. Тогаш не знам ниту самиот колку само плачев. Неколку верници, кои не отидоа, стоеја до мене, обидувајќи се да ме смират, а јас никако не можев да престанам. По неколку години една сестра во Христа ме потсети на овој настан и ми рече: 'Колку само плачеше тогаш зашто не те зедоа, а и јас, гледајќи те како плачеш, почнав да плачам.' И така, автобусот замина, а јас со солзи се вратив во Домот.

Се сеќавам на уште еден настан во седмо одделение кога од училиште се организираше тридневна екскурзија во Охрид со застанување (еднодневно) во Бигорски. Ах, колку сакав и тогаш да одам, но не отидов! Од Домот немаше доволно средства да се плати за нас, и така, ние домците останавме во Скопје. Кога тргнаа учениците во автобусите пред училиштето,

скришно дојдов, ги гледав отстрана како заминуваа и плачев зашто нема да можам да отидам во Бигорски. Исто така, и кога се вратија, по три дена, скришум ги пречекав, но овој пат не плачев. Бог е голем! На првата настава по нивното враќање, група деца од моето одделение ме изненадија со подарок – икона на Пресвета Богородица, која ја купиле за мене од Бигорски. Еден од главните иницијатори да ми купат икона од Бигорски беше Љупчо, синот на Н.Е. Бранко Црвенковски, кој во тоа време беше претседател на Република Македонија. Бевме генерација. Јас бев во „А", а тој во „Б". Многу им бев благодарен и бев радосен! До денес ја чувам таа икона како благослов од Бигорски! Сестрата, која плачеше со мене кога не ме зедоа во автобусот за бдение, уште и ми рече: 'Понатаму во животот ќе имаш уште многу прилики да одиш во Бигорски.' Овие нејзини зборови се исполнија. Откако се запишав средно богословија, почнав често да одам во Бигорски, а отец Партениј стана мој духовен отец. Да кажам за моето прво одење во Бигорски: кога за првпат отидов во Бигорски, отец Партениј како да знаеше во кој час доаѓав. Се искачував по патот нагоре со куфер, испотен, а тој шеташе со негово духовно чедо под манастирските сидини. Ме пречека и ме гушна. Како велат старите: 'Првата чинија од манџата е најслатка.' Многу ја сакам таа прва средба со отецот, неговата татковска љубов...

Бигорски го доживував како мој втор дом. И тогаш, како и во Лесново, не бев смирен. Само прашував и зборував, а монасите ме караа по малку. На почетокот се лутев во себе, сè додека не научив што е манастир, смирение, послушание.

Имав биолошки татко, но не ја добив во доволна мера таа љубов. Ако некој ми ја даде таа татковска љубов, тоа беше отец Партениј. Кога ќе отидев на исповед, прво што правеше отец Партениј беше да ме прегрне како мој татко, со својата љубов да ми каже колку ме сака, па потоа ќе ме исповедаше. Денес размислувам со зборовите: 'Овцата го најде своето место во стадото кај добриот пастир.'

За слава на Бога, кој им дава сила на монасите, ќе споделам уште еден настан кој се случи со отец Партениј, а не можам да го заборавам. Моето срце ќе се чувствува виновно, ако не го споделам и не го кажам. Една вечер, кога сите се повлекоа во своите ќелии, отецот се симна кај мене во соба и заедно слеговме еден кат подолу каде што се реновираше. Отецот со радост следеше сè што се реновираше. Таму, на сидот, имаше икона од свети Јован Крстител. Во еден момент отец Партениј ги подигна рацете кон свети Јован и рече: 'Те сакам, мој мил свети Јоване!' Во тој момент моето срце затрепери од неговите зборови и од љубовта негова кон Бога, и кон она во кое отецот вложуваше, т. е. во монашкиот живот на секое поле. А тој слободно може да ги каже Христовите зборови: 'Како што ме возљуби Отецот, и јас ве возљубив.

Останете во мојата љубов' (Јован 15,9). Знаете, јас не сум монах, ниту, пак, имам монашко искуство, но ќе го кажам она што го видов и вкусив низ мојот живот во македонските манастири, каде што, исто така, духовно се градев. Бог ми даде можност често да бидам со монаси и да разговарам со нив. Денес, православието без монаси не го гледам како цврсто православие. Тие се силниот камен со кој се изгради и се утврдува Црквата Христова, па така кога силни ветрови и големи реки ќе надојдат, таа куќа (Црквата) нема да биде урната поради нејзините цврсти темели. Еднаш, од некаде слушнав, а можеби и прочитав, дека монахот е ангел во тело на земјата. Овие зборови ми останаа во срцето и до ден-денес, кога размислувам за суштината на зборот монах, овие зборови први ми одекнуваат. Да се носи тој ангелски лик, според мое мислење, значи да се носи Крстот Христов. А да се носи Крстот Христов, бара одрекување од своите зашто 'ако некој ја сака својата мајка, или брат, или жена, повеќе од Мене, не е достоен за Мене' – вели Христос. Трите завети на монахот: послушноста, безбрачноста и сиромаштвото се 'три свеќи' кои треба да горат до последниот здив во монахот на овој свет. И кога душата ќе се претстави пред Царот над царевите, да ги слушне зборовите: 'Влези во радоста на својот Господар.' Секоја моја средба со монасите ја користев максимално. Отсекогаш внимателно ги набљудував. Тоа ми помогна и сè уште ми помага да разберам што е, всушност, монахот, како треба да се однесува, што да зборува, неговата пожртвуваност за сиот свет. Веќе ги опишав моите искуства со неколку духовници, како ги доживеав. Секако, не сите, зашто има некои настани и случки кои се лични.

Во едно интервју на еден македонски епископ монах прочитав: 'Монашкиот живот извира и вовира од и во тајната на благодарењето (Литургијата)'. Тој уште вели: 'Во литургиското време и простор, монахот ја црпи силата да се соочи со секојдневието, да го спознае минатото и да се подготвува за иднината, секогаш благодарејќи му на Бога за сè.' Овде гледам уште една потврда дека центарот на христобогоподобниот живот е во литургијата, преку таа евхаристија или благодарење. Да се биде послушен на духовниот отец до крај и во сè – сметам дека тоа само кај монахот се постигнува во целост. 'Ништо не може да ја замени или да ја надополни радоста од плодот на послушанието.' Си бил ли во земјата во која сите умираат, а не се раѓаат? Можеби говорам многу за монаштвото, но морав и ова да го спомнам зашто мојата вклученост во нашите манастири ми помогна доста за духовниот живот. Научив многу.

Ова беше накратко за моето битисување во Црквата и растењето во неа. Знај дека сè додека на небото има кој да нè штити, на земјата не може никој да нè уништи!"

ДЕДО СТЕФАН

Бог не ни го дава секогаш она што го бараме, но секогаш ни го дава она што ни треба. Средбата со Бога се случува во секој миг од нашиот живот, дури и тогаш, кога ние, за жал, не сме ни свесни, ниту го забележуваме тоа. Таа Негова средба се исполнува на начини кои никогаш не ни дошле ни на „крај памет". Барем мене – не. Тоа за мене е свето јавление, богооткриена љубов кон паднатиот човек, кон никаквиот – јас. Блажено е кога уште од меки нокти ќе го спознаеме Бога, но понатаму борбата ќе биде тешка за да се задржи чистотата на душата. Сè е баланс. Ако од едната страна е раззеленето, од другата мора да е суво. Барем така е во човечкиот живот.

Во идниот век верните ќе Го видат Бога „лице в лице", а иконата е почеток на тоа созерцание. За мене, битијата со живите примери ми помогнаа да почнам да го градам својот столб на верата. Сè се случува со причина и Божја промисла. Еден ден, мојата детска пргавост, како војник кој е на бојното поле без страв, ме натера да отидам во Македонската архиепископија и да го барам дедо Стефан. Сите знаеме кој е тој. Архиепископот на Македонската православна црква – Охридска архиепископија. Тој беше една од тие икони со кои растев во крилото на Христовата Црква. За него имам многу да раскажувам, и тоа го чинам со радост. Пред да започнам, да спомнам еден мал факт дека неговото световно име било, исто така, Стојан.

Отец, еден интересен настан за кој мислам дека ќе сакаш да го слушнеш, а можеби и ќе те насмее. Како што растев во верата, во почетоците, го слушнав зборот 'владика'. Прво мислев дека тоа е поим за некој од женскиот пол и ги прашав една од тетките: „Која е таа владика?" Тие со љубов ми објасниј дека владика не е женско, туку машко, како и значењето на овој чин. Со својата пргавост и како дете кое сакаше сè да знае, им реков: „Сакам да го запознаам тој владика. Каде можам да го најдам?" Ми објасниј, и уште следниот ден отидов во Архиепископијата за да го запознаам владиката за кој поим немав кој е. Најмалку знаев или, пак, бев свесен дека одам кај архиепископ на една црква. И така, чекав некое време долу, на портирницата, и на излегување надвор, пред автомобилот, за првпат се запознав и видов кој е владиката. Ми подари многу убаво пенкало и ми даде петстотини денари. Понатаму, на една од литургиите во храмот „Свети Димитриј Мироточив Солунски" во Скопје, на која чиноначалствуваше архиепископот, бев присутен и јас. Беше во една од неделите за време на Великиот пост. Беше почетокот на литургијата, тој ме виде, ми даде знак да дојдам и ми го даде архиерејскиот жезол да го држам. Оттогаш, често прислужував со него, а во осмо одделение,

во јануари, на празникот Собор на св. Јован Крстител, ме произведе во чин *чтец*. Сето тоа беше Божја промисла, зашто јас не знаев за тоа. Едноставно отидов на литургија и тоа утро дознав за волјата на архиепископот. Убаво паметам колку само се тресев од трема кога Неговото блаженство ја положи раката врз мојата глава, а храмот беше преполн.

Неговото блаженство навистина ми ја подаде неговата рака и го отвори неговото срце за мене. Сè се случи спонтано. Немаше ден откако светата литургија ќе завршеше, а по ручекот да не ме прашаше: „Ручаше? Ако не, веднаш да јадеш, и гладен да не си одиш." А кога бев седмо одделение, на Велипеток, кога се пеат статиите – Оплакувањето Христово, бев во Соборниот храм во олтарот. Службата заврши доцна, можеби веќе беше 10 часот навечер. Тогаш, Неговото блаженство, знаејќи дека според годините не сум голем, и дека во тоа време не е добра идеја да си одам пешки, настојуваше неговиот возач да ме однесе до Домот. Тогаш си реков: „Тој е архиепископ, па зарем сега и јас ќе му досадувам да ме носи со неговата кола?" Патем, бев срамежлив и барав илјада начини да го избегнам тоа, па мислам дека некој од свештениците ме однесе до Домот. Него го познавам од свои дванаесет години. Според моето видување, кога некој од верниците ќе му се обратеше, тој не оставаше никого да не го ислуша или да не му помогне. Еднаш, додека се служеше (мислам дека беше вечерна), тој стоеше на архиерејскиот трон во Соборниот храм, а јас како прислужник бев до него. Едно семејство му пристапи да земе благослов и кратко нешто му зборуваа. Откако заминаа, дедо Стефан ме повика, извади од својот џеб пари, ми ги даде и ми рече: „Појди кај што продаваат свеќи, купи два крсни приврзоци и дај им ги на тие луѓе." Така и сторив, а кога отидов да му го вратам остатокот од парите, ми рече: „Почести се сладолед." Ќе напишам и уште едно нешто за кое не знам зошто, но до ден-денес ми е врежано во главата. На тој Велипеток, кога и јас бев во олтарот, едно време додека се пееја Статиите, архиепископот стоеше од десната страна на престолот, молитвено, со наведната глава, духовно. Едноставно таа сцена не знам како поинаку да ја опишам, освен како „светост." Всушност, тоа треба да бидат архиереите: да се осветуваат во Христа и да ги упатуваат своите чеда кон таа светост. На некој начин, растев под духовната закрила на архиепископот и ќе се чувствувам виновен ако не кажам дека тој ми беше како духовен татко крај кој растев. Кога бев седмо одделение, во една прилика додека бев кај него во кабинет, срамежливо му реков: „Дедо, може да Ве прашам нешто?" „Секако", одговори тој. „Може да Ве прегрнам?" „Е, како не може..." И веднаш се најдов во неговите прегратки. Тогаш сè уште бев низок и достигав до неговиот стомак. Верувај, многу ја почувствував неговата татковска љубов. Премногу го сакам и сега, кога сум преку океанот – ми недостига, но што да се прави. Бог мудро устроил за

мене: кога ми беше најмногу потребен, ми го испрати, а сега ме учи да се осамостојувам. Што сакам да кажам со сето ова? Неизмерно Му благодарам на Бога за овој дар во својот живот, и тоа уште од самиот почеток на моето воцрковување.

Кога бев осмо одделение, на една од литургиите, тој ми пристапи и ме праша: „Сакаш ли да се запишеш богословија?“ Немаше ни три секунди, му одговорив: „Да, сакам.“ Ако не беше тој, моето петгодишно школување во Богословијата ќе беше само неостварена желба. Тој, преку својата епархија, ми го плаќаше целото школување. И не само тогаш туку и додека студирав во САД, благодарение на неговата стипендија, преживував. Кога ме испрати во САД, вака ми рече: „Стојанче, теологијата е нешто што се учи низ целиот живот. Во Џорданвил посвети повеќе внимание на јазиците зашто подоцна во твојот живот ќе ти бидат потребни.“

Пред неколку години, додека зборувавме на телефон, ми рече: „Чувај си ја душичката од злото на овој свет.“ Овие негови слова длабоко ми се врежаа во срцето и сè уште ги чувам и се трудам да ги исполнувам во целост.

Има уште многу да се пишува за за овој богољубив пастироначалник, возљубениот наш архиепископ и мој секогаш мил духовен татко, но не е се за на хартија. Нека остане нешто во срцето за веки веков. Само ова ќе го додавам, уште едни негови мудри слова кои се трудам да ги исполнувам: “За се’ во животот, со Божја помош,треба сами да одлучуваме, согласно реалната состојба во која се наоѓаме. Ти знаеш каде си, со кои си, и досега,и сега, па и во иднина. Ако некој видел во тебе човек достоен за светеничка служба, подадената рака треба да ја прифатиш. Но, размисли дали е исполнето твоето време. Ако е - нека е благословено. Па ти на таа служба, на служењето на Бога и на луѓето, одамна си повикан. Бог нека биде со тебе и нека ти дава и потребна храброст и духовни сили!”

НЕМА ВИЗА ЗА САД

Што би бил животот без предизвици? На англиски има една поговорка: „What does not kill you, make you stronger.“[6] Ако нешто научив во животот и сè уште учам, тоа е да имам надеж во Бога и Нему да му ја давам својата волја. Уште како мал сакав предизвици и не стравував од работи кои не ги знаев. Така дојдов во САД и така успевав низ овие десет години. Првата година, кога имав осумнаесет години, бев во САД на три месеци. Таму запознав наши Македонци кои се воцрковуваат. Една од нив, Славица, ми раскажуваше за рускиот манастир „Света Троица“ во Џорданвил, Њујорк. Ми рече дека убаво ќе биде да се запише некој наш таму и да студира. Без да размислувам, ѝ реков: „Да, зошто да не. Ајде ќе пробам.“ Се вратив назад во Македонија. Отидов кај Неговото блаженство во кабинетот и му реков: „Дедо, по оваа година, сакам да се запишам на факултет во САД во Света Троица во Џорданвил.“ Тогаш дознав дека самиот тој бил во тој манастир и знае за него. „Имаш мој благослов. Аплицирај.“ Англиски не зборував, а еден мој другар, Александар, син на една верничка, Зоре од Драчево, ми помагаше. Додека аплицирав, не си ја сфатив сериозно работата зашто си реков дека веројатно нема да ме примат. Тогаш воопшто не зборував англиски јазик. Учев на училиште, но не ми одеше, и учев колку да добијам оценка. Патем, додека бев средно, си реков: „Стојанче, ти си ’смотан‘ за англиски, ти никогаш нема да научиш да зборуваш.“ Овие зборови ги прифатив како реалност. Да не кажувам како си поминав со јазикот кога бев првпат во САД. Ги мачев оние што беа со мене да ми преведуваат сè. „Права тутурутка“, како што велат кај нас на истокот од Македонија. Ги подготвив сите документи и му ги испратив на отец Бранко, кој е свештеник во Македонската црква во Сиракуз, а тој ги однесе во Факултетот. Архиепископот ми кажа за отец Бранко и ми даде негов контакт во однос на апликацијата. Не правев планови преку Светиот архиерејски синод зашто уверен бев дека нема да ме примат. Се надевав на позитивен одговор, и по неколку месеци отец Бранко ми напиша во е-писмо дека ме примиле на Факултетот и дека наскоро лично ќе ми испратат писмо. Со неверување го читав е-писмото. Тогаш веќе почна сето тоа по малку да ми станува реалност. По еден месец ми стигна писмо од факултетот „Света Троица“ со оваа содржина:

„Dear Mr. Andov, I am happy to inform you that Archimandrite Luke, the rector of the Holy Trinitu Orthodox Seminary has given his blessing for you to study at the Seminary beginning with the academic year 2010/2011“[7], како и други информации околу вадењето студентска виза.

6 „Она што не те убива, те прави посилен.“

7 Драг г. Андов, чест ми е да Ве информирам дека Архимандритот Лука кој воедно е ректор на Православниот факултет „Св. Троица“, го даде својот благослов за Вие да започнете со студиите во академската година 2010/2011.

Оваа вест ја добив во мај, а кон крајот на август веќе требаше да бидам заминат. Во јуни завршив средно Богословија и на крајот на месецот се одржа промоцијата на третата книга „Реки Вавилонски". Тоа беше промоција и воедно мало одбележување на матурската. Две работи во една. На неа беа присутни Неговото блаженство, деканот на Теолошкиот факултет, првата дама, Маја Иванова, сопругата на претседателот на државата, и многу други гости. За време на промоцијата беше јавно откриено од оној кој веќе ја виде оваа информација, дека наскоро ќе заминам на студии во САД и гласно ми честиташе. Веќе неколкумина знаеја, но тогаш јавно се откри. Интервјуто за американската виза беше закажано за средината на јули. Веќе знаев дека ќе одам во САД, а и многумина планираа да ме видат и да се поздравам со мене.

Дојде и тој ден да одам на интервју во Американската амбасада. Седевме сите во една голема просторија, а отстрана имаше шест или седум шалтери, и кога ќе го слушневме своето име, одевме таму. Го слушнав моето име и се упатив на шалтер 6. Тогаш почнав да учам некаков забрзан курс по англиски јазик, но колку може да се научи за два месеца?... Не многу. Човекот беше Американец и почна да ми зборува на англиски јазик. Не го разбрав, а уште помалку можев да му вратам на англиски. Тој повика преведувач на македонски, но пред тоа, многу јасно паметам како ми рече „I can't give you visa because you don't speak English." Мене ми се стемни пред очи и сакав да потонам во тој момент. Зборуваше и нешто друго, но не го разбрав. Ми ги врати документите, а јас се упатив кон излезот. Некоја тежина ми дојде на душата што посакав да плачам, но не знам од каде ми дојде таа сила кога реков: „Не – престани. Ова е искушение. Остави сè на Бога и биди смирен." Со ова излегов од амбасадата и телефонски разговарав со мама Велика. Додека ѝ кажував дека не ми дадоа виза, како да сакав да се насмеам, а таа: „Како, бре, не ти дадоа!?" Си дојдов дома кај мама Велика, а однекаде имав надеж. Таа вечер си реков: „Ќе аплицирам уште еднаш и ако е Божја волја, ќе заминам за САД, ако не е, нека биде благословено." Тоа и го направив. Пак ги подготвив документите, и ми закажаа интервју. Во меѓувреме, од Факултетот ми испратија уште еден ист документ со мали промени. Второто интервју беше на 11 август. Пак влегов во истата просторија и седнав на едно столче. Кога погледнав кон шалтерите и го видов истиот Американец на шалтер 7, ми се стемни и се молев да не завршам пак кај него. Патем, додека чекав, размислував вака: „Ако пак завршам кај оној, само ќе му кажам 'God bless you', и ќе заминам." Бев решен да го сторам тоа. Бев меѓу последните кога ме повикаа, и за чудо, завршив на шалтер 6, а не на шалтер 7 каде што беше оној Американец кој ме одби првиот пат. Овој пат беше една жена, исто така, Американка, ама колку само беше добра и љубезна! Кога ѝ реков дека не зборувам англиски, таа некако благо ми рече „Но ти ќе мораш да зборуваш зашто ќе учиш таму." Имавме преведувач, а потоа и јас ѝ реков дека првата

година ќе учам јазик. Немаше ни пет минути, интервјуто заврши, а утредента на 12 август, 2010 год., се вратив за да ја подигнам визата. И не само тоа, туку ми дадоа виза на пет години. Не ми се веруваше додека не ја видов визата. Од тој ден, веќе знаев дека ќе заминам во САД на студии. Ја извадив авионската карта, се подготвив и на 24 август одлетав за САД. Заминав во земја каде што не го зборувам јазикот. Знаејќи го тој факт, едно нешто ми даваше надеж и сила и ги тргаше грижите и стравот од мене. Тоа беше мојата вера во Бога. Со ваква храброст заминав: „Знам дека одам на теолошки факултет во САД, каде што цел тој комплекс е факултет и манастир, и кога искушенијата ќе дојдат, тука е црквата, ќе одам во неа и ќе плачам пред Бога." Така успеав за време на моето петгодишно школување. Првата година, ми беше многу тешка, особено првиот семестар. По четири часа секој ден на факултет, ништо не разбирав и ми паѓаше главата за спиење. Згора на тоа, некој ќе ме прашаше нешто, а јас се правев дека разбирав и онака со насмевка кимав со главата. Најсмешно беше кога ќе ме прашаа нешто, а јас не знаев дека тоа е прашање. Таму ми дозволија да учам, и покрај тоа што не го знаев јазикот. Бев трети или четврти таков во историјата на Факултетот – да студирам без јазична основа. Кога некој сака да студира во САД, прво ќе учи една година или повеќе само јазик и треба да положи јазичен тест. Со мене не се случи така. Ми дозволија да студирам и имав теолошки предмети и паралелно имав три часа неделно англиски. Предизвикувачки беше што јас отпрвин не зборував англиски, а веќе имав предмети. Учев англиски на англиски, Нов завет на англиски, старогрчки, црковнословенски на англиски... Од тоа „нема виза за САД", сега ги владеам англискиот, рускиот и моментално го учам шпанскиот. Но едно научив од сето ова, тоа е мојата вера во Бога и самодовербата. Особено со првото, со Бога, се стигнува и преку океан и континент.

ЈАС СУМ НАЈСРЕЌНИОТ ЧОВЕК НА СВЕТОТ!

Благодатен крај на едно достигнување во животот[8]

Не знам од каде да започнам и со каква експресија да ја опишам радоста која се случи вчера. Зад превезот на зборовите се криеше вистината, оној чист бисер кој долго стоеше во срцето, а денес ја покажа својата убавина. Немам намера да покажувам надменост, но морам нешто да нанижам и да ја исполнам оваа празна белина која чекаше пет години за да се пополни со слова. Од денес чувствувам дека невидливите крилја, кои низ овие пет години на бура и дожд, на сонце и ветар, ја избркаа омарнината, или поедноставно речено, ми потврдија дека дојдов до едно достигнување во својот живот. Не ми е намерата со ова достигнување да се вообразувам, туку уште повеќе да се смирувам и ревнувам за Оној Кому решив да Му служам. Навистина зборот „благодарам" не е доволен за да Му се оддаде признание на Бога, особено за овие пет години додека учев факултет. Денес, морам да признаам дека се чувствувам угоден кај Добриот зашто многу радости излеа врз мене. Живот медномислен, сладок живот, живот во кој духовно пораснав, преминав од детство во возрасна доба и каде што научив дека ако паднам, треба веднаш да станам. Нели така малечките учат да одат?

Потребата за знаење не престанува во животот. Кога една индивидуа доаѓа во туѓа земја, меѓу народ со друга традиција, непозната за него, се чувствува како риба на суво. Таков бев и јас. Бев странец во непозната земја со непознати и задгранични луѓе, но сепак имавме нешто заедничко. Тоа беше Бог, Црквата, верата. Јас бев еден од неколкутемина во историјата на Семинаријата „Света Троица" кој дојде без познавање на англискиот. Доаѓајќи од туѓина, преку Атлантикот, на друга почва, без познавањето на домашниот јазик, си реков во себе:

„Ќе стигнеш ли до петта година?"

Мислам дека тоа се случи, зар не?

Навистина, блажен е оној кој се принудува себеси и докрај го чекори патот што го започнал, бидејќи еден ден духовно ќе се гордее на плодовите. Животот ме научи храбро да се борам и да не се плашам од неизвесностите. Следствено на тоа, во 2010. лето Господово се качив во авион од Скопје и

8 Слово по повод дипломирање на Теолошкиот факултет.

дојдов во Њујорк. Патував во автобус од тој град, мравјалник од луѓе, за Сираќуз, каде што ме пречека отец Бранко (наш македонски свештеник). Некое неописливо чувство помина низ моето тело. Зјапајќи низ прозорецот на автобусот во природата, се прашував: „Како е во Џорданвил?" Денес, по пет поминати години таму, ниту самиот не знам како ја издржав таа прва година. Кога првпат бев во Американската амбасада во Скопје на интервју за виза, бев одбиен со образложение дека не зборувам англиски. Ќе се вратам малку назад во историјата од својот живот: Англиски учев со години во Македонија, но едноставно не бев заинтересиран и го учев само колку за да добијам оценка – и тоа беше сè. Да го зборувам? Никако! Тоа не доаѓаше предвид. И така, додека бев студент во средно Богословија, си реков:

„Стојанче, бесмислено е за тебе да учиш англиски. Ти си глупав за тоа. Ти никогаш нема да го научиш англискиот јазик."

Ги прифатив овие мисли како реалност, како едно помирување со нештата во животот, и така, продолжив да го живеам својот живот. Но, нешто што сите го знаеме е дека Господ промислува за сите нас. Никогаш не се надевав, ниту, пак, предвидував дека еден ден ќе отидам во САД, а уште повеќе дека ќе се образовам во колеџ каде што предавањата се на англиски. Чудесни се патиштата на Бога! Непознати за нас, земните. Ова беше мојот почеток овде, или со други зборови, мојата адолесценција од едно скалило на друго.

Во животот сакам да се радувам, да се смеам, а и да ги задевам моите блиски. Каков би бил животот без насмевка и благодарење? Во животот сакам да патувам, да посетувам нови места и да запознавам нови пријатели. Мислам дека многу е важно да се поседува дарот на создавање вистински пријатели, да се има шарм во зборувањето. Дел од своите детски и тинејџерски години ги поминав во дом, и мислам дека причината за мојата екстровертност е резултат на тоа. Му благодарам на Бога за можноста да бидам таков. Убаво е и ме исполнува. Кога дојдов овде, не очекував да тече мед и млеко. Без свесен дека ќе наидам на разни искушенија со кои ќе треба да војувам. Сега се присетувам на мојата прва средба со мојот исповедник и игумен на Светотроитскиот манастир и ректор на Семинаријата, отец Лука. Еден ден, при крајот на август, во 2010 год., тргнав да се прошетам до гробиштата недалеку од манастирот. На враќање, отец Лука помина со својот автомобил. Застана на патот, ми даде едно јаболко и една круша и ми се насмевна. Веројатно знаеше дека не зборував англиски, а и немаше потреба нешто посебно да ми зборува. До денес, не се обидов да го протолкувам тој негов гест, а и нема потреба од тоа. Најважно за мене беше што тој негов гест на татковска љубов остана во моето срце. На нашата прва средба со него како ректор, отец Лука ни рече дека од сите искушенија во Џорданвил, најмногу

да се чуваме и да бидеме трезвени од едно: а тоа е од ѓаволот на клеветата. Овие зборови ги задржав во својот ум и како што минуваа годините, се покажа дека навистина имаше многу искушенија од овој вид.

Дефинитивно, оваа семинарија се разликува многу од сите други затоа што е дел од манастирот, и ние студентите, на некој начин живееме манастирски живот. Не може секој да се адаптира на ваков живот. Не е лесно, но е благословено. Јас уживав во ова. Пред да дојдам овде, имав мал страв во себе, но знаејќи дека одам во манастир, се охрабрував. Знаев дека доколку би имал искушенија, во секое време би отишол во црква и плачејќи би го молел Бога да ме избави. Згора на тоа, кога бев прва година, моето послушание беше да ја чистам црквата. Прекрасно беше. Секој ден по два часа го чистиш восокот наземи, ги бришеш иконите на светителите, го чистиш светиот олтар...

Во оваа Светотроитска семинарија и манастир научив многу. Научив што значи манастирски живот, но за мене поважно е тоа што научив да се смирувам. Исто така, барем малку научив да барам прошка од другите зашто порано бев полош. Кога родителите го прекоруваат и го караат своето чедо, тоа им се лути, не согледувајќи дека тоа му го чинат од љубов. На почетокот таков бев и јас. Кога ме караа, се лутев, но како што поминуваа годините, и јас растев, почнав да согледувам дека тоа ми го чинеа од љубов, за да ме научат да бидам добар православен христијанин и богослов. Реагирав бурно затоа што бев горд, себичен, егоистичен... И знаете што? Отсега натаму, јас пак ќе бидам горд, себичен и егоистичен, но барем со своето живеење и студирање овде, научив како да се борам против овие страсти. Овде, во оваа семинарија, покрај тоа што учев, растев под духовното раководство на отец Лука. Често, кога ќе ме видеше, наместо да ме прашаше: „Како си?“, тој вака говореше: „Как спасаешся ?“[9] Слатки беа да се слушнат тие негови зборови.

Вчера, по петгодишно школување во оваа семинарија, ја примив во свои раце дипломата. Сè уште ми е чудно што се случи тоа. Невозможно беше да се скрие возбудата. Тоа утро, се разбудив многу рано и никако не можев да заспијам. Во седум решив да излезам и да прошетам низ шумата, додека мојот другар Борислав сè уште спиеше. Сакав да бидам малку сам и да созерцавам за Бога и за тоа „што понатаму?“. Кога се вратив назад, Борислав ме поздрави со зборовите: „Good morning, graduate!“[10] . Неговите зборови уште еднаш ме потсетија и ми потврдија дека навистина дипломирам и за неколку часа ќе ја држам в рака дипломата. Во девет и триесет започна божествената литургија на која чиноначалствуваше поранешниот поглавар на Американската православна црква, господин Јона. На крајот од литургијата, митрополитот

9 Како се спасуваш?

10 Добро утро, дипломецу!

одржа проповед за тоа како да го познаеме и искусиме Бога. Тој рече дека вечниот живот започнува овде и сега, со доживување на љубовта Божја овде на земјата. Единственото место за да се најдеме вистински себе и да бидеме надвор од нашето его е да учествуваме во живиот опит на Неговата благодат. Понатаму, тој ги повика лаиците да станат садови на Светиот Дух и да ја шират љубовта која може да биде најдена само во православната црква.

Во два часот попладне, официјално започна церемонијата на доделувањето на дипломите на 67. генерација, со литија составена од сите професори и студенти во манастирскиот конак од храмот. Таму се одржа благодарствен молебен на кој молитвено учествуваа професорите, студентите и гостите. По молебенот, повторно со литија сите заминавме во салата на Семинаријата каде што се одржа целата церемонија на доделување на дипломите. Ректорот, отец Лука, со свое кратко слово ја прогласи за отворена 67. церемонија на доделувањето на дипломите за оваа 2015 год. Митрополитот Јона произнесе свое слово во кое нагласи колку е важно да се стекне Божјата благодат и да се работи на своето спасение. Нам, на новите дипломци, ни порача секогаш да го читаме Светото писмо и секогаш кога ќе се појавуваат проблеми во Црквата, и ние како идни пастири кога ќе треба да ги решаваме, да се повикуваме на Светите Отци на Црквата.

Сега сакам да напишам неколку детали за моето школување тука. Ак нешто не сакав, тоа беше пишувањето есеи. Додека не дојдов да студирам овде, немав пишувано, а згора на тоа, има премногу правила. Да, американскиот стил на пишување есеи содржи многу правила кои мора да се следат, но кога еднаш ќе се научат, понатаму ќе биде лесно. Како и да е, не бев оставен сам на себе. Оваа семинарија има добри професори кои ќе потрошат извесно време со студентите за да им помогнат да научат. Еден од нив беше отец Андреј. Тој не само што ми помагаше туку неколкупати и ми рече да дојдам во неговата куќа со своите материјали за да ми го објасни она кое ми беше тешко да го разберам. Да одиш во домот на својот професор за да учиш? Тоа навистина е грижа за своите студенти! Има неколку карактеристики по кои засекогаш ќе ја паметам оваа семинарија:

- Практичните работи кои ги научив: литургија, со тоа што активно бев инволвиран на црковните богослужења.
- Разните послушанија кои ги работев и кои ми помогнаа да стекнам црковна дисциплина – работејќи со монасите, да изградам пријателство со нив.
- Честите исповеди кои ми помогнаа да пораснам духовно.
- Пастирските часови на отец Григориј, каде што тој често ни раскажуваше примери од своето лично искуство како свештеник.
- Часовите на отец Лука по Патрологија. Ах, колку само ќе ми недостигаат неговите предавања!

Додека работев и го пишував својот дипломски труд, на тема „Жива историја“, еден од отците ми го кажа следново: „Земи го сето она кое ти е дадено, храни го она кое веќе го имаш. Ќе можеш ли повторно да се вратиш овде? Она кое го прими и научи овде, којзнае дали ќе го добиеш на други места.“ Го гледам ова место; исто е како што беше порано – тие луѓе тогаш беа вистински аскети, молитвеници и работници – и денес е така. Јас ја чувствувам благодатта, ја добивам на литургијата. Ние мораме да живееме со Бога и да веруваме во Него. Верувам дека Тој се грижи за сѐ. Не губи го срцето. Зошто страдаше Господ? Згора на тоа, Тој беше Бог. Тој не се откажа. Не ги уништи со вода и со оган оние кои го распнаа. Затоа, биди силен. Сиот твој труд те прави да бидеш силен. Господ ќе го награди твојот труд. Без Него, ни домот Божји не напуштај го.

Поради големата оддалеченост, мојот владика, дедо Стефан, не можеше да биде на моето дипломирање, иако многу го сакав тоа, но затоа по своја должност ќе наредам неколку слова и за него. Пред да дојдам да студирам овде, тој ми рече:

„Стојанче, теологијата е нешто кое се учи низ целиот живот. Во Џорданвил посвети повеќе внимание на јазиците зашто подоцна ќе ти бидат потребни во твојот живот.

Не можам, а да не пишувам и за отец Кипријан, кој е декан и воспитувач на студентите. Тој беше со нас буквално 24/7. Секогаш кога ќе се разболев, ќе затропав на неговата врата, и тој ме снабдуваше со медикаменти. По потекло е Грк, но во овие пет години, еден единствен проблем немав со тоа. Ниту еден! Отец Кипријан е прекрасна личност, монах – а за нас студентите, татко и брат. Таквите, со срце отворено за сите, се ретки. Уште пред да дипломирам, дедо ми ми вети дека кога ќе се вратам назад, ќе направи скара за мене и ќе се радуваме на моето дипломирање. Тоа не се случи зашто тој се упокои неколку месеци пред денот на моето дипломирање. Уверен сум дека тој вчера се радуваше на врачувањето на мојата диплома.

Низ годините научив, барем малку, да бидам прозрачен во своите животни расудувања и да продрам низ ансамблот на животните игри кои катадневно го менуваат ритамот на играњето. Немајќи друг избор, морав да се приспособувам, без обзир на тоа колку бев зачмаен со животните грижи. Честопати бев обојуван со духовна борба при што имаше периоди кога мислев дека ќе потонам во понорот на земјата. Многупати се залажував со лаги сугуби, но тоа ми помогна да научам дека без Бога не можам ништо да направам. Навистина ништо. Еднаш некаде напишав, и сега пак ќе го сторам тоа: „Во младоста живееме од подвизи, а во староста од спомените.“ Ова се словата на еден мој љубен монах кои ми покажуваат да размислувам дека

за сè во животот треба пот и труд. Лебот треба да се заработи за да се јаде. И уште нешто. Каков живот му принесувам на Бога?

Го молам Бога да ми даде Божествено созерцание зашто само така ќе растам во верата и ќе се уподобувам на Него. Понекогаш, потребно е ние луѓето да принесуваме покајание како Ниневјаните, за да ни бидат избришани беззаконијата. Морам да признаам дека многу солзи се лееја по моето лице тој ден, за време на божествената литургија. Бев радосен и Му благодарев на Бога за тоа што ме удостои да дојдам до крајот на своето школување. Навистина сум најсреќниот човек на светот зашто го имам Бога. Го имам Оној Кој *во почетокот беше Словото, и Словото беше во Бога и Словото беше Бог.*

Сето ова го поминав во овие пет години. Од денес го започнувам животот на една скала погоре. Таа ќе биде потешка, но сè додека го имам Бога, ќе сјае со неизмерно блаженство.

Патот кој води во живот без тага... таму насочувај ме, мил мој Христе.



НЕГОВАТА ВОЛЈА И МОЈАТА ВОЛЈА

Да! Да се даде својата волја како човек со слабости е дефинитивно тешко. Луѓе сме од крв и месо и сакаме сѐ да е по наша волја. Понекогаш размислувам за Господовата молитва „Оче Наш“ и гледам како некои слова празно ги изговарам. Поточно, зборувам „да биде волјата твоја“. Лесно е да ги изговориме, но на дело? Некако запнува работата. Доаѓаме до ситуација како да почнуваме да се пазариме со Бога и му велиме: „Ова го сакам, дај ми го.“ Дру пат: „А... не, тоа не, ајде онака нека биде.“ Е па, сега, никако не може да ни годи. Така не оди. Или ќе одиме во овој правец или во оној. Се сеќавам, еднаш, отец Лука, игуменот на Теолошкиот факултет, на една епархиска конференција, го рече следново во врска со ова: „Кај Бога нема пазарење. Ќе ви дадам еден едноставен сликовит пример. Тој има царство. Во тоа Негово царство има правила. И Тој ни вели: 'Еве ги правилата во ова царство. Ако сакате да бидете дел од него, следете ги.' Подобар пример од ова, здравје. Во туѓа куќа не се оди во свои правила, туку ги почитуваш неговите.“

Честопати сум бил на раскрсници, и одлучувањето по кој пат да се тргне не е секогаш лесно. Како помал сакав сѐ да е по мое и веднаш да се исполни тоа. И знаете што? Не оди така. Има нешта кои треба да се научат во животот. Кога налетувам на таквите раскрсници, Го молам Бога Тој да одлучи што е најдобро за тебе. Сега знам дека работите не се исполнуваат прекуноќ. Потребно е време. Пред неколку години ги молев Него и Мајката Божја да ми помогнат да си најдам девојка. Четириесет дена читав акатист катадневно, но на крајот не излезе работата. Додуша, запознав едно девојче, но работите излегоа малку од контрола, и ништо не се случи. Не можам стручно да говорам за Божјата волја, но лично можам да раскажам низ нештата кои ги имам поминато.

Кога си овде студент речиси десет години, односно, кога си со таков статус во САД, понекогаш е фрустрирачки. Прво, легално не можам да работам каде што сакам. Слава на Бога, Тој ми даде добри луѓе и ме стокми. Честопати бев во искушение да склопам граѓански брак колку да земам документи, но совеста никогаш не ми дозволи. Си реков ако Бог сака, ќе најде начин како да се среди тоа. Патем, речиси десет години аплицирам за зелена карта на лотарија кога секоја година државата ја распишува, и пак ништо. Одвременавреме се полнев со фрустрации ама гледав тие да не ја надминат Божјата волја. Со други зборови, прибегнував кон Неговата Волја.

Пред три години, еден мој брат во Христа ми кажа дека еден парохиски храм на Американската православна црква во Џексонвил, Флорида, бара да вработи верски асистент и директор за млади. Аплицирав и разговарав со отец Тед. Имавме интервју преку телефон, и тој ме покани да отидам таму еден летен викенд за да ме запознаат тамошните паројхани. Тие ми ја платија авионската картата, како и хотелското сместување. Пред да продолжам понатаму, морам да кажам дека откако дојдов во Кармел, никако не можам да поднесам топло. Овде времето е константно и кога е најтопло, достига до 65-70/ 18-21˚С. Кога човек ќе се научи на ваква клима, колку само ќе има проблеми во горештината, особено во Флорида каде што лете не само што е топло туку и од спарно не се диши. Како и да е, заминав таму токму со средината на јуни. Беше многу топло. Таму ги запознав сите. Пред да отидам таму, отецот побара од мене да напишам проповед за таа недела и да ја произнесам. Тоа и се случи. Истиот тој ден, организиравме собир во еден дом каде што речиси сите помали деца беа таму со родителите. Мене ме оставија да бидам со нив и сакаа да го видам мојот однос кон нив и дали ќе бидам соодветен за таа позиција. Утредента се вратив назад во Калифорнија, а по неколку денови отецот ми кажа дека сите се импресионирани од мене и дефинитивно ми ја нудат работата. Не му одговорив веднаш, туку некако ја развлекував и ја тегнев работата со разни оправдувања: прво да завршам школо и така натаму. Најголемиот проблем ќе ми беше горештината, односно, спарноста на Флорида.

Поминаа две и пол години оттогаш. Еден ден Борислав, кој ми е како брат, ми се јави од Чикаго и ми рече дека ќе заминува од неговата позиција како пастирски асистент од грчката црква во градот Милоки во Висконсин и сакаше мене да ме претстави. Ми рече: „Ова ти е одлична шанса зашто ќе те спонзорираат за виза." Патем, тој знаеше колку ми се заарни во Калифорнија и често ми велеше: „Не, бе, ти нема да заминеш од Кармел. Кај се видело некој кој живеел во Калифорнија да дојде во Висконскин?" Секогаш кога ми го зборуваше тоа, ме смееше. Јас, пак, вака му велев: „Ќе заминам од тука само под еден услов: ако ти дојдеш овде и силум ме изнесеш од дома." Овој пат кога зборувавме ми рече да бидам сериозен и ако речам „да", да останам на тоа. Му реков да ми даде неколку денови да размислам и да се помолам, па ќе му кажам. Решив преку молитва да најдам одговор. Таа вечер на две ливчиња напишав „to go", „not to go",[11] и нацртав крст на секое од нив. Утредента многу рано заминав за Сан Франциско, на литургија. Таму се служи литургија секој ден. Тоа утро служеше отец Петар. Пред литургијата, влегов во олтарот, му ги дадов затворените ливчиња на отец Петар и му реков: „Отец, можеш ли овие ливчиња да ги ставиш на престолот додека трае

11 „Да одам", „да не одам".

литургијата зашто имам многу важна одлука да донесам.“ Тој го стори тоа за мене. Литургијата ја поминав горе на балконот, на колена, и го молев Бога за одговор. Морам да кажам дека имав некоја внатрешна борба во себе и почнав да размислувам: „Што ако извлечам *да* или *не*?...“ Потонував во мислите и си реков: „Престани! Ти моли се и остави на Бога.“ Беше некако тешка борбата во мене, но се предадов на Божјата волја и бев решен да го прифатам кој било одговор. Завршив литургијата, ги зедов ливчињата, ги положив над нетлените мошти на свети Јован Шангајски и Санфрациски и прочитав акатист. По него и по акатисните молитви кон светителот, се прекрстив и реков: „Господи, свети Јоване, одлучете...“, и без да гледам извлеков едно од ливчињата. Срцето силно ми чукаше, но бев подготвен да се покорам и да го прифатам кој било одговор. Го отворив ливчето што го извлеков и во него беше „not to go“. Некако ми олесна. Го сликав со телефонот, му го пратив на Борислав и му напишав: „Еве го мојот одговор, Борислав.“ До ден-денес се сеќавам каква само борба водев во себе, особено со помислите, но бев решен да оставам на Бога, и да го следам тоа.

Седум месеци по сето ова, отец Тед од Флорида ми напиша е-писмо каде што ми кажа дека таа позиција е отворена и дали сакам да ја прифатам. Некако се возбудив и бев решен да го сторам тоа. Без размислување му реков дека 90 проценти одговорот ми е „да“. Во тој период, почнав да се исповедам кај владиката Теодосиј, викарен епископ на рускиот Архиепископ на Сан Франциско и Западна Америка – Кирил. Чудесен човек со блажено смирение. Барав некој на кој ќе можам да му се отворам. Едно е да имаме исповедник, ама друго е духовник. Тоа второто го барав. Патем, владиката Теодосиј живее во домот „Свети Тихон“ каде што живеел свети Јован Шангајски и Санфрациски. До денес постои храмот посветен на свети Тихон и се служат неделни литургии. На отец Тед неофицијално му потврдив, а отпосле се сетив дека ќе разговарам со владиката во врска со ова прашање. Со други зборови, не побарав благослов. Дотогаш, владиката Теодосиј не ме познаваше целосно. Му пратив порака во која му кажав за оваа можност и дека тие ќе ме спонзорираат за религиска виза која е важна за мене и за мојот иден статус. Владиката, без нешто да ме распраша, само ми рече: „Не оди.“ Малку се штрекнав кога ја прочитав пораката и почнав да негодувам. Пак му пишав, при што почнав да му објаснувам и така натаму. Тој пак ми врати вака: „Немој да бидеш досаден. Ти реков не. А за виза и слично, јас со години бев како тебе, па сè се среди.“ Во себе бев лут и си велев: „Како така ми кажа ‘не‘, а дури не ме ни познава доволно. Зошто така?“ Малку негодував, но решив да бидам послушен за она што ми го кажа. Така, малку засрамен, му напишав е-писмо на отед Тед во кое му реков дека немам благослов и дека морам да се држам до тоа послушание.

Низ овие два случувања, имав можност да работам на својата професија и да ме спонзорираат за религиска виза, која по неколку години ќе пораснеше во зелена карта, но Божјата волја беше „not to go", и „не оди". Интересно е тоа што кога очајно барав можност да се средам, не се отвораа вратите. Кога имав две можности, тогаш кога најмалку очекував, во време од седум месеци, добив двапати „не". Денес кога размислувам, одлуките Негови беа точни. Како? Во тој период сè уште бев во школо и не бев завршен. Затоа, кога сме очајни за некои работи, не значи дека треба да оставиме сè што сме започнале и да одиме по нов автопат. Дотогаш инвестирав две и пол години во мојата втора и трета диплома, како и школарина, и сега да оставам сè? Тоа не би било мудро. Патиштата Божји се чудни. Неговата волја и мојата во никој случај не се рамнат, ниту, пак, некогаш би се рамнеле. Како велат Американците: „If you want to make God laugh, tell Him your plans."

ОТЕЦ ГЕОРГИЈ – ГРИЖЛИВИОТ ТАТКО

Поздравно слово за неговиот 60. роденден

Црквата е грижлива мајка која дава сè од себе за своите чеда. Милиот Христос не престанува да ја излева Својата благодат врз нас, Неговите созданија, преку оние на кои Тој им ја довери Својата нива. Љубовта нивна достојно се покажува преку нивните дела. Срцето на отец Георгиј е вистинско татковско. Отец кој љуби, се грижи.... Оваа година навршија 60 години од неговото раѓање. По тој повод му подготвивме мало изненадување, со многу љубов.

Возљубен оче Георгие и татко на овој храм!

Кога дојдов во Калифорнија, еден монах од Детроит ми го кажа следново: „Ќе ти кажам нешто. Кога бев на твои години, еден монах ми рече: 'Немој воопшто да ја отвораш вратата на искушението зашто штом еднаш ја отвориш, цел живот ќе се трудиш да ја затвориш и можеби нема да можеш да ја затвориш.'" Навистина овие слова носат вистина. Сега, кога живеам во светот, гледам колку е тешко да се зачува чистотата на живеење христијански живот. Уште од самото мое доаѓање овде, бев земен под закрилата на оваа црква и Вашето духовно раководство. Зад мене имав и сè уште имам личност која ми помага да чекорам правилно.

Не знам што значи да се биде татко, но откако дојдов во овој храм, се почувствував љубен од Вас. Во мојата земја има поговорка која вели: „Домот не се наоѓа каде што е куќата, туку онаму каде што е топлината." Во овој храм ја почувствував Вашата топлина и топлината на Вашето семејство. Кој би помислил дека еден ден ќе дојдам во овој мал прекрасен храм? Самиот знаете колку го љубам свети Јован Шангајски и Санфрациски, и тоа беше причината што сакав да живеам на Западниот Брег на САД. Живеејќи овде, примив повеќе отколку што би можел да побарам. Завршив во овој храм, со многу прекрасни Ваши парохјани. Вие бевте еден од неколкуте свештеници на првото отворање на нетлените свети мошти на св. Јован. Уште повеќе, денот на кој беа отворени е и Вашиот роденден. Додека возевме заедно за Сиетл, ја имав таа благословена можност да дознаам лично, од прва рака, за Вашето искуство околу тој историски момент за православната црква на отворањето на светите мошти. Цврсто верувам дека свети Јован ме донесе во овој храм каде што Вие сте свештеник. Вашето срце беше и сè уште е отворено за мене, како и за сите.

Се присетувам на моментите што ги поминав со Вас како: нашето патување до Сиетл; до Светотроицката семинарија во Џорданвил, Њујорк, каде што своевремено и обајцата завршивме факултет; дури и на Хаваи каде што ја имав можноста да поминам време со Светата мироточива икона на Богородица. И самиот знаете колкаво беше моето желание да одам на Хаваи, и тој сон стана реалност.

Често размислувам како завршив во овој храм во Калифорнија? Од сите православни цркви, па дури и од македонските, мал руски храм широко ми ги отвори вратите. Овде, исто така, станав Ваш личен асистент. Навистина нашиот Бог промислува за сè! Речиси еден година сум во овој храм. За сето ова време, Вие ми помогнавте да ја искусам и да научам за свештеничката одговорност во парохија. Како што знаете сите, се надевам еден ден да му служам на Бога како ереј. Мојата иднина – дали ќе останам овде или ќе заминам – е неизвесна, но ќе Ви кажам нешто: каде и да ме однесе Бог, дали во Македонија или некаде на друго место, моментите и искуствата со Вас секогаш ќе бидат живи во мене. Исто така, неколкуте интересни моменти што ќе ги паметам се: благословувањето на луѓето по Господовата молитва со ракавица во Вашата рака и моментот додека го пеевте великиот Прокимен на вечерната на Пасха. Се смеев сè додека моите очи не се наполнија со солзи. Вие навистина имате смисла за хумор, како и голема смисла за одговорност за служење на Бога. Тоа е нешто кое и јас се надевам да го имам еден ден.

Знам дека словата „Ви благодарам“ не се доволни, затоа сакам да Ви дадам нешто што секогаш ќе Ве потсетува на мене. Ова е една од моите омилени фотографии. Лично ја направив пред неколку месеци и одлучив да ја врамам.

Возљубен оче Георгие, денес го чествуваме Вашиот 60. роденден. По тој повод, примете го мојот подарок и Ве молам, спомнувајте ме во Вашите молитви.

Ве љубам, оче Георгие, и Ви благодарам за љубовта што ми ја дадовте!

На многаја и благаја лета!

Во Христа,
ипоѓакон Стојан Андов
03.09. 2016
на денот на споменот на отворањето на моштите
на свети Јован Шангајски Санфрациски,
предадено во недела, 02.10. 2016
храм „Св. Серафим Саровски“, Калифорнија

НОВ БРАТ ВО КАЛИФОРНИЈА

Да се седне и тукутака да се пишува, а без да се активираат срцето и спомените, не оди. Пишаното мора да има смисла, да има дух, да има пријатен звук кој ќе ги ниже зборовите кои ќе ги носат спомените од минатото. Од минатото не се бега, ама и зошто пак? Сѐ е за поука и наравоучение.

Овој текст го оставив за последен од овој дел. Понекогаш ми треба време за некои личности или настани. Не се случува секогаш така да седнеш и да пишуваш. Всушност, денеска решив да возам на автопат низ Big Sur. Возејќи на југ, десно е океанот, а лево се планините. Таков е средниот брег на Калифорнија. На педесет минути возење, на едно високо брдо има еден ресторан Nepenthe, со поглед кон океанот и дел од брегот на југ. Ако нешто ми дава спокој, тоа се океанот и природата. Затоа често доаѓам овде, дури и за една маргарита. Додуша, доаѓам главно поради погледот, амбиентот, сето она што го нарекуваме „надвор од светот". Да, „надвор од светот". Кога ниту мобилниот телефон не работи, тоа е уште една изолација од бучното.

Седејќи на мини барот кој е надвор, со чаша шардоне од долината Напа, и гледајќи го долгиот брег со планините и океанот, ако не изустиш, тогаш срцето ќе каже: „Колку се големи делата твои Господи...", и уште: „А, тоа море и големо и пространо..." Тоа се тие нешта за кои можеме да зборуваме, но доживувањето е врвот.

Фајсал е богољубивиот човек за кој ми требаше време за да нанижам слова... Виновен ќе бидам ако не кажам нешто за него зашто има многу да се каже. Ако во некој видов што значи да се биде православен христијанин на дело, христијанин кој ги става другите први пред себе – тоа е тој. И друго нешто: крај него научив дека ако нешто денес ни недостига нам, христијаните, тоа е милосрдието. Ми се чини Бог ќе ни суди за тоа зашто станавме мрзливи за тоа прашање. Историјата како го запознав овој брат во Христа е оваа:

Откако дипломирав во Џорданвил, пет месеци живеев во Детроит во манастирот „Свети Сава Освештен". Калифорнија секогаш ми беше во срцето и никако не можев да ги оттргнам тие помисли од себе. Прва и главна причина беше поради свети Јован Шангајски и Санфранциски. За тоа има напишано цело поглавје. Второ, природата, океанот и тие чудесни калифорниски брегови... едноставно сето тоа ме влечеше. За мене, реално, сето тоа беше невозможно зашто не познавав никој, ама Бог ги отвори вратите. Со моето преселување во Кармел, Калифорнија, се поврзани две истории за кои сметам дека треба да се зборува. Првата, кога бев IV за V година, една и пол

година пред да се преселам во Калифорнија, Борислав, богослов во грчката Богословија во Бостон, и уште еден Балканец се договоривме да отидеме во Сан Франциско кај свети Јован. Секако ќе одев зашто секоја година го чекав тоа. Патем, им реков ако сакаат, и тие да дојдат да се поклонат кај свети Јован. Плановите беа по Сан Франциско, да возиме до Лос Анџелес. Борислав предложи да возиме надолу по брегот до Лос Анџелес. Беше јануари. Рано наутро, во шест часот, изнајмивме кола и почнавме да возиме. Борислав, барајќи на интернет место каде што ќе појадуваме, налета на Pebble Beach Resort и на еден од престижните ресторани. Јас, полузаспан, се сеќавам дека тој зборуваше на телефон со еден од нивниот тим кој му даваше инструкции, и така возејќи, стигнавме до портата каде што се наплаќа за во тој ресорт. Всушност, Pebble Beach е дел од полуостровот Монтере каде што, исто така, е и малиот град Кармел. Во тој ресорт живеат оние од „големото добро утро", и не може секој тукутака да оди таму, освен ако не си турист или не одиш во еден од двата хотела таму. Ја поминавме првата порта и внатре наидовме на друга. Тогаш му реков на Борислав: „Батко, ова не личи на Кармел, туку на сосема друго место, и тоа, престижно. Ама веќе е доцна, та кога сме веќе тука, ќе чиниме како што ќе ни се пружи." И така, стигнавме до хотелот каде што сите нè пресретнуваа професионално, а имаше и посебен тим кој ни ја премести колата, додека ние влеговме во престижниот и скап ресторан на појадок. Дефинитивно не зажаливме. Тоа рано јануарско утро на појадок во Pebble Beach погледот од масата беше кон океанскиот залив. Тоа беше неописливо. Јас како јас, изгорен сум по океанот. Потоа, застанавме на една место покрај океанот. Дуваше океански ветар. Во еден момент, застанав на една карта, и така убаво ми дојде на душата што му заблагодарив на Бога и си реков: „Ах, колку сакам тука да живеам, покрај океанот." По сето ова, продолживме да возиме по познатиот автопат Highway 1. Кармел не го видовме, туку само возевме покрај него.

Година и пол по ова, од Њујорк завршив не само во Калифорнија туку и во Кармел. Откако дипломирав, се преселив во Детроит каде што живеев неколку месеци, но срцето не ми беше таму, туку во Калифорнија. Отсекогаш сакав да живеам таму, прво и главно поради свети Јован Шангајски и Санфрациски, а и да бидам поблиску до Хаваи, до мироточивата Света икона на Богородица. Во реалноста, тоа беше невозможно зашто никој не познавав таму и ја немав таа сигурност во себе, но сепак, срцето ми мечтаеше за тој крај. Всушност, пред неколку години запознав еден брат во Христа, Мартин, кој живееше во Сан Хозе. Еднаш отидов во еден храм во Милпитас кој е под Ерусалимската патријаршија, каде што двајцата отци се близнаци, отец Џирис и отец Моин. Кога служат литургија заедно, не знаеш кој е кој –

идентични се. Еднаш, сакајќи да се исповедам кај отец Ѓирис, налетав на отец Моин, мислејќи дека е отец Ѓирис. Како и да е, Мартин знаеше колку сакам да живеам во Калифорнија и ми рече: „Во Кармел има еден православен, Фајсал, кој има неколку ресторани. Зборувај со отец Ѓирис, нека му спомне на Фајсал и може ќе ти даде работа.“ Тоа и го сторив. Разговарав со отец Ѓирис по телефон, и тој ми рече дека ќе зборува со Фајсал. Оттогаш поминаа неколку месеци, а отецот не ми јави, и си реков: „Не мисли си дека ќе одиш во Калифорнија.“ Се случи обратното. Отецот ми се јави, ми рече дека разговарал со Фајсал, и тој му рекол јас да му се јавам. За првпат му се јавив на Фајсал. Тој ми рече: „Дојди на две недели, да видам како ќе работиш и понатаму ќе видиме како што ќе оди.“ Длабоко размислував за тоа и си реков во себе: „Што ако не му се допадне како работам?... и сл. Да одам таму на две недели и пак да се вратам во Детроит... тоа не бива. Ништо, ќе одам во Њујорк. Таму барем познавам луѓе и ќе работам во еден од македонските ресторани и ќе мијам чинии.“ Веќе го решив тоа, купив карта за Њујорк, му се јавив пак на Фајсал и му реков: „Фајсал, ти благодарам, но јас нема да одам во Кармел. Не се чувствувам сигурен и не знам никој. Сепак, уште еднаш ти благодарам.“ Тој ми рече: „Нема проблем. Ако се премислиш, слободно јави ми се.“ Авионската карта за Њујорк веќе ми беше купена и почнав да се спремам. Не се гледав во Детроит. Сепак, имајќи ја картата, длабоко во себе не бев исполнет. Калифорнија постојано ми одекнуваше во срцето. Го немав тој мир и чувствував некоја тежина и тага во себе. По неколку дена, пак му се јавив на Фајсал и го прашав: „Фајсал, во ред ли е ако дојдам во Кармел?“ Тој потврдно ми рече: „Секако, дојди.“ За недела и пол ја сменив авионската карта и летав за Сан Хозе, Калифорнија. Беше интересно тоа што откако се качив во авионот, почувствував како нешто тешко да се симна од мене. Тогаш сфатив колку голем непријател ни е стравот. Да чекориме со Бога напред и да не се плашиме зашто кога го имаме Бога, имаме сѐ.

Оттогаш, започна животот на Западниот Брег, во Калифорнија. Дента кога пристигнав, отец Моин ме пречека, а за да биде сѐ уште поинтересно, таа ноќ требаше да ја поминам во канцеларијата при храмот. Таа вечер, запознав едно младо грчко семејство, и некако работите се наредија, се спријателивме и преспав кај нив. Уште тој исти ден отидовме во Сан Франциско да се поклониме на нетлените мошти на свети Јован Шангајски и Санфрациски. Се сеќавам беше сабота. Ништо не беше планирано. Сѐ се случи на чудесен начин. Бог промислува. Утредента, Фајсал дојде од Кармел на литургија, па официјално го запознав. Од Сан Хозе до Кармел е околу час и дваесет минути со кола. Ги натоварив двата куфера, и заминавме. Првично, планот беше да спијам во една мала собичка во храмот Св. Серафим Саровски, додека да се стабилизирам. Стигнавме во Кармел, и Фајсал од нигде никаде ми рече:

„Ништо, остани тука кај мене." Тој тогаш изнајмуваше куќа и немаше слободна соба. Спиев во дневната, но првите неколку денови, на негово инсистирање, јас спиев во неговата соба, на неговиот кревет, а тој, во дневната. Ми рече: „Ти патуваше, уморен си. Спиј на креветот за да се одмориш убаво."

За Фајсал има навистина многу да се раскажува. По потекло е од Јордан и станал православен пред неколку години. Ако некој ме познава во последните пет години, тоа е тој. Верата во Бога многу нѐ поврза. Од него научив уште повеќе што значи милосрдие. Ако нам, христијаните, нешто не недостига, тоа е милосрдие. Сите се удираме во гради со тоа колку веруваме во Бога, а за оние на кои им е потребна помош, се правиме како да не слушаме и не гледаме. Ќе речеш Фајсал има три ресторани и е богат, но тоа не е точно. Секогаш беше подготвен да помогне онаму каде што требаше и на бедните. Неколку години материјално помагаше на куќен детски дом во Колумбија. Тој, кој не е ниту Македонец, ѝ помагаше и ѝ помага веќе неколку години на една самохрана мајка со три деца во Македонија. Еднаш го прашав, и ми рече: „Сѐ што треба." Ако не беше тој, не знам каков живот ќе имаше таа мајка. Од него земав пари и ги праќав секој месец. Кога и да му побарав за помош на некој, тој без размислување ќе ми дадеше и никогаш не се сомневаше или слично. Секогаш го има Бога пред себе. Често ќе ми речеше: „Само за Бога." Мене често ќе ме прашаше: „Ти треба нешто?" Поради него, се одржував во Кармел. Животот во Калифорнија е многу скап, и додека живеев во Кармел, му плаќав кирија многу помалку отколку што некој друг би плаќал. Фајсал не само што помагаше туку и целиот се даваше во доменот на неговите сили. Од него научив многу работи. Вистински православен христијанин и брат. Во него ја видов таа чиста љубов за Бога и за ближните. Често, кога ќе се налутев некому за некоја мала и неважна ситница, помислував на Фајсал и си велев: „Застани, ти ѝ се лутиш на оваа личност за ова. Види го Фајсал. Колку многу луѓе ја имаат искористено и злоупотребено неговата добрина, и тој не им се лути, ниту пак таи гнев во себе. Молчи и учи." Никогаш не можев да го разберам тоа кај него, како не се гневи, туку секогаш е подготвен да помогне. Тој ми стана образец за милосрдие и проштавање. Мене отсекогаш милосрдието ми е на прво место, но преку Фајсал видов колку е важно тоа. Лично, верувам дека ако не сме такви, Бог строго ќе ни суди за тоа. Во една прилика зборував со него на различни духовно теми, додуша многу често разговаравме на такви теми, и ми речеше: „Дај сѐ што имаш, дури и последното парче леб. Однесувај се кон другите како што ќе се однесуваш кон Христа. Пред да го познаам Христа и да ја живеам верата, имав страв. Сега веќе не. Дури и да имам, знаеш, поинаков е. Кога размислувам за верата, секогаш мислам на св. Јован Крстител кој вели: ако имаш две облеки, дај една на другиот. И еден

друг дел во Евангелието каде што се вели да им помагаме на угнетените и вдовиците. Овие две ми се основа.

На почетокот, ми беше тешко да давам затоа што работев за тоа што го имав, се потев за тоа. Кога го немаш Бога, така се водиш во животот. Мислев дека сето тоа е мое и дека го заслужувам тоа, па зошто да давам? Мораш да имаш надеж на Бога и да го правиш тоа. И кога го правиш тоа, нешто во тебе почнува да се буди. За мене, тоа беше сочувството. Кога почнав да го правам тоа, чувствував должност, и кога го правиш тоа, во срцето се случува таков пресврт што од должност, ти станува желание. Тој оган станува поголем од оној да имаш сочувство кон ближниот. Почнуваш да сочувствуваш со другите."

Го прашав како се справува со ситуации кога луѓето ќе ја злоупотребат неговата добрина повторно и повторно, а тој не се гневи. Го немам видено таков. Тој се насмеа и рече: „Ако веруваш во Божјата промисла и во Неговиот праведен суд, и нештата си ги сторил од срце, Бог допушта тие луѓе да те злоупотребат... се случува со причина. Треба да веруваш во тој процес. На крајот на краиштата, Тој е судија, не сум јас. Не сум јас овде за да се одмаздам. Тука сум да служам. Штетата доаѓа од злото." Понатаму, скромно додаде: „Јас не сум пример за милосрдие и сострадание."

Неговата поддршка за мене беше бескрајна. Бог ми го испрати со причина. Таа негова љубов ме научи колку само треба да биде безусловна и чиста. Кога зборувавме за Бога, а зборувавме повеќе од „често", во неколку ситуации ќе речеше: „Се надевам дека тоа го правам за Бога." Пред неколку години, на Велика Среда, му предложив да си ги миеме нозете еден на друг, во спомен на смирението на Христа, и така да се смируваме еден кон друг. Тоа ни стана наша лична братска традиција и секоја година истото го чиневме. Ќе го кажеме Трисветото, го пеевме тропарот „Кога славните ученици...", го читавме Евангелието со тој настан, и си ги миевме нозете еден на друг, целивајќи ги. За мене лично, тоа е блажено и неописливо. Една од заедничките молитви, кои често ги чиневме, беше Трисвето, византискиот напев на глас. Ќе почнев прво на англиски, па Фајсал на арапски, и третиот пат на црковнословенски. Убаво беше да се види на дело псалтирниот стих *колку е убаво кога браќата живеат заедно.* Доколку само читаме, а не се трудиме да исполнуваме на дела, залудно ќе биде сѐ. Кога мислам на Фајсал и на моментите кои ги имав последните пет години, а особено времето кога живеев со него, едни слова на старец Георгиј Капсанис ми одекнуваат: „Нема такво нешто како христијанин без крст и борба. Нема такво нешто како христијанин кој го следи лесниот пат. Некои луѓе мислеа – и мислат – дека да се биде христијанин значи да се почитуваат одредени заповеди и да се има лесен живот, со удобности, со светски просперитет и безбеден живот, во човечка смисла. Тоа не е христијанин. Христијаните се луѓе кои се борат секој

ден. Тие се борат за да го сакаат Бога. Тие се борат да ги сакаат своите браќа и сестри."

Исто така, има една поговорка на англиски „Live what you preach".[12]

Тоа е Фајсал, сега мојот кум на нашата свадба. И онака за друг не ми доаѓаше во умот. Ова е мојот, веќе не нов, брат во Калифорнија кој додека го дишам воздухот, ќе биде во моето срце. Има многу да се учи во животот, сè додека не умреме, но и да се чува љубовта што сме ја научиле од некој – и таа треба да се чува и да се спроведува на дело зашто камени порти отвора.



12 Живеј го она што го проповедаш.





II ДЕЛ

ПРЕСВЕТАТА МАЙКА НАША БОГОРОДИЦА

Особено за Пресветата,

Пречиста, Преблагословена,

Славна Владичица Наша Богородица и

Приснодева Марија!

Животни дејствија и записи со Нејзината Икона.

СВЕТА ГОРА

Тас најмалку имам право да пишувам за оваа чудесна градина, за градината на Пресвета Богородица. Секој кој бил таму, знам дека има свое духовно и телесно доживување или свое мало преображение. Ако имам слабост, а имам многу, едната од нив ми е отвореноста, зашто сакам да споделам сè со своите. Таков бев од мал, а и некако немам желание да го сменам тоа. Нормално, како што растам, учам кому да му ги откријам бисерите, зашто не знае секој да се радува на нашата радост. За жал, такви сме луѓето. Кога твојата радост ќе стане моја, а твојата болка моја, тогаш ја запечатуваме љубовта кон ближниот. Најлесно е да си угодиме себеси, но да ги ставиме ближните пред самите себе... Тогаш некако ни се замаглуваат очите и не сакаме да гледаме.

Во оваа Гора одамна сакав да отидам. Откако заминав за САД, патот не се отвораше така лесно, но тоа желание го таев во срцето и само чекав прилика. Познато е дека да се отиде на Света Гора, потребни се таканаречени визи „диамонитирион". Уште поинтересно е тоа што монасите старокалендарци во Бостон ми помогнаа за тоа. Им кажав кои манастири сакам да ги посетам, и тие сè завршија. Летото се вратив на одмор во Македонија и по една недела заминавме со Антонио. Света Гора е навистина посебно парче земја. Ништо друго не гледаш и не слушаш наоколу освен цркви, монаси и звуци на камбани. Далеку од светот – тоа е прекрасно доживување. Секој ден посетувавме разни манастири. Прво бевме во Хиландар, на чудотворната икона на Богородица – Троеручица. Од таму, на неколку часа кинисавме до Славјанобугарскиот манастир „Свети Георги Зограф". Двајцата решивме да се потрудиме колку што можеме целосно да го доживееме тој светогорски дух. Така, од Хиландар, решивме пешки да одиме во Ватопед. Не знам дали да пишувам за далечината. Не знам како стигнавме. На сред ден, повеќе од три часа преку планини, долини и брда, успеавме да стигнеме пред да ги затворат вратите. Не ми се верува дека луѓе одат толку долго, ама ние првпат на Света Гора, и ајде, си го фативме патот пешки. Патот поминуваше покрај Есфигмен и таму застанавме да се поклониме. Ватопед е огромен, всушност, најброен со монаси, и е како град. Таму се чува дел од појасот на Пресвета Богородица, главата на свети Јован Златоуст, при што едното уво е нетлено, како и многу други свети мошти. Имаат седум чудотворни икони на Пресветата, и секоја од нив има свој настан. Понатаму, од другата страна на Гората навративме во рускиот манастир „Свети Пантелејмон", Григоријат и Симонопетра. Една вечер останавме во скитот „Свети Андреј" во Кареја. Утредента на литургијата имаше замонашување на еден отец во инвалидска

количка. Од Ватопед, заминавме во овој скит на преноќевање и утредента се случи да служи отец Ефрем, игуменот на Ватопед. Блажено беше да се гледа детската радост на новозамонашениот отец. Колку само се радуваше, буквално како детенце. Таа слика засекогаш ќе ми остане во спомените.

Следното лето кога пак се вратив дома, веќе бев со намера повторно да појдам на Света Гора, но само во два манастира, каде што ќе поседам неколку дена за да го доживеам тој манастирски живот на Атос. Првиот пат одевме од манастир во манастир, а сега решив само во неколку, на повеќе денови. Овој пат го зедов Филип од Кочани со кого се дружев кога бев таму. Немаше пасош, па му направив по брза постапка, и заминавме. За ова второ одење има многу да се говори. Прво, во животот секогаш наидуваме на искушенија, особено кога одиме на свети места. Заминавме со автобус од Скопје за Солун. На граница, возачот на автобусот ги зеде пасошите и ги однесе надвор на полицијата. Кога сѐ заврши, ни ги подели сите. Не знам како се случи, но мојот пасош завршил кај едно момче што беше зад мене, а неговиот, кај мене. Јас не го ни отворив пасошот да го проверам, туку го ставив назад во ранецот. И момчето направил исто како мене и го преспало целиот пат. Пристигнуваме со Солун. Од таму јас и Филип фативме градски автобус до другата автобуска станица која е на четириесет минути од каде што се чека автобусот за Уранополис, а до таму има два часа возење. Отидовме на шалтер да извадиме карти. Човекот зад шалтерот ни побара лична идентификација за да ни издаде автобуски карти. Го извадив пасошот, го отворив и кога видов друг на сликата, се запрепастив. Малку ме фати паника – додуша, малку повеќе. Од тој момент немаше каде да се оди. Мојот пасош заврши кај едно момче од Велес, а неговиот, кај мене. И двајцата немаше каде да одиме зашто и тој остана без своите документи. Го молевме Бога само да е некаде во Солун, да не заминал подалеку. Размислував дали да пријавам во полиција, но прво со Филип се вративме назад во агенцијата, но таму не ни помогнаа зашто немаа никакви информации. Во еден момент не знаев што да правам – во друга држава без лични документи. Се сетив да го најдам Македонскиот конзулат и да отидам таму. Тоа и го сторивме. Додека пешачевме натаму, ми дојде една идеја: имено, имав пријателка од црква која работи во Министерството за внатрешни работи. Од Конзулатот ги замолив да ѝ се јавам во Македонија на жената. Зборував со неа и ѝ ја објаснив ситуацијата при што ја замолив да се јави во полиција во Велес и тие да отидат во домот на момчето, за да го побараат неговиот телефонски број, а јас да му се јавам и некако да се најдеме. Сето тоа се случи и успеав да дојдам во контакт со него. По неколку часа се најдовме во центарот на Солун и си ги разменивме пасошите. Колку само тежина ми слегна од мене. Во еден

ден успеавме да го средиме тоа. Веќе беше околу шест или седум навечер. Пак заминавме на автобуската станица од каде што требаше да најдеме автобус до Уранополис. Последниот веќе беше заминат, а следниот беше во шест наутро. И така, немајќи каде да се оди, а не ни се плаќаше хотел за неколку часа, ноќта ја поминавме надвор на клупите на станицата, со уште еден младич од Србија кој бил тргнат натаму. Ако не друго, ја научив лекцијата секогаш да го проверувам својот пасош, а не така да го ставам во ранец без да го проверам.

По сето ова, со душа чекав да стапнам на Света Гора и да одморам. Таму сè е убаво и мирно. Уште поубаво ми беше што бев на местото каде што никој не ме познава, далеку од сè, каде што ќе имам повеќе време да си посветам на себе и на мојата грешност. Овој пат со Филип отидовме во Ватопед. Некако овој манастир ми се врежа во срцето. На ум ги имав Ватопед и Симонопетра, но за таму не ни беше ништо испланирано зашто требало да се закаже и не се знаеше ништо – па сепак барав и чекав момент ако се отвори патот Божји да го посетам и него. Како што напишав погоре, Ватопед е како град. Имаат околу четиринаесет параклиси во манастирот и околу него. Она што уште повеќе ме импресионираше е тоа што секој ден од понеделник до сабота ја служат утрената во главниот храм посветен на Благовештението, а откако ќе заврши, сите излегуваат и ја служат литургијата во осум до десет параклиси. Во еден параклис до кај осум до десет луѓе. Колку беше убаво тоа! Така мирно, некако исихастички, во мал параклис со тројца монаси и неколку лаици. Литургиите во параклисите завршуваа приближно во исто време, и сите се собираа надвор пред трпезаријата, која е наспроти главната црква. Малата камбана ќе чукнеше, и беше време за јадење. Толку многу монаси како во Ватопед дотогаш немав видено. Монах до монах. Тоа беше прекрасно. Не знам како, но некако запознав еден монах од Грузија. Многу добар отец. Всушност, него го имав видено на интернет кога појасот на Богородица беше однесен во Русија, каде што овој отец му беше преведувач од руски на грчки на отец Ефрем, игуменот на Ватопед. Уште тогаш ми остави впечаток, а додека бев во манастирот, го здогледав и така го запознав и се здружив со него. Во една прилика го прашав дали е можно да поразговарам со отец Ефрем. Тој рече дека ќе се потруди да ми организира разговор. Едно утро за време на утрената, додека стоев во храмот, тој дојде кај мене и ме однесе во олтарот, каде што беше отец Ефрем, и така имав можност да поразговарам со него, а овој грузијски отец ни преведуваше од руски на грчки.

На втори август, на празникот на свети Илија, манастирска традиција е рано наутро да се прави литија околу манастирот со една од чудотворните икона на Бородица – Виматариса. Тоа беше чудесно. По утрената, ја изнесоа иконата од олтарот каде што таа постојано пребива, и започна литијата.

Манастирот е огромен, и литијата траеше околу два часа. Застанувавме на неколку места каде што се читаа ектении и прозби. Чудотворната икона ја носеа по двајца, и сите ние се менувавме одвреме-навреме. Беше радост и удостојување за таквата можност да ја носиме Иконата на Царицата Небесна. По литијата се вративме во манастирот, и започна божествената литургија.

Вториот манастир беше Симонопетра. Беше чудо како успеав да отидам таму на два дена. Пред да заминам на Света Гора, ми рекоа дека немаат место зашто немаат доволно соби за гости. Додека бев во Ватопед, го прашав грузискиот отец дали е можно од овде да им прати телеграма за да отидам кај нив. Тој го стори тоа, и од немајкаде, ме примија. Имаше место само за еден. Се договоривме со Филип тој да замине во Хиландар, а јас во Симонопетра, па на враќање да се сретнеме во ферибродот. Да биде уште поголема радоста, дента кога заминав дознав дека следниот ден е празникот на света Марија Магдалена и дека вечерта ќе имаат сеноќно бдение. Во Симонопетра се чува нејзината рака која до денес има природна човечка температура. Кога ја целиваш, топла е. Кога зборуваме за бдение на Света Гора, тие траат најмалку четиринаесет часа без прекин. Тоа бдение, кое за мене беше непланирано и неочекувано, беше едно од највпечатливите во мојот живот и за навек ќе ми остане во срцето. Започна во осум навечер со пречек на еден владика, а заврши во десет следниот ден. Навистина не знаев дали бев на земјата или на небото. Тоа беше чудесно. Како сѐ да застана, и како тивко, без брзање, да пловевме низ морски води. Едноставно како времето да застана. Само на вечерната, химната „Богородице Дево" ја пееја четириесет и пет минути. Успеав да си најдам место во главниот дел од храмот, недалеку од олтарот од десната страна, и не мрдав од таму.

Наутро кон шест, почна да ми се спие, и очите по малку почнаа да ме болат, но се борев против телото и си реков: „Ако треба ќе пукнеш, ама нема да се откажеш. Ова ти е можеби едно и единствено доживување во животот. Моли се и молчи." Се сеќавам колку умилно химнословеа „Достојно ест" на литургијата. Тоа беше некако посебно, така благо и смирено, како да пловиш во мир. По литургијата, трпезата беше како втор празник. Нѐ нагостија со свежа цела риба за секој од нас и со што уште не. Духовен и телесен празник. На заминување, толку ми се спиеше што на фериботот си легнав на една клупа и цел пат го преспав.

За време на бдението се случи нешто необично за кое говори следниот расказ.

СРЕДБА СО МОНАХОТ

Раѓањето на неговиот живот!

Денес на 31 октомври 2014 год. слушнав една тажна вест – се упокоил во Господа проигуменот Галактион Симонопетриски. На возраст од 95 години мирно се упокои проигуменот Галактион Симонопетриски, татко по тело на старицата Никодима, игуманија на најголемиот женски манастир во Грција, Ормилија, и на еромонахот Атанасиј Симонопетриски, химнограф на Великата Христова Црква, чичко на епистатот јеромонах Ероним Симонопетриски, како и дедо на повеќе монаси и монахињи. Овој црноризец, стар во години, со молитвите, со солзите, прими монашки подвиг пред 40 години.

Веста за неговото упокоение ме нажали, но оваа моја жалост беше измешана со радост, па затоа тлеев од радост во себе. Многу ѝ благодарам на игуманијата Атонска, Царицата Небесна, Мајката на сите мајки, Преблагословената и Славна Владичица Богородица, за удостојувањето да го запознаам овој монах и доживеам благопоучно дејство со него.

Еве што се случи:

Бдението, што ќе го паметам низ сиот мој живот, беше радост која не се опишува, благодат врз благодат, химни врз химни... Сè торжествуваше! Се чувствуваше таков дух што времето како за момент да исчезна. Застана. Таа благодат ја засенуваше ноќта за време на тоа сеноќно и долго бдение. Никој не се брзаше за ништо, и службата како да пловеше по мирна вода во океанот. Бдението започна во осум часот вечер. Такво бдение дотогаш немав доживеано. Војував против телото за да не заспијам и да не им дадам дремка на очите мои.

За време на бдението се случи нешто необично што го доживеав со еден црноризец, истиот отец Галактион. Тој беше стар монах кого штом го погледнеш, ќе ја разбереш неговата полна посветеност во Христа. Очите неговите говореа за тоа колку солзи на покајание овој монах леел и се молел за тебе, за мене... за сиот свет. Патем си реков: „Оваа ноќ го виде Христа. Виде што значи служение на Бога. Виде што е љубов. Сега, кога веќе виде, почни да се уподобуваш на ваквите црнорисци зашто само така ќе го очистиш срцето од прегрешенија“.

Додека се пееја литијните стихири, стоев во предниот дел од храмот и тогаш искористив можност да приседнам малку. Дојде отец Галактион со придружба на еден млад монах, кој му потпомагаше во одењето, и седна до мене. Наликуваше на детенце, на нешто невино, слатко. Не знам како поинаку

да го опишам. Седев и ги ставив рацете одозгора на столчето. Додека рацете ми стоеја така, отец Галактион ја потпре својата глава на мојата лева рака која му беше како возглавница, а не на дрвото зашто не беше удобно директно на него. Ја потпре својата глава на мојата рака и ги затвори очите. Одвреме-навреме ги отвораше, и ќе ме погледнеше со насмевка. Во еден момент ми ја зеде раката и почна да ја целива. Се почувствував непријатно и сакав да ја тргнам, но тој ја држеше, па не знаејќи што да правам, и јас ја зедов неговата рака и ја целивав.

Почна да ми зборува, но не знам грчки и не го разбирав. Знаев само да му кажам како ми е името и од каде сум. Потоа пак ја стави главата на мојата рака и ги затвори очите. Ме трогна неговата постапка, и додека неговата глава беше потпрена на мојата рака, почнав да плачам. Не знаев ни самиот зошто плачев. Внатрешноста ми жеднееше за плач. Едноставно го гледав наведнат со главата надолу, потпрен на раката моја и плачев. Сè што можев да изустам е плачот, чувствував како срцето се облива со љубов, како да имаше амвон од каде што се пренесуваше допир со трансцендентното. Кога би го кажал ова некому, не знам како ќе ме разбере или, пак, можеби ќе рече: „Се напил слатко вино и вака зборува." Мислам дека кога со срцето читаме, тогаш целосно ќе разбереме. Од отец Галактион се чувствуваше љубов, радост, благодат... Треперев и не можев да се соземам. Монахувањето негово, кое наликуваше на новородено младенче, ја привлекуваше мојата душа и ѝ покажуваше колку и јас треба да се уподобувам на него, зашто само чистите како него ќе го видат Бога. По извесно време, отец Галактион замина со младиот монах, а јас останав на своето место и се обидував да воспримам што сè се случи. Се случи една средба со монахот кој ми покажа што е љубов со неговата љубов. Ми покажа што е смирение со неговото смирение и ми покажа како да се уподобувам на невините младенци – за да го видам Бога.

Возљубен оче Галактионе, ти благодарам што ми покажа каде да го барам Христа! На Атон за ова Го молев Бога, да ми открие каде да Го барам.

СЕДУМТЕ ЧУДОТВОРНИ ИКОНИ НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА ВО ВАТОПЕД – СВЕТА ГОРА

Виматариса (*Олтарница*) – оваа икона е на горно место, зад престолот, и преданието со оваа икона е следново:

Во 10 век за време на наездата на Арапите, кои дошле да го нападнат манастирот Ватопед, монахот и јероѓакон Сава, кој бил хранител[13], успеал да ја скрие иконата во ѕидовите на светилиштето (во олтарот) со Константиновиот крст и запалил кандило. Манастирот бил ограбен од Арапите, а монахот Сава бил одведен во ропство на Крит каде што бил 70 години. По 70 години, кога добил слобода, се вратил во манастирот. Младите монаси, кои ништо не знаеле за тоа скриено духовно богатство, го отвориле местото каде што било скриено и ја нашле иконата со крстот исправен на водата, а кандилото горело.

Оваа икона, исто така, е наречена Ктиториса (од зборот ктитор), а името потекнува од основачите на овој манастир, тројцата монаси: Атанасиј, Николај и Антониј. Во спомен на оваа икона, секој понеделник навечер и секој вторник се пее канон на Пресвета Богородица.

И еден друг настан е поврзан со оваа икона. Еднаш, еден од монасите имал тешкотии околу разбирањето на значењето на стихот „Илјада години се како еден вчерашен ден", и бил исполнет со тага поради тоа што немало никој кој можел да му го објасни овој стих. Во тоа време поранешниот патријарх константинополски Кирил и Кипријан престојувале во манастирот, и илјадници монаси од сите манастири на Света Гора се собрале за да добијат благослов. На манастирскиот празник, Благовештение на Пресвета Богородица, во моментот кога патријархот Кирил тргнал да се поклони на светите мошти, по давањето благослов на монасите, монахот слушнал глас од иконата Вимаритиса, објаснувајќи му го точното значење на стихот, а тоа кај монахот предизвикало благодарност до солзи кон Пресветата Дева за чудесното решавање на тешкотијата која ја носел во себе.

Парамитиа (*Онаа Која Утешува*) – ова е фреска од 14. век која порано се наоѓала во притворот, пред параклисот на свети Никола, и била преместена до иконостасот во параклисот со исто име. Во дамнина имало обичај монасите да ја целиваат иконата како што излегувале надвор од централниот дел од храмот, а клучевите од манастирските порти му ги давале на игуменот.

13 Виматарис.

Преданието вели дека еден ден, во времето на Византија, штом игуменот му ги дал клучевите на манастирскиот портар, слушнал глас кој му рекол: „Не отворај ја манастирската врата денес, но оди горе на ѕидовите и избркај ги пиратите.“ Истиот глас двапати ги повторил овие зборови. Вртејќи го својот поглед кон иконата, игуменот видел како Малото Свето Дете (Христос) ја става Својата рака над устата на Богородица, велејќи: „Немој да гледаш, Мајко, над ова грешно стадо; остави да поминат под мечот на пиратите поради тоа што прегрешенијата им се намножија.“ Но Благословената Дева, тргајќи ја раката на Христа, ја завртела малку својата глава, и ги повторила истите зборови. Монасите веднаш побрзале на ѕидовите и виделе дека пиратите навистина го опколиле манастирот и чекале да се отворат портите за да го ограбат. Чудесната интервенција на Богородица го спасила манастирот. Оттогаш наваму, монасите постојано внимаваат секогаш да гори кандило пред иконата. Исто така, се служи литургија секој петок и се пее Ммлебен канон пред иконата секој ден. Порано било обичај потстрижувањето на монасите да биде во тој параклис.

Исто така, оваа икона е поврзана со животот на свети Неофит, кој бил „придружник“ во овој параклис. Еднаш, тој бил испратен од манастирот да служи во метохот во Евија. Таму, тој тешко се разболел и ја молел Пресветата Дева да му дозволи да се упокои дома, во својот манастир. Тој веднаш слушнал глас кој му рекол: „Неофите, оди во манстирот и за една година ќе бидеш подготвен.“ Неофит ѝ се заблагодарил на Мајката Божја за продолжувањето на неговиот живот и му кажал на неговиот придружник да се подготви за нивно враќање во манастирот. Една година подоцна, тој се причестил со Светите Дарови и како што се искачувал по скалите, Неофит повторно слушнал глас од Мајката Божја, овој пат пред параклисот на иконата Парамитиа, велејќи му: „Неофите, овој пат твоето заминување дојде“. Одејќи кон својата ќелија, тој се разболел, па барајќи и добивајќи прошка од сите браќа, го испуштил својот дух.

Есвагмени (*Заклана*) – оваа фреска е од 14. век и се наоѓа во нартексот од параклисот на свети Димитриј. Преданието за оваа икона е поврзано со еден ѓакон кој бил чувар на храмот и некако имал навика да стигнува доцна за јадење во трпезаријата, поради послушанието кое го имал. Еден ден, кога го прашал монахот, кој бил главен на трпезаријата за храна, дали може да влезе – бил одбиен. Монахот чувар се вратил назад во црквата, полн со гнев и индигнација, и ѝ рекол на иконата: „Колку долго ќе треба да одам да ти служам со напорна работа, додека тебе не ти е грижа ниту што треба да јадам?“, и при тоа, извадил нож и замавнал во лицето на Пресветата Дева, од каде што почнало да тече крв, а во истиот миг тој ослепел и паднал долу како луд. Тој бил во таква состојба три години, секојдневно пребивајќи кај преградата спротивно на иконата, каде што плачел и ја молел Мајката Божја

да му прости. По три години, Пресветата Дева му се јавила на игуменот и му кажала дека Таа му простила на несовесниот монах и дека ќе му го врати здравјето, но раката, со која го направил тоа сквернавење ќе биде осудена на Второто доаѓање на Господа. Кога монахот се упокоил, и дошло времето да го отворат гробот (според обичаите на Света Гора, се отворал гробот за да се соберат коските на починатиот), виделе дека целото тело било распаднато, но неговата десна рака останала непроменета, како што кажала Богородица, и била сосема црна. Денес, раката на чуварот е зачувана во храмот, но во многу гнила состојба, откако руски поклоници ја зеле мислејќи дека тоа се свети мошти.

Антифонитриа (*Онаа Која Предупредува*) – и овој образ е насликан на ѕид, во централниот дел на храмот каде што се чита Полунокѝницата. Вака е наречена поради гласот што бил слушнат од фреската[14]. Преданието за оваа икона е дека еднаш, манастирот бил посетен од царицата Плацида, ќерката на Теодосиј Велики. Додека таа се приближувала до централниот дел од храмот, со намера да влезе од малата врата, слушнала глас кој доаѓал од иконата: „Стој каде што си и не оди подалеку. Како се осмелуваш, ти, жена, да дојдеш на ова место?“ Царицата ја обзел страв, замолила простување од Мајката Божја и веднаш заминала од Света Гора. Како спомен на ова чудо, таа го платила градењето на параклисот посветен на свети Димитриј.

Елеовритиса (*Маслоточива или Елеоточива*) – оваа икона е од 14. век и се наоѓа во манастирската зграда за масло. Во петок, по Пасха, се зема од таму и се носи во централниот дел на храмот поради празникот на оваа икона. Традицијата ни го кажува следново чудо: едно време, кога имало недостиг на маслиново масло во манастирот, свети Генадиј, кој бил одговорен за снабдување масло во манастирот, почнал да штеди со тоа што давал масло само за потребите во црквата. Готвачот му се пожалил на игуменот, кој му наредил на Генадиј да им дава масло на браќата, ставајќи ја довербата на промислата на Пресвета Богородица. Еден ден, блажениот Генадиј отишол во зградата со масло и го видел резервоарот полн со масло до самиот врв кој достигнал до вратата. Оттогаш, од иконата се чувствува мирис на благоухание.

Пироволитиса (*Прострелана*) – оваа икона е насликана одозгора на манастирската надворешна порта. Во 1822 год., група турски војници пристигнале во манастирот, и еден од нив, гледајќи ја иконата, пукнал во неа при што куршумот направил дупка во десната рака на Пресветата Дева. Како резултат на тоа што го направил, војникот веднаш се помрднал од умот и се обесил на едно маслиново дрво пред манастирот. Другите Турци се исплашиле од оваа Божја заслужена казна и веднаш заминале од манастирот. Згора на тоа, кога групата војници му кажале за тоа што се случило на командантот, на

14 одговори назад.

кого војникот му бил внук, тој наредил неговиот обесен внук да биде оставен непогребан како злосторник.

Панданаса (*Всецарица*) – оваа чудотворна икона датира од 17. век и стои од левата страна во храмот на источниот дел. Според сведоштвата на старците од манастирот, првото покажување дека оваа дарувана икона е благодатна, е поврзано со следниов настан: еден ден некое младо момче влегло во црквата за да се поклони на иконата. Ненадејно лицето на Пресветата Дева заблескало, и некоја невидлива сила го натерала момчето да легне наземи. Кога се вратило кај отците, со солзи во очите се исповедало и им кажало дека живеело живот далеку од Бога и дека било замешано во правење магии. Чудесната интервенција на Богородица го освестила младото момче, менувајќи му го начинот на живот, при што станало нов човек – посветен на Бога. Исто така, оваа икона има и благодат од Бога за исцелување рак. Голем број болни од рак се исцелиле со Молебен канон пред иконата на Нашата Царица Панданаса.

МАЈКАТА НАД МАЈКИТЕ

Од чисто срце, од исконска љубов и како мало битие, како една трошка, сакам да ја искажам љубовта кон Пресветата, Пречиста, Преблагословена Славна Владичина Наша Богородица и секогаш Дева Марија. За тоа нема доволно слова, зашто невозможно е да се опише Нејзината љубов, ама, ете, ако не друго, барем малку преку нив, преку моите слова, ќе се осмелам да го сторам тоа. Честопати ќе седнам на столот кој е свртен кон домашната црква, кон тоа мое богатство, и ја гледам иконата на Пресветата. Зјапам во Неа и се восхитувам на Нејзината добрина и мајчинска љубов. Те гледам, Мамо, и пак не ми е доволно и уште сакам, само вака да седам и да Те гледам. Тоа е утеха за Мене. Ти знаеш колку Те сакам и Те молам, немој да ме оставаш. Многу ми требаш. Премногу. Боли, боли кога грешам и се оддалечувам од милиот Христос. Тоа е најголема болка – отсуството од Него. Нека Милоста Твоја биде со мене во секој МИГ од МОМЕНТОТ кога Ти стана моја Мама. Уподоби ме да ја задржам радоста во срцето свое, да се радувам на животот и да не заборавам да Му благодарам на Троичниот Бог, кој ги исполнува со благодат нашите души. Горе, високо горе да ги издигнам умот и срцето.

Со страв пишувам за Неа зашто не ја заслужувам Нејзината љубов, но од друга страна, Таа Нејзина мила мајчинска грижа не престанува да ме чува. Мајка е со причина. Навистина, ако некој знае што е човечка болка, тоа е Пречистата Богородица. Поради Твојата неизмерна и постојана љубов, за Твоето трпение кон мене никаквиот и расипаниот, за Твоето сè кон мене, се осмелувам да напишам нешто за кое Ти ме удостои. Немој да ме оставаш зашто ми требаш!

О, возљубена и најсвета Мајко Божја, удостој нè да ја имаме на устите и во срцата ова пророчка Твоја песна: ете отсега ќе Ме ублажуваат сите родови.

ПОХВАЛА НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА

Проповед читана во храмот „Свети Јован Крстител“
(Руска задгранична црква),
во Вашингтон, САД.
26 март, 2015
Наслов на оригиналот: „Laudation of the Mother of God“

Во името на Отецот и Синот и на Светиот Дух!

Друга помош немаме, друга надеж немаме, освен Тебе, Пречиста Дево, помогни ни, на Тебе се надеваме и со Тебе се фалиме, зашто Твои слуги сме, да не се засрамиме.

Драги браќа и сестри, во овој период од Великиот пост, православната Црква го установи овој ден да биде Пофалба на Пресвета Богородица. Ја молиме Неа, Таа да ги утеши нашите души и да ни даде радост за време на нашите подвизи во Великиот пост. Вчеравечер ѝ пеевме акатист на Пресветата. И пеевме „Радувај се...“ зашто во таа благословена вечер, Царицата Небесна, Нашата Мајка, ги прегрна Своите чеда. Ништо не е ново за мајка да ги земе своите деца во своите раце и да ги прегрне со љубов мајчинска. Каква голема милост од Царицата Небесна!

Преданието на православната црква ни го кажува следново: некој свет отец имал видение. Бил однесен од ангел во рајските населби. Таму, тој ги видел сите светии. Отецот се радувал што се удостоил да ги види, но не ја видел Најсветата од Светите и го запрашал ангелот: „Ги видов речиси сите светии, но не ја видов Богородица. Каде е Таа?“ Ангелот му одговорил: „Повеќе од времето Таа е долу на Земјата, помагајќи им на луѓето.“ Зар не е ова потврда дека Мајката Божја нè не остава и навистина постојано се застапува за нас? Честопати не сме свесни колку многу таа ни помага.

Сега да кажеме неколку слова за потеклото на овој празник кој го славиме на овој ден. Во седмиот век, Византиската Империја поминувала низ периоди кога често била напаѓана од своите непријатели од сите страни. Било речиси безнадежно, и положбата на Константинопол била неизвесна. Така, патријархот Сергеј благословил да има литија околу градот кој бил опколен од непријателите. Самиот тој со другите ја зеле чудотворната икона на Богородица Одигитрија на литија низ градот. Заедно со иконата, и Нејзиниот Појас бил земен на литија. Што се случило следно? Кога литијата дошла до водите на Босфорот, свештенството ја допрело водата со светите реликвии, и се случило чудо. Морето, кое било тивко, наеднаш се разбранувало и ги проголтало сите непријатели. По застапништвото на Мајката Божја, градот

бил спасен. По ова, луѓето ѝ оддале благодарност на Царицата небесна во Влахернската црква со сеноќно бдение. Понатаму, има и уште неколку слични настани на чудесно избавување на градот од Богородица. Поради тоа, Православната црква востановила **Похвала на Пресвета Богородица** за Нејзиното постојано застапништво за христијанскиот род.

Вчера, беше отслужен Акатист на Пресветата. Да побараме од Неа да не ги презре нашите скромни песнопенија (похвали), туку да ги прими како наша благодарност кон Неа.

Мајката Божја има повисоко место дури и од Серафимите и од Херувимите. Таа по својата слободна волја прифати да Го роди Спасителот на светот, нашиот Господ Исус Христос. Поради тоа, Таа има особено величание меѓу ангелскиот свет и светиите. Доколку Таа не го родеше нашиот Спасител, не би се исполнило избавувањето на паднатиот човек, и нашите животи би биле ништожни. Преку раѓањето на Нејзиниот Син и наш Бог, Таа ги отвори вратите на спасението за секоја душа што има желание да се спаси. Дури и по Нејзиното Успение, Таа остана поврзана со луѓето како што пееме во празничниот успенски тропар: *и по Своето Успение не го остави светот, Богородице... и по Твоите молитви, избави ги од смрт нашите души.* Овие зборови ни говорат дека Таа е секогаш со нас. Еден од современите светогорски отци, преподобниот Силуан, напиша: *Доколку не беше Мајката Божја, јас би загинал во своите гревови.* Овие зборови може да се разберат и да се протолкуваат на два начина. Едниот е преку Нејзиното раѓање на Христа, спасението дојде во светот, и вториот, Таа е наша посредничка пред Нејзиниот Син за да биде Тој милостив кон нас.

Која е Мајката Божја според Светите Отци и како тие ја гледаат Богородица? Свети Дионисиј Аеропагит, епископ Атински, ја посетил мајката Божја и му напишал на свети апостол Павле: *Невозможно е за човечкиот ум да сфати што видов со очите на мојата душа, но исто така, и со моите телесни очи. Со своите очи ја видов најубавата и света Мајка на Нашиот Господ Исус Христос... Тоа време за мене беше време на највозвишена [ненадминатата] радост. Му благодарам на Севишниот и Многумилостивиот Господ и на Светата Дева.*

Свети Игнатиј Богоносец, ученикот на свети апостол Јован Богослов, напиша: *Ако е возможно, со намера сум да дојдам кај тебе за да ги видам верните во Ерусалим, а особено Мајката на Исуса: велат за Неа дека е чесна, љубезна, и буди чудо во сите, и сите сакаат да ја видат.* Но кој не би посакал да ја види Пресветата, која го роди вистинскиот Бог, и да разговара со Неа? Таа е прославувана од нас како Мајка Божја и Чиста Дева која е полна со благодат и добродетели. За Неа велат дека за време на искушенија и прогонства, Таа е радосна, нѐ жали во беда и не само што не се лути на оние

кои ја повредуваат туку ним им чини добро и повеќе од тоа. Сите кои ќе ја видат, се воодушевуваат.

Драги мои, Мајката Божја, преку Нејзиното послушание, ја исправи непослушноста на Ева. Речено е: *Христос е новиот Адам, и Богородица е новата Ева, со чие послушно потчинување на волјата на Бога ја урамнотежи Евината непослушност во рајот.*

Во периодот на Богородичниот пост, во еден манастир, игуменот на метохот им рече на монахињите дека ќе имаат сеноќно бдение на Успенскиот празник на Богородица. Овие бденија траат речиси дванаесет часа. Монахињите беа радосни за ова и рекоа: „Ќе имаме сеноќно бдение на Мама." Возљубени мои, зар не звучи ова слатко во нашите уши? Овие зборови допираат дури до дното на нашите срца. Јас лично бев трогнат кога ги слушнав овие зборови и до ден-денес кога размислувам на некој од празниците на Богородица кои се ближат, говорам: „Ќе го празнуваме празникот на Мама."

Кога се молиме во нашата тајна соба, убаво е кога се молиме на Пресветата, да ѝ се обратиме со зборот „Мама", зашто Таа навистина е Мајка на сите нас.

Мајки, молете се на Богородица зашто Таа е мајка на Христос Господ. Таа знае што е мајчинска жртва и мајчинска болка. Побарајте од Неа да ги заштити Вашите деца од премрежијата на овој свет.

Татковци, клекнете на колена со молитва кон Богородица и барајте од Неа да го благослови Вашето семејство, да се моли Таа на Бога за Вашите деца за да бидат добри православни христијани и цврсто да се држат до она кое е добро, благоугодно, и да живеат како вистински поборници на доблестите.

Деца и млади, кога имате искушенија или сте нажалени поради нешто, побарајте во молитва од Царицата Небесна да Ве избави од лукавиот и да Ве покрие со Нејзиниот омофор. Вие сте млади и во многу ситуации не знаете што да одберете или каде да чекорите низ животот. Молете ѝ се Нејзе да Ви помогне. Ако побарате од Неа, Таа ќе ја слушне Вашата прозба и ќе Ве води.

Денес и преку сиот наш живот да ѝ воздаваме пофалба на нашата Пресвета Царица Небесна, Мајката Божја, за Нејзината мајчинска љубов кон нас и за Нејзиното застапништво кон оние кои го љубат Бога.

Мили браќа и сестри, многу ја сакам Богородица, а верувам, и Вие, исто така. Таа е наша Мама, која никогаш не нè остава. Ние сме нејзини мали деца кои сме под Нејзината заштита. По Христа, Таа е светлина на нашите темни души. Таа е наша надеж, застапништво, засолниште, утешение и наша радост.

Поради тоа, сите да повикаме кон Неа со зборовите: *Сета моја надеж ја полагам на Тебе, Мајко Божја. Чувај ме под Твојот покров.*

Пресвета Богородице, спаси нè!

ИВЕРСКО-ХАВАЈСКАТА МИРОТОЧИВА ИКОНА НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА

Историја и лични записи за иконата

Невозможно е за човечкиот ум да сфати што видов со очите на мојата душа, но исто така, и со моите телесни очи. Со своите очи ја видов најубавата и света Мајка на Нашиот Господ Исус Христос... Тоа време за мене беше време на највозвишена [ненадминатата] радост. Му благодарам на Севишниот и Многумилостивиот Господ и на Светата Дева.

Свети Дионисиј Аеропагит, епископ Атински

Пред оваа Иверско-Хавајска мироточива икона на Богородица, постоела друга, нарекувана Иверско-монтреалска. Нејзин хранител бил брат Јосиф. Еден ден тој ја посетил Света Гора, поточно, отишол во еден скит. Таму ја видел иконата на Мајката Божја – Иверска, рачно насликана. Почувствувал радост кога ја видел иконата и пред да замине од таму, отец Климент од истиот скит го вратил назад и му рекол: „Пресветата Дева Богородица ќе замине со тебе.“ Така, тој ја добил истата Иверска икона. Подоцна на 24. ноември 1982 год., истата икона почнала да мироточи. Оваа мироточива икона била наречена Иверско-монтреалска. Брат Јосиф, како нејзин хранител, ја носел насекаде на поклонение. Ја имал при себе цели 15 години. На 30. октомври, во Атина, тој брутално бил мачен и убиен во својата хотелска соба. Оттогаш никој не знае каде се наоѓа таа мироточива икона. Божја волја била да замине од нас. Брат Јосиф бил хранител на мироточивата икона 15 години. Загинал маченички за Мајката Божја. Погребан е на гробиштата во Џорданвил, Њујорк.

Во 2008 година, по соединувањето на Руската задгранична црква со Москва, на Хаваи, во домот на еден верник, брат Нектариј, се наоѓала копија од иконата на Мајката Божја Иверска. Неговиот парохиски свештеник ја купил иконата во Торонто, Канада, за 20 долари и му ја подарил нему. Истата икона почнала да мироточи. Светиот синод на Руската задгранична црква ја прогласил светата икона за мироточива и одлучил нејзин хранител да биде брат Нектариј. Многумина ова ново јавување со оваа мироточива Икона ја поистоветуваат со онаа на брат Јосиф. Всушност, оваа икона Бог ни ја прати како утеха. Едната, на брат Јосиф, ја зеде, но друга иста Иверска благоволи да нè утешува.

Оваа година (2012) е јубилејна за оваа мироточива света Икона. Се навршуваат пет години откако започна да мироточи. Главниот јубилеј се одржа на почетокот на октомври во Катедралниот храм во Сан Франциско, посветен на Мајката Божја – Радост на сите нажалени, каде што се наоѓаат нетлените мошти на свети Јован Шангајски и Санфрациски. Во тие три дена во тој храм се поклониле пет илјади луѓе пред мироточивата икона. Брат Нектариј често патува низ цела Америка, носејќи ја мироточивата икона на поклонение. Овој пат дојде и кај нас во Џорданвил. Обично мироточивата икона доаѓа во Џорданвил на денот кога бил убиен брат Јосиф, и на неговиот гроб служат панихида. И оваа година митрополитот на Руската задгранична црква, господин Иларион, отслужи панихида во присуство на мироточивата икона.

Кога пристигна автомобилот со иконата, брат Нектариј сѐ уште не беше излезен од автомобилот, а веќе насекаде околу нас на гробиштата замириса на миро. Додека траеше панихидата, тоа благоухание не престануваше. Навистина, дотогаш во својот живот немав видено мироточива икона на Мајката Божја која толку многу мироточи. На крајот, кога заврши панихидата, брат Нектариј ја отвори иконата, и целото дрво околу иконата беше облеано со миро. Исто така, сите забележавме на памукот кој стоеше под иконата дека мирото на памукот беше како обично во жолта боја, но во некој дел беше и светлоцрвено (или светлокафеаво). На ова брат Нектариј рече дека многупати мирото од иконата ја менува бојата.

Брат Нектариј, хранителот на оваа мироточива икона, напиша писмо каде што објаснува во детали како протече светата икона. Текстот оригинално е напишан на англиски, но се потрудив да го преведам на македонски.

Драги возљубени во Христа,

Со смирение и со голем трепет ќе се потрудам да опишам (пред да почнат да се појавуваат дезинформации) што, всушност, се случи и како протече светата икона. Многумина ме прашуваа да ги раскажам настаните што се случија со мироточењето на светата Иверска икона на Богородица во Руската православна црква во Ханолулу, Хаваи. За мене навистина е тешко да најдам точни зборови со кои ќе ги раскажам настаните кои се случија во мојот живот. Не можам да замислам како другите би реагирале доколку би биле на мое место. Само Господ знае. Се молам Бог да управува со мене како и со моето семејство, за да зборувам и да чинам правилно според Неговата волја. Ќе се потрудам да раскажам како овие две икони дојдоа и го промениј мојот живот. Сето она што го пишувам е вистинито. Станува збор за две икони:

1. Едната од нив е испечатена икона, верувам изработена во црковната фабрика Софрино близу Москва. Таа е иста копија од Иверско-

монтреалската мироточива икона на Богородица (оваа Иверско-монтреалска икона беше чувана и носена на поклонение од брат Јосиф Мунос). Иконата е мала, околу 7 x 9 инчи и еден инч дебела. Отец Анатоли, мојот парохиски свештеник, ми ја подари за мојот именден (во 1997 год.). Ми рече дека ја купил во црковната продавница во Торонто кога рускиот храм одбележувал педесет години од изградбата. Оваа икона од Софрино има карактеристичен стил со прекрасна свилена риза вградена во неа. Така е дизајнирана и изработена за оние кои не можат да си дозволат да купат убави и скапи икони – ваквите икони од Софрино се изработени еднаквно убави, но за многу помала сума.

2. Втората икона е рачно насликана во форма на крст со распетието на нашиот Господ, иконографија изработена во византиски стил. Насликана е од грчки монах од Света Гора. Оваа икона е 8x9 инчи и е дебела околу еден и половина. Купив две исти, и едната ја подарив на мојот татко, а втората ја задржав за себе.

Пред да почнам да раскажувам за настаните и за историјата со иконите, дозволете ми да опишам како започна сè:

Пред повеќе од три месеци, некаде околу мај или јули, 2007 год., јас и мојата сопруга почнавме да насетуваме мирис на рози во нашиот апартман и околу иконите во нашата домашна црква. Нешто нè натера да погледнеме на крстот и забележавме мала течност околу раните на Христос на крстот каде што војниците го прободеа Неговото ребро со копје. Течноста мирисаше многу убаво, слатко, како миро. Моето искуство со миро е многу ограничено. Единствено имам добиено памук натопен со миро од мироточивата икона на Пресвета Богородица Иверско-монтреалска, како и неколку памукчиња од мироточивата икона на свети Николај Мирликијски. За овој настан никого не го известивме, но продолживме да ја проверуваме иконата за да видиме дали ќе продолжи со мирото. Капките миро се исушија, и ние речиси заборавивме на ова.

Во текот на последната недела од септември, почнав да забележувам неверојатно силен мирис на миро во својот дом, во автомобилот, па дури и на работа. Не можев да си го објаснам ова. Дали сето ова ми се причинуваше во главата? Ја прашав мојата сопруга дали и таа чувствува мирис на миро, но нејзиниот одговор беше дека нејзе ништо не ѝ мириса (кога ја прашав, исто така, и мојата кума, и таа ми одговори дека ништо не мириса). Бев уверен во себе дека сето ова ми се причинува. Ова се случуваше на 27. септември, на празникот Воздвижение на Чесниот Крст.

Во првата недела од октомври, јас и мојата сопруга бевме многу болни и не отидовме на вечерна богослужба. Обично, и двајцата не

пропуштаме служби, па така убаво се сеќаваме на датумот, 6. октомври (празник Зачнување на свети Јован Крстител). Истиот ден, околу 22:30 ч., работев во својата канцеларија дома каде што ни стојат и иконите т. е. нашата домашна црква. Мојата мачка влезе во собата и почна да душка наоколу како нешто да ѝ мириса. Мене ништо не ми мирисаше. Мачето почна да се доближува до иконите, што мене малку ми беше чудно зашто тоа никогаш не оди кај нив, како нешто да не му дава да се приближи до нив – но овој пат тој го стори тоа. Згора на тоа, се исправи на двете нозе и почна да душка наоколу за да види што му мириса. Мене сѐ уште на ништо не ми мирисаше. Станав од столот за да го земам и тогаш и јас го забележав мирисот. Беше многу силен, дури премногу. Никогаш не сум помирисал такво нешто во својот живот. Мирисаше како илјада рози да паднале во собата. Се прекрстив и почнав да си ја кажувам Исусовата молитва. Го спуштив мачето долу и отидов кон иконите. Признавам, имав малку страв да погледнам кон иконите. Конечно, дојдов до иконата на Светиот Крст и забележав капката миро до раните Христови која сѐ уште беше влажна, а мирисот на рози беше дури уште посилен. Потоа погледнав подолу и мојата рака беше влажна – тоа беше миро. Како се најде овде? Иконата беше влажна? Тогаш забележав дека на левото колено од распетието на нашиот Христос се формираше капка миро, буквално пред моите очи. Ја повикав сопругата. Трчајќи, таа дојде и веднаш ја прашав дали истурила нешто на иконите, на што ми одговори дека не сторила ништо. Таа сѐ уште не се приближи до нив. Ѝ ја покажав иконата. Таа беше во шок. Ѝ реков дека мирисот е многу силен и да ми помогне да ги провериме и останатите икони. Во собата каде што е мојот кабинет, имам две полици од кои горниот дел е со икони. Застанав на прсти за да достигнам до иконите на горната полица. Истото го стори и мојата сопруга. Конечно дојдов до Иверската икона на Богородица која ми ја подари отец Анатоли. Сета икона беше мокра. И потоа, мирисот стануваше уште посилен.

Следниот ден, недела 7. октомври, по долга дебата, ги оставивме иконите дома и заминавме во црква. По литургијата, зборувавме со нашата кума која, пак, нѐ посоветува да зборуваме со нашиот свештеник. Му раскажавме на отец Анатоли што се случи. Тој нѐ ислуша трпеливо и ни рече: „Донесете ги иконите в црква.“ Се договоривме со свештеникот да ги донесеме иконите следната среда, на 10. октомври. Дотогаш, иконите продолжуваа да мироточат, и мирото го собиравме во памук и се молевме пред нив за мојата сестра која беше болна, како и за други луѓе. [Забелешка на отец Анатоли: Следниот ден, неговата сестра му се јави на татко ѝ за да му каже дека нејзиниот доктор не може да објасни како, но проблемот

со панкреасот, кој го имала, комплетно исчезнал и почнал да функционира нормално, а нејзиниот дијабетес бил под контрола].

На 10. октомври ги донесовме иконите в црква и ги поставивме на два аналоја на средината во црквата. Отец Анатолиј ги провери, го избриша мирото со памук и започна да служи акатист на Иверската икона. По службата, иконите повторно беа избришани. За време на службата повторно почнаа да мироточат. Отец Анатоли ни потврди дека дефинитивно ова е миро и дека е чисто миро. Мирисот на рози го исполни сиот воздух наоколу. Го прашав што ќе правиме понатаму. Тој ни рече да ги оставиме иконите во црква некое време. Никој не знаеше за овие икони. Беа безбедни во црквата.

Неделата, 14. октомври, беше празник Покров на Пресвета Богородица, и отец Анатоли им ги откри мироточивите икони на луѓето. Иконите мироточеа во голема мера; имаше миро за сите. Оттогаш, продолжуваа да мироточат. Многумина дојдоа да ги видат овие мироточиви икони: Руси, Грци, Срби, Романци, католици, протестанти. Сите, кои се приближија до иконите, ја почувствуваа Божјата благодат. Имаше денови кога иконите беа целосно суви, додека, пак, во други денови беа облеани со миро. Сепак, без разлика дали мироточеа или не, продолжуваа да даваат исклучително силен мирис на рози. Навистина е големо чудо! Понекогаш се прашувам дали ова е некое предупредување.

Сега, кога гледам наназад, ми се чини дека „откровението" е централна тема. За мирисот на иконите ѝ откривме на нашата кума на празникот Воздвижение на Чесниот Крст. Ги најдовме двете икони облеани со миро и му кажавме за тоа на свештеникот на празникот Зачнување на свети Јован Крстител – тој беше човекот кој го најавуваше доаѓањето на Христос во светот. Нашиот свештеник им ги откри и најави мироточивите икони на луѓето на празникот Покров на Пресвета Богородица. Сето ова не може да биде случајност!

Нашата црква е посветена на оригиналната мироточива Иверска икона, икона која никогаш не го посетила Хаваи. Брат Јосиф сакаше да дојде овде, но не успеа.

Морам да ви признаам дека понекогаш чувствувам дека нашите православни браќа на главната земја [се мисли на Американскиот Континент] ја заборавија оваа мала црква, нашата мала православна црква. Живеејќи овде, на средината на Пацификот, се бориме за да преживееме, да плаќаме кирија за нашата црква. Понекогаш се прашувам кога ќе имаме своја црква овде? Зар Бог нè заборавил? Засекогаш ли ќе се бориме? Го налутивме ли Бога со нешто? Како и да е, дали не заборавиле

или не нѐ заборавиле нашите клерици и православните браќа и сестри... едно е јасно: Пресветата Мајка Божја не нѐ заборави. Таа не нѐ напушти, ниту, пак, ќе нѐ остави. Сега, преку овие икони имам надеж дека на крајот од тунелот има светлина. Веќе не е важно дали ќе имаме своја црква или, пак, нема да се случи тоа. Господ ни покажа дека не нѐ заборавил, и тоа е она што е важно. Господ ни се открива, ни кажува дека постои, дека Тој е вистинскиот Бог. Да го игнорираме ова откровение? Зар треба да му свртиме грб на ова големо чудо? Треба ли да го заборавиме Христос? Ако го сториме тоа, Бог да ни прости! Да не даде Бог тоа да се случи!

ипоѓакон Нектариј



ПОСЛЕДНА МОДИФИКАЦИЈА НА ПОДАТОЦИТЕ ЗА МИРОТОЧИВАТА ИКОНА – МАЈ 2015 ГОД.

Во јуни, 2008 год. мироточивата Иверско-Хавајска икона на Пресвета Богородица беше официјално прогласена и признаена за чудотворна и мироточива икона од Руската задгранична црква, и достојна за почитување. За неа беше даден благослов да патува во различни цркви и манастири низ православниот свет. Руската православна црква, како првичен „сопственик", за иконофорос / чувар на мироточивата икона го назначи ипоѓаконот Нектариј, тој да ја чува безбедно, да се грижи за оваа чудотворна икона на Христовата Црква.

По промисла Божја, Светиот Крст престана да мироточи во изобилство како што на почетокот мироточеше. Сега мироточи во одредени прилики низ годината, од кои Велигден беше последната. Она што е утешително за верните е дека Светиот Крст продолжува да го дава тоа благоухание на миро, без разлика дали мироточи или не. Додека, пак, Иверско-Хавајската мироточива икона на Пресвета Богородица патува и ја носи Божјата благодат на различни места. Светиот Крст секогаш стои во Хаваи за да обезбедува заштита и за поклонение на верниците.

Од јуни, 2008 год., мироточивата икона има посетено над 1000 цркви во Северна Америка и пред неа се имаат поклонето над еден милион луѓе низ Америка и Канада. Во многу градови, светата икона е носена од една црква во друга, и пред неа се имаат поклонето многу православни клерици, молејќи се да се зајакне верата кај православните. Неколку држави и области, како Русија, Украина, Грција, Кипар, Јужна Америка, Европа, Светата Земја, Романија, Света Гора и Србија, писмено побараа мироточивата икона да ги посети и верниците се поклонат пред Нејзиниот свет лик. Во 2014 год., светата икона беше однесена во Грузија на барање на патријархот Илија II, и повеќе од милион верници се поклонија пред „Хавајската Богородица." Бројни чуда, меѓу кои и исцеленија од рак, беа забележани од Грузиската патријаршија.

Многубројни чуда ѝ се припишуваат на Пресвета Богородица преку Нејзината „мала скромна икона", кои се знаат и кои се запишани. Физички и духовни исцеленија, исцелување на слепи, болни од рак, демоноопседнати, луѓе со парализа, болести на бубрезите, хронично болни...

Згора на тоа, каде и да оди светата икона, изобилува благодатта на нашиот Господ Исус Христос и Неговата Света Мајка. Многумина, кои се

имаат поклонето пред оваа света икона, подоцна рекоа дека со тоа што само биле присутни до иконата, почувствувале изобилство на љубов и радост. Тоа е навистина неописливо. Ние сме навистина благословени со тоа што Бог ја покажа Својата љубов кон нас, овозможувајќи ни мало воздржување од она кое светителите го нарекуваа „вистински мирис на светоста.“ Вистинското значење на појавувањето на оваа света Икона му е познато само на Бога. Времето ги открива сите нешта. Сепак, она што го знаеме е дека Бог нѐ љуби. И тоа е најважното за нас...“



ТАА ПРВА СРЕДБА

Јас лично доживеав неколку благодатни моменти со оваа Иверско-Хавајска мироточива икона. Кога иконата првпат дојде во Јорданвил, бев втора година на факултет. Беше во последниот викенд од октомври. По тој повод, неколку автобуси со поклоници доаѓаа во манастирот за да се поклонат. Доаѓаа и од Канада. Пред да дојде мироточивата икона, таа недела, а и уште една пред неа, ми беа тешки. Имав искушенија кои надвладеаја над мене. Со нетрпение чекав да ја донесат иконата, за да се поклонам пред Неа и да молам да ме заштити Царицата Небесна. Патем, како мала благодарност за хранителот, брат Нектариј, кој ја донесе иконата, подготвував мал подарок: неколку икони и разгледници од Македонија.

Дојде саботата кога мироточивата икона пристигна. Пречекот беше свечен. Јеромонасите со игуменот ја чекаат надвор, а манастирските ѕвона почнаа да бијат. Игуменот направи три метании пред иконата, ја зеде во рацете, ја дигна и пеејќи го нејзиниот тропар, ја внесе в црква. Се сеќавам колку само беше радосно! Како што поминуваше игуменот со иконата кон црквата, веднаш почна да се шири благоухание од Неа. Просто насекаде мирисаше. Многумина го почувствуваа тоа. Кога немаше многу луѓе за да ја целиваат, пристапив, се поклонив и ја целивав. Господ и Пресвета Богородица само знаат какво олеснување почувствував во себе. Ја целивав и почнав многу да плачам. Не сакав другите да ме гледаат, па се повлеков настрана, а солзите не престануваа да се леат по лицето. „Многу Ти благодарам, Мамо, што дојде овде и нè посети со Твојата Икона!“, тивко ѝ заблагодарив. Откако се смирив малку, му пристапив на брат Нектариј кого тогаш не го познавав. Му го дадов мојот мал подарок и му реков: „Ви благодарам што ја донесовте иконата. Ова е мал подарок за Вас!“ Тој ми се заблагодари, а јас се повлеков на своето место. По неколку минути ми даде знак да пристапам кај него. Кога отидов до него, ми даде мало шишенце со миро од иконата. Колку само се израдував тогаш! Ниту го побарав тоа од него, ниту, пак, го знаев претходно.

Оваа икона обично доаѓа во Јорданвил еднаш во годината, на два дена. Дојде и следната година. Тогаш јас бев трета година и тогаш положив возачки испит во САД. Кога иконата беше во манастирот, јас прислужував во олтарот. За време на литургијата, на причасниот дел, брат Нектариј влезе во олтарот. Дознав дека нема кој да го однесе до аеродром, па сакаше да го праша игуменот да му најде некој да го вози. Откако заврши со разговорот, веднаш му реков на игуменот да ми дозволи да го однесам на аеродром. Прво ми рече „не“, но почнав да го молам и му нагласив колку ја сакам

оваа икона. Ми даде благослов да го однесам брат Нектариј на аеродром. Таа година имав личен контакт со брат Нектариј. По литургијата го прашав дали ќе има време, пред да одиме на аеродром, да дојде во мојата соба со иконата накратко. Ми рече дека секако ќе дојде. Тоа и се случи. Дојде со мироточивата икона во мојата соба. Тоа за мене беше голем благослов. Патем, разговаравме на многу теми. Го прашав дали е возможно во иднина да дојде со иконата во Македонија. Тој ми рече дека би сакал да дојде. Му нагласив за проблемот низ кој поминува МПЦ, за тоа што не сме официјално признаени и поради тоа му реков дека не сакам да му направиме проблеми. Тој ми рече дека него не го интересира политиката и дека сака да дојде, само, ми рече, треба да добие писмо од нашите архиереи. Една друга работа, која не ја спомнав, е тоа што кога првпат го запознав, му реков дека сум од Македонија, и тој самиот ми рече: „Архиепископ Стефан", што пријатно ме изненади.

Аеродромот е оддалечен од манастирот час и половина, во градот Сиракуз. Во колата бевме неколку луѓе. Кога стигнавме на аеродромот, му помогнав на брат Нектариј да ги однесе работите во хотел (летот за Хаваи му беше следното утро) и седнавме да вечераме во еден мал ресторан. Што се случи таму? Седевме на една маса. Иконата беше затворена во својата футрола. Брат Нектариј ми даде да ја држам и да биде со мене. За радоста нема да зборувам. Го прашувавме брат Нектариј да ни раскаже како иконата почна да мироточи. Покрај ова, ни раскажа за своето искуство со иконата, за одговорноста која ја носи. Исто така, ни рече дека кога отец Анатоли, парохискиот свештеник на Хаваи, му рекол дека иконата навистина е мироточива, му го рекол и ова: „Имам една добра и една лоша вест. Добрата е – имаш мироточива икона, лошата е – од денес твојот живот сосема ќе се промени." Со ова, отец Анатоли сакал да му каже за одговорноста која допрва ќе го следи. Не можев да поверувам кога ни кажа дека покрај сите овие обврски и патувања со иконата, има постојана работа. По професија е полициски инспектор.

Додека седевме таму, се случи еден интересен настан. Келнерката почна да ги носи оброците. Мироточивата икона беше кај мене. Жената во еден момент нè праша: „Од каде мириса на рози?" Ние благо се насмеавме. Мислам дека не ѝ објаснивме целосно за иконата, зашто и онака немаше да разбере. Еден од нас ѝ кажа накратко. Мирисот на оваа икона е многу силен.

Во Џорданвил, пет години учев во ист клас со еден студент, Американец од Хаваи. Името му беше Јован. Ми раскажуваше како станал православен. Всушност, чудото со мироточивата икона придонесе тој да почне да размислува за православието. Живее во истиот град каде што е иконата. Како

студент отишол да го посети храмот и да ја види иконата. Кум на крштавањето му бил брат Нектариј, хранителот на иконата.

Понатаму, имав можност да се поклонам уште неколкупати пред светата икона. Една година, повторно дојде во Џорданвил – се сеќавам беше недела и се служеше божествена литургија. Пред да се причестам, обично пристапувам да ги целивам иконите и да земам благослов од светиите. Тогаш пристапив и пред мироточивата икона. Кога ја целивав и ја допрев, долниот дел на устата буквално ми беше целиот мокар. Толку беше влажна што успеав да ги навлажнам своите раце со миро и да се намачкам на лицето. Понатаму, во неколку прилики, брат Нектариј ја отвори целата икона. Тоа, исто така, е посебно доживување!

НА ГОСТИ КАЈ ИВЕРСКО-ХАВАЈСКАТА СВЕТА ИКОНА ВО ХАНОЛУЛУ, ХАВАИ – МАРТ, 2016 ГОД.

Оваа (2016) година беше благословена повторно да се поклонам пред светата икона. Започна вака: отец Георги, парохискиот руски свештеник каде што се воцрковувам, има ќерка која живее со своето семејство на Хаваи, на островот каде што е иконата. Всушност, кога протече, хранителот, брат Нектариј, му ја даде иконата на о. Георги на една недела за да ѝ направи рамка. На почетокот од оваа година тој ми рече дека во март планира да оди на Хаваи на една недела и ме покани и мене да одам со него. Со години имав големо желание да отидам таму, пред сè, поради иконата, зашто таму навистина православните имаат повеќе време да поминат со неа.

Дојде и тој ден кога се качивме во авион и полетавме кон средината на Пацификот, на Хаваи. Само што слетавме во Ханолулу, неопислива радост го обли моето тело, се прекрстив и тивко изустив: „Мајко Божја, со добро Те најдов!“ Едноставно, реалноста дека стапнав на копното каде што е Нејзиниот дом ми даде многу радост. Во првите три дена имаше служби секој ден, и секако, не ја пропуштивме можноста да бидеме во црква. А, црквата? Мала, скромна просторија во градот Ханолулу, но богата со голема светиња. Тогаш си помислив: „Не мораш да имаш ѕидини од големи цркви за да се сместат светињите.“

По неколку дена откако пристигнавме на Хаваи, му пристапив на брат Нектариј и го прашав дали ќе ми дозволи да поминам некое време со светата икона. Долго размислував дали да го прашам или не, пред сè, од безбедносни причини Иконата е секогаш со него. Дури и кога оди на работа, ја носи со себе и таму има направено мал параклис каде што додека работи, Таа обитава таму. Го запрашав и ми рече дека ќе има предвид. Во саботата беше крштевката на новороденатa внука на о. Георги од неговата ќерка која живее таму. Нејзиното семејство се воцрковува во тој храм и многу добро го познаваат брат Нектариј. Всушност, брат Нектариј и неговата сопруга беа кумови на крштевката. По крштевањето, имаше прием во куќата на ќерката на о. Георги. Дојде и брат Нектариј со иконата. Пред да си замине, ми рече дека ќе ја остави иконата овде, а ние да ја донесеме вечерта во црквата за на вечерна. Не го очекував тој ден, а и другите во куќата се изненадија, па сите бевме радосни. Отец Георги беше уморен и замина да одмори, а јас ја зедов иконата во мојата соба и ја положив на креветот. Од следниот ден немав смелост да спијам на креветот зашто местото каде што стоеше иконата сè уште мирисаше на миро, па спиев на подот.

Не знаев колку да се радувам. Го чекав тој момент за таа лична поврзаност со светата икона, со Мама. Ги прочитав Нејзиниот Акатист и Канон. Тешко ми беше да поверувам дека ја имав таа можност да бидам со светата мироточива икона. Чудесна е Мајката Божја! Колку само ни дава љубов и нè љуби... Овде ќе престанам да пишувам за тие неколку часа поминати со Неа. Само ќе откријам дека ја молев да го чува нашиот народ и да нè сплоти зашто постојано се разделуваме, гневиме, љубомориме еден на друг. Ја помолив да ја чува нашата црква и побарав од Неа еден ден Нејзината света икона да дојде во нашата Македонија, меѓу нашиот народ.

Тешко е да се опишат ваквите настани. Со сето мое срце ја љубам Пречистата, Преблагословена, Славна Владичица Наша, Богородица. По Бога, Таа е наша застапничка, наша Мама.

Го напишав сето ова зашто телесно посведочив за оваа мироточива света икона на Мајката Божја – Иверско-Хавајска. Уште повеќе, сакам нашиот народ да се едуцира за историјата, како и за светоста на оваа икона, за сите заедно да ја молиме Царицата Небесна да нè посети во нашата земја, зашто молитвата на повеќемина е посилна.

ЖЕДЕН СУМ

21 март, 2016 год.
Напишано и преведено на
островот Оаху, Хаваи.

Започна првата недела од Великиот пост. Милостивиот нè удостои да бидеме на Хаваи. Радоста беше голема да поминеме некое време таму и да се поклониме на мироточивата чудотворна икона на Богородица - Иверско-Хавајска. Истата пребива овде, во градот Ханолулу. Во среда вечерта, во шест и петнаесет, отидовме во црквата на богослужба каде што се читаше Великиот и покаен канон на свети Андреј Критски. Таму беше и мироточивата икона. Како и последниот пат кога ја видов, така и овој, сета беше облеана со миро. Штом ќе влезеш во малата црква, истото благоухание те пречекува и ти говори да се подготвиш да ја поздравиш Царицата Небесна. На крајот, кога заврши службата, хранителот на иконата, брат Нектариј, отиде со мироточивата икона во една од болниците овде, кај човек кој бил во кома, римокатолик по религија. Таа вечер, среда 16. март, се случи чудо. Брат Нектариј, со благослов на неговиот духовен отец, го сподели тоа со парохјаните од Хаваи. Го замолив истото да го споделам и меѓу нашиот народ македонски за нивна (наша) радост и утеха од Пречистата. Еве што се случи и напиша брат Нектариј:

Драго парохиско семејство,

Откако зборував со мојот духовен отец, пред неколку минути, добив негов благослов да споделам чудо со нашата мироточива и чудотворна Иверско-Хавајска икона, кое се случи вчера на нашиот остров. Се надевам дека тоа ќе ви донесе утешение.

Вчера, по завршувањето на службата на Великиот канон, бев замолен да посетам еден пациент во кома, кој се вика Дука, во болницата во Каиула. Бев поканет од католичко семејство кое има дојдено во нашиот храм да се поклони пред светата икона. Всушност, еден од нивното семејство, што имаше рак, беше исцелен откако беше помазан со миро од Иверско-Хавајската икона.

Со службата на Великиот канон завршивме пред осум вечерта, и јас пристигнав во болницата околу осум и дваесет. Неколку семејства стрпливо ја чекаа Пресвета Богородица за да нè однесат до Одделот за интензивна нега каде што беше пациентот. Тие нè чекаа речиси два часа. Обезбедувањето ни дозволи да влеземе, и зачекоривме на вториот кат.

Забележав дека владиката Јован Фредерик беше таму. Владиката Јован е Халдејско – (Сириски) католички владика кој живее овде на островот. Има мала парохија во Ваипаху. Тој неколкупати има дојдено во

нашата црква за да се поклони пред светата икона. Тој е високо почитуван од локалното католичко население.

Иверско-Хавајската икона беше однесена во Одделот за интензивна нега. Сите моравме да носиме маски, ракавици и сл., за да не пренесе некој од нас бактерија однадвор – стандардна процедура во болниците. Се приближив до младиот пациент, кој беше во неговите четириесетти години, и забележав дека беше опкружен и поврзан со многу апарати, цевка за дишење и сл. Ја извадив светата икона од нејзината футрола и ја ставив на болничкиот кревет, до неговата глава. Потоа го помазав во свето миро.

Неговото семејство ме замоли да прочитам општа молитва за болни според православната традиција. Мене ми беше мило да го сторам тоа за него.

Испеав неколку основни молитви; Трисветото, псалми и на крајот молитва кон Пресвета Богородица која обично ја читам кога посетувам болни со светата икона низ државата. Оваа молитва ја читам кога ги посетувам сите кои се болни и оние коишто не се православни христијани.

Кога дојдовме до делот од молитвата во кој бараме од Пресвета Богородица да го положи Својот Покров на својот слуга, болниот во кома, Дука ја грабна мојата рака, ги отвори своите очи и рече: „Жеден сум." Сите бевме во шок и никој од нас не го очекуваше ова. Јас едвај ја завршив молитвата. Беше многу емоционално. Застапништвото на Пресвета Богородица навистина е брзо. Зборовите „жеден сум" се отсликување (рефлексија) на Христовите зборови на крстот. Пред сето ова, неговото семејство му зборуваше цел ден (пред да дојде светата икона) за да видат дали тој ги слуша или не и му кажуваа дека Мајката Божја ќе дојде да го посети тој ден. Таа тоа го стори на многу начини...

Ве молам да се молите за Дука и за неговото семејство. Денеска ми известија дека по ова, докторите му направија неколку испитувања и не можеа да најдат никаков менингитис во неговото тело. И по Божја волја и по испитувањата, тој ќе биде отпуштен од болницата. Тој е разбуден и јаде. Слава на Бога!

Многу чуда се имаат случено од Мајката Божја пред нејзината мала света икона, но ова е најново кое се случи, и сакав да го споделам овој чудесен настан со вас за да ви даде поткрепа во овој посен период. Се надевам ќе ви даде!

Овој период од годината е исполнет со огромни искушенија. Сите ние сме опфатени од тоа. Запомнете дека низ ова време, Господ е со нас, и овде на Хаваи, Мајката Божја има особено учество во нашата благосостојба. Таа нè љуби и сака да постигнеме успех во нашиот пат кон Христос, нашиот Господ.

Со љубов во Христа,
грешен ипоѓакон Нектариј.

КАЈ ТЕБЕ ОДАМ, ПРЕЧИСТА!

25 март 2018 год., Кармел, Калифорнија – САД
Викендот кога нè посети Пресветата, со својата мироточива Иверско-Хавајска икона

Радувај се, Царице небесна, Која како пурпурен зрак блескаш, како јасна и полна месечина сè осветлуваш; Те молам, дај ми мене грешниот секогаш да Ти вознесувам благодарствени молитви, и ништо друго да не сакам, само Твоите мајчински очи никогаш да не ги тргнеш од мене (Богородична песна).

Тешко е да се нижат слова кога станува збор за Мајката Божја, но јас многу ја љубам Неа и ќе го отворам срцето. Тоа не умее да крие. Еве, сега живеам во Кармел, Калифорнија, малку поблиску до Хаваи, за разлика од Њујорк во времето на моите факултетски денови. Не знаеме каде ќе нè однесе животот, но знаеме дека кога Го имаме Бог пред себе, Тој нè носи и нè закотвува на места каде што Тој благоизволил да се спасуваме. За сè има причина во животот. Имам и јас своја причина, поради која посакав (но не се надевав дека тоа ќе се случи) да бидам овде, во Калифорнија – во Кармел. Недалеку сум од св. Јован, од Сан Франциско – точно два часа. И друго: од Иверско-Хавајската мироточива света икона сум малку подалеку, но кога Таа лета од Хаваи на континентот, слетува во Калифорнија.

Овој викенд, четвртата недела од Великиот пост, овде во Монтере ни дојде на гости Царицата Небесна, Мајката ни наша миличка. Секогаш која се удостојувам да ја видам, доживувам ново блажено искуство со Неа. Напомнав погоре, ги нижам своите живи настани со Неа. Ваква радост не се крие. Се радувам како мало детенце. Причина за радост има, и треба да се радувам. Со возбуда чекав да стигне. Саботата работев цел ден. Бев во неизвесност дали ќе ме пуштат да заминам порано за да отидам на служба. Беше облачно и по малку се молев да врне цел ден зашто кога врне, си одам порано. Истиот ден имавме работа, и не успеав порано да излезам. Се борев со себе да се помирам со реалноста дека нема да одам на служба таа сабота, ама тешко беше. Не можев да замислам да не бидам во црквата и да не ја пречекам светата икона на Царицата Небесна. Мојот соработник знаеше за сето ова, но не ми дозволи да си заминам порано. Со телото не плачев, но со срцето рикав. Тоа е реалноста овде во САД: кога си на работа, немаш многу избор. Станав нервозен, а тоа го забележа тој, соработникот. Еден час

подоцна заврна, и тој ми рече: „Ајде, оди и вози внимателно!" Трчав кон автомобилот и заминав во мојот храм Св. Серафим Саровски. Службата беше во тек. Прекрасно беше повторно да ја видам светата икона на Царицата Небесна, да го земам Нејзиниот благослов.

Утредента, два часа пред да започне литургијата, светата икона беше донесена во храмот. Освен, отец Георги, ѓаконот со неговата матушка и јас, немаше никој друг во храмот. Отецот ме прати во продавница да одам да купам памук. Кога се вратив, тој ја зеде светата икона во олтарот на престолот и ја отвори. Како и секогаш, сета беше мокра. Памукот во неа беше сиот со миро. Силниот мирис не престануваше да се шири наоколу. Отецот го извади сиот памук, наквасен и мокар со миро, и стави нов. Потоа прочитавме акатист и во десет наутро започна литургијата. На крајот, додека верниците пристапуваа да го целиваат крстот и да земат нафора, отец Георги ги помазуваше со миро. Ми рече да застанам до него и да го држам шишенцето. Како што го наквасуваше стапчето во мирото, одвреме-навреме неколку капки се излеваа, а јас го бришев шишенцето со рацете. Во текот на сиот ден, рацете ми мирисаа на миро.

Вечерта, светата икона беше донесена во малиот грчки храм во Кармел. Кај нас, на овој полуостров има само два православни храма. Отецот е од Романија и е ревносен во проповедањето на словото на Вистината. Таа вечер тој уреди сеноќно бдение. Пред почетокот, пеевме химни на разни јазици, на: романски, англиски, грчки, црковнословенски и арапски. Сè беше така убаво и спокојно – сите ние собрани покрај Мама и како мали дечиња се радувавме. Се чувствувавме заштитени и надоени со Нејзината ни посета и благослов.

Пред бдението, откако прочитавме Акатист на Пресветата пред Нејзината мироточива света икона, отецот го замоли брат Нектариј, хранителот на иконата, да сподели со нас слова. Смирено, скромно, со наведната глава, стана, застана до мироточивата света икона на Мама и почна да изустува:

Радосно е што светата икона на Мајката Божја дојде на овој ден овде, овој викенд. Вчера беше петок, денот кога се читаше Акатист на Богородица, денеска, по новиот календар е Благовештение. Неколкупати се трудевме да ја донесеме светата икона овде, во Монтере, но поради разни причини, тоа не се случи. Сега дојде во овој викенд, на овие два дена на Нејзиниот празник. Од сите викенди, Таа благослови да дојде токму на овој. Се сеќавам на една мала икона што ја видов од Русија: мало дете како држи цвет во рацете. Ја гледав иконата и се прашував: „Кој е ова?" Ми беше чудно гледајќи мало дете околу единаесет или дванаесет години како држи цвеќе во раката, сè додека не сфатив дека тоа беше Мајката Божја. Гледајќи во тоа мало дете, и ние како да ѝ го подаваме цвеќето, а

Таа го зема во своите раце, и архангелот ѝ вели: „Дали прифаќаш?“ И таа одговара: „Да.“ Додека многу други претходно рекле „не“, Таа рече „да“. Тоа е она кое го претставува празникот Благовештение. Мајката Божја рече „да“ – „прифаќам“. Мало младо дете ја прифаќа Божјата намера за наше спасение. Мислам дека старец Порфириј кажа дека сè се случува: ветрот дува, бебињата плачат, птиците пеат, сè што ни беше дадено, беше дадено за Исуса Христа да биде роден и да дојде во светот, за да нè спаси преку Воскресението. Нема ниту мало чудо, од сето создание и сиот свет, дека Бог го избра ова младо девојче кое рече „да“. Она што е уште повпечатливо за мене е тоа кога Христос беше на крстот и кога Му рече на возљубениот ученик Јован: „Еве ти мајка“, и, „Еве ти син“. Св. Јован Златоуст пишува дека Христос не му зборуваше само на св. апостол Јован. Тој зборуваше за сите нас. Христос ни даде Застапничка за да ги стоплува срцата на луѓето. Да ги приведе грешниците кон покајание.

Се сеќавам кога бев многу мал, мојата мајка ми рече: „Кога татко ти те кара, кај кого одиш?“ Јас ѝ реков: „Одам кај тебе.“ „И тогаш јас одам кај татко ти во твое име.“ Ова е врската на небесата. Кога одиме кај нашата Мајка, во наше име, Таа оди кај Својот Син. Тажно е кога толку многу луѓе ја отфрлаат и велат: „Ах, Таа не ни е потребна, не ни требаат светителите.“ Да се отфрлат Таа и светителите е како да го отфрламе Него, Христос. Кога патувам со иконата, секогаш сум прерадосен не само поради тоа што сум сведок на многу чуда, кои се случуваат преку иконата, туку сум прерадосен и поради фактот што нам овде ни е даруван таков голем благослов.

Кога бевме во Грузија со иконата, во православна земја со три милиони луѓе, во рок од три недели еден милион луѓе дојдоа да се поклонат на иконата на Богородица. Во еден храм во Тблиси, главниот град, беа присутни патријархот, претседателот, премиерот, луѓе од државата, а храмот беше среде градба, и покривот беше отворен. Немаше покрив. Војската беше таму за да ја заштити светата икона. По литургијата, патријархот гледаше кон мноштвото луѓе, околу двесте илјади кои чекаа да се поклонат. Како што луѓето пристапуваа, немаа време да ја целиваат, туку само ја допираа, а војската ги тргаше затоа што немаше време. Иконата беше таму само на дваесет часа, а верниците чекаа во колони дури до осумнаесет часа, само за секунда да ја допрат иконата. И патријархот ни рече: „Вие православните во Америка сте многу благословени! Ви се имаат дадено прекрасни дарови, но Господ со Неговата бескрајна мудрост ви подарил време за овие дарови. Имате време!“ Секако, кога си во црква со двесте илјади верници, без покрив, во изградба, што се случи? Заврна. Почна да истура. Се сеќавам донесоа

шатор над иконата, но сите други беа на дождот накиснати. И гледаш луѓе во инвалидски колички како читаат акатист и молитви. Се загледав во една жена во инвалидска количка, а нејзиниот молитвеник беше сиот толку накиснат што можеш да гледаш низ страниците. Чекаше во редица. Ја донесоа напред и просто ја допре иконата и ја тргнаа. Таква вера во неа! Како што претходно спомна отецот, кога Христос им рече на Своите апостоли во Гетсиманија: „Зар никој од вас не Ме чекаше? Никој од вас не остана буден?" Заспаа. Сите ние паѓаме. Ние сме така изобилно благословени! Луѓето ќе ме прашаат „Кое е најголемото чудо кое се има случено со иконата?" Сведоци сме на многу чуда, исцелување на слепи, болни од рак, демоноопседнати. Јас мислам дека најголемото чудо е кога некој ќе дојде пред вакво нешто, пред ваква светиња и дел во него се преобразува, се трансформира. Сфаќаат дека ова ни е дадено зашто Бог благоизволува да се поврзе со нас. Интимно е. Лично е. Господ вели: „Овде Сум. Нештата се тешки, стануваат полоши или подобри, но Јас сум овде." Еднаш бев запрашан: „Што е ова?" Му одговорив: „Ова е манифестација на Светиот Дух." И веруваме, Црквата верува, дека преку застапништвото на Мајката Божја, ова се случува. Господ дозволува и ја благослови преку мироточењето кое е манифестација на Светиот Дух.

Иконата е овде на средина, недалеку пред светиот олтар и така е правилно. Често го раскажувам настанот со една украинска бабичка. Таа ми вели: „Ова е прекрасно, никогаш не сум видела чудо досега." Јас ѝ велам: „За што зборуваш? Секоја недела го гледаш најголемото чудо?" Таа ме прашува: „Кое е тоа чудо?" Јас ѝ велам: „Кога свештеникот се моли и кога го призива Светиот Дух да слезе и да ги претвори лебот и виното во Тело и Крв Христова – тоа е најголемото чудо." Не мислам да ја потценам оваа мироточива икона, но тоа е најголемото чудо. Тоа е она кое слободно ни е дарувано нам. И тие се поврзани. Оваа мироточивата икона е видлива манифестација на другата – невидливата. Тоа е видлив потсетник што го гледаме, допираме, вкусуваме, мирисаме, чувствуваме. Тоа нè насочува кон невидливото кон нешто што не можеме ниту да го разбереме. Многу свештеници ќе ви кажат дека кога го призиваат Светиот Дух да слезе и да ги освети даровите, чувствуваат топлина над путирот. Го чувствуваат Господ кој слегува. Преку молитвите кон Богородица, Таа нè насочува кој Нејзиниот Син. Буквално и на иконата, Таа покажува со едната рака кон Својот Син, Христос: „Еве овде! Ова е спасението кое дојде во светот."

Се сеќавам на еден интересен настан. Едно од дечињата ме праша: „Зошто има болест?" Му реков: „Не знам да ти кажам, но сè што се случува во животот, СÈ, добро и лошо, СÈ ни е дадено за да нè приведе поблиску до Бога. Сè што се случува во нашиот живот, СÈ, е за да нè води

по нашиот пат: добро и лошо. Да нѐ води по патот кон Христос.“ Кога тоа дете ми го постави ова прашање, се сетив на еден настан што се случи минатата година за време на десетгодишнината од мироточењето на оваа света икона. Патувавме од Пенсилванија за Њујорк. Требаше да бидеме во руската црква во Бруклин во пет часот попладне. Владиката требаше да биде таму за да ја пречека иконата на Богородица. Како што возевме, примивме телефонски повик. Нѐ замолија да посетиме едно болно дете во болница во Бруклин. Возачот, кој беше ѓакон, ми рече: „Треба да бидеме в црква за служба, но како можеме да го реализираме ова?“ Му одговорив: „Не секирај се, Мајката Божја ќе направи сѐ како што треба. Сѐ ќе биде добро. Остави на Неа, и Таа ќе се погрижи за тоа.“ По телефон им реков дека треба да бидеме во црква за на служба и дали да одиме пред или по службата. Тие ми рекоа дека детето има терапија цел ден и дека ќе заврши во три и пол попладне. „Можеш ли да дојдеш?“ Ја внесовме адресата во навигаторот и покажа дека точно во три и пол ќе стигнеме пред болницата. Им реков: „Да – нека биде благословено. Ќе бидеме таму.“ Стигнуваме таму, малку подоцна, околу три и триесет и пет. Семејството нѐ дочека. Ја носиме иконата горе во собата во која штотуку го донесоа детето во соба од терапија, пред две минути. Кога отидовме горе, тоа беше нешто што никогаш дотогаш не сум го видел. Тоа беше бебе, два и пол месеци, не во инкубатор, туку на кревет, со цевки и жици насекаде околу него, и под ламба за греење. Дишеше преку цевка. Мало бебенце. Името му беше Максим. Никогаш не е лесно да се гледаат болни луѓе, особено мали деца – многу, многу млади дечиња кои страдаат. Неговите родители беа во голема тага. Детето беше болно затоа што требало да го вакцинираат, но родителите не сакале. Сакале да почекаат да потпорасне, но се случи детето да се разболе. Од она што го рекле од болница, доколку го вакцинирале, немало детето да допре до ваква состојба, но којзнае. Не знаеме. И така, пристигнуваме таму кај болното дете Максим. Родителите страдаат. Не биле венчани во црква. Му објаснив на ѓаконот да ја извади иконата и да ја стави над Максим, и ќе се молиме. Ја поместивме ламбата и ја ставивме иконата над Максим, па почнавме да се молиме колку што можевме и умеевме. Наеднаш машините, кои беа поврзани за него, се изгасија. Медицинските сестри дотрчаа. Секако, нѐ погледнаа со прекорен поглед. Се тргнавме настрана и ги оставивме да го прават она што требаше да го направат. Потоа, се вративме и пак ја ставивме светата икона над него. Машините повторно се изгасија, а од устата на бебето Максим почна да излегува пена. Пак ја тргнавме иконата. Дојдоа медицинските сестри и ја исчистија пената од неговата уста. Зборувавме со родителите. Еден од луѓето таму ми рече: „Дојди,

кажи им некој утешен збор.“ Не се сеќавам што им реков, но знам дека кажав „Сè што ни е дадено, ни е дадено за да нè доведе поблиску до Бога, поблиску до Црквата, поблиску до Христос.“ Пак ја положивме иконата над неговата глава и заминавме во храмот. За време на службата, примам телефонски повик. Си помислив: „О, Господи, се надевам ништо не му се случило на детето!“ На детето пена му излегувала од устата, па така, му ја извадиле цевката од устата, а тоа за првпат почнало самостојно да дише. По неколку дена беше отпуштено од болница. Родителите, кои биле крстени во црква, но никогаш не живееле како православни, ме прашаа: „Што да правиме?“ Им реков: „Отсега, па натаму, запаметете: Господ ви дал благослов. Господ дојде кај вас и ви го подари детето. Ова дете припаѓа на Христос. Треба да го пораснете и воспитувате правилно. Треба да бидете венчани во црква. Да го крстите детето.“ Максим беше крстен, а родителите се венчаа. Сè што ни е дадено, добро и лошо, е да нè води и насочува кон Христа. СÈ! Кога се чувствуваш тажен и немоќен, кога чувствуваш дека животот е борба и нè можеш веќе да издржиш, запамти: сè што се случува сега е да те центрира, да те сосредоточи со Христос. Запамти дека нашето страдање е нашето спасение. Преку страданијата се центрираме, се сосредоточуваме и стануваме едно со Христос. Зашто ако сè е добро... ако некој нè праша: „Како сме? Сè е одлично?“, тогаш нешто не е во ред со нас. Ако немаме борба, не знам каде ќе одиме. Што рече Христос? „Ако светот ве мрази, знајте дека Мене светот пред вас ме замрази.“ Ќе завршам со овие зборови. Мајката Божја дојде кај нас. Како што беше прочитано порано на службата во Евангелието: „Како е можно ова, Мајката на мојот Господ да дојде кај мене?“ Со други зборови, Елисавета говори: „Како сум достојна Ти да доаѓаш во мојата куќа?“ И така е со сите нас. Од каде тоа, Мајката на нашиот Господ да дојде кај нас?

Знам, многумина од вас имаат миро од иконата. Нашиот мил свештеник во Хаваи ми рече еднаш: „Знаеш, Нектарије, кога се чувствувам тажен, паднат, го отворам мирото и сè што правам е само ќе го помирисам и ќе се потсетам дека Бог нè љуби“. Пресвета Богородица да гледа на сите вас. Знам, многумина од вас ќе бидат овде цела вечер. Ако не можете да издржите, прилегнете овде. Тоа е во ред. Овде сте, и Таа е овде со нас.

Пресветата да продолжи да се застапува за сите вас и да бидете заштитени под Нејзиниот Омофор. Амин!

Бдението течеше. Сè се случуваше како тивко да пловевме без да брзаме да стигнеме некаде. Некој ќе заспиеше, па ќе се разбудеше, најважно Мама беше со нас. Утрото завршивме околу осум часот. Сите заминаа, а јас

останав со отецот во параклисот со светата икона додека го чекавме брат Нектариј да дојде. Зар требаше да бидам дома и да спијам додека светата икона на Мама беше во мојот град? Не – а освен тоа, не можев да си заминам додека не ја испратев. Патем, секојпат кога се одделував од неа, се чувствував како мало дете кое кога ќе го одделат од својата мајка и ќе почне да плаче – така и јас плачев!

Во девет наутро пак ѝ испеавме химни и ѝ посакавме довидување на Мама.

Му реков на отецот: „Овој викенд, оче, ги наполнивме батериите и сега назад во светот со духовна борба."

Како и секогаш, брат Нектариј не ме остави бев шишенце миро, а кога ќе ја отвореше иконата, ќе извадеше памук, сиот наквасен со миро и ќе ми подадеше. Овој пат, додека ми го даваше шишето, ми рече: „Еве едно и за Македонија." Му реков: „Не можам да го дочекам денот кога светата икона ќе дојде во мојата Македонија!"

Често кога објавувам нешто ново за Неа, барам од мојот народ да ја моли Пресветата да ни дојде на гости. Откако испеавме неколку химни, тоа утро пред да замине светата икона, брат Нектариј повторно ја отвори. Сета беше наросена со големи капки. Патем, тој рече: „Се радува Мајката Божја."

Уште малку ќе напишам и ќе завршам: еве, во три наутро го завршувам текстот. Недалеку од мене е мојот мал иконостас, домашната црква. До иконите, стои памукот затворен во зиплок. Пишував, а силниот мирис на мирото не престана да се чуствува. Како ветар поминуваше и поминува. Не можам да ги скријам овие радости. Ќе бидам себичен ако го сторам тоа. Се радував, но уште повеќе се радувам кога моите браќа и сестри дома се радуваат зашто преку нив се спасувам. На заминување, им мавнав со раката, се прекрстив и реков: „Мамичко, Ти благодарам што нѐ посети. Многу те сакам!"

Благослови, Мамо!

ОД ИДЕЈА ДО РЕАЛНОСТ

Преку дијаспората – благослов до сиот македонски народ

Минатата година, во 2019, имав желба пак да отидам на Хаваи кај мироточивата Иверско-Хавајска икона на Пресвета Богородица. Планот ми беше да отидам на почетокот на јануари и таму да бидам за Божик. Една од ќерките на отец Георги, мојот парохиски свештеник, живее таму со своето семејство. Првиот пат отецот ме однесе таму. Јас и Тасиа се здруживме, и муабетот секогаш ни одеше. Секогаш бев добредојден во нејзиното семејство. Кон почетокот на октомври ѝ се јавив на Тасиа и ѝ реков дека планирам да дојдам. Таа прво ми рече: „Во секое време", но по некој ден ми се јави и ми рече дека заборавила оти родителите на сопругот токму во тој период ќе дојдат, па подобро ќе биде да дојдам пред или по нив. Ѝ се заблагодарив и ѝ реков дека подоцна нема да можам затоа што ќе започне школскиот семестар. Едноставно си реков дека ќе отидам во следната прилика. Чудото започна од овде.

По една недела во истиот октомври, едно попладне ми се јави отец Синиша, македонски свештеник при црквата Раѓање на Пресвета Богородица во Детроит. Тој години наназад ми беше професор во средно во Богословија по предметот Библиска историја. Кога дојдов во САД, до одреден степен го следеше мојот самостоен живот и мојата вера во Бога. Во разговорот ми кажа една идеја што ја планира и побара од мене лично мислење. Имено, сакаше да направат копија од некоја чудотворна икона на Богородица за тој храм. Јас, нормално, веднаш без размислување му кажав за Иверско- хавајската икона. Додека тој ми ја кажуваше својата идеја, иконата ми одекнуваше во главата. Му реков дека овде во САД имаме таква светиња и би било добро од неа да направиме копија за во наш храм. Патем, ја поздравив неговата идеја и му реков дека такво нешто уште многу одамна сакав да предложам некому, но немав сили, ниту глас за тоа. Веројатно, времето не беше дојдено. За сè е потребно време и место. Накратко му раскажав на отец Синиша за мироточивата икона, и тој ме праша дали ќе можам да го организирам сето тоа. Оваа задача ја сфатив сериозно и активно работев на неа. Разговарав со хранителот на иконата, ѓакон Нектариј (во меѓувреме прими ѓаконски чин) и му раскажав за намерата. Тој ми рече да се јавам и да разговарам со монахињите во манастирот Раѓање на Пресвета Богородица во Пенсилванија зашто само тие имаат благослов да направат таква икона овде во САД. Иконата требаше да биде голема, 40 со 30 мерено по американски.

Им се јавив на сестрите и за една до две недели ги утврдивме планот и идејата за тоа како да се направи иконата, со камења, бисери, позлатена и со сребро. Во меѓувреме планот беше да ја однесам на Хаваи, за да се освети до оригиналната, па да биде однесена во Детроит. За таа намера, црквата ми обезбеди авионска карта, сместување и кола на Хаваи. Мојата желба за Хаваи навистина се исполни. Со Божја промисла, се отвори пат. Беше планирано да заминам од 4. до 17. јануари. Монахињите работеа со љубов. Не стигнаа да ја завршат до моето заминување, па се договоривме да ја испратат директно на Хаваи, што беше и многу подобро зашто иконата беше огромна.

Слетав во Ханолулу на 4-ти вечерта. На 5-ти имаше литургија. Мироточивата икона беше таму за време на литургијата. По неа, ѓаконот Нектариј ми рече: „Земи ја иконата со тебе и донеси ја на вечерна пред Божик." Кога го слушнав ова, се штрекнав. Колку што знам, тој не ја дава тукутака мироточивата икона некому. Ова не го очекував. Тој знаеше дека престојував кај Тасиа до 8-ми, пред да дојдат родителите на нејзиниот сопруг, и имаше доверба. Патем, не знам од каде, но ја стекнав неговата доверба. И така, по литургијата, со иконата на градите, како што и секогаш се носи, влегов во колата и заминав дома. Уште бев во неверување дека се случува сето тоа. Со Мама поминав два дена. Нејзината мироточива икона беше веднаш до мојот кревет. Тие два дена беа чудесни, такви благи мигови исполнети со мир, а јас целиот збунет и полн со радост. Не, веќе не може да се опише тоа. Таа љубов Нејзина не пресушува. Кога ќе се сетев колку илјадници луѓе чекаа во редици за да ја целиваат, а јас ја имав два дена во собата... уште повеќе ја гледав својата недостојност, но само поради љубовта Нејзина се осмелив. Всушност, Таа дојде кај мене, уште во следниот ден од моето пристигнување на Хаваи.

Со љубов ја чекав копијата. Кога ја отворив, не можев да ѝ се насладам. Таква голема и божествена, права копија од Иверско-Хавајската икона на Пресветата. Сета облеана со злато и сребро, камења и бисери – за мене беше нешто невидено дотогаш, а и секој што ја виде не можеше да ѝ одолее. Ми се чини таква голема копија се нема направено досега, а тоа ми го рекоа и монахињите. Згора на тоа, ми рекоа и дека ја работеле со љубов, но и со неколку искушенија, ама тоа за нив било добар знак. По Божик, ја осветивме иконата до оригиналната.

Ѓакон Нектариј имаше кратко видеообраќање за верните во храмот во Детроит. Тој рече: „Алоха![15] Христос се роди! Радост е и задоволство, благословот од ова света икона, а која е копија од чудотворната мироточива Иверско-Хавајска на Пресвета Богородица и е посебна изработка од сестрите од манастирот од Пенсилванија, да биде однесена и придружувана од

15 Алоха е традиционален Хавајски поздрав.

ипоѓакон Стојан во македонскиот православен храм Раѓање на Пресвета Богородица во Детроит, од средината на Пацификот, од далечниот Хаваи, сè до другиот крај во Детроит. Иконата ќе биде однесена кај вас како голем благослов не само за тој храм туку и за градот. Мироточивата икона мироточи десет години, од 2007 год., кога беше најдена на полица сета оросена. Однесена е на поклонение во илјадници храмови, и милиони луѓе се имаат поклонето пред неа низ светот. Мала скромна икона, најдена на полица, на многумина донесе и сè уште носи исцеленија во православниот свет. А благословот го делиме и со оние кои не се православни христијани. Не така често, копии како оваа икона се благословуваат за црквите. Оваа конкретна икона е една од тие. Што е уште повеќе забележително, Мајката Божја нè повикува, нè води кон својот Син. Таа бара од нас да молиме покајание, да просиме единство во Христа и со Христа. Мироточивата Иверско-Хавајска икона на Пресвета Богородица е големо чудо, но најголемото чудо кое ни е дадено е она зад мене [покажува кон олтарот и мисли на светата Причест], и тоа мораме тоа да го запамтиме. Но, зошто ни си дадени чудотворни икони? Тие икони ни се дадени од Бога како потсетник, како видлива манифестација на Неговата љубов, нешто кое можеме да го помирисаме, да го допреме, да го вкусиме и да го видиме; видливо за да нè насочи кон невидливото, кон најголемото чудо. Тие природно припаѓаат еден на друг. Кога бев известен дека соборната црква во Детроит има желание да направи копија, и тоа не каква било копија, туку посебна икона, им дадов благослов на монахињите да направат копија за вас. Нешто слична, но помала беше направена за грузискиот патријарх, и таа сега виси на проскомидијата во соборниот храм во Грузија. Оваа копија да ја благослови вашата парохиска заедница, да го благослови верниот народ. Одете при Неа, кај Нејзиниот свет Образ. Одете кај Мајката Божја. Донесете ја вашата тага, вашата болка, Таа нека ја исцели вашата болка преку благодатта на Нејзиниот Син. Господ ни ги даде овие чуда за да нè врати назад при Него, поблиску до Него. Му дадов на Стојан да ви донесе малку копии од Хавајската икона и шишенца со миро за благослов. Отец Синиша и Драган ќе ве помазаат со тоа миро и ви ветувам, овде секогаш ќе има миро за вас да дојдете и да бидете помазани, и здравје, со Господ напред, мироточивата икона да го посети вашиот храм. Јас лично сакам да се заблагодарам на македонскиот митрополит на вашата епархија, како и на отец Синиша, кои го организираа ова богоугодно дело, како и за великолепниот кивот во кој ќе стои копијата. На празникот Обрезание Господово, оваа копија беше осветена во присуство на мироточивата Иверско-Хавајска од нашиот отец Атанасиј. По тоа ќе биде помазана со миро лично од мене и придружувана од ипоѓакон Стојан до вашиот храм во Детроит. Ви посакувам благословен и радосен настан на примањето на овој дар на

Пресвета Богородица. А, всушност, Нејзиниот Образ, Нејзината Икона е дар за нас. Господ да биде со вас, и Пресвета Богородица секогаш да ве чува под Нејзиниот најсвет Омофор. Алоха!"

Со овие слова, ѓакон Нектариј го поздрави преку видео нашиот народ. На 17. вечерта полетав од Хаваи за Детроит. Летав преку Тексас. Таму авионот доцнеше цели осум до девет часа поради снежна бура во Детроит. Работите некако си дојдоа на свое место. Во текот на денот имаше снежна бура, но потоа стивна, и успеавме да летаме до Детроит. Стигнав вечерта на 18. Ме пречека ипоѓаконот Стојан. Доцна вечерта ја однесовме копијата во храмот каде што отец Синиша и отец Драган ја внесоа, а ние ѝ пеевме „Достојно ест". Утредента, на Богојавление, копијата им беше официјално претставена и соопштена на верниците. Пред да заминам од Детроит, со некоја болка во себе се збогував со неа. Некако дотогаш се зближив и не сакав да се разделам. Денес, оваа копија стои од левата страна во храмот, во златен кивот и се чини како со радост да ги пречекува своите чеда и оние кои тагуваат и просат Нејзина помош.

ОБРАЗИТЕ НА ДВЕТЕ ИКОНИ

Ајотука завршува сиот запис за оваа мироточива и видлива манифестација на Божјата благодат, Иверско - Хавајската света икона. Во овој последен дел, важно е да се спомнат и уште други две чудотворни икони на Пресветата: Курско - Коренската и Омекнување на Злите Срце - Седумстрелна.

Курско - Коренската икона на Пресвета Богородица е под покровот на Руската Задгранична Црква со седуште во градот Њујорк. Истата има чувар кој што се грижи за неа и Светиот Образ патува низ разни држави во САД. Пред оваа света икона, светиот Серафим Саровски, како мало дете, бил излечен и свети Јован Шангајски и Сан Франциски се упокои пред неа. Додека студурав во Џорданвил, често ја носеа на неколку дена. Во две прилика, хранителот на истата, денес владика Николај ја позна мојата љубов кон Богородица и двапати ја донесе во мојата ќелија на неколку часа. Еднаш, по ручекот ми рече дека во текок на денот ќе дојде кај мене. Беше веќе пет попладне и јас се уште бев потонат во мојата неколкучасовна дремка. Некој тивко затропа на вратата. Како што бев поспан, некако немав намера да отворам зашто по обичај не одговарав но овој пат нешто ме натера да станам. Кога ја отворив вратата, имав што да видам, отец Николај со чудотворната Курско - Коренска икона. Ја стави на креветот и ми рече ќе се врати за неколку часа да ја земе. Понатаму, другите детали се лични. И уште нешто за овој свет Образ: во првата година од моето доаѓање во Џорданвил, поклонувајќи се пред оваа света Икона, многу ја засакав. Кога бев во градот Њујрк, во една руски храм купив копија од истата (20 долари) и сакав да биде иста како оригиналната. Така, ги замолив монахињите од скитот до Џорданвил да ми сошијат риза околу целата икона и футролат за да ја носам на градите, токму како оригиналната. И така, истата ја нарековв „оваа кој апатива со мене,„ зашто немаше место каде не бев а оваа копија да не дојде: Од аеродромите низ Македонија, Света Гора, до неколкуте држави во САД.

Другата чудотворна и мироточива света икона Омекнување на Злите Срце - Седумстрелна е од Русија, недалеку од Москва. Нејзин чувар е брат Сергеј. Оваа света икона има седум мечови и историјата е поврзана со Мајката Божја гледајќи го својот Син Христос како страда прикован на крстот. Брат Сергеј на носеше оваа икона во САД на почетокот на Велигденските пости се до светлата седмина. Тој ќе ја донесеше светата икона во Џорданвил во страсната седмица и беше со нас до Пасха. По благословот на Богородица, се спријателив со брат Сергеј при што имав можност да се насладувам од прва

рака од благодатта на оваа света икона. Без никаков план, а навистина се случи по Божјата промисла, во 2021 оваа мироточива икона ја поканивме на нашата свадба. Истата дојде од друг континенет и преку океан се до Калифорнија само заради нашата свадба. Прстенувањето, првиот дел од венчавката се одржа пред оваа света икона. Вечерта пред свадбата, пак по Божја промисла се случи брат Сергеј да оставе со иконата во нашиот дом (мојата сопруга и јас не живеевме заедно до свадбата). Јас му ја оставив мојата соба а јас спиев во дневната каде што беше иконата. Таа вечер, пред големиот за мене ден, се исповедав пред оваа икона, а длабоко во ноќта, додека спиев, трипати бран од мирисот на миро од неа ме разбуди. Како тивок ветар поминуваше низ сетилата за мирис. Последното за оваа света икона што достојно е да го споделам и неколку месеци пред свадбата во своите молитви вака реков: „Мамичко, Богородице, воопшто не ја заслужувам Твојата љубов, но Те молам, многу Те молам дојди на свадбата со една од Твоите чудотворни икони. Многу ќе ми биде тешко ако не дојдеш.„ Не знам како, зошто, но Пресветата Богородица и таа радост ни ја исполни. Кога велат Таа е мајка на сите, тоа го кажувам со потполна увереност, вистина и сведоштво.


Св. Иоанн
Архиепископ
Шанхайский и
Сан-Францисский


Святитель Иоанн
Дивный

III ДЕЛ

СВЕТИ ЈОВАН ШАНГАЈСКИ И САНФРАНЦИСКИ



Тропар на Св. Јован Шангајски, глас 5:

Грижата твоја за паствата што патешествува ги преобрази твоите молитви кои постојано ги принесуваш за сиот свет – така веруваме, спознавајќи ја твојата љубов, светителу и чудотворче Јоване! Целиот од Бога осветен со свештенодејството на пречистите тајни, со кои постојано и самиот си бил укрепен, брзаше кон страдалниците, најрадосен исцелителу. Побрзај и сега на помош кон нас, кои со сето срце те почитуваме.

++++++++++++++++++++++++++++++

Troparion to St. John in Tone 5

Lo, Thy care for thy flock in its sojourn / prefigured the supplication which thou dost ever offer up for the whole world. / Thus do we believe, having come to know thy love, O holy hierarch and wonderworker John. / Wholly sanctified by God through the ministry of the all-pure Mysteries / and thyself ever strengthened thereby, / thou didst hasten to the suffering, O most gladsome Healer, // Hasten now also to the aid of us who honor thee with all our heart.

МОЛИТВИ КОН СВЕТИОТ ЈОВАН, НОВИОТ ЧУДОТВОРЕЦ

МОЛИТВА ПРВА

О, чудесен светителу Јоване, толку си го распространил срцето свое, за да го сместиш мноштвото почитувачи од различни народи и племиња. Погледни на сиромаштвото на нашите зборови, кои, сепак, со љубов ти ги принесуваме, и помогни ни, светителу Божји, да се очистиме од сите нечистотии на телото и духот, трудејќи се за Господа со страв и радувајќи се во Него со трепет. Со што да ти возвратиме за радоста што ја почуствуваме, гледајќи во светиот храм на твоите свети мошти и славејќи го твојот спомен? Навистина, немаме со што да ти возвратиме, освен ако ги промениме нашите животи, станувајќи нови луѓе. Биди застапник на оваа благодат на обновување, светителу Јоване; помогни ни во нашите слабости; излекувај ги нашите болести; излекувај ги нашите страсти со твоите молитви. Ти кој се пресели од овој привремен живот во оној вечниот, во кој те упати Пречистата Владичица, Патеводителка на Руската дијаспора, со Својата чудотворна икона Коренокурска, Чиј придружник беше ти на денот на твоето упокојување. Сега се радуваш заедно со хорот на светиите, славејќи Го Единиот во Троица прославен Бог, Отецот, и Синот и Светиот Дух, сега и секогаш и во вечни векови. Амин.

МОЛИТВА ВТОРА

О, светителу оче наш Јоване, добар пастиру и тајновидец на срцата и човечките умови! Сега се молиш пред Божјиот Претстол, како што и сам посмртно си рекол: „Иако умрев - сепак жив сум". Помоли Го семилостивиот Бог да ни дарува прошка на нашите гревови, и вразумувајќи се да повикуваме кон Бога да ни дарува дух на смирение, страв Божји и побожност во секое време од нашиот живот. И како што милостив наставник на сираците и искусен воспитувач беше на земјата, биди ни и сега патеводител и Христово вразумување наше среде Црковните несогласувања; услиши ги воздишките на

збунетата младина од нашето изопачено време, изложено на бурата на злобното беснило, и милостиво погледни на потиштеноста на нашите пастири, кои изнемоштени од нападите на нечестивиот дух на овој свет венеат во мрзелива рамнодушност. Побрзај во молитвата, плачејќи ти повикуваме, о усрден молитвенику; посети нѐ нас сираците, расејани по лицето на целата вселена и во нашата татковина, заскитани во темнината на страстите кои сепак, преку нашата слаба љубов сме привлечени кон Христовата светлина и ја очекуваме татковската грижа; и така, стекнувајќи побожност, да се јавиме наследници на Царството Божјо, каде што пребиваш со сите светии, славејќи Го нашиот Господ Исус Христос, Кому Му прилега чест и власт, сега и секогаш и во веки веков. Амин!



БОГОЈАВЛЕНИЕ – ПРОСВЕШТЕНИЕ

Запишан тонски запис од беседата изговорена од свети Јован Шангајски на денот на Светото Богојавление во храмот „Света Троица“ (познат како Руската црква) во Битола, Македонија, 19.1.1928 година.

Во името на Отецот и Синот и Светиот Дух!

Славејќи го Богојавлението, ние се сеќаваме дека Бог им се откри на луѓето како Троица и дека Исус им се јави како Христос. Каде се јави Христос? Каде го започна Своето дело? Дали појде во некој голем град и таму се јави во Својата Слава? Или се искачи на некоја висока планина, а масата од илјадници луѓе стоеше долу и Го гледаше како [да гледа] некое големо чудо? Не! Христос појде во пустината, на реката Јордан, каде што Јован го крштаваше народот. Јован проповедаше покајание и ги повикуваше грешниците, во знак на тоа покајание, да се крстат во Јордан.

И еве, како грешник доаѓа и Христос, и моли да се покрсти. Оној во Кого немаше грев. Јован се исплаши: „Ти треба мене да ме крстиш.“ „Остави сега“, одговара Исус, „оти така треба да ја исполниме секоја правда.“ Адам згреши преку гордоста, сакајќи да се возвиши, да стане како Бог. А, Христос дојде за да ја изврши правдата Божја, да го поправи со смирение Адамовиот грев на гордоста. Адам сакаше да се возвиши пред Бога, а Бог се понизи пред човекот. Христос слезе во водата и прифати крштение од слугата Свој. Треперејќи, Јован ја положи својата рака врз својот Бог и Владика, а Христос смирено ја навали Својата глава пред Него. Ова Христово смирение го отвори небото. Тогаш небесата се отворија и се чу гласот на Бога Отецот: „Овој е Мојот возљубен Син, Кој е по Мојата волја. Овој е Синот Мој, Кој Себе се понизи за да ја твори волјата Моја, вистинскиот Син Мој, Кој се унизува за да го возвиши човекот.“ А Духот Свет се симна од небесата на Исуса, потврдувајќи ги зборовите на Отецот. Така, со смирение Исус ги отвори небесата и на луѓето им ја покажа тајната на троичноста на Божеството.

Но зошто Тој ја објави оваа тајна на вода, а не на некое друго место? Да се потсетиме само како Бог го створи светот. Кога Бог ги создаваше небото и земјата, „земјата беше безоблична и празна, а Духот Божји лебдеше над водата.“ Потоа ги раздвои Бог земјата и водата, но така што водата сепак остана на секое место и е неопходна за сè створено [да постои]. Човекот не може да живее без вода, ниту кое било друго животно; постои вода (влага) во воздухот; ако каде било земеме една грутка земја – и во неа има вода; и во каменот има вода, макар што ни се чини дека таму ја нема – сепак таа

постои во него, и кога Бог ќе посака, може да ја ослободи од него, како што и направи во времето на Мојсеја. „Господова е земјата и она што ја исполнува вселената е сè што живее во неа, зашто Он ја основа врз моријата, и на реки ја утврди“ (Пс. 23,1-2). „Небесата одамна постојат, и земјата беше создадена од водата и преку водата преку Божјото слово“, пишува апостол Петар, „преку која тогашниот свет беше потопен со вода, и така беше уништен“ (2 Петр. 3,5-6).

Кога човекот погреши, го навлече Божјиот гнев не само на себе туку и на сета природа. Човекот е круна на Божјото творење; тој беше поставен за цар на природата. Но, кога царот стана непријател на Другиот Цар, тогаш и сето негово царство стана непријателско царство. Казната беше наменета не само за човекот туку и за сè створено. „Оти знаеме дека сите созданија заедно со нас воздивнуваат и тажат досега“ (Рим. 8,22). Но, „и тие ѝ се покорија на суетата, не доброволно, туку по волјата на Оној Кој ги покори“ (Рим. 8,20). Токму затоа простувањето на вината и створеното го ослободи од робувањето на распадливоста. „Запалените небеса ќе се распаднат, а ние очекуваме нови небеса и нова земја, каде што суштествува праведноста“ (2 Петр. 3,12-13). За да се овозможи оваа промена, за да се подготви природата за непропадливоста, која ќе настапи по судниот ден, Христос дојде на водите јордански.

Слегувајќи во Јордан, Христос не ги освети само водите јордански туку и сета водена природа, како што и Црквата воспева во своите химни: „Христос се јави, преку Јордан да ги освети водите“ (претпразничен тропар), „денес се осветува природата на водата“ (тропар при исходот на Јордан). А, бидејќи водата се наоѓа насекаде, тогаш, осветувајќи ја водата, Христос освети сè што е створено, целата вселена. Христос ја подготви природата за и таа да ги почувствува добрите последици од жртвата која Тој дојде да ја принесе. Но, не е само тоа. Тој на водата ѝ подари моќ да ги измие [исчисти] човечките гревови. Јовановото крштавање било само знак на покајание. Христијанското крштавање е ново раѓање, простување на сите гревови. Преку водата Бог ги казни гревовите на првиот свет, уништувајќи го со вода во потопот. Преку водата Бог сега ги спасува луѓето преку Тајната на крштението.

На тој начин, на водите јордански Христос ја уништи главата на змијата, како што се пее во црковните химни, главата на онаа змија која ги излажа Адама и Ева, која сега е победена со праведноста на Исус: им откри на луѓето дека Бог е Троица – ја освети водата, а преку неа, и сè што е створено го подготви за прифаќање на зборот на проштавањето и за непропадливоста. И тогаш, издржувајќи уште една борба со ѓаволот во пустината, Христос појде да ги подготвува луѓето за идното царство, започнувајќи ја Својата проповед со зборовите: „Покајте се, оти се приближува Царството небесно“ (Мат. 4,17).

или, како што стои напишано во другото Евангелие: „Се исполнија времињата и се приближи царството Божјо: покајте се, и верувајте во Евангелието!“ (Марко. 1,15)

Дотогаш Јован Крстител проповедаше покајание, го подготвуваше патот за Господа. Сега Самиот Господ им вели на луѓето: „Покајте се!“ Тој глас е наменет не само за луѓето кои живееле во Христовото време туку со тие зборови Христос се обрати и кон сите луѓе во сите времиња и векови. И ние ги чувме тие зборови од Евангелието. И додека сè уште не стивнале богојавленските празнични химни, тие нè потсетуваат дека се приближува времето на покајание.

Да внимаваме! Тоа не се зборови на пророк или ангел, туку на Самиот Господ. Ќе се покаеме и преку постот кој ни претстои [Велигденскиот пост], ќе се потрудиме да ги победиме нашите страсти и да добиеме простување на гревовите, за во идниот век да влеземе во непропадливото Царство кое ни го приготви Господ.

ГОСТИН НА НЕГОВА СМЕТКА

Досега не седнав да нанижам слова за овој чудесен светител. Не дека не сакав, туку како усно предание ги носев прво во срцето, а второ, ги раскажував усно на поединци. Ете, милоста Божја е чудна, несфатлива за нас и доаѓа кога најмалку ја очекуваме или, пак, сме на прагот да се откажеме од борбата која ја водиме во овој свет. Вие пресудете дали е добро или не, но јас отсекогаш ги споделувам со своите нештата кои ми се случија во животот, оние од Бога. За пофалба? Далеку од тоа, туку од причина која Бог ја промислува за нашите животи. Затоа раскажувам и нема да престанам. Овде, во Америка, не може, а да не се пишува за свети Јован Шангајски и Санфрациски, тој чудесен светител од нашето време. Пред сето ова, да истакнам една друга важна работа. За почитувањето на светителите во православната црква.

Кога некој зборува за љубовта кон некој светител, честа е појавата да налета на оние кои почнуваат да говорат дека ние ги обожаваме светителите. Да, има и такви верници кои одат во крајност, тоа не го порекнувам. Сепак, важно е прво од корен да се познава својата православна вера, за да не отидеме во крајност. Светителите се избран сад, садови кои Бог ни ги дал за наша радост, благослов и една од алатките кои ќе ни помогнат за вечно спасение, како што прочитав на едно место: *Дојдете кон богомдаруваните садови на благодатта и вкусете од непресушниот извор на Божјата милост.*

Бог ги прославува Своите светии со тоа што телото им останува нераспадливо, или, пак, од нивните мошти се излева скапоцено миро, па затоа безброј исцелувања и чуда се случуваат за слава на Бога и спасение на луѓето Негови; сепак, тоа е само плод на нивниот свет живот во Христа. Пред сѐ, чудата се случуваат за неверните, односно, за да поверуваат оние кои не веруваат, а верните – да се утврдат во верата.

За овој чудесен светител има многу да се зборува. Неговото житие ќе го прескокнам овде зашто тоа е друга тема, а и невозможно е овде сѐ да се стутка, но со многу љубов и благодарност кон него, ќе ги раскажам настаните и тие радости примени од него. Светител кој пред не повеќе од 40 години чекореше на земјата, низ улиците на Битола, Париз, Шангај, Сан Франциско... Наоѓаше бебиња фрлени во ѓубре и ги земаше, спасувајќи им ги животите. Постојано беше во болниците, причестувајќи ги и утешувајќи ги болните. Светител кој никогаш не спиеше на кревет. Наутро служеше литургија, потоа посетуваше болни, разговараше со луѓе, а навечер, кога сите спиеја, тој одговараше на писма, се молеше и само доколку имаше време, одмораше,

спиејќи неколку часа на фотеља или на колена молејќи се. Неговите добри дела се небројни.

Денес во Катедралниот храм на Западната епархија на Америка се наоѓаат неговите нетлени мошти од кои постојано се случуваат чуда. За него слушнав уште додека бев средно Богословија во Драчево. Еден од воспитувачите, Дејан, го викавме Деки Братчето, прв ми раскажуваше за него. Деки Братчето беше таков смирен човек, таква смирена душа што глас не повишуваше кон нас темпераментните детишта. Еднаш малку ни се налути и благо нè искара, а потоа истиот ден ни се извинуваше поради тоа. Е па, сега, вие разберете за какво смирение станува збор. Како и да е, раскажувајќи ми за свети Јован и за неговиот живот, тој ми подари една мала фотографија од свети Јован како млад монах во Битола. Понатаму, од него дознав дека св. Јован никогаш не спиел на кревет, туку на фотеља. Се сеќавам еден вечер, околу три или четири наутро, станав за во тоалет и додека поминував низ ходникот, видов дека светлото од собата на Деки Братчето сè уште светеше. По тоа разговарав и со другите ученици, и тие го забележале истото. Утредента го прашав: „Деки, спиеш ли ти воопшто? Зошто си буден во доцните часови?“ Невино, како да си го фатил во некој криминал, тој почна да се правда: „Не, не, спијам, како не.“ Следната вечер кога се разбудив за во тоалет и поминував покрај неговата соба, видов дека тој простор го покрил со ќебе за да не се гледа светлото.

Понатаму, кога завршив четврта година средно, тоа лето, пред да ја почнам петтата и последна година, за првпат заминав на три месеци во САД, во државата Индијана, кај тетка ми. Во петта година една од лектирите, кои требаше да ги читаме и обработуваме, беше онаа за животот на свети Јован Шангајски од професорот Борис Бошковски. Дотогаш веќе знаев за светителот од Деки Братчето, а лектирата ја зедов со себе во САД каде што ја прочитав. Интересно беше тоа што кога дојде време да ја прераскажам на десетина страници во тетратка, тоа го сторив во градот Чикаго. Чекав воз до Индијана да се вратам кај тетка ми. Наместо да шетам наоколу, си седнав на една клупа во Милениум парк и почнав да ја пишувам. Тогаш, поим немав дека следната година ќе дојдам да студирам во САД, во Њујорк, ниту, пак, дека еден ден ќе одам кај свети Јован во Сан Франциско и ќе живеам во Калифорнија. Сè се случи промислено.

Деки Братчето ми го отвори патот за житието на св. Јован, а како лектира пишував за него во паркот во Чикаго. Една година подоцна дојдов во САД на студии. Секоја година одев од Њујорк во Сан Франциско на поклонение на неговите нетлени мошти, и завршив да живеам во Кармел, два часа јужно од Сан Франциско каде што секој месец одам кај св. Јован. Ете, вака започна сè, но има уште да се зборува.

Уште додека за првпат летав за Сан Франциско, постојано размислував во себе како само ќе се појавам во тој храм, како ќе застанам пред нетлените мошти на свети Јован. Кога ја завршив првата година факултет во Џорданвил, летото останав таму. Работев на манастирските гробишта. Косев трева, ги одржував за да заработам некоја паричка за живот. Патем си зададов цел: првите пари што ќе ги заработам ќе ги планирам да купам авионска карта и сместување во Сан Франциско кај свети Јован. Беше јулско утро, и како и секој ден отидов на работа на манастирските гробишта. А таму... колку само убаво беше. Тивко и мирно, зелено насекаде. Работиш во тишина. Малку беше топло, но во лето како поинаку да биде. Додека работев, дојде една жена, Ана, чиј брат е погребан на тие гробишта, како и неколку нејзини роднини. Таа сега живее во државата Орегон, соседна до Калифорнија. Се служеше панихида и по тоа, Ана ми пристапи и започна разговор со мене. Ме праша од каде сум и дали сум студент во Џорданвилската семинарија. Ме замоли дали можам да ги бојадисам избледените крстови на гробовите од нејзините роднини и за тоа ме почести со шеесет долари. За мене како студент тие пари беа одлична поддршка. Кога си студент, секој денар ти е важен. Низ разговорот некако отворивме тема за свети Јован. Таа ми рече дека била на неговите мошти неколкупати.

„Тоа е одлично", ѝ реков. „И јас многу сакам да одам да се поклонам на неговите мошти. Првиот распуст што ќе го добиеме, во ноември, планирам да одам кај него на една недела."

И така по краткиот разговор, таа си замина, а јас продолжив да работам. По десет-петнаесет минути, Ана се врати назад. Ме најде и ме праша:

„Стојан, кога точно планираш да одиш кај свети Јован?"

„Во неделата кога е Денот на благодарноста. Тогаш имаме една недела распуст."

„Имам една неискористена авионска карта преку South West и сакам да ти ја дадам тебе, за да одиш да се поклониш на моштите на свети Јован Шангајски."

Луѓе... тоа чувство не се опишува. Не знаев како да реагирам. Просто се наежив. Како наеднаш жена, која не ја познавам, ми доаѓа и ми понудува бесплатна авионска карта до Сан Франциско? Патем, Сан Франциско е на другиот крај од Американскиот Континент, и картите не се евтини. Не знам колку само ѝ се заблагодарував. Истиот ден го замолив отец Анатолиј да отслужи молебен кон свети Јован за овој подарок и чудо. Уште непојден во Сан Франциско, свети Јован ме направи веќе гостин на негова сметка.

Тој мој прв лет за Сан Франциско беше навистина блажен и полн со возбуди. Дојде мигот кога се случи и тоа. Се најдов пред соборниот храм посветен на Мајката Божја „Радост на сите нажалени", кој свети Јован

го изгради. Влегувам внатре и од десната страна го гледам велелепниот ковот на светителот. И што понатаму... чекорам кон него. Колку повеќе се приближувам, срцето ми трепери. Сепак дојде и тој момент да застанам пред свети Јован, пред светиот владика на нашите времиња. Понатаму не можам да говорам затоа што чувствата не се опишуваат, туку се чувствуваат! Едноставно, сè во тој храм е блажено. До денес, секогаш кога одам таму, толку убаво се чувствувам како да сум во свој дом. Секој храм за мене е блажен и прекрасен. Често, кога ќе застанам пред ширниот иконостас, пред амвонот, ќе речам: „Ах, Господи, ако е Твојата волја да Ти служам како клирик, ќе благословиш ли тоа да се случи во овој храм на Мама или барем тука да биде венчавката?" Од десната страна се наоѓа големата престолна икона на Богородица – Радост на сите нажалени. Насликана е икона на Богородица како им подава рака на нажалените и на оние кои страдаат. Овој храм е завршен под раководство на свети Јован Шангајски. Всушност, една од причините поради кои Синодот на Руската задгранична црква го назначил владиката Јован за архиепископ на западна Америка е за да помогне да се заврши храмот. Имено, откако почнале да го градат храмот, настанале расправии. Знаеме дека лукавиот мора секаде да замеша прсти кога нешто се прави за Бога. Неколку архиереи се обидувале да го решат проблемот и се откажувале. Тогаш Синодот знаел дека свети Јован е оној кој може да го среди сето тоа, па го назначил за надлежен архиереј. Тој смирено и со послушание дошол во САД и ја презел својата нова епархија. Придонесувајќи и давајќи сè од себе, свети Јован многу пострадал додека се завршил храмот. Неговите го дале на суд, клеветејќи го со разни лажни обвиненија. Тој смирено седел во судницата и се молел. По неколку судења, судијата рекол: „Сте донеле погрешен човек на суд." Храмот бил доградeн и оттогаш до денес секој ден во него се служи литургија, вечерна и утрена. Од времето на свети Јован.

Второто необично и најмалку очекувано нешто се случи на 19 ноември 2011 год. Веднаш на вториот ден од мојот престој таму, додека читав акатист пред нетлените мошти на свети Јован, пред мене се појави едно семејство кое зборуваше на јазик кој многу добро го познавам. Наши, Македонци! Семејството беше од Лос Анџелес, а дошле да се поклонат и да просат милост од свети Јован. Нашата средба се случи токму пред ковотот на Санфранцискиот и битолски чудотворец Јован! Тие првпат доаѓаа кај свети Јован, исто како и јас, па им предложив сите да отидеме во домот „Свети Тихон" каде што живеел свети Јован. Со потврдно „да", сите заедно заминавме таму. Катедралната црква се наоѓа на улицата Гери и 26 авенија, а „Свети Тихон", на Болбоа и 15 авенија. Може и пешки да се појде, но кога веќе тие имаат кола, заминавме со неа. Беше сабота, а јас прв излегов од колата и отидов кон вратата, но беше заклучена. Тропав, ѕвонев, но никој не одговори. Тргнавме назад во колата и

како што влегувавме во неа, слушнав како некој ја отвора вратата. Тоа беше Лидија, жена во постари години, Кинескина по потекло, но зборуваше руски. Лидија и нејзината сестра Тамара пораснале во домот кај свети Јован во Шангај. Буквално тој им бил и мајка и татко. Кога светителот дошол во САД, децата од домот ги распоредил во различни држави, а многумина од нив донел во Сан Франциско, во домот Свети Тихон каде што и тој самиот живеел. Лидија беше една од тие. Таа до денес се воцрквуваат во тој храм и често помагаат околу него. По блажената смрт на светителот, домот „Свети Тихон" бил даден на епархијата, под услов храмот и ќелијата да останат какви што биле од времето на свети Јован. И така, до денес, оние домски деца, кои сè уште се живи и пораснаа со свети Јован, доаѓаат овде.

Ѝ се претставив на Лидија и додека другите излегуваа од колата, јас и таа влеговме внатре. Побарав од неа да ми ја покаже ќелијата. Влеговме во неа. Таа излезе, а јас останав сам. По две-три минути, Лидија пак се врати во ќелијата со Нов завет завиткан во зип-кесичка и вака ми рече: „Гледам дека го сакаш свети Јован, и он тебе те сака и затоа тој сака овој Нов завет да биде твој." Јас се шокирав уште еднаш, а и се наежив кога го слушнав ова. Понатаму Лидија продолжи: „Му припаѓаше на еден мој другар кој неодамна се упокои." Му беше подарок од свети Јован, еве, овде можеш да го видиш неговиот потпис и посвета. Земи го. Патем, помоли се некогаш за мене." И навистина, во далечната 1939 год. свети Јован му го подарил овој Нов завет со црвени тврди корици на својот ученик Георги. Посветата е на 27/39 *Со Божји благослов. Епископ Јован.*

Просто, премногу се збунив и почнав да плачам. Свети Јован навистина многу помага и ги радува оние што го сакаат! Во четвртокот, на 24. ноември 2011 год., направивме молебен пред нетлените мошти на свети Јован. Се помоливме за целиот наш македонски народ и нашиот црковен клир, а поодделно ги спомнавме и сите имиња кои ми беа дадени пред моето заминување за Сан Франциско. Додека бев таму, се изнаслушав колку брзо светителот им помага на оние кои просат помош од него. А јас, во мојата прва посета кај свети Јован, бев гостин на негова сметка: бесплатна авионска карта од Њујорк до Сан Франциско, подарок Нов завет, бесплатен престој со црковен апартман... сета ова не е крај. Има уште чудесни работи кои се случија.

БОГ МИ Е СВЕДОК, СЛУШНАВ ЗВУК НА КАДЕЊЕ

Јас грешниот, по милоста на Бога и на свети Јован, големиот чудотворец на нашето време, кого навистина многу го љубам, бев удостоен со следното:

Вечерта по Рождеството Христово слетав во Сан Франциско на поклонение на моштите на свети Јован. Се трудам барем еднаш во годината да одам кај него. Така и оваа година дојдов на поклонение. Кога одам на поклонение кај свети Јован, обично останувам една недела и за време на таа недела се трудам да бидам покрај него со читање на неговиот акатист пред нетлените мошти, посетување на местата каде што служел, живеел и сл.

Додека бев таму, разбрав дека на 13 јануари вечерта во 22 часот ќе има бдение во чест на свети Василиј Велики во „Свети Тихов Задонски", куќата каде што живееше свети Јован. Планирав и јас да одам на тоа бдение. Траеше од 22 часот до 1 и 30 наутро. Литургијата ја богослужеше архиепископот Санфрациски и западноамерикански, Кирил, а епископот Теодосиј пееше на певница. Бдението беше прекрасно. Стоејќи за време на службата, во главата ми поминуваа мисли дека пред неколку десетлетија и свети Јован овде, во овој храм, служел секој ден литургија, чекорел во оваа куќа... Се причестив со Христовите дарови. По литургијата сите слегоа на долниот кат во салата да јадат. Јас не слегов долу, туку си реков во себе: „Сега имам можност да се помолам во ќелијата на свети Јован." И додека сите беа долу и јадеа, отидов во ќелијата на свети Јован за да се помолам. Читав акатист на Пресвета Богородица и на светиот владика Јован. Додека читав акатист на Пресвета Богородица, три-четири пати слушнав како некој кади со кадилница. Бидејќи читав акатист, се трудев да бидам сконцентриран на молитвата, па само помислив дека можеби некој од чтеците ги пакува одеждите на владиката, но и си помислив дека не е можно толку силно да се слуша. Згора на тоа, сите беа долу во салата и јадеа. Повеќе од ова не се ни осмелував да мислам на нешто друго, најмалку, пак, дека тоа може да биде свети Јован.

И така ги прочитав двата акатиста и бидејќи бев изморен, седнав на фотељата во ќелијата да се одморам. Сакав да заспијам, но не можев. Така седев околу еден час. По два часа, како што седев влезе отец Антониј, монах кој живее во таа куќа. Седна на столот во ќелијата и разговаравме. Кога среќавам некој човек, кој лично го знаел свети Јован, или има повеќе информации за неговиот живот, веднаш го молам да ми го раскаже сопственото искуство со

свети Јован. Отец Антониј не го познавал лично свети Јован, но живеел во таа куќа. Имам слушнато дека луѓето што живеат тука понекогаш слушаат или имаат слушнато како некој излегува и доаѓа по скалите, нормално свети Јован, па си реков ќе го прашам дали тој лично слушнал такво нешто. За звукот со кадењето не ни помислив да го прашам затоа што си реков: „Кој сум, пак, јас да слушнам такво нешто?“, а второ за плашев да не заминам во прелест.

Го прашав отец Антониј дали има слушнато некој звук или слично нешто во оваа куќа. Тој ми рече дека не слушнал звук на чекорење по скалите, но дека понекогаш слуша кадење во куќата. Во истиот момент кога ми го рече тоа, морници ми го облија телото, се штрекнав, и солзи почнаа да ми течат по лицето. Сето тоа се случи наеднаш, и му реков на отец Антониј: „Отец, пред еден час, додека читав акатист на Пресвета Богородица, слушнав три-четири пати кадење. Бог ми е сведок, слушнав звук на кадење!“ Нешто силно гореше во мене во тој момент. Не можам овде да опишам како се чувствував тогаш. Просто не можев да верувам што се случува, плачев, но и многу се радував. Интересно беше тоа што не му реков прв на отец Антониј дека слушнав кадење, па дури и кога слушнав, не обрнав внимание кој кади или сл., туку го прашав дали слушнал звук на чекори по скалите, а тој ми рече дека имал слушнато кадење. Додека го читав акатистот на Пресвета Богородица, духовно многу се радував, особено затоа што имав прилика да бидам сам и да се молам во ќелијата на свети Јован. А и силна благодат чувствував!

Бидејќи не сакав да отидам во прелест, решив да разговарам и со епископот Теодосиј зашто тој живее во „Свети Тихон Задонски“ и е добро запознаен со овие работи. По два дена му го раскажав сето ова, и тој ми рече дека голема е можноста тоа да бил свети Јован, зашто тој често служел во таа црква, и ми рече дека доколку некој е близок (духовно) и го сака свети Јован, тогаш голема е можноста да го слушне тоа (служењето на светителот во куќата „Свети Тихон Задонски“).

Ова го пишувам како сведоштво, кое лично го доживеав и го слушнав, за мое смирение, а за слава на свети Јован кој и до денес не нѐ остава со своите молитви. Тој и денес е жив, како што и самиот пред да се упокои рекол: „Иако умрев, сепак сум жив.“ Тоа чувство, неговото присуство, особено е многу силно во Сан Франциско, во куќата каде што живеел. Многу го сакам свети Јован. Особено откако дојдов во САД да учам, мојата љубов кон него расте сѐ повеќе и повеќе. И што е најинтересно, секоја година доживувам или добивам по нешто ново од свети Јован. Оваа е втора година како одам на поклонение на неговите мошти. Минатата година добив нешто друго, за кое овде нема да пишувам, а оваа година свети Јован ме удостои да го слушнам неговото кадење.

Слава на Единосушната Троица, на Мајката Божја, сега особено на свети Јован за милоста со која ме удостои. Таа вечер, таа благодат во неговата ќелија, посебно тоа кадење, засекогаш ќе останат во моето срце, и од благословот од милиот свети Јован ќе се радувам!

Посебен е домот каде што живеел свети Јован.

РАДУВАЈ СЕ, СВЕТИТЕЛУ ЈОВАНЕ, БРЗ ПОМОШНИКУ ВО БЕДИТЕ!



ВЛАДИКО, БЛАГОСЛОВИ!

20-годишниот јубилеј од канонизацијата на големиот чудотворец св. Јован Шангајски и Санфрациски

Долго го чекав овој ден! Низ годините наназад горев од желба еден ден да се удостојам да бидам присутен на Светијовановиот ден покрај неговите нетлени мошти. И св. Јован ми го исполни тоа желание. Подобен бев да бидам во Сан Франциско во благословената година кога Руската задгранична црква прославува 20 години јубилеј од неговата канонизација (1994-2014). Што уште да барам од св. Јован? Ми даде сè!

Бев присутен на неговиот празник, живеам во апартман кој е оддалечен од храмот само триесет секунди одење пешки. Пред да одам на факултет, секое утро прво навраќам во храмот, пред неговите нетлени мошти, и му велам: „Владико, благослови!“, па продолжувам со своите секојдневни активности. Не можам да најдам посебни зборови со кои можам да ги опишам своите искуства со св. Јован.

Имаше две причини поради кои сакав да бидам во Сан Франциско: првата е поради св. Јован, за да бидам поблиску до него[16]; а втората е да ги земам летните часеви на факултетот каде што студирам. Барем знам доколку имам искушенија или недоумици, овде е владиката (свети) Јован на кого можам да му се обратам и да побарам помош во своите нужди. Животните тегоби знаат да бидат сурови, но кога сум овде во Сан Франциско, не ме застрашуваат зашто чувствувам дека големиот чудотворец ме чува. За тоа, многу Му благодарам на Семилостивиот Бог. Му благодарам и за тоа што благослови неговиот избран сад, св. Јован, да биде мој застапник пред Него и да ме чува од разни искушенија.

Кога пристапувам кон неговите нетлени мошти, честопати напукнуваат ѕидините кои ги држат солзите, и тие почнуваат да се леат по лицето. Пред да се оддалечам од кивотот, секогаш му велам: „Те сакам многу!“ За некои кои го читаат ова, можеби е налудничаво или, пак, забегано, но за мене е радост.

Како да не го љубам оној кој во првата година од моето поклоничко патување ми даде бесплатна авионска карта од Њујорк до Сан Франциско? Како да не го љубам оној кој во истата година, преку едно од своите сирачиња од детскиот дом од Шангај, ми даде Нов завет потшишан од него? Како да не го љубам оној кој во следната 2013 год., во доцната доба во ноќта, на празникот на св. Василиј Велики, додека ѝ читав акатист на Мама, ме удостои да го слушнам звукот на кадењето од неговите свети раце? Како, како, како?

16 Интензивен курс по англиски на академско ниво.

Зар да не го љубам оној кој и оваа 2014 год. благослови да бидам покрај него цело лето, да го добивам неговиот благослов секој ден и да бидам присутен на денот на неговиот празник?

Сега целосно ги разбрав неговите зборови „Иако умрев, сепак сум жив", кои ги изустил неколку дена пред да се упокои. Срцето ги почувствува и ги доживеа горенапишаните нешта, и не можам да го премолчам тоа. Ќе се чувствувам виновен пред Бога.

Сега да преминам на големата дваесетгодишна јубилејна прослава која се одржа овој викенд.

Последната недела пред неговиот празник бев возбуден. При секоја помисла дека неговиот ден наближува, а јас сум во Сан Франциско, духовно се возбудував. Често го слушав ЦД-то со стихирите на неговиот празник. Особено посветував внимание на првата стихира на вечерната која гласи:

Да го воспееме Јована, светителот Христов, нам даровениот молитвеник од Бога, кој предавајќи се на непрестајна молитва и укрепуван преку служењето литургии и причестувањето со Светите Тајни, неуморно одеше во извршување на своите обврски, итајќи во домовите на страдалните и во болничките соби кај безнадежните; затоа покажувајќи се како осветен и милостив, со исцелувачки и пророчки дар, се здоби од висините, и сега, на небесата, со смелост се моли за спасение на нашите души.

Често си велев во себе: „Кога ќе дојде тоа време и тој ден и јас да бидам покрај неговите мошти и да му пеам со сите: *Да го воспееме Јована*?" Оваа 2014. лето Господово, тоа прашање доби не само одговор туку и стана реалност. Сè започна со акатист на св. Јован, каде што сите му пееја. Прво кивотот со неговите нетлени мошти ги пренесовме на средина на храмот. Кивотот доста тежеше, но помислата дека во него лежи нетленото тело на св. Јован не ми даваше простор да размислувам на тоа. Откако го преместивме кивотот, почна молебниот со акатист кој беше возглавен од првиот ерарх на Руската задгранична црква, Иларион, со неколку архимандрити и свештеници.

Во тој петок на 27, јуни, во квечерината храмот беше полн со лаици и речиси сите му пееја:

Радувај се, ги заштитуваше чедата свои со непрестајна молитва;

Радувај се, твојата љубов не знаеше за разлика меѓу народите;

Радувај се, покажа најголема грижа за децата и болните.

И навистина таму беа неколкумина од неговите сирачиња на кој тој им стана татко, а по смртта своја не ги остави. Морам да признаам, бев многу возбуден, и од толку возбуда, се препотував. Не знам што се случуваше со мене, но потта не застануваше. За време на пеењето на акатистот, беше присутна и чудотворната икона на Мајката Божја Курско-Коренска, Знамение.

Пред неа, во летото 1966 год., големиот светилник св. Јован се упокои.

По завршувањето на акатистот, сиот народ иташе да се поклони пред чудотворната икона на Мама и пред нетлените мошти на св. Јован. Кој со метании, кој со солзи во очите... сите како знаеја и умееја ги искажуваа својата вера и почит кон св. Јован.

На крајот на похвалната служба, влегов во олтарот и пристапив до митрополитот на Руската задгранична црква, Иларион, и му реков: „Многу радости, владико!“ Нешто од внатре ми говореше да му го речам тоа, и го сторив. А тој... му се воодушевувам на неговата смиреност!

Во саботата наутро се отслужи божествена литургија. Во овој храм, посветен на Мајката Божја, „Радост на сите нажалени“, се служи литургија секој ден. Нема исклучоци. Тој е единствен храм во Руската задгранична црква (како за градска црква) каде што се литургисува ежедневно. Ја задржаа и ја следат традицијата на св. Јован кој секој ден му принесуваше бескрвна жртва на Бога и му благодареше *од сите и за сè!* По повод јубилејната прослава за св. Јован, нашиот архимандрит од Џорданвил, отец Лука, дојде во Сан Франциско. Во саботата наутро го прашав дали сака да го прошетам до паркот кој е покрај океанот и да се насладува од таа убавина. Се согласи, и тргнавме. Додека пешачевме, зборувавме на разни теми. Една од нив беше за св. Јован. Каде можам јас да не ја отворам таа тема? Едноставно не можам. Додека отпочинувавме крај едно дрво, а пред нас беше пространиот океан, отец Лука ми кажа дека во 1994 год., кога ги преместуваа Светијовановите нетлени мошти од ковчегот во новиот кивот, тој бил таму и го држел св. Јован во своите раце. „Блазе си Ви, оче, што имавте таква можност“, му реков. Понатаму, отец Лука ми раскажуваше како го доживеал сето тоа и на крајот ми рече: „Тоа за мене беше еден од најубавите моменти во мојот живот!“ Јас воздивнав од радост, и продолживме да пешачиме.

Во саботата навечер започна главната прослава за св. Јован. Во 4:30 часот попладне свечено беше пречекана чудотворната Курско-Коренска икона на Мама. Архиепископот на Западноамериканската епархија, Кирил, стоеше во нартексот, облечен во својата мандија, и чекаше да пристигне иконата. Надвор стоеја неколку млади со цвеќе во своите кошници. Стигна автомобилот во кој беше иконата. Отец Сергеј излезе со неа во своите раце, ја подигна високо над својата глава и додека чекореше кон архиепископот, младите фрлаа цвеќе над чудотворната икона.

Отец Сергеј му ја предаде иконата на архиепископот Кирил, и додека тој ја носеше до олтарот, хорот го пееше тропарот. Глетката наликуваше како кога цар свечено влегува во своето царство, пречекан од своите. Такво торжество ѝ беше приредено на Царицата Небесна!

Пред да започне службата, се одржа чинот наречение на новоизбраниот епископ менхетенски, Николај. Воден од двајца архимандрити, отец Лука и отец Иринеј, архимандритот Николај се поклони пред нетлените мошти на св. Јован кои стоеја на средина на храмот и ја целиваше десницата на сите архиереи. Стоејќи пред Светијовановите мошти, со поглед кон сите архиереи и народот, започна да ја раскажува својата животна биографија во која ја потврди својата православна вера и го исповеда Бог – Светата Троица: Отецот, Синот и Светиот Дух.

Се служеше сеноќно бдение составено од вечерна и утрена каде што се пееја стихирите на големиот чудотворец, св. Јован. Имаше два хора кои химнословеа: едниот беше составен од младичи, а другиот беше од редовните во тој катедрален храм. Кога ја слушнав првата стихира на св. Јован „Да го воспееме Јована", се насмеав и тивко проговорив: *„Ти благодарам, владико, за оваа радост!"*

Додека бев во Њујорк, често на Јутјуб ја гледав канонизацијата на св. Јован од 1994 год., односно, делот кога за првпат среде црква го отвораат кивотот, и сите почнуваат да го пеат Величанието. Оттогаш во главата ми беше една мисла: „Ќе се удостојам ли и јас еден ден да му пеам Величание на св. Јован на неговиот ден со други во храмот, како што му пееја во далечната 1994?" Не само што Бог ме удостои туку и тоа се случи во годината (28. јуни, 2014 год.) кога се навршуваат дваесет години од неговата канонизација. Некои од оние кои беа присутни во таа 1994 год. ми раскажуваа дека неговата канонизација наликуваше на *Пасха во лето.*

Начинот на кој во руската традиција ја служат утрената се разликува од нашиот. Овде, во руската практика на полиелејниот псалм, свештенослужителите излегуваат од олтарот и застануваат на средина на храмот пред празничната икона. Кога хорот ќе заврши со стиховите „Исповедајте сја Господ Деви...", тогаш клирот почнува да го пее Величанието. Мелодијата со која го пеат е навистина торжествена. Во саботата навечер, на полиелејниот псалм, тројца архиереи, вклучувајќи го и митрополитот Иларион со бројно свештенство и многу ѓакони, излегоа на средина на храмот на полиелејниот дел од утрената. Во еден момент сите почнаа да пеат: *„Те величаме, светителу, оче Јоване, и го почитуваме светиот твој спомен, зашто се молиш за нас на Христа, нашиот Бог."* Ми се чинеше дека храмот се подигна од земјата и почна да се вознесува.

Тогаш сè торжествуваше, сè се радуваше, химнословуваше и достојно го прославуваше споменот на големиот светител од Западот. По прочитаното воскресно Евангелие, митрополитот Иларион го миропомаза богољубивиот народ и почна да се чита канонот на св. Јован со припевите „светителу оче Јоване, моли го Бога за нас!"

Во 1994 год., на канонизацијата на владиката Јован се служеа три литургии: првата на полноќ, втората утрото во седум и триесет, и третата во девет и триесет, со сите архиереи. Секоја недела во овој храм се служат две литургии: рана и доцна литургија.

Оваа година, поради јубилејот, имаше божествена литургија на полноќ. Одлучив да одам на таа полноќна литургија. Посебно ги доживувам тие вечерни литургии, а знаев дека следното утро ќе има многу луѓе, па сакав да бидам на „мистична". Овој храм има три олтари. Литургијата се отслужи на десниот престол, возглавена од отец Петар со неколку свештеници и ѓакони. На литургијата пееше женски хор. Навистина беше прекрасно! Пред да почне литургијата, зедов позиција на една страна. Чувствував големи болки во нозете поради долгото стоење, но си реков: „Ќе издржам без да седнам, па колку сакаат нозете нека ме болат." Патем, бев во сандали, па им давав простор на петиците да здивнат.

Во еден момент дојде отец Петар и ме праша дали ќе можам да прислужувам зашто имаат само еден во олтарот, но тој нема доволно искуство. Не бев во план да прислужувам, но немав ни намера да му одговорам „не". Кога излегов од олтарот со просфорите за да ги однесам назад, почувствував како нешто „чудно" се случуваше. Надвор беше мрак, храмот беше полуосветлен, речиси повеќето верници стоеја од десната страна каде што се служеше литургијата, а хорот го пееше првиот антифон „Благословувај го, душо моја, Господа..." со византиски напев. Сето тоа беше една атмосфера која беше исполнета со благодат. Навистина беше! Во тој момент, кога се враќав во олтарот, поминав покрај моштите на св. Јован и помислив: „Знам дека тој е вечерва овде и се моли со нас." Просто, сѐ беше убаво!

На крајот од литургијата, отец Петар одржа проповед од која ќе издвојам еден мал дел. Тој ни глаголаше дека св. Јован навечер не спиел, туку се молел, и малку ќе дремнел на својата фотеља. Отец Петар го поврза тоа со полноќната литургија: како што св. Јован се молел во доцните ноќни часови, така и ние вечерва му принесувавме молитви на Бога. Утрото отидов во храмот за да ја видам хиротонијата на новиот епископ Николај и се вратив назад зашто истиот ден бев на полноќната литургија.

Толку многу радости се случуваа последниот викенд (27, 28 и 29 јуни) што дури и по завршувањето на сета прослава не можев да ги соберам своите мисли на едно место и да резимирам каде бев и што се случуваше. И уште да продолжам да пишувам за св. Јован, нема да биде доволно да ги искажам мојата љубов и благодарност кон него. Бог е неизмерно милостив, и каде и да сме, секогаш ни праќа Свој слуга кој ќе нѐ заштитува. Преку неговите светии, гледаме колку е Он прекрасен.

Неколкумина досега ме прашуваа од каде се роди таа моја љубов кон св. Јован. Јас им одговарав: „Да знаев, па да ти кажам, но не знам. Едноставно многу го сакам.“ Некои работи во животот не се објаснуваат, туку се чувствуваат. Животот ми покажа дека не се учи како да се љуби, туку едноставно се љуби. Љубовта е јазик кој сите го зборуваат, но се разбира само со срцето.

Знам дека оној кој ме познава ќе ги разбере овој текст и мојата сила со која го напишав. Досега пишував, а и сè уште ќе пишувам за св. Јован, зашто од него добив многу љубов и грижа во својот живот овде во САД, каде што злобното беснило зацарува. Милиот св. Јован ги слуша воздишките на збунетата младина од нашето изопачено време; ја слушаше и сè уште ја слуша мојата збунета младост и милостиво погледнува на нашата потиштеност. Само Бог знае колку го љубам овој чудотворец! Тоа е силно впишана љубов во моето срце и таму ќе остане.

Белите листови неуморно ги впиваат моите зборови. Ги впиваат и солзите кои капат врз напишано, зашто се плод на љубовта кон мојот мил св. Јован, јеромонахот битолски, а подоцна архиепископот Шангајски и Санфрациски!

Сиот од Бога осветен преку свештенодејствието на Пречистите Тајни, секогаш со нив укрепуван, си брзал кон страдалниците, исцелителу најсветол. Побрзај сега да ни помогнеш и нам, кои со сето срце те почитуваме.

Ти благодарам, владико, за сè и те сакам многу! Благослови...



ОТВОРИ ГО КОГА ЌЕ СТИГНЕШ ДОМА

Има уште неколку работи за кои треба е да се зборува поради големината на светителите, на тие Христови избраници. Ах, слава Му на Бога што ни ги дал и што сè уште ни дава. Тоа семе на светители не престанува зашто тие се избрани садови Божји. Ете, таква е Божјата љубов. Имаме сè што ни е потребно за наше спасение. Буквално сè. Со други зборови, јадењето ни е принесено на маса, а ние само треба да го изедеме. За достоен, никогаш нема да бидам достоен, но низ сето ова јас ја видов и сè уште ја гледам Божјата милост. Ете, никаков сум, ама Бог пак не го остава своето создание. Свети Јован Златоуст вели: „Не можеш да се наречеш достоен ниту еден ден во годината." Сепак, нашата свесност за недостојноста нè прави достојни за Христа.

Во годината кога се славеше 20-годишниот јубилеј од канонизацијата на големиот чудотворец св. Јован, пак се случи нешто необично. Тоа лето сè уште бев четврта година на факултетот во Џорданвил. Заминав за Сан Франциско на три месеци каде што посетував летни часови по англиски на академско ново. Сакав таму да бидам заради свети Јован. Тоа лето дојдов до една идеја, односно, решив да ги запознаам оние кои го познавале свети Јован Шангајски и патем да ги снимам додека зборуваме, за да ги забележам како живи сведоци. Една од нив беше Тамара. На почетокот не сакаше да го стори тоа зашто се уморила од давање интервјуа, но Лариса, која ми помагаше во стапувањето во контакт со нив, ја поттикна и ја убеди Тамара да се согласи. Првпат се видовме и се запознавме во Катедралниот храм во присуство на Лариса. Тамара ми ја даде адресата, како и нејзиниот телефонски број, и закажавме ден. Сето тоа се одвиваше кон крајот на мојот престој во Сан Франциско. За околу три недели оттогаш требаше да се вратам назад во Њујорк. Баш во тој период ми привршуваа финансиите. Ми останаа уште двесте долари. Оној кој живеел или живее во САД може да разбере колку се, за да се преживее, особено во Сан Франциско. Ме фати паника како ќе се снајдам понатаму зашто привршував со пари. Утредента, отидов пред неговите нетлени мошти. Ме фати срам, но немав на кого друг и вака му реков:

„Владико, мил свети Јован, прости ми, многу ми е срам што ова ќе го барам од тебе зашто ти досега многу имаш сторено за мене, но јас привршувам со моите пари и не знам што да правам. Те молам, прости ми, никако се чувствувам кога го барам ова од тебе, ама те молам, помогни ми или кажи ми што да правам."

Така, со срам, некако му го реков ова. Ми се чини по ден или два беше денот за интервјуто со Тамара. Додека бев таму, имав велосипед – ми го даде еден млад Македонец, Далибор, кој го запознав таму. И така, беше пладне, тргнав со велосипедот во куќата на Тамара. Долго разговаравме заедно со ќерка ѝ. Накратко ѝ раскажав за мојата љубов кон свети Јован, како и за моето прво доаѓање кај него. По интервјуто, ѝ се заблагодарив за времето и за сведоштвата кои ги сподели со мене. Бев на излегување да си одам. Стоејќи, односно, поминувајќи низ дневната соба, таа извика:

„Чекај малку, веднаш ќе се вратам."

Отиде во другата соба и се врти со бело плико, ми го подаде и ми рече:

„Ова е за тебе, ама отвори го кога ќе стигнеш дома."

„Не, не, ве молам, нема потреба", почнав да ѝ говорам.

„Не, земи го, ама отвори го дома."

Од срце ѝ се заблагодарив. Очигледно беше дека внатре има пари, но си претпоставував дека има педесет или сто долари. Колку повеќе би ти дал некој кој не го познаваш?

Се вратив во апартманот на велосипед, го отворив пликото и што!?... Не педесет, не сто. Внатре имаше петстотини долари. Пак тоа ежење ме обли. Почнав силно да плачам и да говорам: „Зарем е можно ова? Како се случи ова?" И така, од Тамара, која вторпат ја гледам во живо, добив петстотини долари. А пред два дена со срам го молев свети Јован за помош. Мислам дека понатаму нема потреба да се пишувам зашто секој православен ќе го разбере ова. Тој период имав клуч од малиот параклис под катедралата каде што бил погребан свети Јован. Заминав долу и го прочитав неговиот акатист.

ТИ БЛАГОДАРАМ

Во овој дел сакам да напишам уште нешто за свети Јован. Следната година, во 2015 год., дипломирав и прво се преселив во Детроит во манастирот „Свети Сава“ каде што живеев пет месеци, а потоа дојдов во Калифорнија. Отец Пахомиј знаеше колку го љубам свети Јован. Му реков дека барам негов благослов и дозвола да бидам отсутен на неколку дена од манастирот зашто сакав да одам во Сан Франциско за неговиот празник. Што се случи? Отецот тајно ми купил авионска карта, а ми резервирал и сместување, и откако го сторил тоа, ми кажа дека картата е готова. Заминав за Сан Франциско. Таму има неколку свештеници од кои еден од нив, отец Петар, е одговорен за нетлените мошти. Него го запознав уште при моето прво одење во Сан Франциско, и ме покани во неговиот скромен дом на ручек по повод Денот на благодарноста. За време на мојот престој, често поминував време со него, а секојпат кога ќе отидев таму, ми даваше по некој поклон. Некои од најубавите рачни часовници ми се од него. Ќе ми речеше: „Некои духовни чеда ми ги даваат, но што да им правам на толку многу, тебе ќе ти се најде.“ Како свештеник е строг, но и благ со љубов. Кога првпат отидов кај свети Јован, му се понудив на отец Петар, ако може, да го исчистам олтарот. „Како не, секогаш ни требаат луѓе за таму.“ И така, првиот пат неколку дена по ред, по вечерната сите заминуваа, а јас на колена го чистев олтарот. Тоа беше најубаво. Сам во храмот. Понатаму ја стекнав нивната доверба, па често ми дозволуваа да останам сам во храмот каде што се молев, а кога ќе излезев, вратата автоматски се заклучуваше.

Во една прилика, додека бев на гости во домот на отец Петар, се обидов да го прашам дали ќе може да ми даде барем мало парче од моштите. Разговорот го почнав некако одоколку, а тој ме намириса и ми рече: „Мошти, не – никако.“ И така, се откажав од намерата, а секогаш кога одев во Сан Франциско, тој прв ќе ме видеше и се шегуваше вака: „Еве го македонскиот студент кој сака да ја има раката на свети Јован.“ Јас ќе се насмеев и ќе му вратев: „Зошто да не, може.“ Во 2015 год., кога од Детроит заминав во Сан Франциско за празникот на свети Јован, дојде еден скромен и смирен владика од Романија. Свети Јован се упокои на 4. јули, но неговиот празник секогаш се поместува во календарот и се слави во првата сабота пред 4-ти. Никогаш не го отвораат кивотот со нетлените мошти, туку ги целиваме преку стаклото. Во петокот отец Петар ми зборуваше дека утредента ќе го отвори за романскиот владика и ми рече да бидам пред врата точно во седум и триесет наутро – ни порано ни подоцна. Прво мислев дека се шегува, зашто се научив на

неговите шеги за Стојан и за моштите на свети Јован. Кога видов дека вистина ми зборува, ја сфатив работата сериозно. Некако пак не ми се веруваше сè до утрото. Си велев: „Кој, јас да ги допрам нетлените раце на свети Јован?“ Некое чудно чувство ме обземаше, ама бев во неверување. Утредента станав рано и отидов пред вратата. Архиерејската литургија беше закажана во девет и триесет. Имаше многу време, и внатре немаше никој освен отец Петар, а владиката со ѓаконот дошле пред мене, и потоа, отец Антониј. Отец Петар ми ја отвори вратата. Го зедов неговиот благослов и влегов внатре. Тој ми рече: „Стој овде, ќе ти дадам знак кога да дојдеш.“ Од страната на кивотот имаше нови обувки – очигледно ќе ги собуваа старите и ќе ги обуваа новите на нозете на светителот. По некое време, од олтарот излегоа владиката и ѓаконот. Кога отец Петар почна да го отклучува кивотот од страните, се стаписав. Тогаш почнав да верувам, но во исто време, не знам дали беше сон или вистина. Го отвори стаклото. Стоев во неверување. Заедно со владиката му ги сменија обувките на свети Јован и ги положија новите. Прво владиката и ѓаконот одделно стоеја со светителот. На крајот отец Петар ме повика. Како што чекорев, не знам колку само срцето силно ми чукаше. Се доближив до нетлените мошти. Ги гледам отворени. Отец Петар ги фати моите раце и ги стави на Светијовановите нетлени и свети раце, ме остави така и ми рече: „Помоли се пред него.“ Толку бев збунет што не знаев што да барам од него. Моите раце ги држеа нетлените на свети Јован и само тивко говорев: „Ти благодарам, ти благодарам. Те сакам...“ Целиот бев збунет. Потоа се вратив назад каде што претходно стоев и толку се изнаплакав што ми требаше долго време за да престанам. Едноставно плачев и плачев. Солзите сами извираа.

Дојде владиката со другите архиереи и свештенослужители. Започна литургијата, и го прославивме празникот на свети Јован Шангајски и Санфрациски.

НЕТЛЕНИТЕ МОШТИ

Отворање на светите мошти на светителот и чудотворецот Јован, архиепископ Шангајски и Санфрациски

Господ ги чува сите коски нивни;
ниедна од нив нема да се строши
(Псалм 33,20).

Во името на Отецот и Синот и Светиот Дух.

Во 1993 год. од Рождеството по Плод на нашиот Господ Исус Христос, на празникот св. Харитон исповедник, 29. септември (11. октомври нов стил), Семилостивиот Господ ни откри нам грешните голема милост преку откривањето на светите и многуцелебни мошти на ерархот и чудотворец Јован, архиепископ Шангајски и Санфрациски, кои почиваат во прекрасната, исполнета со молитва и благоукрасена усипалница, недопрени дваесет и седум години по погребувањето под Катедралната црква на Мајката Божја „Радост на сите нажалени".

Тој понеделник беше строг пост за сите оние кои учествуваа во ова свето послушание во црквата. Многумина се подготвуваа со тоа што служеа Божествена литургија, а исто така, и преку исповед. Вечерта, по вечерната богослужба, која се служеше на олтарот на свети Јован Кронштадски и чудотворец на цела Русија, зедоа благослов од надлежниот архиереј на Западноамериканската епархија, архиепископот Антониј: свештеникот Георги Куртов, свештеникот Александар Красовски, протоѓаконот Николај Поршников, ѓаконот Алексеј Котар и чтецот Владимир Красовски. Околу осум часот вечерта, по земањето благослов, учесниците влегоа во светата усипалница за да подготват сѐ што беше потребно, веќе благословени од неговото високопреосвештенство, надлежниот архиереј. Во усипалницата, Борис Михајлович, кој беше хранител, чекаше и веќе работеше внатре.

Беше подготвена долга маса на која подоцна привремено беше ставен ковчег направен од борово дрво. Беа донесени: ќускија, чекан и други потребни алати. Сите свеќници, цвеќиња и аналои беа тргнати настрана за да се направи повеќе место за работа. Свеќите гореа на свеќниците, и сета усипалница беше осветлена.

Откако почетните подготовки за работа беа завршени, по возгласот *Благословен е нашиот Бог* и по почетните молитви, над гробот почнаа да читаат Евангелие од св. Јован: *Во почетокот беше Словото*. Околу девет часот

вечерта, за време на читањето на Светото евангелие, надлежниот архиереј на Западноамериканската епархија, владиката Антониј, архиепископот Троитско-Сиракјуски Лавр, епископот сиетлски Кирил, протоерејот Стефан Павленко, протоерејот Петар Перекрестов, ерејот Сергеј Котар, еромонахот Петар (Лукијанов), ерејот Павел Ивашевич и ерођаконот Андроник (Таратухин) пристигнаа во светата усипалница. Вкупно беа петнаесет на број: тројца архиереи, седум свештеници, тројца ѓакони, еден чтец и еден мирјанин. Сите тројца владици, како и свештениците, читаа од Светото евангелие. Околу девет часот и седум минути, по читањето на Евангелието, владиците почнаа да служат панихида, со пеење на целиот клир. Таа заврши околу 9:45 навечер. Пред да се испее „вечен спомен", беше прочитана молитвата пред почеток на секоја добра работа. Потоа, владиката се обрати кон сите присутни со следниве зборови: „Преосвештени архиереи, отци и браќа. Господ ни испрати свето послушание во нашата црква, да ги прегледаме светите останки на нашиот драг наставник, архипастир и отец, владиката Јован. Да пристапиме кон оваа света работа со љубов еден кон друг... *со една уста и со едно срце.*" По овие зборови, владиката Антониј побара прошка од сите присутни и потоа направи метанија која беше повторена од сите со зборовите: *Господ да ти прости, прости ни и нас. Помоли се за нас, владико свети.* Протоѓаконот возгласи *вечен спомен.*

Новиот привремен боров ковчег беше внесен внатре. Внатрешната страна на ковчегот беше тапацирана со бел мазен сатен. Одозгора на ковчегот имаше крст. Внатре во ковчегот имаше ставено бел чаршаф. Ковчегот беше осветен. Сите свештени предмети и ткаенини беа извадени од светиот ковчег. На сите кои беа присутни им беше објаснето во врска со претходното испитување, кое се случи во ноќта на 17/30 септември – на празникот на светите маченички Вера, Надеж и Љубов, со нивната мајка Софија. Понатаму пристапивме кон отворање на бетонскиот капак од саркофагот, кој тежеше околу двесте килограми. Ова отворање се случи додека се пееше умилителниот тропар *Помилуј нè Господи, помилуј нè.* Капакот беше изнесен надвор, до усипалницата. Оние, што не беа присутни на иницијалното (почетното) отворање, сега видоа дека мандијата со која беше покриен ковчегот беше како нова.

Имајќи предвид дека почетното испитување покажа оти ковчегот беше доста 'рѓосан, сите присутни пристапија да го потфатат ковчегот од четирите страни, затоа што не се знаеше во каква состојба беше долната страна. За време на пеењето на икосот *Сам Един еси Бесмертниј*, светите останки на владиката Јован беа подигнати од ковчегот со големо внимание, прво високо за да се провери долната страна. Од долната страна беа ставени штици, и ковчегот беше ставен врз саркофагот. За време на проверувањето

на ковчегот, беше забележано дека беше мошне изгниен, а на неколку места имаше дупки од изгниеното. Ковчегот, кој за време на погребението беше сребреносив, сега имаше златна боја од пожолтениот лакиран метал кој беше избледен. Потоа владиката Антониј му благослови на еромонахот Петар (Лукијанов), од манастирот „Света Троица", да го отвори ковчегот. По затворањето на ковчегот на погребението, како спомен, отец Петар го чуваше клучот. По неколку обиди да се отвори ковчегот, очигледно беше дека резето (бравата) беше 'рѓосано. Без оглед на тоа што беше внимателен при обидот да го отвори, не се отвораше. Со претходна молитва, најпосле протоѓаконот го скрши резето. Мораше да се користат ќускија, шрафцигер и клешта за да се оддели горниот дел од ковчегот. Пред нашите очи ковчегот почна да се распаѓа, да се крши и да се расцепува на делови. Повикувајќи ја на помош Пречистата Мајка Божја, почнавме да пееме: *„Друга помош немаме, освен Тебе, Пречиста Дево, Помогни ни..."* На крајот, по приближно дваесет минути работа, горниот дел од ковчегот се оддели. Тешко е да се опише со зборови трепетната состојба која сите нè обзеде. За време на пеењето на *Вратите на милосрдието отвори ни ги, Богородице,* владиката Антониј ја подигна горната половина од ковчегот и се откри светите мошти на владиката Јован.

Во тој момент завладеаја голема тишина и спокојство. Оние, кои беа присутни, јасно го видоа телото на починатиот, облечен во пасхални одежди со свилена ткаенина, кои од влагата станале зелени. На главата на владиката имаше бела митра со рачно нацртани (изработени) икони. Неговото лице беше покриено со воздух на кој беа изобразени серафими. Под десната рака лежеше дрвената патерица. Останките беа посипани со голема количина земја. Авторот на овие редови (кој за време на погребната служба, како жезлодржец на вечноспомнуваниот владика едмонтонски, Сава), се сеќава дека пред затворањето на ковчегот, неговото преосвештенство, владиката Сава, посипа земја врз телото на владиката Јован од голем сад. Во исто време, друг владика (вечноспомнуваниот архиепископ на Чиле, Леонтиј), посипа масло од светото Елеосвештение на телото.

Сувите нетлени раце на владиката Јован беа подигнати од телото, како да висеа во воздух, додека долниот дел од рацете беше исушен. Можевме да ги видиме кожата и ноктите на рацете. Бројаницата, која беше на неговата лева рака, беше изгниена. Дрвениот крст од Ерусалим, на кој беше прицврстен лист со разрешителна молитва, беа сè уште зачувани во рацете на владиката. Исто така, неговиот архиерејски крст и панагија беа зачувани. Мало Евангелие од Киев со кожени корици беше сè уште цело и неуништено, и покрај тоа што внатрешноста на корицата беше дезинтегрирана и распадната на парчиња. Во ковчегот имаше уште еден крст, покрај левото рамо, кој се распадна за време на проверувањето. Мала икона од свети Архангел Михаил (тоа беше

световното име на владиката пред да се замонаши) веќе се беше распаднала. Сите овие свети предмети беа извадени од ковчегот и ставени настрана. Се знаеше дека за време на погребот, внатрешната облога во ковчегот беше светлосина, а сега поради мувлата и влагата, станала зелена.

Владиката Антониј се прекрсти додека го читаше гласно педесеттиот псалм *Помилуј ме, Боже, поради големата Твоја милост,* и со трепет и голема внимателност го подигна воздухот од лицето на починатиот владика Јован. Веќе се откри чесниот лик. Во душите на сите присутни се чувствуваше полно спокојство, длабоко чувство со Божјо благоговение. Никој не беше изненаден, ниту се восхитуваше, туку со големо умиление и страв Божји гледавме во лицето на упокоениот владика. Кожата на лицето беше светла, речиси бела. Косата на главата и брадата, како и веѓите, беа сиви, зачувани и недопрени (неоштетени) на лицето. Устата на владиката беше малку отворена, и се гледаа забите. Митрата на главата и иконите на неа беа зачувани, и покрај тоа што иконата на св. Јован Крстител, која стоеше од левата страна на митрата, беше падната и лежеше врз перницата. Беше донесен чист воздух за да се покрие лицето на владиката. Потоа пристапивме кон отворање на вториот дел од ковчегот кој беше многу 'рѓосан. Повторно мораше да се користат ќускија и шрафцигер за да се оддели. Кога тој дел беше отворен, сите присутни видоа дека долниот дел од одеждите целосно беше зачуван. Кожените сандали на нозете на владиката беа видливи, и беше забележано дека дел од левата петица истлеал до коска. Самите нозе, колку што можеше да се види, беа темни, а кожата на нозете беше нераспадната. Одлучено беше моштите да не останат во стариот речиси распаднат ковчег и дека треба да се положат во новиот.

Почнавме да пееме ирмоси од Великиот и покајнички канон на св. Андреј Критски: *Помошник и Покровител на спасението ми стана... Чујте, небеса, и ќе прозборам... Погледнете, погледнете дека Јас сум Бог...* За време на овие песнопенија, светите мошти се подготвуваа да бидат пренесени во новиот ковчег. Масата со новиот ковчег, која стоеше до фреската Покров на Пресвета Богородица, беше поместена поблиску, до предниот дел на стариот ковчег. Додека се пееше *На непоколебливиот камен на заповедите Твои, Христе...* на раце ги подигнавме светите мошти и ги пренесовме. За време на пеењето на тропарот *Помилуј нè, Господи, помилуј нè,* светите мошти беа спуштени во новиот ковчег. Пред положувањето во новиот ковчег, прво ги исчистивме од земјата и од 'рѓосаниот прав.

Како што сите видоа и почувствуваа, светите мошти беа цели и нераспадливи. Тетивите помеѓу коските беа зачувани. Моштите беа многу бели. Сите присутни видоа дека одеждите од долната страна на светите мошти не беа изгниени. По чистењето на правта, светите мошти беа положени

во нов ковчег и завиткани во нов чаршаф. Додека се пееше кондакот *Душо моја, душо моја, разбуди се, зошто спиеш?,* стариот ковчег беше изнесен од усипалницата и поставен со соседната соба. Миризбата на влага и ѕрѓа исчезна, и сите забележаа дека од светите мошти не се чувствуваше никаков мирис на тлеење. За време на ова, недалеку од усипалницата чекаше свештеникот Јарослав Беликов со својот двегодишен син. Неговиот син Всеволод страдаше од болест на бубрезите, и го донесоа во усипалницата за да се приложи на нетлените раце на владиката Јован.

Потоа сите пристапија кон чистење на бетонската гробница во која имаше многу ѕрѓосана земја. За време на пеењето на деветтата песна од Великиот канон *Од бессемено зачнување,* ковчегот со светите мошти беше поставен над бетонската гробница. Предметите, кои беа во стариот ковчег, беа ставени во плико и положени во новиот ковчег. Потоа ковчегот со моштите беше спуштен во гробницата и беше затворен со капакот. Владиката Лавр го заврза ковчегот со врвка, а владиката Антониј го запечати со црвен восок и на него го втисна епархискиот печат, одозгора беше ставена мандијата.

За време на пеењето *Од бессемено зачнување* бетонскиот капак беше вратен назад на гробницата и покриен со брокат. Сите предмети (како: митрата, икони, рипиди, трикири и дикири) беа вратени на своето место на плочата, каде што и претходно стоеја. По сета ова работа, беше отслужена заупокоена литургија, и сите присутни беа помазани од неугасливата (секогаш запалената) лампада која стои на гробот. Следејќи го примерот на патријархот српски Павле, кој го посети храмот минатата година, сиот клир го испеа светителскиот тропар *Православија, наставниче*. Потоа владиката Антониј им се заблагодари на сите за дадениот труд и ревност. Доцна потоа, сите си заминаа во своите домови со молитвен трепет, благодарејќи му на Бога за испратената милост, утешение и духовната радост. Амин!

Голем е Бог во Своите светии! Светителу оче Јоване, моли го Бога за нас. Крај и слава на Бога!

Текстот беше напишан на 30 октомври, 1993 година.
Беше прочитан и одобрен од
архиепископот Антониј (Медведев) и митрополитот Лавр
(Шкурлој).

КАЧЕТЕ СЕ НА ПЛАНИНАТА, ДОНЕСЕТЕ ДРВА И ГРАДЕТЕ ГО ХРАМОТ НА БОГА

Порака од свети Јован Шангајски и Санфрациски, чудотворец

На 2. јули, 2014 год., се навршуваат 20 години од канонизацијата на св. Јован. По повод овој јубилеј, ја објавуваме оваа статија која е извадок од едно послание на владиката Јован до своето паство од Сан Франциско, Калифорнија. Додека се градеше Катедралниот храм, се појавија големи недоразбирања и проблеми. Тие дојдоа до тој степен што луѓето се поделија на две групи и стигнаа до суд. Така, тогашните зборови на владиката Јован се современи и денес, а тој ги напиша во шеесеттите.

Црквата е осветено место; свето место во кое благодатта Божја е присутна постојано. За време на осветувањето на Соломоновиот храм, славата на Бога, која се појави во вид на облак, го исполни Домот на Господа. Ова се појави во старозаветниот храм. Колку само повеќе благодатта на Бога дејствува во новозаветните храмови, во кои се дава вистинско очистување на гревовите, во кои ние се причестуваме константно со Телото и Крвта Христова, и за време на литургијата Светиот Дух слегува долу и ги осветува предложените Свети Дарови, како и сите присутни луѓе. Вистина е дека секој може да се моли каде било, и дека Господ ги слуша нашите молитви отсекаде. Уште повеќе, многу е полесно човек да се моли во црква, каде што сè внатре нè поттикнува да се молиме. Оттука е тоа дека нашите молитви одат до Бога и со нив ја повикуваме Божјата милост да дојде врз нас.

Градењето црква е жртва за Бога; подготвување парче земја за богослужење, донирање од оној кој може, но најважно е да Му принесуваме од себе љубов и лични заложби. Црквите биле градени под различни околности: во време на радост и во време на жалост. Тие биле создадени како свеќи понудени од сите луѓе, кои се издигнуваат на површината на нивната родна земја. Еднаш, митрополитот на Киев, св. Петар, посетил мал град во Москва и му рекол на принцот Јован Калита да изгради „дом на Мајката Божја". Некои би рекле денес: „Која е користа од нова црква?" Дури и без оваа нова градба, и онака веќе има доволно цркви во Москва. Повеќето од нив беа изградени од татко му на Калита, праведниот принц св. Даниел, но принцот Јован без двоумење почна со изградбата на катедрална црква посветена на Успението на Пресвета Богородица. Храмот беше едвај завршен кога Москва почна да зајакнува, а нејзините принцови се обединија заедно на руската земја.

Црквите не Му се потребни на Бога, чиј трон е Небесата и чиешто подножје е земјата. Нам ни требаат црквите! Ние сме тие кои имаме придобивка кога дониираме на црквите. Освен тоа, Господ не ја прифаќа толку многу материјата, која е дадена, колку што ги приофаќа нашиот ентузијазам, одушевување и ревност. Христос го објави добриот прилог на вдовицата, укажувајќи дека таа пушти повеќе од другите, зашто богатите пуштиле од својот вишок, додека, пак, таа пушти сè што имаше, сета нејзина издршка. Нашите жртви или откажувања од одредени работи во името на Бога се прифатени од Самиот Бог. Нашите дарови духовно поминуваат до Божествениот ковчег, каде што никој не може да ги затвори.

Ова е начинот на кој стариот побожен руски народ го виде, и истиот ја даде последната лепта на „вујко Власи“ кој одеше наоколу и собираше средства за градење црква. На секоја божествената литургија, се спомнуваат ктиторите (донаторите) на тој свет храм. Со градењето цркви овде на земјата, ние си градиме за себе вечно живеалиште на небесата. Децении ќе поминат, нашите тела ќе се распаднат, и ништо нема да остане од нас, дури и од нашите коски. Меѓутоа нашите души ќе живеат вечно. Колку убаво ќе биде за оние кои си имаат подготвено живеалиште во небесниот дом! Па и доколку оние изградени цркви на земјата бидат разурнати, имињата на градителите и на донаторите ќе бидат запишани во вечната Божествена Книга, и молитвите, кои биле принесувани во тие цркви, ќе бидат спомнувани постојано.

Така вели Господ Саваот: „Преиспитајте ги своите патишта! Качете се на планината, донесете дрва и градете го храмот, и тоа ќе Ми биде угодно, па ќе се прославувам... Јас сум со вас, вели Господ (пророк Агеј, 1).

Превод од англиското списание „Православен живот“.

ХИРОТОНИЈАТА НА АРХИЕПИСКОПОТ ЈОВАН

Последната хиротонија која ја изврши митрополитот Антониј (Храповитски) беше онаа на јеромонахот Јован (Максимович), во епископ Шангајски. Владиката Јован стана епископ на триесет и осумгодишна возраст. Произлезе од благородно семејство од Харповскиот регион и го привлече вниманието на владиката Антониј во Харпов во 1914 год. По завршувањето на кадетскиот корпус, дипломираше на правен факултет во Русија, а подоцна и на Богословскиот во Белград. Потоа, примајќи го монашкиот постриг од владиката Антониј, во манастирот Милково, предаваше во Битолската богословија. Во Битола, јеромонахот Јован се покажа како човек ревносен за молитва. Беше засакан од локалните Македонци, а и Грци, на кои им служеше и на двата јазика. Кога владиката Антониј му го даде и му го довери архиерејскиот жезол, му рече:

„Од детство сум сведок на многу големи хиротонии. Дури оттогаш посветував внимание на зборовите кои поглаварот ќе ги произнесеше кон новиот архиереј. Се сеќавам како стариот митрополит Исидор Петербуршски и Новогородски говореше: „многу е лесно; само обиди се да исполниш две заповеди: служи добро и не биди надворешен". Повеќе од што било во светот, ти ја сакаш Божествената литургија, и кога веќе си без какво било преправање, ќе бидеш во можност максимално да ги исполниш овие завети.

Живеејќи како чиста девица, не станувај горд или да говориш како фарисеите: „Боже, Ти благодарам што не сум како другите луѓе: разбојници, несправедливи, прељубодејци, или како овој митник" (Лука 18,11). Господ да го зачува твоето срце од такви чувства и размислувања. Моли се со смирение, и таа молитва постојано ќе го збогатува твоето срце.

Ова е моето скромно желание за тебе, споделено со другите епископи овде. Ти посакувам да ги љубиш богослуженијата и да ја зачуваш таа љубов до крајот на твојот живот. Многу епископи и високи достоинственици, додека беа во понизок чин, ревнуваа за богослужења, но како што минуваа годините, и понекогаш од земно изобилие, постепено таа нивна љубов оладуваше; но ти никогаш нема да станеш како еден од нив. Секогаш ме болеше кога ќе слушнев како некој зборува дека извесен владика бил рамнодушен за службите, не бил некој особен молитвеник, но барем е добар администратор. Такви администраторски способности во епископството не се потребни. Доколку тој, како негова првобитна

должност, ја гледа молитвата, управувањето само по себе ќе напредува, како и сè останато, и ќе си дојде на свое место.

Згора на тоа, секогаш воздржувај се од осудување на твоите браќа епископи поради нивниот недостиг на ревност, и не допуштај никакво суптилно самозалажување во твоето срце. Сакај го богословието и продирај длабоко во него. Просвети ја твојата душа со тоа, како и душите на оние околу тебе, и со твоето знаење, дај му на твојот ум душоспасителна исхрана.

Твојот пат е чист и е украсен со мудрост која доаѓа од смирението и со добродетелство кон сите. Доколку на својот пат наидеш на неблагодарност, не очајувај. Света Гора оформи посебен вид разновидност кај луѓето кои комбинираат во себе ревносни активности со полно смирение; ова е начинот на кој сите добродетели растат во твоето срце и во срцата на оние околу тебе. Тогаш, ако ги исполниш сите овие работи, сложи ги во своето срце зборовите на апостол Павле. На кого се однесуваат? Ќе им одговориме со загриженост: „Таков првосвештеник и ни требаше: свет, незлобив, непорочен...“ (Евр. 7,26)

Хиротонијата на владиката Јован беше различна по топлината на срцето која беше почувствувана од присутните. Покрај руските епископи, присутни како претставници беа и теолози, проповедници од српската црква, епископот охридски Николај Велимировиќ, како и други црковни клирици. За време на трпезата, еден од говорниците вака ја опиша оваа хиротонија:

Многу архипастири просветители беа запалени овде (започнаа), но тие беа само остатоци зашто беа од стара Русија; беа родени и пораснати таму. Како и да е, новиот епископ е млад потомок, млада фиданка од тој живот кој со своите бури и неволји не го раскина рускиот дух. Носител на тој дух се јавува во овој млад епископ, кој беше пречекан во Битола од првите синови на Црквата, претставниците на грчката популација (се мисли на Грците и Власите, каде што светиот Јован како јеромонах богослужел во нивниот храм) и исто така, од оние кои денеска дојдоа овде – претставници од српската црква (Епархиите во Македонија во тоа време беа под српска јурисдикција). Дај Боже, идниот пат на Русија да продолжи во оваа вена.

Владиката Јован остана со седиште во Шангај до крајот на Втората светска војна, а по доаѓањето на комунизмот во Кина, мораше да го изнесе своето паство од таму, од каде што подоцна емигрираа во САД, по живеењето на Тубабао. Кон крајот на втората година од престојот во Тубабао, владиката Јован се избори во Вашингтон да се даде дозвола да влезат руските емигранти. Подоцна, откако неговото паство влезе во оваа држава, тој беше назначен за архиепископ на Западна Европа.

Архиепископ Никон

Извадок од: Животот на митрополит Антониј – 5. книга

СЕГА КАЖИ МИ ШТО ИМАШ ДА МИ КАЖЕШ, А НЕ ВО ОЛТАР!

Овде, во Семинаријата, игуменот, отец Лука, ни раскажа еднаш еден настан поврзан со свети Јован Шангајски и Сан-Франциски и блаженоупокоениот митрополит на Руската задгранична црква, Лавр. Свети Јован Шангајски неколкупати го посетил Светотроицкиот манастир во Џорданвил. Во една прилика кога бил овде, служел божествена литургија, а еден од неговите ипоѓакони на литургијата бил (тогашен студент и послушник) владиката Лавр.

Литургијата завршила, и двајцата ипоѓакони стоеле покрај владиката Јован и му помагале да ги соблече своите архиерејски одежди. Додека му помагале, владиката Лавр го прашал свети Јован: „Можам некако да Ви помогнам?“, на што свети Јован не му одговорил ништо. Го прашал по втор пат, и свети Јован повторно не му одговорил ништо. Кога го направил тоа и по трет пат, свети Јован го фатил за рака и го однел на клиросот и му рекол: *„Во олтар не се зборува, сега кажи ми што имаш да ми кажеш.“*

Понатаму, отец Лука продолжи да ни раскажува дека свети Јован воопшто не дозволувал да се зборува во олтар и ги додаде зборовите на свети Серафим Саровски кога вели дека олтарот е место каде што самиот Христос е присутен, како и ангелите, и треба со стравопочит да се влегува во него. Во овој манастир и во другите руски храмови во САД, кога свештеникот, ѓаконот или прислужникот влегуваат во олтарот, од понеделник до сабота наутро, прават три големи поклони – метании. Тоа се прави кога се влегува и кога се излегува, а никој друг не смее да го допира престолот, освен оние кои се во чин архиереј, свештеник, ѓакон и ипоѓакон.



СВЕТИ ЈОВАН И ГУЉА

напишано од Тамара Н. Захарек и Лидија Н. Јонин
(посветено на децата во светот)

Свети Јован беше роден во 1896 во село Адамовка, Харковски регион, во Русија, од познатото благородно семејство Максимовичи. Тој беше крстен со името Михаил. Како момче, ја сакаше црквата. Често другите студенти му велеа на Михаил да се моли за нив. Кога Михаил порасна, заврши воено училиште во Полтава. Потоа, учеше за да биде адвокат, но неговото срце не беше во тоа. Тој навистина повеќе сакаше да биде поблиску до Бога, Кого што Го љубеше. И така, се запиша богословија, и своето слободно време го поминуваше во читање на житијата на светиите.

Во 1929 до 1934 год., јеромонахот Јован предаваше во богословијата во Битола каде што помеѓу луѓето беше познат како голем аскет и свет човек. Во 1934 год., јеромонахот Јован беше хиротонисан во епископ и беше испратен во Шангај, Кина. Таму, тој го посвети сиот свој живот на неговото паство кои емигрирало поради комунистите во Русија. Во Шангај, владиката Јован основа детски дом – дом за деца без родители – каде што растеа деца од Русија и Кина.

Тој беше подвижник, неговиот живот не беше лесен зашто постојано постеше, се молеше и никогаш не спиеше на кревет. Ова го чинеше за време на сиот негов живот, откако стана монах. Креветот на владиката Јован беше покриен со писма од разни луѓе, барајќи од него помош и да се моли за нив.

Имаше периоди кога немаше доволно храна за децата во домот, и ситуацијата беше застрашувачка. Беше нужно сите тие гладни усти да бидат нахранети, а храна немаше! Оние, кои помагаа во домот, се прашуваа што да прават. Еден ден, една од жените, кои помагаа и се грижеа за децата, се осмели да му рече на владиката: „Зошто носиш уште повеќе деца од улиците во домот, кога и за овие немаме доволно храна да ги нахраниме?“ Владиката Јован не ѝ одговори ниту еден збор, туку отиде во неговата ќелија, падна на нозе и почна да се моли на Бога долго време. Го молеше Бога да им помогне и да им прати пченица и каша за гладните деца. Слава на Бога, уште следниот ден некој силно затропа на вратата од домот. Еден човек донесе многу брашно и жита и ги дониираше за децата во домот. Јадење имаше за сите деца. Чудо!

Доколку беше дете од домот, твојот именден (името на некој светител кое го носиш) ќе беше многу голем и извонреден ден. На денот на твојот именден, по Божествената литургија, ќе отидеше во ќелијата на владиката.

Пред да влезеш, ќе ја кажеш молитвата: „Господи Исусе Христе, помилуј ме грешниот!“ (Сите деца од домот му се обраќаа на свети Јован со зборот „владика“). Откако владиката ќе одговореше: „Амин“, тогаш можеше да влезеш. Во неговата ќелија ќе видеше икони насекаде по ѕидот, запалено кандило и фотографии од луѓе. Исто така, во неговата ќелија ќе видеше цели полици книги и писма. Често, кога ќе влезеше кај владиката, ќе требаше да седнеш тивко, зашто тој одговараше на телефонски повици. Понекогаш, владиката беше толку многу уморен што телефонот ќе му паднеше од рака, ќе ја наведнеше главата и заспиваше. Но и покрај сето тоа, сè уште некако продолжуваше со разговорот на телефон. Потоа, ќе седнеше со тебе на подот, со такво внимание и љубов, и ќе ти посветеше посебно гостољубие. Ќе тргнеше настрана тегла со слатко само за тебе! Откако ќе те нагостеше, ќе имаше убав разговор со тебе, а ти: ќе го слушаш и ќе уживаш во неговото гостопримство, додека, пак, владиката работеше во својата ќелија.

Кога беше именденот на владиката Јован, сите деца од домот му пееја:

Многу поздрави, владико, на денот на твојот именден.
Господ да ти помогне да ги издржиш сите твои товари,
со смирено и тивко срце.
Многу сме ти благодарни за твојата грижа кон нас,
бедните деца.
О, владико! Твојот благословен лик ќе биде засекогаш
во нашите срца.
(Напишано на руски од мајка Серафима, 1937 год.)

Наскоро, дојдоа комунистите и во Кина. Владиката Јован требаше да ги премести децата од домот на друго место за да ги заштити. Така, тој одлучи да ги пресели на Филипинските Острови. Во 1949 год., штитениците од домот, заедно со околу пет илјади руски бегалци, побегнаа на островот Тубабао на Филипините. Животот на островот беше многу тежок. Живеејќи во шатори или во бараки, сите требаше да чекаат во долга редица за да добијат храна. Храната беше скудна. Сонцето беше многу силно, со силни дождови и ветрови, и постојано имаше закана од тајфуни. Змии, огромни гуштери и големи мравки имаше насекаде.

Секоја вечер, свети Јован Му се молеше на Господ Исус Христос и го прекрстуваше островот со знакот на Крстот од сите четири страни: север, југ, запад и исток. Островот не беше зафатен од невремиња, но по заминувањето на луѓето во Америка, голем тајфун го погоди тој мал остров. По речиси две години живеење на островот, некои од бегалците заминаа во Австралија, а некои, во Јужна Америка. Другите конечно можеа да одат во Америка со свети Јован. Во Сан Франциско, Калифорнија, едни љубезни луѓе купија

убава куќа за децата од домот. Овој нов детски дом се нарекуваше дом „Свети Тихон Задонски". Многу деца, кои владиката ги донесе со себе од Тубабао, живееја во домот „Свети Тихон". Таму имаа храна, облека, љубов и духовно раководство. Владиката ги знаеше силните и слабите страни на сите деца. Тој знаеше за секое дете колку може да носи на себе и не очекуваше многу од нив. Наскоро, откако се основаше домот во Сан Франциско, свети Јован мораше да замине далеку од Америка. Во 1951 год. стана архиепископ бриселски и западноевропски. Во Европа, владиката ја засилуваше верата на луѓето. Помогна да се изградат училишта и домови на многумина кои беа бегалци во таа област. Владиката Јован служеше во Европа многу години. Понатаму, во 1963 год., владиката Јован беше назначен за архиепископ на Сан Франциско. Тој дојде и живееше со децата во домот, во „Свети Тихон". На децата им беше многу мило да бидат повторно со владиката.

Во тоа време, владиката имаше гулаб наречен Гуља. Гуља живееше зад прозорецот на кујната во домот „Свети Тихон." Владиката јадеше еднаш во денот, и тоа, пред полноќ. Јадеше во кујна, користејќи иста лажица за супа и за десерт. По јадењето, владиката седеше на маса, додека, пак, Марија Александровна Шахматова ја чистеше масата и ги миеше садовите. Таа беше како мајка на сите деца во домот „Свети Тихон" и, исто така, помагаше во раководењето на домот. Гуља ќе застанеше на рамото на владиката и стоеше така, гледајќи го. По јадењето, владиката се повлекуваше во својата ќелија. Тоа беше една мала соба каде што тој се молеше и одговараше на секое писмо што му го праќаа. Гуља ќе долеташе крај прозорецот од неговата ќелија и го гледаше. Владиката секогаш стануваше рано наутро, и Гуља го дочекуваше. Владиката пешачеше до Катедралната црква на улицата Гери, каде што служеше Божествена Литургија. Како што владиката одеше, Гуља леташе над него и го придружуваше до црквата. Гуља беше негов другар.

Често, архиепископот Јован остануваше во домот „Свети Тихон", каде што служеше литургија, пееше, читаше и служеше. Понекогаш луѓето гледаа блескава светлина над главата на свети Јован додека служеше. По службата, владиката често одеше по болници, затвори, гробишта, по руските училишта, по домови, каде што секогаш беше добредојден со радост. Владиката љубеше да ги посетува болните. Доколку некој човек боледуваше тешко, ќе отидеше кај него во секое време од денот или вечерта и се молеше покрај неговиот кревет. Имаше случаи кога некои пациенти од другата страна на градот ќе почнеа среде ноќ од болничкиот кревет да викаат по владиката Јован. Владиката ќе дојдеше. Многу чуда се случуваа по молитвите на владиката. Луѓе, кои живееја на сите страни на светот и кои имаа сериозни болести, беа излекувани. Кога докторите не можеа да ги излекуваат болните, пријателите на болните ќе му се јавеа или, пак, ќе му напишеа писмо на свети

Јован, барајќи од него да ги излекува. Тој секогаш одговараше. Понекогаш тој се појавуваше како личност, иако се знаеше дека беше далеку од тоа место. На чудесен начин, многумина оздравуваа.

Со помош и по молитвите на свети Јован, луѓето успеаја да изградат голема и прекрасна катедрална црква. Еден ден, многу луѓе се собраа околу Катедралната црква за да учествуваат во благословувањето на новите куполи. Синото небо цел ден беше покриено со густи облаци, не дозволувајќи им на сончевите зраци да ја топлат земјата. Само што куполите беа осветени од владиката Јован, небото се отвори над црквата, и од густите облаци сончевите зраци се појавија на земјата. Кога луѓето погледнаа нагоре, видоа како еден гулаб кружеше над куполите на црквата. Тоа беше прекрасен знак.

На последниот ден на владиката во Сан Франциско, во шест часот наутро тој служеше Божествена Литургија во домот „Свети Тихон". Служеше сам и, како и обично, босоног, носејќи го на себе белиот шал кој неговата мајка му го дала пред многу години. По службата, владиката Нектариј дојде за да го земе и да го одвезе владиката во Сиетл, Вашингтон. Со себе ја носеа чудотворната икона на Мајката Божја, Курско-Коренска во Сиетл за благослов на верниците кои живееја таму. Кога владиката излезе од домот, пред да влезе во колата, наеднаш се врати повторно во домот. Ја најде иконата на свети апостол Јуда и ја постави на средината на аналојот. Владиката повторно ги благослови штитениците и замина за Сиетл. Таму, во Сиетл, тој ја служеше последната Божествена Литургија на земјата и се упокои молејќи се пред чудотворната Курско-Коренска икона. Кога владиката ја постави иконата од свети апостол Јуда на аналојот, тој го претскажа денот на своето упокоение. Се упокои на денот на свети апостол Јуда (19. јуни / 2. јули, 1966).

Кога владиката Јован се упокои во Сиетл, неговиот гулаб Гуља леташе насекаде во домот „Свети Тихон" во Сан Франциско. Леташе нагоре-надолу во ходникот каде што беше ќелијата на владиката. Свети Јован имаше посебна особина со која ги привлекуваше луѓето кон себе. Секој сакаше да биде во близина на овој свет човек. По тој ден, Гуља одлета и веќе никогаш не се врати. Архиепископот Јован сè уште прави чува – дури секој ден. Свети Јован беше канонизиран за светител од Руската задгранична црква на 19/2. јули, 1994 година. Неговите нетлени мошти се во Катедралната црква на улицата Гери, во Сан Франциско.

Светителу оче Јоване, моли Го Бога за нас!

ЃАВОЛОТ ЌЕ БИДЕ ПОБЕДЕН И ОВДЕ ЌЕ ИМА ХРАМ БОЖЈИ!

Сеќавањата на Лариса Красовски

Пред да почнам да пишувам за искуството на Лариса Красовски, имам еден настан кој се случи пред неколку години и кој е поврзан со неа. Еден од нејзините синови, отец Роман, е монах во Јорданвил. Кога бев втора година, имав послушание да работам во манастирската канцеларија во Светотроитскиот манастир, т. е. одговарав на телефонските повици. Отец Роман беше во истата канцеларија, од спротивната страна. Неговата мајка, Лариса Красовски, неколку пати во годината му испраќаше колачи кои самата ги правеше. Канцеларија беше прилично голема и имаше уште една дополнителна просторија каде што се подготвуваа и се испраќаа книги. Таму имаше и мала машина за кафе. Еден ден кога по пошта му стигнаа колачите на отец Роман, тој ги отвори и ме понуди, а патем ми кажа дека неговата мајка ги прави. Понатаму го прашував повеќе за него и неговото семејство и дознав дека неговото семејство многу добро го познавало свети Јован: Роман имал пет години, а неговите браќа биле постари од него, па сеќавањата за овој светител им се јасни. Додека работев, еден ден влезе игуменот во канцеларијата, во просторијата за пакување ја отвори кутијата со колачи и се послужи со неколку, нагласувајќи ми колку се вкусни и дека неговата мајка често му праќа. Ова не беше крајот. Понатаму и неколкумина други влегуваа и си послужуваа. Очигледно, колачите не беа скриени, па сите беа добредојдени да се нагостат. Во тоа време, а и денес по малку, не можев да им одолеам на слатките работи. Здогледав ли благо, изгледав како никогаш дотогаш да не сум видел. Но што можев да сторам – лесно му се препуштав на тоа искушение. Отец Роман ме понуди неколкупати, но тоа не беше доволно за мене. Посакував уште. Отец Роман обично беше во канцеларијата до три, а понекогаш и до четири попладне, па заминуваше во својата ќелија. Јас чекав да замине за да можам да отидам и да се послужам со колачите. Факт беше дека беа супер вкусни. Толку ги сакав што неколкупати навечер во десет ќе дојдев во канцеларијата, зашто имав клуч, и ќе се послужев со неколку. Еден ден му реков на отец Роман: „Отец, сакам да ѝ пишам на Вашата мајка за да ѝ заблагодарам за вкусните колачи. Може да ја добијам нејзината адреса?“ Со драга волја ми ја даде, и го сторив тоа. За Лариса Красовски знаев само преку отец Роман, но решив да ѝ напишам писмо каде што ѝ заблагодарив за колачите. По неколку дена, отец Роман ме извести дека мајка му го добила писмото и дека била трогната од него.

По две години, отец Роман беше назначен од Руската задгранична црква за старешина на мисионерската дејност во Ерусалим каде што има руски манастир „Света Елисавета“ со многу монахињи. Минатата година, кога дојде да го посети Џорданвил, ми рече: „Кога бев дома кај мајка ми, го видов и го прочитав твоето писмо“, и се насмеа. Пред да замине на мисија во Ерусалим, јас бев тој кој му помагаше да ги спакува сите свои работи и да ги пренесе во Бостон. Всушност, сета доверба за сите лични работи, алишта, книги и сл. ми ја даде мене. Тој имаше толку многу работи што ми беа потребни денови за да го спакувам. Додека ги пакував неговите работи во кутии, видов и неколку работи од св. Јован: неколку фотографии од неговото семејство со св. Јован во нивниот дом во Сан Франциско, признанија и дипломи од училиште со Светијовановиот потпис и една виолетова мантија која му припаѓаше на св. Јован. Тоа послушание со пакувањето беше макотрпно, но како резултат на тоа, Бог ми дозволи да видам неколку работи од св. Јован.

По две години од сите овие случувања, св. Јован му отвори пат да ја запознаам лично Лариса Красовски и ми се укажа можност да зборувам со неа и да ги слушнам нејзините спомени со св. Јован и како таа го памети. Патем, пред разговорот, ја прашав дали, доколку има, ќе може да добијам неколку од нејзините вкусни колачи, па ѝ го раскажав настанот со колачите и ѝ реков дека секој ден се прикрадував во канцеларија. Таа слатко се изнасмеа и во исто време ѝ беше мило за колачите. Интересно беше тоа што таа ми рече дека пред два дена направила колачи, и дека сега, поради ова што ѝ го спомнав, ќе ми даде цела кутија од нив.

Лариса Красовски потекнува од Сибир, Русија. Родена е во 1928 година во Харбин, во Кина. Нејзиниот дедо и баба доаѓаат таму поради комунизмот и прогонот кој Советскиот Сојуз го вршел, па така, таа била родена во оваа земја. Во раните триесетти години од минатиот век, нејзиното семејство се преселува во Шангај. Кога таа има седум години, испратена е да учи во француско училиште каде што имало многу руски деца кои се образовале во оваа институција. Според нејзините зборови, таа е израсната од својата баба и дедо зашто живее со нив додека нејзината мајка работи. Понатаму, нејзиниот дедо одлучува да ја запише во гимназијата на Лига руских женшин.

„Моите родители се разведоа кога имав две години, така што бев одгледана од мојата баба и дедо, родителите на мојата мајка. За жал, не го завршив руското училиште зашто мојата тетка сакаше да ме премести во британско училиште кое успеа да се одржи до 1942 година. Потоа кога започна Втората светска војна, сите луѓе од Британија мораа да одат во јапонски кампови. Во тоа време, Кина беше под окупација на Јапонија, како и Шангај.

Владиката Јован првпат го запознав кога учев во руското училиште, во Лига Руски Женшин, во Шангај. Тој присуствуваше на сите испити по предметот Закон Божји. Секогаш беше таму. Истото продолжи да го прави и овде, во Сан Франциско, за време на испитите. Дури тој одеше и во училиштето во Бурлингејм за испитите. За тоа можеш повеќе да го прашаш мојот син. Владиката просто ги љубеше децата. Тој беше многу строг, но полн со љубов. Владимир може да ти каже како понекогаш ќе ги тапнеше со патерицата по глава. Во нашето училиште имавме црква, и покровители на таа црква беа „Вера, Надеж и Љубов, со нивната мајка Софија". Имавме наш женски хор, и некои од девојчињата помагаа во храмот за време на службите. Таму беше и отец Атанасиј, основачот на руското училиште. Ах, беден отец Атанасиј! Тој беше толку смирен и добар, што знаеш, кога ќе начекаш некој толку добар, го искористуваш тоа, така што за време на часовите, кога предаваше, ние зборувавме, се глупиравме и уште што сè не чиневме за да немаме часови.

Така, на една литургија, јас како деветгодишна, со мојата другарка Нина Попова требаше да го облекуваме владиката во архиерејските одежди. Значи, за да биде јасно, ние како девојчиња не носевме стихар, туку имавме специјална пурпурна училишна униформа. И така, требаше да го облекуваме владиката Јован. Тој, стоеше на средина на храмот, а ние почнавме да го облекуваме. Отец Атанасиј никогаш не нè учел како се мести великиот омофор, а тоа е мошне сложено. Пеењето на хорот веќе заврши, сè запре. Владиката Јован стои и молчи, ни збор не изустува. А ние те на оваа страна те на другата, страничните копчиња се како звона и само тропаа: бум, бум. За сето тоа време, во ушите ми одекнуваше тоа „бум" и се обидував да ја извршувам својата задача тивко. Не знаевме како да го наместиме великиот омофор, а владиката Јован не ни помагаше. Стоеше и не сакаше да ни помогне.

Која беше причината за тоа што не сакаше да ви помогне?

Оставаше на нас, да види дали ќе се снајдеме самите. Затоа само стоеше и молчеше, без збор. Веќе сè запре во храмот, а владиката Јован стоеше и молчеше. Ние двете се обидувавме да смислиме како да го наместиме великиот омофор. На крајот, успеавме правилно да го наместиме. Но знаеш, интересната работа беше кога јас бев во Џорданвил, додека таму беше владиката Лавр, пред да стане митрополит, еден од прислужниците се испогуби и не знаеше како да му го намести великиот омофор. Тоа беше првпат по педесет години да видам како некој друг не знае како да го намести великиот омофор. По ова, му раскажав на владиката Лавр: „Владико, ова е прв пат да видам како еден од прислужниците не може да го намести омофорот. Сега се чувствувам подобро, зашто јас

не сум единствената која не знае.“ На крајот, ние некако се снајдовме и го наместивме, инаку владиката до утре ќе стоеше и ќе нè чекаше да му го наместиме великиот омофор – не знам, но верувам дека тоа ќе се случеше. Но знаеш, во храмот настана тишина и туку само слушаш звук на ѕвончиња: бум, бум. Буквално звучеа како некои камбани. Како и да е, тоа беше моето искуство со великиот омофор на владиката.

Понатаму, пред да се омажам, мојот сопруг Вадим отиде кај него. Владиката многу го љубеше. Тогаш тој беше во Хонгконг, и Вадим често патуваше на разни места заради работата, па отиде кај него за да земе благослов за брак. Владиката го прашал: „Со која девојка ќе се жениш?“ Тој му одговорил: „Со Лариса Красовски.“ Тогаш владиката му одговорил: „О, Љаља!“ Владиката ме викаше Љаља. Тој веднаш благословил. Ние бевме венчани во камп на Тубабао. Јас бев евакуирана во Тубабао. Мојот сопруг не живееше таму. Тој работеше за една британско-американска компанија и постојано патуваше. Го преместија во Тајван. Во тоа време Тајван беше именуван Формоза додека беше под јапонска окупација. Од таму, тој дојде на Тубабао за да се венчаме. Јас живеев во Тубабао неколку месеци, половина година. Таму пристигнав во март, а заминав во септември. Венчавката беше во осум наутро, и истиот ден заминавме за Манила зашто имаше само една авионска линија, напладне. Мојот сопруг и јас живеевме во Манила околу шест месеци и потоа заминавме во Тајланд зашто Вадим беше распределен од компанијата да работи таму. Тој беше директор на компанија во Тајланд. Таму немаше православни цркви така што мојот сопруг му напиша писмо на владиката Јован. Мислам дека тогаш тој беше во Брисел. Вадим му напиша писмо со прашање што да прави за крштевањето на нашиот син Владимир. И тогаш дознав нешто кое не го знаев: кој било православен христијанин може да крштава. Тогаш бев млада и не го знаев тоа. Тој му одговори како да се затворат носот и устата и пред да се потопи еднаш, да изговори: „Во името на Отецот – Амин; и Синот – Амин; и Светиот Дух – Амин.“ И така направивме за да го крстиме Владимир. Дома имав света вода, и малку од неа ставив во купелот. Можеби не било потребно, но го сторив тоа. Писмото му го дадов на Вовка, кој и денес го има, со владичиниот ракопис. А понатаму, ни напиша кога ќе одиме на место каде што ќе има православен храм, тогаш да го однесеме Владимир да биде миропомазан. И така сторивме.

Следниот контакт со владиката Јован беше во Сан Франциско. Кога првпат дојдовме во Сан Франциско, го зедовме Владимир за го види владиката Јован. Денес, Вовка не се сеќава на тоа. Тој беше четири или пет години. Го однесовме кај владиката, во домот „Св. Тихон“ каде што тој живееше, на Петнаесеттата авенија на улицата Болбоа. И владиката

Јован го зеде со него во олтарот. Јас и мојот сопруг стоевме во храмот околу половина час и чекавме. Не знаевме што правеше, како зборуваше и што зборуваше. Само чекавме и чекавме. За тие триесет минути, тој беше со Владимир во олтарот.

Понатаму, додека чекав да се роди Миша, отидов во канцеларијата на владиката, односно, во неговата ќелија, не се сеќавам за што точно. Веќе се познаваше дека бев бремена, и владиката ми рече: „Ако е машко, како ќе го именуваш?", владиката ме праша. Му одговорив: „Миша." А тој ми рече: „И јас, исто така, бев Миша" – дотогаш не го знаев тоа. Световното име на владиката Јован беше Михаил. Тоа беше таква топла конверзација... Тогаш не знаев дали е машко или женско. Никогаш не знаев какво ќе биде. Во тоа време некои луѓе беа љубопитни да дознаат какво ќе им биде детето, но ние одлучивме да дознаеме на денот кога ќе се роди. Тоа беше во „Св. Тихон".

Кога Алек беше дванаесет години, се разболе и имаше навистина многу висока температура и беше многу болен. Владиката Јован беше на Истокот, во Њујорк. Му телефониравме и го замоливме да се помоли за Алек зашто бевме загрижени за неговото здравје. И Алек се подобри. Следниот ден температурата му се намали и за брзо време оздраве. Да, така се случи!

Понатаму... а да, еве на што се сеќавам: во Шангај, кога веќе заминав од Лига, сè уште одев на служби во катедралниот храм. И на Пасха, кога владиката Јован возгласуваше: „Христос Воскресе", одеше низ храмот полн со радост. Со кадилницата во едната рака, која му се раздувуваше на сите страни – темјанот сè маглосуваше наоколу – тој само возгласуваше: „Христос Воскресе!" И знаеш што? Таа негова пасхална радост те доведе до чувство како првпат во животот да ја слушам таа новост. Очите така радосно му блескаа како да беше на облаци и само извикуваше :„Христос Воскресе!" Значи, овој пасхален поздрав, кој го разгласуваше, не беше обичен. Неговите „Христос Воскресе" звучеа посебно кога го слушаше. Тоа беше нешто кое ме погодува и денес – тоа им го кажав на неколку свештеници овде.

Кога веќе бевме овде, во Сан Франциско, одевме на служби во Бурлингејм зашто мојот сопруг беше претседател на управата и пееше во црковниот хор, и немавме можност да одиме во Катедралниот храм. Моравме да бидеме таму и да се грижиме за храмот. Но ова последното на Пасха во Шангај така ми се врежа во главата... „Христос Воскресе". Тоа беше чувството на радост.

Овде, во САД, мојот сопруг се занимаваше со извидници. Работеше со децата од седум до осум-деветнаесетгодишна возраст. И го сретнуваме владиката на улицата Гери на булеварот. Јас бев некаде во моите доцни години. И тој му говори на мојот сопруг: „Никогаш не откажувајте се од работата со извидници." Зашто мојот сопруг работеше со млади луѓе во таа организација. Причината поради која владиката го рече тоа беше младите луѓе да се запознаваат, да се вљубуваат и да стапуваат во брак. Кога го слушнав сето ова, си помислив во себе: „Владиката говори за вљубување?"

Јас, Стојан, си велам: „Владиката Јован говори за бракови?"

Не можев да им поверувам на своите уши дека владиката го зборува тоа. Но, знаеш, владиката беше во право. Тогаш младите имаа можност да се запознаат еден со друг. Православни, се вљубуваат и еве: Вовка е во брак од учеството во оваа организација; Алек, исто така; отец Александар – брак. Таму ги запознаа нивните сопруги. И вистина што владиката рече: „Никогаш не откажувајте се од работата со извидници." Таму младите се запознаваат, се вљубуваат и стапуваат во брак. Како што растев, воспримав зошто владиката го рече тоа. Затоа што е важно да се има заедница на православна двојка, за да се зачува православниот дух во едно семејство. Тој размислуваше на тоа: луѓето да се сретнуваат, да се вљубуваат и да стапуваат во брак.

Владиката Јован, исто така, беше прозорлив. Знаеш дека додека се градеше Катедралниот храм, овде на булеварот Гери, имаше луѓе кои беа против оние што сакаа да се изгради храмот. Во времетраење од две година сета градба застана и не продолжуваше. Стигнаа до челичните греди на храмот, кои требаше да ја држат главната купола, и сè запре зашто имаше група која беше против. Истите тие гласаа против постарите управители, дури донесоа два полни автобуси со луѓе од Лос Анџелес за да протестираат. Тоа беше стравотно време. И јас требаше да бидам на еден од состаноците на кои присуствуваше и владиката Јован. И како што тој заминуваше, некако и јас се најдов таму, на вратата. Почнав да плачам, и солзите почнаа да ми паѓаат по образите. Тогаш владиката ми рече: „Љаља, не плачи! Сè ќе биде како што треба." Ова беше пред да оди на суд.

И друга работа, кога тој служеше во Катедралниот храм, кој сè уште не беше изграден, беа направиле мини дрвен под. Понекогаш не можеше убаво да го разбереш владиката додека зборуваше, но овој пат јасно рече: „ЃАВОЛОТ ЌЕ БИДЕ ПОБЕДЕН, И ОВДЕ ЌЕ ИМА ХРАМ БОЖЈИ!" Ова беше во време кога таа револуција која се одвиваше овде, за храмот.

Значи, овде на улица, направија под, и владиката таму служеше. Храмот сѐ уште не беше изграден. Во тоа време беше неизвесно дали ќе се доградеше храмот, но владиката во проповедта ги изусти овие слова. Многу жалам што тогаш немав никаков апарат за да го снимам. Стоев околу 5 стапки од владиката Јован кога го рече тоа. И покрај тоа што понекогаш беше тешко да го разбереш, овој пат тие зборови беа многу јасни: „И ѓаволот ќе биде победен – со своите уши чув.

„Лариса, сето ова кое ми го раскажуваш за св. Јован, мене ми звучи како сите настани вчера да се случиле. А истото го доживеав и кога зборував со Николај Лукијанов."

Понатаму, во Шангај владиката Јован одеше по улица, а јас бев на другата страна и кога го видов, преминав на неговата страна за да го поздравам. Му велам: „Здраво, владико", а тој ми говори: „Што рече?" Јас му одговарам: „Здраво." Тој ми вели: „Христос Воскресе! Никакво здраво." Четириесет дена Христос Воскресе. Убаво ме „пееше" за да ме научи на ова. И до ден-денес четириесет дена сите ги поздравувам со „Христос Воскресе!"

Исто така, на Пасха одеше по затвори. За ова не знам многу детали, но знам дека на Пасха тој одеше по затворите и ги посетуваше Русите кои беа таму. Овде, во Сан Франциско и околината, го знаеја сите во болниците и знаеја што треба да подготват, пред да дојде. Ќе направеа список со имиња на болни, и кога ќе дојдеше владиката, ќе му го дадеа, а тој одеше од соба во соба и ги посетуваше. Еднаш, го возев до болницата, и во автомобилот ми вели: „Во болницата бев кај една еврејка – не знаеше дека е еврејка – но позборував со неа, се помолив и ѝ дадов просфора. Зашто душата е душа човечка. Господ Бог на сите ќе ни суди.

„Да, навистина е така. Имам прочитано дека св. Јован не правел разлика во тоа, или пак, да оди да посетува само православни."

Да, да, да! Кога беа сите тие проблеми околу градењето на Катедралниот храм, често владиката Јован му телефонираше на мојот сопруг околу еден во ноќта. Доколку во еден наутро телефонот ѕвонеше, тоа беше владиката Јован. Тој му даваше документи или информации на мојот сопруг за тој да ги предаде на Синодот. Владиката имаше целосна доверба во мојот сопруг и му доверуваше многу работи. До денес не знам за што зборуваа.

Кога дознавме дека владиката Јован се упокои, никој не очекуваше. Една недела пред тоа, тој беше во Бурлингејм и мислам дека имаше дипломирање. Тоа беше такво дипломирање кога децата ќе завршат основно и ќе одат во средно или од средно на факултет. Тогаш таму свештенослужител беше отец Николај, и ние го прашавме: „Отец Николај,

ќе го однесете ли владиката назад во 'Св. Тихон'" Тој ни рече: „Не", па така, мојот сопруг и јас го однесовме дома. Тоа беше точно една недела пред да се упокои. На патот до домот „Св. Тихон" каде што владиката живееше, секако, застанавме во болницата „Св. Марија." Како и обично, тој отиде да ги посети болните, па дури потоа го однесовме дома. Тоа беше последен пат кога се видовме.

Потоа, за време од дваесет и четири часа, телото требаше да биде пренесено од Сиетл во Сан Франциско. Таков беше законот. Следниот ден, сите отидовме да го пречекаме на аеродром. Имаше околу сто автомобили кои го следеа телото од аеродромот. Застанавме во погребното на неколку минути и потоа продолживме до Катедралниот храм. Телото на владиката беше во храмот пет дена. Ковчегот беше отворен, и дваесет и четири часа гореа свеќи. Вратите на храмот беа отворени цела вечер. Свеќите гореа покрај нетленото тело, а Вада тогаш беше на кампување на планина. Не знаевме како да му соопштиме зашто знаеме дека едноставно ќе биде скршен од болка. Но како и да е, моравме да му кажеме. Тогаш тој беше тинејџер. Мислам дека мојот сопруг му се јави и му кажа. Вада се врати дома и еден ден пред погребот, остана во црквата цела вечер. Неколкумина од прислужниците поминаа цела вечер во црквата. Спиеја во делот каде што пее хорот. И Вовка ми рече: „Знаеш, мама, ги извадивме нашите крстови, и рацете на владиката Јован му беа толку меки (топли), што ги положивме." За ова, прашај го повеќе него. Тој ќе ти раскаже.

Телото му стоеше во црква пет дена затоа што митрополитот Филарет не сакаше да лета. Тој стравуваше да лета и дојде или со воз или со кола – не се сеќавам точно. Затоа го одложија погребот. Неговото тело воопшто не замириса, и покрај тоа што свеќите гореа дваесет и четири часа околу ковчегот. Немаше никаков непријатен мирис. Понатаму, прашај го Вовка за отворањето на ковчегот во 1993 год., пред да биде прославен за светител зашто тој беше дел од оние кои го отворија.

„Можам да си претставам како се чувствувал. Тој, во неговите тинејџерски години, беше на погребот, а во 1993 год., исто така, беше еден од оние кои го отворија гробот и посведочи за светоста и за нетлените свети мошти на св. Јован.„

Дури и на погребот отиде долу, во усипалницата, зашто тој беше прислужник. Никој од нас не отиде, а и не можевме на почетокот од толку многу луѓе – а и таа просторија е многу мала. Едноставно, немаше место за сиот клир, а не, пак, за нас. На погребот на владиката Јован, Соборот беше полн со луѓе. Опелото почна во шест попладне, а го погребаа долу во усипалницата по полноќ, по дванаесет.

„Морам да ти кажам дека кога го говориш сето ова ми за св. Јован, посакувам тој да беше овде и да го прегрнев како свој татко."

Тој веднаш би те потапнал со својата патерица по главата – се насмевна. Тоа е неговата љубов. Владиката секогаш им се радуваше на децата. Кога ќе имаа вечеринка, тој ќе дојдеше долу и извесно време ќе ги гледаше, па ќе си заминеше. Тоа беше уште од Шангај, кога имавме вечеринка, тој ќе дојдеше, ќе нè гледаше и подоцна ќе си заминеше. Знаеш зошто сите мои деца се во црквата? Мислам дека е поради владиката. Тој така ги воспита уште додека беа мали. И гледај што се случи со Миша – со отец Роман: од обичен монах до главен на мисијата во Ерусалим. Зар не е тоа чудо? Знам дека до денес владиката се грижи за моите деца!

Пред еден месец, вечерта во два часот паднав од скали со главата надолу. Мислев да одам во бањата, а до неа се скалите. Беше темно, средноќ, и како да стапнав во воздухот. „Пум", со главата надолу. Носот ми беше со крв и бев десет дена во болница: три дена на интензивно, а останатите како и секој во болница. Ништо немав скршено. Тоа е владиката Јован. Беше чудо како ништо немав скршено, и верувам дека тој ме чуваше.

Заборавив да кажам – ти благодарам многу што ти му помогна кога ги пакуваше сите свои работи, пред да замине од таму отец Роман".

„Не, мене ми беше задоволство. Всушност, покрај тоа што му помагав и ги пакував сите негови работи, ми се даде можност повеќе да дознаам за св. Јован и да видам колку отец Роман го љуби. Зборувавме за св. Јован неколкупати, ми покажуваше фотографии. На една од нив што ја видов, сето ваше семејство се фотографирало со св. Јован, ако не се лажам, во вашиот дом, а отец Роман како мал стои до св. Јован. Згора на тоа, додека го пакував, открив дека о. Роман има една мантија од св. Јован.

ЧУВСТВУВАМ ДЕКА ВЛАДИКАТА ЈОВАН МЕ СТАВИ ДА БИДАМ ДИРИГЕНТ ВО ОВОЈ ХРАМ

Сеќавања на Владимир Красовски

Беше сабота, 9. август и вечерта во Катедралната црква Богородица „Радост на сите нажалени“ имаше сеноќно бдение. Истиот храм има два ката – простор каде што пее хорот. Едниот хор пее во недела на раната литургија, а главниот, на доцната литургија, како и на бденијата. Истиот хор пееше и вечерва, на вториот кат. Стоиш одозгора и штом се завртиш надолу, од десната страна го гледаш великолепниот кивот на големиот чудотворец Јован. Така постојано чини Владимир Красовски, диригентот на тој хор, и кога ќе се најде во неволја, ќе погледне одозгора надолу кон нетлените Светијованови мошти и ќе му зборува, ќе бара од него да му помогне.

Ова семејство Красовски беше благословено да го познава св. Јован одблизу. Таа нивна блискост доведе до промена на нивните животи. Лариса Красовски беше сосема во право кога ми рече: *Поради владиката Јован, моите деца се во црква.*

Сеноќното бдение заврши. Владимир Красовски и јас отидовме во неговата канцеларија, на третиот кат во храмот, и тој почна да ми раскажува за владиката Јован. Чиниш, сè што изусти Владимир се случило неодамна, а не пред четириесет години. Толку чисто тој раскажуваше.

Кога Господ ќе дојде да бара одговор од мене, ќе ме бара овде.

Овде, во овој храм, долго време сум диригент на хорот. Чувствувам дека владиката Јован ме постави овде. Имав сон. Бев некаде во Русија, одев надолу по улицата во некое село. Бев облечен во кратка блуза, и некоја фигура доаѓаше кон мене. Дојде кај мене и го препознав. Владиката дојде и ми се насмевна. Со себе го имаше својот посок, а на себе ја носеше црвената торба. Тој се смееше, и јас му реков: „Владико, благослови! Што правите овде?“ И тој ми рече: „Слушнав дека сакаш да бидеш диригент“. Јас му одговорив: „Да многу сакам.“ И тој ме благослови – нешто што не го правеше често. Неговиот благослов беше ваков. Кога тој беше одлучен во давањето благослов за нешто на некого, тогаш поинаку благословуваше. Значи така широко ме благослови, ме прекрсти и се разбудив. Потоа, по помалку од една година, владиката Антониј ме префрли да бидам диригент овде, во Соборната црква. Тогаш бев на возраст од деветнаесет години.

Претходно диригирав во храмот во Бурлингејм каде што имаше дваесет и пет деца кои пееја доста добро.

Почетокот на мојот живот со владиката. Моите родители стапија во брак во 1949 год., а јас се родив во 1950 год., во Бангкок, Талјанд (Сајам). Таму немаше свештеник. Тато работеше таму. Живеевме многу добро. Нашиот дом беше до оној на министерот за одбрана. Татко ми напиша писмо до владиката кој тогаш беше во Белгија. Храмот, кој се наоѓа таму, го изгради владиката. Тоа беше втор храм. Првиот кој го изгради беше во Шангај, а овој беше втор. Татко ми му напиша писмо на владиката со прашање: „Што да правам? Каде да го крстам?" Владиката не само што му одговори веднаш туку и во писмото, на листот, залепи мал крст – кристален крст. Владиката напиша во писмото дека кој било православен христијанин може да крсти друг. И понатаму, формулата за крштевање ја напиша со различни бои. „Овие се зборовите кои треба да ги кажеш." И напиша со црвено: „Се крштева", и со пенкало напиша: „Името" во името на Отецот – Амин. И го потопуваш еднаш. И Синот – Амин. Го потопуваш втор пат. И Светиот Дух – Амин. И третиот пат целосно го потопуваш во вода. И татко ми ме крсти на Пасха, 25. април 1951 год. во Бангкок. Имаше неколку Руси кои беа поканети. Мама ми кажа дека кога ме облекла во кристалната облека, сум се насмеал. Воопшто не сум плачел. Понатаму, владиката Јован напиша писмо како да бидам миропомазан. „Треба да одите во Хонгконг." И отец Илија, кој свештенодејствуваше таму, ме миропомаза. Оттаму почна мојот живот со владиката Јован. Понатаму, кога владиката сѐ уште беше во Европа, доаѓаше овде, во Сан Франциско, во домот „Св. Тихон". Дошле овде и моите родители, ме однеле кај владиката за да ме запознаат со него. Мајка ми веќе ти го има раскажано овој настан. Ова го знам од она што мајка ми ми го кажа. Јас не се сеќавам. Не знам што правеше владиката толку долго во олтарот.

Мајка ми ми дозволуваше да доаѓам овде на именденот на владиката. Ние пораснавме во Бурлингејм, и луѓето тогаш не патуваа често во Сан Франциско. Таму имавме црква, и тоа ни беше местото каде што се црквувавме. Неколкупати во годината, како на неговиот именден и на мојот, одев во градот и спиев на каучот во дневната соба во „Св. Тихон". Еднаш се исповедав кај него. Отидов таму еден ден пред мојот именден. Бев во неговата ќелија, и владиката зборуваше и зборуваше и по малку заспиваше. Понекогаш беше тешко да го разбереш. Јас, лично, мислам дека владиката имал удар кога бил млад. Затоа понекогаш беше тешко да го разбереш. Неговото лице, кај устата, не беше право, и неговата уста беше накривена и беше тешко да го разбереш. Ние зборувавме и зборувавме и јас се обидов да се искрадам зашто бев изморен. Беше два или три наутро. Бев во пижами и кога се обидов да побегнам, тој ме фати и ме праша:

„Каде одиш?“ Му реков: „Владико, може да се исповедам?“ „О, океј. Пошли в церков“ Стана, и отидовме во храмот кој беше на неколку чекори од неговата ќелија. Тогаш чудотворната Курско-коренска икона на Мајката Божја беше таму. Јас, облечен во пижами, отидов со него во црквата, а тој ми рече: „Стој овде.“ Ја извади Курската икона од футролата. Владиката отиде во олтарот, ја облече мандијата, мало одејание, митра и изнесе надвор пет кивоти со свети мошти. Ги постави до Курската икона, и ги отвори сите. Пред мене имав свети мошти и Пресвета Богородица. И владиката ми рече: „Вот, гледај, пред тебе се светиите и Мајката Божја. Кајајсја! Покајувај се! Што ти имаш сторено?“ И јас се исповедав. Зборувавме четириесет и пет минути. Ме праша: „Како ти оди на училиште?“ Му реков: „Имам проблем со математика.“ „Слушам дека одиш со една девојка“, ми рече владиката. Го спомна нејзиното име. „Да, излегувам со неа“, му одговорив. „Остави ја.“ „Океј“, му реков. Следниот ден кога ја видов, ѝ реков: „Владиката ми рече да раскинеме.“ Веќе не бевме заедно, и станав подобар во математика. Тоа беше мојата исповед со владиката. Четириесет и пет минути.

Друг пат, бевме во Бурлингејм на литургија, и прислужниците имаа мали служебници. Од едната страна на листот беа на црковнословенски, а од другата, на англиски. Во тој служебник не беа ставени тајните молитви, освен молитвата на Третиот час и Евхаристијата. Тие зборови беа испечатени со црвено. Владиката Јован служеше литургија и почна да ги кажува зборовите „Господи, Кој во Третиот час...“ Јас стојам отстрана, држејќи ја книгата, и ги изговарам истите зборови. Почнав тивко да ги изговарам: „Господи, иже пресвјатаго Твоего Духа...“ Владиката ме погледна и ми даде знак со раката да молчам. Јас сè уште бев гласен. Тој повторно се заврте кон мене и ми даде знак да молчам. И третиот пат тој застана, се заврте кон мене и ставајќи ги на носот своите прсти, ми даде знам да молчам. Престанав. Ова беше за време на Евхаристијата. По службата, откако му помогнавме да ги соблече одеждите, ме тргна настрана, ја стави раката на моето рамо и ми рече: „Знаел ли зошто ти реков да молчиш?“ Му реков дека не знам. „Затоа што тие зборови се таинствени, и архиерејот е одговорен за тоа таинство. Само тој е единствен кој може да ја изврши таа тајна. Ти не смееш ниту да се осмелиш да ги повториш тие зборови. Тие се толку свети. Зашто Светиот Дух слегува долу за време на овие зборови, и единствен кој може да го повика Светиот Дух е главниот свештенослужител. Она кое можеш да го кажеш е „Тебе поем, Тебе благословим, Тебе благодарим, Господи, и молимтисја, Боже наш. И ништо друго.“ Сето тоа беше кажано од него со љубов, татковска. Со љубов ми објасни зошто ме замолчи. И оттогаш тој рече: „Свештенослужителите се одговорни за таинствата. Еден архиереј,

или свештеникот кој чиноначалствува на литургијата, е одговорен за таинството.“

Не знам како денес би реагирал владиката Јован кога ќе види како служат некои архиереи. Владиката ќе излезе на амвонот и ќе рече: „Горе да ги имаме срцата. Да Му благодариме на Господа.“ Друг: „Победната песна...“ И трет: „Примете, јадете...“ Тој не би се солгасил со тоа. Ова е модерна иновација.

Кога имавме испити во руското училиште по предметот Закон Божји, владиката Јован секогаш доаѓаше. Првото прашање кое ќе го поставеше беше: „Како веруваш?“, и требаше да почнеш: „Верувам во единиот Бог, Отец...“, без грешка. Требаше да го кажеш совршено (целосно). Доколку се сопнеше, оценката ќе ти беше пониска. Потоа второто прашање што го поставуваше беше: „Кој е твојот заштитник? Кажи ми за него.“ Владиката сакаше да се увери дека сите знаат за животот на нивниот заштитник, дури и доколку тоа беа само две реченици. Тој нагласуваше колку беше важно да имаш заштитник и да знаеш за него, зошто е важно да се исповедаш, причестуваш.... како и дека твојот именден е поважен од твојот роденден, зашто го носиш името на светителот и неговиот благослов и треба да имаш врска со него. Треба да знаеш за него и да го следиш неговиот пример.

Кога владиката се упокои, неколку прислужници, меѓу кои и јас, ги извадивме своите крстови и ги ставивме во неговите раце. Неговите раце беа многу меки. Не беа тврди како на упокоен човек. Владиката Нектариј беше многу добар со нас. Тој го тргна воздухот од лицето на владиката за да го видиме. Лицето му беше бело, а исто такво му беше и кога го отворивме ковчегот во 1993 год., но тоа бело беше од мувла. Потоа кога го миеја телото, стана темнокафеаво. Од погребното, пак, ни рекоа дека, всушност, мувлата го јаде телото, и така, се распаѓа, но во овој случај не се распадна. Можеше да се види дека неговото уво беше цело, очите, цела брада... Забележавме на носот една црна дамка за која мислевме дека е од распаѓање (гнилост), но откако го измивме, се виде дека тоа беше од воздухот кој го допираше носот, па така мувлата не се зголеми на тој дел.

За време на бдението за канонизацијата на владиката Јован, службата за него, со стихирите, сè уште не беше готова. Владиката Антониј ја пишуваше на машина. Додека пеевме „Блажен муж“, некој се качи горе кај нас и ни даде една копија. Набрзина направивме копии, и им реков на хористите: „Ја знаете мелодијата 'Всју отложивше'?“, и сите рекоа „да“. Тогаш им реков: „Тоа ќе пееме“ И така, ги пеевме стихирите, а каконот сè уште не беше готов, па владиката Антониј стоеше на певницата кажуваше свои зборови (ги составуваше во тој момент).

Владиката Антониј ја живееше службата. Тој го дишеше типикот и беше возбуден за тоа, па ги погоди сите со својата возбуденост.

Се сеќавам кога владиката ќе ни дозволеше да имаме вечеринка во „Св. Тихон", долу во куќата. Бевме многу деца, околу педесет до шеесет деца, и ќе пуштевме рокенрол музика и потоа ќе слушневме крцкање (чкрипење) на скалите, како некој да слегува по нив, и знаеме дека владиката Јован доаѓа, па ќе ја сменевме плочата со друга музика за танцување. Тој ќе се прошеташе помеѓу нас, ќе нè погледнеше и се насмевнуваше. Владиката знаеше што се случуваше, и потоа ќе заминеше, и ние повторно ќе ја пуштевме плочата со рок-музика. Две минути подоцна, пак, намерно ќе дојдеше назад, и ние пак ќе ја сменевме музиката. Тој се шегуваше со нас.

За време на испитите по Закон Божји, ќе заспиеше на столот, и еднаш си реков дека можам да зборувам што сакам. Едно време, како што спиеше, видов почна да го исправува својот посок, го стави на масата, ме погледна и го пушти да падне кон мене. Нема така лесно да се извадиш од ова. Тоа беше за време на испитите.

Ќе ти кажам уште нешто: беше во 1963 или во 1964 год. и имаше судски случај. Тогаш сè уште бевме во старата катедрална црква, и владиката имаше двајца архиереи кои особено го поддржуваа. Владиката Нектариј беше еден од нив. Тогаш во Синодот некои архиереи го поддржуваа владиката Јован, а некои од нив беа против него. Значи, тоа беше за време на проблемите кои се појавија околу градењето на оваа катедрална црква. Владиката Серафим од Венецуела беше против него. Очигледно не го знаеше сиот проблем и веруваше како ќе му кажеа. Како е да е, архиепископот Виталиј, кој беше во Канада, и Серафим Каракаски дојдоа во Сан Франциско за да учествуваат во судскиот процес против св. Јован. Тие двајца, исто така, беа против него. Од страната на владиката Јован беа владиката Нектариј, владиката Сава и владиката Леонтиј. Се случи сите овие пет владици, да се состанат со владиката Јован во Сан Франциско на именденот на владиката. Судскиот процес почна еден или два дена по неговиот именден. Сите шестмина служеа божествена литургија во стариот соборен храм. Местото беше преполно со луѓе и свештенослужители. Значи, сите овие владици служеа заедно и се причестија од ист путир, а следниот ден во судот, беа на спротивната страна, против владиката Јован. Тие владици дојдоа да го судат владиката Јован.

Сега да ти кажам што се случи на именденот на владиката, кога сите овие владици служеа. На литургијата бев прислужник на владиката Сава. Според св. Јован, прислужниците мораа да имаат место за време на ручеците по литургијата. Владиката ја повика главната сестра тета Тања (Татјана Владимирона) и ѝ рече: „Подели ја храната на владиците", а

на владиците им рече: „Веднаш ќе се вратам.“ И тој отиде горе, каде што бевме ние прислужниците, и ручаше со нас. Од тој ден, па натаму, секоја црква имаше маса за прислужниците.

За време на службата, додека владиката стоеше надвор, пред да влезеше во олтарот по малиот вход, ќе видеше дечиња седнати околу катедрата каде што тој стоеше. Свештеникот ќе им речеше: „Тргнете се.“, а владиката ќе му кажеше: „Остави ги.“ Ова е приближно она кое можам да ти го кажам за владиката. Сигурен сум дека има уште, но ова се поважните случки.

Се сеќавам кога седевме до доцна во „Св. Тихон“, тој не го смени времето на часовникот, живееше според вистинското време. Ако часовникот беше наместен еден час напред, тој во единаесет ќе престанеше да јаде и да пие. Тој одеше по правото време. Не го смени часовникот во неговата соба. Ние седевме во кујната во „Св. Тихон“ и јадевме, а тој го гледаше часовникот. Владиката сакаше јогурт. Седеше во кујната, јадеше јогурт и го гледаше часовникот, и кога втората стрелка ќе дојдеше на единаесет, односно, по новото време, дванаесет, јогуртот го тргаше настрана и ќе рече: „Помолимсја.“

Знаеш, еднаш владиката стори нешто со мене, и не знам зошто. Кога бев млад, еден ден бев во „Св. Тихон“. Марисана беше најдобра пријателка со мајка ми, а тоа беше уште една причина за мене да одам често во „Св. Тихон“. Еднаш, Марисана дојде кај мене со парче путер и ми рече: „Владиката сака да го истриеш подот во олтарот со овој путер.“ И јас го направив тоа. Не знаев зошто. Не прашував. Бев со колената на подот и ги видов стапалата на владиката Јован, како влегува во олтарот и ме гледа како работам. Се заврте на другата страна и излезе. Не знам зошто. Можеби го испитуваше моето послушание.

Кога владиката не служеше во „Св. Тихон“, знаеш каде стоеше? Не стоеше во олтарот, туку на скалите што водат на вториот кат, а од таму се гледаат олтарот и певницата. Знаеш, има едни кои одат од визбата до вториот кат веднаш до неговата ќелија, а другите се кај певницата. Буквално стоеше над певницата и така, од таму можеше да гледа сè што се случува во олтарот и на певницата.

Владиката секогаш носеше сандали, и така беше погребан, во сандали. Владиката никогаш не носеше панталони. Имаше кратки и врз нив како пижама - краток стихар, долга кошула. Кога ги осветуваше даровите, ќе удреше на сите четири страни кога ги прекрстуваше даровите. Толку беше толку силно што се слушаше „бум, бум, бум, бум“, и ќе паднеше на колена. Тоа беше неговиот начин на осветување на даровите.

МНОГУ СУМ МУ БЛАГОДАРНА НА ВЛАДИКАТА

Сеќавања на Тамара Бордикова

Тамара Бордикова беше едно од дечињата кои живееја во детскиот дом „Св. Тихон Задонски“ во Шангај и подоцна во Сан Франциско. Тамара Бордикова е родена на 8. мај, 1930 година.

- Мојата мајка беше премажена, и имам полубрат, Николај. Мојот татко беше бизнисмен и често патуваше. За време на Војната, тој беше на патување кога беше фатен од Јапонците и убиен. Не се сеќавам на мојот татко. Никогаш не го познавав. За него знам само од она што мојата мајка ми го има кажувано. Таа ми кажа дека татко ми бил бизнисмен и дека во Русија живееле прекрасен живот. Потоа, кога комунистите почнале да владеат, го затвориле во затвор, од каде што тој избегал, но го фатиле и го убиле.

Многу сум благодарна што владиката нè зеде во домот зашто таму добив образование, сè преку домот. Желба на владиката беше сите деца од домот да имаат образование, и тој ги испраќаше сите на училиште: девојките во училиште за женски, и машките во училиште за машки. Еднаш, кога се преселувавме од местото каде што беше детскиот дом, во тоа конкретно училиште каде што се образовавме, бевме заедно машки и женски.

Додека живеев со мајка ми, не се сеќавам да сме оделе во црква. Се сеќавам кога првпат отидовме в црква: беше една мал храм, на рана литургија. Стоев во храмот, хорот пееше, ги слушав молитвите и навистина ми се допаѓаше зашто тогаш не знаев ниту една молитва. Тоа беше мојот прв пат во црква. Ги слушав зборовите на молитвите и ги засакав. Подоцна, бев шест години кога дојдов во дом, а кога бев осум години, почнав да пеам во хорот. Ме зедоа во хорот, и бев многу среќна. Мојот постар брат имаше многу убав глас, па и тој пееше во хорот. Владиката го сакаше неговиот глас и особено на Пасха му даваше да чита и да пее.

Владиката живееше во црковниот дом каде што имаше голема соба – приемна и друга соба со кревет, но тој никогаш не спиеше на него. Се молеше на колена, така заспиваше и ќе се разбудеше. Се тушираше секој ден, и кога ќе дојдеше во црква, го гледаш како водата тече од неговата коса – влажна коса.

Прво нешто што правеше владиката во својот живот беше молитва во црквата. Доколку не служеше, стоеше во храмот. Во едниот дел на клиросот беше хорот, доколку не пееше големиот хор, на другиот стоеше тој. Тој секогаш беше во црквата.

Владиката беше љубезен. На крајот од учебната година имавме испити, и доколку не положеше Закон Божји, не можеше ништо друго да полагаш и ќе останеше во истата година. Една работа која тој ја сакаше е секое едно дете да ја знае „Вјерујy“[17], и сите кои беа во домот ја знаеја и „Оче наш.“ Буквално сите. За време на летото, одевме во црква речиси секој ден. Детскиот дом беше еден блок оддалечен од црквата.

Владиката постојано доаѓаше во домот, особено кога спиевме. Воспитувачката, која се грижеше за нас, сакаше многу да чита и остануваше будна до 12 на полноќ. Владиката доаѓаше околу тоа време, и заедно со воспитувачката одеа од соба во соба, а тој нè благословуваше. Тогаш бевме распоредени по групи. Една група со помали деца беа во една соба, тинејџерите, во друга.

Додека растев во домот си реков: „Никогаш нема да имам деца. Никогаш.“ Имаше и мали деца кои постојано плачеа. Одиш да спиеш, и тие плачат ли плачат, и покрај тоа што имавме дадилки, па си реков дека никогаш не сакам да имам деца. Денес имам четири деца.

Ирина: *„Мамо, се сеќаваш кога ни раскажуваше дека владиката бил чудотворец за тебе, кога ти се појави проблем со слепото црево.“*

Тамара: *Да, тоа што го преживеав беше чудо. Тоа беше во времето кога живеев во домот. Се чувствував многу лошо и имав висока температура. Лежев во кревет три дена. Поради високата температура ми даваа апчиња и сл., но состојбата не се подобруваше. Се јавија кај докторот, и тој им рече: „Донесете ја во болница“ – и ме однесоа во болницата. Кога ме прегледаа, докторот рече дека ако не ме донесеа во болница, ќе умрев. Слепото црево ми пукнало, па почнало сето место да се воспалува. Речиси паднав во кома. Тоа беше период околу Божик, и си велев дека сите се радуваат и слават, а јас сум во болница. Постарите девојки од домот доаѓаа и остануваа со мене додека лежев во болница поради моите болки од слепото црево. Тоа пукнало, и постојано имав температура, а кога ми требаше вода или нешто друго, тие ми помагаа. Една доаѓаше преку ден, а друга навечер, и така се менуваа. Бев многу слаба, и ме однесоа во друга болница, француска болница – таму бев речиси една година зашто требаше да добијам одредена килажа.*

Еден ден, лежев во креветот, и владиката дојде и се молеше на колена. Речиси заспав и кога се разбудив, тој сè уште беше во собата.

17 Симболот на Верата.

Владиката поминуваше многу време во црквата, а по литургијата одеше по болници. Секогаш ги посетуваше руските болни во болниците. Во Шангај имаше неколку болници, и тој одеше од една во друга. Потоа, исто така, ги посетуваше затворениците. Некои од нив беа православни, некои хулигани, а владиката ќе отидеше таму и ги посетуваше. Кога беше Божик, им носеше подароци, а на Пасха, кулич. Секогаш мислеше на луѓето на кои им беше нешто потребно. Владиката беше несебичен. Беше необичен. Владиката ми го даде животот.

Мојот син Миша беше крстен во чест на световното име на владиката. Пред да се замонаши владиката, го носел името Михаил. Се сеќавам кога бев во болницата, дојде да ме посети. Беше со некој кој го носеше низ разни болници, и му реков: „Владико, ако имам син, сакам да му дадам име како тебе." Тој беше многу радосен и се насмевнуваше. Подоцна кога се роди мојот син Миша, владиката го крсти овде, во нашата куќа.

Ирина: *Во старата катедрална црква одев во руско училиште. Еден ден, по завршувањето на часовите, речиси сите родители си ги зедоа своите деца, а мојот татко доцнеше. Се сеќавам стоев на скалите, а владиката дојде кај мене и ме праша: „Дали знаеш што значи твоето име?" Му реков „Не, но моето име е Ирина." И тој ми рече: „Мир." Тој настан ми остана во глава до денес. Имам некои детали на кои се сеќавам. Ние бевме четири деца. Имавме една соба за нас, трите сестри, и еднаш сите слеговме долу. Имавме сипаници сите три и заспавме долу, во дневната. И се сеќавам владиката дојде во нашата куќа, нè благослови, а јас се преправав дека спијам. Тоа беше навечер. Владиката често доаѓаше кај нас. Или кога одевме во црква за некој празник, или вечерта на бдение, пред празникот, ќе отидевме кај него – тој ќе нè благословеше. Мислам дека тоа беше посебен благослов, како и начинот на кој нè благослови. Голем благослов – од горе до долу.*

Тамара: *Владиката беше апсолутно неверојатна личност. Не знам дали постои некаде личност како него. Тој веќе беше жив светител додека живееше. Чинеше сè добро за сите, и знаеш, понекогаш луѓето ќе му дадеа пари и мислиш ли дека тој ги задржуваше тие пари за себе? По црква, по литургијата... надвор пред црквата секогаш имаше сиромашни луѓе кои стоеја и просеа. Пред да одиш во црква, ги гледаш таму – шест, седум или повеќе. Стоеја и чекаа од другите да им помогнат. Некои луѓе ќе му дадеа пари на владиката за да се моли за некои и сл., а тој ќе ги земеше парите и ќе ги дадеше на сите кои беа надвор и просеа. Ќе им дадеше по малку на сите.*

Тој беше жив светител – Ирина додаде.

Тамара: *Тој беше светител уште додека беше жив. Јас и уште две девојчиња од домот прислужувавме во олтарот кога владиката служеше. Има правило со кое се дозволува девојчиња да можат да прислужуваат до свои 14 години. Во школото Лига – руских женшин, нè учеа како точно се облекува архиереј. Тогаш, ние трите бевме во среден подготвителен клас. Не бевме многу мали, но и не бевме многу големи. Тогаш имавме осум години. Зоја, Гаља и јас бевме три девојчиња од домот кои учевме во исти клас и прислужувавме. Го облекувавме владиката. Тој беше строг кога стануваше збор за богослужбите. Пред да дојдеше, сè требаше да биде подготвено. Ќе го пречекавме надвор, како секој архиереј, и кога ќе застанеше на катедрата, го облекувавме. Ние девојчињата не носевме стихари, туку бевме во униформа која ја носевме во детскиот дом – син костум со бела боја.*

Во домот, наутро за појадок имавме парче леб и чај, а за ручек, леб и супа. Човекот кој ни готвеше, Миша, беше Кинез, но зборуваше руски. Тој многу ме сакаше и секогаш кога правеше супа со џигер, ќе ми дадеше мене поради проблемите кои ги имав со слепото црево. Секогаш ќе тргнеше настрана парче џигер, а јас ќе седнев на задните скали од кујната и јадев, а потоа заминував. Секогаш ѝ благодарам на мајка ми за тоа што ме донесе во дом. Сè што знам, образование... сè е од детскиот дом. Се сеќавам еден ден беше утро, ние веќе станавме од спиење, и многумина во домот ги видов растрчани на сите страни, па се прашував што се случува. Човекот, кој утрото дојде на работа, пред вратата на домот најде бебе. Не знам кој го зеде бебето – некој од домот го зеде, и бебето остана со нас. Во тоа време, во домот имаше околу шеесет-седумдесет деца.

Ирина: *Кога одев во руското училиште, на испитите доаѓаше владиката за предметот „Закон Божји“, на усниот дел. Сите велеа дека иако додека владиката беше таму, изгледаше дека спие, не спиеше. Така што, гледај да ги знаеш напамет: Симболот на верата, Оче нас, Царју Небесни, Богородице Дево и житието на својот заштитник. Ќе извлечеш билет и одиш напред, и тоа беше точно она кое прво те прашуваа. Се сеќавам еднаш додека одговарав, дали застанав или заборавив нешто, владиката ги отвори очите, но положив. Каде и да имаше руско училиште, секогаш кога беа испитите, владиката доаѓаше. Низ секое училиште мораше да има „Закон Божји“. И доколку не положиш „Закон Божји“, не можеше да ја поминеш годината, така што сите деца многу добро го учеа и го знаеја Симболот на верата.*

Тамара: *Кога имав осум години, многу го сакав хорот. И така, ми дозволија да пеам. Диригентот на хорот беше монахиња, и беше строга.*

Јас не учев ниту една молитва од книга и сл., зашто стоев во црквата, повторував и така научував. Пред да дојдам во домот, никогаш не бев во црква, и воспитувачката ни велеше: „Слушајте, слушајте сè што се пее и чита и трудете се да следите." И го сторив тоа. Молитвите ги научив од слушање на службите. Никогаш не зедов книга да ги учам. Кога сите ќе почнеа да го пеат Симболот на Верата или Оче наш, и јас го чинев тоа. Кога имав седум години, веќе ги знаев. Подоцна немаше потреба повторно да ги учам.

Мојот сопруг беше еден од љубимците прислужници на владиката. Тој не живееше во домот. Живееше еден блок од црквата и кога имаше бдение во сабота навечер или литургија во недела, тој беше секогаш таму. Владиката навистина многу го љубеше и сакаше тој да биде свештеник, пред да ме сретне. Владиката ме израсна од мојата шестгодишна возраст, па сè додека се омажив, и тоа, за личност која беше миленик прислужник негов. Никогаш не помислив, ниту, пак, ми поднало на памет дека еден ден Георги ќе биде мој сопруг.

Кога бев поголема, одев на раната литургија, а останував и на доцната на која служеше владиката Јован и пеев во главниот хор. Ние, кои бевме во хорот, останувавме до крај на служба, и потоа сите си одеа дома. Јас и уште две девојчиња од домот, кога имавме пари, ќе отидевме да купиме кинески лепјошки.

Ирина: *Владиката никогаш не си дозволи себеси световни, телесни задоволства. Ништо што би го одбило од духовниот свет. Тој комплетно се оддаде себеси на Бога, како слуга – вистински слуга. Кога се упокои, имав дванаесет години. Друга работа на која се сеќавам е недалеку одовде, на 21. улица, имаше една семејство, Пикулени, кои беа многу блиски со владиката Јован. Тој постојано одеше во нивната куќа: на празници и на разни прослави. Како и да е, имаше две девојки: Катја и Маргарита. Поентата од ова кое го зборувам е дека иако владиката беше многу строг за одредени работи, како во црква, за службите и сл., тој беше многу љубезен (добар) и секогаш достижен (пристапен). Од она што се сеќавам, доколку некој купеше автомобил и сл., бараше од владиката да го благослови автомобилот. И така, како што реков, тој беше многу достапен. Не беше како да имаше во себе некојаси стигма, та да не можеш да му се приближиш (да дојдеш до него). Тој беше многу добар и љубезен. Сите го сакаа, а тој ќе го ислушаше секој што ќе отидеше кај него да разговара. Владиката навистина секогаш беше тука за кој било. И мислам, назад во тоа време, свештениците.... имаше некое чувство за нив што*

би можела јас да кажам. Не знам со каков друг збор да ги опишам, освен да кажам – беа свети. Тие беа друг вид свештеници. Барем тоа е моето чувство од она како ги паметам. Тие имаа чиста љубов. Кога владиката беше жив, се чувствуваше едно такво чувство што немаше страв. Имаше само љубов, ништо друго.

Тамара: *На именденот на владиката, во Шангај, сите деца од руските училишта доаѓавме в црква, така што храмот беше полн со деца. Ние децата од домот напишавме песна и му ја пеевме на владиката. Сега точно не се сеќавам на зборовите, но доколку ја прашаш Зоја, таа сигурно знае. Исто така, и Вера, која живее во Австралија, веројатно ги знае зборовите. Кога ќе ѝ се јавам, ќе ја прашам.*

Владиката секогаш беше топол и многу предан. Кога ќе те видеше, ќе ти се насмевнеше...

НАШИОТ МОЈСЕЈ – ВЛАДИКАТА ЈОВАН

Сеќавања на Михаил Вен

Михаил е син на отец Илија, свештеникот кој се упокои на 110 години. Роден во 1986 год., отец Илија ја прими православната вера на своја седумгодишна возраст во Пекинг. Од 1905 до 1916 год., учеше во Руското православно мисионерско училиште во овој град. Подоцна учеше Богословија во Пекинг, од 1916 до 1925 година. Беше ракоположен во ѓаконски чин во 1924 год., а следната година го прими свештеничкиот чин. Тој беше еден од основачите на Шангајско-конеското православно здружение. Во 1946 год. беше назначен за старешина на Катедралниот храм на Мајката Божја, „Радост на сите нажалени", во Шангај, каде што беше под јурисдикција на св. Јован. Подоцна, во 1949 год., поради доаѓањето на комунистите и нивната власт во овој град, принуден е за замине, како и голем број на Руси, и доаѓа во Сан Франциско. Во 1981 год. беше произведен во протопрезвитер и до крајот на својот земен живот остана да служи во Катедралниот храм во Сан Франциско. Отец Илија има пет синови и една ќерка, четиринаесет внуци и шест правнуци.

Мојот татко беше роден во 1896 година. Завршн Богословија во Пекинг каде што владиката Симон беше ректор. По завршувањето Богословија, мојот татко имаше желба да работи во поштата, а владиката Симон му рече: „Завршн Богословија, би требало да бидеш свештеник." И така, мојот татко стана ѓакон и беше испратен во Шангај. Подоцна замина во Пекинг и таму беше ракоположен во свештенички чин, па пак се врати назад во Шангај. Владиката дојде во Шангај во 1933 или во 1932 година, точно не паметам сега. Јас бев роден во 1935 год. и во тоа време го градеа катедралниот храм во Шангај. Имав пет години, не знаев ниту еден збор на руски, и станав прислужник на владиката Јован. Подоцна, мојот татко предаваше кинески јазик во Руската гимназија. Јас учев во ова училиште зашто мојот татко предаваше таму, а мојот постар брат учеше во кинеско училиште, додека другиот постар брат учеше во Француското училиште. Кога почна војната, јас и брат ми отидовме во Хонгконг. Таму имаше потреба од отворање храм, зашто немаше, па владиката го испрати мојот татко. Во 1948 година, комунистите почнаа да се приближуваат кон Шангај, а владиката го назначи мојот татко да биде свештеник во Хонгконг.

Додека бев мал, во Шангај, блиску до катедралниот храм се наоѓаше архиерејскиот дом. Владиката живееше на вториот кат, а мојот татко

и јас, на третиот. Кога беше Кинеска нова година, ништо во Шангај не работеше. Се враќав дома, а владиката ја отвори вратата и ми рече: „Што ќе правиш денес?" Му одговорив: „Ништо". Тој ми рече: „Сакаш да дојдеш со мене во Црвен крст?" „Да, Владико!", му одговорив. Надвор врнеше снег, и јас го следев владиката – чап, чап, чап – до болницата. Едно од децата од детскиот дом беше избегало и спиејќи надвор, се разболело, па го однеле во болница. Со владиката отидовме таму за да го причестиме. Ова беше за секојдневниот живот на владиката и за личните нешта кои ги видов и доживеав.

Друго нешто: владиката носеше само сандали, без чорапи. И зиме и лете тој беше само во сандали. Секое утро во пет часот, без оглед на тоа дали надвор врне снег, тој се капеше со ладна вода (ладен туш). Во тоа време немаше топла вода како што имаме денес. Требаше специјално да загрееш за да се тушираш. Јас бев над неговиот кат, и наутро во пет се слушаше течењето на водата. Се слушаше. Значи, секој ден туширање со ладна вода, без оглед на тоа дали надвор врне снег.

Тој го востанови (организира) детскиот дом „Св. Тихон". Еден од одговорните (надлежните) се викаше Владимир, а Валентин Симеонов беше другиот. Кога комунистите наближуваа кон Шангај, во 1950 – 1951 год., Интернационалната канцеларија доби задача да ги превезе (транспортира) Русите, кои беа регистрирани, во Самар на Филипините. Таму останаа околу две години. Луѓето живееја во шатори. Владиката беше назначен на архиерејска должност во Франција. Пред да замине, дојде во Хонгконг и пред да отиде во Франција, замина во Вашингтон во САД за да бара од одговорнтие луѓе да дадат дозвола за емигрантите од Тубабао да дојдат овде во САД. Мислам дека еден од оние со кој зборуваше беше генерал-маршал, кој беше одговорен во тој дел. Значи, ова го зборувам од она што го имам чуено, односно ми го имаат кажано. Јас не бев таму.

Владиката се обидуваше да го забрза процесот околу издавањето дозволи за емигрантите да дојдат овде. Кога владиката отиде таму и го побара генерал-маршалот, му рекоа дека тој не е таму. Владиката рече: „Добро, ќе чекам надвор." Тој беше таму цел ден и цела ноќ, на скалите. Следниот ден го примија владиката да зборува. По ова, луѓето од Тубабао почнаа да доаѓаат. Владиката отиде во Франција каде што управуваше со таа епархија. Сега не се сеќавам дали беше во Франција или во Германија, имаше женски манастир каде што владиката отиде да ги посети сестрите. Една од сестрите требаше да биде оперирана, и по операцијата, докторот излезе и ѝ рече на игуманијата: „Би требало да го контролираш твоите монахињи подобро." Таа зачудено го праша: „Што сакате да кажете со ова?" Докторот ѝ одговори: „Додека ја извршував операцијата, тој дојде, благословуваше сè." Игуманијата го праша кој

точно бил. На ѕидот имаше фотографија од владиката, и кога докторот ја здогледа, извика покажувајќи со рацете: „Тој, таму! Чудо е!“

Од Хонгконг, дојдов овде. Често прислужував со владиката. Секој ден служби. Обично литургијата траеше четири часа, понекогаш и пет. Повеќето од оние кои прислужуваа беа децата од домот. Кога службата ќе завршеше, сите прислужници одеа во ќелијата на владиката. Тој имаше работна маса на која едниот дел ѝ се отвораше, па ќе ја отвореше и ќе извадеше просфори. Прислужниците беа на возраст од околу осум, девет и десет години, и нормално огладнуваа брзо. Службата почнуваше во девет и триесет наутро и завршуваше околу еден или еден и триесет напладне. Владиката ќе извадеше просфори и им даваше на децата да јадат.

Во Руското училиште во Шангај, во 1948 – 1949 год., отец Атанасиј, кој беше монах, предаваше Закон Божји. Тој доби виза за да дојде во САД. Тоа училиште беше основано од него. Кога отец Атанасиј немаше учител да го замени, владиката Јован доаѓаше и нè учеше Закон Божји. Кога некој беше немирен или зборуваше, владиката ќе го потупнеше со својата патерица. Се ближеше и времето за испити. Тој предаваше, но исто така, и нè испрашуваше. Значи сите ние, не во училиште, туку ќе отидевме во неговата ќелија. Бевме петмина. Додека бевме внатре, некој ќе му се јавеше, зашто во исто време беше архиепископ кој управуваше со епархија, па веднаш ќе излезеше, и ние седевме внатре и го чекавме да се врати. Имаше една жена Олга, не се сеќавам на нејзиното презиме, која живееше од спротивната страна на катедралниот храм. Таа готвеше за владиката секој ден и му носеше храна. Всушност, владиката јадеше еднаш во денот.

Кога дојдов овде, во Сан Франциско, одвреме-навреме прислужував со владиката во стариот катедрален храм. По Симболот на Верата, сите ние стоевме на своите места, не се поместувавме. Во Хонгконг, владиката му рече на татко ми дека би требало да се запишам Богословија. Работев во Интернационалната служба за заштита во Хонгконг. Имаше уште Руси кои не успеаја да се преселат. Од Шангај доаѓаа во Хонгконг, па оттаму заминуваа во САД, Бразил, Австралија. Јас бев преведувач. Во 1953 – 1954 год., претседателот Труман потпиша декрет со кој две илјади азиланти требаше да дојдат во САД. Тоа се случи со мене пред да дојдам во САД. Прво требаше да имам спонзор за да добијам виза. Владиката ни помогна со тоа што манастирот во Џорданвил гарантираше за мене.

Така, јас и мојот брат дојдовме во САД, додека татко ми остана да служи во црквата во Хонконг и потоа, во 1957 год. дојде овде. Владиката го назначи да биде свештеник овде. Прво богослужеше во старата катедрална црква, на улицата Фултон.

ВЛАДИКАТА БЕШЕ НАШ ТАТКО

Сеќавања на Тамара Захарик

Тамара Захарих е навистина интересна личност. Можеби има повеќе од една година откако гледав едно видео во кое таа во романска црква ги споделуваше своите спомени за владиката. Ми остави силен впечаток. Немав можност да ја запознаам кога одев во Сан Франциско зашто живее во Сан Хозе.

Оваа година решив да дадам сè од себе за да дојдам во контакт со неа и да украдам трошки од нејзините спомени. Се договоривме да се најдеме во домот „Св. Тихон", и по литургијата, планиравме да разговараме. На таа неделна литурија, литургисуваше преосвештениот епископ на Сиетл, Теодосиј. Литургиите во „Св. Тихон" ги доживувам посебно. Друга е атмосферата. Друг е духот на убавината. Навистина литургијата е една, и овде нема што повеќе да се говори, но во секој храм духот е поинаков. Слава на Бога и за тоа!

Дојде и Тамара. Осумдесетгодишна жена, насмеана, позитивна. Во неа се гледаше љубов. Не знам зошто го сторив тоа, но додека се поклонуваше и ги целиваше светите икони, го следев секое нејзино движење. Така чувствував во себе и така чинев. Ѝ пристапив и ѝ се претставив. Се договоривме да зборуваме по литургијата.

По Божествената света литургија, Тамара, нејзиниот сопруг и јас отидовме во ќелијата на владиката која се наоѓаше на десет чекори од храмот. Пред да почнеме да разговараме, само што влеговме во ќелијата, Тамара извика: „Владико, да земеме благослов од владиката. О, владико, благослови!" Гледаше кон големиот портрет на владиката, чиниш во тело тој е овде, а нејзините очи беа вперени кон него. Рацете свои ги поклопи една врз друга како за подготовка да земе благослов и ги испружи кон десната рака на владиката. Од овој настан бев многу трогнат... тешко се опишува. Оние, кои го љубат владиката, ќе го разберат ова кое го зборувам. Морници ми поминаа низ телото. Во тој момент помислив во себе: „Еве го резултатот од неговите деца од домот. Владиката им беше татко и мајка; учител, духовен отец, владика, нивен заштитник пред Бога и во овој свет..."

Имаше само еден стол и фотељата на владиката, па им реков дека ќе седнам на подот за да им ги отстапам местата. Тамара ми рече: „И јас ќе седнам наземи." Седна така што беше свртена кон портретот на владиката, кој беше долг колку што беше висок тој.

Така, седнати на подот во ќелијата на владиката, зборувавме долго. Солзите на нејзиното остарено лице не можеа да се скријат, а емоциите само

растеа. Дотогаш немав сретнато личност како Тамара која зборуваше како тој со тело да беше таму. Во нејзините осумдесет години наликуваше на едно невино мало детенце кое се радува – не знам како поинаку да ја објаснам.

Да, владиката навистина беше со нас. Со телесните очи не го видовме, но неговото присуство се чувствуваше...

Живеев во домот „Св. Тихон". Имав мајка Русинка, Софија, и татко Монголец. За време на Револуцијата, многумина бегаа зашто комунистите уништуваа сè и убиваа. Јас бев родена во Харбин. Тогаш само Кина им ги отвори вратите на Русите кои бегаа од комунистите. Моите родители се разболеа. Мајка ми беше ментално болна од сите тие притисоци. Доби мозочен удар и... уште го имам писмото од владиката. Мојата баба му напиша: „Владико Јоване, Ве молам, примете ги моите внуки Лидија и Тамара зашто мојата ќерка се помрдна од умот." Одговорот во писмото на владиката беше: „Примени се". И оттогаш живеевме таму седумнаесет години. Јас бев десет месеци, а мојата сестра Лидија беше постара. Имаше околу две години. Буквално пораснав со владиката.

Во Шангај, сите одевме во црква на литургија. Стоевме за време на службите и ако можеше, ќе се скриеше и ќе седнеше. Најубав дел од литургијата ми беше кога владиката проповедаше и во проповедта кажуваше за животот на светителот кој се празнува тој ден. Тој така убаво раскажуваше за светителите, а јас уживав да го слушам. Дури и заборавав дека сум гладна. О, сето тоа беше толку прекрасно! Го сакав тоа и нема да го заборавам.

Машките имаа повеќе среќа. Кога некој имаше именден, прислужуваа во олтарот со владиката. За нас девојчињата беше поинаку. Кога го празнувавме својот именден, одевме горе кај владиката во ќелија. Не можеше да влезеш додека не ја кажеш молитвата, а тој не каже: „Амин." Откако ќе влезевме кај него, ќе извадеше од џебот парички колку што имаше и ќе ни ги дадеше. Никогаш немавме пари, и тоа за нас беше задоволство. Или, пак, доколку немаше парички, тогаш ќе бараше низ полиците и ќе ни дадеше домашен џем. Понекогаш луѓето му даваа, но тој даваше на другите. Тоа за нас беше гозба зашто такво нешто немавме во домот. Домот беше сиромашен, зашто имаше многу деца, па така, владиката нè гоштаваше кај него во ќелијата.

Додека седевме кај него, ќе засвонеше телефонот, и додека зборуваше, ќе заспиеше зашто тој не спиеше и беше уморен и одговараше со затворени очи, а ние бевме тивки за да не го разбудиме. Ако некој имаше проблеми со семејството, личен проблем, а особено болните, секогаш помагаше и ќе отидеше да ги види и да се моли.

Еднаш, кога спиев навечер, мислев дека некој дух доаѓаше кај нас во собата, па се плашевме. Така, една вечер се преправав дека спијам и видов како владиката влегува кај нас и нѐ благословува. Од катедралната црква каде што живееше, ќе дојдеше во домот навечер за да нѐ види. Подоцна дознав дека владиката сакал само да нѐ поздрави, да праша како сме, дали сме болни, ако требаше, да се моли за нас. Во седум, најдоцна до осум часот навечер, светлата во собите беа изгасени, а владиката доаѓаше подоцна. Тој не живееше во домот, но доаѓаше често да нѐ посети. Некои од вработените таму му се лутеа зашто домот немаше средства, а тој носеше уште деца. Наутро, за појадок имавме чај и леб. Еднаш веќе и тоа привршуваше, па владиката отиде горе, а од долу се слушаше „бум". Веројатно се молеше цела ноќ, а утрото некој силно затропа на вратата од домот. Дојде еден Англичанец и ни донесе храна, жита. Бевме толку среќни што ќе јадеме. Вработените во домот му говореа: „Владико, Ве молиме, не носете повеќе деца од улица." Еднаш владиката виде две деца на улица и ги праша: „Имате мајка и татко?" Тие му одговорија: „Не, немаме." И тој ги праша: „Гладни сте?" Тие: „Да, гладни сме." И Владиката им рече: „Сакате да дојдете со мене?" И тие му одговорија „Да." И тој им даде покрив над глава, им даде љубов, и тие останаа во домот. Ги крстија и останаа да живеат во домот. Подоцна завршија училиште и станаа самостојни луѓе.

Владиката беше наш татко, татко на сите деца во домот. Децата го сакаа многу. Бевме многумина. Еднаш, едни луѓе сакаа да ме посвојат мене, а не Лидија, но владиката не дозволи зашто не сакаше да нѐ раздели со мојата сестра. Фала Му на Бога, тој нѐ научи како да ги љубиме Бога и луѓето. Владиката ни пренесе многу, нѐ научи... Ох, Господи, колку ми негостига владиката!

О, да, се случи еден настан со две братчиња во домот кога нивната мајка сакаше да ги земе назад. Комунистите почнаа да доаѓаат во Шангај, а Сталин пратил бродови за да се вратат Русите назад. Им ветуваше дека ќе имаат убав живот во Русија, им кажуваа на младите дека имаат убав спорт и дека тие ќе учествуваат таму. Знаеш, им кажуваа сѐ за да се вратат назад. И многу деца се вратија назад. Некои деца од домот отидоа во Австралија. Мајката на тие две братчиња, Борис и Алекс, дојде во домот и кажа дека сака да ги земе децата назад во Русија. Но владиката дозна за ова и отиде каде што беа бродовите. Се качи на еден брод, ги најде децата Борис и Александар и рече: „Вие сте мои." Мајка им еднаш ги остави, а сега сакаше да ги земе назад. Владиката ги фати за рака и ги врати назад. До денес Борис и Александар велат: „Ти благодариме, владико, што нѐ врати назад." Инаку каков живот би имале со нивната мајка во Русија.

Подоцна, кога почна да доаѓа комунизмот во Шангај, Кина сакаше да ги исчисти сите нации кои не беа од таму, и велеа: „Кина е на Кинезите". И сите ние моравме да се пакуваме и да заминиме. Јас ја зедов иконата која мојата баба ми ја даде и она што можев и заминавме во Тубабао. Таму живеевме во шатори, имаше змии... За оброци требаше да чекаш во редица. Имаше голем глад. Беше тешко. Пет илјади Руси беа таму. Првата работа која владиката ја организираше таму беше црквата. Тој доаѓаше да нè посети таму. Се сеќавам колку само беа убави службите кога тој богослужеше.

Кога дојдов во Сан Франциско, имав седумнаесет години. Постарите деца ги учеа на некој занает или на училиште за да се осамостојат и да заработуваат сами за да преживеат. Јас најдов една работа во библиотека и веднаш отидов кај владиката и му реков: „Владико, владико, најдов работа во библиотека". А тој ми рече: „Хм, во библиотека?" „Да, да, сакам книги." А тој ми одговори: „Правливо е таму." Всушност, јас имав алергија од такви работи и подоцна, кога пораснав, сфатив зошто владиката не ми дозволи да работам во библиотеката. Правта им штети на белите дробови. И најдов друга работа.

За Божик, во „Св. Тихон" имавме претстава „Како се раѓа Христос", а публиката гледаше. Подоцна добивавме подароци.

Мојата сестра Лидија зеде масло од кандилото крај моштите на владиката за да го намачка детето на една нејзина пријателка кое умираше. Имаше надеж за него. Лидија отиде кај него, му се помоли на владиката, го намачка, и детето оздраве. Ова беше овде, во Сан Франциско, по канонизацијата на владиката. Подоцна кога ќе ѝ спомневме на Лидија за ова, таа ќе речеше: „Не јас, владиката го направи тоа." Еднаш кога сакав да фотографирам во неговата ќелија – фотоапаратот не сакаше да работи. Се обидов неколкупати и ѝ реков на Лидија да се обиде, а таа ми рече: „Зеде благослов од владиката?" Јас ѝ реков: „Не", па веднаш му реков: „Владико, може да фотографирам?" И потоа апаратот работеше. Откако побарав дозвола од него, сè проработи.

Се сеќавам на владиката како служеше, неговата насмевка, и кога благословуваше, како неговите раце беа меки. На неговата соба, во која гореше кандило, и на ќелијата во која беше тивко. Неговиот кревет секогаш беше чист и недопрен. Сиот беше покриен со писма и листови. Владиката долго се молеше во вечерните часови и утрото ќе го најдевме приклонет кон иконите и заспан на колена.

Имав ќерка Тања која имаше тумор и се упокои. Ја сонував заедно со владиката, и беше среќна.

ЗА ДРУГ ТАТКО ЈАС НЕ ЗНАМ

Сеќавања на Николај Масенков

Во 1988 година, на бината на главниот олимписки стадион во Сеул (Кореја) се појави да пее руски пејач. Гласот на Николај Масенков беше слушнат од светски спортски ѕвезди и на многу телевизиски преноси низ целиот свет. Заедно со својот ансамбл, Масенков бил поканет да ја претстави руската култура. Во 2007 год., Николај беше награден со ловоров венец на Првиот интернационален руски фестивал на песни во Москва. Згора на тоа, неговиот животен пат го одвел од Русија во Шангај, каде што живеел и пораснал во детскиот дом „Свети Тихон Задонски", и потоа во Сан Франциско. Во далечната 1940 год., кога голем број Руси емигрираа во Кина, Бог го зеде во Свои раце малиот Николај, како и многмина такви како него, со тоа што им го прати Неговиот слуга и нивен духовен отец, свети Јован Шангајски и Санфрациски чудотворец.

Николај Иванович ги чува своите спомени од човекот кој му даде можност да чекори од „Шангајските улици до бината на Олимпискиот стадион". Во куќата на Николај, во салонот, има пијано, а на него стои фотографија од свети Јован Шангајски и Санфрациски и книга, напишана од протојереј Петар Перекрестов. Во неговиот домашен иконостас, исто така, стои икона од свети Јован, веднаш до иконата на Богородица и до нашиот Исус Христос. Секое утро Николај Иванович доаѓа овде за да добие благослов од овој светител, наоѓајќи утеха дека „владиката е секогаш овде".

„Николај Иванович, како дојдовте во домот „Свети Тихон Задонски" во Шангај?"

Моите родители, Марија Масенкова и Иван Романов, емигрирале од Русија во Тјанцзин (Кина) во почетокот на 40-тите. Татко ми го изгубив многу рано, а мојата мајка, обична руска жена, без образование, беше оставена сама со три деца. Во Тјанцзин имаше поплава, па се преселивме во Шангај. Мојата мајка немаше сила да ме чува. Немаше каде да живееме. Се сеќавам како спиев на бетон под отворено небо. И така, мојот прв брат Борис, сестра ми Тамара и јас завршивме во домот. Тогаш имав две години. Домот беше преполн и немаше место, и мајка ми долго му пишуваше на владиката да нè земе во домот. Кога мајка ми нè донесе во домот, не можеа да ме одделат од неа, но на крајот, малку по малку, се навикнав. Еднаш избегав од домот и ја најдов мајка ми на улица, зашто таа немаше каде да живее. Со тоа што владиката ме зеде во домот, навистина ме спаси од живеење низ Шангајските улици.

„Кои се Вашите рани детски сеќавања од свети Јован?“

Прво нешто кое ми доаѓа на ум е Катедралната црква во Шангај: раната неделна литургија, две редици деца – девојчињата од лево, а машките од десно, трите олтари во црквата, а владиката стоеше од десната страна кај малиот олтар. Во едната рака тој ја држеше својата архиерејска патерица, а во другата, книга. Тој момент беше торжествен, вдахновен. Црквата и домот беа нашиот цел свет. Службите, молитвите, постите – сето тоа беше природно за нас. И ние чувствувавме дека владиката беше глава на сето ова.

„Беше ли владиката строг?“

Тој бараше да има дисциплина и ред во црквата. Никогаш не зборуваше за време на служба. Доколку некој се однесуваше лошо, можеше да добие малку ќотек, но од воспитувачите, не од владиката. Еднаш, бев повикан за да ме тепаат, но им беше жал за мене и ме оставија. Мислам дека владиката се заложи за мене и ме остави ја.

„Николај Иванович, Вие прислужувавте со владиката во олтар. Што чувствувавте во тие моменти?“

Јас бев многу мал кога владиката ме одбра за да прислужувам. За мене тоа беше благослов и голема радост. Чувствував блискост кон тоа таинство кое се случуваше во олтарот. Владиката служеше торжествено, со благодат. Секој негов возглас и молитва беа вдахновени, и се сеќавам на внатрешното чувство на духовна радост. Одеднаш се случи нешто со мене: често мене ми се паѓаше да го облекувам владиката. Јас немав искуство со тоа и кога ги видов сите копчиња од одеждите, омофорот, станав нервозен и сè испомешав. Згора на тоа, за да ја направам работата уште посложена, бев низок и не можев да достигнам до рамењата на владиката. Во меѓувреме, службата беше во тек, и владиката не сакаше да зборува за време на служба. Најмногу што ќе направеше само ќе кимнеше со главата за да ти го даде своето внимание. Најпосле, некој од прислужниците дојде и ми помогна. Фала Му на Бога литургија беше за време на работен ден во неделата, па немаше многу луѓе и не го забележаа доцнењето на службата.

„Вие, исто така, пеевте во црковниот хор?“

Владиката ги проверуваше сите за да види кој може да пее во хорот и ме одбра и мене. Тоа беше најголем благослов за мене. Со пеењето во црковниот хор, во мене се појави љубов кон пеењето. Владиката имаше свои очекувања од нас. Тој не очекуваше толку многу од помалите деца, но јас и брат ми бевме во поголемата група каде што ги учевме црковните

песнопеенија и тропари. Пред служба, владиката се јавуваше во домот и проверуваше дали сите пејачи во хорот го знаат правилно гласот на тој ден или недела, како и тропарите на светителите.

„А какви беа проповедите на владиката? Вистина ли е дека било тешко да се разбере?“

Во неговите проповеди, секогаш опширно го толкуваше читањето на апостолот на тој ден. По службата, за време на ручекот, ќе дојдеше кај нас и ќе нѐ запрашаше: „Николај, ќе ни раскажеш ли за денешното читање од апостолот?“ Нѐ проверуваше. Сакаше сѐ да знаеме. Да, понекогаш беше тешко да се разбере владиката, но за мене, неговата нејасност не беше многу важна. Во крајна линија, човек може да разбере италијанска опера без да го знае јазикот. Неговото говорење... беше своевидна духовна музика, која човек може да ја разбере преку гласот, настроението и вибрациите. И тоа беше доволно за да ги разбереме смислата и значењето на сѐ – на православието, богослуженијата, црковните празници. Кога ги слушаш срцето и душата, го разбираш она кое е главно. Затоа проповедите на владиката беа толку силни, убедителни и не оставаа никакви сомненија кај нас децата – напротив, беа многу впечатливи за нас. Ова е голема реткост.

„Имаше ли владиката Јован особен пристап кога доаѓаше кај децата?“

Се сеќавам на неговото благо лице и на неговите очи полни со љубов. Владиката секогаш ни пристапуваше со насмевка, со хумор. Тој знаеше да му каже некому: „Денеска нема да одиш на игранка. Треба да одиш во црква.“ Но ова ќе го кажеше со насмевка, шегувајќи се, и на добронамерен начин. В црква беше строг и торжествен, а со децата беше сосема друга личност. И покрај тоа што владиката секогаш беше облечен во мантија и носеше клобук (пана-камилавка) и архиерејска патерица, тој беше поинаков. Со својот карактер, знаеше да нѐ плени, да ги освои нашите срца и да нѐ насмее. Ние уживавме во тоа. Ја чувствувавме неговата радост, и таа радост беше заразна. Односот на владиката кон нас беше како на родител со свое дете. Тој ни даде љубов, која нам, децата од домот, очајно ни недостигаше.

Децата, кои прислужуваа во олтарот, можеа да го посетуваат владиката во неговата ќелија. Прво, кога ќе влезеа во ќелијата, по службата, тој паѓаше на колена пред иконите и се молеше. Потоа, од својот џеб ќе извадеше некоја паричка или ќе земеше подарок и ни го даваше. Ние се чувствувавме збогатени со тоа што бевме покрај него. Секогаш околу владиката се чувствуваше радост и љубов.

„Вашите убавите моменти со владиката?“

Едно време, во тие тешки денови, кога немаше доволно храна, владиката секогаш се молеше на колена и ќе стореше сè што можеше за да бидат децата најадени. Нашиот појадок беше минимален: парче леб и чај. Подоцна добивме овес (вид жито) и рибино масло. Некои од децата растеа со слабо здравје. Јас бев таков. И еднаш се најдов во еден дом за деца со слабо здравје. Сите јадевме заедно во трпезаријата, седејќи на една голема маса која стоеше на средина. Долг период имавме кулич (вид руски благ леб). За време на ноќта, едно од децата кришум зеде еден кулич и го изеде целиот. Подоцна се откри дека една девојка го сторила тоа, но на почетокот ме наместија мене. Јас почнав да одрекувам, но една од воспитувачките ме однесе во бањата, ја пушти водата и ми рече: „Признај или ќе те удавам!“ Јас, секако, ја зедов вината на себе. Понатаму, владиката дојде, и воспитувачките му се жалеа од мене. Владиката ме погледна смирено, без да ме искара или да ми рече нешто. Тој знаеше дека тоа беше време на глад и не можеше да се обвинуваат децата, дури и доколку тајно изеле цел кулич. Владиката секогаш ги разбираше децата.

„Подоцна, Вие живеевте со владиката во Сан Франциско, во домот „Свети Тихон Задонски“. Како ќе го опишете овој период?“

По евакуацијата од Шангај, две години живеевме на филипинскиот остров Тубабао, и од таму, владиката зеде со него околу триесет деца во Сан Франциско. Јас имав единаесет години кога дојдов во Сан Франциско. Кога пораснав поголем, почнав да одам на балови. Еднаш, кога се вратив дома доцна, по полноќ, го видов владиката како се моли на колена во црквата во домот. Се почувствував непријатно и лазејќи, тивко почнав да се качувам нагоре од задните скали. Подоцна, тој секогаш доаѓаше во нашите соби и нè благословуваше.

Сликата која ми доаѓа пред очи кога ќе си спомнам на владиката е како тој седи на масата, работејќи на машината за пишување, или се моли на колена пред иконите. Не помина долго време, владиката замина за Европа, и потоа остана таму. Јас живеев во домот на 15. авенија сè до 1961 год. Обично, по завршувањето на училиште, децата го напуштаа домот, но мене ми дозволија да останам, зашто јас го водев хорот во таа црква.

„Вие имате постигнато многу во Вашиот живот. Имавте настап на сцената во „Карнеги хол“, на Универзитетот Станфорд, како и на главниот Олимписки стадион во Сеул. Ќе речете ли дека Вашиот успех се должи на архиепископ Јован?“

Благодарение на владиката, почнав да пеам во црковниот хор и оттогаш почнав да добивам чувство за музика. Еднаш, владиката дојде кај

нас горе во собата (во домот „Свети Тихон Задонски“) и нè праша што сакаме да бидеме кога ќе пораснеме. „Пејач“, му одговорив, а на ова, владиката се насмевна и ништо не рече. Кога почнав да учам музика, владиката веќе беше во Европа. За мојата дипломска работа на универзитетот, требаше да изведам соло-рецитал, нешто како мал концерт. Беше објавен во весник, и веројатно владиката го прочитал тоа. Ми напиша писмо во кое ми честиташе за мојот настап. До денес го чувам тоа писмо. Неодамна, го водев хорот во црквата „Свети Јован Крстител“ во Беркли. Таму има две жени кои пеат со хорот, Зоја Мигал и Шура Аненкова. Тие се штитеници од домот на владиката Јован. Ние се трудиме да го следиме она на кое тој нè научи – да не ја заборавиме црквата.

Владиката ја надмина земјата. Тој имаше таква длабока вера и љубов! Јас сум му благодарен не само за тоа колку добар стана мојот живот... Јас сум негов син. За друг татко јас не знам.



ВО НЕГО БЕШЕ БОЖЈАТА БЛАГОДАТ

Спомени на Петар Јонович и на Лидија Николаевна

Денес, три генерации од семејството Јонин се трудат и се грижат за домот и црквата „Свети Тихон Задонски“ во Сан Франциско. На најстарата генерација Јонин, Петар Јонович и Лидија Николаевна, оваа црква им служела и како нивен дом. Тие беа едни од сирачињата кои свети Јован ги донесе од Шангај во Сан Франциско и живееја во оваа куќа заедно со него. Петар Јонович и Лидија Николаевна се запознале кога имале петнаесет години, во домот каде што и обајцата живееле. Лидија Николаевна дошла во домот во Шангај како дете, заедно со нејзината сестра Тамара. Кога нејзините родители не можеле веќе да се грижат за нив поради нивната болест, татко им му напишал писмо на свети Јован, барајќи помош од него. Петар Иванович бил донесен во домот од неговиот татко, Јона Серафимович, кинески офицер за контраразузнавање, по потекло од кинеска православна фамилија. Јона Серафимович му бил целосно посветен на свети Јован и се грижел за неговата безбедност додека свети Јован служел како владика во катедралната црква во Шангај. Тоа било време кога животот на св. Јован бил во опасност поради тоа што одбил да соработува со советските власти. Јона Серафимович примил Грамота од Синодот на Руската задгранична црква.

Петар Јонович уште на прв поглед знаел дека Лидија Николаевна ќе биде негова сопруга. Двајцата заедно ги преживеале сите тешкотии, преместувања и сиромаштија кои им се случиле на штитениците од домот во Шангај, и во 1957 год. се венчаа во Сан Франциско. Нивниот дом во Сан Франциско е полн со спомени од нивниот духовен татко, свети Јован, и однатре произлегуваат љубов и благодарност за овој голем светител.

„Лидија Николаевна и Петар Јонович, кои се вашите најживи спомени од владиката?“

Лидија Николаевна: *Мислам дека владиката беше ангел, и беше несекојдневна личност. Ние трчавме наоколу, сакавме да јадеме, а тој не. Во домот во Шангај, девојчињата ги учеа како да готват, и јас ќе му го однесев јадењето на владиката. Кога ќе дојдев до неговата ќелија, тој седеше покрај неговата работна маса и одговараше на телефонски повици, додека, пак, момчињата лежеа на подот во неговата ќелија и си играа. Владиката ќе ме седнеше и ќе ми речеше: „Јади“, и јас не се противев, туку седнував наземи и го јадев неговиот ручек. Во меѓувреме, тој правеше чуда*

преку телефон. Се сеќавам, во тоа време некој рече дека едно момче имало менингитис, и владиката се молеше преку телефон, и момчето оздраве.

Моето второ сеќавање е мојот именден. Јас и мојата другарка (исто Лидија), отидовме во катедралната црква, и владиката ми прошепоти: „Остани", но јас не сакав да му досадувам, и по службата ,заминавме со мојата другарка да ја посетиме нејзината мајка која подготви нешто за нас. Така, следниот ден, владиката дојде во домот „Свети Тихон Задонски" за да ми го даде подарокот. Ете колку внимателен беше владиката кон нас децата. Тој никогаш не заборави на нас. И кога станавме полнолетни и возрасни, тој продолжи да се грижи за нас. А уште и се сеќавам како на празникот на светите Петар и Павле, доаѓаа од домот за да му честитаат именден на Петар.

Петар Јонович: *Во тоа време бевме многу деца. И беше многу бучно, но исто така, и забавно. Владиката ќе дојдеше, ќе седнеше, и сите ќе се смирea. Тогаш, тој ќе прашаше: „Зошто сите станавме тивки?" Потоа, седејќи, нè гледаше и тивко се насмевнуваше.*

„Беше ли строг владиката?"

Петар Јонович: *Само за работи во врска со црковните служби, но со нас децата често се шегуваше и се смееше...*

Лидија Николаевна: *Да, воопшто не беше строг, освен кога стануваше збор за црковната дисциплина. Инаку, тој секогаш беше насмеан, и можевме да почувствуваме дека тој многу нè љубеше. Јас никогаш не се сеќавам на него да бил лут на нас. Доколку слушнеме од некого „окау" на англиски, можеше да рече: „Сто ментании", но тоа го велеше на шега. Секако дека тој не стоеше таму и да брои сто метании.*

„Владиката не зборуваше англиски? Како успеа да го спроведе она за кое беше во Вашингтон?"

Лидија Николаевна: *Владиката Јован течно зборуваше француски, но англиски знаеше само неколку зборови. Владиката имаше свој познајник во Вашингтон, еден генерал кој му помагаше во тоа владата да им даде визи на руските емигранти да дојдат во Америка. Ние немавме пасоши, и според законите, требаше да чекаме до десет години. Владиката, дури и без да говори англиски, успеа да се избори да влеземе во Америка. Истиот генерал му рекол на владиката дека за време на Војната, тој издал наредба да се бомбардира Шангај, но пилотите го прелетале градот без да пуштат ниту една бомба. Откако генералот го запознал владиката,*

рекол: „Сега знам зошто пилотите не го бомбардираа градот. Таму живеел молитвеник.“

„На какви подробности се сеќавате од животот на владиката во Сан Франциско?“

Лидија Николаевна: *Се сеќавам на судењето. Нам ни беше многу жал што луѓето така се однесуваа и го третираа владиката... Општо кажано, владиката беше често третиран бедно, а тој сето тоа го издржуваше со насмевка. На сето тоа кое му го чинеа, тој ќе речеше дека сè се случува од лукавиот, и никогаш да не осудуваме никого и да не држиме зло и завист во себе. Луѓето, кои беа против него и кои го судеа, потоа тешко заболеа, а тој ги посетуваше во болниците. Истите тие бараа прошка од него и се каеја за тоа.*

Исто така, се сеќавам кога владиката причестуваше во старата катедрална црква во Сан Франциско, каде што стотици луѓе пристапуваа за да се причестат. Сето тоа траеше два до три часа. Јас доаѓав доцна до домот „Свети Тихон Задонски“, откако децата ќе си легнеа, и ќе зготвев нешто за да јаде владиката. Луѓето седеа по скалите, кој наземи, кој на клупи, чекајќи за да зборуваат со владиката. Тој се ослободуваше дури по дванаесет по полноќ. Јас ќе им речев: „Луѓе, вие денес трипати јадевте и трипати пиевте чај, а владиката сè уште не јадел. Доколку сега не јаде, воопшто ќе остане без јадење.“ И така, секоја вечер се собираа луѓе.

Владиката не спиеше на кревет, неговиот кревет беше полн со книги и писма. Тој задремуваше малку кога се молеше на колена на подот. Тој беше човек со кревко здравје. Ми пречи тоа кога луѓето зборуваат дека владиката бил болежлив и куц. Не! Тој имаше многу цврсти раце од правење метании и секогаш брзо одеше и трчаше. Како што ја достигаше својата возраст, нозете почнаа да му отекуваат, па така, му купивме кауч за да може да ги оптегне нозете. Но општо, тој беше здрав и силен. И (како што некои зборуваат) за неговата јуродивост, исто така, е невистина. Тој ќе ја измиеше својата коса и можеби немаше да ја исчешла, но дали тоа го прави јуродив? Тој понекогаш пелтечеше, особено кога беше изморен, но секогаш можев многу убаво да го разберам.

Петар Јонович: *Што се однесува до мене, јас понекогаш имав тешкотии да го разберам...*

Лидија Николаевна: *Често, владиката го праќаа на разни патувања, и кога заминуваше, ние плачевме. Често доцнеше и еднаш задоцни и го испушти авионот. Подоцна, дознавме дека тој авион се урнал.*

„Како се однесуваше владиката кон вашите деца?“

Лидија Николаевна: *Нашите деца често доаѓаа во ќелијата на владиката. Тој секогаш ги пречекуваше со насмевка. Тие не можеа правилно да изговорат „просфорка“, и велеа „фофовка“. Владиката веднаш ќе ги прашаше: „Не сакате да ви дадам фофовка?“*

„Се сеќавате ли на последните денови на владиката?“

Лидија Николаевна: *Се сеќавам, пред да замине за Сиетл, ми рече да дојдам во црквата во шест часот наутро. Дојдов со Марија Александровна Шахматова. Владиката почна да ја служи литургијата: одеше бос, кадеше, читаше, возгласуваше ектении... Потоа дојдоа две сестри, Олга и Елена Лукијанови, а во меѓувреме дојде уште некој, и тој ги облече своите сандали (пред нас одеше бос). Кога заврши службата, се збогуваше со сите и слезе долу. Надвор стоеше автомобил кој го чекаше, а владиката Нектариј требаше да го вози за Сиетл. Одеднаш, владиката брзо се врати назад во црквата и застана, гледајќи во иконите. Симна од ѕидот една од иконите, ја постави на аналој и излезе надвор. Пред да замине, нè благослови Марија Александровна и мене и ни упати навистина голема проштална насмевка! Откако замина, ја прашав Марија Александровна: „Зошто владиката ги стави тие икони таму?“ Една од иконите е на свети апостол Јуда, празник кој се празнува на денот кога владиката Јован се упокои. Другата беше икона на Мајката Божја, празникот на кој владиката беше погребан.*

„Присуствувавте ли на погребот на владиката?“

Лидија Николаевна: *Се сеќавам кога ги допрев покојните раце на владиката, и тие беа како живи. Неговото тело така и остана, негнило, и покрај тоа што беше топло од многуте свеќи кои гореа. Опелото траеше многу долго, а со мене беа моите три деца, и морав порано да заминам. Петар остана до крајот и ми донесе цвеќиња од ковчегот кои ги ставив до иконите. Веднаш до нив имав и други цвеќиња во вода. По една недела од погребот, кога дојде отец Владимир од Џорданвил за да отслужи панихида, забележав дека цвеќињата кои стоеја во вода веќе беа овенати, додека, пак, оние коишто Петар ми ги донесе беа како живи. За сето тоа време, имав неспокој во себе поради тоа што не можев да останам докрај на опелото за владиката. Кога ги видов тие цвеќиња какви беа по една недела од погребението, почувствував дека владиката не ми е лут поради тоа.*

Кога се упокои владиката, Америка поминуваше низ авионски бојкот (штрајк), и беше невозможно да се лета до Сан Франциско. Една жена од Њујорк навистина многу сакаше да дојде и да присуствува на погребот на владиката и по некое чудо успеа да се качи на авион и да долета. Од аеродромот, таа веднаш дојде во Катедралниот храм. Марија Александровна Шахматова, која ја познаваше, ја донесе до домот „Свети Тихон Задонски." Кога и двете дојдоа, виделе како гулабот Гуља гракал како луд и летал во ходникот нагоре и надолу пред ќелијата на владиката Јован. Тој чувствувал дека владиката веќе беше погребан[18].

Петар Јонович: *Колку што се сеќавам, сите кои го носеа ковчегот на владиката, беа момчиња од домот.*

„Која беше причината за создавање на фондот 'Владика Јован'?"

Лидија Николаевна: *Целта на фондот е да им се помогне на бедните. Фондот го основаа Георги Александрович Скарјатин и жена му, а владиката Јован ги благослови за тоа. Владиката рече дека оние, кои биле назначени за членови на оваа мисија, ќе бидат членови до нивната смрт. И така, ние веќе работиме со години. Сега Петар е претседател на овој фонд. Ние сме веќе стари и сакаме оваа работа да ја предадеме на помладите. Барања за помош доаѓаат од цел свет: тајфун на Филипините, црква изгорела, потребни се средства за операција и така натаму.*

„Раскажете ни повеќе за црквата 'Свети Тихон Задонски'."

Петар Јонович: *Тоа беше домашна црква за детскиот дом. Потоа, сите пораснаа, добија образование и излегоа од домот. Постепено, домот престана да функционира како таков.*

Лидија Николаевна: *Владиката навистина сакаше сите деца во домот да добијат образование. Кога ние пристигнавме во Сан Франциско, некои од жените, кои управуваа со домот, предложија девојчињата да работат како чистачки по куќи за да заработат пари, но владиката рече: „Моите девојчиња нема да го работат тоа." Најпосле, сите завршија школо и добија работа, додека, пак, многумина од момчињата отидоа во војска. Петар служеше во Германија.*

Петар Јонович: *Кога дојдовме во Америка, државата даваше парична помош за секое дете, околу шеесет долари месечно. Но по осумнаесет години, таа парична помош се укинуваше, и едноставно домот не можеше да нè издржува сите. И така сите ние момчињата, освен оние*

18 Види во текстот со Гуља, стр. 172.

кои беа болни, отидовме во војска, и тоа овозможи, домот да продолжи да го поддржува образованието на децата со помош на GI Bill (закон за обезбедување бенефиции за бивши војници). По смртта на Марија Александровна Шахматова, управител на домот стана Вера Сергеевна Кател. Кога таа и отец Митрофан се разболеа, јас и Петар го помагавме домот колку што можевме, но средствата за одржување не беа доволни. И, што понатаму? Според законот, тој дом ни припаѓаше нам, зашто владиката Јован плати за него пет илјади долари. Но на состанокот, сите ние едногласно решивме да го дадеме на епархијата за да се зачува, но со услов, црквата и ќелијата на владиката да останат наши. Тој, со својот живот, ни покажа со многу примери што е православната вера, како да живееме во црквата, како да љубиме, како да простуваме. Ние се трудиме. Му се молиме. И доколку за нешто му се обратам на владиката, тој веднаш ми помага. Јас намерно ја чувам неговата икона на малиот кабинет, и моите внуци секогаш ја гледаат. Во него беше Божјата благодат уште од почетокот. Тој сакал да се моли уште од своето детство. И луѓето секогаш го љубеа и сакаа да го следат неговиот животен пример.

НИКОЈ НИКОГАШ НЕ ЏМРЕЛ ОДЕЈЌИ ВО ЦРКВА

Сеќавања на Николај Лукијанов

Како владиката Петар, така и неговиот постар брат, Николај Лукијанов, бил удостоен да биде во близина на св. Јован и да црпи поученија од неговиот свет живот. Летото 2014., додека бев во Сан Франциско, се среќавав со живите сведоци на св. Јован. На 21 јули, 2014 год. Бог отвори пат да отидам во манастирот Св. Герман Аљаски во Платина, каде што е гробот на отец Серафим Роуз. Претходно, имав силно желание да отидам, но немав можност затоа што оддалеченоста од Сан Франциско е голема. Отец Петар, кој е свештеник во Катедралната црква посветена на Пресвета Богородица „Радост на сите нажалени", знаеше за мојата желба. Во неделата на 20. јули, свештенодејствуваше божествена литургија со еден свештеник од Русија, отец Андреј, кој беше дојден да се поклони на Светијовановите нетлени мошти. По литургијата, отец Петар се обрати кон народот и праша дали некој планира да оди во Платина или, пак, благоизволува да го однесе гостинот од Русија на еден ден за да го посети манастирот и да се поклони на гробот на отец Серафим. Кога го слушнав ова, му реков на отец Петар доколку не најдат некој, можеме да рентаме автомобил, и јас ќе го однесам. Истиот ден, попладнето, отец Петар ми кажа дека Николај Лукијанов ќе го однесе, и доколку сакам да одам со нив, да го прашам. Со нетрпение поитав во храмот, долу во салата каде што се наоѓаше Николај. Тогаш за првпат го запознав и го прашав дали може и јас да отидам со нив. Добив потврден одговор.

Утредента, пред да тргнеме, додека сè уште бев во соба, помислив дали тој го познавал св. Јован зашто отец Петар ми кажа дека тој му е брат на владиката Петар кој, пак, му беше ќелијник на св. Јован одредено време. Пред да тргнеме го прашав, на што тој ми рече: „О, да, многу добро го познавав св. Јован." Многу се израдував и му реков дека сакам да ми раскаже повеќе за своето искуство со владиката. Патем, и отец Андреј му го постави истото прашаше и додека патувавме во автомобилот, тој со часови ни раскажуваше за големиот чудотворец од нашите времиња, св. Јован.

Николај Лукијанов потекнува од семејство кое многу добро го познавало св. Јован уште од Шангај и потоа во Сан Франциско. По падот на Царска Русија и со завладувањето на комунизмот, неговите родители биле принудени да емигрираат во Шангај каде што била создадена бројна

колонија руски емигранти. Роден е во Шангај, а кога неговото семејство се преселило од таму во Сан Франциско, тој бил на возраст од 5 години, а кога св. Јован се упокои, Николај имал 26 години. Во Сан Франциско дошол со своето семејство на шестгодишна возраст. Тој и неговото семејство биле една од групите кои нѐ живееле на Тубабао, туку веднаш дошле во САД. Оние кои не можеле да дојдат, морале да се евакуираат на Тубабао.

Тоа 2014. лето Господово, по раната литургија, слеговме долу во салата каде што тој несебично одвои од своето време за да ги сподели своите спомени и сеќавања за владиката Јован со македонскиот народ. Разговаравме долго, и од неговата уста слушнав многу лични доживувања. Овие се дел од оние кои сметав дека треба да бидат објавени.

По смртта на свети Јован, секоја недела пристигнувале многу писма, адресирани за св. Јован, за да бидат ставени под неговиот кивот. Едно од нив било од еден осуденик во затвор од Аризона.

Пред десет години примивме писмо во црквата, адресирано за св. Јован. Всушност, секоја недела стигнуваа многу писма, дваесет до триесет – и така е дури и денес. Кога бев староста (претседател на црковниот одбор), доколку писмото беше адресирано до црквата, го отворав и го читав, а ако писмото беше адресирано до св. Јован, само го отворав затоа што понекогаш луѓето испраќаат пари или имиња за молебен или за проскомидија. Но доколку во нив имаше лист со писмо, никогаш не го читав, туку го ставав под кивотот со моштите. Знаеш, долу под кивотот има простор каде што луѓето оставаат записи и писма.

Едно писмо, кое пристигна, беше адресирано до владиката Јован, така што не го читав, но го задржав погледот затоа што адресата од каде што беше испратено беше од затвор од Аризона, со името на затвореникот и затворскиот број и ознака која означуваше дека тој затвореник наскоро ќе биде осуден на смрт. Сè беше во раце на судот. Понекогаш тој процес трае дваесет до триесет години, барем во Калифорнија, колку што знам. Подоцна го прашав својот син да го побара тој затвореник на интернет и да види што се случува. Тој човек бил осуден за многу страшно злосторство: едно во Лос Анџелес и друго во Аризона, при што наводно е прогласен виновен за измачување две деца, машко и женско. Не знам точни детали. И потоа кога следниот пат повторно гледавме на интернет, неговиот случај бил обновен затоа што се појавиле нови докази од сведоци дека тој бил на некое друго место кога се случило злосторството. Очигледно кога ќе се најде виновникот, многу луѓе се задоволни затоа што правдата е задоволена, но во овој случај се случи ова. Понатаму не знам.

„Тој е православен?“, го прашав.

Не, колку што знам, не е православен, но му напиша и му испрати писмо на св. Јован. Понатаму, кога се возевме со владиката во автомобилот, или го возевме, често му поставувавме различни прашања. Едно од нив, кое го прашувавме повеќепати, беше:

„Каква е иднината на Русија?" Значи, зборувам во времето 1955 – 1960, шеесет години наназад. До денес многу јасно ги паметам неговите зборови: „Доколку Русија се покае и се врати кон православните корени, ќе востане во поголема слава од што била."

Лично не сум го видел да седне и да чита весник или да гледа телевизија, но секогаш знаеше што се случува. Не велам дека не читал. Веројатно читал понекогаш, кога имал време, но јас го немав видено. Не се сеќавам да сум го видел надвор од црквата, освен да се моли, да посетува болни, на состаноци, или да биде со луѓе кои доаѓаа да го посетат. Овие се пет работи кои тој ги чинеше. Не се сеќавам да отишол на Russian River да одмори на неколку дена и сл.

„Кога зборувавме во автомобилот, рековте дека св. Јован се упокои на седумдесетгодишна возраст. Дотогаш, никогаш не сте го виделе да одмора и слично?"

Тоа е апсолутна вистина. Понекогаш сакам и јас да одморам, ќе се напијам една чашка вино, да се опуштам, гледам телевизија. Никогаш не го видов да прави едно од овие нешта. Кога секој ден би имал состаноци, приеми на луѓе, би бил екстремно изморен. Нешто малку да правам овде, се уморувам. Сето тоа за него беше човечка издржливост, за она што можеше да го прави, дури и не спиеше во кревет. Поинаку не знам како да кажам. Тоа е неприродно – да се откажеш од тоа, да се победиш себеси и да речеш: „Ќе го сторам тоа."

„Неколкупати слушнав од луѓе како зборуваат дека св. Јован, со тоа што не носел обувки, бил јуродив – но тоа не е вистина. Вашиот брат, епископот Петар, минатата година во Западна Вирџинија, во манастирот на Светиот Крст, го потврди истото. Прво, св. Јован никогаш не спиел на кревет и поради тоа му се појавиле проблеми на нозете, а не затоа што сакал да биде јуродив."

Апсолутно не. Тој како владика навистина го задржа својот чин високо. Тој го почитуваше тој чин и очекуваше и другите, исто така, да го почитуваат. Не се работеше за лично „јас", туку за архиерејскиот чин. Понекогаш луѓето не го разбираат тоа. Владиката беше долу на земјата, обичен, едноставен, и никогаш не прашуваше или бараше нешто посебно да јаде и сл. Нешто на кое се сеќавам дека побарал беше топол чај. Ова е нешто кое не можев да го разберам: ќе побараше голема чашка чај, и беше премногу топол. Но никогаш не рече: „Сакам ова или сакам она..." Никогаш.

„Вие прислужувавте во олтар со св. Јован често. По литургија, тој не зборувал веднаш, туку подоцна, по некое време. Може ли повеќе да ми кажете за ова?“

Тој беше како во пламен. Му требаше време да се смири, да се олади, ако може така да се изразам. Буквално да стивне. Тој беше толку многу во постојана молитва како... знаеш, како малите деца кои седат во некој агол и не гледаат никого наоколу, занесени во својата детинестост. Исто беше со владиката. Кога се молеше, беше неверојатно да го видиш, но по литургијата, особено на крајот, му требаше време да се „олади“ пред да го продолжи денот. Знаеш дека по литургијата не му приоѓаш и не го прашуваш ништо. Ние, кои прислужувавме, го знаевме тоа. Тоа беше неговиот начин на соземање. Понатаму, ќе се поклонеше и целиваше различни икони и по десет-петнаесет минути ќе го видиш како е, најдобро да се опише, „оладен“. Тој беше толку фокусиран и оддаден на литургијата што отпосле му требаше време да си дојде на себе.

„Целосно верувам во ова. Исто така, како прислужник во олтар, еднаш ми кажавте една интересна ситуација за време на ручеците по литургијата кога св. Јован не седнувал сѐ додека не направат место за вас.“

О, да, кога и да одевме на некој храмов празник во некој храм, ние како прислужници го придружувавме, како, на пример, во Сакраменто, Лос Анџелес – и каде и да одеше. Три-четворица од нас одевме со него, и вообичаено, на крајот на литургијата имаше прием на кој, секако, масите беа наместени, и владиката, пред да седнеше, ќе прашаше и ќе погледнеше кое место е за нас. Обично за нас немаше место, па тој ќе стоеше сѐ додека некој не го прашаше: „Зошто не седнете?“ Тогаш владиката ќе прашаше: „Каде ќе јадат моите прислужници?“ Тие ќе му одговореа: „Во кујна, во кујна.“ Тој ќе им речеше: „Тогаш, и јас ќе одам со нив во кујна.“ Ние уживавме во тоа и се правевме малку важни пред другите. Тогаш сите ќе се растрчаа и ќе направеа место и за нас.

„Владиката се грижел за сите. Исто така, дали знаете некоја посебна причина зошто св. Јован, кога проповедал, секогаш прислужниците стоеле околу него?“

За да го слушаат и да бидат внимателни. Инаку ќе зборуваат во олтар и нема да се фокусираат на проповедта. Исто така, и владиката беше човек. Тој ја разбираше нашата младост и ни дозволуваше да се забавуваме. Многупати во куќата „Св. Тихон“ каде што беше пријутот си правевме вечеринки. Дури владиката ни даваше негови пари за да купиме чипс и кока-кола. Тој знаеше дека имавме игранка, но сѐ додека беше петок, никако во саботи. Во сабота треба да бидеш во црква на бдение, или доколку во сабота беше некој празник, секако во петок бевме во црквата.

Но во обични петоци, знаеше дека долу имаше музика, а тој беше горе. Нормално, внимававме музиката да не биде гласна.

Владиката сакаше да зборува со луѓето, но никогаш не сакаше да слушне озборувања од еден против друг. Доколку некој дојдеше кај него и му кажеше што рекол против другиот и другиот против него, тогаш немаше да го сослуша – ќе ги сослушаше и обајцата во исто време. Затоа што му кажуваш што ти си сторил, а што другиот. Значи, никако озборување.

Неодамна му кажував на еден од моите добри пријатели, со кој ги правевме оние училници под соборот, за усипалницата. Усипалницата требаше да биде магацинска просторија. Знаеш каде се наоѓа, во најпоследното и најдолно место од храмот. Дури и личи на магацин. Јас требаше да срушам таму дел од ѕидот за да направам тунел од каде што ќе може да доаѓа воздух во таа просторија. Беше сабота, и јас работев, рушејќи го ѕидот за да влезе воздух долу, во таа просторија. Целиот бев валкан и правлив од рушењето на ѕидот, испотен и каков уште не. Значи, таму немаше светло – можеби донесовме една светилка за да се гледа додека работев. Владиката дојде долу и... можеш да замислиш во каква состојба бев: испотен, темно, задушливо, уморен – сето ова, и тој доаѓа. Значи, за да го разбереш владиката, мораш да се навикнеш зашто кога зборува, доколку не го следиш внимателно, не можеш сè да го разбереш. Владиката дојде долу и ми рече: „Работи добро, ова е моја соба!“ Прво, бев валкан, уморен, правлив и веројатно жеднеев за вода, и знаеш, владиката ми го кажува ова. Но тоа беше она кое го слушнав од него: „Работи добро, ова е моја соба!“. Тоа беше истата година кога владиката се упокои. По тоа дојдов дома и ѝ реков на сопругата: „Не знам што ми рече владиката, т. е. што сакаше да каже со тоа.“

Сан Франциско нема гробишта. Не може да се погребуваат луѓе во градот. Последните гробишта беа, знаеш, на Гери, надолу кога одиш кон центар. Денес таму има изградено мини трговски центар. Целиот тој дел беше гробишта наоколу. Се сеќавам кога ги вадеа останките на упокоените. Тогаш имав десет години. Тоа беше во 1950 год., приближно тој период. Тоа беа едни од последните гробишта во Сан Франциско од каде што ги вадеа останките. По ова, се градеа куќи и овие големи продавници. Целиот тој регион наоколу беше гробишта. По ова, веќе нема погребување во Сан Франциско.

Владиката се упокои в сабота, и в недела го донесовме овде. Во понеделникот и вторникот го сменивме државниот закон на Калифорнија и законот на градот. Значи, законот на државата и на градот – да се направи такво нешто за два дена беше незамисливо и невидено.

Едноставно, невозможно е, но успеавме да го направиме тоа. Така, телото на владиката беше во ковчег, а тој ковчег беше положен во тој „магацин“ во бетонска кутија (ложа или саркофаг). Она што го гледаш денес долу е бетонска кутија, а ковчегот беше положен во неа. Но чудото е што двата закона, државниот и градскиот, беа сменети во два дена... Сум работел на проекти, и за да ми ги одобрат, понекогаш требало две до три години. Завршив инженерство, и владиката ме стави да бидам дел од строителството на овој храм.

„Можете ли да ми раскажете за настанот пред да се упокои св. Јован?“

Беше петок вечер, 1. јули. Живееме на околу еден час возење со автомобил од градот. Тој петок, вечерта, владиката се јави на телефон, не знам точно во колку часот. Да речеме беше околу шест попладне. Требаше да одиме некаде и малку доцневме. Јас одговорив на телефон и прв зборував со владиката, околу две до три минути, и тој побара да зборува со мојата сопруга. Тој навистина многу ја љубеше мојата сопруга. Таа зборуваше со него, а јас продолжив да ѝ давам знаци дека треба да одиме: „Ајде, завршувај, мора да одиме, доцниме.“ Таа зборуваше со него околу шест, седум, може осум минути, не се сеќавам точно. Но убаво се сеќавам дека ѝ давав знаци оти доцниме и треба да одиме. Следниот ден, тој се упокои. Тоа беше период кога мојата сопруга имаше некои болни искушенија. Владиката секогаш се интересираше за луѓето.

О, да, друга работа која сакав да ти ја кажам е дека кога владиката Јован ќе дојдеше во Руското училиште, особено на испитите по предметот Закон Божји – катихизис – очекуваше секој да го знае житието на својот покровител. Ако јас сум Николај, требаше да го знам житието на св. Николај Мирликијски; или мојата сопруга Валентина – житието на својата покровителка. Не беше толку заинтересиран за испитот колку за тоа децата да го знаат житието на својот заштитник. За владиката беше важно да знаеш по кој светител си именуван и зошто тој е светител.

„Кога св. Јован се упокои, имавте дваесет и шест години. Дали тој ве венчаше?“

Тој го благослови нашиот брак, но не нè венчаше. Пред да се венчаме, бевме кај него во канцеларија, т. е. во неговата ќелија во „Св. Тихон“ каде што прво чекавме во ред до еден на полноќ од толку многу луѓе, па нè прими и разговаравме. Следниот ден мојата сопруга требаше да стане рано за на работа, па додека си дојдовме дома, стана многу доцна, но вредеше тоа што чекавме толку. Чекаш ли чекаш со часови и гледаш десет луѓе пред тебе, но кога еднаш ќе дојдеш на ред и ќе влезеш кај него, поинаку се чувствуваш. Владиката го крсти мојот најстар син, Петар. Познавам

и други кои тој ги има крстено, како Миша Бордиков, Борис Масенкоф, синот на мојот најстар брат. Овие се четворица за кои знам, а уверен сум дека има уште многу други кои ги крстил. Владиката секогаш се грижеше, особено за децата.

*За ова не сум сведок, но ми имаат кажано дека во Шангај, за време на бомбардирањето, владиката одел во црквата, а луѓето му велеле: „Владико, опасно е да одиш в црква, има бомбардирање." Владиката им одговарал: „**Никој никогаш не умрел одејќи во црква.**" Бомби ќе паѓаат, а тој ќе оди во црква. За него беше толку јасно и немаше прашање „Има ли Господ?", „Има ли светител?". Беше надвор од сето тоа. Дури и преку неговиот личен пример, сите ние знаевме, не само јас, дека тој беше светител. Немаше потреба да ти кажам дека ќе одиш да сретнеш светител додека сè уште е жив. Ќе дојдеш овде, ќе седиме овде, и владиката со нас. И знаеш дека овде си со светител – ете, така би ти рекол јас или некој друг доколку би се нашол во неговото присуство. Сите го знаеја тоа. Но, како што кажав претходно, имаше и луѓе кои беа против него. На последното собрание, кое го имавме за време на градењето на црквата, имавме доста проблеми. Денес, кога имаме годишно собрание, обично сме педесетина. Тогаш моравме да рентаме една сала, која е недалеку од црквата, или подоцна, ја рентавме салата во училиштето „Џорџ Вашингтон" каде што завршив средно. Имаше седумстотини до осумстотини луѓе кои дојдоа на тоа годишно собрание. Значи, тоа беше време кога се појавија проблемите со градбата на храмот, и луѓето се поделија на две групи. Тогаш сите броевме колкумина беа од наша страна, а колкумина беа од другата и беа против. Еден од нас ќе речеше: „Колкумина имаме? О, 350, а другите имаат 400. Значи, мораме да најдеме повеќе." Значи, имаше толку многу луѓе што моравме да го рентаме тој аудиториум. И последниот пат кога владиката дојде, беше толку многу вознемирен (растревожен) од сето тоа што се случуваше и што го чинеа луѓето, што рацете му се тресеа. Никогаш го немав видено во таква состојба. Тоа беше последно собрание кое го имавме. Во тој период, тој беше под голем притисок од овие проблеми, дури беше даден на суд. Но она што сакав да го кажав овде е дека сè повеќе и повеќе луѓе го поддржуваа до крајот на целиот спор. Имаше група која беше против него. Како што реков, ние дури броевме колку луѓе се од спротивната страна и колкумина се на наша страна. Значи, толку голем проблем се беше појавил.*

„Во една прилика спомнавте кога во Шангај било бомбардирањето..."

Значи, Шангај беше бомбардиран, но ниту една од тие бомби не падна врз него. Наоколу секаде беше бомбардирано, на пример, од

спротивната страна на катедралната црква. Владиката не страдуваше да оди од еден крај на друг, и покрај тоа што бомби паѓаа насекаде.

„Децата од сиропиталиштето 'Св. Тихон' често доаѓаа во вашиот дом?"

О, да, тогаш живеевме на два блока од црквата, а детскиот дом беше на 15 авенија на улицата Балбоа. Тие често доаѓаа, спиеја и јадеа кај нас, а и ние како деца одевме таму. Еднаш во месецот или на два месеца, владиката ќе дојдеше кај нас и ќе вечераше со моите родители.

Понатаму, кога некоја жена ќе дојдеше нашминкана во црква, владиката немаше да ѝ се развика, туку ќе ја поучеше со љубов. На пример, на Велики Петок, кога се изнесува плаштаницата, ќе застаневме од страна со салфетки и ги делевме на нашминканите пред да пристапат, или на Причест. Прво, со тоа, не покажуваат почит, и дел од карминот ќе им остане на лажицата со која причестуваат свештенослужителите. Понекогаш, тој ќе излезеше од олтарот за време на службата и ќе му се обратеше на хорот: „Пеете премногу оперски, тоа не е начинот на кој треба да се чини." Или, како што мојот брат научи од него: пред Евхаристија, кога ќе излезе на амвонот до дикири и трикири, и луѓето сè уште палат свеќи, зборуваат, и ќе им рече: „Сега не се палат свеќи, не треба да се движите низ храмот." Значи, ќе им објасни: „Сега е најважниот момент." Владиката сакаше дисциплина во храмот, особено за време на службите, но кога така ќе излезеше, немаше ништо лично против некого. На пример, гледаш пет или десет луѓе се движат низ храмот, и тој нема да рече: „Еј, ти!", туку сеопфатно (генерално) ќе проговори: „Ова не е време за да се чекори наоколу." Никогаш не беше лично кон некого. Кога го прекинуваше хорот, не беше поради тоа што не му се допаѓаше диригентот, туку поради тоа што начинот на кој пееја не беше правилен. Овие настани за кои зборувам беа во старата катедрална црква. Се сеќавам, луѓето малку ќе се зачудеа од тоа негово реагирање. Но друга работа беше тоа што владиката знаеше како треба да се служат службите – тој беше авторитет на службите. Сите знаеја дека тој беше експерт за ова, вклучувајќи ги и архиереите. Доколку владиката кажеше дека ова или тоа не е правилно, митрополитот знаеше дека тоа навистина не е правилно, или треба да се измени. Значи, уште еднаш, немаше никакво 'јас'. Во олтар никако не смееше да се зборува или да се шета од едно место на друго. Сето тоа беше со љубов. Многупати, по крајот на службата, ќе нè тапнеше (потчукне, допре) со својот посок и со љубов ќе ни укажеше на грешките кои сме ги сториле на службата: „Ти ова, ти она...", но знаеше дека не треба следниот пат така да правиш.

Секој, кој го познаваше владиката, има различни искуства. Од моја перспектива, го паметам од моите детски години, за време на мојот

растеж. Тој имаше почит дури и кон најмладите и се грижеше за луѓето. Затоа беше способен да стори и да придонесе многу, зашто направи многу за другите. Дали ќе ја посети твојата сопруга во болница, или ќе му постави прашање на твојот син за училиштето, ти како родител го гледаш и чувствуваш како тој се грижи за нив. На еден начин или на друг, тој им помогна на многу луѓе, а кога тој ќе побараше или прашаше нешто, луѓето беа подготвени да сторат сè за него. Можеш да претставиш: болници, црковни активности, детски дом, сè – тој се грижеше за сè. Доколку имаш добра причина во САД, на пример, да изградиш добротворен дом, или да почнеш некое богоугодно дело за луѓето од Македонија, кои живеат овде, и имаш шест, седум луѓе, коишто ќе ти помагаат во работата, тој ќе дојде со тебе, дали еднаш во месецот или колку што ќе биде потребно. Ќе седне заедно со тебе и ќе ти рече: „Што се случува? Како се одвива сè? Зошто ова не го промениш. Ајде да се помолиме за ова.“ Значи, тој се грижеше за тебе, и тоа те поттикнува и ти помага во нештото. Тој беше необичен. Еднаш кога ќе го запознаеш, знаеш дека е посебен.

ИСЦЕЛУВАЊЕ НА БОЛНО ДЕТЕ

Протоереј Јарослав Беликов, татко на излеченото дете Јарослав

Во септември, 1993 год., живеевме во Монтереј, Калифорнија. Докторот на нашиот двегодишен син му постави дијагноза: мембранозна нефропатија. Тоа е неправилна функција на бубрезите и како резултат на тоа, болниот умира од недостиг на исхрана на телото. Анализата на уринатa покажа значително истекување на протеините. Докторите рекоа дека тоа е екстремно редок случај: обично, оваа болест се појавува не порано од четиригодишна возраст. Фала Му на Бога, брзо донесоа правилна дијагноза, и терапијата почна веднаш.

Телото на детето сè уште не реагираше на терапијата. Показателите на протеинските истекувања се зголемуваа повеќе. Дозата му ја зголемија како за возрасен, а потоа и повеќе – но сè беше без резултат.

Кон крајот на септември, матушка Лариса слушна за отворањето на гробот на владиката Јован, како и за подготовката за неговата канонизација. Таа му се јави на архиепископ Антониј (Медведев), нашиот епархиски архиереј и духовен отец. Владиката ни даде заобиколен одговор. Од она што слушнавме подоцна, владиката се плашеше да не се соберат голем број верници на отворањето на моштите, што би можело да попречи на тој црковен обред.

Во меѓувреме, планираа да нè испратат на Медицинскиот факултет при Универзитетот Стенфорд, каде што има светски познат оддел за нефролошки испитувања. Знаците стануваа уште полоши и по неколку одења до Стенфорд, на матушката ѝ беше кажано дека нема надеж за ова дете да преживее и ги пратија дома. Колку за успокојување на совеста, беше препорачано да се продолжи текот на терапијата, со големи дози лекарства. Единствената надеж што остана беше Божјата помош и застапништвото на Неговите светии.

Матушката му се јавуваше на архиепископ Антониј неколкупати, но добиваше нејасни одговори. Потоа, во втората половина на октомври, 1993 год., дојдоа луѓе кои само ги потврдија гласовите за отворањето на моштите: архиепископот Лавр (подоцна митрополит на Руската задгранична црква), член на комисијата за подготовка за канонизацијата и прославувањето на светителот; јеромонахот Петер (Лукијанов, денес епископ Кливлендски); и други.

Во неделата, 10. октомври, мојата матушка дозна дека архиепископ Антониј, заедно со другите високи гости, вечерале кај отец Стефан Павленко, па таа собра смелост и му ѕвонеше. За време на разговорот, матушката му

објасни на владиката дека нејзиното прашање во врска со отворањето на моштите не беше напразно, туку навистина сакаше да го положи детето на моштите на светителот со надеж за здравјето на нашиот син. Повторно одговорот на владиката беше двосмислен, и во тој момент не забележавме никаков охрабрувачки тон. Но ние продолживме да се молиме за чудо.

Следниот ден, околу четири часот попладне, архиепископот Антониј ми се јави: „Донеси го детето веднаш." Возевме до Сан Франциско. Кога стигнавме, нè сместија во домот на ѓаконот Алексеј Котар (денес протоереј) и ни рекоа да чекаме – да чекаме долго.

Околу два часот наутро дојде отец Алексеј радосен и ни рече дека владиката бара да го донесеме нашиот син. Со трепет, влегов во усипалницата. Нè очекуваа. Атмосферата беше торжествена. Во нов дрвен ковчег лежеа моштите на владиката Јован! Протоѓаконот Николај Поршников провозгласи ектенија за здравје на младенецот, и владиката Антониј побара да се допре детето до нетлените раце на светителот. По ова, додека се пееше општиот светителски тропар, ковчегот беше спуштен во саркофагот, иако настанот со канонизацијата сè уште не беше одржан.

Во вторникот, 12. октомври, кога направивме дневна анализа на урината на детето, бевме изненадени – само Му заблагодаривме на Господа Бога и на неговиот угодник, гледајќи за прв пат индикатор за намалување на истекувањето на протеините.

Докторите препишаа намалување на дозата на лекови и за неколку недели, тие паднаа на нула. Докторите беа задоволни со резултатите од терапијата. Но ние знаевме дека се случи чудо по молитвите на Божјиот светител Јован.

Денес, нашиот син е здрав и во мај оваа година заврши универзитет. Слава на Бога за сè! Светителу оче Јоване, моли Го Бога за нас!



IV ДЕЛ

ОБРАЗОТ НА МОЈАТА ДУША

НАСТАНИ, СЛУЧУВАЊА, ПОМИСЛИ И ЧУВСТВА

ТУЃИНЕЦ ИЛИ ВЉУБЕНИК ВО МАНАСТИР

Доцна доба во една бигорска ќелија

Времето е река што тече неповратно во еден правец. Понекогаш е убаво од длабочината на таа река да извадиме некои спомени, повторно да се радуваме на нив, но и да пливаме кон иднината. Каде и да се закотвиме во животот, да не заборавиме да Му благодариме на Бога. Да ја запознаеме и стекнеме чистотата што Пречистиот ја создаде и да ја грабаме, зашто Он за нас ја создаде.

И денес ќе пишувам за нешто необично што го доживеав вечерва. Кога зборувам за необично, мислам на она кое го доживувам, восприемам со срцето. Понекогаш навистина е тешко да се опишат случувањата во срцето, во душата... Чувствата, како радоста и тагата, секој посебно ги доживува и ги искажува. Затоа тешко се опишуваат, ама лесно се забележуваат на лицето човеково. Како и да е, имаме зборови за да се пишува, па следствено, вечерва ќе пишувам.

Денеска имав необично чувство, необично зашто денеска, по долго време го видов својот духовен отец. Во моментите додека седев со него, додека тивко минутите се ситнеа покрај нас, ми дојде на ум настанот за лаикот кој го посетил св. Антониј. Имено, група луѓе стигнале кај св. Антониј Велики, и нормално, секој користел прилика за да го праша нешто овој голем светител. Св. Антониј забележал дека едниот од нив ништо не го прашал, па му рекол: „Сакаш нешто да прашаш?“ Овој му одговорил: „Доволно ми е што те гледам, оче!“ Овој лаик изодел долг пат, зошто? Само за да се нахранува од она што ќе го гледа и ќе го слуша св. Антониј. Така и јас се радував на неговото присуство. Вечерва не зборувавме многу со отецот, и тој ме праша: „Друго што ќе ми кажеш?“ Немав многу што да зборувам, ама затоа, пак, топлина на чувствата ме облева со радост. Тоа е онаа топлина која ја топли душата на чедата милувани од таткото.

Следното нешто што ме обзеде беше при средбата со четворицата црнорисци кои влегоа кај отецот за да земат благослов пред да се повлечат. Додека му пристапуваа, отецот им говореше: „Ве сакам!“ Само две мали зборчиња. Само две плус пет мали букви. А во нив океан од чувства. Зар има нешто помило од овие седум букви и овие два збора? Очигледно беше дека по звукот на тие зборови, беа изглаголани со чистата љубов на отецот.

Попладнево лукавиот малку си поигра со мене. Кога пристигнав во Бигорскиот манастир, не побрзав веднаш да го видам отецот, за да го чујам потоа гласот на еден од монасите: „Подоцна ќе те прими отецот.“ Се упатив кон својата ќелија, но веднаш почнаа да ме напаѓаат помислите дека овде

сум туѓинец. Зар да дозволам навистина така да размислувам? Всушност, да, туѓинец сум бидејќи самиот се заробив од своите помисли. Дозволив да прифатам сè што влегува во умот: чисто и нечисто. Имам многу работа на себе, морам да се борам против ваквата моќ на лукавиот. Но сепак, вистината ме потсетува дека откако заминав да студирам далеку од мојата земја, телесно се оддалечив од духовниот отец и од Бигорскиот манастир, но тоа не значи дека со тоа, згасна нашата духовна блискост. Ние луѓето сме толку многу чувствителни што поради едно туѓо изустување го рушиме мостот со ближните, дури и со духовниците. Ако е така, ние сме дозволиле оној лошиот да удри и да растури нечие чувство. А ние, пак, човечки обликувани, со маани и со доблести, во својата заслепеност го гледаме злото, па дури и го оправдуваме во нашите помисли говорејќи: „Да, така е, тој веќе не ни посветува внимание." Тогаш нè просветлува Тој, и ни кажува дека тоа е чиста заслепеност, ништо друго.

Пред пет години, при моето заминување на студии во САД, дојдов во манастирот за да се поздравам со духовниот отец. Иако беше прилично зафатен, најде време да ме прегрне и да ми рече: „Секогаш ќе те носам во срцето, и духовно ќе бидеме заедно." Ништо повеќе не ме водеше како ѕвезда низ темнината, како лек низ болеста. Времето ги покажа на дело духовниковите зборови. Далечината е далечина – да ја смените не можете – но она што го носиме во срцето, кај и да сме, чувството на блискост е со нас.

Вечерва целосно потонав во неговите зборови кажани пред години, а сè уште свежи. Во текот на нашата средба ја почувствував неговата љубов, го видов отечкото во него, она грижливото за своите чеда, за мене. Потребни ми беа пет години да ја сфатам длабочината на зборот на мојот духовен отец, но Му благодарам на Бога што вечерва ја разбрав во целост. Научив и нешто ново – за мене ново – што сакам да го споделам. Да не им робуваме на помислите и поради нив да не градиме став за она што е лажно, тажно, мрачно, мачно. Секундата и минутата не смеат да ни ја растргнат душата. Духовникот не нè примил веднаш, но не зашто не сме му блиски на душата. Да не роптаме во себе и да не се измачуваме зошто овој или оној постапил вака или така. Сè се случува со Божја промисла, и во тој правец треба да ги гледаме работите. За себе пишувам, ама со моето искуство сакам и на други да помогнам. И кога имаме прилика да бидеме во присуство на својот духовник, доволно е само да го гледаме, да го слушаме, да си речеме: „Доволно ми беше твоето присуство, оче!"

Оваа вечер, по речиси две години, го видов својот духовен отец. Не зборувавме многу, но имав можност да бидам со него, да го гледам неговото лице, да го чујам изустеното од него и да се насладувам. Имаше уште нешто: при земањето благослов за повлекување во ќелија, старецот изусти: „Те сакам, сонце мое!"

ОТЕЦ ПЕРО ОД БЛАТЕЦ

Не дека го заборавив, но некако, откако дојдов во САД, не падна муабет за отец Перо. А и друга интересна работа да се спомне е дека честопати во животот налетуваме на луѓе кои само еднаш или двапати ќе ги видиме, но засекогаш остануваат во нашето срце. Јас имам многу такви во животот. Што друго би нè споило ако не е Божјата љубов? На пример, пред некој ден, кога споделив фотографии на ФБ од мојот викенд на езерото Тахо, од сите тие луѓе, еден другар ми напиша коментар на една фотографија каде што стојам покрај езерото со маргарита во раката... иако не се ни познава дека е маргарита. И така, некако многумина почнаа да коментираат и да ја „лајкуваат" токму таа фотографија. Ако на целата објава имам четириесет допаѓања, на оваа имав околу шеесет. Не знам од каде им текна сите да се фатат токму за неа, но се случува. Како и да е, еден од коментарите беше од Илија од Велес. Него го запознав и го видов само еднаш, но веќе десет години се знаеме и не се забораваме. Тој, пак, вака искоментира:

– Не е важно каде одиш, ни каде се наоѓаш, ами важно е од лицето на човекот да извира спокој, без такви лица светов не го личи, а местата немаат смисла во својата убавина без човекот и со Мир Христов... :) Ти си еден од тие луѓе, брате.

Почувствував дека тоа го напиша од срце. Ова не го споделувам за да ја хранам гордоста, туку за неговата љубов кон мене. Јас му вратив вака:

– Само со милиот Христос, Илија мој. :)

– Како сакаш речи, сепак тоа е Христос. Се разбираме, – ми врати тој.

Јас како јас, морав пак да одговарам:

– Ми се чини јас и ти само еднаш се имаме видено, враќајќи се назад од манастир, а како цел живот да се знаеме.

– Истото чувство го имам – пак искоментира Илија – без зафрканција. Али не знам како ќе ме разбереш, но браќата во Христос си се препознаваат по тој премудар Божји и неопислив начин. Среќен сум поради тоа...

Повеќе од ова не можев, а да не се согласам. Патем, не рече „мудар", туку „премудар". Ете ја таа љубов за која почнав да раскажувам. Убаво рекле старите, едно видување, еден век. Кога си овде во САД, тој век е вистинит. Патем, да додадам уште нешто накратко. Подоцна Илија се ожени со Магдалена, сестра на Синиша, кој подоцна се замонаши во Бигорски, а сега е јеромонах. Нив двајца ги познавав уште одамна, а по неколку години, работите си дојдоа на свое место.

Мислев дека е потребно да го раскажам ова пред да почнам да пишувам за отец Перо зашто настаните се некако слични. Вака, ќе имате претстава за што ќе зборувам. Отец Перо е интересна личност, не само интересна, туку жива легенда. Тој е сега во своите осумдесетти години, а во него има толку живот и ентузијазам што едноставно ти вели: „Млад си уште да се жалиш од животот." Не го знам многу неговиот живот, но ќе го спомнам она што јас го знам, за што мислам дека е доволно за да се разбере поентата. Во неговата младост, се оженил за Германка и ја покрстува во православната вера. Оттогаш, таа го поминува својот живот со него како негова попадија во Блатец. Долги години, отец Перо предавал во Македонската православна богословија „Св. Климент Охридски", во Драчево. Всушност, таму го запознав. Мене лично не ми предаваше, зашто предаваше Омилитика и Пастирка, предмети што се изучуваат во IV и V година. Така, го запознав, а кога дозна дека сум од Кочани, му беше уште повеќе драго. Мислам дека беше информиран за моето минато и од каде доаѓам. Еднаш, се сеќавам, за патрониот празник на богословијата, на празникот Св. Климент Охридски, за време на духовната академија, која се одржува секоја година, тој беше во програмата при што требаше да им се обрати на присутните. Тие присутни беа Неговото Блаженство, македонскиот архиепископ Стефан со голем број архиереи од Синодот, почесните гости и ние, богословите. Отец Перо вака започна:

„Ваше Блаж'енство (така убаво го рече тоа на источен дијалект), ваши високи преосвештенства, почитувани гости, студенти и МОЈАТА МАЛЕНКОСТ."

Тоа му беше најдобро. Така просто и со гордост зборуваше дека е од Блатец. Сите почнаа благо да се смеат кога го рече тоа. Тогаш го погледнав архиепископот, и тој се насмеа. Како ваков човек го запознав отец Перо: едноставен, лесен, човек кому можеш во секое време да му пристапиш и да зборуваш со него, а тој ќе остави сè за да те ислуша и да ти посвети внимание.

Сето ова беше во далечната 2005 година. Тогаш јас бев, како што велат кај нас, детиште, уште мал, и само што се запишав средно. Вака отец Перо влезе во мојот живот, а очигледно, и јас во неговиот. Историјата не завршува овде, туку допрва започнува. Оттогаш поминаа мислам четиринаесет години, од нашето последно формално видување. Пред некој ден се случи следново:

Во Оризари живее Даниел, младич во свите доцни триесетти години. Јас го имам запознаено покрај баба ми. Живеат во исто село и се знаат, а тој дојде во Скопје на последната промоција на книгата „Реки Вавилонски". Сè до тој ден, не го знаев многу, освен што сме пријатели на ФБ, но не се допишував со него. Знаете како е на ФБ, имаш над илјада пријатели, а половина и повеќе не ги знаеш. Всушност, Даниел ме знаел повеќе отколку јас него.

И така, едно утро се будам, зашто девет часа е временската разлика меѓу Македонија и Калифорнија, и гледам порака од него на ФБ:

– Стојанчо, здраво. Најпрво, поздрав од мене и имаш поздрав од еден човек кој постојано прашува за тебе. Посака да ти пратам слика, а тебе сигурно ќе ти текне на професорот отец Перо. Сè најдобро.

Значи, како некои работи во животот се случуваат кога не очекуваме. Така и ова.

– Здр. Даниел, – му одговорив и продолжив: – Многу ме израдува. Најмалку очекував ти да ме поздравиш од отец Перо. Да, многу добро го познавам и се сеќавам. Како отворивте муабет за мене?

– Веќе не ни знам како е почнат муабетот. Тоа трае со години, од „Реки Вавилонски", од твоето заминување на школување во САД.

– И тој не ме заборавил. Ти беше на промоцијата?

– Да, бев, заедно со баба ти и брат ти.

– Ах, извини, сум заборавил. Ајде најди начин да го слушнам некако.

– Тој често прашува за луѓе, негови ученици, од мое опкружување.

– Ајде да се слушнеме на телефон и да ми кажеш повеќе како налетав на муабет баш со тебе.

– Нема проблем, Стојанчо. Инаку, еве, снимив видео со него каде што те поздравува.

И навистина, Даниел ми прати кратко неколкуминутно видео од отец Перо. Инаку од она што го дознав подоцна, Даниел вози автобус, и често отец Перо му е еден од патниците. Отец Перо застана напред во автобусот и вака зборуваше:

„Колега Стојанче, благослов, давам благослов и барам. Еве, преку заедничкиот пријател, кога ќе доаѓаш во Македонија, сакам да дојдеш да се видиме и да размениме и желби и искуство и сè. Еве, ќе се прекрстам и ќе речам: Господ со нас и со тебе и сегде. Ајде, поздрав сега."

Размислував, како од толку луѓе и по толку години, токму отец Перо не ме заборавил. Се почувствував осамено, зашто ова патешествие преку Атлантикот и два континента, ме оддалечи од многумина. Кога бев помал, чувствував одговорност да појдам кај секого, да се видам, да посветам внимание секому. Таа грижа никогаш не згасна во мене, но како што растев, низ годините, се уморував и навистина не можам сè да постигнам. На пример, кога одев во Македонија, повеќе се уморував отколку што одморав. Затоа, секое утро и вечер, по изговарањето на молитвите и метаниите, почнав да правам уште една метанија каде што велам: „И за сите оние кои побараа, да се молам за нив", и уште една ќе направам за „сите упокоени." Ако не можам сите да ги видам и да ги прегрнам, барем можам тоа да го сторам со своите молитви и да си ги чувам во своето срце. Бог ги познава нашите срца и Тој знае сè.

ТИ САМО БИДИ ДОБРО ДЕТЕ!

Спомени со отец Пантелејмон

Времето е река што тече неповратно во еден правец. Понекогаш е убаво од длабочината на таа река да извадиме некои спомени, повторно да се радуваме на нив, но и да пливаме кон иднината. Каде и да се закотвиме во животот, да не заборавиме да Му благодариме на Бога. Да ја запознаеме и стекнеме чистотата на она кое Чистиот ја создаде и да грабаме од неа зашто Он за нас ја создаде .

Возев од Њујорк за Мејн. Беше облачно и врнеше. Веќе со недели беше такво времето. Дождот не престана за сето време на моето патување. Пријатно беше. И тоа е дел од она што Бог го создаде. Стигнав во скитот во Мејн, каде што тихуваше отец Пантелејмон. Староста го достигна, а и болките со неа, па тој се повлече во скитот. Убавина и тишина. Неколкупати бев таму да го посетам. Секое мое одење таму, тоа место ме исполнува со восхит. Океанот. Тој пространи навидум бескраен океан, кој ги одделува двата континента: овој овде, Американскиот, од Европскиот, таму каде што е мојата земја. Кога ја гледав немирната вода, си реков: „Навистина далеку сум од својата земја, преку седум океани и реки." Но нема потреба да нижам грижи на себе. За Бога нема ништо далеку. Затоа Тој ни даде дух и душа, за да можеме да ги чувствуваме и да ни бидат блиски, преку нашите срца, нештата кои се далеку од нас. Ах, каква милост! Во ништо не нè остава и сè мудро Он устројува... буквално за секоја единка, за секое ситно нешто. Бог толку многу врати ни отвора во животот што честопати не го воочуваме тоа сè додека некој не ни ги отвори очите. Но, ете, такви сме. Да го молиме Бога да се научиме.

Отец Пантелејмон се упокои пред неколку дена. Ја достигна својата старост, и се исполни времето да го остави своето тело од каде што дојде. Веста за неговото упокоение ме нажали, но оваа моја жалост беше измешана со радост, па затоа тлеев радост во себе. Му благодарам на Бога за тоа што ме сподоби да го запознаам овој монах во САД и да доживеам благопоучно дејство со него. Има многу да се зборува за отец Пантелејмон. Интересна и пријатна личност. Во својот живот сретнал многу свети луѓе, како, на пример: светиот старец и отец Никола Планас од Атина, светиот старец Јеронимос Египски, старецот Јосиф Исихаст, свети Јован Хозевит... Тие се оние што јас ги знам, за кои тој ми раскажуваше. При секое мое одење кај него, ќе ми

раскажеше нешто ново за своите искуства со овие свети луѓе. На пример, во една прилика, седевме во неговиот скит и ми раскажа за неговото искуство со свети Јован Хозевит и за тоа како подоцна, по неговото упокоение, го отвориле гробот на овој светител и телото му го нашле нераспадливо.

Неговиот манастир се наоѓа во Бостон и е посветен на Преображението Господово. Старокалендарци се. Морам да кажам секојпат кога ќе појдам во тој манастир, се чувствувам убаво. Не се причестувам, за тоа сум внимателен, но затоа, пак, се насладувам од службите. Всушност, за да се причести некој кај нив, мора да биде примен во нивната заедница и да биде повторно помазан.

Како се случи да стапам во контакт со овој манастир? Кога бев втора година во Семинаријата во Џорданвил, некој од нашите Македонци ми кажа дека во Бостон има владика Македонец кој е по стариот календар. Името му е Димитриј. Јас како јас, храбро решив да го најдам тој владика и да стапам во контакт со него. Му го најдов бројот, му се јавив и се договоривме да отидам во Бостон да го посетам. На почетокот многу внимавав да не ме откријат во Џорданвил зашто овие не ги сакаа другите. До 1991 год., старокалендарците беа заедно со Руската задгранична црква, но поради одредени причини се одделиле. Во тоа време, пред да отидам во Бостон, во Џорданвил престојуваше еден свештеник Американец, Јован, кој порано бил кај нив, па си заминал. Кутриот, уште во која црква веќе не бил. Си имаше свои идеи во главата и си живееше во свој свет. Додека овој свештеник беше во Џорданвил, неколкупати разговаравме, и му спомнав за македонскиот владика Димитриј, на што тој ми кажа дека го знае, и всушност, тогаш и дознав дека овој свештеник бил кај нив. Патем му кажав дека планирам да одам таму и да го посетам. Во Џорданвил, доколку имавме потреба да одиме некаде на неколку дена, требаше да напишеме „прошение“ или молба, па да ни ја одобрат. Кога му кажав за мојата намера на свештеникот Јован, веќе имав поднесено молба да бидам ослободен од сите активности во Семинаријата тој викенд. Секако, не им кажав дека ќе одам во тој манастир, туку по лични обврски.

Што се случи понатаму? Тој свештеник Јован отиде кај о. Кипријан, монахот одговорен за нас студентите, и му кажа дека ќе одам во Бостон во манастирот. Отец Кипријан беше малку паничар по природа, и за мали работи, ќе распалеше цел оган, но имаше многу добра душа. Како и да е, ме повика кај него во канцеларија и ми зборуваше за моето одење во Бостон. Всушност, не се обидуваше да ме спречи, туку ми рече дека: „Ние не можеме да ти забраниме каде да одиш“, но очигледно не му беше мило за моето одење таму. Тогаш, се налутив за тоа што Јован сѐ му раскажал на о. Кипријан и не знам што не му изнакажав и престанав да зборувам со него.

Отец Лука веќе знаеше зашто о. Кипријан сѐ му раскажал. Не знаев како тој ќе реагира на сето ова, но пред да заминам, отидов кај него во кабинет и му реков: „Претпоставувам дека веќе знаете каде ќе одам...“ Се случи спротивното од она што го очекував. Отец Лука не ме нападна зашто ќе одам таму и сл. Дури и ми кажа дека таму имаат многу мошти, а една од нив е вилицата на старецот Јосиф Исихаст, и ми напомна: „Кога ќе отидеш таму, побарај да ти ја изнесат за да се поклониш.“ Додека старокалендарците биле заедно со Руската црква, Јорданвил добил многу свети мошти од нив. Една од нив е мал дел од појасот на Пресвета Богородица. По разговорот со о. Лука, на некој начин почувствував во себе дека добив зелено светло за да одам.

Кога отидов таму, ми беше мило да бидам во манастир каде што се негува светогорскиот дух и типик и се пее византиски. Го сакам и руското пеење, но со византиското пораснав, и тоа ми е како мајчин јазик на пеење. Богослужбите им се на полноќ, во дванаесет. Затоа и често сакав да доаѓам во манастирот – барем, си реков, малку да се насладам од овој ромејски дух. Службите им се релативно долги, но тие ни помагаат да ги наполниме духовните батерии во нас. Никој не брза во службите. Тие се како да пловиш на море, спокојно и тивко.

Го запознав и владиката Димитриј. Тогаш не знаев многу за о. Пантелејмон, речиси ништо. Само малку имав слушнато за него претходно. По неделната литургија, отец Пантелејмон ме здогледа, ми пријде и ме праша кој сум. Му се претставив и му кажав дека сум од Македонија, а студирам во Јорданвил. Благо се насмевна и патем ми кажа дека бил во Македонија и посетил неколку манастири, од кои еден бил Бигорскиот, кај отец Партениј, како и во некои од Струмичката епархија каде што се запознал со владиката Наум. Ми кажа дека му се допаднала Македонија и кога би имал можност, пак би отишол таму. Мојата прва средба со него ми остави силен впечаток. Тој впечаток беше неговото внимание кон мене. Како да сакаше уште и да ми каже: „Отсега ти ќе бидеш мое дете, и јас ќе се грижам за тебе.“ Не го рече тоа, но низ годините подоцна, тие зборови се покажаа вистинити преку неговата љубов и постапки кон мене.

Всушност, дојдов да го посетам владиката Димитриј, а почнав повеќе да се зближувам со о. Пантелејмон. Некако тој владика беше ладен во своето однесување, ниту, пак, често беше со мене таму. Отидов таму да го видам, а на крајот, сам си останував. Како и да е, тој е друга историја за која нема да го губам времето да пишувам.

Отец Пантелејмон по потекло е Грк, но роден во САД, во Детроит. Некое време живеел на Света Гора, во манастирот „Св. Пантелејмон“, но не можел таму да остане поради американското државјанство. Во шеесеттите,

преку благородни луѓе, купил голем имот во елитен дел во Бостон, Бруклејн, и започнал да гради манастир. Куќата е огромна и во неа е сместено сè. Имаат своја црква, преведуваат многу книги, прават икони, и навистина, имаат најубав темјан. Многу го сакам нивниот темјан. Секогаш кога одев таму, отец Пантелејмон знаеше дека го сакам темјанот и ми даваше кутии и кутии. Ќе ми речеше: „Земи колку сакаш." Отец Пантелејмон многу ме поддржуваше за време на моето студирање во Џорданвил – духовно и материјално. Една зима, за време на мојот божикен одмор, јас и мојот колега семинарист од грчката семинарија летавме за Сан Франциско на поклонение на св. Јован Шангајски и Санфрациски. Летавме од Бостон, а претходната вечер отидовме да го посетиме отец Пантелејмон. Тој ми даде пари, при што ми рече: „Ќе ти се најдат додека си таму." Обично одев кај него секои три месеци, и не ме оставаше да си одам додека не ми дадеше триста до четиристотини долари и ќе ми кажеше: „Ако нешто друго ти треба, да ми кажеш." Зедов стипендија од Скопје, и за тоа многу Му благодарам на Бога и на мојот надлежен архиереј, дедо Стефан, но таа сума навистина не беше доволна за животот во САД. Помошта од отец Пантелејмон ми се најде во мојот живот додека студирав.

Како што напишав погоре, мојата врска со отец Пантелејмон беше силна. Уште од самиот почеток кога го запознав, почувствував духовна топлина од него. Прво, тој ми пријде и ми покажа големо гостољубие, и постојано ја покажуваше својата татковска љубов кон мене. Кога ќе отидев кај него, секако правев мал поклон и му ја целивав раката. Тој ќе ме прегрнеше и, исто така, ја бакнуваше мојата рака. На почетокот ми беше непријатно, но поради послушание, го прифатив тоа. Еднаш, отидов во манастирот со еден студент од семинаријата. Тој нè однесе во женскиот манастир „Рождество Христово" кој е на пет минути со автомобил од машкиот манастир. Таму што уште не ни даде: книги, свеќи, бројаници кои ги прават во Ерусалим... Една година, дури ми плати дел за моето школување во Џорданвил, а во летото 2014 год. ми даде огромна сума за да учам десет недели интензивен курс по англиски јазик во Сан Франциско. Кога ми помагаше, ми велеше: „Не кажувај никому зашто не сакам да мислат другите дека се обидувам да те придобијам." Често се прашував зошто толку многу ми помага отец Пантелејмон кога не сум под неговиот манастир? Тој никогаш не побара од мене да одам кај нив. Никогаш. Ќе ми речеше: „Земи ги овие пари. Ти си студент, ќе ти требаат. Знам како е зашто јас бев беден студент." Буквално секогаш кога го посетував, не ме оставаше без ништо, и еднаш му реков дека ми е непријатно зашто ова наликува дека јас доаѓам кај него само за свој интерес. Неколкупати не сакав да прифатам и ќе му речев дека веќе доволно има направено за мене, а тој ќе додадеше: „Ти само биди добро дете." Вакви беа неговите одговори.

Една година, по промислата на Бога, отец Пантелејмон ми даде бројни свети мошти. Како се случи тоа? Одамна имав намера да го прашам за свети мошти, но никогаш не се осмелив зашто тој веќе многу имаше сторено за мене. При една од моите посети во скитот во Мејн, зборувавме на многу теми. Не се сеќавам како дојдовме до разговор за свети мошти, но се сеќавам кога ме праша: „Сакаш мошти?“ Радосно му кимнав со главата. Понатаму тој продолжи: „Од кои светители сакаш?“ Не знаев што да му одговорам зашто ништо од тоа не го очекував, па му реков дека не знам. Тогаш тој почна да набројува имиња на светии и ми рече да земам лист и да почнам да запишувам. Отец Пантелејмон почна да набројува и дојде до десетина светии. Му го дадов листот и тој рече дека ќе се јави во манастир и ќе им каже да ги подготват за да бидат спремни кога ќе одам таму. Со неговиот благослов, денес имам можност да целивам свети мошти на св. апостол Андреј, св. Никола, св. Георги, св. Пантелејмон, св. Василиј Велики, св. Јустин Филозоф, св. Григориј Богослов, св. Јован Кукузел, св. Јован Руски, св. старец Јосиф Исихаст, старец Јероним Егински, камен од Голгота и камен од гробот на Богородица.

Отец Пантелејмон се повлече во скитот кој е буквално покрај океанот. Исихиа од која секојдневно човек може да се напојува и созерцава. Уживав да одам кај него во Мејн. Таму имав најмногу прилики да го видам. Се насладував од неговите разговори. Во секој разговор, откривав нешто ново за него, односно, неговата врска со свети луѓе кои тој ги сретнал. Исто така, кога одев кај него, честопати ме прашуваше како се владиката Наум и отец Партениј. Еднаш, додека бев во неговата ќелија, го зеде телефонот и сакаше да им се јави, но одговор немаше.

Во една друга прилика, додека возев кон скитот, му се јавив за да му кажам кога ќе стигнам. Тој ми рече дека нема да биде таму, но секако да влезам, да се качам на вториот кат во параклисот и да се молам. Го прочитав Акатистот на Богородица, а во меѓувреме тој дојде. Не знам зошто, но отец Пантелејмон секогаш одржуваше по една свеќа на свеќниците, за сето време, и дење и ноќе. Пријатно ми беше да бидам покрај него. Еднаш, кога отидов кај него во скитот, ме замоли да го однесам до продавница за да купи храна. Додека возевме, тој го отвори молитвеникот и читаше во себе акатист. Секојпат кога го возев, тој ќе го отвореше молитвеникот и читаше. Кога заминував од скитот, отец Пантелејмон стоеше зад автомобилот сè додека не се оддалечев, и за сето време додека го гледав, тој стоеше таму и ме благословуваше во форма на крст.

Додека седев со него во скитот, ми раскажуваше како во шеесеттите, во Грчката семинарија во Бостон, која е на десет минути од манастирот, дале наредба со која сите студенти мораат на неделните литургии за време на

„Тебе поем“ да коленичат. Каноните на православната црква го забрануваа ова. Шестмина студенти одлучиле да не се покорат на оваа наредба. Како резултат на тоа и поради тоа што постеле, биле избркани од семинаријата. Еден од тие студенти денес е отец Исак, игумен на манастирот „Свето Преображение“ во Бостон.

Во една прилика го прашав да ми раскаже повеќе за свети Јован Хозевит. Ми се чини дека овој настан не е така познат во православниот свет. Отец Пантелејмон ми раскажуваше за него час и половина. Секако, невозможно е овде да напишам сѐ, но она што сметам дека е важно за јавноста е следново: кога отец Пантелејмон заминал од Света Гора, отишол во Ерусалим. Тогаш, тој бил млад монах, на 22 години, и сакал да зборува со некој монах кој ќе го советува каде да монахува. Некој монах во Ерусалим му кажал да оди кај отец (свети) Јован Хозевит кој живеел во пустината, во пештера. Отец Пантелејмон го нашол отец Јоаникиј, монахот кој му носел храна на св. Јован Хозевит, и тој го однел кај него. Додека оделе, поминувале низ едно место, стрмнина која изгледала како планината да се сронила. Отец Пантелејмон го запрашал дали овде имало земјотрес, а монахот му рекол дека подоцна ќе му раскаже за тоа. Кога стигнале кај свети Јован Хозевит, тој ги чекал долу пред пештерата со суво грозје, смокви и малку вода. Свети Јован живеел аскетски живот. За да се дојде до неговата пештера требало да се искачиш по дрвена скала по која можело само еден човек да оди едновремено. Инаку, скалата би се сронила. Свети Јован Хозевит го прашал отец Пантелејмон дали сака да ја види неговата пештера. Отец Пантелејмон му одговорил: „Јас уште од мал се плашам од височина и доволно ми е што дојдов да те видам и да земам твој благослов.“ Но, свети Јован го прашал истото уште двапати, и тогаш отец Пантелејмон сфатил дека треба да го послуша зашто можеби нешто сакал да му каже. Без да гледа надолу, се искачил до неговата пештера. Над неа, имало и горна пештера. За да се дојде до неа, морало да се искачуваш на јаже по карпите. Тој го прашал дали сака да ја види горната пештера. Отец Пантелејмон му рекол дека тоа е доволно за него, но свети Јован пак го прашал, и тогаш некако се искачил во горната пештера со него. Веројатно, свети Јован сакал да одат погоре за да не го слушаат оние долу нивниот разговор. Таму разговарале на многу различни теми, меѓу кои и за светите места, и му рекол дека Ерусалим е центарот на светот. Всушност, му рекол дека е центар на универзумот. Тој е центарот на земјата каде што се извршило спасението, како што се вели во еден псалм: „Во средината на земјата, Ти го изврши спасението. На тоа место Христос беше распнат, погребан и воскресна од мртвите и на тоа место ѓаволот уште повеќе ги искушува луѓето.“ Понатаму, отец Пантелејмон продолжи да ми раскажува кога се враќале назад, додека поминувале низ стрмнината покриена со камења, тој пак го запрашал отец Јоаникиј да му

каже зошто имало толку камења таму. Отец Јоаникиј му кажал дека навечер, отец Јован Хозевит слушал бучава од соседните пештери. На тоа место имало многу пештери со исихасти кои откако се упокоиле, во нив биле погребани. Утредента, свети Јован Хозевит му кажал на отец Јоаникиј дека видел како некои луѓе, кои живееле во близина, доаѓале овде во пештерите со цел да најдат сè што би можеле да продадат во антикварници. Но, тие нашле коски од отците кои се упокоиле таму. Секако, не можеле да продаваат коски зашто никој немало да ги купи. И така, ги вратиле коските назад и ги оставиле така во пештерите. Отец Јован седел таму и ги гледал сите коски, кои биле најдени таму, и плачел. Велел: „Којзнае колку се стари овие коски и од кои векови се, и гледај сега, стојат така надвор, расфрлени и оставени на птиците и на дивите животни." И свети Јован се потсетил на псалмот каде што се вели: „Господи, го разрушија светиот град. Телата на светиите ги фрлија да бидат храна на птиците небески." И поради тоа што тој плачел, планината се поместила. Тој не ѝ рекол на планината да се помести, но поради неговата тага, планината се поместила одозгора и со камењата ги покрила сите коски на тие упокоени отци. Сега тие коски се погребани под тие камења. Тоа се случило поради плачот и тагата на светиот отец Јован, при што планината се сронила надолу. Тој беше несекојдневен човек за нашето време. Немало ниту дожд, ниту земјотрес, туку планината сама по себе се сронила надолу.

Исто така, зборувавме и за екуменизмот, и морам да кажам, отец Пантелејмон, многу мудро објаснуваше и потенцираше колку лош отров е тој. На пример, со менувањето на календарот, многумина не го прифатиле новиот и останале да го следат стариот, меѓу нив дури и некои свети отци, како отец Никола Планас, старецот Јероним Егински, за кои напишав погоре. Како резултат на тоа, биле изгонети од државата и малтретирани. Всушност, така настанале старокалендарците, поради менувањето на календарот. Во еден од разговорите со него, отец Пантелејмон даде убава забелешка при што рече дека календарот бил сменет со оправдување дека доцнел со деновите и сл., а всушност, зад ова оправдување стоел екуменизмот. Со тоа Константинопол сакал да ги отвори вратите за преговори со Римокатоличката црква, за да дојдат до некоеси соединување.

Отец Пантелејмон се упокои на 27. декември, 2016 година. Многу жалам што по две недели дознав за неговото упокоение, и тоа, случајно во разговор со еден македонски монах од Бигорски. Денес, кога размислувам на моите средби и опити со отец Пантелејмон, осознавам дека Бог благоволи да го запознаам и од неговите разговори да се поучам и да разберам многу нешта за православната црква, за духовниот живот, за животот на светите старци. Патем, Бог, Кој се грижи за секој еден од нас, преку отец Пантелејмон Го помагаше моето школување. Отец Пантелејмон никогаш не ми даде услов

за нешто, а пак ќе ми речеше: „Кога ќе се упокојам, моли се за мене.“ Ова беше неговата желба!

Неговите спомени секогаш ќе бидат живи во мене, а дел од разговорите со него ќе ми бидат образец во моето растење во Црквата, па и ако даде Бог, и образец во моето свештенодејствување. Господ се грижи за сите нас. Тој нè поставува на вистинските места, со вистинските луѓе. Дојдов да студирам во САД и стапив во контакт со отец Пантелејмон кој широко ги отвори вратите за мене. За такви луѓе треба да Му благодариме на Бога! Бог навистина промислува! Тој ми покажа што е љубов, со неговата љубов. Ми покажа што е смирение, со неговото смирение.

Твоето време за мене, драг приснопамјатен оче Пантелејмоне, ме научи уште повеќе да ја гледам Божјата грижа за нас луѓето. Со причина те запознав. Секогаш ќе ги чувам спомените и разговорите со тебе и ти ветувам дека ќе се трудам да бидам „добро дете“.

Ти благодарам!



МОЛЕТЕ СЕ ЗА НЕГО И ЉУБЕТЕ ГО!

Големи се Твоите дела, Господи!
Достоен!

Кој би ѝ го изменил текот на мојата внатрешна река? *Давај сè што имаш. Изворот на љубовта не пресушува со давање, туку со чување. Колку повеќе даваш, толку повеќе имаш. И да го имаш најубавиот дијамант на светот, тој ништо не ти вреди ако не можеш некому да му го покажеш. Тоа би било само светкаво камче, затворено во твојата соба. Така е и со љубовта. Таа е драгоцена само ако се споделува. Ако ја чуваш далеку од другите, заробена во тебе, таа ја губи својата моќ. Дијамантот станува обично безвредно стаклениче.*

Денеска доживеав нешто убаво, радосно и поучно. Решив да не брзам веднаш со пишување, туку да почекам, зашто не е мудро да донесуваме заклучоци, или да оформуваме мислење за некој кога сме возбудени, зашто може да биде лажно. Доколку човек бил навистина импресиониран од некого или од нешто, тоа нема да згасне со возбудата, туку ќе седи во срцето.

Свети Кипријан Картагински пишува вака: „Каде што е присутен епископот, тоа е полнота и цела црква." Денеска ги видов зборовите на дело. Истото го доживуваме постојано кога имаме епископ, само не мислиме многу на тоа.

До овој момент, Му благодарам на Бога за тоа што бев присутен на денешната хиротонија на отец Јован. Досега немам видено, ниту, пак, доживеано таква хиротонија. Царско свештенство и свет народ. Мудри се зборовите од Светото писмо. Во моментот не можам да се сетам од која книга беа, но мислите како брз ветрец само ми поминаа низ умот. Како и да е, сега да го составам она што го видов денеска.

Имам еден духовен брат по име Борислав, по националност Бугарин, а по вера Христов со кого вчера заминавме за Бафало, за да присуствуваме на ракополагањето во чин свештеник на негов колега од семинаријата. Јас не го познавав, но Борислав ме зеде со него, и така првпат го запознав. Отец Јован има прекрасно семејство: две мали дечиња на кои душата им гори за да си играат. Сите мали се мои браќа! Златни се.

Отец Јован заврши богословија во грчката семинарија на Светиот Крст во Бостон, беше ракоположен во чин ѓакон, а денеска го прими царското свештенство. Пред ова, се случи нешто друго од кое бев изненаден. Грчкиот митрополит на Детроит, Николај, беше таму како надлежен архиереј во тој дел. Не знам како да го опишам. Необична личност. Толку позитивен, насмеан...

Уште не беше почната божествената литургија, а тој неколкупати излезе од олтарот со полно одејание и разговараше со луѓето. Литургијата започна, а по прочитаното неделно Евангелие, тој проповедаше. Досега немам видено таква проповед. Митрополит Николај не само што ја составуваше проповедта од својот ум туку и стоеше долу, кај луѓето, и одеше од место на место. Неговиот однос со лаиците импресионираше. Ќе застанеше до тебе, ќе те гледаше во очи и ќе зборуваше. Не само тоа, едно време му ја подадоа неговата кеса од каде што почна да вади подароци и да им ги дели на најмалите. Отпрвин сета оваа слика ме збуни, и по својата слабост си реков во себе: „Зошто вака прави и проповеда? Малку е чудно ова." Колку ниско паднав во своето размислување.

„Што се чудиш?", се прашав себе си. „Чудно ти е затоа што не си видел владика да застане на средина на храмот, да им проповеда на луѓето и да дели подароци."

Денеска, преку него Бог ме научи што значи пастир кој ја полага душата своја за овците. Нели должноста на владиката е да проповеда, како апостолите? Затоа кога се хиротонисува архиереј, тоа се прави веднаш по малиот вход со Евангелие. Епископот е наследник на апостолите и задачата му е да проповеда, додека, пак, задача на презвитерот му е да принесува бескрвна жртва. Да не бидам погрешно разбран, и архиерејот принесува бескрвна жртва, но ако гледаме на нивните задолженија, вака е. Се сеќавам говореше за Божик каде што им рече на своите да размислуваат кое е значењето на тој ден. Патем, тој им објасни на верните што значи хиротонија на свештеник, и зошто тоа се случува по великиот вход. Меѓу другото, изусти интересни работи за отец Јован кој беше на пат да ја прими оваа тајна. Еве што рече: ***„Молете се за него и љубете го. Љубете го како ваш брат, љубете го како ваш татко, и на крај, љубете го како ваш свештеник."*** Неговите зборови допреа до секое срце зашто ги зборуваше со чистота и искреност. Понатаму, владиката сподели со сите нас како бил импресиониран од отец Јован, од нивниот разговор кога му рекол: „Сакам да го научам она кое не го знам." Од овие зборови дојдов до следниот заклучок: Кога стануваш свештеник, ти не даваш услови од типот сакам вака, како ќе го издржувам моето семејство и сл., туку оставаш на Божјата волја. Кога тоа ќе го сториш, тогаш Бог, преку владиката, уште повеќе се грижи за тој свештеник и му го дава она кое може да го носи на својот грб и да се спасува себеси и стадото.

Дојде време и за чинот на ракополагањето. Пред ова, митрополитот стори нешто кое за мене беше дотогаш невидено. Кандидатот за свештеник, ѓаконот отец Јован, го прочита својот дел (заклетвата) свртен кон владиката. Тој го ислуша и потоа почна да прашува дали се согласуваат ѓакон Јован да го прими свештеничкиот чин. Владиката не пропушти некој да не го праша.

Започна од свештениците, па неговата сопруга, прислужниците, сиот народ... Но пред да го праша народот, пред сите во црква ми се обрати мене со зборовите:

„Колку време го познаваш отец Јован?“

„Од вчера“, му одговорив.

„Дали имаш нешто против неговото ракополагање?“

„Не.“

„Дали се согласуваш дека е достоен да го прими овој чин?“

„Да.“

Јас буквално го запознав отец Јован вчера, а за да добие потврда од сите, владиката не изостави никој. Интересно беше и со Борислав. Владиката, откако ме праша мене, го повика и Борислав од олтарот, да излезе на амвонот и му го постави истото прашање. Зар може човек да не е трогнат од овие постапки и методи на овој владика? Денеска, преку ова видов колку само е страшна оваа тајна - свештеничката служба на Бога. Се восхитував на неговата мудрост од сето ова!

Заветот, кој го дава кандидатот на Бога и пред сите луѓе, е голем и тежок, и доколку свештеникот не е внимателен, полн со трезвеноумие, чистота и не го љуби паството, може да стане камен на сопнување. Господ да чува од ова!

По сите овие испитувања на новиот кандидат од страна на митрополитот, со радост ја гледав неговата хиротонија зашто беше чиста и искрена. Чиста и искрена од душата на отец Јован, и искрена од сиот народ, зашто тие го кажаа нивното „да“, односно, „достоен“.

Морам да признаам, досега не сум видел толку дружељубив владика. Додека земавме нафора, самиот ме повика за да ме запознае подобро, при што ми рече дека додека бил студент, навраќал во Џорданвил за да се помоли во црквата. Ќе се потрудам да ги парафразирам неговите зборови:

„Значи, ти студираш во Џорданвил.“

„Да“, му одговорив.

„Додека бев студент, неколкупати одев таму и имам убави искуства. Ќе ти кажам нешто што ми се случи: Кога еднаш отидов таму, имаше еден монах, сега не се сеќавам на неговото име, кој беше љубезен кон мене, ми ја отвори црквата, а патем ми кажа каде стои клучот за следниот пат кога ќе дојдам, слободно да си отворам и да влезам. Секогаш кога застанував таму, ми беше убаво, Ќе влезев во храмот и ќе се помолев.“

Патем, на нашата разделба, владиката Николај ме прегрна и ме благослови.

Доволно беше моето присуство на денешната литургија каде што тој служеше за да видам и разберам, преку неговите дела, колку тој се грижи за

своето стадо и за својот клир. А... да, се случи уште нешто што беше убаво да се види. Додека седевме во салата за време на ручекот, владиката стана од масата каде што седеше, го зеде свештеникот под рака и го носеше од маса на маса за да ги поздрави верните, да ги праша како се и сл. Зар треба повеќе од ова да се говори? Таткото се грижи за своите деца зашто ги љуби. Вакво нешто ретко се гледа. Барем јас досега немав видено.

Отец Јован ќе го опишам само со една реченица: радост, срце преполно со светлина, топлина, љубов, благодарност...

Нам, кои чекориме кон овој пат, за да ја принесуваме еден ден и ние бескрвната жртва, Бог непрестајно ни покажува колку е свет овој подвиг, но и колку отсега треба да се осветуваме (да бидеме чисти), за да го примиме еден ден достојно ова царско свештенство, зашто *никој не е достоен од оние кои се врзани со телесни похоти и страсти, да приоѓа, или да се приближи, или да Ти служи Тебе, Цару на славата, зашто да Ти се служи Тебе е нешто големо и страшно и за самите небесни сили.*

Слава на Бога за сѐ!



ЦАРСКИ МАНАСТИР

Манастир „Свети Сава Освештен“

Темни манастирски ѕидови, налик на гроб
во кој кога ќе легнеме, ни го отвора патот
кон царството и нè буди свртени кон Истокот,
кон вечноста.

Што е она што ние го нарекуваме осаменост? Не може да биде едноставно само отсуство на другите – може човек да биде сам, а воопшто да не биде осамен, а може и да биде меѓу луѓе, а сепак да биде осамен. Што е тоа?

За многу нешта во животот бараме одговор од Бога. Му се молиме, се умилуваме, и пак не добиваме. Он знае што е најдобро за нас, и ни дава одговор во свое време. Речиси цела недела бев во манастирот „Св. Сава Освештен“ во Детроит, каде што настојател е о. Пахомиј, монах кој има уметничко срце. Што да кажам за манастирот? Чиниш се наоѓаш во древното руско кралство. Отец Пахомиј многу се трудел, а кога човек дава сè од себе, од таа пот, која ја наквасува земјата, почнува да никнува по нешто. Пред некој ден, тој ми раскажуваше како митрополитот Иларион додека бил во манастирот, воодушевувајќи се од глетката и од сето она што е внатре, му рекол: „Овде треба монаси со најголеми професии: музичари, уметници, богослови...“

Отец Пахомиј е интересна и сестрана личност. На градбата ќе гради, каменот ќе го претвори во хрисолид, храмот Божји ќе го благоукраси, но човечкото око, кое е завидливо, сака да растура онаму каде што не се трудело. И овој монах е опколен од овој тип проблеми. Ми говореше како пред неколку години, неколкумина од клирот им забранувале на лаиците да одат во овој манастир. Но и тој род Божји не е од вчера, па си рекле: „Да одиме и да видиме што е тоа за што ни говорат да не одиме таму.“ Дошле, го виделе манастирот и сето она кое дејствува во него и никогаш не се вратиле назад во своите парохиски цркви. Почнале да бидат редовни на манастирските служби.

Ние, острастените, што сме лоши, лоши сме. Зависта, која ја носиме, некако не ни се искоренува, туку пријатна ни е. Блазе им на оние кои ја надминале! Такви созданија суштествуваат. Господ да ни помага во борбата против оваа страст.

Пред некој ден, додека седевме на ручек, зборувавме на разни теми, и о. Пахомиј нагласи една запоставеност која ме поттикна да размислувам. Станува збор за почитта на светите апостоли, при што овој монах ни рече дека кога е празник на некој светител кој е почитуван многу во една земја (како национален или локален светител), како св. Сергеј во Русија, или св. Сава во Србија, тогаш каква ли не прослава се чини на тој ден. Следствено на тоа, кога, пак, е празник на некој од светите апостоли, едвај и празнична служба се служи, но се служи проста служба. Неговата поента беше многу вистинита. Нема поделба кај светиите, но беше во право кога рече кога се слави некој велик светител од сопствената земја, тогаш каква ли не уште празнична служба чиниме, а за апостолите? По Христа, тие го сееја Евангелието низ светот. Ми се чини дека по малку го подзабораваме нивниот спомен. И јас се бројам меѓу подзаборавените.

Во моментот во овој манастир има двајца монаси и еден искушеник. Искушеникот, брат Романос, кој има завршено музичко, плени со својот глас. Другиот монах, отец Зосима, исто така, ми остави силен впечаток. Ќелијата во која бев сместен, беше соседна на неговата. Неколкупати варевме чај именуван како „Цар Николај Втори." До тој момент не знаев дека постои чај со такво име. Како и да е, има убав вкус. Не сум некој голем љубител на чајот зашто не поднесувам топло, а кога го пијам, ми се чини како сета пот од телото да ми ја вади. Во зимскиот период пијам, но на лето... како што би рекле Турците: „Јок". Пиевме и разговаравме. Секогаш чекам да „подистине", па ќе се впуштам во празнење на шолот со чај.

Отец Зосима по земно потекло е Американец. За небесното нема потреба да пишувам зашто се подразбира дека е Христов. Во постари години е. Во тој наш разговор, дојдов до една потврда за себе која ја барав од Бога. За што, всушност, станува збор? Оваа година ми е последна на факултет, и често тонам во размислувања од типот каде да се запишам. Со своите идеи и размислувања отидов толку далеку што на ум ми дојдоа Оксфорд, Кембриџ... Тоа е она човечкото, секогаш да бидеме најдобри и да имаме дипломи од највисоките, според денешниот свет, и најпрочуени образовани институции. Ех, што сме ние луѓето!

Сега да се вратам назад на разговорот со отец Зосима. Тој ми раскажуваше дека работел во престижниот универзитет Харвард дваесет и шест години, и јас веднаш го прашав каков е системот во него, зашто следејќи ги светските ранг-листи, тој е еден од најдобрите универзитети. Одговорот на отец Зосима ми го отвори умот за да размислувам мудро и да ги расудувам нештата. Прво ми рече дека е бесполезно. Понатаму рече дека кога студентите ќе се запишат во прва година, доаѓаат како многу самоуверени, а некои од нив се и арогантни. Се образоваат во тие неколку години, и на крај, откако ќе

ја земат дипломата во раце, повторно стануваат какви што беа пред неколку години: важни и арогантни. Ќе ја земат дипломата и ќе се вработат во некоја компанија, а тие бараат луѓе кои имаат завршено во вакви универзитети. Не оти работат којзнае колку, но за компанијата е важно да имаат работници кои завршиле во Харвард. Нормално, ова не се однесува на сите, но генерално кажано, ова се случува. Некои ќе противречат на овие монахови зборови, но отец Зосима работел таму дваесет и шест години, набљудувал, видел многу работи, па зборуваше за тоа. На крајот на краиштата, и да не е вистина ова, јас најдов голема поука.

Денеска, како и секој воскресен ден, во манастирот отец Пахомиј служеше божествена литургија. Проповедаше веднаш по Евангелието. Тонот со кој зборуваше беше прилично висок и строг. На почетокот малку се чудев зошто говори со таков висок тон, но имаше причина, а таа е следнава: Четвртокот беше американскиот празник „Ден на благодарноста", кога семејството се собира на ручек и му благодарат на Бога за сè. Тој ден, во манастирот се служеше Благодарствен Молебен. Неколку луѓе дојдоа, но веројатно поголемиот дел од оние, кои отец Пахомиј ги знаеше, не дојдоа. Денеска, во проповедта, отецот спомна и за тој Ден на благодарноста и за тоа колку му благодариме на Бога и рече: „Колкумина од вас дојдоа во четвртокот на Молебен за да Му благодарат на Бога за сè што ни дава?" Прво се чудев зошто, како што велат кај нас, „го крева гласот", но имаше причина за тоа. По литургијата, му го кажав ова, и тој ми рече: „Можеби во Русија, или во Македонија, ако зборуваш нормално, ќе те разберат зашто се православни земји со традиција, но не и овде во Америка. Овде мора така, за да се разбудат луѓето, инаку ќе станат мрзливи во верата. Прво, општеството овде често ги прави луѓето да бидат такви." Некој како мене, кој не слушнал толку гласно да се проповеда, ќе почне да осудува, или да си говори во себе: „Што се случува со него?" Но нема ништо лошо во тоа. По ова се сетив на Златоустовите проповеди. Мислам дека св. Јован проповедал и укорувал со уште повисок тон. Денес, доколку сакаме да бидеме вистински пастири, а и вистински православни христијани, не смееме да се плашиме да ја зборуваме вистината, туку да бидеме бестрашни поради Христа.

На крајот од Божествена Литургија, отец Пахомиј пред лаиците сподели нешто со кое се потврдија неговите строги зборови од проповедта. Еве што рече:

Сакам да споделам со вас нешто кое се случи оваа недела, пред Денот на благодарноста. Пред шест месеци, Михаил, еден од нашите побожни верници, доби удар од кој му се парализирал левиот дел од неговото тело. Поради оваа парализа, тој лежел во кревет, давајќи сè од себе за да оздрави со физикална терапија и се молел повторно да почне да

се движи, а не да остане во кревет до крајот на својот живот и да им биде на товар на другите. Наоѓајќи се во таква состојба, тој посакал да дојде во црква. Терапевтот го донесе во манастирот и беше голем шок и чудење да се види за првпат како тој сам, со своите помагала, изоди од капијата, до храмот. Додека бил во болница, имал изодено само неколку чекори од креветот во неговата соба, и откако го сторил тоа, рекол дека сака да го стават во автомобил и да го однесат до манастирот, каде што ќе може да Му принесе благодарност на Бога за тоа што му ја поврати силата за да се движи. Дојде за да рече:„Ти благодарам, Господи!“

Мислам дека никој од присутните не остана рамнодушен, ниту, пак, јас. Каква вера гледаме во овие души! Колку е само полно нивното срце со љубов кон Христа! Блажени се таквите! Михаил со ревност Му служеше на Бога, со тоа што прислужуваше, чинеше и помагаше во храмот, а сега Бог му возвраќа според верата. Покрај ова, денеска ги слушнав на дело исполнети зборовите од Господа каде што вели: *„Нека ти биде според верата“,* и уште: *„... добар и верен слуго, во малку си бил верен, во многу ќе те наградам“* (Матеј 25,21). Нема збор кој е напишан во Евангелието, а да не се исполнува во нашите животи. Како што растам низ годините, читајќи ја таа Вистина, повеќе осознавам колку се само живи тие зборови, зашто сето она кое го читаме во Новиот завет, ни се случува во нашите животи. Затоа и се вели дека Евангелието е жива Вистина.

Бог ми даде можност да престојувам во многу манастири кои имаат различни типици, односно, правила. Денес, често ги слушам луѓето како ги делат манастирите, односно, зборуваат: „Овде е рај и сè внатре е прекрасно.“ Втори говорат: „Овде не служат утрена, и нема убав духовен живот“, а, пак, трети: „Овој манастир е најдобар и е поубав од другиот.“ Треба да разбереме една важна работа: сите манастири имаат своја убавина, своја традиција, свој типик. Бог не дава повеќе благодат на едниот, а помалку на другиот – тука Тој ја дава еднакво, но колку монасите внатре ќе ја зачуваат, тоа останува на нив. Секој манастир има своја карактеристика. Доаѓаш во Џорданвил, гледаш една градба на манастирот со свој монашки живот и монашко семинарско устројство. Ќе дојдеш овде, во „Св. Сава“, ќе видиш дека е поинаку, со сопствен манастирски дух. Во Аризона, во манастирот „Св. Антониј“, ја следат традицијата на Исусовата молитва. Манастирот „Св. Герман Аљаски“, во Платина, тихува во срцето на тие големи планини. Во Бигорски, Лесново или, пак, Зрзе се раководат по друг типик. Благодатта е една, зашто Бог е Еден. Нема поделба на манастирите зашто кога правиме вакви поделби, тогаш го делиме Христа. Додека бев во Македонија, често слушав (па и јас понекогаш правев така) како сите се делат на „бигорчани“, „наумовци“, „лесновци“, „зрзевци“, и се гледаше натпревар, борба меѓу верните чиј манастир е поубав. Тоа е дело,

стапица, на кнезот земски зашто тој жеднее за да раздели. Бог собира, а тој разделува. Така овој лош кнез ги раздели Адам и Ева од рајот со цел да ги оддалечи од Бога и од рајската хармонија. Многу треба да се чуваме од ова!

Секој што оди во манастир со намера да го најде Христа и да се спасува, ќе го најде тој бисер, а оној што оди таму за да бара само убавина, скапи и позлатени икони, мермерни подови, или грандиозни иконостаси, нема да најде мир во себе и често ќе биде веен од евроклидон[19].

Научив дека манастирот е манастир, дека секоја планина има своја убавина, и следствено на тоа, секој манастир е украсен од разни подвизи кои црнорисците таму ги чинат. Да не го заборавате тоа, и да не ги делите манастирите на убав и неубав.

Во овие свети места одиме за да бараме покоиште и да береме плодови, зашто тие дрва не раѓаат сезонски, туку едностојно.

19 Библиски назив за ветер.

КОГА БИ ЗНАЕЛ КОЛКУ ТИ МЕ ЉУБИШ...

Поради сето она што го примив како дар од Тебе, Тебе ти се предавам. - Бидејќи преку Тебе се осветив во духот, со секој здив во тивкиот ветер, Тебе Те чувствувам. Природата говори за Тебе, за тоа колку сè премудро си создал, а сепак, најмногу сведоштва дава човекот на кој Ти дух му даде.

И јас сум еден од нив. Човек обичен, човек грешен. И знам, многупати Те нажалувам, се одрекувам од Тебе, Те предавам, Те распнувам. Човек сум обичен и грешен. Затоа од душава мачна молба ти праќам, Ти немој да го одвраќаш Лицето Свое од мене, бидејќи ми требаш. Иако многупати не сум свесен за тоа. Знам и чувствувам, ако Ти ме оставиш, во пропаст ќе тонам.

Што би бил јас без Тебе?

Цвет кој денес е полски украс, утре дувнат од ветерот исчезнат и заборавен, така што ниту местото негово нема да се познава.

Со сигурност, знам. Како и сите, и јас сум Твој. Кога и да се трудам да избегам, каде и да бегам, пак доаѓам кај Тебе и пак го повикувам Твоето Име Свето. Ти си секогаш овде за да ми помогнеш, да ме прегрнеш во Твоите Татковски Раце. И така прегрнувајќи ме, јас ја чувствувам Твојата љубов, зашто Ти си ЉУБОВ.

Колку ли пати бев отфрлен од ближните, а јас само роптав и се жалев, без при тоа да разберам дека Ти си во мене за да ме утешиш. Јас бев еден од твоите изгубени овци, а Ти иташе за да ме собереш во Твоето пастирство. Иако мислам дека се уште не сум научил да се потпрам за Твојата Десница која Ти ми ја подаваш, сепак учам сета моја надеж да ја полагам на Тебе! Тогаш, и силни реки од болки, и бури од искушенија да надојдат, јас нема да се плашам, ниту пак мојата куќа ќе се распадне.

Срцето свое сакам да го наклонам кон Тебе и да не заборавам дека сè доаѓа од Тебе: дождот и сонцето, радоста и тагата, искушенијата и простувањата, всушност сè...

Со Твојата благодат сум тоа што сум. Ме љубиш и ваков, жалостејќи Те во моите гревови. Колку ли само животните умеат да љубат. Тие не знаат да мразат, немаат душа, а сепак љубат. А колку сум далеку од нив јас, кој имам душа и пак не знам да љубам.

Постојано се потсетувам на стиховите кои Твојот Јован Евангелист ги запиша: "Животот вечен е тоа, да те познаат Тебе, Единиот вистински Бог и испратениот од Тебе Исуса Христа".

А јас? Се прашувам дали те познав во срцето свое? Ако речем ДА, ќе Те излажам зашто се уште не сум научил вистински да ги љубам браќата. Ако

пак речам НЕ, пак ќе те излажам зашто сепак те познав уште од утробата на мојата мајка, во моментот кога ти ми даде дух, кога јас, растејќи во мајчината ми утроба, дојдов на овој свет.

Времето е толку кратко за да мразам, а многу долго за да љубам. Кога би знаел колку Ти ме љубиш, сè би оставил и би тргнал по Тебе!

Тебе Ти го кажав она што ме тишти, сакам да почнам да ја живеам Твојата ЉУБОВ за да можам да преминам на втората скала од Духовното скалило!



ГНИЛЕЖОТ НА „ГОЛЕМОТО ЈАБОЛКО“

За љубовта на еден отец кон бедните

Блажен е оној што ги прегледува бедните и сиромасите!
Во злочест ден Господ ќе го избави (Пс. 40,1).

Њујорк! Голем град. Чиниш мравјалник од луѓе. Ги анализирам, ги гледам луѓето кои чекорат угоре и удолу по улиците. Кој по бизнис, кој на работа, кој само шета, а многумина со торби на грбот чепкаат од канта во канта за да најдат некое парче леб. Или, некој друг остаток од храна кој некој „среќник“ го фрлил. Има и такви кои напишале на хамер дека немаат дом и просат милост од луѓето. Но, луѓето, богато облечени и најадени, катадневно поминуваат покрај бедните без да ги забележат. Вакво е секојдневието по њујоршките улици. Оние, кои не биле да го видат овој град, копнеат да го видат поради некојаси причина. Како еден од нив, и јас така го перципирав. Многумина кога ќе стапнат во „Големото Јаболко“ некако се разочаруваат од неговиот гниеж зашто очекувале да го видат во поинаква благодатна светлина. Реалноста е сурова.

За среќа има добри луѓе кои ќе фрлат по некоја „ситна железна паричка“ за тие души, а некој и ги нагостува со оброк. За бедните тоа е празник. А, пак, Бог, Тој никогаш не ги остава.

Отец Мартин Краус. Овој отец е свештеник од Американската православна црква и служи во Њујорк. Секој четврток, отец Мартин оди на посебна локација и им дели супа и сендвичи на бедните. Неодамна тој одржа предавање во Теолошкиот факултет „Свети Владимир“ во Њујорк на тема „Храната како средство на благодатта“, каде што го сподели своето мисионерско искуство со студентите. Отец Мартин израснал во неправославно семејство. Тој ни раскажа дека кога бил излезен со своите другари, често „налетувал“ на некој сиромав, но не можел да разбере зошто има бедни луѓе. Кога се запишал на колеџ, се запознал со својата идна попадија која била православен верник. Во една прилика, тој отишол со неа на Божествена литургија во руската црква каде што таа одела. Ја почувствувал благодатта и посакал да стане дел од православната црква. Се покрстил, а потоа и се запишал на Теолошки факултет, кој го завршил со највисок успех.

Потоа, отец Мартин бил ракоположен за свештеник, а денес е парохиски свештеник во храмот „Света Троица“ во Лонг Ајленд, една од населбите во Њујорк. Претходниот свештеник во тој храм, отец Давид Кирк, имал основано организација за собирање храна за бедните која се викала Emmaus House. Откако тој починал, отец Мартин го следел примерот на

овој ревносен свештеник. Прво, отец Мартин инсистирал да направи мала кујна во црквата каде што ќе може да се готви. Нашол разбирање кај своите парохјани кои го поддржуваат финансиски за ова богоугодно дело. Така, овој отец и неколку волонтери готват супа и прават сендвичи, а секој четврток со миникомбе одат на Менхетен и ги делат на бедните луѓе кои живеат на улица. Голем и благословен е овој подвиг! Оној кој нахранува сиромав, го нахранува Христа.

Во своето предавање отец Мартин објасни подробно што значи да помагаш на сиромаси. Тој ни рече дека треба да се молиме за сиромасите, но ако само се молиме, а не им помагаме, не правиме ништо. Храна ни треба на сите, особено на оние кои живеат на улица. Всушност, тоа е она што најмногу им треба. Не можеме на таквите да им го проповедаме Евангелието на збор, туку само на дело, а тоа е преку храната, зашто храната, во овој случај, е средство на благодатта со која ќе им се приближиме и ќе им помогнеме на овие луѓе. За сиромасите, храната е вратата преку која оној кој помага може да влезе во нивниот живот.

Од свое искуство, отец Мартин рече дека таквите луѓе се чувствуваат како невидливи за општеството, а ние сме оние кои треба од „невидливи" да ги направиме „видливи". Неговите зборови одекнуваа: „Кога им даваш храна, потруди се да бидеш како еден од нив, па доколку треба, и јади со нив." Потоа ни раскажа еден настан кој го доживеал со една жена која живеела на улица. Кога ѝ пристапил, таа ладно му одговарала, но по некое време го прашала дали ќе се моли за неа. Отец Мартин ѝ одговорил: „Секако ќе се молам за вакво убаво човечко создание Божјо." Таа го прашала: „Навистина ли сум убава?", на што тој ѝ рекол дека секако е убава. Потоа, таа му раскажала како била силувана од својот татко како мала и како не можејќи да го издржи сиот притисок дома, избегала, и веќе неколку години улиците се нејзин дом. На крајот му рекла: „Кога ќе отидеш дома, кажи им на твоите деца колку ги сакаш и кажи им дека вечерва запозна жена на која не ѝ беше дадена вистинска љубов од своите родители." Ова се само неколку настани кои отец Мартин ги сподели. Уверен сум дека неговите искуства се бројни. Голем и благословен е овој подвиг! Оној кој нахранува сиромав, го нахранува Христа.

Денес, ретки се таквите кои го прават овој подвиг. Но, слава на Бога што сè уште ги има. Ние отстрана ги гледаме бедните, но кога ќе почнеме да разговараме со нив, заклучуваме дека многумина од нив имаат чисти срца, но животните врвици ги оставиле на улица. Она што го видов во очите на отец Мартин е големата љубов со која зборуваше за бедните луѓе, а очите неколкупати му се полнеа со солзи.

Вака го доживеав отец Мартин Краус, свештеникот кој секој четврток оди на Менхетен и им дели супа и сендвичи на луѓето кои живеат на улица.

СО ЉУБОВ ЗА ДЕДО МИ!

Езекиј го роди Манасија, а Манасија го роди Амона... (Матеј 1,10).
Зашто и тој е син Авраамов (Лука 19,9).

Животот е полн со изненадувања. Ние луѓето треба да бидеме подготвени на сѐ. Кога ни е убаво, тогаш немаме грижи и се препуштаме на задоволствата. Во такви ситуации често забораваме на Бога и забораваме да Му благодариме за убавото и пријатното што ги имаме. А, пак, многумина од нас, кога ќе нѐ снајде неволја, или некој наш близок ќе се упокои, роптаме против Бога. Всушност, овде се гледа нашата вера и тоа колку сме силни.

По полноќ, во дванаесет и триесет, Господ посака да ја земе душата на дедо ми. Се упокои на шеесет и петгодишна возраст. Имаше проблеми со срцето. Се слушнавме пред недела и пол. Знаеше дека на крајот на овој месец ќе си дојдам во Македонија и ми рече: „Ќе те чекам." Од дома не ми кажуваа секогаш за неговата состојба за да не ме полнат со грижа. Баба често ќе кажеше: „Ти само учи, дедо ти е добар." Оваа година состојбата на моите двајца дедовци им се влоши, и во срцето чувствував дека некој од нив ќе замине, а јас нема да бидам таму. Ете, денеска тоа се случи со едниот од дедовците, таткото на мојата мајка. Не тагувам толку за неговата смрт колку што тагувам поради тоа што сум далеку. Далечината боли!

Утрата кога стануваме од постела често ни носат добро, но понекогаш знаат да ни донесат и лоши вести. Беше празник на чудотворната икона на Мама, Курско-Коренска, и се подготвував за света причест. Ова утро, мајка ми ми напиша порака на интернет: „Е, сине, баба ти ми рече да ти кажам дека нема да го видиш дедо ти. Јас вечер имам авион и молам Бога да го видам жив, оти готов е." На прво читање, овие зборови малку ме стресоа. Ги оставив солзите да течат зашто човечки е да жалиме за љубените. Веднаш застанав до иконите и реков нека биде волјата на Бога, но барем да се причести. Слава на Бога, парохискиот свештеник отиде во болница и го причести. Срцето ми се радува што и двајцата се причестивме на празникот на оваа чудотворна икона. Сѐ се случува со Божја промисла. Блажено е кога човек ќе се упокои причестен. Затоа се радувам за дедо!

Вчера, додека сѐ уште беше помеѓу живите и лежеше во постела, го видов преку интернет и малку зборував со него. Срцето ми се кинеше кога го гледав како се мачи, но беше силен. Мајка ми дојде од Виена, но ѝ доцнеше авионот – сепак, дедо ми издржа и дочека да ја види, па да замине од овој свет. Колку само душите чувствуваат пред да се одделат од телото! Мистични се тие нешта за нас луѓето. Всушност, кога и ние ќе издивнеме, верувам и

нашите души ќе го чувствуваат истото. Денеска, кога зборував со неговиот син, а мој вујко, ми кажа дека по нашиот краток разговор преку интернет, дедо заплакал и рекол: „Најкриво ќе ми биде што нема да можам да дочекам да дипломира."

Повеќе тагував и плачев тогаш отколку откако се упокои, зашто знам дека душата не умира, туку се враќа при Создателот. Еден монах од овде, по повод неговото упокоение, ми пиша вака: „Држи го споменот твој негов во твоето срце." Понатаму ги додаде и следните слова: „Помини време со Богородица [пред Нејзината икона]. Таа ќе ти ги избрише солзите." Благи се овие зборови за душата. Утехата е само во Христа и во Неговата Пречиста Мајка.

Околностите не ми дозволија да отидам во Македонија, но затоа решив да напишам неколку зборови за да бидат прочитани пред вечното почивалиште на дедо ми, пред да го спуштат неговото тело во гробот. Мојата намера му ја кажав на свештеникот кој го отслужи опелото и тој го стори тоа.

Еве ова го составив:

Возљубено семејство,

Денеска тагувате вие, но тагувам и јас. Денеска се простувате од дедо, но се простувам и јас. Солзите ваши се и мои. Далечината боли, зар не? Тагувам многу повеќе поради тоа што не сум таму, со вас. Но, ете, така сакал Бог, и да не заборавиме дека без Него, ништо во нашите животи не се случува. Имајте на ум дека Бог не зема предвреме, туку во свое време. Од сите вас очекувам да не тагувате многу, односно, да тагувате со мерка, зашто ако премногу тагуваме и лелекаме, тогаш ѝ правиме полошо на душата. Не ѝ помагаме, туку ѝ одмагаме. Ние сме православни христијани и веруваме дека со смртта не завршува животот на земјата. Смртта не е страшна, туку таа е премин на душата од овој привремен свет во духовниот – вечниот. Животот на човекот не завршува со напуштањето на душата од овој свет, туку тоа е премин од привременото во вечното. Еднаш, на едно место ги прочитав следните зборови: *Темни манастирски ѕидови, налик на гроб во кој кога ќе легнеме, ни го отвора патот кон царството и нѐ буди свртени кон Истокот, кон вечноста.* Мислам дека го разбравте ова. Гробот ни го отвора патот до Бога, зашто никој не може да го види Бога во тело. Истокот е Царството Небесно. Ќе ви кажам мал пример: за некој род да порасне, прво мора семето да се посади во земја. Со други зборови, за да порасне, треба да се закопа во земја. Истото го вели Христос за луѓето. Сите ние треба да ги оставиме своите тела во земја, за да воскреснеме на Второто и Славно Христово доаѓање. Телото е создадено од земја и во земја ќе се врати, но духот е тој кој не умира. Сложете го ова во Вашите срца!

Јас се радувам за дедо зашто тој се причести, а тоа е главната цел на еден православен христијанин. Нема поблажено од тоа човек да се упокои причестен; затоа благодарете Му на Бога за тоа. И уште нешто да ви кажам: тој ден (среда) беше празник на една чудотворна икона на Пресвета Богородица, Курско-Коренска, знамение и воедно, голем празник на Руската црква каде што во моментот студирам. Големата икона која ви ја подарив пред две години, и сега виси на ѕидот во ходникот, е копија од таа чудотворна икона на Богородица. Има уште нешто да ви кажам за ова: на тој ден се причестивме и двајцата, дедо и јас. Многу ја сакам и ја почитувам таа чудотворна икона, а ете, Мама (Богородица) сакаше и двајцата да ги примиме Светите Тело и Крв Христови. Нажалена бабо, вујче и мајко, нема ништо случајно, зар не? Сите сме гости на овој свет. Колку повеќе растам, со своето искуство во верата, учам да не тагувам многу зашто знам дека овде сѐ е привремено. Зар треба да дозволиме да го изгубиме рајот поради земните работи? Зар треба да се препуштаме на земните наслади, уживања и на чинењето лоши работи, а да го изгубиме животот вечен? Не. Не, мили мои. Можеби е тешко да го разберете ова, но, еве, малку ќе ги упростам зборовите: знајте дека овој свет е привремен, и сите ние треба да се стремиме кон Царството Небесно, каде што постојано ќе бидеме со Бога. При зачнувањето на детето, уште од утробата, Бог му дава душа. Значи, душата ни е од Бога дадена и при Бога се враќа. Ние, како луѓе, нормално е да тагуваме. Тагуваме од љубов. Тагуваме зашто сме ги љубеле ближните, но да не дозволиме таа наша тага да нѐ однесе во очајание. Што сакам да ви кажам со ова? Кај нашиот народ има лош обичај кога некој ќе се упокои, сите почнуваат да плачат со зборовите: „Зошто отиде, врати се, каде ќе одиш?...“ и што уште не. Од овие работи треба да се чуваме и да не правиме така, зашто ако го чиниме тоа, ѝ наштетуваме на душата на умрениот. Тагувајте, но умерено. Верувам сите ме разбравте што сакав да ви кажам со ова. На душата на дедо, а и на сите новоупокоени, не им треба плач, туку им требаат молитви. Сега сите треба да се молиме за душата на дедо со зборовите: „Господи Исусе Христе, упокој ја душата на Манаско.“ Вака сите треба да правиме.

Затоа, сега, во овој момент, ве замолувам кога ќе фрлите земја, речете вака: „Господи Исусе Христе, упокој ја душата на Манаско.“ Истите зборови кажувајте ги секоја вечер до 40-тиот ден, а ако можете, и понатаму. Бабо, вујче, мајко, Тане, вујно и сите роднини, не заборавајте го ова. Ако се молите вака, ќе бидете од голема полза за душата на дедо. Сега ова најмногу му треба. Немојте да си терате свој неправилен обичај или како што велат кај нас: „Сите така прават, па и ние.“ Прават зашто не знаат. Треба да ја слушаат Црквата, свештеникот. Послушајте ме и правете го тоа.

Драг дедо, дозволи ми и тебе да ти се обратам и да изустам неколку слова:

Очекував дека ќе те видам кога ќе се вратам во Македонија за две недели, но тоа не се случи. Имав чувство дека еден од вас дедовците ќе замине додека јас сум во САД. Но не тагувам многу зашто знам дека во другиот живот ќе се видиме. Таму е блаженството. Таму е радоста. Бог сака таму сите да се населиме.

Кога се упокои, веста за твојата смрт ја споделив на интернет, и една моја духовна сестра, Андријана, која ја запозна, го напиша следното: „Стојанче, ти со своите дела направи дедо Манаско да биде горд и среќен човек. Го видов тоа и го почувствував во црквата „Св. Ѓорѓи" во Кочани, во летото 2013., кога ги донесе светите мошти. Кога ќе те погледнеше, неодолива насмевка блескаше од неговото лице. Биди среќен поради тоа. Далечината боли, но ти моли се за неговата душа..." Се надевам дека барем нешто направив за да се радуваш на мене. Верувам во нејзините зборови зашто знам колку ти се радуваше на мене и, ќе се осмелам да се пофалам, на моите успеси кои само со Божја помош ги чинам. Морам да признаам дека ти секогаш го разбираше мојот начин на живеење и учење. Другите наоколу не го гледаа навистина она што го учам како начин на живеење, туку како професија. Бог ми даде многу радости. Ти го знаеше тоа. Без Неговата промисла и помош, немаше да бидам тоа што сум денес, но сакам да ти кажам нешто: срцето постојано ми плаче кога никој од нашите не оди на литургија секоја недела и не се воцрковува. Не велам дека се неверни, туку не сакам да бидат традиционални верници – сакам да бидат живи верници, како што Господ ни заповеда. Но Бог е милостив и Тој сака сите да се спасат.

Ти во твојот живот имаше на многу да се радуваш. Прво, на внуците, како што и самиот често ќе ми речеше. Сите ние треба од тебе и од баба да учиме за тоа како се живее сложно, и покрај животните искушенија и проблеми, да се поддржуваме меѓу себе и да се љубиме. Денес живееме во време кога се губат вистинските вредности на вистинскиот брак. Денес малкумина се такви кои до својата смрт остануваат верни еден на друг. Но што да се прави, на луѓето им е помило да лудуваат, да уживаат и да не се грижат за моралните вредности.

Мислам дека многу зборував. Сега легни во гробот, во местото на твојата почивка и спиј до Второто Доаѓање Христово. Јас постојано ќе се молам за твојата душа, а се надевам дека кога ќе го напуштам овој живот, Бог ќе ме удостои да станам наследник на Неговото Царство, па да се видиме кај Бога.

Вечен ти спомен, драг дедо...

„Господи Исусе Христе, Сине Божји, упокој ја душата на твојот новопретставен слуга, Манаско! Упокој ја, Господи! Амин!"

Дедо, немав можност да бидам присутен на твојот погреб, но затоа го напишав овој текст за да ти кажам преку него дека секогаш ќе те сакам!

’РТЄЊЄ

Трпението Твое ме направи ревносен за Твојата вистина.
Нек Ти е слава, Спасителу наш, во веки. Амин!
Срцето ми е исполнето со синовска
благодарност кон Тебе за сè
што си направил за мене, недостојниот.

Што е она што ни го загрева срцето? Што е она што го чувствувам како душевна сенка која ме смирува? Овде е, во себе го чувствувам, а сепак не можам да го опишам. Ме гори, гори од благодат. Чудна љубов до изгор. Ми се случува мислите бесполезно да ми велат да го изгаснам огнот. Но, зарем да го гаснам она кон кое копнеам? По долготрајна борба прифатив да ги изгаснам помислите за таквата дилема, но никако благодатта. Таа ме просветлува, ме топли и ме следи каде и да одам. На секоја литургија, на епиклезата... Колку многу посакувам да се осоколам, со молитвата да умувам и да го смирувам немирниот намерник кому помош му треба. Животот знае дека за да го можам тоа, ќе треба да собирам дела и сила.

Еве, дојде уште еден март, четврти ден од овој месец. Си реков ќе седнам и ќе нанижам неколку слова, па нека стојат запишани на хартијата, во одајата, во овој свет. Ние православните христијани не посветуваме толку внимание на родендените колку на имендените. И има причина за тоа, но сега ќе ја прескокнам. Овој пат, со објаснување. Сепак, чувствувам потреба да го истакнам овој ден зашто е ден во кој по девет месеци во утробата на мајка ми, дојдов на овој свет. Сум бил мал како и секое човечко битие. Дојдов на овој свет, а со силата на Светиот Дух бев крстен и се облеков во Христа. Таинство божествено е тоа! Зар немам должност да Му благодарам на Бога за тоа? Имам. Поради тоа, денес за овој ден ќе творам.

Господ го уреди мојот живот. На денот на крштението, ми вети дека ќе биде со мене до свршетокот на мојот живот. Но јас не сакам да бидам со Него само во овој живот. Сакам со душата да бидам дел од светиите кои се на Небесата, и со нив да ја пеам Трисветата песна на Пресвета Троица. Денес сум жив. Имам дихание. Сè уште пловам во водите на младоста. Таа младост ме научи дека годините не го прават човека зрел, туку животниот подвиг нè учи на тоа. Потта од челото го горчи јазикот за да каже дека без работа нема леб и без добри дела нема спасение. Не чувствувам дека само еднаш бев посинет од Отецот, туку дека денонoќно сум посинуван. Трае. Не престанува. Така тврдам зашто така чувствувам.

Живеам во младост во која чекорите нечии ме смируваат,
на чудните нешта се насладувам без да ги одгатнувам,
ударот од брановите го истрпувам,
Заветот на Љубовта го таам,
на парталавиот на улица му се насмевнувам, зашто мила ми е неговата насмевка,
и катадневно се радувам зашто
Отечката посиновеност не престанува. Трае...

Имам уште нешто кое треба да го извадам од срцевите извори на чувства, а од умот, мислите. Кои се? Еве ги. Ова е година кога навршуваат веќе пет години од моето битисување во туѓа земја која океанот ја двои од мојата, по плот, родна земја.

Пет прославени родендени,
Пет утра,
Пет благодарствени молитви,
Пет топли поздрави од ближните.

За мене вредноста на еден момент е радоста. Мислам дека оттука почнува сè, и токму затоа животот го гледам преку радоста. Едно знам. Станувам постар, но радоста во Бога ја носам во себе. Таа ме прави млад, како младенците. Ете ја вредноста на некој момент.

И уште нешто. Што го прави овој ден посебен? Можноста што се разбудив за да му кажам на Создателот: „Благодарам за сè!“ Чекорам по патот на минатото, а денеска повторно се раѓам. Некогаш и јас бев дете. Се раѓам.

НЕДЕЛА И ВОСКРЕСЕНИЕ

I дел

Да сакаш да ги примиш во себе како свои радоста и тагата на саканиот?

Каков благословен неделен ден!

Какво благословено попладне!

Ми се чини дека во недела сѐ е благословено, почнувајќи од првиот удар на црковните ѕвона, па до заоѓањето на сонцето, кога повторно ќе удрат ѕвоната за Вечерна. Сѐ се радува, па дури и природата одмора и го прославува Бога за сѐ што создал во овој свет. Сонцето – тоа, пак, денеска така убаво грееше. Сѐ уште е зимен период, што значи ладно е, но тоа се пробиваше низ ладниот воздух и го топлеше човековото тело. Воскресение е секоја недела. Литургиско заедничарење, агапи.

Овој ден, недела, го прави посебен и едно друго нешто. Да се чинат добри дела, да се посетуваат болни, да се подаде рака на беден, старци во старските домови... Пред неколку минути се вратив од град, од посетата на матушка Надежда која живее во домот. Стара е, веќе не може да се движи, но силна е со духот и во верата. Тоа се забележува на нејзиното лице, во очите, и се слушаше преку нејзините зборови во кои Бога често Го споменуваше.

Сѐ почна вака: денеска мене ми беше редот за да готвам во кујната, овде во Троитскиот манастир. Кога се работи таму, во кујната, потоа телото бара одмор. Се готви за монасите, за семинаристите, за богомолците. Не е лесно послушание, но е благословено. Зар има поубаво од тоа кога им служиме на ближните? Кога готвиме со ревност и љубов, тогаш Бог го гледа тоа и излева благодат. По манастирскиот ручек, Елизабет, православна покрстена Американка која живее недалеку од манастирот, ми рече дека има намера да оди да ја посети матушка Надежда во домот и ме праша дали сакам и јас да дојдам со неа. Неколку дена пред ова, со неа зборувавме за свети Јован Шангајски, и таа ми рече дека матушка Надежда го познавала и имала неколку средби со него. Зар можев да останам рамнодушен на ова? Ѝ реков да ме извести во првата прилика кога ќе оди кај неа. Денеска дојде тој ден. Елизабет знаеше дека сум во кујната и дека ќе бидам уморен, па ми рече ако сакам, можам да одам некој друг ден. Ѝ реков дека ќе дојдам, и се договоривме да ме земе во два попладне.

Отидов во соба, прилегнав малку, ама подобро ќе беше да не легнував воопшто. Кога човек е уморен и ќе се разбуди по нецел час спиење, сѐ наоколу му се чини испревртено. Барем таков бев јас кога ми ѕвонеше алармот. Да, бев уморен. Толку ми се спиеше што бев со мисла да ѝ напишам

порака на Елизабет да одложиме за друг ден. Во тој момент и друга мисла ми дојде во умот. Си реков: „Зар поради една желба да поспијам повеќе нема да отидам да ја посетам матушката во домот? Зар во овој благословен неделен ден ќе бидам себичен и нема да ѝ го подарам своето внимание на една душа која е желна да поразговара со некого? Можеш и вечер да спиеш, а сега оди и посети ја." По овие мисли, станав. По десет минути откако станав, таа пристигна, и тргнавме. Многу се радувам што отидов. А колку само се израдува матушка Надежда. Лежеше во својот кревет, покриена со ќебе. До нејзините раце лежеше Свето евангелие и молитвеник. Од нејзината десна страна имаше икона од Богородица, а од спротивната страна, на ѕидот, исто беше обесена голема икона од истата Царица Небесна, посветена на Радост на сите Нажалени. Нејзиното старо лице говореше за животното искуство низ кое таа поминала со својот батушка. Ех, старост! Знае да биде тешка и мачна, ама полна е со мудрост.

Старите ги гледаме како ослабени, исушени, но тие поминале низ многу голготи за да бидат онакви какви што се денес. Секој мал гест, љубов и внимание од нас помладите е богатство за нив. Ним не им требаат пари, бесни коли, удопства. Им треба љубов. Сакаат да бидат љубени. Ние, помладите, го забораваме суштинското, она највредното – љубовта. Наместо тоа, жедниееме за земска слава, задоволства и што уште не. Што е уште пожално, не си доаѓаме на себе за да разбереме кон што треба да се стремиме сè додека не дојдеме во одминати години и не легнеме во постела, па откако ќе легнеме, тогаш не ни се слатки парите, задоволствата... Таа фаличност или ние ја следиме, или, пак, таа нè следи. Му благодарам на Бога што им ја дал староста на луѓето. Само така ќе си дојдат на себе и ќе видат дека земните задоволства не го чинат човекот среќен. Го чинат доблестите, позитивната особина, непорочноста, да ги љубиш другите повеќе од себе.

Сега да напишам нешто од денешната средба со матушка Надежда. Ја отворивме темата за свети Јован Шангајски и Санфрациски.

„Јас собирам материјали од живи сведоци за овој голем чудотворец, па поради тоа дозволете ми да Ве прашам и да ми раскажете повеќе за свети Јован. Слушнав дека тој Ви претскажал дека Вашата куќа ќе изгори."

За тоа мислам дека не, не се сеќавам – почна да говори матушката – *но има други работи кои ни се случија. Прв пат го запознавме свети Јован во Џорданвил, во делот каде што беше печатницата. Мојот сопруг, отец Всеволод, му пристапи да му земе благослов, и светителот го праша од каде е. Тој му одговори дека е од Харков и дека до неодамна живеевме во Аргентина. Свети Јован му рече дека тој е по потекло од таму. Потоа нè праша дали имаме деца. Му одговориме дека имаме две мали. Денес, имаме седум деца, но тогаш беа само Николај и Марија. Во тој момент,*

тие беа надвор, во кола. Свети Јован се заврте во правецот каде што беа децата и крстовидно благослови.

„Но свети Јован не знаеше каде беа Вашите деца?“

Не, не знаеше. Му ги кажавме имињата, а тој само се заврте во правецот каде што беа и ги благослови. Тоа беше првиот пат кога го сретнавме. Вториот пат, кога дојде, нашата средба беше во црквата. Откако излезе од таму, отиде зад олтарот во усипалницата да го целива гробот на еден од упокоените митрополити. Неколку луѓе тргнаа по него и го чекаа да излезе за да му земат благослов. И јас собрав храброст и тргнав. Кога тој излезе од усипалницата, луѓето му пристапија да земат благослов, и јас по нив. Тој благословуваше одозгора, па до долу. Ме виде и ме праша: „Како се Николај и Марија?“ Јас се штрекнав на неговото прашање. Не очекував дека ги запаметил нивните имиња. Прво, имајќи предвид колку е зафатен, кој би помислил дека ќе ме праша: „Како се Николај и Марија.“ Да, колку само љубов имаше во него. Немаше да не знае за некој болен, а да не отиде во болница и да го посети.

На крајот од нашата посета кај матушка Надежда, во старскиот дом во Херкимер, ѝ предложив да испееме неколку химни. Мислам дека блесна од радост. Ѝ испеавме неколку химни на Пресветата, тропарот на Чесниот и Животворен Крст. како и на свети Јован Шангајски и Санфрациски. Со ова заврши нашата посета. Ѝ рековме дека во следна прилика повторно ќе ја посетиме. Ѝ посакавме да остане во радоста на Христа и многу сила во нејзината духовна борба против кнезот на овој свет.

Се вративме од старечкиот дом. Додека се враќавме назад, во автомобилот, сѐ уште се восхитував на она што го доживеав со матушка Надежда. Се восхитував на нејзиниот животен ентузијазам кој го имаше на нејзините години. Разделбата од овој свет се ближи за неа, но таа сѐ уште е бодра со духот. Црквата ѝ е приоритет, вооружена е со Евангелие и молитвеник, икончиња на ѕидовите... Што уште ѝ треба? Мислам дека таквите како оваа матушка не стравуваат од смртта зашто знаат дека вечноста за нив е на прагот. Го чекаат тој ден за да започнат нов живот каде што секој ден ќе им биде недела и воскресение.

Спомни си, Господи, за старите во старечки домови, а нам не давај ни да ги заборавиме, туку да ги посетуваме и да ги љубиме!

II дел

Дедо ми... Додека ја гледав матушката, размислував за мојот дедо кој исто така живее во старечки дом. Осаменоста ги јаде тие стари души. Секојпат кога ќе влезам во домот каде што е дедо, прво ме пресретнуваат десетиците

погледи на старците кои седнати зјапаат во мене како во некој странец. Зјапаат тие, но ги гледам и јас и им се насмевнувам. Понатаму, има една жена, која ми се чини дека е глува, и секојпак кога ќе ме види, ќе извикне:

„Еве, дојде внуков на Стојан!“

Или, пак, некогаш ќе ме праша:

„Имаш ли девојку?“

Немам, ѝ одговорив со насмевка.

Додека да стигнам до собата на дедо, ќе видам разни сцени. Некоја стара бабичка не престанува да вреска, друга, поради својата неподвижност, постојано лежи и сè ѝ е креветот.

Додека бев на посета кај него, не можев да ги запрам солзите. Повеќе беше поради неговата болест деменција. Зар не боли кога го гледаш твојот сакан дедо, разговараш со него, а тој не знае кој си, односно, во неговиот ум си некој младич кој дошол кај него? Зар не боли кога твојот дедо ти говори дека има внук кој студира во САД и дека се надева оти некој ден внукот ќе дојде да го посети? Не само што боли, туку пече. Со солзи во очите го пишувам ова, но што можам да сторам? Го молам Севишниот да го чува. Го прегрнав и плачев на неговите рамења. Патем, не знаејќи што да му одговорам, му реков: „Јас сум другар на Стојан. Тој не можеше да си дојде, ама рече да те поздравам, секогаш мисли на тебе и рече да ти кажам дека многу те сака.“ „Благодарам“, ми одговори дедо. „И Вие поздравете го, па кога може нека дојде.“

Не знам колку само моето срце тагуваше кога му го говорев сето ова, но немав избор. Ми се чини дека болката моја допираше до небесата. Во тој момент утехата ја барав во солзите.

Во тој дом има една слепа бабичка која многу ја љубам. Се вика Стојна, има деведесет и пет години, а изгледа како седумдесет. Со неа се запознав на необичен начин. Кога првпат отидов во домот кај дедо, имав единаесет години. Татко ми беше на пат, а јас сам се качив во автобус и отидов во Куманово. Домот е веднаш зад автобуската. Лесно е да се дојде до него. Кога влегов во домот, барајќи ја собата на дедо, случајно влегов кај оваа слепа баба, баба Стојна. Оттогаш се запознавме и до ден-денес таа многу ме сака, а и јас неа. При секоја моја посета на дедо, не ја одминувам нејзината соба. А таа колку е само гостољубива! Ручекот ќе го чува за мене, а ако, пак, веќе ѝ го зеле, тогаш ќе го отвори својот ладилник, ќе извади што има и ќе ме нагости. Всушност, и дедо правеше така. Тој, пак, собираше паштети, и кога ќе отидев кај него, ми ги даваше. Дедо и оваа слепа баба ме носат при секоја моја можност во тој дом. Ми недостигаат прегратките од баба Стојна.

Последната мој посета кај дедо беше емоционална за мене. Дел од неа веќе опишав. Додека бев во Македонија, очигледно бев негов чест гостин. Убаво ми беше кога одев кај него, особено во зимските периоди.

По Божествената литургија во Скопје, ќе се качев во автобус за Куманово. Телесно закрепнував кај него со што дал Бог. Потоа ќе дремнев неколку часа, а тој си седеше на својот стол и чекаше да се разбудам.

Мислам дека доволно пишував за дедо зашто ако продолжам, срцето ќе ми се разгори и тага ќе ме обземе. Тешка беше мојата последна разделба со него. Му реков: „До видување“, и стоев на вратата. Потоа кришум со гледав како седи на својот кревет, и со тага излегов од домот. Таа разделба до овој момент ја носам во себе, а тогаш додека скришно го гледав, изустив:

„Те оставам во мир и љубов Божја!“

РАЗДЕЛБА ОД ДАЛЕЧИНА

4. декември, четврт ден од мирното заспивање
на дедо, денот на неговото легнување во гробот
и празник на Пресветата – Воведение Богородично.
Далеку од дедо, во Кармел, Калифорнија.
Те сакам, дедо!
Љубов и по смртта!

Сесвета Богородице, за време на мојот живот
не оставај ме, на човечко застапништво
не предавај ме. Но Ти самата застапи се и помилуј ме!
„Блажен е оној кого си Го избрал и примил;
он ќе живее во Твоите дворови; ќе се исполни со добрини од Твојот дом;
а Твојот дом е свет и чудесен е во праведноста“ (Пс. 64,4).

Што сме ние? Земја ли сме? Битија кои дишат? Имаме душа која го надминува животот на земјата, животот во телото. Дали би тагувал денес, разбирајќи го ова? Таква беше волјата на Создателот... Дојде денот да му пеам на дедо „вечнаја памјат.“ Тоа утро, на 1. декември ме потресе веста за неговото заминување. Како и секое утро, станав за да се подготвам за на работа и да ги прочитам утринските молитви. Додека се подготвував, ми стигна порака на телефонот, а кога го зедов телефонот, видов порака од тетка ми: „Стојанче, дедо ти почина вчера. Моли се за неговата душа!“

По втор пат. Слично чувство доживеав и со другиот дедо. Тогаш, пред една година во истиот месец, наутро, мајка ми ми напиша порака дека починал дедо, нејзиниот татко. Ете, и двајцата заминаа во период од една година: едниот на 11. декември, 2014. лето Господово, а другиот на 1. декември ова 2015. лето Господово.

Каков е нашиот живот? Животот понекогаш навистина знае да биде суров – кога некој од нашите блиски ќе замине, а ние сме далеку од нив. Често се прашувам дали оваа земја нè прави ладни или причината е во нешто друго. Животот овде толку е стресен, интензивен. Постојано нешто се случува, и едвај наоѓаме време за себе. Всушност, светот стана таков, а ние бедните постојано се сопнуваме и паѓаме во него. Уште повеќе печат спомените кога се потсетувам на моите средби и време поминати со дедо. Боли кога јас сум преку океанот, и никој од внуците не може да ја бакне раката од неговото

мртво тело. Погребите носат со себе агонија од болка, но истовремено и нежност – надеж на живот вечен. Телото ќе легне во понорите на земјата и коските негови ќе го чекаат Второто Доаѓање Христово за да воскресне. Во гробот телото нема да зборува, да мудрува. Насладата земна нема да ја вкуси. Зошто? Затоа што ние човечките битија треба да го гледаме изворот, а не реката, почетокот на животот вечен, а не исходот. Во далечините, зад таа планина, во утрото на новото будење ќе видиме ново изгревање на сонцето. Издигнување кон небото, враќање онаму каде што припаѓаме. Животот на човекот е како „трева, како полски цвет", кој денес е тука, а утре го нема. И уште, „дрвата потемнуваат со годините, а луѓето бледеат. Ќе врне. Мирисот на 'рѓата ќе биде свеж и пријатен како мирисот на пролетните цутови. И секое зборување завршува со песна и секоја тишина завршува со вечност."

Како да не речам дека не боли далечината кога боли? Тагувам за дедо, и покрај Божјата, друга утеха ми е океанот каде што сега сум, и од неговиот звук се поучувам дека сè на овој свет е минливо. Минливо е. Научен сум да тагувам сам. Сум тагувал многупати, па и овој пат сам ќе ја лекувам раната.

„Драг дедо, денес на твоето отпевание се молеа вака: *Каков е нашиот живот? Навистина – како цвет и чад и утринска роса. Навистина, дојдете да погледнеме во гробовите отворено: Кај е телесната убавина? Кај е младоста? Кај се очите? Кај е телесниот изглед? Сè овена како трева, сè се уништи. Со солзи дојдете да се приклониме кон Христа.*

Не дочекав и јас да бидам таму на овој ден, кога ти легнуваш со телото во гробот. Тоа ми беше големо желание, но, ете, животите наши нè растргнаа на различни страни. Горчината на животот ја почувствував во својот живот, но ја почувствува и ти. Јас одамна заминав за САД, но тебе секогаш те носев во своето срце, на секоја литургија се молев за тебе, а отсега ќе те спомнувам во упокоените. Дали порано или подоцна, ова ќе се случеше, зашто еден ден сите ќе издивнеме, но реалноста дека јас не сум таму ме ранува.

Ми недостигаа и ќе ми не недостигаат твоите прегратки. Колку уживав кога зиме те посетував, често ќе заспиев на твојот кревет, а ти со часови седеше на столот и чекаше да се разбудам. Срцето ми се радуваше кога беше присутен на промоциите на моите книги и се радуваше со мене. Ти не ја искажуваше толку пред мене твојата радост за мене, но знам дека се радуваше, а денес, оние кои те познаваа ми го говорат истото тоа. Нашата разделба беше во 2013 година. Минатата година кога те посетив, ти веќе не ме познаваше. Тоа многу ми го рануваше срцето. Кога заминав од кај тебе, ни самиот не знам колку плачев, а плачам и сега, кога го пишувам ова. Солзите понекогаш се полезни зашто се единствена утеха, по Божјата. Ја молам и Пресветата да ја ублажи мојата болка, но уште повеќе ја молам Таа, Царицата Небесна, да го моли Троичниот Бог да ја насели твојата душа кај праведните.

Денеска, Мама ми дава утешение зашто ти ќе легнеш во гробот на Нејзиниот празник – Воведение во храмот на Пресвета Богородица. Многу ја сакам Пресветата и знам дека Таа може многу да направи за нас. Друга и голема утеха ми се Светите Христови Тајни кои ги примив денес, на овој празник.

Што друго да ти кажам? Не можев лично, ниту, пак, телесно да бидам таму, но тоа толку не е важно колку што се важни молитвите. Ќе го молам Бога да дојде времето да се видиме и двајцата онаму. Овде, кратковечни сме сите по живот, но во другиот свет ќе биде поинаку. Затоа Христос дојде и воскресна, за да ни отвори пат и да ни каже дека има воскресение и за нас, за тебе, за мене...

Љубовта е силна како смртта. Ти ме љубеше до твојата смрт. Дури и во последните две-три години кога не ме познаваше, знаеше дека имаш внук кој студира во САД и сè уште го чекаш (е) да се врати и да те види. И мојата љубов кон тебе ќе ја носам и однесам во својот гроб кога и јас ќе издивнам. Прости ми што не сум таму, што не те прегрнав, бакнав... Ако не друго, барем нека сведочат за навек овие зборови кои ќе ги понесеш со себе, во гробот, во вечноста.

Ти пишувам од далеку, од Калифорнија, далеку преку океанот, и преку континентот. Овде утехата ми ја дава океанот. Сам сум, ги немам своите овде, освен солзите. Звукот и брановите ми говорат дека „навистина сè е како што е напишано во повелбата на Бога“, и на сите новопретставени им дава покој.

Ќе ми недостигаш многу. Не знам како да ти го кажам тоа. Малиот Стојан е овде, а големиот веќе го нема. Ако навратам во Куманово, за мене домот ќе биде еден спомен во кој те наоѓав, а сега? Сега ќе биде пуст без тебе, а не знам дали ќе имам смелост да влезам во него кога ќе се вратам зашто спомените ќе ми отворат уште една рана. Но ќе го сторам тоа зашто спомените ми остануваат како единствена утеха за тебе. Во длабока старост Господ ја зеде твојата душа. Ќе биде чудо доколку ние, разгалените и острастените, ги доживееме тие години. Која животна слабост останува без жалост? Секој ден, драг дедо, Бог уште повеќе ми покажува и ме учи да мислам на духовното, зашто тоа не може да се спореди со земното, со страсната приврзаност, вревата, привременото... Сите сме предадени на распаѓање зашто соединети сме со смртта, но јас не се плашам од тоа зашто тоа распаѓање е за наше ново раѓање и воскресение на нашите души и тела. Чудно и несфатливо за мене е од далечина да се верува дека ова се случува, дека веќе нема да те видам на овој свет. Ја мразам разделбата од далечина, но морам да ја прифатам. Единствена надеж ми се Христос, Црквата и молитвите со кои ќе се молам за твојата душа. Не сакам да ти кажам збогум, но морам.

Мил мој дедо, те гушкам од далеку. Ти сега легни во гробот и спиј до Второто Доаѓање Христово. Јас нема да престанам да се молам за тебе.

Човечки е да тагувам, но знам и верувам дека еден ден повторно ќе се сретнеме во другиот свет и таму ќе те гушнам. Сега морам да ги оставам солзите да се леат зашто така си спомнувам и се потсеќам на спомените за тебе. За мене е тешко да верувам дека веќе нема да те видам помеѓу живите, но се покорувам на Божјата волја Кој посака да ја земе твојата душа. Твојата насмевка никогаш нема да ја заборавам. Ќе тагувам по неа, но барем ќе остане да живее во моите спомени.

Почивај, драг мој! Одмори се зашто се исполни времето твое. Милостивиот и милиот Христос да ти подари живот вечен. Ја молам Пресветата, на овој Нејзин празник, и тебе да те воведе во храмот, во тие рајски населби. Нема ништо случајно. Легнуваш во гробот, на празникот на Нејзиното Воведение. Почивај, почивај, драг дедо.

Секогаш ќе те сакам!

Твојот внук, малиот Стојан...

Господи Исусе Христе, упокој ја душата на новопретставениот Стојан!

Затоа, Христе Боже, починатиот раб Твој упокој го како Човекољубец!

По застапништвото на Пресветата, на чиј празник ти легна во гробот.



КРАЈ СО ПРОМЕНА

Колку што на животната селидба ѝ нема крај, толку и помислите не запираат. Кога еднаш ќе се изгорам на некое искушение, ќе си речам: „Сега веќе ја знам оваа стапица, и кога лукавиот повторно ќе ја постави, ќе ја прескокнам.“ Ах, колку посакував да беше така, ама не е. Повторно паѓам во неа, во време кога најмалку очекувам. Но што да се чини, мора да се стане и да се продолжи. Еден школки семинарист, а сега веќе јеромонах, ми го кажа следново: „Кога некои луѓе го запрашале свети Јован Златоуст што значи да се биде христијанин, тој им одговорил дека тоа е како некој кога оди по пат, ќе падне, и повторно ќе стане.“ Паѓаме, а така јуначки му се спротивставуваме на лукавиот... Но, како и да е, моето раносано тело ќе продолжи да паѓа зашто е подложено на младоста, а таа, пак, таа си ја носи својата бура на времето.

Каде ќе ме однесе животот? Кој ќе бидам јас и дали ќе чекорам по истиот пат? По истиот веројатно не, но барем во тој правец. Често кога се молам, барам од Севишниот во иднината, која е непозната за мене, каде и да бидам, што и да бидам, никогаш да не го заборавам Оној кој не ме заборави мене кога ми беше најтешко и кога бев под облакот на искушенијата. Никогаш – да не даде Бог! Одамна го зедов крстот на животот, но сега, кога имам барем малку чувство за расудување, гледам дека штотуку стигнав до почетокот. И така, ова се повторува. Знам дека јас не сум оној кој ќе го промени светот, зашто промената започнува од себе, однатре. Досега немав научено дека оној кој ме кара, тој и ме љуби, а јас пак си го терам своето. Еден црноризец, кој го виде патот на мојата изгубеност, реши да ме врати назад. Ете уште една промисла на Милостивиот. Тој знае што е најдобро за мене и кога е време за промени. На почетокот, како мало младенче се лутев и во помислите го осудував. Кого осудував? Оној кого ме учи да бидам совесен, одговорен, послушен?... Некаде го прочитав следново за помислите: „Не кажувај му ги на умот намерите кои ги тлееш зашто неговата лукавост ќе те изеде.“ Досега немав никој зад себе кој за одредени нешта ќе ми кажува „не.“ На некој начин, имав полна автономија. Отсега работите се сменија. Време е и за ваква дисциплина, и не само тоа, туку сега разбирам колку е важно потчинувањето, односно, послушанието. Тоа се гледа кај малечките: кога нивните родители ќе им кажат за нешто „не“, и тоа е „амин“ за нив. И за нас возрасните треба да биде така зашто само на тој начин ќе се научиме како да се бориме против гревот. А тој од каде доаѓа? Зар не од нашата слободна волја? Апсолутно. Се плашам да помислам што би било кога светот би бил без дисциплина и во безредие. Ова ме води да размислувам за воплотувањето на Синот Божји.

Кога Тој, како Бог, беше послушен до крсна смрт на Отецот, зар јас ќе чинам во својот живот што сакам? Всушност, еден отец ми рече дека ова е една од најголемите итроштини на лукавиот против нас, а од која и самиот тој отпадна од Бог. Тој посака да има полна слобода, падна и сега нас, слабите, нѐ охрабрува со такви помисли да го чиниме она кое го посакуваме. За ова денес сведочат светот и беззаконијата во него.

Немам право да зборувам за некој друг, но за себе ќе речам дека учам од своите грешки. Во великата и славна катедрална црква „Света Софија“ во Константинопол биле врежани зборовите: „Измиј ги гревовите свои, а не само лицето.“ Кој и да влезел во таа црква, го читал овој натпис. Знам дека како што паѓав до денес, така ќе продолжам да паѓам и понатаму, но сполај Му на Бога што сѐ уште сум способен сам да станам, а не мора да чекам некој да ме крене. Кога би дошол до тој степен, тогаш... раносан ќе издивнам.

Време е да почнам да го гледам изворот, а не реката – почетокот, а не исходот!



ЦРНОРИЗЕЦОТ ОД КОЈ НАУЧИВ „НЕ“

Секој ден е можност за мене да се променам, да видам каде паднав вчера, за да не го сторам тоа повторно денес. Изборот дали ќе чекорам напред зависи од мене. Промената не се кине од дрво, ниту, пак, се бере. Таа започнува од умот со „време е!“ Промена, ново утро, иднина полна со неизвесности. Ах, Боже мој, од каде сега да започнам со мислите и настаните кои се случуваа до денес? Уште не научив дека Некој ме гледа. Дали одозгора, зад мене, пред мене или во мене, сепак Тој Некој е тука. Пуста човечка заслепеност! Нема да ги благословувам своите слабости, своите падови. Не знам само кога ќе научам да ги благословувам оние кои се строги кон мене. Паѓам на истите стапици пак и пак.

Денеска ќе пишувам за новиот татко кој Бог ми го даде. Да, татко црноризец со крст на градите. Отец Пахомиј ме полеваше со строгост за да види промена кај мене. Не знам дали тој ја виде или некој друг, но за овие четири месеци, јас ја видов. Главното послушание преку летото ми беше да плевам трева во градината. Очекуваше да биде совршено и лесно, но ќе ми најдеше мана. На моменти толку многу ми се смачуваше од прекорувањата што цел филм од помисли колку е лош си составував во умот против него и само барав начин како да си заминам. Неговата строгост ме научи да не бидам себичен и да мислам само на себе; Христос е центарот во нашиот живот; доколку сакам да бидам од полза за Црквата, треба со пот на челото да работам и да бидам мудар во своите постапки.

Ах, колку Му благодарам на Бога што ми го испрати овој црноризец во својот живот! Чувствувам дека за овие четири месеци поминати во манастирот пораснав и си дојдов на себе, за да видам кој бев, кој сум и кој треба да бидам. Видов како Божјата промисла работи во сите нас. Кога ние ќе отвориме пат и по своја волја ќе побараме помош од Бога, тогаш Светиот Дух снисходи во нас и ни праќа луѓе или, пак, нè става во ситуации во кои прво ќе согледаме колку ме слаби, тврдоглави, непослушни, и ќе нè научи како да станеме подобри. Често во животот треба да поминеме низ оган за да се очистиме, да го одвоиме златото за вистински во Христа да засветлиме.

Ако некогаш некој го чита ова, а ми се чини дека ќе го чита, морам да истакнам дека не сакам да бидам погрешно разбран оти го величам отец Пахомиј. Го величам Бога кој ми го прати овој монах во својот живот. Отец Пахомиј по карактер знае да биде груб, непопустлив и често да не бира зборови кога ти говори, но по неколкуте месеци поминати во манастирот, видов дека има причина за тоа. Во срцето знаев дека тој ме љуби како свое чедо зашто како што пишува Соломон: „Кој ја жали прачката, го мрази сина

си.“ Во неговата строгост кон мене имаше многу љубов, но јас неразумниот и гордиот, веднаш се гневев во себе. Кога ќе ме искараше, толку го кревав носот, што постојано го осудував во своите помисли. Го мислев дека е најлош монах кој сè сака да е по негово. Кога ќе направев некоја грешка, ме караше, а јас се гневев. Ах, каква неразумност таев во себе; каква заслепеност! Пак ќе изустам: милостивиот Бог, Кој знае уште колку треба да растам, ме прати на место и кај монах кој ќе ме научи да бидам нешто во животот. Во овој монах јас видов таков дух кој просто не можеш да го мразиш. Колку и да се налутам на нешто со кое ќе ме пресече, за брзо време ќе омекнам. Доволно е само да разговараш со него, и срцето само по себе се отвора пред него. Гледав во сè да бидам искрен кон него. Нека ми прости Бог за она, за кое не сум бил. Се случувало и тоа.

Еден ден ми го кажа ова: „When you learn how to joyfully go one step further than you were asked...to accept 'no' without being moody... to be sincerely grateful for kindness people show you – great or small... and realize that everything does not relive around you as the center of life and beauty... you will become something great for the church. The world will open its doors to you and you will succeed in everything.“[20] Во друга прилика, за работата ќе ми речеше: „You must work hard or you will be of no use to the church everywhere.“[21] Ако денес или утре некој ми рече дека во САД немало духовници, тоа е голема лага, тој е во голема заблуда. Само оној кој не е овде и слушал коментари отстрана може да го зборува тоа.

Ќе се чувствувам виновен ако не речам дека ми се чини оти овие четири месеци работев физички толку колку што досега никогаш не сум работел. На почетокот ми беше тешко, но се навикнував. Патем, кога го гледав отецот како работи, како по цел ден плеви трева во градината со мене, си велев: „Тој архимандрит и игумен работи, зар јас да се жалам?“ Навистина досега никогаш немав видено игумен на манастир да работи. За мене тоа беше необично. Во врска со работата, отецот во една прилика ми рече: „Стојан, многу е важно, особено за монасите, да се работи колку што се може повеќе. Макотрпната работа на една личност или монах помага во духовниот живот: кога си фокусиран на работа, лукавиот не може толку да те напаѓа со помисли, зашто мислиш на она кое го работиш. Згора на тоа, до крајот на денот толку ќе бидеш уморен што по вечерната и вечерните молитви ќе заспиеш од умор, и тоа те заштитува од страсни помисли. Не дека нема да имаме воопшто

20 Кога ќе научиш како со радост да отидеш еден чекор подалеку од што се барало од тебе... да прифатиш „не“ без лутина... да бидеш искрено благодарен за љубезноста која луѓето ти ја покажуваат - мала или голема...и да сфатиш дека не се врти сè околу тебе како центар на животот и убавината... ќе станеш нешто важно за црквата. Светот ќе ги отвори неговите врати за тебе, и ти ќе успееш во сè.“

21 „Мора да работиш многу или нема да бидеш од голема корист за црквата.“

помисли и искушенија, но со физичката работа колку-толку сме заштитени. И светите отци советуваат: работа, работа, работа." Од отецот научив многу работи: прво – совршеност. Секогаш, пред некое послушание, тој ќе кажеше: „Работи совесно, а не само колку да завршиш. Мораш да научиш да бидеш совесен во сè што чиниш." Понатаму, никогаш не помислив дека еден ден ќе живеам во Америка и овде ќе научам да правам мозаик. По два месеца од моето живеење таму, отецот одлучи да ми направи личен апартман во една од манастирските куќи. Тоалетот ми беше од мозаик. Тој ми ги кажа стратегиите и понатаму јас го правев – од него научив и многу други работи.

Научив многу, но време беше да заминам. Манастирскиот живот не беше за мене, како што си мислев. И тој самиот ми рече: „Оди и живеј во светот. Млад си и треба да го вкусиш тој начин на живот, само биди многу внимателен. Кога јас бев млад, еден отец ми рече: 'Немој воопшто да му ја отвориш вратата на искушението да влезе. Кога еднаш ќе ја отвориш, цел живот ќе се обидуваш да ја затвориш и пак нема да можеш тоа да го сториш. Држи ја затворена. ' Овие слова ми ги кажа на нашата проштална вечера во еден ресторан пред да дојдам во Калифорнија. До денес ги носам во себе зашто вистина е: доколку се впуштам во телесните и световните задоволства, години ќе ми требаат за да се оттргнам.

На заминување, ми го рече следново: „Cheer!!! Cross yourself and begin a new adventure... We miss you already. Have fun and be very responsible. Please be strong and stay away from the world temptations. Life is short. Enjoy it! You always have family in Harper Woods :)"[22]

На крајот ми испрати порака со текст од Радјард Киплинг:

If you can keep your head when all about you
Are losing theirs and blaming it on you,
If you can trust yourself when all men doubt you,
But make allowance for their doubting too;
If you can wait and not be tired by waiting,
Or being lied about, don't deal in lies,
Or being hated, don't give way to hating,
And yet don't look too good, nor talk too wise:

If you can dream—and not make dreams your master;
If you can think—and not make thoughts your aim;
If you can meet with Triumph and Disaster
And treat those two impostors just the same;

22 Наздравје!! Прекрсти се и започни ново поглавје во животот... Веќе ни недостигаш. Забавувај се, но биди многу одговорен. Те молам, биди храбар и остани подалеку од искушенија. Животот е краток. Уживај во него! Секогаш ќе нè имаш како фамилија во Харпер Вудс.

If you can bear to hear the truth you've spoken
Twisted by knaves to make a trap for fools,
Or watch the things you gave your life to, broken,
And stoop and build 'em up with worn-out tools:

If you can make one heap of all your winnings
And risk it on one turn of pitch-and-toss,
And lose, and start again at your beginnings
And never breathe a word about your loss;
If you can force your heart and nerve and sinew
To serve your turn long after they are gone,
And so hold on when there is nothing in you
Except the Will which says to them: 'Hold on!'

If you can talk with crowds and keep your virtue,
Or walk with Kings—nor lose the common touch,
If neither foes nor loving friends can hurt you,
If all men count with you, but none too much;
If you can fill the unforgiving minute
With sixty seconds' worth of distance run,
Yours is the Earth and everything that's in it,
And—which is more—you'll be a Man, my son!

и ми рече: „Ова е важна песна која татко ми ми ја прочита
кога завршив училиште!"

Разделбите знаат да болат. Јас навистина станав твој син, возљубен оче! Од преполнето срце ми говори устата...

БУРА ОД НАСТАНИ

Пред неколку месеци, дипломирав во мај. Самиот не можам да опишам колку бев радосен. Па, добро, по пет години учење, нормално е човек да се радува на своите постигнувања. И да не биле многу големи, сепак се наши. Само ние и Бог најдобро го знаеме патот по кој сме чекореле. Но секоја земна радост и тага има крај. Од тој ден, па натаму, веќе знаев дека во следниот септември нема да се вратам во Семинаријата, во тие училници. Знаев дека нема да имам есеи за пишување, испити и сл., па никна едно потешко прашање во мене: „Што понатаму?" Не знам ни самиот колкупати ми го поставуваа ова прашање моите пријатели кои дојдоа на дипломирањето, а и во следните денови. Си велев во себе, а им кажав и на неколкумина од нив: „Посакувам и јас да знам што понатаму." Ми се чини дека многу семинаристи пред мене го поминувале овој пат на недоумица. Не сум, а и нема да бидам прв, ниту, пак, последен. И следната година ќе се најде некој од нив на истиот пат. Кога сме млади, такви сме: тешки одлуки, зашто честопати и самите не знаеме што сакаме, ниту, пак, по кој пат да тргнеме. Многу Го молев добриот Бог да ми помогне за да излезам од таа моја недоумица. Имав неколку, но гледав да ги решам најнужните во тој период. За другите ќе можам да решавам и понатаму.

Во животот кога најмалку очекуваме нешто, ќе ни се случи. Еден месец пред да дипломирам, речиси беше договорено една година да бидам во Торонто во една од македонските цркви каде што требаше да бидам вклучен во црковниот живот за младите. Дури Канадската амбасада во Вашингтон ми даде туристичка виза на четири години. По Пасха, за време на светлата седмица, отидов во Торонто на една недела, а претходно, преку еден ѓакон на руската црква, дури и испратив свој куфер и кутија со книги. И, што се случи? Не знам дали отците таму се исплашија дека ќе им бидам конкуренција, или, пак, некој од повисоките во црквата овде ги замешал водите – Бог тоа го знае – но тие го сменија своето мислење, па му реков на мојот пријател дека ним не им е потребна личност, односно јас. Истиот човек е член на одборот таму. Тој им рекол ним, а ми кажа и мене, дека ќе собира средства за да ме плаќа и дека црквата нема да потроши ниту еден денар за мене. Тој не зборува доволно македонски и многупати ми говореше дека доколку нашите свештеници овде продолжат да служат само на македонски и не прават никаква мисија на англиски, ќе ја изгубат младата генерација која не зборува македонски. За неколку години старите ќе заминат од овој свет, и кој ќе доаѓа во црква? Кога се живее во странство, која е логиката да се проповеда некој

патриотизам или вера на јазик кој мнозинството не го разбира? Црквата не е само да се служи на македонски. Кога во некоја парохиска црква голем дел од популацијата не го разбира македонскиот, тогаш треба да се вклучи и англискиот јазик. Целта на службите е да нѐ приведат до Христа, до патот кој води кон спасението. Се сомневам дека нашите во Македонија целосно ги разбираат службите на црковнословенски, или ќе разберат само два збора – „Господу помолимсја" – и ќе се прекрстат. Тоа го видов и кај Русите. Сличен проблем. Значи, човекот сакаше да одам во Торонто и да започнеме некоја мисија за да ѝ се вратат младите на црквата. Му ветувале, го поддржувале, сѐ до два дена пред да отидам во Торонто. Во врска со англискот, тој и одборот неколкупати му зборувале на владиката дека доколку не се служи и на англиски, нема да има ништо во црквата, но тој само им ветувал – и толку. Во последните пет години видов многу нешта кои треба да сменат овде, но зар јас ќе го чинам тоа? Можеби како богослов можев нешто да сторам во некоја од нашите цркви, но секогаш кога ќе затропав на некоја од вратите, културно ми ги затвораа. Јас не сум некој високообразован, но студирав во САД, и овде би требало да ги молат таквите како мене да бидат вклучени во црковниот живот со тоа што би помогнале за катихизацијата на младите за да станат не етнички православни христијани, туку православни христијани. Од друга страна, пак, студентите Срби, Грци и други половина од летото го поминуваа во црковни активности за младите во некои нивни парохиски цркви, а за нас? Некои од големите овде ни велеа дека не сум бил под оваа епархија. Или, пак, еднаш годишно ќе нѐ поканеа во некоја црква на нивниот празник, но подоцна си велев во себе дека подобро ќе беше да не отидев зашто само се соблазнував. Пееме вечерна и по „Свети Тихи," наместо да се пеат стиховните стихири, свештеникот излегува од јужната врата и ни вели: „Тропарот." Тоа значи дека половина вечерна се прескокнува. Работата излегува дека секоја црква си има свој типит. Тоа не оди така во никој случај. Како и да е, видов дека за мене нема место кај своите овде зашто кога ја барав нивната рака за помош, тие не ми ја подаваа. Не зборувам за во Скопје. Фала Му на Бога, мојот владика не ме оставаше во своите нужди, но тој беше преку океанот, додека јас бев овде.

И што се случи по сето ова? Господ ме донесе во Детроит, во руски манастир кај американски игумен кој ми ја подаде својата рака и ми ги отвори своите врати. Најмалку очекував дека ќе завршам овде, не затоа што не сакав, туку плановите беа сосема поинакви. Кога му пишав дали познава луѓе кои би ме вработиле и би поработил некое време, тој ми рече дека можам слободно да дојдам кај него и да работам таму, а тој ќе се погрижи за мене. Така и се случи. Сега сум овде, каде што подработувам, а црквата ми е на неколку чекори. Овде сум нецели три месеци, а мојот живот многу

се промени. И самиот сè уште се чудам како се случи сето ова. Отецот е прилично строг, но во исто време, многу добар. Тој не сака мрзливи луѓе, сака да работиш, а кога гледа дека се трудиш, работиш, сè ќе стори за тебе. Тој е како мој татко. Во својот живот, додека растев и се оформував како личност, немав никој зад мене кој за одредени работи ќе ми кажува „не“ или „да“. Имав полна слобода, што од една страна е добро, но од друга страна, не е. Сите ние во животот треба да имаме некој зад нас кој ќе ни говори: „Нема да одиш таму“; „Не скокај како прле пред магаре“ и сл. Кога нè караат, значи ни мислат добро. Отецот ме научи како да одржувам градина со цвеќиња, како се прави мозаик, плочки на ѕид и сл. Најмалку очекував дека еден ден ќе живеам во САД и дека овде ќе научам како се прави мозаик – и тоа, од монах, но, ете, се случи. И не само тоа, отецот одлучи да опреми цел апартман за мене во една од манастирските куќи. Почнавме од тоалетот каде што ме учеше како се прави мозаик на подот, и сега подот на тоалетот е мозаик. Многупати кога ме караше, по малку се гневев и посакував да си заминам, но веднаш ги отсекував ваквите помисли и си говорев: „Што, не ти одговара кога те кара? Благодари Му на Бога што те донесе овде и што ти прати во животот ваков човек кој ќе те кара. Само така ќе научиш што е вистински живот. Ако не те сакаше, немаше да те кара. Биди послушен зашто време е да се научиш на 'не' во животот.“ Морам да признаам досега немам сретнато монах со ваков карактер. И не само тоа, туку се чудев колку само работи отецот. Архимандрит е, а кога и да дојдеш во манастир, тој е или во градината, плеви трева, или гради нешто. Манастирската градина со цвеќиња е вистински рај на земјата. Кој не ја видел нема да верува додека не ја види. Бог му дал талент за вистински вкус за нештата. Сè што чини, чини со совршенство, и често кога работев ми велеше: „Мора да биде совршено.“ Во исто време, многу е позитивен. Секогаш, додека работам, сака да бидам насмеан, а доколку не сум, ќе ми рече: „Stoyan, don't be grouchy.“[23] Срцето негово изобилува со грижа. Милостивиот ме донесе на вистинско место. Ми го испрати овој црноризец да ме учи на смирение, на „не“ за некои работи во животот, кога извршувам некоја работа, да ја извршувам совесно. Покрај него, уште повеќе научив да имам поголем вкус за нештата во животот и сè што чинам да биде совршено.

Кога ми говореше „не“ за некои работи, тоа го правеше со причина, за да ме научи. Пред да дојдам овде, веднаш по дипломирањето имав желба да отидам некаде да одморам. Размислував да одам во Сан Франциско кај свети Јован Шангајски. Му пишав на отецот дали ќе може со неговата кредитна картичка да извади авионската карта, а јас ќе му платам. Тој ми одговори дека доста ми е шетање. Дека ми е време да дојдам и да почнам да работам.

23 Стојан, немој само да се жалиш.

Не се противев. Ја прифатив реалноста дека оваа година нема да одам кај свети Јован Шангајски. И, што се случи? Две недели пред празникот на овој светител, отецот ми напиша порака да ја отворам својата е-пошта зашто ми пратил некој духовен текст. Кога отворив, имаше што да видам: повратна авионска карта до Сан Франциско. Ниту самиот не знаев колку се радував. Веќе се помирив со фактот дека нема да одам, и ете, кога најмалку очекував, отецот ми купил авионска карта и ми рече: „Ова е мојот подарок за твоето дипломирање."

Понатаму, често ме караше дека многу време поминував на интернет, за што и беше во право. Често ме караше за тоа и многу ми ги отвори очите за она што го објавувам на социјалните мрежи зашто луѓето добиваат погрешна перцепција кога гледаат некои фотографии. Всушност, Бог допушти малку да се изгорам, за да се научам. Имено, почнав да слушам разни муабети за мене: како јас сум имал пари да патувам и сл. Во случајов, виновен бев јас поради тоа што каде и да одев, сè споделував. Хотели не плаќав за да се трошам којзнае колку, но луѓето не го разбираат тоа и си прават свои филмови во себе. Понатаму, слушнав како некои зборувале дека сум барал пари за некои карти и дека сум говорел оти сум бил од дом за да го добијам она што го сакам. Во животот Бог ми даде многу пријатели и Тој знае дека никогаш не си зедов за право да ја искористам нивната добрина. Кога некој ќе запознаам, доколку навлеземе длабоко во разговор, не можам да кријам дека сум живеел во дом. Како и да е, сите овие озборувања емоционално ме погодија, и долго зборував со отецот. Тој како да очекуваше да го слушне сето ова, па ми рече: „Биди внимателен. Оној кој ти помага има свои очекувања од тебе. Малку да те види дека шеташ, тој ќе си рече: 'Еве кај ги троши моите пари'." Такви се луѓето денес. Не гледаат однатре, туку однадвор. И мораш да намалиш со користењето на социјалните мрежи. Користи ги, но не објавувај сè и биди селективен во бирањето пријатели. Не може секој да ти биде пријател. Време е да пораснеш за овој дел од животот. Сега заврши семинарија, и животот ти тече понатаму." Оттогаш, навистина го намалив користењето на интернет и ги избришав речиси сите лични објави од почеток до крај. Дури решив и да не го користам својот телефон. Кога ми истече месечната претплата, одлучив да не дополнувам за следната – и така нема да ми работи телефонот. Отецот го знаеше сето ова и по некое време ме стави на нивната претплата и ми купи нов телефон. Уште пред да се вселам во новиот апартман кој отецот го уреди за мене, Петар ми рече дека отецот имал изненадување за мене по повод новиот апартман. Неколкупати помислив во себе да не планира да ме изненади со нови столови за во дневна, зашто требаше да се купат нови, но пред една недели ги порачавме, па таа идеја отпадна од мојата глава, и си реков: „Ќе чекам да видам што ли ќе биде." Вчера, Петар ми рече дека

треба да одиме во продавница за земеме нешто. Ми рече да ја земам својата возачка зашто сакал јас да возам. „Хм, никогаш досега не ми рекол да возам со него до продавница, но ајде, ако така сака, ќе возам", си реков. Отидовме во T-Mobile. Го видов знакот и му реков на Петар: „Зошто дојдовме овде?" Кога влеговме внатре, ми рече: „Одбери си кој телефон го сакаш. Отецот сака да ти купи телефон." Не го очекував ова и му реков на Петар: „Ајде да си одиме дома." „Ајде одбери зашто треба да одиме." Кога веќе одлучив да не користам телефон, отецот ми купи нов, но претходно, критикувајќи ме често, ме научи да не бидам зависен од овие работи, туку да ги користам совесно. Кога излеговме од продавница, му реков на Петар: „Ах, ти итрецу. Сега разбирам зошто ми рече да ја земам возачката", а неговиот одговор беше насмевка.

Кога некој би го читал сето ова, можеби би помислил дека премногу го фалам овој монах, но не е така. Јас не можам да го кријам ова.

КАМЕН СРЦЕ

Кога ќе имате некој добар другар или другарка,
чувајте се цврсто, зашто другарството не се повторува,
туку трае и се надградува.

Зошто разделбите тежат повеќе од една ќеса полна со јаболка? Полека, секој ден учам дека нема точна тежина на чувствата, но како и да е, многу тежат. Во исто време научив дека ако љубиш, и да си сам, живееш до сите. Често се судирам со ситуации откако ќе запознаам некого, набргу потоа да морам да се разделам. Тоа е навистина внатрешна тежина. Живеејќи ги овие четири месеци во Детроит, видов колку суров знае да биде животот, но исто така, колкава борба е потребна за да успееме, барем кога сме во туѓа земја. Но не е крај на светот зашто ги имаме Бога и пријателите. Овде запознав некој кој ми е повеќе од пријател, вистински другар(-ка). Се вика Милица. Американка е, но по татко, Германка, и по малку Тајланѓанка. Кога разговарам со неа, како да сум со Европеец. Досега ја немав таа привилегија да имам најдобра другарка. На почетокот малку ми беше чудно, но нашата чиста другарска љубов нè направи да бидеме уште поблиски и поотворени еден кон друг. Нашето чисто другарување беше извор на платонска љубов. Таа прва го докажа тоа зашто ме научи како „селски буквар". Ме учеше на нешта за кои немав знаење, како и јас неа во теологијата, барем она што го знам. Се знаеме веќе неколку месеци, но пред една недела, спонтано видовме дека за многу работи имаме заеднички јазик и дека дружењето одлично ни врви. Пред една недела ми рече дека ако сакам, може да ме прошета низ Детроит за да го запознаам и да го видам градот. Разговаравме за многу точки од животот. Потоа, ми рече дека овде е тешко да се најде вистински православен другар и дека ме смета за вистински другар. Навистина, разликата е евидентна кога другаруваш со личност од ист пол и кога го правиш истото со некој од спротивниот пол. Од вториот случај, видов дека критиките и позитивните манири кои ги даваат се поискрени. Секако, тие ги гледаат нештата во нас од друга перспектива, но на крајот докажуваат дека не се себични или завидливи. Таква е Милица. Преку нашите разговори, ми помогна да бидам уште посамоуверен во своите постапки, особено кога станува збор за љубовта. Таа знае дека сум срамежлив, често ја прашував за ова и ме хранеше со искрени совети. Ќе ѝ речев: „Смотан сум." „Не зборувај така, зашто не си", ќе ми одговореше.

Вчера, додека седевме во Старбакс, ми кажуваше колку ѝ значи нашето пријателство и дека ќе ѝ биде тешко кога ќе треба да заминам од

овде. Згора на тоа, ми даваше разни идеи како да останам овде. Во исто време, не знаеше дека овие месеци гледав да најдам солуција за себе и што е најдобро за мене. Денес го сторив тоа. Видов дека не се гледам во Детроит. Едноставно оваа средина не беше за мене. Без автомобил си како без нозе, а осигурувањето е екстремно скапо, работа не се наоѓа, односно, луѓе како луѓе – ветуваа, но на крајот ништо, па си реков: „Доста е." Морам да се вратам назад, па што ќе се случи, нека се случи. Но како да ѝ кажам на Милица дека наскоро заминувам од Детроит, кога синоќа зборувавме сосема спротивно на тоа? Колку само ги мразам разделбите зашто знам како беше пред да дојдам во Америка. Денеска, на патот кон Старбакс, ѝ реков дека заминувам и... како темен облак да ја покри и почна да плаче. На некој начин ја повредив. Толку беше радосна што си најде православен другар со кој има заеднички јазик, а сега тој ќе си замине. Нејзините солзи ми говореа што значи да љубиш некого вистински како свој брат. Како можев да реагирам? Се покајав што ѝ кажав, но немав избор зашто подобро е сега, отколку понатаму, па да биде уште полошо.

Како што растеме, мислам дека уште повеќе доаѓаме до заклучокот дека не е толку важно да имаш многу другари, туку поважно е да имаме вистински другари. Оние вистинските те прифаќаат каков што си, а еднаш прочитав дека „во животот никогаш не губиме другари, туку само учиме кои се вистинските". Моето другарување со Милица беше подарок со кој научив. Последниот ден пред да заминам, Милица ме однесе на вечера. Не можев многу да зборувам зашто повеќе ќе ја повредев. Беше тажна, а јас тврд, но немав избор. Тврд бев на лице, но не и во срцето. Моето срце не знае да биде тврдо. На враќање, јас го возев нејзиниот автомобил, но пред да се разделиме, таа ми даде писмо. Ѝ реков дека нема да го читам пред неа, но ѝ ветив дека тоа ќе го сторам пред да заминам.

To my dearest Stoyan – my best friend. Words could never come close to describe the irreplaceable impressions you have made on y heart since we became friends. For you, I will be eternally grateful to God, and because of you, I have been lifted out of darkness with your love, kindness and unshakable faith in God. Because of you, I will never look at a squirrel the same, especially when one gets run over on the road into a carpet. Best friends are friends are friends who can read each other's minds and hearts – sometimes without even having to say a word. You have taught me to be strong, to see God's role in everything in our lives and of course, the most important lesson-that anything can be fixed after eating chicken wings or sweets :). I will never forget our adventures, or your $240 shirt. In the future, I know that in times of hardship or sadness, I can think of you and immediately be comforted thinking upon your silly jokes-especially when you almost made me pee my pants when scaring me by the lake. Sometimes when life

gets hard, we may think we are going crazy... I know I can always think to myself, "well, at least I am not as crazy as Stoyan." After all, you did run through a flock of geese... 3 times.

I know that you are nervous, and that it can be scary to embark upon a new chapter in your life, and please find confidence in the fact that God does not give us anything we cannot handle. Whatever happens, there is always a lesson that God is trying to teach us. Someone very dear to me once told me: " Don't wait for the perfect moment, make the moment perfect." I know you can do this. In your new adventures, never forget to COUNT your blessings and to not only think upon your new destination, but to always remember the journey that led you to where you are today. When we spread our wings, the temptations become more and more prominent – never lose sight of who you are, your trust in God and your IRRALUABLE intuition. You will always have a home, above all, in my heart. I love you Stoyan and I wish you all the best!

TE CAKAM!!!

With love in Christ!

Melitsa[24]

24 За мојот најдраг Стојан - мојот најдобар пријател. Со никакви зборови не можам да ги опишам незаменливите впечатоци што ти ги создаде во моето срце од денот кога станавме пријатели. За тебе, јас ќе бидам вечно благодарна на Господ, и поради тебе, јас бев избавена од темнината, благодарение на твојата љубов, добрина и силна вера во Господ. Поради тебе, нема да ги гледам верверициte на ист начин, особено не кога една од трчајќи по асфалтот заврши на тепих. Најдобрите пријатели се пријатели кои си ги читаат меѓусебно мислите и срцата -понекогаш дури, без да треба да се изусти збор. Ти ме научи да бидам силна, да ја гледам Божјата улога потполно во сè. Се разбира и најдобриот совет: Се може да биде поправено по ручек од пилешки крилца или колачи. (smiley) Никогаш нема да ги заборавам нашите авантури, ниту, пак, твоите 240 долари за кошула. За во иднина знам дека кога ќе поминувам низ тешкотии или тага, ќе помислам на тебе и веднаш ќе ми биде подобро кога ќе се се сетам на твоите шеги - посебно кога за малку ќе ги намокрев пантолоните од тоа како ме исплаши кај езерото. Понекогаш кога животот станува тежок, и кога мислиме дека ќе го изгубиме разумот, знам дека секогаш можам да се сетам во себе, „Па, и не сум толку луда како Стојан". Па, на крај на сè, ти трчаше низ јато од гуски... три пати.

БОРБА И БЛАГОСЛОВ

Создадени сме според ликот и подобието на Бога, а Тој нè љуби како свои чеда. Божјата волја не нè носи онаму каде што Неговата благодат нема да нè заштити.

Ние, битијата човечки, имаме слабости, и телото се стреми да го чини она што сака. Како и дали можеме да најдеме баланс меѓу нашите согрешенија и подобноста од Неговата љубов? Тегобно е. Така, понекогаш доаѓам до момент во кој не можам да се борам повеќе, мислам дека ја немам потребната сила и паѓам. Едноставно не го гледам крајот на таа борба и паднатост.

Да избегам ли од светот? Мислам дека тоа не е решение затоа што не се бега од својот ум и помисли. Истовремено, чувствувам дека ги користам Божјата љубов и онаа од Пресветата. Го слушам гласот на мојот владика, кој ми рече: „Чувај си ја душичката од злото на овој свет.“ А јас, го испуштив тој воз и сега трчам да го стигнам. Но, тоа речиси е невозможно. Не научив да ја игнорирам минливоста и да ја искористам златната можност. Неретко, бегам од љубовта и од благодатта Божја која ме штити и постојано ме закрилува.

Благослов ли е да се биде човек? Ако е така, тогаш зошто е толку лесно да се изгуби вечниот живот? Зошто слабоста на телото е пречка за тој живот вечен? Благослов е да се љуби Бога, но во исто време се стремам да служам на двајца господари, и тоа не е добро. Ако Бог нè создаде да бидеме Негови возљубени, како да се оттгрнам од оние помисли и дејства на слабоста на телото? Да се молам? Да постам? Да одам во црква? Сето тоа го чинам и пак паѓам кога искушението ќе тропне на врата. Иако веќе не знам што да чинам, знам само дека не сакам да го изгубам Бог во мојот живот. Тоа би било најголемата болка која би ја болувал и најгорчливата чаша што би ја испил. Не знам дали сега теологизирам или, пак, филозофирам, но верувам дека кога станува збор за Бога, нема компромис. Како во светот на математиката: или одговорот ти е точен или погрешен. Благослов ли е да се биде човек? Кога верувам, ја артикулирам својата вера. Во исто време, кога грешам, пак ги живеам тие дела. Зошто е тоа така? Ми се чини, се фокусираме на погрешни работи и избираме да правиме погрешни нешта и да останеме подалеку од Бога. Такви сме ние, паднатите, паднатите битија кои не сакаат да станат, туку да останат во калта. Говорејќи како човек, како некој со слабости и полн со прегрешенија, не знам секогаш кој сум, но со текот на годините, како што чекорам, се осознавам. Во моментот, најдоброто што можам да го сторам е да созревам за она кој сум бил во минатото и да споредам со тоа кој сакам да бидам во иднина. По овие две – ќе ја осознаам разликата, ќе знам кој

да бидам сега. Да се битисува значи навистина да се живее со промена. Во некој повозвишен свет можеби е различно, но овде, да се живее значи промена и надеж на подобра и катадневна промена. Ако мојот живот ја изгуби својата убавина, тоа ќе биде поради тоа што не се радувам доволно во него. Честопати заборавам да го славам големиот дар од Бога. Мојот живот треба да биде радост и прослава за сиот дар кој мојот сладок Господ ми го има дадено. И кога сум во страв и се кријам, Тој ме бара со многу трпение и љубов и кога ќе паднам, таа Љубов ме подига. Ова се нештата кои ги гледам и сè уште не ја воспримам својата лекција. Размислувајќи за сето ова, како и за слабоста на моето тело и беззаконијата, на ум ми доаѓа првиот стих од евенгелието на св. Јован: *Во почетокот беше Словото, а Словото беше со Бога и Бог беше Словото.* Христос беше Словото, Тој што се откри Себеси во тело и остана Бог. Тој се даде Себеси на парчиња за јас да разберам и да почувствувам кој е Тој. Денес, по сите мои беззаконија, непослушанија и слабости, Тој продолжува да ја открива и шири Неговата љубов и долготрпение. *Заради Него и преку Неговиот пример, човечкиот дух може да се издигне над секоја трагедија. Секогаш, кога и да претрпиме лична ноќ на тага, Божјата љубов сјае во темнина. Надежта може да ја излечи повредената душа. Добро е со мојата душа!* Сè што гледаме денес околу нас и во нас самите – длабоко во нашите срца, истите тие нешта нè будат секогаш такви исти. Сегашноста ни говори за минатото, или со други слова, сегашноста е клучот на минатото. Редоследот на минатото кое се има случено во нашите животи со чисти или калливи дејства нè имаат сторено да сме тоа што сме денес како индивидуи или нештата околу нас. Ако минатото е клучот за сегашноста (Uniformitarianism), тогаш иднината е клучот кон кој треба да се стремиме да бидеме; да ги задржиме ликот и подобието Божјо.

Во една од македонските народни приказни се вели дека *човек не знае кога, каде и колку ќе згреши и затоа е најдобро да не греши.* Благослов ли е да се биде човек? Мојот живот треба да биде радост и прослава за сиот дар кој мојот сладок Господ ми го има дадено. Низ годините, во животот научив дека борбата и благословот не одат еден без друг.

Така е, благослов е!

ЗАРОБЕНОСТ ВО СЛОБОДАТА

Во животот научив да се радувам, а во моменти на убост да се чувствувам како дете. Иако не знам зошто сè уште го таам детското во себе, сепак се чувствувам убаво и во плирома. Чудна е моќта на детето, а јас ги љубам тие мали благородни души! Сите малечки се мои браќа.

Ах, таа нивна чистота! Таа нивна детска невиност!

Можеби поради нивната чистота и јас жеднеам да бидам подобен на нив, бидејќи тие не знаат за грев. Од нив учам да се радувам. Прават пакости со нивната детска несвесност и без лоша намера. Доколку ги искараш, ќе се натажат и ќе се налутат, но без знаење да мразат, забораваат на својата лутина и продолжуваат да љубат.

Неретко се прашувам што значи да си дете на возрасни години, бидејќи знам како е да си возрасен на детски години.

И јас некогаш бев дете и во своите несвесни постапки „чепкав" на сите страни, не разликувајќи што е полезно, а што штетно. Се сеќавам, правев грешки, бев каран, мојот детски ум ќе ѝ се налутеше на мама. А моето срце гореше од љубов кон неа. Крајот беше секогаш ист – се враќав во нејзините прегратки. Во својата детска пргавост многу сакав да се галам, бев жеден за внимание и за љубов. Тоа ми остана до денес, детската љубов ме научи да бидам покомуникативен, екстровертен и поблизок со луѓето.

Имам потреба да проникнам во детското срце, кое гледа само убавина, чиста и отворена за секого, тоа е мое блаженство!

На почетокот напишав дека сакам да се радувам. Од денот на моето раѓање, до сегашните дваесет и две години живеев и живеам во радоста на Бога кој преку Светиот Дух ме исполнуваше и учеше да се радувам. Така беше, а имам желба и така да остане и натаму. Наназад во годините не бев буден, ниту доволно зрел за да го спознаам ова чувство.

Печатот на дарот на Светиот, Дух, кој ми беше даден на денот на крштението ми, стои во мене и сведочи за постојаната радост кон животот воден од Бога. Во животот потребно е време за да пораснеме духовно и душевно, да почнеме да размислуваме, да чувствуваме, да разликуваме, за да знаеме од каде и од кого доаѓаат нештата во животот. А, од каде доаѓа радоста? Дали од чистата љубов на една душа? Дали од љубовта од Бога, кон Бога, или самиот Бог, Кој е Љубов? Лотосот, тој чудесен цвет кој расте во кал и тиња, плени со својата убавина. Што сакам да кажам со ова? Секаде, на секое место, покрај сите околности можеш да бидеш најубав – најубав во љубовта. А еднаш штом ќе станеш НАЈУБАВ ВО ЉУБОВТА, другите околу тебе ќе бидат опиени од таа љубовнорадосна убавина. Тогаш имаш цел, а целта е, покрај тебе, и другите да се преобразат во НАЈУБАВИ и НАЈЉУБЕНИ.

Колку и да посакував, не можам да бидам извор на чиста љубов од која извира радост. Дури сега знам дека како што растам, низ годините, нешто ме сопира да се предадам на совршената љубов. Се плашам пак да не бидам изгорен како многупати во детството. Тие психолошки моменти од тие години сеуште ме следат. Чувството ме плаши. Бидејќи не сакам љубовта кон ближните да се намалува, туку напротив.

Дали веќе станувам овоземно обземен. Гордоста, власта, земните блага, прв на пиедесталот... дали сето тоа како сидро ме влече во длабочините? А, не сакам, се обидувам да опстојам на потребата од скромност и љубов. Можеби тоа е потребата да сум дете кое не знае за гордост... можеби.

Што знае детето за лошотија?

Ако се скара со своето другарче за една количка, набрзо таа лутина ја снемува, играта продолжува.

Што знаат возрасните за лошотија?

Да пишувам? Да, и за нив ќе пишувам, зашто и јас мислам дека сум дел од нив. Ако Јован му зел нешто на Стефан – почнува војна, готово е. Крајот не можам ниту да го насетам. „Кудејќи го другиот, треба прво да се свртиш кон себе", си велам. „Човек треба да почне од себе", ми велеа, па затоа почнувам од себе. Доколку Димитриј ме навреди со нешто, гордоста не ми дозволува да му простам, а не знам зашто. И толку високо го „кревам носот" што не сакам збор да проговорам со него. „До кој степен се доведуваш", си велам!

Зарем и јас треба да се стопам во „светот" кој го поддржува макијавелистичкото тврдење „целта ги оправдува средствата". Ако на овој начин треба да рушиме пред себе и да уништуваме нечии животи, тогаш на што ќе наликуваме ние, луѓето?

А, Бог? Каде е Тој?

Идејата на денешниот современ човек лежи само во една реченица: „Боже, зошто си ми Ти, кога можам сам да се справам со сè?" Го разбира ли денес човекот значењето на љубовта, радоста, почитувањето, сомилоста, слободата? Не! Не! Не!

Веројатно сметам дека љубовта стана површна и користољубива, радоста – лицемерна, милоста – злоупотреба, а слободата? Вредностите на оваа слобода, која денес светот ја промовира, водат во ќор-сокак и до уништување на сето она кое Бог го создал по својот лик и подобие.

Но, ние денес не наликуваме на созданието, стравотно наликуваме на ѕверови кои се борат еден против друг.

Во животот се однесувам како дете, зашто од децата учам вистински да љубам, да се радувам, да почитувам, да не бидам „човечки sвер", туку да бидам мудар во својата слобода доделена од Бога.

Знам дека ова што го пишувам не е нешто ново, но ако не друго,
нека стои во мојата папка на која одвреме-навреме ќе се навраќам,
да ме потсетува кој треба да бидам.

ЗРАК

Нема дупка каде што би се скрил од гревот, ниту, пак, жива бездна која би ме голтнала за да ме заштити.

Што би бил јас без Божјото милосрдие? Каде ли ќе гниев сега доколку Царицата Небесна не ме покриваше со Нејзиниот Покров? Како дрво со многу гранки се гледам, а плод достоен сè уште немам. А не знам дали и еден ден ќе имам. Младоста е убава, бурна, но во исто време знае да биде пресудувачка. Ја гледам во два правци. Прво, сè е рамно, нема грижи и лесно се чекори, но и таа рамнина има крај каде што мора да се донесе одлуката за следниот чекор. Мојата младост. На прагот кон друга патека во животот. Не ја знам иднината. Малку влева страв, зар не? Сè ѝ е оставено на слободната волја – таа да одлучи за следниот чекор. Сè уште гледам како во магла. Зар треба да се плашам од себе и зошто? Не мора – зашто знам. Непослушноста. Додека ја следам непослушноста и немам покајание, деновите навистина ќе ми наликуваат на магла.

Што ако ветувам дека ќе бидам послушен?

Што ако ветувам дека нема да грешам?

Што ако мислам дека сум бог по благодат?

Лажливец сум пред лицето на Бога. Нема вистина во мојата уста зашто со секој изговорен збор „ветувам, Господи“, само осуда си навлекувам.

Беден сум пред Оној Кој ме љуби и Кој ме повикува да се вратам во радоста на својот Отец.

Патувам низ овој свет за да најдам скончание. Сè уште го носам телото со себе, но ќе дојде време кога ќе го оставам зашто на земјата ѝ припаѓа. А, тогаш што можам да земам со себе? Делата, на кои крајот им е беззаконие. Ете, пак тие и само тие. Паднатиот човечки престап и со мене. Ме следи откако излегов од утробата мајкина зашто така бев зачнат. Како сенка ме следи во животот и до последното издихание ќе ме тегне надолу.

Ама ако. Се радувам. На што би наликувал мојот живот доколку немав тегоби? Така немаше да научам дека кнезот на овој свет не спие никогаш. Барем сега, со искушенијата знам. А, штом еднаш знам, лесно бирам оружје со кое ќе се борам. Не можам да кажам дека се борам, зашто ќе бидам лажливец. Знам за тоа оружје, но не го чинам тоа со ревност.

Научив никогаш да не се сопнувам на лагата на умот кој ми вели: „Не мора денес, остави за утре.“ А што, зар јас знам дали утре ќе бидам буден? Што ако не бидам? Ќе имам ли барем седум секунди за покајание? Е, тогаш ќе биде плач и крцкање со заби. Дури тогаш, како богатиот, ќе викнам од

пеколот кон Авраам за да му каже на сиромавиот Лазар да го накваси прстот во вода и да ме разлади.

Во моите тегоби научив уште нешто: силата Христова се покажува во нашите слабости. Затоа Благословен е Христос, зашто преку трновиот венец ни покажа што е искупување.

Преблагословен е Царот на Славата, зашто ни покажа дека без Голгота нема Воскресение и Сугубоблагословен е Бог Кој со многу љубов нѐ возљуби.

Денеска, во ова зимско утро, сончевите зраци се пробиваа низ окното и завршуваа на престолот. Тоа ми зборуваше колку Создателот се грижи за мене. Не ме остави да загинам со моите беззаконија, туку со љубов ѝ рече на душата: „Радувај се и на овој ден и не дозволувај сонцето да зајде во твојот гнев.“

Додека се прашував себеси: „Ќе има ли промена во мене?“, јеромонахот почна да говори со дигнати раце:

Господи и Владико на мојот живот, дух на празност, униние, празнословие не ми давај...

Понатаму оставам на срцето да говори, зашто во него има чистота. Тоа знае за промена!



ЈАС СУМ ТВОЈ, И СЌ МОЕ Е ТВОЕ!

Честопати моите падови знаат да бидат страшни. Мачните мисли не престануваат, а страдањето е големо. Кога срцето ќе се огорчи, тешко е соочувањето со падот. Мојата внатрешната борба е многу силна. Гневот во срцето ме поведува, ми доаѓа да изустам колку ги има оние што ме рануваат. И сега. И пак. И сега се соочувам со него, со тој лош земски владетел, и знам, морам да го победам. Не кажувам ништо ново. Неправдата, таа јавна тајна, нема да запре. Кога еднаш ќе заврши, друга ќе почне – и така, крајот не ѝ се гледа.

До кога ќе страдам од нив?

До кога, душо моја, ќе ги чиниш истите падови?

Зарем сè уште не се научив надежта да ја полагам на Бога?

Можеби затоа дозволував искушенијата да ми го бодат срцето, а некои од тие бодежи тешко се лекуваат, или... Треба многу време.

Зар поболна и пострадална беше Твојата чаша на страданија?

Зар повеќе болат моите искушенија од клинците со кои Те приковаа на Крстот?

Многу прашања го мачат ова кршливо битие, та зарем јас сум тој кој треба да ги менува светот и луѓето?

Дури и возљубените Свети Отци одамна кажале и ни напишале дека ние сме тие кои треба да се менуваме. Мојата промена треба да почне од мене, а другите Бог нека ги средува и нека ги суди. Избави ме, Боже, од оние кои ми чинат неправда. Знам дека и јас сум под власта на гревот. Знам дека морам да поминам низ овие искушенија. Штом не можам да ја избегнам чашата со страданија, со болно душевно страдање, научи ме да се смирувам.

Научи ме Тебе да Те славам, наместо да ги проколнувам и мразам оние кои ми чинат зло – со прошка да им вратам.

Научи ме секое искушение со смирение да го примам.

Научи ме, со секој удар, со секој невидлив бран кој ја преплавува мојата душа, кој го руши моето срце, да станувам сè посилен. Тешки се искушенијата низ кои минувам, но со Твојата благодат се ублажуваат. Со смирението што ми го даваш, душава моја сè повеќе и повеќе жеднее кон Тебе, зашто Тебе Ти припаѓа.

Помилуј го, Христе, твоето создание,
избави ме од непријателот,
зачувај ги чисти мојот ум и срце од помисли,
а непријателот да се распрсне и да бега од Твоето создание.
Јас сум Твој, и сè мое е Твое!

ПОД БУДНОТО ОКО!

Гледам дека нема ништо едноставно во животот. Каде и да отидам, од проблемите сигурно нема да избегам. Во овој свет нема парче земја во која тече „мед и млеко“. Ако сѐ беше така едноставно, и работите во животот ќе функционираа на ист мирен начин.

Денес повеќе уморен, утре помалку, но одморен не гледам дека постигнувам да бидам. Од проблемите, пак, никако не се бега зашто повеќето од нив самиот си ги создавам, а како нешто ќе причинам докрај, ќе си го носам. Денес ќе речам: „Сега паднав, но за следниот пат ја знам дупката и нема да паднам“, но не е така. Пак се лажам и паѓам.

Окото не е секогаш будно. Посакував да беше! Но и тоа е дел од човековата слабост и жеднее да отпочине. И да пијам вино, намерен да ми биде полесно, не ќе помогне. Да, пробав во умерена граница. И центарот за рамнотежа да ми се замати од „слаткото вино“, мислите нема да исчезнат, ниту, пак, ќе се избришат. Да беше така лесно со „erase“, сите ќе си бришевме што сакавме. Меморијата и спомените се тие кои остануваат во главата. Таму се вгнездуваат.

А, пак, и сам да седам, изолиран на одредено време, не ќе најдам мир. Ех, не бадијала народната вели: „Лукавиот ниту ора, ниту кога“. Токму кога сум сам и против своја волја, оној лошиот „пеколен црвец“ почнува со својата работа и ми реди помисли со кои ќе почнам да ги осудувам другите.

А, што сум направил? Се спуштив на ниво на кое се помрачив, почнувајќи од срцето, па до умот, и станав борец против љубовта, зашто ако знаев да љубам, немаше да осудувам. А колку е само опасен богоборецот! Волја за осудување на ближниот не доаѓа тукутака во умот, или волја за чинење грев. Прво ѕирка на сите страни во мене за да ја најде слабоста која како човек ја носам, а откако ќе ја најде, засолниште си прави од каде што ќе може да заповеда.

И јас, „смотан“, се оддавам и се приспособувам на тоа. Скокам пред да кажам „оп“ и се горам. Да биде уште поголема фаталноста, на почетокот не боли толку силно колку на крајот од реакцијата. Во себе знам колку боли.

Понекогаш толку дозволувам да се изгорам од искушенијата што се плашам да пријдам и да пристапам кон вечниот, кон Оној Агнец кој секогаш се дели и не се разделува, туку постојано е даван за нас. Дури тогаш душата ми гори, копкајќи ме да пристапам, но гревовите не ми дозволуваат, зашто телото не е очистено. Ми се чини, кога сум на мачение преку помислите, повеќе страдам отколку да се изгорам со оган. Огнот ќе ме изгори, но некако со лекови ќе се залечи, а она првото е ужасно и буди лелек. Кога темниот ќе

се втурне во борба во мојот ум, во време кога спијам во ноќта... е тогаш само милоста Божја ме спасува. Да, многупати ме спасувала токму таа милост, од Бога дадена. А, пак, Богородица? Ех, колкупати само Таа ќе ме разбуди за да се борам свесно против тие слуги на темнината. Често и ја губам битката. Тогаш многу страдам. На моменти чувствувам дека сум врзан духовно и битијно и буквално сум оставен на работ. Тие падови многу печат, а телото се срами од духот зашто и обете се создадени да му служат на Создателот.

Знам дека Бог допушта да се смирувам. Ако така лесно се грабаше спасението, тогаш Христос немаше без потреба да се симне од висините и да се облече во човечко подобие за да ја вкуси киселата Голгота.

Нема борба без сила, и нема спасение без солзи.

Ете го и значењето на солзите. Солени и горчливи капки. Кога моето око сака толку многу да се насладува со она што ќе го види, тогаш ќе треба и да вкуси од горчината.

Леглото веќе ми стана бојно поле на кое често војувам против кнезот на овој свет. Сполај Му на Бога што ми испраќа помош. Просто, понекогаш насетувам дека ја губам битката, но не ме докрајчува тој лош кнез зашто над него има Поголем Кој е на мојата страна и тогаш секоја стрела уште во воздухот се крши.

Ах, каква милост! Но како човечко битие сè уште не можам да го воспримам тоа. Не стигнав сè уште до степенот да сфатам дека скапо сум платен и со Жртва сум избавен.

Она кое ме докрајчува е гордоста, и тоа отровно самољубие. А колку, пак, само несвесно мислам дека се искачувам кон право место, а всушност, чекорам кон планина чиј врв завршува со отворен вулкан.

Во овој свет нема парче земја во која тече „мед и млеко", но затоа има красота која не се гледа, а се чувствува, не се допира, туку смирено се восприма. Во овој свет го имам Оној кој допушта да паднам за да биде тоа паѓање за мое спасение.

Под будното Око на Триипостасниот сум!

V ДЕЛ

ЛИЧНИ ЗАПИСИ

ДНЕВНИК НА СЛУЧУВАЊА

МОИТЕ МИСЛИ И МОЈАТА ДЕСНИЦА

ПОРАДИ ЕДЕН ЧАСОВНИК

Не собирајте богатства на земјата, каде што ги јаде молецот и ’рѓата, и каде што крадците ги поткупуваат и крадат (Матеј 6,19). Нашиот Бог е Бог кој сака сите да се спасат. Он секој ден ни го покажува патот, но ние ослепените не го гледаме тоа, односно поради своите човечки цели и идеи, ги затвораме очните капаци. Да, така правиме.

Каква лудост! Какво човечко безумие! Помило ни е земното, она материјалното, отколку Божјото. Од толку што сме заслепени, не го гледаме духовното, она спасоносното. Секој ден кога го читам Евангелието, добивам ново потврдување и согледувам колку е вистинито, т. е. живо сето она кое милиот Христос го говореше. Буквално сè се исполнува во животот на човечкото битие. Неопходни ни се работи за да егзистираме, не го одрекувам тоа, но ние луѓето често ја надминуваме таа нужда која преминува во страст. И не само тоа, туку кога ќе влеземе во нејзиниот облак, мислиме дека сè е восхитувачко додека не паднеме долу зашто тој облак поседува подножје.

Која страст има блажен крај?

Која страст нè носи до Царот на Славата?

Со ова, сакам да ти кажам тебе, душо – не мисли само на овоземното. Истото когаш-тогаш ќе заврши, ќе се распадне. Размислувај на квалитетот на нештата кои ги чиниш, а не на квантитетот. Во животот, не доведувај се до ситуација да бидеш камен на сопнување за твоите браќа, ниту, пак, за себе. Благодари им на твоите пријатели кога ти зборуваат дека си горделива, сластољубива, себична. Да, навистина си, но тоа не смее во никој, ама буквално во никој случај да те гневи. Господ ти ги праќа таквите битија за да те освестат, за да си дојдеш при себе и да видиш дека патот по кој врвиш не е добар, ниту, пак, спасоносен. Макотрпно е, но бори се.

Денеска се случи нешто со кое мислам дека Бог сака да ме научи: да ме научи да не бидам сластољубив и да не се приврзувам кон материјалното. Материјалните нешта изгледаат убави и пријатни за окото, но за душата се огнови кои горат и можат да го погубат човекот. Да продолжам понатаму. Поседувам четири рачни часовници. Еден од нив, кој го платив само осумнаесет долари, ми дојде како најдобар и катадневно го носам. Другите се поскапи, но и онака не ги користам секојдневно, а ги добив како подарок. Отец С. од Сан Франциско досега ми подари два. Утрово се истуширав и решив да го носам едниот од нив (сребрениот). Додека бев на послушание (работа) во поштенската одаја, дојде семинаристот Д. Некако се загледа во часовникот и изусти дека е убав. Го прашав дали сака да му го дадам. Го извадив од својата рака и му го подадов. Тој прво ми рече дека му е

непријатно, па го извади својот, кој беше обичен часовник, и ми го даде. Тогаш ми кажа дека не сака тукутака да го земе мојот, а јас му реков: „Д., во ред е. Нема сега да се однесуваме како фарисеите со дај ми, па да ти вратам. Задржи го твојот часовник. Имам и друг.“ Се двоумеше, но на крајот попушти и го зеде. Ми се заблагодари и ми рече дека и тој сака нешто да ми даде од дома. „Уживај, нема потреба, му возвратив. По ова Д. си замина, а јас продолжив да работам, и ете, помислите почнаа да навалуваат: „Зошто му го даде? Тоа е скап часовник, а и подарок ти беше од отец С.“ Внатре во мене нешто силно почна да ме јаде. Тоа беше сластољубието. Просто, не можев да престанам да мислам во умот зошто му го дадов часовникот на Д. Што ли сè не ми поминуваше низ умот. Тогаш сфатив колку сум приврзан кон материјалното. Дојдов до толку низок степен да тагувам зашто му го дадов часовникот.

Денеска видов колку сум сластољубив.

Денеска видов дека поважно ми е материјалното, отколку духовното.

Денеска видов дека досега поважен ми беше Мамона, отколку Христа.

Видов дека доколку продолжам вака, не само што ќе го изгубам рајот туку и ќе се изгубам себеси додека сум на овој космос.

Научи ме, Господи, да чекорам по Твоите патишта. Не сакам да го изгубам рајот поради еден часовник.



БЛАГОДАТТА НА ТИВКАТА НОЌ!

Таа ноќ! Толку многу се трудев, но до доцна во ноќта не можев. Нешто во мене вриеше, нешто необјасниво, нешто што ниту самиот не можев да го разберам. А во исто време, пак, сакав да останам буден за да не почне лукавиот да ме искушува. Ноќта понекогаш знае да биде многу сурова зашто силата на кнезот земски е во ноќната доба. Силно држејќи го крстот в раце, одвај потонав во сон.

Утрото се разбудив со необично чувство, не чувство на страв, ниту, пак, чувство на слабост. Тоа беше необјасниво чувство кое горев од желба пред иконата да Му го пренесам и да му благодарам на Бога за сѐ. Мислите на благодарност беа за сподобувањето Божјо кон мене да се зачувам од грев. Ноќите понекогаш знаат да бидат тешки, но утрата, пак, се покајнички. Ова утро беше поинакво, различно од другите! Битијно чувствував радост и копнеж за благодарност на Севишниот, зашто Нему Му припаѓаат сета слава, чест и поклонение. Преголема возбуда *не е на арно*, зашто тогаш лесно се губи она кое со солзи е собирано. И јас бев меѓу оние кои долго собираа – и сѐ уште собирам.

Не знам да молчам. Бог знае дали тоа е одраз на мојата релативно распламтена младост. Доколку е така, ќе го оправдам тоа како сопствен период на созревање. А, знам дека нема човек кој не поминал низ тоа, почнувајќи од чедата на Адам, па сѐ до денес, во времето низ кое чекорам.

Сонцето му дава светлина и топлина на тој плод во оваа моја младост за да не овене и умре, ветерот му носи свежина, земјата го храни за да станам посилен. Не знам да бидам таинствен зашто едноставноста е во тоа да ги искажувам нештата онака како што ги чувствувам. Се молам да не ми даде Бог да се гордеам, туку со смирено срце да Му благодарам за сите Негови добрини, зашто Господова е земјата и сѐ што е на неа.

Оваа моја „чудна“ и блажена ноќ ми дозволи за миг да почувствувам дека кнезот земски од овој свет има власт, но онаа душа, која љуби на Бога да Му служи, војската ангелска ја штити за да тихува во благодатта на тивката ноќ.

ЖИТЕЛ ПОД ОВОЈ СВОД

Прашуваш кај сме откако ќе си заминеме. По скалило ќе зачекориме и синиот свет ќе го видиме. Еве сум, повторно во облаците. Ми доаѓа чувство дека сум само сенка од некогашно постоење, без утре, без задутре, без себе. Убаво ми е овде. Можам вака да седам и да зјапам во ова сиво воздушно море. Да се созерцава одовде, од оваа височина, е некатадневна можност за нас, синовите човечки. Сега сме вгнездени во телото на леталото, но чудесната глетка навистина го заробува срцето. Прекрасно е небото.

И како секогаш, го зграпчувам моментот за да размислам уште еднаш за создавањето на овој небесен свод. Неискажливото Божјо човекољубие го создаде ова воздушно и земно-небесно пространство за наша наслада. И не само тоа: тоа беше осветено со присуството на Синот Божји. Се вознесе, нели? Си велам дека додека блажениот Христос се вознесуваше, сводот небесен се осветуваше.

Не, не сум во заблуда. Знам дека сводот еднаш беше осветен за време на создавањето на времето, кога во шестиот ден Творецот одмори и го даде Својот благослов. Сите знаеме за тоа зашто човечкото битие не се создаде само од себе, туку го носи подобието на Несоздадениот. Го направи помал од ангелите, но со слава и чест го овенча. Еве едно големо таинство. Едно дело на Божјата волја.

Безграничното Божјо пространство е пријатно за мојата душа. Барам од Создателот, преку овој мој лет прелет по небото, да ја засили, да ја потврди уште повеќе верата во мене. Гледајќи од малото прозорче, се воодушевувам на: белината, синилото, чистотата, многуте нијанси сино на сводот небески...

Глетката е убава до болка! И друго нешто ме обзема зјапајќи во оваа убавина на која очите и срцето не можат да ѝ одолеат. Колку ли е убаво во оние неописливи рајски населби? Оние Божји живеалишта кон кои сите верници христијани се стремиме?

Човекот треба да се вдахнува од природната красота која Бог ја создаде, да не потпаѓа на човечката лакомост како што се лептите. Знам дека, како луѓе, сите имаме во зеницата место да бараме повеќе, но не смее тој дел толку да порасне за да се заслепиме од материјалното.

Овде, во сводот сè е чудно. Повремено ќе ги видиш облачињата во безброј нијанси сино. Овде, во облаците, го посакувам Твоето присуство, како што жедниот пустиник ја посакува водата. А долу на земјата, назад во реалноста, каде што сите работи течат брзо и сè е стрес.

Богородица и Мајката на Светлината...

ИЗГРЕЈСОНЦЕТО НАВИСТИНА НАЛИКУВА ТАКА

Напак знам дека беззаконијата ја надвишија главата моја и од тешкото бреме ме притиснаа. Но, нема да бегам. Повторно и повторно ќе доаѓам. Со наведната глава, понизно ќе застанам пред Твојот Крст, без смелост да Те погледнам! Сепак, веќе го сторив тоа. Иако немав смелост да Те погледнам, со загадочно чувство дали сѐ уште не знам правилно да се молам.

Понизно барам понекогаш да ми дозволиш овде сѐ да ти кажам. Моето срце сака овде, преку зборовите на хартија, да Ти проговори и да ти каже колку Те љуби.

Во него навистина нема место за ништо друго освен Тебе. Чистотата на срцето сѐ уште ја чувам и се надевам ќе остане само за Тебе, Единствениот кој поседува сѐ.

Доколку знаев што сакав од Тебе, досега ќе побарав и ќе добиев, но сѐ уште не знам. И Светите Отци ми говореа во книгите својата волја да ти ја предадам Тебе.

Сепак, кога би ти ја предал Тебе, тогаш Ти и Пречистата би ми биле сѐ! Како срната која жеднее по вода, јас копнеам по живот во светлината тивка.

Бројни се утрата во кои додека сонцето изгрева, го гледам небото како се осветува, Те замислувам Тебе, како Цар на славата, замислувам или чувствувам, но Ти доаѓаш. Изгрејсонцето навистина наликува на твое доаѓање! Прости ми ги и избриши ми ги моите беззаконија, Милостив.

На Крстот Твој се поклонувам!

И, ШТО ПОНАТАМУ?

Се прашувам, не разбирам, се вознемирувам. Се прашувам, не разбирам, се вознемирувам, како може добро дело (со чиста мисла во умот и срцето) на едни да биде соблазна за други? Дали има нешто „гнило“ во туѓото однесување?! Или?... Или навистина моите чисти дејанија и искрени желби некого го соблазнуваат, или, пак, некои страдаат од болеста на зависта? Бидејќи немам одговор, се чудам дали можеби и Господ допушта такви дејанија за да види колку ќе издржам, дали ќе ги фрлам плодовите кои со години ги собирав или, пак, ќе ги задржам во кутијата. Нели во слабоста ни помага Божјата сила за да нè искуши колку сме силни во слабоста. Во моментите на трпеливото собирање плодови, радосен сум и не чувствувам никаков товар. Тежината доаѓа на крајот, дури тогаш кога итам кон мигот за наслада од плодовите, наидувам на бездна. Можеби судено ми е.

И повторно искушение.

Да прескокнам – широко е.

Да слезам – длабоко е.

Да го оставам трудот – не можам. Зарем трудот е за фрлање, а не за создавање?

Во мене се крши човекот, мачниот честит и работлив човек. Какво ли решение да донесам?

Трескавичното мислење ми помага да ја преминам пречката и да го продолжам од Бога зададениот пат. А патем се појавуваа неволји, или, пак, ѓаволи се? Тие повторно напаѓаат сè повеќе и повеќе. А јас, човекот, треба да се борам и со нив, и со потребата да ги заштитам плодовите кои долго ги собирав.

Непознатото што татни во мојата глава прашува што понатаму.

Напред? Долу? Назад?

Разумот ме учи дека не можам да продолжам, не можам да го продолжам од Бога зададениот пат.

Назад. Да – назад е решението.

Што друго да чинам освен да се вратам назад и повторно да почнам отпочеток. Веројатно Господ забележал незавршена задача која ми ја поставил, па бара да се вратам, да ја завршам, па потоа да продолжам. Единствено тоа ми останува!

И така, почнувајќи отпочеток, сега повеќе размислувам како да се одбранам од завидливците кои постојано го пресретнуваат мојот пат. Размислувам колку ли се радуваат верувајќи во сопствената лага дека ме победиле! Немајќи друга работа, кутрите тие пресретнуваат туѓи патишта,

напаѓаат, грабаат, ја кршат вратата на срцето. Грабаат туѓ труд, не за себе, туку да отрчаат и, кутрите некадарни, да се пофалат пред својот господар дека сработиле нешто, за да бидат широкоградо пофалени. Тоа ли е среќа? Да те пофалат за уништување на туѓо дело? Туѓ живот? Туѓа иднина? И да се сладиш со тоа?

Не, тоа е само ѓаволска наслада.

Но, ние сме Божји чеда. Нашата наслада се трудот, упорноста, вербата во Божјата патека.

Решив, се враќам.

Да можеше лесно да се дојде до смирение, сите удобно ќе ја преминеме таа бездна на патот. Да беше лесно, само ќе прелетавме во нашата смиреност и ете нè, стасавме од другата страна, стасавме до Великиот.

И решив уште нешто. Да молчам. Оти ако премногу зборувам додека ги собирам животните плодови, се плашам дека ќе дојдат пак оние, некадарните, ќе ме слушнат, ќе ми запишат некоја набрзина изустена мисла. И, кога ќе треба да ми го нарушат смирението, веднаш ќе ја извадат обвинителната мисла.

Одговори не барам сега – веројатно сум недоволно подготвен за да ги добијам или разберам. Можеби треба да почекам. Имам уште многу работа, ме чекаат уште многу падови, а кога ќе дојде време, моќта на знаењето ќе ме зајакне и мудро ќе ме води низ лавиринтите на животот.

Тогаш мојот крст не ќе биде толку тежок!

Тогаш мојот крст ќе биде помоќен!

Тогаш мојот крст ќе ме спаси, затоа што од тежината на мислата ќе ме смири, и ќе ми помогне да ја поминам бездната, правејќи си мост, и со него, со МОЈОТ КРСТ, со верба во ХРИСТА, ќе се СПАСАМ од некадарните!

УВИ МНЕ, РАЈУ МОЈ

Колку пати стигна до прагот на вратата каде што пишува: „Само вистината постои“? Но не ја грабна храброста за да влезеш во неа. Не си го чини животот да ти биде стоење пред затворени порти. Дојде по слобода, а сега? Посакуваш ли да влезеш во затвор?

И овој пат ќе ја отворам вратата на срцето зашто тоа не може веќе да трпи. Гледам дека често ѕидот се продупчува, а солзите се впуштаат во излевање. Зар тие ќе ги променат нештата во животот? – размислувам во себе. Не можам да погодувам, односно, не сакам зашто може да се судрам со погрешен одговор. Ние луѓето честопати избрзуваме во своите одговори и заклучоци. Отклучуваме погрешни двери и се соочуваме со непријатни моменти.

Кој ќе го слушне гласот на моите лелеци, ако не за друго, барем да ме излаже дека сè е добро, а всушност, не е? Не знам дали си играм со своите чувства или, пак, тие лудуваат во мене. Не знам. Севишниот го знае тоа. Сакам само да запре тоа лудување. Тоа е сè што ми треба во овој момент, а и за понатаму. Не, не сакам да ме напаѓаат таквите помисли, зашто се лукави. Мислам дека солзите треба да продолжат да течат. Нека течат и сега додека го пополнувам овој лист. Нека се испразни вирот од солзи за да видам до кој степен е извалкано дното. Само тогаш ќе можам да го исчистам сè до следното излевање. Таква е браната на животот: ќе се прелее и ќе се испразни, и пак ќе се наполни.

Солзите не болат, но зошто, пак, горчат? Како да си го одгатнам ова, а да не згрешам? Ќе започнам од некаде, а ако сторам престап, нека ми прости Бог, зашто прикован сум во слабоста своја. Горчат солзите затоа што животните бранови се такви. Честопати се горчливи. Рају, сладок мој рају! Ќе се докоснам ли и јас до портите твои за да нема повеќе солзи од грижи? Уви мне, рају мој! Во овој ден, и во овој свет храм, на момент насетив дека сум избркан од рајот. Да, избркан. А, зошто? Избркан затоа што едни човечки битија ги љубам повеќе, а други помалку. Затоа што кога некој ќе ме удри со навреда, наместо да му благодарам, јас се срдам. И уште сум избркан зашто станав роб на робот на овој свет и сè додека останам таков, ќе бидам осудуван на робија. Денес Адам е клекнат на своите колена и плаче за изгубениот рај. Тука сум и јас, покрај него. Стојам и плачам за таа изгубеност која многу ми недостига. Таму, во тие пазуви е безбедно зашто нема ништо земно страдално кое допира до таму, туку блаженство исткаено со љубов. А, љубовта? Патот до љубовта е подарок, предавање, доверување, жртва...

Сѣ уште барам начин како да му внушам на срцето да се откаже од земното и да мисли на небесното, неопиливото, онаму каде што зборот човечки не се слушнал. Навистина, душите на праведните немаат скудности во ништо зашто нештото во овој свет го сметаа за ништо и така се изборија за нераспадливиот венец. Ете зошто сѣ уште извикувам од болка за рајот. Старозаветниот и славен цар ерусалимски, тој еклисијаст, напишал дека *ветрот вее кон југ и се врти кон север, се врти, се врти во својот пат и пак ги почнува своите вртења во круг.* Ете како и јас се вртам наоколу без да влезам во рајот. Како да чекам некој да ме турне за да кинисам. И друго нешто: та нели имам слободоумие? Никој не ме зауздил или, пак, заробил. Но што дека имам кога пак не знам да го барам суштинското, она вечното.

Тешко ми е, но зар потребно е да се жалам? Мојата Via Dolorosa сигурно не е поболна и потешка од онаа на Синот Човечки. Затоа го пренебрегнувам рајот заради своите извитоперени дејствија и умувам тврдоглаво. Ете зошто е горчлив животот. Живееме на земјата, ама сме жители на небесата, златоустиот Јован поучуваше: Уви мне, рају сладок. Не оставај ме да плачам пред твоите порти.

Уви мне, рају мој!

СОЗЕРЦАТЕЛ НА СТРАДАЊЕТО ТВОЕ

Тишината, која тивкиот ветер многупати ја прекинува, останува во ноќта, а и јас во неа. Денеска го изгубив чувството да созерцавам. Срцето спие, не сака да расудува. Денес ќе бидам „безумен“ поет кој не знае што пишува, туку само ги запишува зборовите кои ветерот ги носи од далечниот Ерусалим.

Во еден момент си реков: „Дали во светлоста на срцето ќе творам добри дела, или душетлено ќе талкам на земјата, без да творам нешто?“

Сега Ти се обраќам Тебе: „Вечерва, доколку преку усната молитва лукавиот ми го заматува умот, можам овде да ти кажам: ’Возобнови го моето тело паднато во гревови! Од Тебе барам да ме направиш созерцател на страдањата Твои. Она, кое многупати го барам од Тебе, го барам и сега затоа што знам доколку ми го дадеш тоа, духот мој ќе му нареди на телото да не греши‘.“

Ах таа голема и неискажлива соестетственост Твоја!

Твоите рани го печат телото мое, умот го отвораат, срцето го стоплуваат, а духов го спасуваат.

Не можам да барам од Тебе да им помогнеш на другите, но за себе барам да ме сотвориш да бидам СОЗЕРЦАТЕЛ НА СТРАДАЊАТА ТВОИ!

БОЛКА ДО СРЦЕ

О Господи, нема ли да ми дозволиш мене, на Твојот слуга, да се помолам пред Тебе да му дадеш на нашето срце семе, и на разумот наш очистување, за да даде плод од кој би можел да живее секој распадлив што ќе го носи името човек? (3 Ездра 8.6)

Во ноќта во која шумниот звук на океанот го надвишуваа моето молење, Ти зборувам Тебе. Крај овие брегови постои мир кој ублажува. Бучното шумење на брановите по малку ме плаши, но не затоа што сум плашлив по природа, туку поради тоа што душата ми е мачно нажалена. Не знам дали си во тивкиот ветар или во овој океански шум, но Ти имаш Свој начин да ме слушнеш. Далеку сум од Тебе. Далеку сум од благолепието на Твојот дом. Далеку сум од себе. Воскреснуваат ли вечерва зборовите? Се распукува ли патот до срцето зашто многу го ранив, а неговите солзи мелат сè пред нив? Последните неколку денови се плашев да Ти се обратам со своите редовни моленија. Колку повеќе го чинев тоа, толку повеќе ја ранував душата. Вечерва, таа не издржа зашто се оддалечував од Тебе. Солзите течат, но овој пат и ќе печат зашто сето мое битие Те бара. Ти си Единствениот кого најмногу го сакам. Ти си единствениот кој од детството свое Го љубам. За мене, твоето отсуство е болка до срце. Со своите дела, бурните години сакаат да ме оддалечат од Тебе. Борбата е тешка, и често губам. Оваа вечер сакам да ти речам нешто: „Те молам, не заборавај дека многу Те сакам! Ти си ми сè! Ти си мојот сладок Исус со кој ќе се фалам и оправдам. Знаеш дека ниту катадневно ниту, пак минутно, туку во секоја секунда од моето битисување Те носам и мислам на Тебе.“

Имам толку многу да Ти кажам колку Те сакам, но не можам да го искажам тоа. Невозможно е да се опише љубовта. Невозможно е да не Те љубам. Ако тагувам, по Тебе тагувам. Навистина, единствената личност на која вистински ѝ имам кажано „те љубам“ си Ти. Знам дека го знаеш тоа, а мене, пак, ми е благо на душата уште еднаш да Ти го кажам тоа. Човек сум и одвреме-навреме имам потреба да ти ги искажам моите чувства. Кога размислувам за Тебе и за Твоето човекољубие, очите ми стануваат повесели од вино, а забите побели од млеко (1 Мој. 49.12). Милоста Твоја е голема зашто ми го спасуваш животот, ми ја чуваш душата да не се зацрни од прегрешенија. Видов дека колку и да го одложувам своето покајание, мојата внатрешност не го дозволува тоа за долго, туку се распукува и бара да Ти принесам чиста бескрвна жртва, како оваа: „Прости ми, согрешив, Оче!“ Со тага во адот ќе појдам, но срцето и умот нема да ги дадам. Барам од Тебе во добрите дела да станам силен како Нимрод. Да бидам ловец на добри дела

– ете, тоа ќе ме исполнува низ животот свој. Кој е добар ловец пред Бога како Нимрод? Која душа е блажена поради постојаната и чиста љубов кон Бога?

Секојдневно, кога се будам во новите утра, кога ги отворам очите и ја гледам светлината на денот, влегувам со насмевка во мојот нов почеток, во мојата нова пролет. Убаво е кога во утрото на моето будење Те поздравувам со „добро утро!“ Пријатно е кога знам дека покрај мене има некој, Кој се грижи за мене, Кој ме љуби. Силата на животот тече во моите вени. Дури и кога нивното телесното течение ќе застане, по Твојот благослов, нека течат духовните. Кога тие ќе течат, тогаш душата моја ќе Ти воздава пофалба, па ако е можно, и заедно со ангелите ќе ја пее Трисветата песна. Ме хранеше во пустината, ме смируваше во скрбта своја. Пак и пак, со своите гревови влегувам во Египет, каде што станувам роб на тој народ, а Ти душата моја ја бараш за да ја изведеш оттаму и да ја населиш во ветената земја каде што тече мед и мледо. Таа е богата земја, со убави полиња и планини и чисти води. Колку е мизерно, Боже, тоа што Ти ме доведе до таа земја, а јас пак се враќам во онаа другата. По словата на Твојот угодник, старецот Силуан, ако е невозможно да живеам целосно како христијанин, дозволи ми барем да издивнам како христијанин. Ќе ѝ биде пријатно на душата ако ги запише Твоите заповеди над вратата на домот за да се потсетува катадневно и да ги исполнува Твоите повеленија. Победата и спасението се од Тебе. Ниту големи води, ниту бурни ветришта, ниту реки не можат да ја угаснат љубовта кон Тебе. Сè додека устата моја може да говори, ќе Те благословува. Не давај да претрпам бродолом во верата зашто преку неа се крепам, утврдувам, смирувам. Таа ме учи на надеж во Тебе, Кроткиот и Смирениот Син Божји.

Ти си богат во љубовта. Ти нè избавуваш од гревот што доаѓа. Тој пуст грев, син на лошиот, не му дава одмор на моето тело. Ми се чини дека доколку би ги броел стрелите негови, не би ги избројал. А, зошто се плашам? Зошто стравувам? Зар Ти не ја победи смртта? Нели ги сотре вратите на адот за кога солзите ќе се леат, да бидат оправдани пред Тебе? Да. Да. Да. Воскресна за да ми кажеш колку ме љубиш и дека тие ѓаволски стрели не се ни малку посилни од Твојата љубов, од Твојата закрила. Мислам дека постепено почнувам да го разбирам тоа. Животот во Тебе, во Црквата, ми покажува колку е блажено да се живее со Тебе, преку Тебе и во Тебе. Никогаш нема да престанам да Ти говорам колку Те љубам. Многупати Ти досадувам и лелекам, но на кого да ја кажам тагата своја ако не Тебе? Понекогаш знам да се надевам на синовите човечки и секојпат кога го чинев тоа, тагата ми стануваше двојна. Научи ме кога барам, да барам, но надежта да не ја полагам на нив. Срцето мое не мрази, но понекогаш има гнев кон ближните. Прости ми за тоа. Не сакам да бидам таков. Научи ме безусловно да љубам. Уште, Те молам, засили ја мојата вера во небесните ветувања и преку Пресветата, Преблагословена

и Славна Наша Владичица, Богородица, *зачувај нѐ додека туѓинуваме на земјата* (Бог. псалм 121, 124).

Воздигни ги душите на Твоите чеда кон возвишена љубов. Таму, таа љубов никогаш не згаснува зашто од Тебе извира и тој извор никогаш не пресушува. Ах, каква чистота, каков бисер на љубовта! Често размислувам: кога овде на земјата е убаво, кога јадеме вкусна храна од благата на земјата, кога ја гледаме природната убавина на овој свет која има сила да нѐ опијани со нејзината убавина, кога ги доживуваме радостите низ секојдневието, колку ли повеќе, Боже, е убав рајот? Те молам, открий ми ја таа убавина. Чудесен си! Убав е воздухот, но уште поубав е Твојот, божествениот...

Уште, Те молам, направи ме да бидам усовршен и совршено подготвен во секое добро дело, а кога ќе заминам, да заминам барем со еден плод во раката. Со една ламба во која огнот (на верата), кој го таам на земјата, да продолжи да гори и онаму.

Верни се словата на мојата уста! Како човек ги запишував, но срцето ги создаваше. Прими ги љубовните слова и послушај! Приведи ме во небесната татковина на вечната љубов, зашто љубовта Твоја до болка пече!

Душо, касни ја смислата и проголтај ја мудроста (3 Ездра 8.4).

Чудесен си, Боже!

Благослови!

ЧЕТВРТИНА ВЕК!

Ќо мисла сум. Дали животот е кус како полски крин кој денес е тука, а утре го нема? Или, пак, долг како постојаното струење на ветерот? Блажено е славењето на животот со природата зашто таа нè учи уште повеќе да го златосуваме животот.

Често размислувам што сè добиваме од природата, а така лесно тоа го одминуваме? Еве, признавам, го сакам сонцето зашто неговата топлина ме грее. Го сакам дождот зашто ми помага да си го спомнам прочистувањето на душата. Те сакам Тебе, зашто Ти си мојот сладок Исус. Ти си мојот Создател и во Тебе јас ќе се оправдам.

Кога бевме мали, секогаш постарите ни велеа да си замислиме желба пред да ги дувнеме роденденските свеќи. Денеска, во оваа четвртина од век живеење, го просам ова желание: „Упати ги моите чекори по Твоите слова и чувај ме од секакво беззаконие. Ти исполни ја мојата уста со пофалби кон Тебе, а јас додека телото свое го носам, да не престанам да те воспевам и да ти благодарам! Ти дозволи нов крин да изникне, а јас понизно барам од Тебе, не престанувај да го полеваш со Твојата благодат зашто ако престанеш, тој ќе овене!“

Се ли исчезнува во ноќта кога се умира?

Јас умирам секој ден во тага и во страдање, но се радувам зашто верата сè уште стои во мене. Таа ме одржува! Чудо е каде нè носи промислата Божја. Мене срцето ми е исполнето со љубов и синовско благодарение.

Ти благодарам за ова четвртина век живеење!

Благослови!

ЖИВА РАНА

Пак ли да пишувам за својата човечка природа во која секогаш паѓам? Не знам дали некогаш ќе се излечам од гревот и од страстите кои одамна се вкотвени во мене. Одговор немам, а и не сакам веќе да погодувам зашто секојпат кога мислам дека сум подобар, следниот ден ќе паднам. Буквално секојпат тоа ми се случува. Се чувствувам како посрамен, идиот кој самиот бега од Бога и не сака да битисува со Него. Зошто се случува така? Зар искушенијата се посилни од нашите сили, па не можеме да ги скршиме? Овде има само еден одговор: не се посилни од нас, туку ние им се насладуваме и уживаме во нив. Овде мислам на страстите од кои сите ние страдаме. Големата човечка рана ќе остане да гние во човекот, и колку и да се лекува, само го подзабавува процесот на распаѓање. Следствено на тоа, *со мирисот на живата рана човекот го живее својот век.*

Јас не го разбирам умирањето само кога човекот ќе ги затвори очите, ќе ја изгуби сета сила во своето тело и ќе го испушти последниот здив, туку и како умирање од слепост за своите гревови. Да, ова умирање е пострашно од она природното, зашто она со телото е умирање за воскресение, додека, пак, она другото е за погибел. Дали ќе си ги спасуваме душите или телата – тоа нам Бог ни го остава да избереме. Неодамна, прочитав дека луѓето подзаборавиле на душата која Бог ја создал, а си измислиле некаква си своја. Точно. Еве уште една болна и заслепена реалност денес. За ова ќе пишувам дотука.

Големиот германски филозоф Кант рекол дека човекот е чуден. А, што, зар не е? Не честопати, туку многупати, самите си го искривоколчуваме својот живот и го замрзнуваме она кое Бог ни го дава. Завеани сме од пороците, а како последица од нив, ни доаѓаат страдањата. Ете ја живата рана која нè јаде! Мислиме дека подоцна во животот ќе го одмрзнеме и ќе го ползуваме (од благодатта, талантите), но тоа е кристална заблуда. Дојде време кога почнавме да се пазариме со Бога, па уште и услови да му поставуваме. И зар не сме полоши и од скотовите? Барем тие го земаат она кое им е дадено и живеат според тоа.

А, љубовта? Зар не е таа јазик зборуван од сите, но разбран само со срцето? Ох, Господи, зар ми се потребни слова ако во нив не живее љубовта? Сум со желание, а и време е да почнам да го барам изгубеното, она од кое се оддалечив. Да го пополнам празното во мене, за болката гревовна да ја тргнам, тој воденички камен кој ми е обесен на вратот и ме потопува во морето. Не се плашам ако потонам, туку поради што ќе тонам. Поради живата рана, поради тоа невреме! Матност ја покри душата. И не само тоа, туку таа

рана ја испревртува сликата на внатрешното, и надворешноста смрди и само што не почнала да гние. *Ги сакам тунелите. Тие се симбол на надежта. Некогаш повторно ќе биде светло, освен ако веќе е ноќ.* Имам потреба правилно да ги подредам нештата. Кон никој не покажувам со прст, но за себе ќе речам и ќе си речам: „Кога би одел по Христа не со завржани очи, туку со разумност и вистинско познание на Познатиот, тогаш мислам дека ќе започне преобразбата од стариот (грешен) во нов човек. Засега немам со што да се пофалам, освен со гревовите кои ги влечам по мене. Имам потреба правилно да ги подредам нештата.

БЄЗБОЛНА ШЛАКАНИЦА

Преку своите слабости секој ден ја гледам милоста на Бога. Кога мислам дека Он се оддалечил од мене, тогаш Тој најмногу е со мене. Но колку, пак, далеку јас можам да размислувам со својот ум? Оној, што е приврзан до земјата, не може повисоко да мисли од земното. Но, што да се чини? Кога ќе помислам дека сум научил нешто, тогаш ќе осознаам дека не знам ништо. Како и да е, вечерва само што започна бдението, за време на вечерната Бог ми удри шлаканица, но безболна. Тоа беше шлаканица без болка која ме пробуди, а Он ми рече: „Време е! Доста седиш во мрак. Светлината е пред тебе, само треба да ги отвориш очите!“

Во манастирот има еден монах, отец Никон, со кој повремено пријателувам. Често се шегуваме, ќе се поттурнеме за да се насмееме еден со друг. Едноставно многу братски и пријателски се однесува кон мене. Тој бил замонашен одамна во овој манастир, но кога еден владика, некогашен џорданвилски монах, возобновил друг манастир во Западна Вирџинија, отец Никон заминал со него. Веднаш по Пасха, оваа година, тој владика заминал да пастироначалствува во Австралија, и отец Никон се врати во своето огниште, во матицата Светотроитска. Еден ден кога го прашав за причината за неговото враќање овде, тој вака ми одговори: „Јас овде бев замонашен и овде е моето место.“

„Ете вистински монах“, си реков во себе. Истовремено, се сетив на игумановите слова на отец Лука кога еднаш, додека разговарав со него за монаштвото, ми рече:

Кога некој ќе се замонаши во манастир, таму треба да остане до крајот на својот живот и таму да го остави своето тело. Во манастирот каде што се замонашил дал завет на Бога преку игуменот, таму му е дадена благодатта и таму ќе добива најмногу сили за да се бори против кнезот на овој свет и да си ја спасува душата. Онаму каде што ќе се замонаши, таму и треба да остане.

Отец Никон се врати назад, за да си ја спасува душата во овој манастир каде што го примил монашкиот потсриг. Денес, безболната шлаканица, која ја добив од Бога, беше преку отец Никон. Што точно се случи? Во своето искуство како православен христијанин кој сака да си ја спаси душата, воочив дека доколку не се причестам или, пак, не се исповедам повеќе од еден месец, готово е, многу искушенија почнуваат. Всушност, се трудам да се причестувам често, но, ете, овој период не го сторив тоа и започна падот. Што сѣ не се случуваше со мене: искушенија од сите страни, и згора на тоа, суровоста почна да ме вее. Во кој правец и да одев, ништо не даваше резултат.

Зошто? Затоа што не барав сокровиште во Бога. Срцето мое не гореше за покајание, ниту, пак, за солзи.

Како и на секоја вечерна, и за време на оваа, игуменот исповедаше. Богомолците се подредија во линија. Отец Никон беше прв, а јас стоев во нартексот од храмот. Кога заврши со исповед, тргна назад за да се качи на балконот каде што секогаш стоеше за време на службите. Пред да почне да се качува, дојде до мене и ми рече: „Мислам дека треба да се исповедаш!“ И почна да се искачува по скалите нагоре. Во истиот момент морници ми поминаа по моето тело.

Што се случи? – започнав да се прашувам. Од каде сега токму отец Никон да ми каже вакво нешто? Зар тоа беше коинциденција? Познавајќи се самиот себе, не би рекол дека беше. Во монасите има нешто кое ни ги плени срцата нам, мирјаните. Овде не сакам да кажам дека тие се светители или, пак, пророци. И тие се луѓе како и ние, но има нешто во нив кое ги прави да бидат посебни, чудесни. Ангелскиот образ, кој го зеле на себе, ги прави да бидат необични. Вечерва, токму еден од таквите црконосци, ангелоподобници и схимници, отец Никон, ми рече дека треба да одам на исповед.

Многу се радувам што го сторив тоа вечерва. Веднаш застанав во линија и кога ми дојде ред, се исповедав кај високопреподобниот игумен. А колку, пак, ми олесна откако излегов од исповедта! Застанав на крајот од храмот зашто веќе насетував дека солзите ќе дојдат, и тоа се случи. Откако завршив со исповедта, навистина почувствував како нешто тешко да отфрлив од себе, и тие почнаа да се леат. Дали беа покајнички? За тоа не можам да пишувам зашто не можеме да опишеме сè што чувствуваме.

Господ го чекаше моето покајание. Го чекаше со недели, но јас своеглавиот одолговлекував и чекав. А зошто чекав толку долго? За оној лошиот да ја заплени мојата душа и да ме стори роб на адот? За срам мој! Духовникот нема да ме изеде ако отидам на исповед. Тој се радуваше на моето покајание, и згора на тоа, ми рече: „Кога ќе те нападне лукавиот, веднаш да дојдеш кај мене. Не чекај!“

Такви сме ние земните. Паѓаме, стануваме и сè така додека не издивнеме. Но, сè додека има вистинско покајание во нас, ќе бидеме измиени од нашите гревови. Една руска поговорка вели вака: „Там хорошо где нас нет“ (Добро е таму каде што нас нè нема). Јас вака ја толкувам:

Тоа е карактеристиката на човековиот живот на земјата. Откако ја изгубил бесмртноста, тој ги собира плодовите од своето непослушание. Кога сме во ваква состојба, лесно се плашиме токму таму каде што нема страв.

Оваа вечер, Милостивиот, гледајќи ме изгубен, дојде кај мене зашто виде дека јас сè уште ниту чекор не направив кон Него. Ми удри шлаканица, која беше безболна, за да каже дека светлината е пред мене, а јас само треба да ги отворам очите, и кога го сторив тоа, Он ми рече:

Погледни, Јас сум тука!

НОВИ ТЕГОБИ

Долго се мислев дали да седнам и да пишувам. Решив да пишувам зашто полошо ќе биде доколку сите тегоби си ги таложам на срцево. Колку и да може тоа да носи, не смеам да дозволам да се прелеат и да натежнат. Како вчера да беше кога стигнав во Америка, а веќе се приближува крајот и на ова мое петгодишно патешествие. Поминав низ многу искушенија кои ме научија да се борам.

Познавајќи се себе, се изненадив кога неодамна прочитав дека ѝ пишувале на мајка ми оти многу сум се променил. Само не разбрав дали на добро или на лошо. И не разбрав што ги засега другите мојата ваква или таква промена. Се исчудив на човековата ситнодушност од сознанието дека парите ме направиле таков. Аха, си реков, каков? Му благодарам на Ајнштајн за реченото: „Само универзумот и човековата глупост се бесконечни. Сепак, за универзумот не сум сигурен." Се нажалив кога ја прочитав таа лага и се прашував зошто ли луѓето се заморуваат со туѓи маки, а не си ги гледаат своите. И, еве, благодарение на природата која кај мене, за разлика од некои двоножни суштества, го развила чувството на еволуција, не сум веќе она деветнаесетгодишно момче кое замина од Македонија за да студира во САД. Сосема е нормално да се сменам. Грев ли е да се приспособувам на средината за да опстојам, грев ли е во земја каде што никој близок не е до мене да научам уште повеќе сам да се борам во животот? Во изминативе години научив дека животот овде знае да биде суров, многу повеќе отколку оној кој го проживеав во своите рани години. А, ни тој не беше послан со нитки од рози. Само оној кој не го почувствувал и не поминал низ животна голгота, може да зборува без притоа да разбере.

Никогаш не сметав дека физичкиот изглед го краси човекот, така што и сега не му придавам значење на тоа како изгледам, ама затоа, пак, со сигурност знам како се чувствувам. Борбата во овие пет години беше голема: „да се биде или не". Не во смисла на Шекспировиот „Хамлет", туку во смисла и духовно и телесно да пораснам и бидам свој. Таа борба беше тешка, но за мене не е завршена.

И додека некои мои колеги со нетрпение го очекуваат 24. мај 2015 год., бидејќи тогаш ќе ги добиеме заслужените дипломи во рака, јас не се радувам. Јас се јадам бидејќи знам дека уште потешки периоди ќе го навјасаат моето кревко битие. И наместо олеснувањето кое треба да го донесе дипломата во рака, мене ме чека уште потрнлива животна врвица, небаре досега ми било лесно. Последниве два месеца многу ме тиштеше чудно сознание кое во досегашните мои дваесет и четири години не сум го

осознал. Би го опишал како градација и постапност во неколку недоумици. Веќе завршувам факултет, но што и каде по дипломирањето? Прашањево ме удри многу и, како и секој кој е на раскрсница, се изгубив. За жал, сè уште не научив да ја полагам сета моја надеж во Бога. Факт е дека Тој досега не ме остави, и верувам дека и понатаму нема, но, ете, со својата маловерност паѓам. Секогаш е истото и истото.

Ако првата година од моето школување овде беше тешка поради невладеењето на англискиот јазик, оваа, петтата, е габаритна поради многуте грижи кои ме надвладееја. Овде не говорам за очајание. Да не даде Господ такво нешто. Повеќе го гледам ова како стрес – што и е. Сепак, треба да поминам и низ ова зашто само така ќе го научам суштинското во животот и ќе знам да ги ценам нештата.

Со годините поминати, осознав дека во животот нема ништо лесно. Што ќе постигнеме ако паднеме и ако седиме во очајание и лелек? Ништо. Сме паднале, да, но треба веднаш да станеме, да продолжиме и да се радуваме зашто сме ја надминале тегобата од претходно. Ваквите зборови ги нижам од искуството кое ме направи опитен дека надежта во Бога е она без кое не можам ништо да направам. Вистина е и дека во моментите кога горделиво мислам дека можам сам, тогаш најмногу паѓам. И тогаш се сеќавам на реченото од Христос, *„без Мене не можете ништо да направите“*. Повторно, Господ ме учи да паднам за да научам да станам, а јас сакам да верувам дека Тој ме љуби. И не само мене, туку и таквите како мене, оние на кои им треба помош кога паѓаат. Родителот, кој го кара својот син, значи го љуби. Се сеќавам на една случка од периодот кога учев средно богословско училиште во Скопје. Таму имаше еден професор по византиско пеење кој имаше една прачка на која беше напишана една мисла од книгите на цар Соломон: *Кој ја жали прачката, го мрази сина си*. Овие зборови оттогаш ми се врежаа во глава. Професорот доаѓаше кај секој од нас и ќе ни речеше: „Читај што пишува овде.“ Ние читавме гласно, по што требаше да ја испружиме раката и добивавме удар со прачката. Секако, тоа не беше некое болно удирање, но чинот како лекција ме научи многу. Тогаш не ја разбрав, но по неколку години пораката сама исплива од меморијата. И сега, кога го пишувам сето ова за работите низ кои минувам во овој период, овој настан ми suни во главата и ми помага повеќе да ги разбирам нештата во својот живот. Имам уште многу да учам, вистина е. Но...

Често си помислувам колку би било безгрижно кога во животот сè би било мед и млеко. Имав периоди кога не сакав да се соочам со проблемите, но признавам и ќе речам фала Му на Бога што ги има. Нека ги има зашто послатко е кога се јаде лебот заработен со своја пот, зар не? Има една изрека

на англиски која гласи вака: *„What doesn't kill you, make you stronger"* [25]. Како и во секоја народна изрека, и во оваа има многу вистина. Оти некој ја искусил маката. Еве, пак, како јас ја разбирам: во животот наидуваме на многу пречки, но ако ги победиме, тогаш стануваме посилни. За тоа има безброј примери:

- Доколку луѓето те исмејуваат или си подигруваат со тебе, истовремено, развиваш „дебела кожа" и цврстина. Стануваш и си посилен.
- Твојот/твојата љубен/-а те оставил/-а поради некој/-а друг/-а. Затоа, пак, тоа искуството те учи следниот пат да користиш поголема пресуда и чекор. Значи, стануваш посилен/посилна.
- Твоите соработници те озборуваат зад грб. Со тоа учиш да се спротивставиш и да го изразиш своето незадоволство за нивните незрели однесувања. Си научил да го користиш својот глас. Стануваш посилен.
- Се случил смртен случај во семејството. Се упокоил некој кој ти бил многу близок и играл голем улога во твојот живот. Периодот низ кој поминуваш те учи да чекориш понатаму и да го цениш твоето време додека си на Земјата. Стануваш посилен во духот.

Всушност, доколку некоја случка „ме убива" психички, иако физички не ме „убива", ме тера да се борам за да станам посилен во иднина.

И да се вратам на почетната инспирација за овој текст. Доколку за некој сум се изменил, ќе се гордеам со констатацијата. Точно, се изменив за да се борам повеќе во животот и да не очекувам премногу од *синовите човечки* кои катадневно грабаат од човечката душа. Сепак, борбата која ја поминав овој период беше плодородна за мене.

При престојот во Македонија, во јануари 2015 год., разговарав со возљубениот мој црноризец, архимандритот Нектариј, кој ми рече дека *во младоста човекот живее од подвиг, а во староста, од спомени.* Таа благословена уста сега ме теши зашто неговите зборови ми покажаа дека патот по кој врвам е трнлив и многупати боде. Таков е за да не се возгордеам и да ги учам животните лекции и некогаш, да даде Бог, јас да ги пренесувам животните лекции на помлади. Инаку што би биле? Ветрушки, би паѓале како пердуви.

Слава Тебе, Господи. Во животот и растев сам. Бев научен никогаш да не се потпирам на рамото на други кога ми беше тешко. Други знаев да тешам, но мислев дека не треба да барам и да очекувам некој кој би ме разбрал целосно (не дека немаше кој). Ова, пак, ми отвори простор за нови

25 Она што не те убива, те зајакнува.

слабости, но нека се редат и тие. Сите сме ја вкусиле суровоста на зимата, зимата на нашите гревови, тегоби, стресови, но затоа, пак, слатка е пролетта во животот. Кој може да вкуси слатко, а притоа да не знае што е горчливо?

Пред две седмици, додека шетав покрај езерото Онтарио во Торонто со едни мои драги пријатели, едниот од нив ми рече: *„Биди борбен. Не разочарувај се. Научи да ги познаваш луѓето!“*

Сепак, најважно од сè е човек да се спознае себеси.



РАДОСТА НА ТРЕПЕРЛИВОТО ИЗГРЕВАЊЕ!

Во денот на Воскресението, нема делови од светот кои не се озарени од светлина, туку сѐ, без исклучок, е исполнето со духовна светлина на Христовото Воскресение (св. Никодим Светогорски).

Браќа и сестри, роднини по крв и роднини по дух, кумашинчиња, духовни мајки, млади и старци и сите вие кои ме љубите, а и оние коишто зло ми чинат, ХРИСТОС ВОСКРЕСНА!

Душата ми жеднеше да седнам и да нанижам неколку слова за деновите кога милиот Христос страдаше, или за Неговото славно воскресение, но ништо не ми доаѓаше во умот. Денеска, на овој голем ден, самото утро ми кажа што да пишувам, и решив да творам. Ден на воскресение, ден на радост кога не само човекот туку и природата сведочи дека навистина Христос воскресна. Чудо над чудата, таинство Божествено, радост неопислива...

Во овој ден сѐ е радосно. Многу го сакам пасхалното утро. Пред неколку години, еден од духовниците во Светотроитскиот манастир во Џорданвил ми кажа дека на Пасха, кога изгрева сонцето, игра, или со други зборови, трепери – се радува на Воскресението Христово. Во мојот живот ова започна пред три години. Горев од желба да го видам тоа чудо. Во меѓувреме, во Џорданвил ја донесоа мироточивата икона на Богородица – Омекнување на злите срца (Седумстрелнаја). Беше кај нас до втор ден Велигден. Таа година се запознав со хранителот на мироточивата икона, брат Сергеј, со кој изградив силно и искрено пријателство кое, сполај Му на Бога, трае до денес. Му реков дека слушнав од еден монах оти сонцето на Пасха игра. Се договоривме да одиме на ритчето каде што се гробиштата и да видиме. Пасхалната литургија заврши кон четири и триесет наутро. Еден час одморивме и во шест, двајцата заминавме на брдото за да го дочекаме изгревањето на сонцето. Дојде и тој момент кога сонцето почна да се појавува. Полека почна да се појавува неговата форма. Тоа беше треперливо изгревање. Играше! Трепереше! Се радуваше! Сега, додека пишувам, морници ми поминуваат по телото, а додека го гледав тоа... да не зборувам колку. Двајцата со брат Сергеј се чудевме и благодарно се крстевме и пеевме „Христос Воскресе“ за она кое Бог нѐ удостои да го видиме. Додека го гледавме неговото треперење, му кажав на брат Сергеј како го гледам и заклучивме дека и обајцата го гледаме играњето на сонцето на ист начин. Навистина е тешко да се опише овде. Тоа само се доживува. Сето трепереше, а во него имаше нешто уште посветло кое разиграно се движеше. Толку можам да напишам. Истиот ден, брат Сергеј му раскажа на нашиот игумен на Светотроитскиот манастир, отец Лука, за овој

настан. Игуменот му одговори дека Господ ги удостојува православните да го видат ова чудо, особено оние кои преку целата година често се причестуваат. Згора на тоа, ги додаде следниве зборови: „Владиката Аверкиј секоја година одеше со неколку семинаристи да го гледаат изгревањето на сонцето и велеше: *Гледаш како сонцето игра на денот на воскресението на нашиот Господ?*“

Втората година, кога брат Сергеј дојде со мироточивата икона во Џорданвил, отидовме повторно на ритчето за да се радуваме со сонцето. И оваа трета година Господ нè удостои да го видиме треперењето (играњето) на сонцето. Пред да продолжам понатаму, сакам нешто друго да напишам. Оваа година имавме многу долга и студена зима. За време на Велигденскиот пост беше сончево само два дена, и тоа, со облаци и студ. Сега, на Велики Петок, кога имавме литија околу црквата, дуваше силен ветар и почна да врне снег. Си реков во себе: „Ќе го видам ли играњето на сонцето и оваа година? Со вакво време, мислам дека тоа нема да се случи.“ Патем, неколку дена пред Пасха, зборувавме со брат Сергеј за ова и се договаравме да одиме. Му реков дека оваа година ќе ни биде трета по ред да го гледаме тоа чудо, а тој ми одговори: „Нема ништо случајно. Бог љубит Троица.“

Во саботата цел ден беше облачно. Сонце немаше, и беше студено. Вечерта, пред да отидам во црква и да го дочекам Воскресението Христово, застанав пред својот иконостас и реков: „Господи, те молам, сподоби нè и оваа година да го видиме чудото со изгревањето на сонцето!“

Ова благословено пасхално утро, традиционално, по трети пат брат Сергеј и јас отидовме да се насладуваме од радоста на треперливото изгревање на сонцето. Трета година по ред тоа трепери на ист начин како и претходните две. Забележавме со брат Сергеј дека оваа година, сонцето се гледаше поубаво и поголемо додека изгреваше. Двајцата стоевме на крајот на гробиштата, на ритчето. Додека сонцето изгреваше, разновидни птици и канадски гуски го будеа пасхалното утро.

Мислам дека треба да го запишам и ова кое го видов тука. Во моментот патувам за Канада, која е западно од Џорданвил. Денот веќе привршува. Седум навечер е. Автобусот се движи кон страната каде што заоѓа сонцето. Седејќи, се загледав во сонцето, и тоа сè уште трепери. Се гледа во истата форма како и ова утро, само сега е посветло. Еве го. Трепери. Овој пат неговото треперење е такво каква што е неговата целосна светлина, во него има уште посветла линија која се движи наоколу. Можеби некому ќе му звучам како налудничав со сето ова кое го пишувам, но јас го запишувам она што го видов денес. Ќе се чувствувам виновен и себичен доколку сето ова го задржам за себе. Ако радоста за Воскресението Христово е за целиот род човечки, тогаш и ова треперење и играње на сонцето во текот на овој ден е за сведоштво

за неверните дека Христос навистина Воскресна, а за нас православните – утврдување во верата. Простете им на моите чувства, но навистина не можев да престанам да се восхитувам на оваа радост, особено кога и токму сега, кога тоа заоѓа, сѐ уште трепери, и човечкото око може цело да го види. Го гледам и посакувам да не престане оваа радост! Нека трае зашто душата моја се радува, а очите мои јасно гледаат нешто кое утре нема да го видат, туку само на следната Пасха, доколку се удостојам да бидам меѓу живите.

И ова утро брат Сергеј и јас ги видовме треперењето и играњето на сонцето и сведочиме за нив! Колку е силно Воскресението! И природата Му воздава похвала на Воскреснатиот Христос.

НАВИСТИНА ХРИСТОС ВОСКРЕСНА!

Радувајте се!

РАЗГОВОРОТ СО АДАМУ

Честопати избрзувам со нештата и со одлуките во својот живот. На пример, ќе се возбудам и горам од желба да бидам како еден од црнорисците, другпат, пак, за женидба. А, до кога траат ваквите чувства? До следното утро. Затоа никогаш не треба да избрзувам, ниту, пак, да трчам со своите одлуки. Вакви одлуки не се носат во состојба на возбуда или, пак, на тага. Сум слушал како луѓето зборуваат: „Не брзај. Отспиј до утре, па размислувај." А, бре, златен народ сме, а и слава на Бога што постоиме, а уште повеќе што сме посиновени со Неговата благодат. Има многу да се учи од старите зашто во нив има бисери на мудроста. Тие нивни брчки по лицето и испукани раце не се појавиле тукутака. Тие веќе испловиле голем дел од својот живот низ животниот океан. Наидувале на бури, бродоломи, на сончево, на дождливо време, и дошле до степенот како што се денес.

Не, не смеам да скокам со своите одлуки. За сè има време. Зашто ако многу трчам напред и избрзувам, и многу ќе се разочарувам. Зар сè уште не го научив ова? Немалку пати паѓав во ваква стапица, но би рекол понекогаш потребно е време за да се научи лекцијата. Ова што е интересно е кога ќе почнам да размислувам за нешто, Бог ќе ми прати личност која со своите зборови ќе ме подржи или, пак, ќе ми каже дека мојата намера не е за сега. Вакво нешто се случи и денеска, во приквечерината. Седев во општата соба во општожитието и сурфав на интернет. Дојде професорот Адаму. Не знам по која основа, но отворивме тема за љубовта – во овој случај, за мене.

„Кога ќе се жениш?", ме запраша.

„Хехе, I am still young"[26], му одговорив.

Како да знаеше или, пак, имаше претчувство дека во овој период бев во ваква контемплација. Згора на тоа, често на ФБ објавував фотографии со дечиња. Тој ги видел и додека течеше нашиот разговор, ми рече:

„Ти сакаш деца и ќе бидеш добар татко."

Малку ме штрекна со оваа негова изјава зашто не е првиот кој ми го има кажано ова.

„Порано сакав да бидам монах."

„Ти не си за монах. Ти ќе се жениш."

„Можеби и не сум", се насмевнав.

„Само да ти кажам, ако се жениш, да се жениш додека си млад, а не како мене."

„Јас млад сум, но сè уште немам најдено девојка."

„Еее, тоа лесно е. Ќе ти најдеме некоја Американка. Или ако не Американка, тогаш некоја Македонка која зборува англиски."

26 Сè уште сум млад.

„На колку години Вие се оженивте?“, го запрашав?

„Јас се оженив на 36, и жалам што не го сторив тоа порано, зашто сега сум над 40, а имам малолетни деца. Да знаеш, поинаку е кога си татко на млади години, и друго е кога си на постари години. Понекогаш децата сакаат да си играат со мене, да се забавуваат, а јас не можам да им посветам толку многу време или, пак, да ги дружам на тој начин. Постар сум и немам толку нерви за тоа. Имам внуци кои се во своите триесетти години и понекогаш повеќе време поминувам со нив отколку со своите деца.“

„Добро, да, во право сте. Порано, подобро. А и, да, така лесно да се наоѓаше вистинската...“

„Многумина од моите другари денес се монаси, свештеници и архиереи“, продолжи Адаму. „На пример, мојот духовник, кој е владика, сака деца, но не поднесува бебиња. Јас видов дека ти сакаш и мали бебиња и деца и знаеш како да се поставиш со нив.“

Потсмевнувајќи се, потврдно му одговорив.

„Имам двајца пријатели кои отидоа да бидат монаси. Само едниот остана до денес и е архимандрит. Што се случи со другиот? Одлучи да биде целибатен свештеник, што и стана. Тој многу сака деца. Дури за едно дете, кое беше болно, за да му го спаси животот, го дониираше својот бубрег. Подоцна виде дека не може да го издржи тој живот, а сака многу деца, па побара да му биде одземен чинот и се ожени и сега има свои деца. Истиот тој, овде во Америка, е член на едно друштво кое им помага на децата на кои им требаат органи за да преживеат.“

„Навистина необично.“

„Значи, не може секој да биде монах. А, што планираш понатаму откако ќе завршиш?“, ме праша.

„Па, здравје, сакам да продолжам на постдипломски.“

„Ајде, прави што ќе правиш и жени се.“

„Хехе, да беше така лесно...“

На крај, пред да го завршиме нашиот разговор, Адаму ми раскажа уште нешто.

„Еднаш, додека предавав на час во Њујорк“, започна да ми говори, „во класот ги запрашав девојките кога ќе се мажат. И знаеш што ми рекоа?“

„Што?“, запрашав љубопитно.

The girls said: “professor, they are plenty male around” because I aksed why are you not getting married. They continued: “We want to get married.” Then I said why are you not getting married? “Because,” they said, “there are a lot of male around, but there are not a lot of men.”[27]

27 Девојката рече: „Професоре, има безброј машки наоколу“, затоа што јас прашав зошто тие сеуште не стапуваат во брак. И тие продолжија: „Ние сакаме да стапиме во брак“. Па тогаш, што чекате уште? „Затоа што“, рекоа тие, „има безброј мажи, но не и толку многу луѓе“.

Се восхитував и се обидував да го голтнам сето ова кое го слушнав. Научив многу од ова. Никогаш не помислив дека постои разлика меѓу мажи и луѓе. Бев поттикнат, како маж, да размислувам на ова. Згора на сето ова, д-р Адаму е Грк, кој ми предава еднаш неделно Administrative Matters of a Local Churches[28]. Со него немам никакви проблеми во врска со националноста. Ми годеше разговорот со него. Ми дојде како пратен од некој во совршен момент и на совршено место.

По завршувањето на нашиот разговор, како некој оган да се разгоре во мене со желба да се оженам и да имам деца.

„Ааа, не, полека", си реков. „Сега ептен се возбуди. А кога многу ќе се возбудиш... си знаеш: отспиј малку, па пак мисли утре!"



28 Црковно-административно право на помесните цркви.

ЈА ДОЖИВЕА ПАСХА

I

Денеска ја погребавме мајката на отец Анатолиј. Името ѝ беше Татјана и замина од овој свет во осумдесет и деветтата година од своето раѓање. Кога земам учество на отпеванија и на погреби, секогаш почнувам да размислувам на своето скончание и се прашувам себеси: „Ќе бидеш ли подготвен кога ќе дојде твоето време да го напуштиш овој свет?“

На крајот, на последното целование, зјапав во отец Анатолиј додека ѝ пристапуваше на покојната му мајка за последен пат, да се прости од неа. Очите ми се полнеа со солзи. Се трудев да ги запрам за да не почнат да ми поминуваат низ лицето. Никогаш не сум го запрашал за неговото семејство. Денеска го прашав отец Владимир за тоа и се ужаснав од она што го слушнав. Татко му на отец Анатолиј бил алкохоличар. Со сопругата имале две деца кои се родиле со проблем. Отец Анатолиј е едно од тие деца, но неговата болест не е многу изразена. Неговиот брат се обесил на дваесетгодишна возраст. Семејството доживеало голема трагедија. Порано се прашував зошто мајка му на отец Анатолиј му се јавуваше секој ден, а кога тој ќе отидеше кај неа во старечкиот дом, таа знаеше и да му подвикне. Кутрата, низ толку трауми и искушенија поминала во својот живот и сега нормално се плаши за овој нејзин единствен син. Отец Анатолиј ѝ беше сè.

Ми се кинеше срцето од болка кога го гледав како стои над својата упокоена мајка, но во исто време, се радувам на тоа како Бог дозволи таа да се упокои. За време на секоја божествена литургија, во просителната ектенија, вака се молиме: „Christian ending to our life, painless, peaceful, and a good defense before the dread judgment seat of Christ...“[29] Така се упокои неговата мајка. Мирно, без болка, со надеж за живот вечен! Таа живееше во старечкиот дом во Литл Фолс, недалеку од Џорданвил. Минатата година, за време на Великиот пост, го возев таму отец Анатолиј со мироточивата икона на Богородица, *Омекнување на злите срца*. Собата ѝ беше како мал параклис. Икони на сите страни. Прекрасно беше да се набљудуваат двајцата заедно. Ја гледав љубовта што неговата мајка му ја даваше.

Последните две недели годинава, мајка му се разболе. Болеста стана посилна од неа и ја зароби. Понекогаш немоќни сме да се бориме

29 Христијански крај на нашиот живот, безболен, непосрамен, мирен и да дадеме добар одговор на Страшниот суд...

против неа. Едноставно таа е посилна, особено кај старите, изнемоштените, осамените души. Во последниот вторник пред нејзината смрт, игуменот отец Лука, заедно со отец Анатолиј отидоа кај неа во старечкиот дом. Таму, таа лежеше во својата постела, наполу свесна, а двајцата го отслужија чинот на елеосвештение. Истиот ден, вечерта, Татјана се упокои. Повеќе за нејзиниот живот дознав од проповедта која беше одржана за време на опелото. Била верничка и редовно одела на црковните богослужби. Неколку дена пред да се упокои, нејзиниот духовник, отец Владимир, ја посетил. Таа плачела зашто не можела да отиде на литургија во недела. Ете зошто се радувам на нејзината блажена смрт. Кога една единка, едно човечко битие, живее богоугоден и Христоцентричен живот, Бог ја удостојува со христијанска смрт, како што се молиме во просителната ектенија. И јас посакувам и се надевам да заминам од овој свет со такво скончание.

По погребението на Татјана, отец Лука ми кажа дека кога бил кај неа во вторникот за да го отслужи чинот на елеосвештение, за време на службата почувствувал необична радост. Почувствувал таква радост како на Пасха и си рекол во себе: „Ти не ја дочека Пасха оваа година, но ти веќе ја доживеа Пасха!“

Погребите ги доживувам со посебни чувства. Тие погребни стихири, со длабоки слова, ме потсетуваат да не се залетувам по материјалното зашто ништо нема да можам ништо да понесам со себе во гроб. Гол сум дошол и гол ќе се вратам. Поради тоа, да си ја спасувам душата!

II

Отец Анатолиј е единствениот од тоа семејство кој е меѓу живите. Тој има неколку пречки со здравјето, но супер е. Тоа не се забележува многу, а и кога е видливо, не е нешто страшно. Штом Бог благоволи тој да го прими свештеничкиот чин, очигледно дека болеста не му е толку голема пречка. Ја носи благодатта од Светиот Дух. Тој многу ме сака. Болеста честопати го прави да се однесува како дете. Барем кога е со мене. Ама ако, тоа е добро. Многу е мил и не поминува ден, а да не ме прегрне. Едноставно ќе се изнагушкаме. Дефинитивно овој монах има чисто срце и чиста душа. Му се восхитувам. Сега сум му најдобар другар, и поради тоа имаме создадено блиски односи еден со друг. На пример, веднаш штом ќе заврши литургијата, доколку јас излезам прв од црква, тој ќе дојде по мене за да ме поздрави и да ме праша како сум или како сум спиел. Златен е! На враќање од гробишта, бев со игуменот, отец Лука, и низ нашите муабети за отец Анатолиј, тој рече: „Покрај него, и ние ќе се спасиме.“ Да, така е. Мислам дека сме далеку од неговата чистота.

Навистина многу го љубам отец Анатолиј. Можам слободно да си го земам правото и да кажам дека тој е еден од најдружељубивите монаси во Џорданвил. Често барам од него да отслужи молебен или, пак, панихида, а кога ќе ја донесат чудотворната Курско-Коренска икона на Богородица, на мое барање, ќе ја донесе иконата во црква и пред неа ќе отслужи молебен. За некои луѓе во Џорданвил тој е како дете, но за мене, пак, е како и секое друго човечко битие. Човек е, зар не? Ние луѓето веднаш се впуштаме во осудување. Ги гледаме надворешно работите, а не се ни трудиме да продреме длабоко во нив. Згора на тоа, некои од овде си го земаат тоа право да го имитираат. Го имитираат него, кој е јеромонах? Доколку не беше добар во умот, зар ќе го примеше свештеничкиот чин? Не би рекол. Зборовите „блажени се чистите по срце зашто тие ќе го видат Бога“ се однесуваат на овој црноризец. Имам многу да зборувам за отец Анатолиј, но послатко ми е кога спомените за него ќе ги оставам во своето срце. Нема некој дел од типикот и од богослужението што не го знае. Има неверојатно памтење, или како што би се рекло на англиски: „He has an elephant memory.“[30] А колку, пак, е само едноставен.

30 Натпросечна меморија.

НА ВРВОТ

На Белите Планини во Њу Хемпшир

Сум. Каде сум? Онаму, во висините на слободата. Реалноста е дека сè е далеку од мене – мислам, долу на земјата, на светот, бучавата, масата луѓе... А дали јас сум далеку од сè? Којзнае. Сега сум над облаците, ама не во летало, туку стојам на планина, на 1917 метри надморска височина. Тоа е високо, и згора на сè, ова е највисокото поле на овој источен брег на Америкава. Високо сум од местото каде што утрово чекорев и вгнезден сум на врвот на Вашингтон. Речено е: „Каде што е царот погребан, многу големи луѓе се родени.“ А јас денеска видов дека каде што има високи планини, вековни тајни почиваат. Тоа се тајни на времињата наназад за кои никогаш нема да се прозбори, ниту, пак, ќе му се откријат на човекот кој не знае да ги сложи во срцето свое. Кој ги знае вистинските причини за својот страв? Планината нема уста да говори, но не се плаши да биде откриена. Човекот, пак, има уста, и уште честопати во страв живее. Затоа ние луѓето почесто паѓаме – и тогаш кога стоиме на земја – отколку акробатите на тенкото јаже. Зар често не сме со заробени умови, но од што? „Од своите мисли. Зашто ние, луѓето, во животот стануваме она кое постојано го имаме во нашите мисли“, напиша Скок Пек. Згора на тоа, јас уште ќе додадам дека суетата, гордоста и фалбата можат да го одведат човекот во најниските понори на духовното опустошување. Затоа, да бидеме благодарни за Божјата милост!

Дојдовме до врвот на Белите Планини. Да се расудува на таква височина е блаженство. За враќањето надолу, решив да одам пеш сам, додека другите сè уште беа горе, па кога ќе тргнат надолу со автомобилот, ќе ме соберат по пат. На секои два километра имаше знак на кој пишуваше: „Запрете го автомобилот и оставете ги кочниците да здивнат.“ Ете колку беше стрмно да се спушташ надолу. Јас, еве сум, чекорам надолу по планината. Врвот го напуштив. Удолницата ме влече со сета своја сила. Одам сам во оваа голема, длабока тишина која не мора да се прашува што сака да изусти или, пак, зошто така мртво молчи. Создадена е за да молчи. Планината е создадена за да молчи. Затоа, ние зборливите не смееме да ја нарушуваме нејзината тишина. Магла ја покри целата планина. Убаво е. Чекорам по патот надолу, но не гледам на далечина зашто маглата го покри секој дел. Не знам што следува на наредната кривина, но верувам во својата сигурност затоа што Господ ги прати оваа тишина и ладниот ветар за да ме чуваат, односно, да ми кажат да не се грижам за ништо. Од местото каде што стојам има далечина од

двете страни: нагоре е премногу високо, а надолу, ниско. Во реалноста сум на средина и чекорам низ неа. Кога ќе слезам од планината, знам дека ќе се вратам во светот, во таа бучава кај луѓето.

Битисувајќи на оваа височина, почнав да размислувам колку ние луѓето сме зачмаени со нашите грижи долу, во светот. Горе, во височината, го чувствувам телото како облак кој лебди по мртвата тишина на планината. Нема зијан од зборување, ама исто така, нема ниту, пак, фајде. Како и да е, секое зборување завршува со песна, и секоја тишина завршува со вечност – напишал Амидај. Ете ги, по половина час, двајцата другари застанаа со автомобилот до мене. Се качив во него, и полека го продолживме патот до долу. Се вративме во светот, во бучавата... а тишината? Сакам да се вратам кај неа, на врвот!

„СЛОБОДА“ ВО МНОГУ СВЕТОВИ

I

Колку далеку човек треба да отиде за да се спознае себеси?

Оваа вечер, за прв пат имав можност да зборувам со една личност која е во своите доцни четириесетти години и е геј.

Беше веќе полноќ кога се враќав дома. Додека чекорев по темниот булевар Гери, едно прашање ми шеташе во глава: „Господи, што е овој свет?“

Мислам дека и илјадапати да си го поставувам ова прашање, нема да најдам одговор. Умувајќи што сè се случува во овој свет, како луѓето живеат и колку го злоупотребуваат зборот „слобода“, буквално се губам. Ми треба време да разберам каде сум, односно, во кој свет живеам. Па добро, светот во кој живееме е еден, но мене многу ми изгледа како да се неколку – судејќи по секојдневниот живот на родот човечки во неговата „слобода“. Ми се чини дека ја искривоколчија својата совест.

Навистина нема одговор на многу прашања во животот. Едноставно нема.

Овде, во Сан Франциско, запознав една жена која живее сама и кутрата... мака си мачи поради тоа што е сама. Едноставно очајанието не ја остава. Не знам веќе колку ли само обиди направив за да ја успокојам, но беше безнадежно. Или, пак, ќе се охрабреше, но само за кратко. Вечерва помислив во себе дека можеби и јас да бев на нејзиното место, би бил во истата состојба. А за да не остане „тортата без шлаг“, нејзиниот син, кој живее во Санта Круз, град оддалечен на час и половина од Сан Франциско, е определен на љубов кон истиот пол. За тој четириесетгодишник зборувам. Нема да му го кријам името. Се вика Максим. За него слушав навистина многу од неговата мајка и така ги знаев неговата ситуација и живот.

До пред една година Максим имал момче, Шпанец, со кој бил во врска речиси полни девет години. Љубовната врска им *одела што им одела*, но ѝ дошол крајот. Се разделиле. Како резултат на таа разделба, Максим една година не можел глава да крене од депресија. Сето ова тој лично ми го раскажа вечерва. Тој верува во „духовност“, но не, како што ми рече тој, во „црква“. Згора на тоа, мајка му постојано му зборува дека тоа што го прави е грозно и е против Бога и дека ќе гори во пеколот за тоа. Кога Максим го слуша сето ова, добива уште повеќе сила за отпор кон православната вера. Не е против, туку, според неговите зборови, „љубовта е во сите вери“. Така го разбира ова.

На почетокот ми беше непријатно да ја отворам темата за неговата сексуална определба, но некако отстрана собрав храброст да проговорам. Му реков: „Максим, ти си првата личност со ваква сексуална определба со која имам прилика да разговарам. Доколку не ти пречи, сакам повеќе да поразговарам со тебе околу ова."

За него, тоа е љубов. Не знае зошто е геј, едноставно мисли дека тоа му е определено во животот, односно, дека таков треба да биде. Не бев изненаден од овој одговор затоа што мислам дека и кога би зборувал со некои други определени на ваков живот, би ми го кажале истото: „Таков се родив." За Максим, љубов е да биде со партнер од ист пол. Едноставно љубов. Сакав да одам подлабоко во разговорот за да ми ја објасни таа љубов, но не дојдов до некој експлицитен одговор од него. Ми покажа на Јутјуб едно видео во кое двајца младичи од Лос Анџелес биле во врска и многу се сакале. Тоа траело сè до 2011 год., кога неговиот партнер, фотографирајќи своја другарка на покривот на една зграда, паднал и починал. Смртта на Том била толку тешка за неговиот партнер што овој воопшто не можел да се помири со неа. Понатаму, тој започнал кампања за да им се дадат права на оние кои се во љубов со луѓе од ист пол. Таму пишуваше: „Its not a gay thing, its not a straight thing, its a human thing"[31]. А коментарите под тоа видео? Кој бил трогнат од нивната приказна, кој не можел да ги запре солзите, и што уште не. Понатаму снимија документарна емисија која се вика „Bridegroom". Одлучив да ја гледам. Не беше бесплатна, туку требаше да се симне од интернет. И тоа го сторив само за да ја видам нивната историја на „љубов". Доколку почнам овде да раскажувам, ќе се заборавам. Затоа нема да го сторам тоа. Само накратко ќе кажам: личноста, која му беше партнер на Том, зборуваше со големи емоции. Емисијата беше навистина тажна, но кога ќе помислам за каква љубов се работи... затворам врати. Барем учев англиски зборчиња од таа емисија. За тоа вредеше да се гледа!

Најдов едно истражување од една веб-страница од минатата година од геј-парадата во Лос Анџелес каде што ги имаше цитирано зборовите на еден лидер од епископалната црква. Еве што тој рече: *„We praise you for being who we are, who you created us to be — gay, trans, bi, lesbian, gender-queer and in so many other ways — with greater beautiful diversity than we can ever imagine", Ackley said in prayer.*

Превод на македонски: „Те фалиме за тоа кои сме, какви што нè создаде да бидеме – геј, транс, БИ, лезбијка, трансродни и на многу други начини – со поголема разновидност отколку што некогаш може да се замисли", рече Аклеј во својата молитва. Бесполезно е да се коментира на ова. Уште додека

31 „Тоа не е нешто кое е поврзано со хомосексуалноста, или, пак, со хетеросексуалноста, тоа е всушност, само човечка потреба".

Христос беше на земјата, нѐ подготви за искушенија од ваков тип – дека „не секој кој ми вели Господи, Господи, ќе влезе во Царството Божјо."

Дали го осудувам Максим зашто е геј? Не можам, ниту, пак, имам право зашто Бог е судија на сите. Дали ја оправдувам неговата ориентација? Во никој случај.

Е овие се едни од моите илјада прашања на кои немам одговор. Кога би зборувал и со некој друг геј, не можеш да му кажеш само: „Тоа е грев! Ако не се оттргнеш од ова, нема да влезеш во Царството Небесно", и низа вакви работи.

Прво, на оној, кој е веќе определен на ова, воопшто не му е грижа за тоа што зборувам.

Второ, моите зборови сигурно нема да ја променат неговата ориентација. Не му реков на Максим дека ќе гори во пеколот поради тоа што е геј. Во никој случај, а и немам такво право. Зар јас сум тој кој ќе му суди? Бог е овде за тоа и Тој ги познава нашите срца. нели, кажано е да го мразиме гревот, а не човекот. Се обидував некако одоколу да му кажам дека тој избор не е правилен. Не се согласи со мене, а ниту, пак, очекував да се согласи. Очигледно беше дека во никој случај нема да го стори тоа. За него, тоа е љубов, и точка.

Додека живеел со својот партнер, му било убаво, се чувствувал среќен, и бил решен сиот свој живот да го помине со него. Кога го прашав зошто барем еднаш не проба да биде во врска со девојка, па да види како е, тој ми одговори дека се згрозува да биде со девојка. Едноставно не чувствува никаква љубов, ниту, пак, потреба.

Едно не разбирам, ниту, пак, мислам дека ќе разберам: какво е чувството на таа љубов за која Максим ми раскажуваше? Не можам да зборувам за неа зашто не сум ја почувствувал, ниту, пак, имам желба. Од она што го слушав од него за време на нашиот разговор дознав дека откако Максим се разделил со партнерот (очигледно Шпанецот го откачил и си нашол некој друг), речиси цела година не можел да се врати во реалноста од депресија. Како што ми рече тој, пред две недели се вратил во нормална форма, и тоа, благодарение на некои курсеви по јога кои ги посетувал и каде што разговарал со луѓе коишто биле духовни. „Господ да чува и да брани", си реков во себе.

Инаку, Максим е мошне интелигентен. Има завршено мастер и сега работи на својот докторат. Но сега за него се појави друг проблем од кој кутриот страда. Сè уште не знае што сака во животот. Не зборувам за неговата сексуална определба. Тој е веќе определен за тоа. Зборувам за неговите планови во животот. Она кое најмногу го интересирало во животот и за кое учел мастер, веќе не го интересира, а за неговиот докторат изгубил волја

да го пишува. Не е сигурен во себе и се плаши од неизвесностите. Во една прилика мајка му ми кажа дека тој е научен да се потпира на другите. Додека живеел со неговиот партнер, Шпанецот, не морал да се грижи за ништо зашто речиси сите обврски ги извршувал другиот. Едноставно Максим се чувствувал безбедно покрај него. А сега кога е сам, се чувствува изгубен и несигурен во својот живот.

Бев со мисла да му кажам дека сето ова, според мое мислење, му се случува поради животот кој избрал да го живее, а особено поради тоа што се впуштил во разговори со разни „духовници". Не се согласи со мене. Напротив, откако почнал да оди кај тие негови исцелители и на јога, животот почнал да му се менува на добро и излегол од депресија во која бил речиси една година.

Максим и мајка му се крајно различни по карактер. Константно се расправаат! Таа директно му зборува дека неговите постапки со кои живее се одвратни и дека сето тоа е под контрола на лукавиот. Ова страшно го иритира Максим. Ми рече дека поради тоа што мајка му зборува дека тој ќе си ја загуби душата со ова и ќе оди во пеколот, чувствува одбивност кон православната вера, па така, за него сите вери се исти зашто во сите има духовност.

Му реков дека тоа што мајка му го зборува е лично мислење. Црквата никогаш нема изнесено став дека таквите луѓе ќе горат во пеколот. Овде станува збор за индивидуално тврдење врз лична основа. Другата тема која ја отворивме, за црквата, очигледно не носеше полза. Имавме два сосема различни става, и не сакав да навлегувам во детали за да не почнам да го изговарам напразно името на Бога. Кога во таква ситуација нема решение, односно, кога некој оди контра, подобро е да се престане со објаснување зашто не вреди да се говори, ниту, пак, има некаква полза. Се правдаше дека ја знаел добро историјата на црквата, а и бил доста образован. Ајде, не велам не, учен е и има високо образование. Е токму од таквите „образовани" интелектуалци, во светот се појавија еретици, атеисти, будисти и уште какви веќе не.

За време на повеќечасовниот разговор за неговата определба, се оправдуваше со тоа што (според неговите кажувања) немал нормално детство. Мајка му му завидувала зашто бил поблизок со баба му и дедо му, отколку со неа, и така натаму. И овде одлучив да му го раскажам својот живот, од детството, за да слушне што значи „ненормално детство". Очигледно ние луѓето во животот си го чиниме она кое најмногу ни одговара. Слушаме со ушите, но си го „тераме нашето".

Не сум некој експерт за анализирање луѓе, но можев нешто минимално да видам во Максим зашто во нашиот разговор му го видов карактерот. Во

зборовите со него бев мек и претпазлив за да не му ги повредам чувствата. Кутрата негова мајка. Одвреме-навреме дофрлуваше по некој збор за него. Со Максим зборувавме на англиски. Мајка му слабо го владее англискиот, па не нѐ разбираше. А и подобро што беше така. Инаку нервите ќе си ги „искинеше“ и ќе започнеше нова војна. Па, од една страна и ја разбирам. Таа му е мајка и се грижи. Тешко ѝ е што нејзиниот син е геј. Не се согласува со него, но мора да го прифати каков што е.

Максим „лета со мислите“ многу високо. Јас не сум тој кој ќе го спушти долу. Сето она кое му го зборував беше од моето лично искуство низ кое поминав досега. Не очекував да ги прифати моите совети. Сметам дека е потребно време за да разбереме ние луѓето некои работи. Многупати е доцна, но барем си доаѓаме при себе.

Господ сака сите да се спасат. Не нѐ присилува да веруваме во него, туку сите имаме слободна волја.

„Максим, тоа што ни се случуваат лоши работи не е поради тоа што Бог не е со нас, туку поради тоа што ние не го повикуваме и не Му даваме простор да дојде во нашето срце“, му реков.

Го молам Бога да не дозволи, поради нашите гревови, староста (ако ја дочекаме) да ни стане најголема болка со болка.

II

И следната вечер, по сеноќното бдение, отидов кај Ирина. Имав потреба да средам некои лични работи на интернет. Во нејзината зграда има безжичен интернет. Додека ги вршев своите работи, таа се подготвуваше за следниот ден за причест. Ако не се лажам, мислам дека го читаше канонот кон причестување. Следниот ден беше голем празник, Педесетница.

Научив многу нешта од претходната вечер кога разговарав со Максим. Морам да кажам дека долго размислував што значи вистинска љубов. Не дојдов до којзнае какви заклучоци, но воочив дека со убедување, или осудување, нема да ги промениме луѓето.

Со љубов. Само со љубов.

Кога некој е болен, зар треба да го отфрлиме или, пак, да му кажеме: „Ти си болен, ти нема спас“? Што ќе направиме со тоа? Уште повеќе ќе го доведеме до очајание. Мислам дека исто ќе се случи и со оние изгубени души кои мислат дека се на правиот пат. Кога не можеме да ги смениме, барем да не им фрламе трње на патот за да им отвориме поголеми рани. Покажувањето на вистинска љубов не треба да застане.

И следната вечер останав до доцна кај Ирина. На заминување, некако почнавме да зборуваме за Максим. Ѝ реков дека вчеравечер научив многу

работи од него и си одгатнав некои прашања. Не ѝ го реков тоа само така, туку навистина го мислев. Тој беше прв геј со кој имав можност да разговарам. Ѝ реков дека секојпат кога таа му кажува директно дека е грешник, дека ќе оди во пеколот и сл., наликува како со нож да го прободува во срце, а тоа него многу го боли. Мора да престане или, пак, да биде внимателна. Максим е емоционален и го пече кога од својата родена мајка ги слуша сите тие прекорни зборови. Така тој нема да се излечи, ниту, пак, ќе се оттргне од тој порок. Нема. Но Ирина толку знае и умее. И таа губи нерви и честопати не може да се контролира. Додека зборувавме, солзи почнаа да ѝ навираат во очите. Мајка како мајка, ја боли до длабочината на срцето. Само таа најдобро си ја знае болката за своето чедо кое е изгубено во житејското море во овој свет. „Стојан, јас сум му мајка. Тоа што го прави, многу ме боли. Ти не можеш да го разбереш тоа зашто не си родител, ниту, пак, имаш дете со таква определба", низ солзи ми рече Ирина. Да, во право беше. Тоа ѝ го потврдив. Ѝ реков дека навистина е така, но и дека „со своите остри зборови кон него нема да го промениш. Веќе знаеш дека кога така постапуваш, нема резултат, туку полошо е. Мораш да престанеш така да му зборуваш", ѝ реков.

Бог е милостив, и во Неговата љубов има место за секоја душа која е изгубена во овој свет. Кога Тој не го крие сонцето од грешните, зар ние ќе го криеме од нив? Зар ние сме тие кои, мислејќи дека сме многу „умни", ќе им говориме дека ќе одат во пеколот? Многу често си го земаме тоа право. За жал.

Понатаму ѝ реков на Ирина: „Ако ти го создаде Максим, т. е. му даде дух, или доколку ти ме создаде мене или некој друг, тогаш ти си таа која има право да одлучува за спасението за него, за мене... Но Бог е Оној Кој сите нѐ создаде и ни даде дух, така што ти не си таа која ќе одлучува за Максим. Остави му го тоа на Бога зашто Тој дава време на сите да се покаат и да се спасат. Подоцна или порано, ќе се случи."

Долготрпеливоста Божја трча кон нив!

ОВОЈ ДЕН Е ХРИСТИЈАНСКИ ДЕН!

Денеска ќе пишувам за нешто необично од кое бев изненаден, но сосема радосен.

Но прво, малку ќе изустам за дружбата со пријателите кои неодамна ги запознав. Девон, еден од нив, денеска го славеше својот роденден. Многу е дружељубив и знае да биде вистински другар со сите наоколу. Често го задевав нарекувајќи го „Американец". Неговиот возврат беше насмевка. Можеби малку претерав, но тој не го воспримаше тоа буквално. Еднаш му реков дека понекогаш сакам да ги нарекувам луѓето по името на нивната земја. Една од причините е поради тоа што овде, во Сан Франциско, запознав многу пријатели од разни делови на светот и тешко ми е да ги запаметам нивните имиња. Едноставно не можам. Ми треба многу време, така што полесно ми е кога им се обраќам (понекогаш) по нивната земја.

Главната причина за која се договоривме да се сретнеме денеска беше да волонтираме во грчката црква Благовештение. Во оваа црква, еднаш во месецот готват супа и прават сендвичи за бедните кои потоа доаѓаат таму и се наситуваат.

Да нагласам и една друга работа: во Сан Франциско има премногу бедни на кои засолниште им се улиците. Да, живеат на улица. Едноставно, насекаде ги гледаш. Една од главните причини за големиот број бедни во овој град е тоа што овој град има умерена клима: не е многу ладно, ниту, пак, екстремно топло, и затоа е совршено место за нив за да преживеат. Не мора да му ја мислат каде ќе ја поминат зимата. Често, многумина од нив ги гледам распослани на разни места на плажа и си го „тераат" животот.

Жално е да се набљудува состојбата на таквите, но верувам штом досега преживеале, и понатаму ќе успеат. Само тие најдобро го знаат уличниот живот, без покрив над глава. Кога размислувам на ова, изустувам: *„Барем нивни е целиот град."*

Ме ранува да го гледам нивниот секојдневен живот. Не можам секогаш да им помогнам, па затоа кога ќе поминам покрај нив, ја наведнувам главата надолу. Поинаку не знам да постапам. Последниот јануари, кога бев во Сан Франциско со Борислав и со уште еден, во автобус сретнавме еден бездомник. Борислав без проблем почна разговор со него. На крај видовме дека бездомникот беше доста образован. Знаеше за Балканот, за Македонија, но за жал, ја изгубил работата и завршил на улица.

Онаму каде што живеам сега, зад Катедралниот храм[32], каде што се моштите на Св. Јован, на аголот речиси секој ден доаѓа еден бездомник со

32 Во годината 2014.

едно мало куферче и една гитара. Во својата анализа, видов дека некако му се „заарни“ тоа место, па често навраќа. Ќе си седне на скалите и ќе дремне некое време. Кога ќе поминам покрај него, срцето ми се кине кога го гледам. Често ми доаѓа помисла да го земам дома, да се искапе, да го нахранам и да си оди, но не можам зашто овој апартман не е мој. Доколку дознае за тоа сопственикот на домот, ќе ме избрка сосе куфери, па потоа нема да знам каде кај да си го барам чарето. Кога се враќам од продавница, поминувам покрај него и ако не друго, ќе му дадам барем една банана. Неколкупати го прашав дали е гладен, на што очекував да ми даде потврден одговор, па му правев сендвичи.

Сега да се вратам назад на настаните во црквата. Пред неколку денови Девин ми кажа за ова волонтирање, на што му реков дека со сигурност ќе одам. Кога стигнавме таму, во шест попладне, храната беше речиси готова. Остана уште супата. Од нашата група во која често се дружиме, бевме: Девин, двете сестри од државата Јордан, Георгиа и Рамаан, и Наталија. Отец Нико ни даде летоци, односно, листови на кои пишуваше за овој бесплатен оброк за да ги разделиме на бедните. Ова најмногу ме импресионираше!

Никогаш досега не сум одел низ улици да канам бедни на вечера. Се случи следново: одевме по улиците сите петмина и штом ќе здогледавме беден, прво го прашувавме: „Дали си гладен?“. На друг му велевме: „Во црквата Благовештение има бесплатна вечера“, на трет: „Сакаш ли да јадеш супа и сендвич?“ Ги прашувавме и им врачувавме по еден лист на кој можеа да прочитаат и како да дојдат до црквата.

Во себе чувствував малку несигурност кога разговаравме со некои од нив. Не се плашев од тоа што им пристапувавме на бедните и им нудевме вечера, туку досега никогаш не сум учествувал во вакво нешто. Просто, им пристапувавме на бедните и ги прашувавме дали сакаат да јадат. А и не беше едноставно зашто не знаеш на каква личност ќе налеташ: една млада девојка седеше на скали, покриена со пролетен јорган, друг седнат покрај еден ѕид со еден голем куфер до него, трет чекори по улицата и го гледаш дека кутриот живее каде ќе намисли. Едно место каде што отидовме наликуваше на мало маало со бездомници. Имаше шатори, неподнослив смрдеше на урина, алишта се киснеа во еден леѓен... глетката ме ужаси! Додека чекоревме, во еден момент сите молчевме, обидувајќи се да сфатиме каде сме и што гледаме. Потоа им реков на другите: „Јас не можам овде да останам. Смрдеата ме убива.“ Во исто време помислив на подвигот со кој кога им помагаме на бедните, не бираме кај кого одиме. Треба да бидеме подготвени на секакви ситуации и да се соочиме со секаков вид луѓе. Во тоа е вистинската љубов на еден православен христијанин!

Исто така, имавме една интересна ситуација со еден човек. Очигледно, тој беше во загрозена состојба. Кога го прашавме дали е гладен и му го дадовме летокот, тој нè праша: „Христијани сте?“ Му одговоривме потврдно. Понатаму тој рече дека има четири негови пријатели и нè праша дали ќе може и ним да им каже. Овде немаше двоумење меѓу нас. Секој беше добредојден. Кутриот нè праша: „А може ли да го земам и моето куче? И тоа е гладно.“ Што да му одговоревме? Му рековме дека ќе видиме кога ќе дојде во црква. Беше радосен и пред да се разделиме од него, ни рече: „This day is a Christian day!“ („Овој ден е христијански ден!“)

Многу Му благодарам на Бог за оваа можност да одиме сите петмина низ улиците и да им нудиме вечера на бедните. Исто така, Му благодарам и за тоа што ме учи да не се одвратувам од смрдеата на тие бедни зашто и тие се човечки битија, само што поради некои причини завршиле на улица.

Навистина животот треба екстремно многу да го цениме. Да не забораваме да Му благодариме на Бога прво за тоа што денеска ни го даде лебот насушен да го јадеме и за тоа што имаме покрив над глава, додека многумина немаат. Оттука треба да почнеме: да се учиме да благодариме за ситните нешта кои ги имаме, па понатаму Бог уште повеќе ќе ни даде.

За некои, животот знае да биде суров. Таков е за бедните кои ги видов денеска. Тие се таму не затоа што Бог ги мрази или, пак, не му се мили. Не, во никој случај. Уверен сум дека повеќето од нив ќе го грабнат спасението, но што ќе биде со нас?

Ние, кои поминуваме покрај нив без да ги погледнеме, да им помогнеме, да им покажеме сомилост, ќе го добиеме ли спасението?

Ние, кои сме обземени од овој свет и комфорот во него, ќе научиме ли како да ги љубиме Бога и нашите бедни соседи?

Ние, кои станавме самољубиви и премногу индивидуални, каков вид живот нè очекува напред?

Тоа е животот кој го живееме во свој свет, со свои идеи, и мислиме дека можеме сè да чиниме со свои сили. Еднаш, едно битие ми рече: „Ако сакаш награда, оди кај бедните и бездомниците и ќе ја најдеш.“ Овде, во Сан Франциско, ги гледам многу и ќе барам пат како да им се приближам и да им помогнам затоа што имам желание да учам како да бидам човек со сочувство и со љубов!

Слава му на Бога за сè!

НЕМИРИ ВО МЛАДОСТА

I

Доаѓам овде покрај океанот и сè некои мисли ми навираат... чудни. Веќе подолго сум овде, па така сите на факултет научија дека многу сакам да зборувам, т. е. да објаснувам долго, а притоа, го правам тоа во стилот на брзозборка. На ист начин и пишувам бидејќи сакам да бидам разбран од читателот. Сепак, си велам, не сум некој оратор, имам уште многу да учам. Знам, брзо зборувам и не објаснувам убаво секогаш. И тоа знам: катадневно треба да учам и да читам, знам неук сум, но тоа не ме плаши. Утеха си наоѓам во тоа што имам волја да ги искористам најполезно што знам способностите да пишувам. Фала му на Бога што ни дал јазик за да зборуваме, та ни дал и азбука да си пишуваме. И знае Тој балансот да го внесе во секого. Ако во едно сме слаби, во друго сме подобри.

Се фаќам себеси во мачнина кога многу говорам и кога ќе согледам колку сум себичен и горд. Да, сум зашто мислам само на себе, па затоа кога некој ќе ми рече дека сум горд, се срдам. А за смирение, пак, да не зборувам. Како што велат нашите: „Треба фурни леб да изедам" за да стигнам до мудроста на смирението.

Се прашувам, седејќи покрај океанот, дали само јас или, пак, и другите се горделиви и дали тоа е порок. Или не е? Дали е доблест? Или не е? Често ме гонат мисли дали сум успешен, дали повеќе се очекува од мене, што следува натаму, дали блажените моменти, кои досега ги доживеав, беа чуда од Бога? Со овие помисли видов колку сум неверен: неверен кон Бога, кон својата душа, кон животот... Зарем треба да очекувам во животот да ми тече само со мед и млеко. Навистина не знам што сакам, а толку многу размислувам, се борам во мислите. Верувам дека тоа е плод на мојата младост низ која сè уште пливам. Некако ми се приспорува долга, но знам дека ќе ја поминам. А некогаш, некогаш по многу години со возбуда, ќе се сеќавам на секој нејзин ден. Младост. Ќе ја повикувам од овие редови, од фотографиите, од лицата што ми се при срце, од Бога.

Тетеравејќи се по животниот пат, си велам дека сè уште имам оправдување за своите падови, но ќе дојде време кога тоа ќе помине, и ќе нема оправдувања. Некој еднаш ми кажа дека кога сме мали во верата, тогаш благодатта целосно нè покрива, но како што растеме, пополека Бог ја одзема благодатта за да се учиме сами да се бориме, а не цел живот да зависиме од нешто и од некого. Кога го слушнав ова, отпрвин се исплашив и си реков: „Зар Бог ќе ја земе благодатта од мене? Што ќе правам? Целосно

ќе пропаднам!“ Се охрабрив брзо зашто помислив на своето минато и на тоа колку Бог ме чуваше, да не речам, во стаклено ѕвоно. Досега беше со мене, па зар сега ќе ме остави?

Во последно време ми одекнуваат зборовите на св. Апостол Павле: „Кроткоста ваша нека им биде позната на сите луѓе.“ Не се сеќавам кое точно послание беше. Како што растам и го читам Новиот завет, гледам дека сето она што е напишано, особено Господовите слова, се исполнува во нашиот секојдневен живот. Неколку од нив ги вкусив и затоа се осмелувам да говорам.

Многумина од оние кои ме љубат, моите ближни, ми кажуваат колку сум добар или, пак, дека сум „Божјо дете“. „Ех, бре, луѓе“, си велам во себе, „ме гледате однадвор и зборувате.“ Тоа што сум донел свети мошти или, пак, тоа што сум се посветил на Бога од млади години не ме чини Божјо дете. Многупати дозволувам сонцето да зајде во мојот гнев. Сè додека се гневам и осудувам, не сум достоен да се нарекувам таков. Овде ја осознавам милоста на Севишниот и колку Тој ме љуби. Не ме накажува до смрт за моите беззаконија, туку ги чека моето обраќање и солзата на покајанието.

II

Во животот секој сака да биде љубен. Ретки се оние кои не сакаат да љубат, не затоа што не знаат, туку не сакаат. Е, сега, друго прашање е како секој индивидуално ја разбира љубовта.

На празникот Педесетница, по литургијата, отидов да шетам на моето „омилено“ место покрај океанот и да читам. Тој неделен ден беше првиот сончев ден откако пристигнав во Сан Франциско. За време на претходните две седмици сонцето никако не огреа, само студ и магла од океанот – како што велат кај нас, *стушено.*

Колку многу им се израдував на светлината и на млаката топлина на сонцето – долго време се немав така израдувано. А беше и голем ден – Педесетница. Буквално сè наоколу воскликнуваше: океанот беше тивок, водата светла, сонцето скржаво, но светло, а ветерот дуваше како и секогаш. И на секои 10 секунди сирената за бродовите пиштеше од мостот Голден гејт. Тој ден сè беше прекрасно. Мојот најомилен град во САД бездруго е Сан Франциско, поради Св. Јован Шангајски и Санфрациски, чии нетлени мошти се наоѓаат во овој град, и второ, поради времето. Тука сè и свежо и чисто.

Од понеделникот до петокот бев премногу зафатен со факултетот, па немав време за прошетка. Затоа си зададов задача барем еднаш во викендите да одам таму, покрај океанот макар и накратко.

И во неделата, на торжествената Педесетница, бев таму. На моето „омилено“ место каде што океанот пленеше со своето пространство, седнав на една клупа која беше под сенка. До мене седеше една жена. Секој си ја гледаше својата работа: таа си чепкаше низ својот ајфон, а јас читав.

По некое време, не знам како и од каде, протече разговор. Кога ќе слушнат Американците дека си од друга земја, пријатно им е да дознаат повеќе за тебе, за твојата историја, за културата. Така се случи и со мене. Но овој пат мојата историја беше повеќе поврзана со верата, зашто таква тема отворивме. Кога видов дека ја интересира, нормално продолжив. Накратко ѝ кажав како црквата Христова беше основана на овој ден, на денот Педесетница.

Објаснив како се случи големиот раскол во 1054 год. меѓу Западот и Истокот, а по нешто и за другите религии.

Понатаму полемизиравме за слободата, т. е. за давањето премногу слободи и права. Позборувавме и за истополовите бракови. Зарем тие не се грев? И некако нашите ставови се совпаѓаа, а јас бев изненаден што го слушнав ова во Сан Франциско, во градот каде што владее целосен либерализам. Згора на тоа, не смееш никако јавно да зборуваш против истополовите бракови и други „слободи“. Како и да е, ми беше драго што имав прилика да разговарам со таа жена бидејќи денес и овде, ретко можеш да најдеш вакви битија кои ја чуваат традицијата. Нашата средба не беше долга, но беше корисна.

Убав е животот. Кога ќе се научиме да му се радуваме и да уживаме во нашите денови од Бога дадени, тогаш нема да лелекаме. Нема да најдеме место каде што ќе тече мед и млеко, но доколку средината каде што живееме ја претвориме да биде мед и млеко, блажени ќе бидеме во овој и во идниот вечен живот, особено кога животот живот раѓа.

ГО СЛУШАМ БРАНУВАЊЕТО

Слушам како звукот од пристаништето му дава знак на бродот да доплови до копното. Гледајќи го големиот океан, се прашуваш дали ако запловиш по него, ќе се вратиш.

Чинам овој воздух, кој океанот го носи од далеку, не навлегува само низ белите дробови, туку и низ крвта, а со неа, низ вените. А, по секое издишување, небаре нешто ново се случува во мене.

Низ годините брановите од океанот ја сечат тишината, и сè така, до скончанието на светот ќе продолжат да се брануваат!

Овде, звукот на брановите никогаш не запира.

Посакувам оваа житејска гордост постојано да ме потсетува на Оној кој ги создал овие океански убавини. Далечината на која не ѝ се гледа крајот плени со својата убавина.

Колку само боли оваа убавина?!

Срцето копнее да се впушти кон океанската далечина. Но, расудувањето и созерцавањето за Бога не се достигнуваат со следење на далечината, туку со потребата да се почувствува воведението, чистото воведение на духот. Зашто духот го гледа почетокот кој од житејското преминува во духовното – вечното!

Низ годините, брановите од океанот ја сечат тишината, и сè така, до скончанието на светот ќе продолжат да се брануваат!

Колку само боли оваа океанска убавина!

Овде, звукот на брановите никогаш не запира.

Посакувам во оваа житејска гордост постојано да ме потсетува на Оној кој ги создал овие океански убавини. Далечината во која не се гледа крајот, плени со својата убавина .

Кога би можел уште малку да останам и да го слушам бранувањето...

БОЛКА И ИСЦЕЛЕНИЕ!

Сите сме добри, само нашиот стремеж да чиниме зло и да се оддаваме на страстите не прави да бидеме лоши, а честопати и непослушни. Господ стои веднаш до нас, на нашата страна, но ние му го вртиме грбот и одиме по друг – свој пат. Така одејќи, наликуваме, или со потешки слова, стануваме како избраниот народ во пустината. Зошто за влезот до Ветената Земја му беа потребни четириесет дена? Таа земја буквално му беше пред „нос". Поради неверноста, непослушноста и тврдоглавоста кон Бога, Он ги свртуваше на другата страна од пустината.

И пак, човекот не е лош по природа. Кога некој ќе ни попречи во нешто, во нашите помисли, инстинктивно како суштествени паднати битија, почнуваме да го убиваме во помислите. Да не даде Бог тоа да се случи на дело! „Убиваме" зашто избрзуваме. Некако или заради нешто, тоа избрзување ни е континуација при секој нов судир. Ќе се одвикнеме ли од ова? Не знам, но знам дека доколку продреме во срцето на тоа битие, кристално ќе видиме дека во себе носи добрина, но слабоста негова (а и наша) го сопнува да падне и да биде запленето од „другарот на лошото".

Зошто седнав да го пишувам ова? Всушност, започнав да пишувам во телефон, во моите белешки, но денеска го завршувам. Дојдов до вакво размислување и донекаде заклучок денеска (моите белешки покажуваат дека го запишав на 11. април) додека зборував со еден другар. Ја споделуваше со мене тежината на животот. И јас, како битие со слабости и тежненија, му реков дека такви периоди не го досегнуваат само него, туку сите нас. Кога таква тежина ќе затропа на мојата врата, и јас размислувам како мојот другар: „Зошто само мене ми се случува ова?" Но, не, не е така. Прво, во животот не тече мед и млеко. Второ, подобро е и што не тече зашто инаку нема да научиме што е борба и како да се браниме. Без Голгота, нема Воскресение. Овие слова често ги изговарам, а и ги пишувам во своите текстови. И ќе продолжам, зашто вистина е. Голготата е потребна за сите нас зашто само така ќе се спасиме. Крстот не е потежок од нас. Како луѓе „кукаме" дека е тежок, ама не е потежок од нас. Издржлив е. Образецот на Издржителот на Голгота го имаме сите. Треба да го земеме и да почнеме да го имплементираме во нашиот живот. Знам, едноставно е да се напише, но не е така лесно да се стори. Кога ќе почнеме со „baby steps", ќе се постигне. Со други зборови, треба да го гледаме изворот, а не реката – почетокот, а не исходот.

Во врска со ова, старецот Тадеј има кажано: „Треба да се опуштиш. Не земај ги премногу грижите на овој свет на себе, туку чувај го својот мир и живеј со Бога. Нека оди како оди..."

Е па, драг пријателу, немам многу години за да споделувам од својот живот, но ќе ти го кажам следново: досега, поминав низ неколку свои Голготи и кога крстот ми тежеше, тие солзи на тежина, таа омарнина, на Христос му ги принесував и барав Тој да ме утеши. И, знаеш што? Чувството на таа утеха е беспределно, блажено и чудесно. Кога ќе бидеш во тие тегоби, побарај го Него и ќе се одмориш од бремето.

И уште нешто за кое на почетокот не сакав да верувам дека е вистина, но е: Да се живее во полнотата на Христос, треба да се страда. Тоа го вкуси Тој на овој свет и ни покажа како да го правиме секој чекор кон тоа страдање кое е украсено со Воскресение.

Господи, научи нѐ да исцелуваме, а не да рануваме!

БОЛКА ЗА ОКЕАНОТ

Колку само мудро си создал сѐ, Господи. Сѐ мудро стои на свое место.

Ги гледаш ли душо овие бранови?[33]

Ако ветерот, кога ја носи солта од океанот, го чисти телото, колку ли само Христос ја чисти душата?

Доволен беше погледот за да го опијани мојот ум, а јас, пак, како мало дете, кое на сѐ се радува, трча низ карпите кон океанот. Како дете се радував на звукот кој го прават брановите.

Кога би можел, би го прегрнал целиот океан, би останал да живеам покрај него зашто кога бев покрај него, ми говореше во срцето дека овде нема потреба да се грижам за ништо, тој сѐ ќе направи за мене.

Кога ветерот, со брановите, го создаваше звукот, старецот од исихијата ме гледаше и благо се смееше на мојата детска радост.

Во тој момент ми се загреа помислата за децата: „Од устата на младенците Ти си приготвил пофалба."

Очите мои не можат да го видат крајот. Гледаат само вода и сино небо, украсено со летот на птиците.

До срцето боли оваа океанска убавина!

33 Напишано во државата Мејн, покрај Атлантикот.

ГОСПОДИ

Господи, дај ми да пијам жива вода која ќе тече во живот вечен!
Господи, поливај ја засадената љубов Твоја во мене за да порасне и да го даде својот плод!
Господи, дај ми да пијам од словата евангелски!
Господи, освежувај ме во океанот на Твојата вечна Оаза!
Господи, надградувај ме со усрдна молитва во горите.
Господи, преку песокта морска, потсетувај ме колку е голема Твојата милост.
Господи, научи ме да бидам вистински поклоник во дух и вистина, со срце и душа, зашто Отецот сака такви да бидеме!
Господи, научи ме да Ги препознавам Твоите слова, за кога ќе Те сретнам крај изворот, да Те слушнам: „Јас сум, кој зборува со Тебе."
Господи, стори чудо на моето огреховено телесно падение и подигни го!
Господи, дозволи ми со Тебе да умрам за со Тебе да живеам!
Господи, научи ме да го љубам својот ближен кој денес го соблазнив со своите дела.
Господи, од детството свое се впуштив во Светите писанија кои носат спасение, а Ти научи ме да пловам во нив.
Господи, научи ме добро да се борам, патот да го завршам и верата да ја запазам.
Господи, научи ме да расудувам со праведен суд.
Господи, научи ме повеќе да љубам отколку да бидам љубен.
Господи, научи ме да го познаам и барам патот на мудроста.
Господи, го барам Законот кој трае вечно зашто тоа е показател на Вечноста.
Господи, стори да не плаши моето срце, туку да верува во Тебе!
Господи, поддржи ме да внимавам на Твоите повеленија додека сè уште ми е оставено верувањето за влегување во Твојот спокој!
Господи, води нè сите во ветената земја на радоста, во светлината на Твојата слава, придружена со милост и правда.
Во далечината, зад таа планина, каде што аријата вдахновува, во утрото го видов изгревањето на сонцето. Тоа е издигање на небото!
Дојди, дојди, Господи, зашто запустува душата моја во овој свет. Облечи ме во костретот на молитвата за во сите денови на мојот живот да Те призовувам!

НЕМА ЉУБОВ БЕЗ ТВОЈАТА ЉУБОВ

Страшно е да се биде далеку од Тебе. Тоа не е живот, не е цел, ниту, пак, смисла. Зошто да барам да Те видам кога Те носам? Јас сум тој кој бега од Тебе, а Ти не ми даваш да побегнам. О, какво безумие во мене тече! Каква темнина ме покрива. Подобро нека се отворат горите овде и да ме проголтаат отколку да се оддалечам од Тебе. Ако Ти не ми беше светлината на мојот живот, одамна ќе потонев во калта. Не одвраќај го лицето Твое од мене. Нема живот без Тебе. Нема љубов без Твојата љубов. Кога Те имам Тебе, имам сѐ. Ти си моето сѐ!

Јас, како едемист, имам желание да ја воспевам Твојата вечна убавина која почива во Тебе, а која Ти ја всади во тие непристапни предели во секое човечко тело. Ах, така силно жеднеам – апсириран по Светлината, да созерцавам за Тебе, Животворната и Неразделна Троица Света! Ако во водата се погребува гревот, тогаш со моите солзи очисти ме и во бањата на покајанието оддели го гревот од телото за да бидам бел како снег. Сонцето го знае својот запад, а јас катадневно го промашувам патот по кој треба да чекорам за да останам чист пред Тебе. Просам од Тебе да ме направиш стремлив, посакувано битие кое е жедно да се обожава во Светлината која вечно свети. Зашто дури и во воздухот се чувствува присуството Твое. Низ секој здив срцето го топли со таа Светлина, а духот и телото како живи битија сведочат дека Ти ме создаде по Твојот образ и подобие.

Колку само посакувам целосно и чисто да Ти го подарам моето срце Тебе. Всушност, да се дадам себе. Тоа само знае колку Те љуби, и покрај сите пакости и прегрешенија, на крај пак кон Тебе ќе повика. Многупати посакувам да Те прегрнам. Говорам како човек. Но знам дека пред Твоето Лице, јас сум Твое создание и сум во Твоите прегратки. Како човек заробен во своите страсти, не можам, а да не копнеам по тоа. Ете, така Те чувствувам поблиску до себе. Ти го остави Крстот Твој за нас, за да нѐ турка кон вечноста. Преку него ќе продолжам да се утешувам на своите гради.

И пак, не одземај ја Твојата љубов од мене! Нека остане, нека пребива во мене за осветен преку неа да продолжам во овој свет и во вечноста да Те љубам зашто нема љубов без Твојата љубов!

ОТКРОВЕНИЕ

Ете го мојот ден, ете ги моите години, еве сум јас, сè уште живо битие! И денеска ги отворив очите. Се разбудив и денеска за да се прекрстам пред почетокот на денот. Малку е различен од другите поради новата животна година во која зачекорувам. По својата традиција, пак ќе нанижам неколку слова. Многупати, односно често, тие повеќе откриваат отколку устата. На овој ден тие нека говорат. *Ако утре кажат да напишеш нешто на празната страница која годината ја носи, помисли ли што ќе напишеш? Не ја прави празна во годината и во земниот живот.*

Што да кажам, постигнав ли нешто? Не, само уште повеќе ја видов и ја гледам својата паднатa природа. Катадневно ги гледам и ги нижам своите прегрешенија. Умирањето не е страшно. Страшно е да застанам пред Бога затоа што се откриваат гревовите. Што да изнесам пред себе за да се пофалам? За она ли за кое Те нажалував, а Ти со љубов го покриваше тоа?

Го „славам" во туѓа земја во која не се родив, но зар тоа е важно? Всушност, каде и да сум во овој свет, туѓина е секаде.

Кај Бога сме дома. Само во храмот Божји силно чувствувам дека сум дома. Од таму извира топлина, радост, љубов...

Распнатиот Христос нè покрива сите.

Богородица, Нашата Мајка, ги слуша нашите лелеци и мајкољубовно нè храбри.

Светиите (ќе кажев „нашите браќа и сестри", но далеку сум од тоа поради многуте беззаконија), тие наши застапници, го молат Бога за нас.

И така, душо моја возљубена и многу пожелна, радост моја и венец, биди мирис направен од кипар сладок и жртва пријатна за да му бидеш на Бога благоугодна. Умножи го дарот на љубовта и насмевката во твоја полза. Стори го секој збор да биде зачнат со сол на божествената благодат.

Затоа, според словата на една моја сестра, *голем да растеш во верата. Љубовта да ти биде неограничена кон сите и за сè*! Подај, Господи, и благослови!

ЧУДЕСНИК

I

(Сум каков што сум.)

Неколкупати дадов од себе обиди да ја разберам психологијата на заробените умови, но што дека, кога не вреди. Од ова нема зијан. Таквите се како пешаци кои стравуваат да ја поминат улицата и чекаат некој друг да го стори тоа пред нив. Вистинити се зборовите кои ми ги рекоа еднаш: „Луѓето се лажливи, дете. Имај се на мукает!“ Додека не си го изгорам прстот, нема да научам. Не сакам некој друг да го трпи бремето на мојата комплицирана работа, а ниту, пак, јас сакам туѓа. Доволно е што си ги носиме своите слабости, зар уште ќе копаме во гредата на другиот? Ние смртните, со една логизма во себе, знаеме да сочиниме цела приказна, а кога еднаш ќе се состави, како река тече помеѓу другите.

Животот досега ми покажа една работа која не престанува да ранува: оној, кој пораснал во дом, многумина од луѓето ќе го гледаат како таков – домец кој се пробива низ животот, и поради тоа што е домец, луѓето ќе го сожалуваат. Значи нема човек на кој нема да му залепиме етикета. Такви сме. Ако си премногу сладок, ќе те изедат, но и ако премногу горчиш, ќе те изџвакаат и ќе те плукнат. Има уште една работа од своите која ненормално иритира овде, во Америкава. Колку повеќе луѓето ти помагаат, толку повеќе ќе те уценуваат. Ќе ти дадат некој долар и низ нос ќе ти го вадат. А, не дај Боже, да те видат дека малку повеќе се релаксираш...

А, за озборувањата, пак, да не изустам. Во јавниот живот нема приватност. Секоја грешка ти е изброена од луѓето. Не е важно колку добрини чиниш во очите нивни, ама грешките уште на билборд што не почнале да ги запишуваат за да ги прочита секој кој ќе помине. За момент ова ме наврати на распетието Христово, кога злобниците напишаа на табличка „Цар јудејски“, за да чита секој и да го исмејува, а заборавија дека до пред некој ден Он мртви воскреснуваше. Јасно е каде лежи проблемот. Овде нема да го одгатнувам.

Мизерно е некој друг да ти ги ниже животот и деновите, а ти да не можеш да учествуваш во тоа, ниту, пак, да кажеш дали работите се по твој вкус. Нам, домците, така ни прават зашто секоја подадена рака (речиси секоја) бара возврат или повеќе контрола. Со други зборови, „ќе играш како што ќе ти свирам“. Веќе многу време таам едно желание кое никогаш го немам обелоденето овде, ама денеска ќе го сторам тоа. Ако еден ден Бог ми даде повеќе земни блага од потребното, никогаш нема да се осмелам да ги терам да играат по мое луѓето на кои ќе им подарам од нив. Не сакам да им го правам на другите она што ми го правеа мене. Сите ние, на свој начин, се

пробиваме низ животот. Видов дека најдобриот успех е кога го имаме Бога пред себе, а тоа значи, кога сме искрени и не ги туркаме другите околу нас за да се издигнеме ние. Значи, едно е да се бориме за своите права, за она што ни следува и сл., а друго е да рушиме сè пред себе. Мене тој начин на успех ме плаши. Го имам видено во светот и околу мене, и не сакам да го пробам. Тоа никогаш нема да го сторам, а и совеста не ми дозволува. Да чува Господ од вакво нешто! Љубовта е силна како смртта. За световниот човек ова ќе звучи чудно, но за мене, тоа е начин на кој јас лично се пробивам низ брановите во светот. Некогаш се големи, ама фала Му на Бога, не се доведов до ситуација да потонам. Нели Неговата – Христовата – бескрајна љубов знае како да ја издвои сладоста од горчината?! Знае, и затоа како патоказ ги имам неа и оние со кои пораснав во домот. Додека сè уште живеев таму, во нашиот стан имавме направено натпис кој го залепивме на ѕидот и на кој со големи букви пишуваше: „Ние сме среќно семејство!“ Нашите не беа покрај нас, но ние, кои бевме во групата, научивме да се сплотуваме, да делиме еден со друг. Понекогаш бевме себични, но на крајот, пак ги јадевме заедно лебот и ресаните. Кога ние, таквите – за светот, „домците“ – ќе запознаеме нова личност во нашиот живот, не можеме да го скриеме фактот каде сме живееле. Едноставно, ние сме кои сме, и тоа е реалноста. Проблемот се појавува кога по некоја случајност ќе се случи да им згазнеме на жичките на таквите, и тие почнуваат да креираат своја приказна за нас. Дека сум горд – сум. Центар на вниманието – да, и таков знам да бидам. Јас сум таков каков што сум, и не треба другите да ми го берат галјето. Животот во црквата ме научи да бидам искрен и отворен со сите. Да, таков сум и таков сакам да останам. Нема да се сменам во однос на тоа, колку и да ме повредуваат.

Речено е кога ќе свртиш нов лист... НИКОГАШ... не заборавај го прочитаното. Токму така. Во животот Бог ми прати и ми даде премногу пријатели, духовни мајки, браќа и сестри по дух. Тоа ме направи да бидам уште поекстровертен и близок со луѓето. Навистина сакам да сум со луѓе. Да Му служам на Бога и да им помагам на луѓето – тоа е она што ме исполнува. Среќен сум зашто ги имам овие две работи во животот. Се трудам да Му благодарам на Бога за секоја работа која ми се случува. Ние луѓето често сме неблагодарни. Сè нешто ни недостига и само бараме, наместо да се учиме да се задоволуваме со ситните нешта. Често се предаваме на заборавот. Некој ќе рече: „Проблемот е во тоа што немаме поглед кон нашиот живот. Ако нешто е добро, значи дека сме имале среќа.“ Вака ќе рече некој кој се потпира на случајности, а не на вера и надеж. Бога треба да го имаме пред себе, во секое време, на секое место.

Кога ќе слушнам некој како воздивнува со зборовите: „Животот е тежок“, секогаш сум во искушение да го прашам: „Во споредба со што?“ Знаеш

ли само колку пати, пловејќи низ житејското море, сме стигнувале до прагот на вратата? Таму пишува: „Дојдете кај Мене обременети и изморени, и Јас ќе Ве успокојам.“ Не стигнавме да ја отвориме вратата поради нашата човечка глупост, гордост, славољубие... Поради тоа, сами си го правиме животот да ни е затворен од сета слобода која ни е дадена. Депресивни сме? Зошто? Еднаш си реков дека никогаш во животот нема да дозволам да бидам во депресија. Да, сум имал многу тешки периоди кои сакале да ме доведат до таму, но не се предавав. За мене е мизерно да си дозволам да бидам во депресија. Понекогаш не ги разбирам луѓето кога ќе ми кажат дека биле депресивни. Депресивни зашто не знаат што сакаат во животот? Депресивни зашто очајно во тој момент им треба девојка и сл.? Не си го прави животот да ти стане стоење пред затворени врати. Јас сум тој кој треба да каже „доста е, чекори напред“. Ние сме тие кои треба да го земеме моментот и да го направиме совршен. „Воодушевувај му се на орелот кој лета. Гледај ја неговата слобода и учи“, често се потсетувам. Треба сите да учиме.

Да се умре и да се живее со Христа – ова е мојата крајна животна цел. Катадневно грешам и го гневам Бога, но го молам никогаш да не се оддалечам од Него. Често, кога се молам, барам од Него, што и да се случи во иднина со мене – дали ќе бидам богат или сиромав, на власт и сл. – никогаш да не се одделам од крилото на Црквата, од Бога, а и да не ги заборавам своите ближни. Ова е мојата исконска желба. Спасението доаѓа по ова зашто кога ќе го имаме Бога, тогаш имаме сè. Сите ние чекориме по патот на болката до Голгота. Знаеш и ти дека ништо во животот нема лесно, но во љубовта сè се поднесува, нели? Колку само жеднеам да го живеам Евангелието во живо ама... секогаш давам празни ветувања и, оп, секојпат ќе паднам и ќе стигнам по пустината на болката. Многупати наликувам на верник по форма и го барам предвреме она што ќе дојде во свое време зашто сум измамен од својата горделива ревност. Не сакам да бидам таков и се борам против тоа. Но... знаеш, ако, пак, животот беше без искушенија, тогаш ништо немаше да научиме. Овде, во САД, Американците велат вака: „What doesn’t kill you, makes you stroger.“ Јас, цитирајќи ги зборовите на големиот црквоградител Павле, ќе речам: „Да Му благодариме на Бога за Неговиот неискажлив дар. Ние луѓето не воспримаме дека сè што живее, со самата своја природа Го објавува Христа Бога Логосот. Колку пати сум мислел поразлично, толку сум згрешил, верувај ми.“

Не сум пророк, но во животот сум бил со многу луѓе и знам многу луѓе, и тоа ме направи способен уште повеќе да продирам во нив и да дојдам лесно да заклучок дали се лажливи или не се. Каде и да одам, и да не сакам, морам да запознаам нови пријатели. Едноставно, тоа е дел од мене. Нашиот народ за ова рекол: „Да е со век и со к’смет и да среќава добри луѓе.“

Кога моите раце не можат да ги прегрнат луѓето кои се блиску до моето срце, секогаш ги прегрнувам со моите молитви за нив! Навистина, „Му благодарам на Бога што ме удостои со љубов да љубам и да бидам сакан". И јас „да зборувам на сите човечки јазици, штом љубов немам ќе бидам кимвал што sвечи" (Кор. 13, 1). За мене нема поголема радост од тоа сите браќа да бидат едно во Христа и да останат со вистината. Времето е кратко за да мразам, а долго за да љубам! Пишувам за љубовта, но можеби јас сè уште не знам да љубам. Можеби грешам зашто не знам да љубам, па затоа се молам на Бога со зборовите: „Направи да бидеме едно семејство, што живее со едно срце, со една љубов, како еден човек, по предвечната Твоја промисла за првородениот Адам." И уште: „Никогаш да не заборавиме дека братот наш е нашиот живот!" Можеби не знам доволно да љубам, но срцето копнее да љуби. На светот му треба многу љубов. Само кога љубиме, тогаш ќе ги разбереме големината и важноста на ближниот и тогаш ќе ги разбереме Христовите зборови за љубовта кон ближниот. На светот денес му одмилеа духовното, а го засака гревот. Денес, во ова наше време, сè се прави, само вистински не се љуби.

II

За својата иднина вака му говорам на Бога: *Пред Тебе се сите мои желби и воздишката не е скриена од Тебе.* Сакам да бидам пријател со големото „водно огледало" зашто „тоа море е пространо и широко", со тишината, со жуборот на водата, со тивкиот ветар зашто тие се пријатели кои докрај остануваат со нас. Овие пријатели зборуваат за тоа колку сè премудро создал Бог и зборуваат колку природата му е послушна на Својот Создател. Јас не можам многу да зборувам за животот затоа што сè уште сум дете кое почнува со каша и со малку леб, но затоа, пак, го пишувам она што го чувствувам. Го чувствувам животот онака како што го опишав досега. Секако, ова е само дел. Да, животот е книга во која можеш колку што сакаш да пишуваш. Чувствувам дека и во иднина ќе го слушам својот внатрешен глас и ќе пишувам онака како што чувствувам. Посакувам „воздухот рајски да го вдишам и да се впуштам од земјата кон небото, во допир со трансцедентното."

Оној највозљубениот, Нашиот Христос ни вели:
Ме викате љубов, а не ме љубите.
Ме викате вечен, а Ме убивате постојано.
Ме викате Спасител, а не барате помош.
Ме викате Благ, а се мразите.
Ме викате Многумилостив, а не делите милостина.
Ме викате Господ, а далеку сум од вашите срца.

Често заборавам на Него. Заборавам на Христа кој заради мене го прими трнливиот венец. Ветувањето не е доволно послушание зашто кога и да ветам дека нема да бидам соучесник на гревот, повторно паѓам. Ах, колку посакувам да не го жалостам Христа со своите гревови! Колку само копнеам да избегам од фараонот и да стигнам до Синајското Царство каде што живеат царско свештенство и свет народ! Ако јас сум еден од избраниот народ, тогаш морам веднаш да ја изгорам пофалбата дека сум православен христијанин и следбеник Христов и да му кажам на своето срце, а повеќе на умот, дека на Бог не му требаат пофални жртви, ами срце скрушено. За таквото срце Бог посилает[34] благодат и тоа срце нема да биде уништено. Можеби одамна требаше смирено да ги поднесувам работите, но ете, и јас сè уште им робувам на своите слабости. Срцето мое сака да љуби.

„Ти само да одиш по вистинскиот пат, како и сите ние, и за сè тоа ќе дојде да биде за слава на Бога. Секогаш кога мислам на тебе, мислам на она низ кое си поминал и гледам како Бог постојано те чувал", ми напиша една сестра во Христа. Јас, пак, ѝ одговорив дека жалоста дава рожба на радоста, зашто кога горчливи солзи излегуваат од топло срце, болката ќе се издржи.

Колку е убаво што сум, колку е чудесно што сум...

Напишав многу, и затоа сакам да кажам дека ја преземам одговорноста за тоа што го напишав, но не и за тоа како ти ќе бидам разбран.

34 Испраќа.

НЕГОВАТА ТИШИНА

Животот е долга авантура. *„Во животот треба да знаеш кога да ја грабнеш златната можност и кога да ја игнорираш краткотрајната и минлива баналност... Секој од нас е непознат патник. Патувањето трае во текот на нашиот живот. Колку подалеку патуваме во земјата на нашиот внатрешен свет, толку повеќе учиме за непознатиот патник во нас. Не прашувај: 'Кој сум?', запрашај: 'Во каков вид на цвет сум за да се развивам?'"*, Рене Готони.

Животот е долга авантура. За мене е уште поголема кога низ неа го откривам создаденото од Создателот, таа земна убавина. Мудро напишал Достоевски дека „убавината ќе го спаси светот." Често размислувам вака: Кога на земјата, на оваа привремена почва, гледаме толку убавини, се насладуваме од сета природа, тогаш колку ли уште е поубав рајот со неговите убавини? Како човек созерцавам, но не можам да го разберам тоа зашто е тешко за мојот ум. Од друга страна, оваа убавина, високо на овие планини, украсена со слаткото езеро, овде на Тахо, ми ги открива тајните на убавините кои Севишниот ги создаде. Еднаш слушнав човечки битија како се жалат за тоа што постојат пустини, планини, толку голем океан, каде што е невозможно да се живее. Денеска, кога се потсетувам на овие нивни забелешки, додавам: подобро планини, отколку големи градови во кои се задушуваме од нечистотија, неморал, бучава...

Онаму, во местото на тишината, каде што душата го наоѓа својот мир, таа од ништо не може да биде загадена. Таа ширна градината без ограда е полна со свежи плодови кои наситуваат. Животот е кус, но моментот е голем. Зима е и ќе ја паметам за навек. Го прославивме Рождеството Христово, и дојдовме во прекрасниот Тахо. Планините се покриени од снег, снег во изобилие. Чудесна е зимата! Таинствени се нејзините денови и секој нејзин ден ја одмора душата.

Ако дувањето на ветерот умее да заплашува, паѓањето на снегот носи мирно чувство, како да сака да ти каже: „Не грижи се, биди спокоен." Ова е една од причините поради кои сакам да пешачам во вечерните часови кога тивко снегот паѓа, а неговата белина ти го осветлува патот. Неопислива светлост беспределна, распослана со нејзиниот сјај. Тие ноќи се прекрасни за мене! Сè наоколу е тивко и бело. Ете уште една зимска убавина која не се купува со пари. Само со срце се разбира, а срцето се насладува.

Таа е една од многуте убавини кои Бог ни ги даде да се насладуваме. Кога бев помлад, имав навика да се жалам на времето зашто слеп бев да ја видам природната убавина. Сега, жалам што бев таков. Знам дека гревовите

ќе продолжат да се нижат во мене, но оваа таховска снежна убавина ме учи дека никогаш не е доцна да се очисти срцето. Ќе заминам од овде и ќе се вратам во градот, но во тешките моменти, дните поминати овде ќе ми бидат потсетник кој треба да бидам: чувар на белото во срцето, бело како снег.

Се радувам со детска радост за времето кое Ти ми го даде во ова мирно место, за оваа зимска радост која ќе продолжи да ме теши во Вечното Пладне од белите планини. Убаво е да се биде на место кое Ти си го создал, на планините на Тахо!

ЉУБОВТА СО КОЈА МЕ ВОЗЉУБИ

Како секој од нас, и јас го одбрав мојот пат. Вербата во Бога и мирот душевен кој ми го дава ме понесоа и предодредија да Му служам Нему и на народот. Но, неретко пред мене се исправаат прашања без одговор и одговори добиени со причина, иако без прашање. Мојот животен пат ме носеше низ светот, со пријатели и непријатели, видов сиромашни среќни и богати несреќни луѓе. Видов многу, ама не и сè.

Неретко размислувам и те прашувам, Господи, што е животот. Сенка ли е, сон или реалност? Во каков свет живеам и што живеам? Знам дека кога Те имам Тебе, имам сè. И тоа многу ми значи, ама ми се чини тежненијата на душава не можам повеќе да ги носам. Дали е тоа од животното искуство низ годините или од околината на која сум изложен или нешто друго? Свесен сум дека нема бегање од реалноста и знам дека и до крајот на светот да отидам, таа ќе биде и таму, но во некоја друга форма и со некои други луѓе.

Неретко, барајќи ја смислата на животот, мислам дека со глава кршам ѕид, па затоа ти се молам Тебе во иднина да ми го отвораш патот бидејќи веќе онемоштувам. Тежината на секојдневието ја чувствувам катадневно, а во ваков свет речиси е невозможно да се зачува чистотата на душата.

Не велам дека за некој друг е невозможно, Тебе те молам да ми го вратиш чувството на праведност на светот и да ми помогнеш да го надминам чувството на недостиг на сила за секојдневна борба со опстанокот. Тебе ти се исповедам, досега се трудев да ја задржам затворена вратата, вратата на искушението, ама почна да се отвора. Научив дека на двајца господари не се служи во исто време. И тоа многу добро го знам. Ти си Господарот кому жеднеам да му служам.

Никогаш не сум сакал битија со две лица и посакувам никогаш да не дозволам да станам таков. Беззаконија сум имал, имам и знам дека ќе имам додека да издивнам. Ако не можам да ги победам, Ти покажи ми го патот како да се справувам бидејќи има моменти кога мислам дека некои од нив сум ги надминал, но вистината е дека тогаш гледам колку сум обземен од нив.

Речено е: „Страшно е да се падне во рацете на Живиот Бог." Моето искуство, пак, додава дека е уште пострашно да се падне под искушенијата на беззаконијата.

Кога опстанокот е во прашање, тие ја надвишуваат главата и притискаат. Каде и кога е крајот на катадневната битка со животот? Каде и кога е крајот на катадневната битка со опстанокот? Битките ми се познати, не ми е познат крајот. Затоа, кога еден ден ќе ме нема, ова писание нека

послужи како патоказ за другите за мојата борба и за мојата молба со која Те молам да ми испратиш сила за да издржам сè што си предвидел за мојот животен пат.

Немоштен сум. Ти си Тој од кој зависи сè, а јас сум оној којшто преку Тебе сè уште битисува. Се молам да не ме презреш во оној Страшен Ден кога ќе дојдам пред Тебе на крајната исповед.

Слаб сум, признавам. И најмногу се плашам од ветувањата кои Ти ги исповедам дека нема да чинам дела презрени од Тебе, ама ете, опстанокот без живот ме тера по старо. Пак се враќам во калта и се валкам во име на опстанокот. Каков ужас! Зар мојата слободна волја е послаба од делата презрени од Тебе? Во тоа не верувам зашто волјата може сè да победи.

Многупати се прашувам, кога веќе многу одамна, од мали години, Те возљубив и се трудев мојата волја да ја следи Твојата: „Зар сега да се откажам?“ Богољубието во мене не го дозволува тоа и признавам, се плашам да не го следам патот Твој. Се плашам зашто во делата презрени од Тебе нема вечна наслада, нема вечно блаженство, а јас го барам спротивното од овоземниот живот. Ги барам Крепоста, Силата и Утврдението.

Молбата моја искрена се однесува на тоа да не дозволиш материјалните грижи да ме разделат од Тебе. Каде ми е верата? Каде ми е љубовта кон Тебе? Каде сум јас?

На денешниот ден, кога со љубовта Твоја дојдов на овој свет, Те молам да ме поштедиш од практикување дела презрени од Тебе, бидејќи имам потреба од љубовта Твоја, од онаа исконска Христова, која во мене не запира да се движи. Чудесно е тоа! Љубовта со која ме возљуби одамна и сè уште ме возљубуваш, дури и додека сум во своите „битки“ за опстанок, нема да ме остави. Куртули ме од неможноста, од борбата за опстанок, само не од љубовта Твоја.

Во животот научив да се радувам, а понекогаш и да се однесувам како дете зашто од децата учам вистински да љубам, да се радувам, да почитувам, да не бидам „човечки звер“, туку да бидам мудар во својата слобода, која ми ја даде Бог. Да проникнам во детското срце кое гледа само убавина, чиста и отворена за секого – за мене тоа е блаженство!

НАИВЕН ЗА ШТО?

Заврши последниот час по
Пастирско богословие

Дефинитивно часовите по Пастирско богословие се интересни. Отец Григориј знае како да го пренесе своето знаење, а најмногу, своето пастирско искуство. Речено е: *Додека сме живи, учиме*. Е, има вистина во кажаното. Кога ќе заврши „панаѓурот" во овој живот, залудно ќе биде многуговорливото, но знаењето ќе остане. Преку него стекнуваме чувство за животот. Првично преку Бог, но Тој ги излил и мудростите, знаењата – ако може така да се изразам – за да учиме ние.

Темата која денеска ја обработивме беше за упокоените; што се случува со душата по третиот, деветтиот и четириесеттиот ден, служење панихида и сл. Она на кое се задржавме беше дали треба да се молиме за инославните, оние кои не биле православни. Поточно, прашањето беше дали треба да ги спомнуваме на проскомидија и на панихида. За мене, нема час, а да не прашам нешто. Сè ме интересира, а особено овие црковни работи. Додека отец Григориј зборуваше за тоа дали треба да ги спомнуваме оние упокоени, веднаш помислив на Томас. Кој е тој? Можеби ќе звучам чудно, ама тоа сум јас. Пред една година се зачмајав со истражување на хомосексуалноста, односно, ме интересираше како луѓето се одлучуваат на тој пат. Истражувајќи, налетав на еден документарен филм, „Bridegroom", кој откако го изгледав, не престанав да истражувам за Томас. Имено, во 2009 год. тој младич паднал од покривот на една зграда во Лос Анџелес. Бил геј, и денес неговиот партнер направил филм во кој ја споделува својата историја. Филмот беше тажен, но фактот дека двајцата се геј ме нажалуваше повеќе. Малку повеќе се пронајдов во карактерот на Томас, во смисла на неговата отвореност, екстровертност, насмеаност, и затоа решив да дознаам повеќе кој бил тој[35].

Сето ова ме поттикна да се молам за неговата душа, за да биде Бог милостив и да ја спаси. Сите луѓе имаат слободна волја, но често не знаат што чинат, ниту ги препознаваат страстите. Откако дојдов во САД, ја видов таа голема страст на хомосексуализмот, но никако не си го земам правото да ги осудувам. Не сум поголем од Христос, ниту, пак, ќе бидам. Не ги осудувам, ниту, пак, ги оправдувам. Кога ги читам имињата на упокоените православни христијани, кои ги имам запишано, одвреме-навреме ќе го спомнам и Томас. Тоа не го правам на проскомидија, туку додека стојам на служба во црква, во

35 Види го текстот „Слобода во многу светови".

соба или, пак, на панихида. Во меѓувреме, често си го поставував прашањето дали тоа што го чинам е правилно или пак не е. Не знам, но си реков Бог е милостив, па ќе го спомнувам.

Денеска, на часот по Пастирско богословие, малку ми се разјаснија работите околу ова, односно, дојдов до точниот одговор. Го прашав отец Григориј дали треба да ги спомнуваме инославните. Тој ми одговори дека оние, кои не биле православни, не треба да се спомнуваат на проскомидија, или, пак, да се служи за нив панихида, што е и правилно. Прво малку реагирав, но она што ми го одговори не му дозволи на срцето да оди понатаму во аргументи. Отец Григориј ми рече дека, прво, тие луѓе, уште додека биле на земјата, самите одлучиле да тргнат по тој пат и го имале изборот дали сакаат да си ја спасат душата или, пак, не. Ако сега служиме панихида за нив, или ги спомнуваме на проскомидија, ние, на некој начин сосила ги правиме православни и сакаме да бидат какви што сме и ние. Не можеме да третираме или, пак, да се однесуваме кон некоја личност како да била православна. Тоа не оди така, но затоа, пак, во своите лични молитви можеме во секое време да се молиме за нивните души, да запалиме свеќа за нив, да помагаме на сиромаси за покој на нивните души и итн. Кога се молиме за нивните души, најдобро е вака да се молиме: *О Господи, нека биде Твојата волја за претставениот слуга Твој...* и да се спомне името на инославниот. Бог е љубов и сака сите да се спасат. За оние, кои не биле православни, треба да оставиме на милоста Божја и да го молиме Него да ги спаси тие души.

По оваа дискусија, или повеќе тема, за упокоените од денешниот час, научив повеќе за тоа како да се молам за Томас и за таквите како него. Убаво е кога човек одвреме-навреме е чуден, зар не? Понекогаш знам да бидам чуден. Ќе видам или ќе прочитам за некој кој се упокоил, ќе ми влезат тоа име и личност во умот, и повремено се молам за таа душа. Минатото лето, толку многу бев наивен што преку интернет го најдов гробот на Томас, во Индијана, и кога бев да ја посетам тетка ми, бев решен да отидам и да испеам *вечнаја памјат,* но времето ми беше кратко и си реков дека ќе го сторам тоа во некоја следна прилика.

Денешното Пастирско богословие ни беше последен час од оваа година, и воопшто засекогаш на оваа Семинарија, но како за последен час, ќе имам по што да се сеќавам на него. Животот на овој свет ни завршува со сконачание и со надеж за живот вечен, а на нашиот последен час ја завршивме темата за тоа *зошто се молиме за упокоените* и како треба да се молиме за нивните души. Нема ништо случајно. Од денеска, поубаво научив како да молам за инославните, за Томас и за оние како него. Бог е милостив и затоа, *Господи, нека биде Твојата волја за претставените слуги Твои...*

Помјани и упокој!

КАДЕ Е ЦРКВАТА?

Од часот по Патрологија

Има многу суштински работи да се учат од Светите Отци. Ние не страдаме за верата како што страдаа тие. Да го земеме примерот на св. Максим Исповедник. Зошто се нарекува исповедник? Неговото житие ни кажува колкав поборник за верата бил, но во исто време, и колкупати бил измачуван од монофилитите и на крајот му биле отсечени јазикот и едната рака. Додека го читав неговото житие, плачев како мало дете и си реков: „Само некој нека се осмели да прави отстапки со нашата вера. Овие отци страдаа за да ја сочуваат чиста во полнота верата, како екуменизам и она светското движење сите вери во едно, та ние ли денес ќе се правиме паметни и ќе компрмитираме?“

Денеска, на часот по Патрологија учевме за овој свет исповедник за православието. Кој би помислил дека таков обичен монах ќе стане голем бранител на верата? Неговата поборност им ги бодела очите на огромната маса монофилити, вклучувајќи го и самиот император Ираклиј, па потоа и Констанц кој и го мачел. Во една прилика, св. Максим бил запрашан од еретиците: „Кога сета вселенска црква би се држела за тоа учење, каде би бил тој?“ Овој исповедник им го одговорил следново: „Дури и ако целата Црква е во општење со вас, јас нема да бидам.“ Ова е една од неговите познати исповеди за верата. Овде ја гледаме неговата тврдост во верата. Ова го отвора прашањето што и каде е Црквата. Црквата е онаму каде што се проповеда вистината. Ова е важно да се знае. Црквата е основана онаму каде што се проповеда вистината. Православието, како што ни говореше отец Лука, не е број или географски места. Православието е онаму каде што се чува верата. Дури и ако во еден храм има триесет верници со свештенослужител или, пак, архиереј, тоа е доволно за зачувување на верата. Понатаму, тој истакна една работа која ја чинат некои свештенослужители, а е погрешна. Некои од нив, на големиот вход, наместо да кажат: „И сите вас православни христијани“, како што е устроено, велат: „Вас и сите православни христијани.“ Зборовите „сите православни христијани“ ја определуваат полнотата на верата во таа црква, на таа служба. Не е потребно да ги вклучиме другите, кога веќе имаме полнота во тој момент. Оние лаици, кои се присутни на таа литургија, се доволни за да се задржи полнотата на православието, да се зачува. Црквата е вистинско тело, организам, а не институција.

Тоа се случило и со св. Максим. Во тој период речиси сите биле во заблуда, а само тој ја држел вистината. Во врска со верата, тој бил вистински борец и нејзин заштитник. Неговиот збор носел авторитет кај многумина свештенослужители. Кога отишол во Африка, повикал собор на кој го осудиле монофилитизмот. Истото се случило и кога отишол во Рим. Папата Мартин го поддржувал во тоа. Како резултат на нивната будност во верата, биле гонети од другите поддржувачи на верата. Овие двајца ја држеле полнотата на Црквата. Што се покажа на крајот? Св. Максим се упокоил во прогонство, во маки, а осумнаесет години по неговата смрт бил одржан Шестиот вселенски собор на кој начелно учење било неговото, а монофилитизмот бил осуден.

Господ нема потреба од поседување слободен избор. Едноставно Тој го има тоа. Ние сме тие кои треба да одбереме да ја следиме волјата на Бога, на Црквата. Често ние луѓето правиме погрешни избори. Да го земеме примерот на Христос. Тој не говореше „јас“, туку се повикуваше на Библијата, следејќи ја волјата на Отецот. Тој беше совршено послушен, дури до смрт. „Сѐ можам преку Исус Христос, Кој ме крепи“ (Фил. 4.13), апостол Павле се отповикува.

Отец Лука го заврши часот со следниве зборови: „Ние Му служиме на Христа. Треба да гледаме во правец што Тој сака, а не национални идеи и сл. А, што сака Тој? Спасение на нашите души, а не да паднеме во пеколот. Ако ова не го имаме предвид, тогаш сме во неволја.“

„Ако ти го дадам ова (маркер) и ти кажам да го користиш“, продолжи да ни говори отец Лука, „треба да знаеш за која намена да го користиш, а не за сѐ и сешто. Така и Христос ни дава нешта, но ние треба да бидеме мудри и да знаеме како да ги ползуваме.“

ЕТОС

Кога бев прва година отец Георги Драгос ми предаваше Патристичко богословие, а оваа година, Етика. Секогаш кога ќе ме виде, ќе се насмее и ќе ме прегрне. Понекогаш ќе отвореше тема за Балканот при што воопшто не го спомнуваше името на мојата земја, но мене тоа навистина воопшто не ми пречеше. Тоа не значи дека не си го сакам своето (како што би рекле некои), туку дека на прво место гледам да бидам Христов, а потоа Македонец. Не сакам да чекорам обратно зашто ќе завршам во „ќорсокак". Патем, на крајот на краиштата, отец Георги ми покажува љубов и ме поздравува со татковска прегратка. Зар е потребно нешто повеќе од тоа? Пред Бога ќе бидам оправдан за тоа ако прво сум Христов следбеник, а потоа вљубеник во својата нација. Но, како и да е, да не должам многу. Не знам многу за неговиот живот. Можам само да кажам дека е многу образован и во своите предавања е практичен, односно, ни дава животни примери. Па, нели така најдобро се учи?!

Ни предава Христијанска етика. Самиот збор „етика" (ethics, ethos) ни објаснува дека тоа е наука за моралот. Во овој случај зборуваме за црковниот етос. Денеска, на неговото предавање ни говореше дека современиот свет ја отфрла етиката, но таа му се враќа назад. Што значи ова? Во светот се случуваат толку многу злосторства и лоши работи што општествата се принудени да носат низа разни закони кои, всушност, се етички. Еден ден, поради одредени причини, на професорот Драгос му се јавиле од ФБА. Наводно, правеле анкета меѓу професорите по етика во САД и го прашале следново: *Отец Драгос, дали поддржувате демократска или, пак, комунистичка етика?* Тој им одговорил: *Ниедна од нив. Јас ја поддржувам христијанската етика која е човечка.* Човекот, кој зборувал со отецот, се збунил на овој негов одговор, но му се заблагодарил, и го завршиле разговорот.

Етосот е нешто што се занимава со животот, односно, со моралниот живот кој сите ние треба да го имаме. Кога станува збор за христијанскиот етос, според отец Георги, има три степени на христијански живот: практичен, теоретски и визуелен. Сите три имаат свое значење, и тој ни ги објасни на многу интересен начин. Јас ги најдов многу полезни за себе.

1. Првиот – практичен – значи да се размислува. Под практичен влегува слободната волја која може да се подели на два дела: грев (evil, разврат; на грчки *какон*) и добрина (доблеста; *калон*). Под гревот или развратот, отец Георги конкретно зборуваше за блудните страсти, како блудот и сл. *Кога нешто кое го чиниме ни станува навика, тогаш станува страст.* На пример, блудот многумина го гледаат како задоволство, а не како што Бог

одредил – размножување на родот. Оние кои го гледаат како задоволство, уживаат во таа страст и не сакаат, ниту, пак, размислуваат да се оттргнат од неа.

Добрината или доблеста е она кон кое треба да се стремиме во нашите животи. Тоа се Божјите заповеди. Всушност, тие заповеди се етосот кој сите треба да го следиме. Во Стариот завет, кога Мојсеј слегол од Синајската Гора со Заповедите, народот не бил подготвен да ги прими (почнале да принесуваат идолски жртви), и едната плоча се скршила, па Бог му дал друга.

Додека отец Георги зборуваше за ова, ја отворивме темата околу војните, односно, дали е дозволено да се убива во војна. Ова прашање, барем за мене, е дискутабилно. Она што професорот Драгос го рече беше: *Кога за првпат вселенскиот патријарх Вартоломеј дојде во посета на САД, одржа предавање во Хеленистичкиот теолошки факултет во Бостон, и му постави три прашања. Првото беше: „Што мислите за оние кои одат во војна и убиваат: дозволено ли е тоа или, пак, не е?“ Тој им одговори: „Во Стариот завет Бог рече: 'Милост сакам, а не жртви.' Тоа е волјата на Бога – да бидеме милостиви. Така што одговорот е не.“ Исто така, кога Авраам дојде кај Салимскот цар Мелхиседек, кој е Праобраз на Христа, го пречека со леб и вино.*

Второто прашање кое му го постави беше: „Кога ќе имаме нова литургија?“ Со тоа прашање сакаа да дознаат кога ќе се смени древната литургија во модерен стил. И знаете што им одговори патријархот? „Дајте ми светители како Јован Златоуст и Василиј Велики, а јас ќе ви дадам нова литургија.“

Христијанскиот морал е многу важен за децата кои треба да растат во духот на верата и да ја чуваат традицијата. Кумот на отец Георги речиси секоја недела ќе го земеше од дома и го носеше на божествена литургијата. Му зборуваше дека треба често да се причестува, а еднаш пред да пристапи кај путирот, дури му рече: *Сакаш да дојдам со тебе напред?* До тој степен се грижеше за своето кумашинче. Често го нарекуваше *мое мало дете*. Кога отец Георги наполни осумнаесет години, замина да учи богословија, понатаму, факултет и подоцна во својот живот стана свештеник. Кога ќе можеше, му праќаше разгледници на својот кум како внимание за неговата љубов. Додека живееше во САД, мајка му се јави да го извести дека неговиот кум е на умирање. Отец Георги му телефонираше на својот кум Спиридон. Во разговорот, неговиот кум му рече: *Мое мало духовно дете, не знаев многу работи за да те учам, но секогаш се обидував да те носам во црква. Тоа е мојата радост. Сега јас го напуштам овој живот и сакам да ми простиш и однесеш кај Христа*. Кратко по нивниот разговор, неговиот кум се упокои.

Вториот дел за кој отец Драгос ни зборуваше беше теоретскиот – причина. Тој има два дела: очистување или обожение (теосис) и неприродно или противприродно (логизмос). Мислам дека јасно е што значи очистување или обожение. Не се осмелувам да зборувам за тоа зашто далеку сум од тој степен, а не знам дали некогаш ќе го достигнам зашто *гревовите ја надвишија главата моја и* секој ден *како тешко бреме ме притискаат.* Можам да пишувам за противприродното зашто сум подложен на гревот. Всушност, ќе го пишувам она кое денес го слушнав и го научив од професорот, отец Драгос, за она што не е природно – гревот. Нам луѓето, чесно, помило ни е да го чиниме она што не ни е дозволено или, пак, од толку што сме заслепени во гревот, не гледаме дека сме паднати. А откако ќе паднеме, чеда сме на кнезот земски. Ми се допадна поентата која отец Драгос ја изнесе кога рече: *Ние луѓето имаме погрешна замисла (како, на пример, за сексот) поради погрешните постапки.* Доколку еден човек му дава простор на гревот за ова, тогаш истиот човек е заплеткан во него (во гревот).

Зборувајќи за развратот, се задржавме на хомосексуалноста. Професорот ни даде многу добар пример со еден адвокат од Оксфорд во Англија. *Во една прилика требаше да одам во Оксфорд за да одржам предавање. Таму пристигнав во вечерните часови и требаше да ја делам собата со уште еден човек. Истиот човек беше адвокат, доста образован и познат во Оксфорд. Неодамна станал православен христијанин кој бил покрстен од митрополитот Калистос. За да се подготвам за предавањето за следниот ден, отидов во библиотеката. На заминување, му реков на адвокатот да не ме чека, туку слободно да си легне, а јас кога ќе се вратам, ќе гледам да не тропам многу и ќе си легнам. Во библиотеката останав до доцна, можеби до два часот наутро. На враќање кон собата, видов дека светлото беше сè уште запалено. Влегов внатре, и човекот беше сè уште буден. Го запрашав зошто не спие, а тој ми рече дека ме чекал зашто сакал да се исповеда. Истиот човек, женет и со две деца, бил во тајна врска со маж. Утредента, на литургијата на која требаше да служи митрополитот Калистос, тој сакаше да се причести и ме молеше да му прочитам разрешителна молитва. Прво, не можев да верувам дека слушам такво нешто. Го прашав дали ова го има исповедано на митрополитот, на што ми даде одречен одговор. Му реков дека ќе му прочитам разрешителна молитва само доколку вети дека веќе нема да го прави тоа. Тој ми рече дека не може да се откаже од тоа. „Не можеш затоа што дозволуваш страста да те контролира, а не ти неа.“ Дури на колена ме молеше да му дадам разрешување, но јас му реков дека не можам да го сторам тоа. Свештеникот треба да биде подготвен на разни ситуации, на пример, како оваа.*

Кога човек е навлезен во гревот, тој не го гледа тоа како беззаконие зашто се насладува од него. Денешниот човек е обземен од световното, како телесните страсти, материјалното... Како резултат на тоа го губи Бога, го губи својот живот. Светите Отци нѐ поучуваат дека страстите се како платно (врвка) кое го ставаш околу себе. Ако еднаш паднеш во грев, ќе го скршиш. Ако продолжиш да грешиш, на себе си врзуваш второ платно, трето итн. Тогаш сиот си врзан и не можеш да се ослободиш, па ти треба помош од надвор. Таа помош, се разбира, е во Христа, во Црквата. Најдобар пример за етосот можеме да научиме од светиите. Тие имаа беспорочен живот.

Третиот степен на моралниот христијански живот е погледот (vision), видувањето на нештата. Уште можеме да го наречеме теосис. За да ги гледаме работите со разумот, треба да го користиме срцето – молитва со разумот или уште наречена молитва со срцето. Овде се мисли на исихазмот. Некои православни христијани ќе речат дека тоа е само за монасите, а не за обичните мирјани, но тоа не е точно. Зборот *исихиа* значи тихување или молитва со умот. Тоа е нешто кое сите треба да се трудиме да го чиниме.

Кога веќе зборуваме за манастир, треба да се знае дека манастирите се училишта за христијански живот. Оние кои се добри христијани одат во манастир со желба, бидејќи таму има многу што да научат. Луѓето во светот зборуваат за сѐ и сешто, но не зборуваат за духовен живот.

Ние не сме приврзани за царот или за претседателот во нашата земја, туку сме приврзани за Христа. Работите треба да ги гледаме од оваа перспектива. Блаженоспомнуваниот отец Гаврил Светогорец мудро го изусти следново: *Многу луѓе во светот имаат сѐ, но имаат и тага зашто им недостасува Христос.*

Ние верните мериме со мерка на верата, а другите мерат со мерка на разумот.

Уште еден поучен и жив пример ни раскажа отец Драгос за тоа каков треба да биде човекот. Некој човек од Бостон, кој се упокоил минатата сабота, бил бизнисмен. Дошол во САД како емигрант, отворил бизнис за лустери и бил меѓу најдобрите и најуспешните во околината. На големо изненадување на сите, пред да се упокои, им го оставил својот бизнис на своите работници. Значи, не го оставил на својата сопруга или ќерка, туку на работниците. Назначил еден од своите работници, по потекло Мексиканец, да го продолжи бизнисот. Донеле адвокат при што тој потпишал пред својата сопруга и пред работниците и рекол: *Вие ми бевте верни, сега јас сакам да ви бидам верен.* Малку луѓе со ваков човечки етос се наоѓаат денес. За современиот и световен човек ова ќе звучи безумно и лудо, но за нас, православните христијани, овој човек го заврши овој живот со вистински етичко-христијански вредности.

Ова е приближно она што го слушнав денеска од устата на овој драг професор. Законот на покајанието е законот на спасението. Овој духовно-морален етос треба да го следиме, а и оној другиот (световниот) да не го изоставаме.

Православието не се состои од разбирање на верата, туку тоа е жива вера. А за да ја живееме таа жива вера која Христос ни ја остави во наследство, неопходно е да ги чуваме и исполнуваме Божјите заповеди од кои две од нив се најголеми и тие ќе нè однесат до вратите на спасението: *Возљуби го Господа, својот Бог, со сето свое срце и со сета своја душа и со сиот свој разум* и *возљуби го својот ближен како себе си* (Мат. 22.37-39). Кога барем овие две заповеди би ги следеле, ќе можеме целосно да го следиме православниот христијански етос зашто така Христос ни заповеда!

Нека ми прости Бог ако нешто погрешно напишав.

Ова беше само почеток на работите за етосот.

Имам уште многу да учам, но исто така, и многу од овие нешта треба да почнам да ги чинам.

Сè да е за слава на Бога!



СПАСИ МЕ, ГОСПОДИ, ЗАШТО СУМ ТВОЈ

Монахот Јован се упокои во Господа

Дојдете, браќа, да му дадеме
последен целив на упокоениот...

Monk John reposed in the Lord!

Fr John Campbell (known previously as Fr Lawrence Cambell) reposed peacefully in the Lord just before midnight on Monday November 3, 2014. He spent much of his life preparing English-language texts of the Divine Services and private prayers, most notably the 4th edition of our Jordanville Prayer Book and the Unabbreviated Horologion. He was an English teacher in San Francisco in the 60's, an American born on Novemember 14, 1932, who became friends with Gleb Podmoshensky (Father Herman) and Seraphim Rose (Father Seraphim) in their little bookstore a few doors down from the Sobor on Greary Blvd in San Fransisco. He became Orthodox and had come to Jordanville during the summer months the year St John of San Francisco died. When Archbishop Averky, Metropolitan Laurus (then Archimandrite), along with Archbishop Leonty of Chile decided to travel by car for the funeral along with Fr. Victor Lochmatow, Lawrence asked if he could come along. That was in June of 1966. He ended up becoming a novice at St. Herman of Alaska Monastery in Platina CA in June 1966. He became a riassophor monk at Holy Trinity Monastery, Jordanville, in 1979 and on March 31 2012 was tonsured into the small schema and received the name of Saint John of Shanhai and San Fransisco.

May the Lord grant rest to his soul. [36]

Source: http://www.jordanville.org/news_141104_2.html

.....

36 Монахот Јован се упокои во Господа!

Отец Јован Камбел (со претходно име отец Лоренс Камбел) спокојно се упокои во Господ, пред полноќ во понеделник на 3. ноември 2014. Тој посвети огромен дел од својот живот во подготвување на текстови од Божествените литургии и лични молитви на англиски јазик. Најпосветен беше на 4. издание на Јорданвилскиот молитвеник и Часослов. Тој беше наставник по англиски јазик во Сан Франциско во 60-тите години од минатиот век. Тој се родил во САД на 14. ноември 1932 година, се спријателил со Глеб Подмошенски (отец Герман) и со отец Серафим Роуз во нивната мала книжарница која се наоѓаше блиску до Соборниот храм на булеварот Грери во Сан Франциско. Тој се крстил и станал христијанин, и пристигнал во Јорданвил за време на летните месеци во годината кога се упокоил Св. Јован Шангајски и Санфрациски. Кога архиепископот Аверки, митрополитот Лаурус (во тоа време архимандрит), заедно со архиепископот Леонтиј од Чиле решиле да одат со кола на погребот заедно со отец Виктор Лохматов, Лоренс ги прашал дали може и тој да оди со нив. Тоа било во јуни 1966 година. Тој решил да остане и да биде послушник во храмот „Св. Херман" од Аљаска во Платина, Калифорнија во јуни 1966 година. Тој станал ријазофор монах во манастирот „Св. Троица" во Јорданвил во 1979 година. На 31 март 2012 година во монашки чин тој го прими името на Св. Јован Шангајски и Санфрациски.
Нека Господ ѝ подари мир на неговата душа.

Пред две години, во петтата недела од Великиот пост, во петокот на похвалата на Пресвета Богородица, сите држевме свеќи во рацете. Отец (тогаш) Лаврентиј, облечен во бела риза чекореше кон иконостасот за да му даде завет на Христа – да го прими ангелскиот облик. Го замонашија. Ножиците, кои архимандритот Лука ги пушти наземи, ги зеде новозамонашениот и му ги врати на игуменот во знак на лично желание за монаштво. Понатаму, о. Лука го потстрижа со зборовите: „Се потстрижува монах Јован..."

Се сеќавам, на крајот му пристапив, го целивав и му реков: „Биди слава на ангелите и пропаст на демоните!"

Денеска, повторно со свеќи во рацете стоиме со монасите и семинаристите за да го испратиме о. Јован. Духот веќе не му е меѓу нас, но овде е телото. Него го испраќаме. Ги целиваме и почитуваме останките зашто тоа тело од Бога беше создадено и осветувано преку светите Христови Тајни. Затоа им оддаваме таква почит на новоупокоените.

Стоев на горното место каде што о. Јован се подвизуваше за време на службите. Неговото место денеска е празно зашто тој лежи во средината на храмот. Ликот му е покриен со неговата пана-камилавка поради монашкиот образ кој го прими. Рацете му стојат откриени и во нив ги држи својот крст, кој на секоја човечка душа ѝ носи спасение, и свеќата од неговото замонашување. Во својот живот тој се одрече од овој свет, го зеде крстот и тргна да го следи Христа.

Нашите свеќи горат, а неговата не гори денеска, но ќе гори кога неговата душа ќе застане пред Севишниот. Морам да изглаголам дека секој мој поглед кон него малку ме нажалуваше зашто по природа сум таков. А, нели и човечки е да тагуваме по своите? Тагуваме зашто сме ги љубеле. Малку тагував, а повеќе се радував. Радоста надвладуваше зашто имав можност да го познавам цели четири и пол години. Имав исто послушание со него две години во манастирската канцеларија, а и во последните денови додека тој беше во болница, бдеев над него цела ноќ.

Сега да кажам нешто за таа ноќ додека бев со него:

Пред неколку недели отец Јован се разболе и беше во болница. Всушност, неколку пати му се влошуваше состојбата и секојпат кога очекувавме да се упокои, тој закрепнуваше. Денеска, по погребот, отец Лука ми кажа дека секојпат откако о. Јован ќе ги примеше Светите Дарови, се подобруваше. Неколкупати го причестија во болница.

Од манастирот решија да има некој постојано со него. Се случи и јас да бидам таму една вечер со него. Беше во свесна состојба. Не можеше секогаш убаво да зборува, но се разбираше. Се случи нешто кое ќе го паметам додека сум меѓу живите: на неговото замонашување, името „Јован" му беше дадено

по големиот чудотворец од нашите времиња, Шангајскиот и Санфранциским архиепископ, свети Јован. И јас многу го љубам и сега размислувам, можеби, таа љубов ме доближи да чувствувам блиска врска со о. Јован додека беше жив. Додека бев во собата, дојде и еден расофорен монах Јован, а јас го замолив дали ќе може да го прочита акатистот на св. Јован Шангајски на англиски. Отец Јован беше Американец и полесно му беше да слуша на англиски, а мене англискиот не ми беше којзнае колку добар за да читам богослужбени текстови. Започнав со Трисветото, а пред тоа, го прашав: „Отец Јован, може ли сега да прочитаме акатист на св. Јован?“ Ни одговори со неговото познато и потврдно „yes.“ Имаше необичен тон на произнесување кога ќе речеше „yes.“ На почетокот, кога го започнавме акатистот, тој беше буден, а потоа заспа. Кога завршивме со читањето, отец Јован се разбуди, и додека јас го пеев величанието на св. Јован, и тој почна да пее со мене. Во тој момент морници поминаа низ моето тело и многу се радував затоа што најмалку очекував дека тој ќе почне да пее со мене, знаејќи ја состојбата во која се наоѓаше. Ова засекогаш ќе го запечатам во своите спомени од Џорданвил!

Тие денови речиси воопшто не јадеше и малку пиеше, па затоа често го прашував: „Отец, сакаш ли вода?“ „Yes“, потврдно ќе одговореше и му давав да пие со специјален сунѓер во устата од каде што ја впиваше водата. Кутриот, можеби не му беше лесно, но беше силен со духот, навистина силен.

Еден ден пред да отидам кај него, доцна во вечерните часови се случи еден настан од кој се потресов со духот кога го слушнав. Всушност, еден од Џорданвилските монаси, отец Кипријан, кој беше таа вечер со него, и ерофаконот Серафим, ми кажаа за него.

Таа вечер, според сведоштвата на о. Кипријан, отец Јован почнал да мавта со рацете околу него како да сакал да тргне нешто од себе, додека јеромонахот почнал да го чита Канонот на Пресвета Богородица. На многумина, во последните денови пред нивното упокоение, кога душата им се приближува кон крајот, почнува да им се отвора духовниот свет.

Додека седев со него, долго размислував за смртта, за тоа колку им даваме важност на земните работи, односно, колку многу го негуваме своето тело, без да помислиме дека треба повеќе да твориме со духот. Но, такви сме, од земја создадени и кон земното привржани. Мислам дека овде нема ништо лошо, но кога премногу му даваме значење на телото – тогаш се раѓа проблемот.

Исто така, пред две недели, кога мироточивата чудотворна икона на Богородица, Иверско-Хавајска ни дојде во Џорданвил, во саботата вечер, по службата, јас и уште еден монах, заедно со хранителот на иконата, отидовме во болница за да ја целива и тој светата икона. Таму нè очекуваше отец

Кипријан. Братот Нектариј (хранителот) ја држеше иконата во своите раце, додека о. Кипријан отслужи краток молебен кон Богородица. Отец Јован беше буден и во свесна состојба. По молебниот, иконата ја постави на перницата, до главата на о. Јован, и така стоеше неколку минути. Беше доцна во ноќта, темно, тивко, и Богородица го посети о. Јован со Својата мироточива света икона. Радосно беше да се гледа како Мајката наша беше на овој начин живоприсутна кај отец Јован во болница.

Додека беше меѓу нас, живите, еден ден, додека работевме заедно го прашав дали ќе може, доколку има време, да ми раскаже за старите упокоени монаси. Се согласи, но поради многуте мои обврски, времето не ми дозволуваше, и постојано одложував. Одложував и, ете, отец Јован се упокои.

И уште еден необичен настан кој се случи: Бог го повика отец Јован во Своето Царство на полноќ во понеделникот, на 3. ноември, на празникот на иконата на Богородица – Казанска. Беше погребан денеска, кога Светата црква го слави празникот на иконата на Богородица – Радост на сите нажалени. Овој празник беше и негов празник. Катедралната црква во Сан Франциско, каде што се нетлените мошти на св. Јован, е посветена на оваа икона, а во шеесеттите, овој храм беше парохиска црква на отец Јован, и на истиот празник Мајката Божја го зеде од овој свет.

Патем, има уште една интересна работа која треба да се знае за о. Јован: кога тој стана православен, беше крстен од отец Серафим Роуз кој му беше и кум. Исто така, отец Јован го познаваше св. Јован Шангајски додека и двајцата беа во Сан Франциско. Понатаму, кога се оформуваше манастирот Св. Герман во Платина, о. Јован учествуваше значително со свој финансиски придонес. Двете личности беа клучни во неговиот живот: св. Јован Шангајски и отец Серафим Роуз.

Неговото отпевание (опело) наликуваше токму како неговото замонашување. Со изгаснати светла и во монашка атмосфера. Хорот ги пееше псалмовите стихови: „Спаси ме, зашто сум Твој!“, и уште, „Во Царството Твое спомни си, Господи, за твојот новоупокоен монах Јован!“

Игуменот на овој манастир, отец Лука, кој со децении го познаваше о. Јован и кој го потстрижа во 2012 год., возглаголи слово во кое говореше за подвизите на о. Јован и го кажа следново:

Во името на Отецот, и Синот, и Светиот Дух,

Драги браќа и сестри, о. Јован беше возрасен кога стана православен и член на Светата православна црква. Големо влијание на отец Јован беше отец Серафим Роуз, како и примерот на големиот чудотворец, свети Јован Шангајски и Санфрациски. Отец Серафим стана негов кум и отец Јован влезе во братството на „Св. Герман Аљаски“ во Платина каде што беше

под духовното раководство на отец Серафим. Подоцна, о. Јован дојде во овој манастир, „Света Троица“ и стана расофорен монах. Тој немаше некој посебен талент, како некој многу учен и сл. Како и да е, тој ја виде овде потребата од преведување, и со благослов на игуменот, митрополит Лавр, о. Јован почна да преведува многу литургиски текстови, како и молитвеникот. Како што реков, о. Јован не беше некој посебно образован, но речиси исто како и нашиот основач на овој манастир, отец Пантелејмон, со тоа малку кое о. Јован го имаше, со Божја помош, го зголеми тој талент кој го имаше до пред да се упокои. Тој почувствува дека е повикан да го земе овој подвиг, да преведе литургиски текстови на англиски и да им го пренесе ЗБОРОТ на православието на оние кои не ги разбираа црковнословенскиот или рускиот јазик. Ова е голем пример за сите нас. Некои од нас имаат големи таленти, а не ги користиме правилно, а оние, како о. Пантелејмон и о. Јован, немаа многу како што имаат некои од нас, и пак се трудеа за Бога. Ја видоа потребата за ова, и Господ ја благослови нивната усилба и им ја преумножи.

Исто така, сакам да истакнам дека многу години о. Јован одложуваше да го прими монашкиот потстриг и да стане монах. Јас му нудев неколкупати, и тој беше длабоко побожен, па гледајќи ја ситуацијата во светот, ми рече: „Се плашам да не се појави гонење на Црквата, и манатирот да се затвори, не сакам да бидам монах и да живеам со световни луѓе. Тоа нема да биде правилно.“ И така тој продолжи да чека и конечно, пред неколку години, јас си реков: „Што да сторам за да го убедам да стане монах?“ Веќе беше време за него да стане монах, па така, го повикав во мојот кабинет, ја отворив темата за монаштвото и му реков: „Брате Јован (тогаш сѐ уште Лаврентиј), веќе остаруваш во годините, боледуваш од неколку болести, не знаеш уште колку долго ќе живееш. Не мислам дека во следните неколку недели или месеци ќе има прогон на Црквата.“ Патем, на мисла ми дојде името „Јован“ во чест на св. Јован Шангајски и Санфрациски зашто тој секогаш зборуваше за него, и со голема почит. И си реков ова може да биде „клучот“ за да го убедам да се согласи да стане монах. Размислувајќи вака, му реков: „Слушај, не е обичај да се кажува името пред замонашување, но ќе се согласиш ли да станеш монах доколку ти го дадам името 'Јован' по св. Јован Шангајски?“ Тој ми рече: „Па... во тој случај, да, се согласувам да станам монах.“ И така, слава на Бога, тој доби второ крштение, се обнови и продолжи со своите монашки подвизи. Колку што можеше беше активен во англискиот текст на нашите списанија. Додека беше добар со здравјето, му беше предан на Бога во однос на учеството на богослуженијата. Беше постојан на службите, помагаше на певницата и беше пример за сите нас. И по Божја

промисла, отец Јован се упокои на празникот на Казанската икона на Богородица, и тој секогаш се подготвуваше да се причести на празникот на иконата на Богородица – Радост на сите нажалени, чиј празник го славиме денеска. Исто така, Катедралната црква во Сан Франциско, која е посветена на оваа икона, беше неговата парохиска црква. Ден пред овој празник, ќе дојдеше кај мене за благослов и ќе ми речеше: „Утре е празник на иконата на Богородица – Радост на сите нажалени, и сакам да се подготвам за причест.“ Уште еднаш, овде имаме Божја промисла неговото опело и погреб да бидат на празникот на Богородица – Радост на сите нажалени.

Сите ние треба да се молиме за неговата душа затоа што како што знаете сите, никој не е безгрешен, и она што го започнуваме на овој свет, продолжува во Царството на Бога, ако сме се покајале. Ние се надеваме кога ќе се упокоиме да продолжиме во идниот живот. Знаеме од сведоштвата на светиите и од традицијата на Црквата дека нашите молитви за упокоените се многу значајни. Затоа, треба да си спомнуваме за сите упокоени – во овој случај, за отец Јован кој го напушти овој живот – и да го молиме Бог да му подари живот вечен. Амин!

Пеејќи ја Трисветата песна, го испративме о. Јован до местото на неговата почивка каде што ќе почива до Второто и Славно Христово Доаѓање.

Не стигнав да зборувам со тебе за твоето искуство од Џорданвил, но затоа денеска, оче Јоване, ти преку твојот живот ми покажа жив монашки пример.

Ти благодарам!

Ковчегот ја допре земјата,
и дождот почна да навалува..
По спуштањето на телото во гроб,
игуменот дванаесет пати изусти:
„Упокој ја, Господи, душата на твојот слуга, МОНАХ ЈОВАН
Упокој ја, Господи...“

ГРАФИТИ И ТАКА НАТАМУ[37]

За игуменот на Светотроитскиот манастир има многу да се зборува. Во мојот петгодишен живот таму доживеав бројни искуства со него. Се исповедав кај него. Знаеше дека обрнував многу внимание на чистотата и на тоа сѐ да биде во ред, посебно за време на богослуженијата. Црковната ризница со одежди беше речиси во заборавена состојба во однос на одржувањето и чистењето. Еден ден ме повика кај него и ми рече: „Знам дека љубиш красота и великолепие, па поради тоа сакам да ти дадам послушание да ја средиш и да ја одржуваш."

Очигледно, отец Лука се грижеше за духовниот живот на нас, студентите. Овде сум компетентен да зборувам за себе. Тој знаеше дека често се причестував на божествените литургии во неделите. Во IV година во првиот семестар имав искушенија и неколку недели по ред не се причестив. Неколку денови пред празникот на света Ксенија Петроградска, отец Лука ми напиша многу јасно и кратко е-писмо. Гласеше вака: Prepare for communion on St. Xenia. Тој, како мој исповедник, почувствува дека нешто се случува со мене и самиот ми рече да се причестам. Нормално, еден ден пред празникот, за време на општата утрена, се исповедав. Тогаш го отворив своето срце подлабоко, односно, разговарав со него за нешта за кои претходно немав толку смелост. Најдов поука за проблемот кој го имав. По исповедта и благословот негов за причест, ги примив Даровите Христови.

Се случи и ова кога бев IV година. Мислам дека беше септември. Утрото откако заврши божествената литургија, се враќав од храмот во општожитието. Беше ладно утро, но небото беше чисто. Во исто време, и отец Лука се враќаше. Другите сѐ уште излегуваа од храмот, па на патот бевме само тој и јас. Отец Лука застана и ми рече: „Денес светот е современ." Малку се збунив од неговите зборови зашто не го разбрав што сакаше да каже со тоа. Па му реков: „Оче, што сакате да кажете со ова?" Тој ми рече: „Погледни на небото колку графити има." Кога погледнав нагоре, на синото небо имаше неколку „графити" од авионите кои летаа. Имаше три или четири бели линии.

Тој си замина, а јас се насмеав и влегов во општожитието. „Ех", си реков, „кога ќе размислиш, навистина е така. Колку само светот стана современ."

Често кога ќе ме сретнеше или, пак, кога јас ќе го сретнев, му приоѓав за да земам благослов, а тој не ме прашуваше: „Како си?" Наместо „како си", ќе ме прашаше следново зборови: „Как спасаешсја?"[38]

37 Овој запис содржи разни настани од личните раскази од игуменот, денес епископ на манастирот „Св. Троица", г. Лука.

38 Како се спасуваш?

Често му одговарав со: „По Вашите молитви, се спасувам некако." А еден ден, во Семинаријата, игуменот го праша професорот по Црковна историја со истите зборови „како се спасуваш?" на што професорот му одговори: „Плохо[39]." Игуменот се сврте кон мене и ми рече со насмевка: „Е, ова е искрен одговор." Јас само се насмеав зашто разбрав зошто ми го кажа тоа. Не секогаш е поради „Вашите молитви". Кога грешиме, а не сме послушни на духовниот отец, молитвите не можат тукутака да помогнат ако нашата слободна волја не се стреми кон спасението.

На почетокот на учебната година во 2012. лето Господово, имавме средба или собрание ние семинаристите со нашиот декан и игумен на манастирот. Тој ни говореше и нè поучуваше на разни теми поврзани со духовниот живот и искушенијата кои се најчести во манастирот и семинаријата. Тој ни го раскажа следново: „Кога дојдов овде да бидам послушник, еден од монасите ми рече: 'Од сите искушенија овде, во Јорданвил, најмногу биди внимателен од *демонот на критикувањето*. Кога почнуваш да критикуваш, демонот ќе те избрка од манастир'." Со тоа, нашиот игумен и декан сакаше да каже да се чуваме од озборувања и сл. зашто кога се живее во општожитие, доволно е еден да каже нешто, и тоа ќе биде превртено наопаку и ќе добие десетина, ако не и повеќе, варијанти од вистината.

„Причестување на болните луѓе – важно е болните, оние кои се пред умирање, да се причестуваат често", ни говореше отец Лука на својот час по предметот Патрологија.

Еден од постарата генерација јорданвилски монаси, отец Митрофан, кој беше ќелијник на свети Јован, бил во болница, речиси парализиран. Владиката Лавр го испратил о. Лука да го причести. Отец Лука ни кажа дека кога ќе добиел послушание да причести некој болен отец кој бил парализиран од удар или тешко зборувал, секогаш го прашувал: „Отец, сакате да се причестите?" Со тоа сакал да биде сигурен дека тој е свесен и знае што се случува. Светата причест прави чуда. Така, го причестил о. Митрофан, и по два дена тој „застанал повторно на нозе".

Отец Кипријан, архимандритот кој ја фрескописа Јорданвилската црква, пред да се упокои, добил удар. Отец Лука речиси три години го причестувал секој Божји ден. На литургијата која се служела секој ден, ќе зел Тело и Крв од путирот и ќе ги ставел во мал, па ќе појдел во ќелијата да го причести. Така, тоа го правел сè по последното издихание на архимандритот Кипријан

Исто се случило и со о. Пантелејмон, основачот на Светотроитскиот манастир: од ударот кој го добил, бил во постела. Денот пред да се упокои, о. Лука отишол во ќелијата да го причести. Прво го прашал: „Сакате ли да се причестите?", на што о. Пантејелмон тивко одговорил: „Да." Отец Лука,

39 Тешко.

уверувајќи се во свесната состојба на о. Пантелејмон и во неговото потврдно „да“, го причестил со Светите Тело и Крв Христови. По неколку часа, о. Пантелејмон се упокоил.

Во Џорданвил често ни доаѓаше на „посета“ демонот на осудата. Кога ќе дојдеше, постојано нешто се случуваше. Зошто кнезот на овој свет би се мачел да ги искушува оние кои се во светот, т. е. кои живеат по својата човечка волја и природа, кога тие веќе се под негова власт? Онаа душа, која копнее по Христа и сака Нему да Му служи, наидува на бури од искушенија. Нели, без Голгота нема Воскресение? Страдањата, кои се за Бога, се за радост на таа душа која трпи од лукавиот.

На светите места искушенијата се поголеми. Ако монасите се воздржуваат од безбрачност и сиромашност, оној лошиот ќе најде некоја трета работа со која ќе ги искушува. И меѓу нас студентите се случуваше тоа. Бевме подалеку од светот и светските бури, но за „ситни“ работи знаевме да влеземе во конфликт со нашиот брат.

Пред многу години, во Џорданвил се случил еден настан кој силно се врежа во моето сеќавање. Некој прозорлив старец од Грција дошол да ги посети манастирот. На еден или два километри оддалеченост имало многу демони. Биле качени на дрвјата, држејќи лак во рацете, и постојано фрлале стрели кон манастирот. Кога дошол во манастирот, прозорливиот старец им го раскажал ова на браќата. Толкувањето го знаеме сите: на колку посвето место оди човек, толку повеќе ќе биде искушуван. Кога некој се подвизува и се труди да го исполнува законот Христов, денонoќно ќе биде лулан од лукавиот.

Понекогаш имаше периоди кога меѓу нас се чувствуваше дека лукавиот нѐ искушува, и се чувствуваше немир наоколу. Во неколку прилики игуменот го кажа тоа. Имаше периоди кога едно искушение ќе завршеше, веднаш друго ќе се појавеше. Од своето искуство во Џорданвил научив дека треба да работиме на своето смирение зашто толку и треба – сосем малку – некој од нас да избувне, и се создаваше немир. Тоа се случуваше, барем меѓу нас студентите.

Кога живееш во манастир, до одреден степен си заштитен од светските секојдневни случувања, но има други искушенија: осудување, меѓусебни конфликти и сл. Колку и да се обидував да се воздржувам од осудување, не ми успеваше. Можеби се воздржував сѐ додека не почнев да зборувам со некого, и потсвесно ќе почневме да зборуваме што не ни чини: овој прави вака, оној не готви убаво и сл. Во првите две години се жалев само од нешто, односно, осудував во помислите. Кога дојдов до IV година, почнав поинаку да ги гледам работите. На земјата нема да најдеме совршено место каде што ќе тече мед и млеко. Сите ние имаме слабости, и доколку почнеме да зборуваме за некого или за нешто, до следниот ден нема да завршиме.

Треба да се научиме да ги гледаме своите слабости и како што поучува свети Серафим Саровски, кога би размислувале и би се каеле за своите гревови, тогаш ќе немаме време да ги осудуваме другите околу нас.

Во IV година имав послушание да служам вечера во манастирот во понеделниците. Доколку немаше доволно останато од ручекот, ќе доправев уште.

Во тие студентски години во Јорданвил, како личност бев многу жив. Место не ме држеше и брзав во сè. Едноставно не можев да функционирам полека, со смирение. Така, еден понеделник, исто така, готвев и како и претходно, пак „трчав горе-долу". Еден расофорен монах, Виктор, кој тој ден требаше да ги мие садовите, ја забележа мојата живост. Додека траеше вечерата, се читаше од Житието на светиите. Седев во кујната и пиев чај. Тогаш отец Виктор ми пристапи и ми рече: „Те гледам многу брзаш во сè. Не е добро така да 'трчаш' (не буквално да трчам). Треба да работиш на тоа. Отиди на исповед и кажи му на отец Лука: 'Отец, јас сè што правам, правам брзо. Што да правам за да ги работам работите смирено?' И така, тој ќе ти каже како да постапиш."

Многу беше во право со она што ми го кажа. Понекогаш е убаво кога ни укажуваат на нашите грешки. Во почетните години во Јорданвил се лутев, но растејќи низ годините во манастирот, научив дека е убаво кога ќе ни кажат каде грешиме. Овде зборувам за себе. Научив да ги прифаќам работите на кои некој отстрана ќе ми замереше. Кога ќе отидев на исповед, ќе почнев да се оправдувам за некој проблем пред о. Лука. Тогаш тој ќе ми речеше: „Не треба да се оправдуваш. Кажи 'виновен сум', и имај покајание." „Можеби навистина треба ова да го правам смирено", му одговорив.

Се сеќавам на еден интересен настан кој го доживеав со јеромонахот отец Гаврил.

Беше период кога се полагаа испити. Во еден од работните денови бев назначен на клирос[40]. Тој ден служеше отец Гаврил. По карактер бев нестрплив. Сите работи сакав наеднаш да ги правам, небаре некој ме гонеше, или, пак, брзав некаде за да не задоцнам. Но тогаш тоа бев јас и мојот карактер.

Вечерната и утрената почнуваа во четири попладне. Прво некој од нас, кои бевме на клирот, ќе ја удревме камбаната и потоа почнуваше службата со деветти час. Беше три минути до четири кога отец Гаврил влезе во храмот, и јас го прашав дали да одам и да ја чукам камбаната. Тој ми одговори дека можам, но по три минути (Пред да го рече ова, погледна во часовникот.). Јас му реков: „Зар до толку буквалисти ќе бидеме?", на што тој ми го рече следното: „Кога владиката Лавр беше жив, отец Лука две минути порано ја удрил камбаната. Тогаш митрополитот му рекол: 'За тие две минути можеш да се мачиш во пеколот'." Владиката Лавр секогаш доаѓаше навреме во црква на богослужења.

40 Певница.

РАСОФОРНИОТ МОНАХ ВИКТОР НАСОВ

Во Џорданвил имаше една таква лоша практика меѓу сите што кога некој ќе „избувнеше“ за нешто, тогаш тој беше сметан за „куку“ (забеган). Таквите изјави страшно многу ми сметаа. Зар јас не сум чуден, или ти? Сите сме „куку“ на свој начин. Или друга работа: честопати толку далеку одиме со својата „чистота“ што ги правиме другите околу нас како нешто да им недостига.

За многумина таков беше брат Виктор. Кога ќе се најдев во ситуација да слушнам такво нешто, јас, пак, обратно восприемав. Во нивната „забеганост“ гледав да го најдам Бога. И да бидам искрен, го наоѓав.

За многумина брат Виктор беше забеган, но јас, пак, го сакав. Имаше чиста душа. Налето неговото послушание беше да се грижи за манастирските гробишта, т. е. насадуваше цвеќиња на секој еден монашки гроб и ги одржуваше. Не знам зошто, но радост ми го исполнуваше срцето кога ќе го видев одвреме-навреме како поминува со количката, а во неа имаше цвеќиња, алати и сл. Или, пак, наутро кога меѓу часови ќе излезев надвор и го гледав како се „вртка“ околу монашките гробишта, зад олтарот на катедралната црква.

Ниту еднаш не го видов брат Виктор во чевли, со исклучок во зимскиот период. Тој постојано беше во влечки, било во недела, било на голем празник. И тоа, половина петица му стрчеше надвор од обувките. Интересен беше да се види во обувки.

За жал, имаше еден студент кој се исмејуваше на тоа. Јас лично претпочитав повеќе да бидам во влечки, отколку во чевли. Така ми беше полесно, а и им давам простор на стапалата да „дишат“. Тој студент ме забележа дека на часови, на ручек одам во влечки, и не можеше, а да не даде коментар за тоа. Стоевме пред трпезаријата, чекајќи го игуменот да дојде и да благослови, а тој студент ме виде и веднаш почна да им зборува на оние кои стоеја до него како јас сум во мантија, со влечки, дополнувајќи дека сум ист како брат Виктор.

Јас воопшто не му придавав внимание на тоа, но се нажалив кога почна (со смеење) да зборува за брат Виктор како тој само по влечки одел. Понатаму, истиот тој студент се осмели да продолжи да коментира за еден друг монах. Беше уште попонижувачко тоа што почна да зборува дека тој смрдел, дека најверојатно не се капел редовно итн. И тоа, зборуваше и се смееше. „Бреј!“, си реков. „Како само се осмелува така да зборува?“ Прво и очигледно, не знае што значи да се биде монах. Второ кој е, пак, тој да си

зема право да осудува, односно, да зборува пред други кој носи влечки, кој смрди и сл. Е, токму за луѓето, кои беа со таков карактер и размислување, како овој студент, беа „забегани". Само зашто судеа според површината, а не навлегуваа во длабочината на личноста на еден човек.

Јас, брз како брз, бев студент кој не знаеше да оди полека или работите да ги врши без брзање. Расофорниот монах Виктор, кој беше на постари години, очигледно ја забележуваше секоја моја брза постапка. Кога ќе ме видеше во таква состојба, ќе ми се приближеше и ќе почнеше да ми зборува за „демонот на брзањето".

Имаше обичај вака да ми рече: „Не трчај наваму-натаму. Спасението е веднаш до тебе, во твојата ќелија..."

А имаше и случаи кога ќе налетавме еден на друг и ќе ми рече: „Спасувај се!", и ќе си продолжеше по патот.

ЛУЃЕТО ЈА БАРАЛ СВЕТОСТА, А НЕ ГРЕВОТ

Учевме за св. Ефрем Сирин кој некое време од својот живот работел во бања. Го прашав о. Лука зар не било тоа соблазна за него, на што тој ми рече дека тогаш тоа било нормално, а мажите со жените не се мешале. *„Кога често го канеле св. Јован Златоуст, а тој од скромност не сакал, тогаш тоа кажува дека било нешто нормално во тоа време“*, ни рече отец Лука.

Отец Лука продолжи да ни раскажува како луѓето во Русија влегувале целосно без облека дури и во изворот на св. Серафим, не срамејќи се од тоа. А отец Кипријан му раскажувал дека во Ерусалим, во реката Јордан, до почетокот на дваесеттиот век луѓето, исто така, влегувале во водата без облека. Овде отец Кипријан му кажал една интересна работа: „Затоа што во тие извори луѓето ја бараа светоста, а не гревот.“ Тие не гледале за да се соблазнуваат, туку доаѓале за друга работа, за светост.

Понатаму ни го рече следново: „Отец Кипријан помина доста време во Сан Франциско затоа што ја фрескописаше катедралната црква во овој град. За време на геј- парадата, која секоја година се одржува во тој град, отец Кипријан поминал со автомобил во градот и му рекол на возачот: ’Ги видов демоните како летаат над парадата‘.“

МАРКАНТЕН СВЕТИТЕЛ

Учејќи ги Светите Отци, имав едно прашање кое ме одведе до животот на св. Јован Шангајски и Санфрациски, а отец Лука почна да ни го раскажува следново:

„Свети Јован Шангајски беше почитуван како светител веднаш по својата смрт. Се сеќавам, овде, луѓе често закажуваа панихида кон него за да го молат за своите нужди. Додека св. Јован беше во Франција, наутро ќе ја исчешлаше косата и кога ќе заминеше од куќата, жената, која се грижеше за домот, не ја фрлаше косата кога го чистеше чешелот, туку ја собираше во ќеса зашто ја познаваше светоста на св. Јован. Некако, дел од таа коса дојде до рацете на митрополитот Иларион, кога беше монах овде, во Џорданвил. Владиката, тогаш монах Иларион, пишуваше за животот и чудата на св. Јован и текстот го умножуваше наоколу. Дури и ќе направеше фотографии од св. Јован и ќе залепеше малку коса на нив, па ги испраќаше на луѓе. Од истата коса почна да се шири благоухание. Ќелиите ни беа на четврти кат една наспроти друга. Кога ќе ја отвореше неговата ќелија, се чуствуваше тоа благоухание, и кога и да бев кај него и ќе ја отвореше ќесата со косата, буквално благоухаеше.

Луѓето наоколу беа свесни за светоста на св. Јован, и покрај тоа што некои не го сакаа. Тој е маркантен (извонреден) светител. Мислам дека е голем светител не само на 20. век туку и низ историјата.

40 ГОДИНИ

На еден од часовите по Патрологија зборувавме за животот на св. Пахомиј, како и за монашкиот живот што тој го организирал. Опфаќавме работи поврзани со духовниот живот, односно, борбата која секој еден од нас треба да ја води, а за тоа, нормално, потребно е многу време. Не можеме прекуноќ да се научиме да бидеме смирени или трпеливи. Треба да се трудиме, и тоа да го чиниме константно. За да биде ова поразбирливо, ни даде пример од своето монашко искуство, од своите почетоци во Јорданвил.

„На почетокот кога дојдов во манастирот, стоевме пред трпезаријата, а во тоа време, владиката Аверкиј, со неговата бела коса и брада, така тивко и смирено слегуваше надолу по скалите. Тогаш му реков на еден од монасите кој беше со мене: „Гледаш колку смирено чекори и се однесува?“ А тој ми рече: *„Да, но за да дојде до таква состојба, му требаа 40 години.“*

Со ова сакаше да каже дека за да дојдеме до некое духовно ниво, треба да се подвизуваме низ сиот живот за да стекнеме барем малку духовно искуство.

МОНАХОТ ГЕРОТИЈ

(опширното житие на св. Евстатиј)

Денеска е 3. октомври, празник на светиот маченик Евстатиј Плакидиски. На вечерата, отец Лука ни го раскажа следниов настан. Одамна, пред повеќе од дваесетина години, додека отец Лука бил искушеник, во Светотроитскиот манастир живеел еден јеромонах по име Героти. Секојпат кога овој отец ќе го слушнел житието на светиот маченик Евстатиј, плачел. Тогаш, отец Лука, сè уште искушеник, прашал некој од монасите зошто отец Героти плаче. Монасите му одговориле дека семејството на овој јеромонах, поточно, неговата жена и деца биле убиени од комунистите во Русија. Можно е тоа да се случило пред неговите очи. Него го однеле во логор каде што од мачење му ги скршиле ребрата од двете страни. Од сиот тој притисок од комунистите, истиот отец Героти бил нетрпелив и понекогаш нервен. Кога дошол во манастирот, станал јеромонах. Затоа секојпат кога ќе го слушнел ова житие, го потсетувало на она што се случило со него и со неговото семејство. Кога отец Героти се упокоил, секој од монасите си зел по нешто од неговата ќелија за спомен. Таму така прават кога ќе се упокои некој од монасите. Архимандрит Кипријан зел една стара, дрвена, исцрнета икона. На четириесеттиот ден од упокојувањето на јеромонахот, иконата што ја зел отец Кипријан се обновила, односно, самата се исчистила и се гледал ликот на Христа. Отец Кипријан го известил владиката за овој настан, на што тој му рекол да отидат во храмот и да отслужат молебен пред иконата.

На четириесеттиот ден иконата била чудесно исчистена.



МОНАХОТ НЕ СЕ СПАСУВА СПОРЕД НАСТРОЕНИЕТО

Еднаш во неделата, во среда, во монашката зграда, отец Лука организира духовно читање на англиски јазик од различни Свети Отци. Денеска отидов за прв пат. Она што ми остана во глава беше следново: при крајот, отец Лука зборуваше за поучување, односно, дека не е секогаш полесно да ги поучуваме другите. Патем продолжи дека има луѓе и монаси кои ќе сретнат луѓе и веднаш почнуваат со проповед. Така, кога тој дошол во манастирот да биде искушеник, очекувал да слушне од другите духовници некоја поука и во нив да види големи отшелници. Кога бил со некој од отците, тие зборувале за тоа какво било времето тој ден, дали дозреало класјето, дали требало да се молзат кравите и сл. „Тогаш си велев: 'Зошто зборуваат само за тоа?'", ни говореше отец Лука. Размислував во себе дека наместо да поучуваат, овде нема духовност, а всушност, се покажа обратно. Многу подоцна сфатив дека не треба да му проповедаш на некој кој е нов, туку треба време за да си дојдат нештата на своето место. Секако, ако имав некое специфично прашање, ќе прашав и ќе ми кажеа, но за време на секојдневните работи немаше секогаш потреба да се зборува за други работи. На пример, кога правиш торта, фокусирај се на рецептот и работи, а не проповедај. Има време кога ќе треба да се проповеда. Во тој момент прави го она што треба да го правиш.

Или, пак, во една прилика, кога времето надвор не беше убаво, и јас му реков нешто слично на еден постар монах: „Вакво време ми го расипува расположението", а тој ми одговори: „Монах не спасаетсја настроенијами [41]." Расположението не прави никаква разлика кога станува збор за спасението.

41 *Монахот не се спасува според настроението.*

НА КОЈ НАЧИН?

Отец Лука ни говореше дека секој монах дошол овде од различни причини. Кога учевме за св. Касијан, тој го цитираше овој патристички отец на раната црква и напиша: A man leaves (denies) the world from three reasons: for God, from the world or out of necessity[42].

Додека отец Лука работел во иконописната работилница, покојниот архимандрит Кипријан дошол да го види и патем отвориле разговор за монаштвото и за тој возвишен подвиг. Отец Кипријан му рекол на отец Лука: *„Ние сме многу далеку од тоа идеално монаштво* (височината на монаштвото). Ние зедовме на себе ангелски образ и се надеваме еден ден да дојдеме до тој степен. Ние стануваме монаси, но откако ќе станеме, растеме во монаштвото, се развиваме...“ Бог бара од нас да ја трениираме нашата слободна волја. На кој начин? Мистерија е. Треба да биде со поврзаност, со однос. Човекот има врска со Бога и треба да ја развива, како што тоа го правиме со нашите пријателства.



42 Човекот се откажува од светот поради три причини: за Бога, од светот или од потреба.

ТАА ЉУБОВ ГИ ОДНЕСЕ ОНАМУ, ВО ПУСТИНАТА

Овој светител, св. Нил, живеел помеѓу четвртиот и петтиот век. Родум бил од великиот град Константинопол. Во својот живот бил оженет и имал две деца. Подоцна, со заемна согласност меѓу него и жена му, се разделиле и тој заминал со својот син Феодул на Синајската Гора, а неговата жена, со нивната ќерка, некаде во Египет. Вака започнал нивниот живот предан на Христа. Во својот живот, св. Нил го познавал Јован Златоуст и бил негов ученик. Кога св. Јован бил прогонет од својата катедра и испратен далеку од Константинопол, св. Нил ревносно го заштитувал како што умеел.

Додека тихувале на Синај, св. Нил живеел голем подвижнички живот при што, исто така, бил и напаѓан од злочестивите демони. Самиот тој пишува за ова. Во пустината поминал шеесет години, во пост и молитва.

Еден ден, на Синај дошле Сарацените и ги заробиле него и неговиот син и сакале да го принесат син му како жртва на паганските богови. За да го сторат тоа, чинот требало да се случи наутро, пред да изгрее сонцето. По Божја промисла, тие преспале, а сонцето веќе ја осветлувало земјата, па не го жртвувале. Ова било чудо со кое Бог го заштитил. По ова, го продале како роб и бил купен од некој епископ. Веројатно епископот видел дека е монах и за да го избави од робовладетелските раце на продавачите, го купил. Подоцна, татко му, св. Нил, го пронашол својот син, а епископот бил импресиониран од монашките подвизи на обајца, и св. Нил бил ракоположен во свештенички чин.

Имало еден настан кога била изградена нова црква и требало да се украси со крстови и орнаменти. Во тоа време, повеќето од храмовите биле украсувани со крстови на сите страни, при што св. Нил ги поучувал дека еден крст на средината е доволно, а од страна да се насликаат образите на светиите. Тој се залагал и пишувал за ова во своите текстови. Дел од неговите записи биле користени како основа за одбрана на светите икони на Седмиот вселенски собор во Никеја.

Во негово време, се појавило ново движење – столпништвото. За луѓето тоа било нешто сосема ново, и многумина не го оправдувале. Понекогаш било потребно и чуда да се случат за да се потврди дека тој подвиг е благословен. На почетокот св. Нил не го оправдувал ова, туку во своите пишувања говорел дека тоа е превознесување и барање човечка слава. Па така, ги советувал оние, кои тежнееле кон таков подвиг, да слезат долу од

столбот и да го живеат животот како другите (You need to flee the world in order to begin godly life)[43].

Нашиот игумен и професор, отец Лука, како и секогаш, не оставаше да помине часот, а да не раскаже некој настан, кој се случил во Џорданвил, со старите, денес упокоени монаси. Еве ги неговите зборови:

„На почетокот кога дојдов во манастирот, ако некој од монасите сакаше да земе на себе поголем подвиг, постарите монаси веднаш го 'сечеа'. Тоа не беше затоа што тие беа којзнае колку свети или подвижници. Не, не стануваше збор за тоа. Тие монаси, кои веќе со години беа монаси, знаеја колку опасно може да биде тоа за оние кои не се подготвени – сакаат нешто повеќе, а не можат да го носат. Тие видоа дека тоа беше многу, премногу опасно. Тоа не беше за нас. *'Треба да бидеме многу внимателни'*, ќе речеа овие отци, *'зашто ако не внимаваме, ќе се побркаме и ќе паднеме во прелест*. Најважно е тоа што ги признаваме своите гревови, се каеме за нив, се стремиме да живееме духовен живот, и тоа ќе биде доволно за да нè спаси. Да не се правиме сосила отшелници.' А, пак, еднаш зборував со о. Кипријан за отшелниците и нивниот подвид, каде што му зборував како тие пустински подвижници се подвизувале и за нивниот голем подвиг, и тој ме пресече со зборовите: *'Да, но веројатно они многу го љубеа Бога. Таа љубов ги однесе онаму, во пустината'*."

„Исто така", продолжи отец Лука, „еднаш отидов кај о. Кипријан со лист во раката и му реков:'Еве, види што вели св. Нил овде', а тој ќе ми речеше: 'Смотан, ти св. Нил ли си? Зошто се обидуваш да го следиш на тој начин? Почни одоздола, од основното. Ти не можеш да се споредуваш со него. Тој беше многу повисоко од тебе.' Тогаш си мислев дека овие монаси не знаат ништо, но подоцна, и денес, разбирам зошто така ми рече. Затоа општожителниот живот е полезен, зашто не си сам, живееш со други браќа и ако нешто почнеш неправилно да правиш, другите ќе го забележат тоа и ќе те поправат.

43 Треба да избегаш од светот за да започнеш живот во Бога.

ТЕ МОЛАМ, ДАЈ МИ ГО ИМЕТО АНА!

Денес православната црква го празнува споменот на светите Јоаким и Ана, родителите на Пресвета Богородица.

На овој ден, за време на ручекот во манастирот, отец Лука ни раскажа еден настан кој се случил на Света Гора. Ова ни го рече: „Во еден манастир на Света Гора се наоѓа еден скит каде што има мошти од света Ана, мајката на Богородица. Делот од светите мошти што го имаат е големо парче од нејзините стапала. Во тој скит живеел еден обичен прост искушеник кој многу ја сакал и ја почитувал св. Ана. Истиот искушеник секој ден ѝ се молел на св. Ана и ги целивал нејзините свети мошти. Кога дошло времето да го замонашат, искушеникот го молел игуменот со зборовите: 'Те молам, дај ми го името Ана.' Тој искушеник толку многу ја сакал св. Ана што дури и барал од игуменот да му го даде името Ана, во нејзина чест. Монасите биле многу трогнати од неговите зборови, па за време на неговиот потстриг, игуменот му го дал името Јоаким."

ЧАСОВИ

Имавме час по Пастирско богословие со отец Григориј. Читавме текст во кој се зборуваше за оние кои се болни од разни болести и како Црквата треба да постапи со оние кои се ментално, а и духовно болни. Отец Григориј Науменко беше свештеник во градот Рочестер, во Њујорк, на два и пол часа од Џорданвил, и уште како мал многупати доаѓал во манастирот каде што бил summer boy[44].

Патем, некако дојдовме до темата за изгонување демон од некој кој е опседнат. Го прашав отец Григориј: „Во Вашиот живот како свештеник дали сте имале случај на егзорцизам?“ Тој ми рече дека за тоа треба посебен благослов од надлежниот архиереј. Исто така, тој свештеник треба да биде чист, односно, да живее побожен живот зашто може да се случи изгонувајќи го демонот од оној кој е опседнат, да влезе во самиот него.

Понатаму ни рече: „Јас немам направено такво нешто, но ќе ви раскажам нешто што ми се има случено. Имаше една млада девојка која беше оддадена на наркотици и слушаше рок-музика. Не живееше со својата мајка додека беше оддадена на таков живот. По некое време се пресели да живее со мајка си. Пред тоа беше навлезена во лошо друштво, и лукавиот ја имаше во свои раце. Откако се пресели кај својата мајка, навечер имаше напади. Во нејзината соба, на ѕидот имаше место како дупка. Додека спиеше, нешто ќе излезеше од таму – според кажувањето на мајка ѝ – и ќе почнеше да ја дави. Таа ќе почнеше да вика по мајка ѝ, и таа ќе дојдеше и ќе ја попрскаше собата со света вода. Мајка ѝ ме замоли да дојдам и да го осветам домот. Исто така, во вакви ситуации во Требникот има посебни молитви за истерување демони. Не сакав да одам веднаш. Почекав до недела зашто сакав прво да служам Божествена Литургија и да се причестам. Во попладневните часови се подготвив да одам. Знаете дека секогаш со мене носам куфер. Дома зедов света вода, свето Евангелие, крст и сè што е потребно за тој чин и ги ставив во мал куфер. Пред да тргнам, очекував да ми се случи нешто по патот или да доживеам сообраќајка. Но не се случи тоа, туку друго нешто друго. Кога излегував од дома, на вратата ми се скина рачката од куферот, и светите работи, кои беа во него, паднаа наземи. Ги собрав, куферчето го зедов под пазуви и отидов во нивниот дом. Таму го извршив обредот за истерување лоши духови од дом и попрскав насекаде во домот. По ова, имаше резултат. Мајката на младата девојка ми кажа дека нападите на ќерка ѝ во домот престанале.“ Со овој пример отец Григориј сакаше да каже дека додека

44 Учесник на летен камп за деца.

свештеникот се подготвува за вакви дела, лукавиот ќе најде илјада причини за да го спречи.

Во 4-ти курс, во кон крајот на вториот семестар (29. април 2014), на часот по Пастирско богословие дискутиравме за бебињата кои се раѓаат мртви или како суштества кои не личат на човечко суштество. Причината за таквиот исход е во тоа што тие родители користеле наркотици и сл. и како резултат на тоа се раѓаат такви бебиња. Значи, не зборуваме за нормални бебиња, туку за оние кои не личат на човечко суштество. Истите тие умираат набрзо по раѓањето.

Во животното свештенодејствување, свештеникот ќе треба да биде подготвен да се соочи со многу непријатни ситуации. Тој секогаш треба да најде начин како да им одговори на своите верни.

Според каноните, тие бебиња не се крштеваат. Свештеникот треба да најде начин како да им објасни на родителите, што не е лесно.

Отец Григориј ни кажа дека кога владиката Виталиј, блаженоупокоениот митрополит на Руската задгранична црква, барал решенија за вакви ситуации или кога ќе го прашале некои прашања на кои било тешко да се одговори, тогаш тој ќе почнел во себе да ја кажува Исусовата молитва за да го води Господ во неговите одговори. Затоа што има моменти кога е тешко да се одговори.

Лично мислење на митрополит Филарет за донирање органи: можеш да дониираш орган, но само не срцето. Тоа е граница, да не биде повеќе од тоа.

Во годините кога отец Лука бил млад и бил искушеник во Џорданвил, бил заедно со еден од јеромонасите, о. Флор, и видел еден од постарите монаси кој речиси едвај се движел. Тогаш о. Флор му рекол на о. Лука: „Доста е за него со послушанија. И онака едвај се движи. Било кој од монасите, па и да е архимандрит, ако е пред крајот на својот живот, за таквите доста е работа. Тие треба секој ден да одат во црква на богослужениja и да се подготвуваат за вечен живот. Нека мислат само на духовноста.“

Понатаму о. Лука продолжи да ни зборува: „Кога о. Флор ми го кажа ова, си реков: ’Хм, интересно е ова што ми го кажа‘.“

За време на часот, о. Лука ни зборуваше колку е важно да почнеме да се подготвуваме за својата смрт преку духовниот живот. Така, додаде уште еден настан со еден свештеник по име о. Василил Науменко. Неговата матушка се упокоила, и тој одлучил да го помине остатокот од својот живот во Светотроитскиот манастир.

Бил во постари години од својот живот. Во манастирот дошле неколку жени паломници. Веројатно тоа било во еден од викендите. Отец

Василиј ги исповедал. Откако завршил, го слекол епитрахилот и излегол од исповедалницата, паднал наземи и се упокоил.

Владиката Виталиј секогаш велел: „Никогаш не делете ја Семинаријата[45] од манастирот. Сè додека Семинаријата е под закрила на манастирот, заштитена е.“ Со ова отец Лука сакаше да каже дека колку што важно она што се учи, исто толку е важно да се применува тоа на дела. На кој начин? Семинаријата е дел од манастирот, и студентите имаат послушанија, одат на служби, се молат со монасите, јадат во иста трпезарија. Овде отец Лука истакна уште нешто: „Но да не се дозволи учењето да надвладее во духовниот живот.“

И уште:

„The internet gives impression of rich style. Most of people who grew up with the internet, are under that impression and are more materalistics. We function only on theoritical and people today follow the Gospel in such way. The idea of studying is because it gives you a better job.[46]“

Христос самиот велеше да не се грижиме за ништо. Гледај ги цветовите и созданието.

45 Богословски факултет.

46 „Интернетот остава впечаток на богат стил. Повеќето луѓе кои пораснале со интернет се под таков впечаток и се повеќе материјалисти. Ние функционираме само теориски и луѓето денес така го следат Евангелието. Основната идеја за образованието е да ти даде подобра работа“.

ИЗВАЛКАНА УБАВИНА

Отец Лука многу мудро ги следи сите работи и мудро ги расудува нештата. На пример, ќе почне да зборува за естетика и за тоа како денес нејзиното значење е извртено и како е разбрана во погрешна смисла. Концептот на убавината е извртен. Ни раскажуваше како Светите Отци многу добро го дефинирале значењето на зборот „трезвение": да не се оди од една крајност во друга. На пример, кога ни зборуваше за свети Исак Отшелник, ни кажа дека тој го поседувал дарот на солзите. Во исто време тој голем подвижник ќе додадел дека сѐ што е прекумерно, од демонот е. Денес, за жал, на луѓето им омилеа будалштините и работите кои не го подобруваат општеството.

Денеска тој ни даде еден многу добар пример преку еден настан кој го видел на интернет во видеоформа. Имено, сопругата на Обама, која ја носи титулата прва дама, била вклучена во некој проект за здрава исхрана. Пред некој ден, се појавило видео каде што таа држи репка во рацете и игра. Значи дојде време прва дама да се појавува во јавност како игра со репка во рацете. Од друга страна, пак, во шеесеттите години, кога отец Лука имал 10 години (но многу убаво се сеќава на тоа), за време на претседателствувањето на Кенеди, во Белата куќа се одржал мал концерт на познат музичар. Сите биле кој од кој поубаво облечени. Тогаш, за време на концертот, музичарот ѝ пристапил на првата дама и ѝ ја целивал раката. Во тоа време таква била традицијата. Понатаму, имало нешто како кратка ТВ-емисија во која сопругата на американскиот претседател Кенеди води тура, односно „ги води" гледачите низ Белата куќа при што подробно објаснува некои работи. Е сега, гледајте ја споредбата: госпоѓа Кенеди со госпоѓа Обама која игра со репка. И згора на сѐ, имаше толку многу позитивни „лајкови" зашто на луѓето многу им се допадна тоа. Еве до каде оди менталитетот на луѓето. Традицијата, која беше некогаш, веќе ја нема. Денес, на луѓето им омиле она кое ги засмејува, тоа им е занимливо.

ПРИКАЗНАТА СО ВИНАТА

По теолошката диплома, се преселив во централна Калифорнија, крај океанот, во малото гратче Кармел, и во следните три години зедов две Associate degrees[47] и два сертификата. Едниот од нив е за вината. Не е само да се седне и да се напие човек чашка црвено или бело вино. Секое шише вино, нова историја во него: местото каде што грозјето никнало, климата во тој дел од светот, рацете кои го береле, рацете на оние коишто ги направиле буриња, оние кои го ферментирале и го направиле да биде вино. Понатаму, концептот на јадење одредена храна со одредено вино, кој е важно да се има на ум, и така натаму. Има многу да се зборува за ова, но овде сакам да нагласам дека кога дојдов во Калифорнија, ништо од ова не знаев. Како што вели нашиот народ, бев „тутурутка".

Вака почна мојата приказна со винаta:

Кога дојдов во Калифорнија и почнав да работам во светот на гостопримството (Hospitality Management), немав поим за винаta. Фајсал, со кој живеев во куќата која во тоа време ја изнајмуваше, имаше многу шишиња вино во неговата гаража и еднаш ми рече: „Ако ти треба некое шише вино, слези долу и земи си." Еден ден готвев лосос и сакав да користам црвено вино. Често сакам да пробувам нови нешта, и сега сакав да зготвам лосос, портокалово-црвена риба, со црвено вино. Отидов до гаражата и токму тогаш, од сите вина кои беа долу, имаше само неколку во дрвени кутии. Другите беа однесени во ресторанот или на некое друго место. Отворив една дрвена кутија и во неа имаше четири шишиња вино од регионот Напа, а производството на тоа специфично вино се вика Opus One кое и чини 400 долари. Јас како јас, го употребив за мојата риба. Фајсал дојде дома за да руча. Многу му се бендиса рибата и ме праша: „Каков вид вино користеше? Рибата е неверојатна." Од радост дека ручекот е вкусен, отидов во кујната и се вратив со шишето во рака. Кога го виде шишето, Фајсал ми рече: „Брат, ова е вино од 400 долари!" Се запрепастив. Насмевката на моето лице исчезна. Едноставно се стаписав и не знаев што да изустам. Воопшто не ми наплати, но јас, засрамен, ја научив лекцијата.

47 Стручни дипломи од вонредно образование.

ЉУБОВТА КОЈА БОЛИ

Што е животот? Сенка ли е? Сон или реалност е? Во каков свет живеам и што живеам? Знам дека кога Те имам Тебе, имам сè. Ми се чини дека не можам повеќе да ги носам тежненијата. Дали се годините, околината на која сум изложен или нешто друго? Ти го знаеш тоа. Од реалноста навистина нема бегање. И до крајот на светот да отидам, таа и таму ќе биде затоа што е во срцето. Од каде е таа ревност и тој пад во исто време?

Понекогаш мислам дека сакам со главата да поминам низ ѕид. Патот ти отворај го зашто јас веќе онемоштувам. Тешко е да се зачува чистотата на душата во овој свет. Не велам дека е невозможно, но мене ми недостига малку повеќе сила. Досега се трудев да ја задржам затворена вратата на искушенијата, ама таа почна да се отвора. На двајца господари не се служи во исто време. И тоа многу добро го знам. Ти си Господарот на кој жеднеам да Му служам. Никогаш не сум сакал битија со две лица и нема да дозволам да станам таков. Она од кое се плашам е да не се случи да му служам на другиот господар. Беззаконија сум имал, имам и знам дека ќе имам додека да издивнам. Ако не можам да ги победам, Ти најди начин како да се справувам со нив. Кога мислам дека некои од нив сум ги надминал, тогаш гледам колку сум паднал во нив. Речено е: „Страшно е да се падне во рацете на Живиот Бог." Јас ќе додадам уште и страшно е да се падне во беззаконијата. Тие ја надвишија главата моја и ме притиснаа. Каде и кога е крајот? Еден ден, кога ќе ме нема, еве, нека стои ова напишано за борбата за која, Те молам, да ми испратиш сила. Немоштен сум.

Ти си Тој преку кој е сè. Јас сум оној кој преку Тебе сè уште битисувам. Се надевам нема да ме презреш во оној Страшен Ден. Најмногу се плашам од ветувањата во кои постојано и секој пат преку исповедта потврдувам дека нема да чинам беззаконија, ама, ете, гледај, пак си терам по старо. Пак се враќам во калта и се валкам. Каков ужас! Зар мојата слободна волја е послаба од делата на беззаконијата? Во тоа не верувам зашто волјата може сè да победи. Кога уште многу одамна, од мали години, Те возљубив, се трудев мојата волја да ја следи Твојата, зар сега ќе се откажувам? Не сакам и се плашам да не го сторам тоа. Се плашам зашто во беззаконијата нема вечна наслада, нема вечно блаженство. Јас го барам спротивното. Ги барам Крепоста, Силата, и Утврдението.

Не дозволувај материјалните грижи да ме разделат од Тебе. Каде ми е верата? Каде ми е љубовта кон Тебе? Каде сум јас?

Сите нас нè движи љубовта кон Тебе, сите се стремиме кон Тебе. Времињата, секако, се различни, но нашата љубов кон Тебе е неменлива. Таа се појавува покрај сите наши неволји, покрај сите надворешни околности.

Почитуван пријателе Стојанче,

Ми го прочитаа твоето писание, зашто јас со видот сум слаб. Со внимание го ислушав. Ме повлече пишаното, доживеаното, одболедуваното. Искрено ова ти го кажувам и го запишувам. Господ ти го одредил патот. Тоа е Божјиот пат. По него оди. Писанието ти е искрено и читко, ќе биде поучение за читателите, посебно за оние помладите, тие со Божјата дарба каков што си ти. Разбрав оти животниот пат ти бил исклучиво тежок. Тоа е и благослов и проклетство. Благослов зашто тежината на патот е Божји избор, ука одбрана, но не за секого. Проклетство тоа е благодат со Божјиот пат... Разбрав дека си имал многу искушенија, но си бил храбар, достоинствен и упорен, но и одбран сето тоа да го надминеш. Тоа е тој благослов со кој СЕВИШНИОТ те благословил. Продолжи го патот по кој си тргнал. Писанието твое е дел од тој пат, твој белег и твоја благодарност. Тоа си ти исто како и во твоите претходни книги, во поезијата; искрен, сериозен и посветен на Бога, со богато душевно живеење зошто само таква личност може да напише таква книга.

А исто така многу е тешко да се совладува зборот, во тоа ти успеа, тоа е несомнено Божја дарба. Еден писател рекол „Вредна е онаа книга од која ќе ве допре само една реченица, една мудра порака". Кај тебе тоа го има многу повеќе од една реченица. Нека ти е благословен патот Божји. Мене годините и времето ме навјасаа и во молк ме испраќаат, молкот ќе ми биде знакот на моето постоење. Од мене честитки за создаденото и оставеното од тебе.

Михаил Ренџов

РАЗМИСЛУВАЊЕ ЗА ТРУДОТ НА СТОЈАНЧЕ АНДОВ

Животот на секој од нас има своја врвица, а кој и како ќе го помине животниот пат зависи од секој од нас. Општо прифатено е мислењето дека детските години го определуваат нашиот живот, но овој труд зборува нешто друго.

Човек кој имал исклучително тежок детски период, се преобратило со верба во Господа во сериозна индивидуа која има сопствена цел, но и желба да помогне на сите оние кои имаат потреба од добар збор и верба во сопствената сила.

Книгата која е пред нас е еден исклучителен животопис, кој нема да ве остави рамнодушни. Од другуга страна, ова писание е најдобар показател дека имањето на верба во Господа има исклучителна сила во надминувањето на сите пречки кои се испречуваат пред секој од нас во текот на животот.

Трудот е поделен во пет дела и тоа:

I дел - Житејское море

II дел - Пресветата Мајка наша Богородица

III дел - Свети Јован Шангајски и Сан Франциски

IV дел – Образот на мојата душа

V дел – Лични записи и дневник на случувања

Секој од овие делови има подглави во кои авторот ги запишал своите чувства, видувања и вербата во подобро утре.

За секој читател се интересни податоци кои говорат за секојдневната човекова борба за да се постигне нешто повеќе и да се биде подобар во однос на другите. Во овој труд таков текст содржи првиот дел. Во него, авторот говори за животот на децата на Господа кои без своја вина биле згрижени во Домот за деца без родителска грижа „11 Октомври“, потоа за неговото искуство со луѓе кои му помогнале во најтешките моменти од детските и младешките години како Мама Велика, Отец Тадеј, Дедо Стефан, Отец Георгиј - грижливиот татко, новиот брат во Калифорнија и други.

Исто така, во овој дел читателот ќе се запознае со видувањата на авторот во однос на океанскиот Кармел во планинскиот Фелтон проблемот со немањето виза за САД, но и со чувството дека токму тој бил најсреќниот човек на светот со помош на Господовата волја и личната упорност на пишувачот на книгата.

Вториот дел содржи теми кои се однесуваат на Света Гора, потоа на една средба со монахот, за натаму да прочитаме за седумте чудотворни икони на Пресвета Богородица во Ватопед Света Гора, за авторовото чувство за Мајката над мајките и секако Похвала на Пресвета Богородица. Според насловите на подглавите во овој дел јасно е дека авторот е фасциниран од ликот на Пресвета Богородица и нејзината улога во неговиот раст како верник и одреден за следбеник на Господовата ука.

Тоа што може да се прочита во следните делови од книгата на Стојанче Андов се теми кои се однесуваат на одредени ликови од духовниот живот, а чии животопатешествија нему му направиле голем впечаток. Во некои од нив авторот, според неговите писанија, видел свои светли ликови чиј пример решил да го следи. Затоа, во книгата пишува и за времиња кога самиот автор се обидувал да помогне на луѓе кои биле разочарани во секојдневието. А сето тоа го прави со посочување на трнливиот пат кој и самиот го поминал, за да стигне до денот кога можел да се закити со дипломи од престижни институции, но и со многу пријателства.

Завршувајќи го ова лично видување на текстот кој го имам пред себе, ќе пишам дека ваков труд се пишува еднаш во животот, бидејќи емотивните елементи внесени во него се доживуваат и стават на хартија само во определени кревки моменти.

На Стојанче Андов му честитам за вложениот труд во оваа книга, за големината која ја достигнал за да ги излее редовите со болни спомени и, со Господова волја и помош, да се издигне над сите пречки кои му застанувале пред него.

ПРОФ. Д-Р КАТЕРИНА ТОДОРОСКА

СЛОВОЉУБЦИ НА СЛОВОТО

Почитувани словољубци и возљубени Словољупци.

Со овој мој поздрав решив духовно да Ве поттикнам да размислувате на овие два термини, исти, слични, а сепак далечни. Ако го земеме коренот на зборот слово што сепак значи збор, тогаш поздравот во првиот дел би означувал вљубеници во зборот, но вториот е малку подлабок. Словото е Едниот Господ Исус Христос, Син Божји кој е роден од Отецот пред сите векови или Светлина од Светлина, Бог Вистински од Вистинскиот Бог или уште роден, нестворен едносуштен на Отецот преку кого се станало. Словото или Второто лице од Света Троица, кој се вочовечи заради нас и нашето спасение преку домостројот за спасение на човекот и светот, дојде во светот и светот го прогони и распна заради мене, заради тебе и заради сите нас. Но не искупи, ни даде патоказ и клуч од рајските врати кои преколот нема да ги надвладее. Да не подигне нас паднатите и да ни даде достоинство поголемо дури и од ангелите. Патоказот што ни го остави е Неговото Свето Евангелие кое е наша програма и платформа за вечниот живот, Негов впишан вистинољубив и правдољубив Збор или Слово. Всушност, Евангелието е самиот Господ Исус Христос со Неговите благи и утешителни зборови и благовесни заповеди на љубовта кои допираат кај секој замнороден.

„И ако некој ги чуе зборовите Мои, и не поверува, Јас нема да го судам, оти не дојдов да му судам на светот, туку светот да го спасам. Кој што се откажува од Мене и не ги прима зборовите Мои, има Кој да го суди: Словото што го кажав, тоа ќе го осуди во последниот ден. Зашто Јас Сам од Себе не зборувам; но Отецот, Кој Ме прати, Он Ми даде заповед што да кажам и што да зборувам. И знам дека заповедта Негова е живот вечен. А она што зборувам Јас, го зборувам така, како што Ми рече Отецот." (Јован 12, 47–50)

Ова го зборувам за да дојдам до авторот на оваа книга - архиепископскиот ипоѓакон Стојанче Андов и да кажам слободно дека бил и е вљубеник на Словото, а го сакал словото. Самиот наслов „Господи ти си ми сè! " се слова исполнети со љубов кон Словото и ниеден збор не е доволен за да ја искаже неговата битна и силна трудољубивост за да Му угоди на Бога Словото. Ова мое кажување не се празни зборови со кои би му ја полнел егоистичната гордост, туку сведочење на неговиот растеж телесен и помалку духовен (за двајцата) и братско заедничарење во сите прилики и неприлики во кое не однела Божјата промисла.

Како што и доликува на едно скромно резиме од моја страна за авторот и неговото дело се само пофалните зборови. Некој можеби ќе рече: Што му требало ова на Стојанче? Некој – Многу млад, а напишал автобиографија и.т.н. Секако, ќе има разни коментари, но имајте пред очи и на ум, дека, човекот за да стане критичар треба прво да го знае убаво авторот, делото, мотивот и идејата од сите можни аспекти. Ако се бараат недостатоци – ќе ги најдете, ако барате убавини, поуки, свежина во духовната перспектива на мотото од делото на Стојанче – ќе се затрупате во нив. Авторот има еден битен двигател во неговиот карактер, а тоа е храброста и оптимизмот. Одлики кои се автохтони на православните христијани (сп. 2 Тим. 4,7). Храброста и отимизмот се носат рака под рака и тоа сето извира од надежта како добродетел. Со право Ентони Конијарис вели дека христијанинот поради Воскресението Христово е вечен оптимист и луѓето мислат дека секој православен христијанин е всушност наивен во тоа, како ги гледа работите. Во тоа е проблемот, што луѓето кои не ја вкусиле Небесната Маана или не живеат литургиски живот го мислат тоа дека верниот човек е наивен. Вистинскиот христијанин е сè, само не наивен – вели Конијарис. Светот е една џунгла од зло, омраза и лицемерие, а верниот пак гледајќи го сето тоа не гледа наивно или пак да паѓа во очајание, туку се храби и станува оптимист затоа што го познава Христа и го приврзува своето внимание, не за проблемите, туку за решението. Таков е Стојанче. Пример за сите, во тоа како одолевал на искушенијата и некогаш можеби изгледал наивен или пак му изгледа и сега на некого наивен, но тоа ви кажав не е негова одлика. Со својата храброст и оптимизам и преку делото негово сега нам ни дава храброст и оптимизам, читајќи ги неговите духовни падови и подигања како да пристапиме и ние со храброст и оптимизам на нашите погледи на џунглите околу нас и да не заборавиме дека секојдневната молитва ни е: „да биде Твоја волја, како на небесата така и на земјата“.

Книгата што е пред вас, не е книга туку е патопис исполнет со искушенија и радости, тегоби и веселби, падови и подигања, распетие и Воскресение. Еден дел од делот на животот на овој ревносен и полн со надежи - човек.

Кога ги добив текствовите ги поделив во три групи, во првиот дел или првата група отфрливме 4 текста, затоа што неколку беа идентични со настаните, а другите беа многу тажни и болни за читање, за кои го советував дека треба да останат во него и да ги закопа длабоко во порите на неговото

битие па потоа да ги прекрие со љубов. Ме послуша и многу се радувам на тоа. „Житејское море“ е насловот што ми дојде прв на памет и Стојанче го одобри. Гледајќи го морето разбранувано од бура се почетните зборови на Икосот од еден канон на светиот Јован Дамаскин, во кој се мисли на нашиот живот полн со искушенија, затоа се вели: морето на животот разбранувано од бурите на искушенијата - во кој се моли Пресвета Богородица да биде тивко пристаниште за прибежиште на нашиот живот и наше застапништво и поткрепа.

Вториот дел се вика „Пресвета Мајка наша Богородица“ во кој се опишани многу настани од неговиот живот и тоа: патувањето во Света Гора, чудата на Иверско - Хавајската икона и други моменти кои Стојанче ги доживува посебно имајќи ја на ум неговата љубов кој Небесната наша Мајка и Царица која е преголема.

Третиот дел е посветен на „Светиот Јован Шангајски и Санфрациски“. Книгата за овој светител ни беше лектира во Богословијата и Стојанче толку го возљуби овој светител што буквално копнееше да се поклони на неговото тело кое се наоѓа во Сан Франциско во САД. Ние како негови собраќа во Богословијата, не го сфаќавме сериозно неговото кажување, дека сака да биде поблиску до него, но Ви велам дека тој што бара добива и на тој што чука му се отвора (сп. Матеј, 7,7). Бев против делот на Свети Јован Шангајски да биде во оваа книга, сакав да биде посебна, но Стојанче инсистираше. Сметав дека заслужува засебна книга, зашто знам каков труд посветил, посебно на овој дел да ги пронајде сите сведоштва и живи луѓе кои биле во контакт со Светиот Владика. Но се надевам дека сеуште ќе трага и ќе пронајде и нови чуда и нови моменти од животот на Свети Јован и ќе не почести со ново дело.

Четвртиот дел е еден вид јавна исповед затоа се вика: „Образот на мојата душа“ и тука не сакам да коментирам ништо, бидејќи тоа се моменти и случувања кои се само исфрлени на хартија за поука на сите нас и превирања од дното на темнината на неговата душа, до висината на образот што го носиме кој е образ Христов.

Петтиот дел е еден од најубавите и најинтересните се вика: „Лични записи“. Стојанче секогаш пишувал дневник, секој ден. Секогаш, без пропуст. Тоа му беше како молитвено правило. Беше толку искрен, а ние секогаш му го земавме да прочитаме што напишал, зашто секое негово негодување, нервоза па и радосни моменти ги ставаше во дневникот кој му беше една тетратка од А4 формат. Ја криеше секогаш. Кога излегување

во Скопје на излез од Богословијата ја носеше со себе и верувајте, ако не беше таа тетратка можеби немаше да има и други подоцнежни тетратки, а немаше да ја има и оваа книга.

За на крај на сите што ја држите в рака оваа книга, се надевам дека продревте во душата на Стојанче и во неговиот живот кој можеби е испреплетен со многу случувања, но не заборавајте дека овој човек е толку многу храбар што никогаш не се срами, а напати и сам се изобличува а тоа е свеста на покајанието. Да беше ова книга напишана во еден временски интервал никогаш немаше да биде толку добра, таа е пишувана настан по настан и момент по момент, затоа е толку убава и искрена. Се надевам дека научивме сите што е покајание, љубов, вера и надеж. Што значи да си истраен и трпелив и што значи да се бориш со животот и да успееш да се радуваш.

Кога ќе ја читате книгата можеби ќе дојдете до моменти кои се малку тажни од животот на овој мој брат Стојанче и ќе речете дека ова дете всушност од мали години се соочувал со искушенија, но Ве молам, како Вам така и него никогаш не осудувајте никого, зашто „Ветрот дува каде што сака и гласот негов го слушаш, но не знаеш од каде иде и на каде оди“ (Јован 3,8). Размислувајте ги настаните и зборовите од Евангелието: „Кога одеше, виде еден слеп човек од неговото раѓање. Учениците Негови Го прашаа и рекоа: ‚Рави, кој згрешил? – тој или родителите негови, та се родил слеп?’ Исус им одговори: ‚Ни тој, ниту родителите негови згрешиле, туку за да се јават делата Божји врз него‘“ (Јован 9, 1-3).

Ова прекрасно дело на младиот и убав Стојанче Андов, кое е корисно, поучно и вистинољубиво за читање, го препорачувам на сите читатели, почитувачи на словото за да станат вљубеници на Словото.

Се надевам дека овие зборови нема да бидат за гордост и „живеење на стара слава“ на авторот во иднина, туку ќе бидат поттик за нови трудови и дела. „Никој нека не ја презира твојата младост, туку на верните да им служиш како пример во словото, животот, љубовта,духот, верата и чистотата“ (1 Тим. 4,12).

ЕРЕЈ ЕМИЛИЈАН ЗЕЛНИЧКИ

БИОГРАФИЈА НА АВТОРОТ

Стојанче Андов е роден на 04.03.1991 година во Кочани, Република Македонија. По промисла Божја на возраст од 12 години, се преселува во Скопје како штитеник на детскиот дом „11ти Октомври", па затоа своето основно образование го завршува во главниот град. Со доаѓањето во Скопје, во него се раѓа љубовта кон Црквата Христова и неискажлив копнеж кон Господа. Започнува да оди на литургии секоја недела. Така се запознава со црковниот живот и почнува да ја живее верата Православна. Затоа подоцна ќе рече: *Верата во Бога ми беше сè*. Уште при првиот чекор во Светата Црква, активно посетува часови по веронаука во Соборниот храм „Св. Климент Охридски", станувајќи дел од секојдневното живеење на Црквата.

Настапува на многу духовни академии, претставувајќи ја својата црковна заедница. Како дете, кое во тие години ревносно се надоградува во верата, го запознава Неговото Блаженство, Архиепископот г.г. Стефан, и почнува да расте заштитен под неговиот омофор. Со негов благослов се запишува во средното богословско училиште „Св. Климент Охридски". На само тринаесет години е ракопроизведен за чтец, токму од светата десница на Неговото Блаженство. Во 2007 година ја издава својата прва книга - духовна поезија *„Ќе те славам вечно Господи"*, а една година подоцна, неговата втора поетска збирка *„Му верувам"*. Во 2010 година го завршува своето образование во Богословијата, а како печат на тоа ја издава неговата трета поетска збирка, *„Реки Вавилонски"*, која подоцна, во 2013 година, доживува второ издание.

Андов, како млад поет, е препознатлив по тоа што искуствата и доживувањата од својот христијански живот, мошне умешно ги облекува со поетско слово. На тој начин, тој со дерзновение, смело, навлегува во моќта на духовната поезија, која најчесто претставува можеби и единствен начин, да се изрази и пренесе допирот со недопирливото и неопишливото.

Во 2010 година, Стојанче, со благослов на Неговото Блаженство заминува на студии во САД на Теолошкиот факлутет при манастирот Света Троица во Џорданвил - Њујорк. Летото, 29 Август 2013 година е ракопроизведен за ипоѓакон во манастирот свети Јоаким Осоговски, повторно од десницата на Неговото Блаженство. Во 2015 година дипломира на Теолошкиот факлутет во Њујорк, по што шест месеци живее во манастирот на Свети Сава Освештен во Детроит. Неговото срце од секогаш копнешее кон Сан Франциско заради неговата преголема љубов кон Свети Јован Шангајски и Сан Франциски. По чудесната Божја промисла, со вера во Предвечната Троица заминува за Калифорнија, во малиот океански град Кармел, на два часа јужно од Сан Франциско. Така се исполнија зборовите на неговото срце: *Ако живеам во САД, сакам тоа да биде во Калифорнија за да бидам поблиску до Свети Јован*. Земајќи го тоа како личен подвиг со Божја помош, Стојанче еднаш во месецот го посетува Катедралниот храм на Мајката Божја - Радост на сите нажалени во Сан Франциско, каде што почиваат нетлените мошти на свети Јован.

Во петте години поминати во Кармел, Стојанче, го надоградува своето лично образование. Така во рок од три години добива две дипломи и еден сертификат: Соработник во науката на гостопримството - управување со храна и пијалаци: Услуги со вино; Соработник за уметност - светски јазици - со посебен осврт на Шпански јазик, и сертификатот Одржливи кулинарски уметности. Во 2020 година се преселува во Фелтон - Санта Круз каде храмот на Свети Лаврентиј му станува нов дом. *Тоа што живеам само на еден блок од црквата и сета планинска природа овде, премногу ме потсетува на дома* - низ емоции раскажува тој. Денес е целосно вклучен во животот на црковната заедница при овој храм. Таму предава и катихизис за возрасни. Во многу наврати, за време на предавањата, на сеуште некрстените им говори: *Јас сум овде за да ви го изложам учењето и догмите на православната вера, но истовремено и вие ме учите*

мене со вашата љубов кон Бога. Често го посетува затворот во Санта Круз вршејќи пастирска служба помеѓу затворениците.

На 19 септември 2021 година, Стојанче се ожени за Тереза Иванова. Свештениот чин на Светата тајна Венчание беше во Фелтон пред мироточивата икона на Богородица Омекнување на злите срца - Седумстрелна, која што допатува од Русија за таа цел.

Соединувајќи ги своето источноевропско и православно знаење и култура со западно - американските вредности, продолжува и понатаму да се труди да живее како православен христијанин, служејќи Му на Бога. Напоен со духот на благодатта, во ритмиката на православниот живот, низ своите лични одисеи, боготрагателни, топли и исполнети со продлабочени и нескротливи стремежи, низ период од десет години, Андов ја пишува оваа неговата животна книга каде што го опишува својот пат, чија крајна цел е средбата со Троичнот Бог.

Во моментов, Андов е на една година постдипломски студии по Теологија на православниот факултет „Светиот Крст" во Бостон. Истовремено е примен на уште едни постдипломски студии во областа на клиничката Психологија. Со Божја помош тежнее да биде еден од малкуминатa православни брачни советници опфакајќи ја науката, традицијата на православието и модерниот свет. Секогаш имајќи ги словата на неговиот парохиски свештеник: *Создај семејство какво што немаше*.

Денес Стојанче живее во љубов со својата сопруга Тереза и нивниот новороден син Јован, трудејќи се во подвигот и благодарејќи Му на Бога.



СОДРЖИНА:

Преговор на Архиепископот Охридски и Македонски г.г. Стефан 8
Предговор на Митрополитот Повардарски г. Агатангел 10
Предговор на авторот 12

I ДЕЛ - ЖИТЕЈСКОЕ МОРЕ 17

Од устата на младенците си примил пофалба, Господи! 19
Деца на Бога – домски деца 28
Мама Велика 33
Отец Тадеј 38
Педесетница 42
Исповед 48
Од океанскиот Кармел во планинскиот Фелтон 50
Преображение во Господа 57
Дедо Стефан 66
Нема виза за САД 69
Јас сум најсреќниот човек на светот! 72
Неговата волја и мојата волја 78
Отец Георгиј – грижливиот татко 82
Нов брат во Калифорнија 84

II ДЕЛ - ПРЕСВЕТАТА МАЈКА НАША БОГОРОДИЦА 91

Света Гора 93
Средба со монахот 97
Седумте чудотворни икони на Пресвета Богородица
во Ватопед, Света Гора 99
Мајката над мајките 103

Похвала на Пресвета Богородица 104
Иверско-Хавајската мироточива икона на Пресвета Богородица . 107
Последна модификација на податоците за
мироточивата Икона – мај, 2015 113
Таа прва средба 115
На гости кај Иверско-Хавајската света икона
во Ханолулу, Хаваи – март, 2016 118
Жеден сум 120
Кај Тебе одам, Пречиста! 122
Од идеја до реалност 129
Образите на двете икони 133

III ДЕЛ - СВЕТИ ЈОВАН ШАНГАЈСКИ И САН-ФРАНЦИСКИ 137

Молитва кон светиот Јован – новиот чудотворец 139
Богојавление – Просвештение 141
Гостин на негова сметка 144
Бог ми е сведок, слушнав звук на кадење 149
Владико, благослови! 152
Отвори го кога ќе стигнеш дома 158
Ти благодарам 160
Нетлените мошти 162
Качете се на планината, донесете дрва и
градете го храмот на Бога 167
Хиротонијата на архиепископ Јован 169
Сега кажи ми што имаш да ми кажеш, а не во олтар! 171
Свети Јован и Гуља 172
Ѓаволот ќе биде победен и овде ќе има храм Божји! 176
Чувствувам дека владиката Јован ме стави да бидам
диригент во овој храм 185
Многу сум му благодарна на владиката 191
Нашиот Мојсеј – владиката Јован 197
Владиката беше наш татко 200
За друг татко јас не знам 204
Во него беше Божјата благодат 209
Никој никогаш не умрел одејќи во црква 215
Исцелување на болно дете 224

IV ДЕЛ - ОБРАЗОТ НА МОЈАТА ДУША 227

Туѓинец или вљубеник во манастир 228
Отец Перо од Блатец 230
Ти само биди добро дете! 233
Молете се за него и љубете го! 241
Царски манастир 245
Кога би знаел колку Ти ме љубиш... 250
Трулежот на „Големото Јаболко“ 252
Со љубов за дедо ми! 254
'Ртење 258
Недела и воскресение 260
Разделба од далечина 265
Крај со промена 269
Црноризецот од кој научив „не“ 271
Бура од настани 275
Камен срце 280
Борба и благослов 283
Заробеност во слободата 285
Зрак 287
Јас сум Твој, и сè мое е Твое! 289
Под будното Око! 290

V ДЕЛ - ЛИЧНИ ЗАПИСИ И ДНЕВНИК НА СЛУЧУВАЊА 293

Поради еден часовник 294
Благодатта на тивката ноќ! 296
Жител под овој свод 297
Изгрејсонцето навистина наликува така 298
И, што понатаму? 299
Уви мне, рају мој 301
Созерцател на страдањето Твое 303
Болка до срце 304
Четвртина век! 307
Жива рана 308
Безболна шлаканица 310
Нови тегоби 312
Радост на треперливо изгревање! 316

Разговорот со Адаму 319
Ја доживеа Пасха 322
На врвот 325
„Слобода“ во многу светови 327
Овој ден е христијански ден! 333
Немири во младоста 336
Го слушам бранувањето 339
Болка и исцеление! 340
Болка за океанот 342
Господи 343
Нема љубов без Твојата љубов 344
Откровение 345
Чудесник 346
Неговата тишина 351
Љубовта со која ме возљуби 353
Наивен за што? 355
Каде е Црквата? 357
Етос 359
Спаси ме, Господи, зашто сум Твој 364
Графити и така натаму 370
Расофорен монах Виктор Насов 374
Луѓето ја бараа светоста, а не гревот 376
Маркантен светител 377
40 години 378
Монахот Героти 379
Монахот не се спасува според настроението 380
На кој начин? 381
Таа љубов ги однесе онаму, во пустината 382
Те молам, дај ми го името Ана! 384
Часови 385
Извалкана убавина 388
Приказна со вината 389
Љубовта која боли 390

Рецензија - Михаил Ренџов 393
Размислување за трудот на Стојанче Андов 394
Славољубци на словото 396
Биографија на авторот 400

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски", Скопје

271.2:929Андов, С.
821.163.3-94

АНДОВ, Стојанче
Ти си ми се / Стојанче Андов.
- Велес : Повардарска епархија - „Св. Ѓорѓи Полошки", 2022.
- [408] стр. : илустр. ; 21 см

ISBN 978-608-4739-56-2

а) Андов, Стојанче, 1991- -- Православие

COBISS.MK-ID 57656325



Стојанче Андов е роден на 04.03.1991 год. во Кочани, Р. Македонија. По промисла Божја на 12 години, се преселува во Скопје како штитеник на детскиот дом „11-ти Октомври". Основното образование го завршува во Скопје. Во 2010 год. со благослов на Неговото Блаженство Архиепископот Стефан заминува на студии во САД на Теолошкиот факултет при манастирот Света Троица во Џорданвил - Њујорк. Во 2013 год. е ракопроизведен за ипоѓакон во манастирот свети Јоаким Осоговски, од десницата на Неговото Блаженство.

Исполнувајќи ги зборовите на неговото срце: *Ако живеам во САД, сакам тоа да биде во Калифорнија за да бидам поблиску до Свети Јован*, така и би.

Во петте години поминати во Кармел, го надоградува своето образование стекнувајќи и нови искуства.

На 19 септември 2021 год. Стојанче се ожени за Тереза Иванова со која денес го имаат синот Јован.

Во моментов, Андов е на една година постдипломски студии по Теологија на православниот факултет „Светиот Крст" во Бостон.

МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА
ПОВАРДАРСКА ЕПАРХИЈА
ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ
„СВ. ЃОРЃИ ПОЛОШКИ"
ISBN 978-608-4739-56-2